Предговор кон македонското издание

Ми причинува големо задоволство тоа што мојот стар пријател Илија Пенушлиски ја најде издавачката куќа Аз-Буки којашто ја објавува мојата книга "Македонскиот јазол" ("Der mazedonische Knoten") на македонски јазик. Со тоа се остварува мојата надеж оваа книга за историјата на Македонија да им стане достапна на граѓаните на оваа држава на нивниот сопствен јазик.

Во споредба со германското, кај македонското издание се работи за една дополнета верзија. Доколку германската верзија во иднина еден ден би се појавила во второ издание, тогаш овие дополнувања ќе бидат вкучени и во германскиот текст.

Во работниот наслов се тематизира проблемот на идентитетот на Македонците. Македонскиот читател, сосема логично. својот идентитет го посматра како нешто саморазбирливо; меѓутоа, тој би требало да земе во предвид, дека соседните држави до денешен ден се обидуваат со проблематични аргументи да ги втемелат нивните претензии за македонскиот јазик, името и територијата, кои на Македонците не им дозволуваат никаков сопствен идентитет. Почнувајќи од Берлинскиот конгрес во 1878 год., но посебно по Балкапските војни од 1912/13 год., тие ги повторуваат своите фалсификувани барања, притоа надевајќи се на тоа дека тие еден ден би созреале во неотповикливи вистини._

Следствено, семејството на народите беше погрешно информирано за идентитетот на Македонците, а сега тоа ќе може да си направи една објективна слика за историјата на македонците.

Како што станува јасно од вториот поднаслов на книгата, истражувањето се темели врз (необјавените) акти на Политичкиот архив на германското министерство за надворешни работи. Во случај македонските историчари, студенти или други личности заинтересирани за македонската историја се почувствуваат поттикнати да преземат сопствени истражувања во архивот во Берлин или во архивите во Виена, Истанбул, или во другите градови од тоа време, тогаш тоа би бил еден пријатен дополнителен ефект на оваа книга.

Ханс-Лотар Штепан

Предговор

1.

Врз база на необјавени документи од политичкиот архнв на Министерството за надворешни работи на Р. Германија за темата "Балкански сојуз". во овој труд ќе биде дока-

жано постоењето на засебен македонски народ', не на еден бугарско-македонски, не на
грчко-македонски, не на српско-македонски и не на албанско-македонски, туку на засе-
бен македонски народ. Во центарот е историјата на Македонија под турската окупација
во периодот помеѓу Берлинскиот конгрес и Првата светска војна, онака како што таа се
отслика во извештаите на претставништвата на Германскиот Рајх во тогаш инволвира-
ните земји (поглавја 1-4), - се до моментот кога до конечната разврска со Балканскиот
сојуз и Балканските војни сите конци не се поврзаа во еден јазол.

Ке бидат испитани прашањата за тоа, што се произлегува од документите околу по-
литиката на соседните држави и европските велесили коп Македонците и нивниот иден-
титет. Овие прашања повторно се актуелни откако по историскиот пресврт во 1989/90
год., кога Република Македонија стана независна држава,четирите соседни држави го
оспоруваат правото на постоење на македонскиот народ и неговата држава.

2.

Во рамките на истражувањето на мотивите и задннната иа политиката на Балкан-
ските држави и Големите сили во однос на Македонија, постепсно, може да се рече како
пропратен продукт, се појави изненадувачки големото значење на Балканскиот сојуз
како инструмент на силите на Антантата за започнување на Првата светска војна.

3.

Понатаму, во една одлучувачка фаза во германско-грчките односи. се покажа и не-
очекувано тесната поврзаност на историјата на Македонија со онаа на Германскиот
Рајх.

4.

Инспирација за насловот "Македонскиот јазол" дојде од сдна статија на вечерното
издание на австрискиот весник "Ноје Фраје Пресе" ("Neune Freie Presse") од 10 ноември

1902 год., каде што новинарот со иницијали Р.Л. ја објавил содржината на еден разговор
со претседателот на еден Македонски ослободителен комитет, Стојан Михајловски.
Михајловски бил на пат низ Европа, со цел "да го запознае континентот за состојбата во
Македонија". Михајловски цитирал еден руски генсрал, кој во врска со Македонија ја
употребил широко распространетата фраза "гордиев јазол" (која пак потекнува од похо-
дот на Александар Македонски кон Азија), при што рекол: "Тупаницата која ќе го раз-
врзе македонскиот јазол нема да ја најдете кај нас дома, туку во Европа". Овој извадок
од весникот тогаш бил приложен во регистарот како додаток на извештајот бр. 213 од
11.11.1902 год. на Царската амбасада во Виена, и се наоѓа ио политичкиот архив на Ми-
нистерството за надворешни работи под регистарски број Р 13623.2

—- МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗОЛ ——

Според авторот, овој термин, вкоренет во историјата речиси на мистичен начин, на-
вистина е прикладен за да се опише сложеноста на проблематиката на сегашна Македо-
нија, а во истовреме делува изненадувачки актуелен.
Со исто толкава, а можеби и поголема оправданост, можеше да се одбере и друг уда-
рен, а во исто време и логичен наслов, "Битка за Македонија" (бидејќи токму за тоа се
работи), многу сличен со насловот на познатата книга на Феликс Дан (Felih Dahn).

1. Актуелни и суштински прашања

1.1 Вовед

1.1.0 Република Македонија на мета на своите соседи

По основањето на Република Македонија на 8 септември 1991 год. падна в очи дека,
за разлика од Словенија и Хрватска, нејзините соседи не ја поздравија Македонија како
нов, конечно слободен и независен член во семејството на народите. Напротив, тие про-
тестираа, поставуваа барања и наметнуваа услови. Ги оспоруваа историјата, културата,

етносот, јазикот, па дури и уставното име на Македонците, значи сиот нивен идентитет.

1.1.0.1 Бугари

Бугарите тврдеа, а тоа го прават и ден-денес, дека македонската држава може и да

постои, дури и ја признаа уште во јануари 1992 год., но дека не постои македонска нација
и македонски јазик. Македонците многу повеќе биле Бугари и говореле бугарски. Би
требало да се помисли дека оваа позиција на присвојување, која Бугарија ја зазема од
Берлинскиот конгрес, а особено од почетокот на XX век со анексијата на пиринскиот дел на
Македонија, денес, со оглед на апликацијата на Бугарија за влез во ЕУ и НАТО, не би тре-
бало повеќе да има сериозно влијание врз постоењето на Македонија, бидејќи околностите
во денешно време забрануваат такви екстравагантности. Но сепак, дури и во најблиското
минато се препознаваат недвосмислените знаци на шовинизам од страна на Софија.

Најпрво, Бугарите го изненадија западниот свет со демонстрација на спремност да се
прилагодат кон Европските политички стандарди и стандардите на човековите права:

кога градскиот суд на Софија на 9.2.1999 год. ја призна "ОМО-Илинден", партијата на
Македонското малцинство во Пиринска Македонија", се потхрани надежта на Западот и
особено на Македонија, дека Бугарија е мудра да ги согледа историските и политичките
односи. Но ЕУ и Македонците подоцна открија дека наседнале на прастар трик:

ЕУ го потврди статусот на Бугарија како кандидат за пристап кон Унијата, додека
пак Македонија си дозволи да биде заведена и со заедничкото соопштение од 21 и
22.2.1999 год. се согласи на "сомнителниот компромис за инаку потполно јасното јазично
прашање", според кој "македонскиот јазик постои 'само според Уставот', а дека 'остана-
тиот македонски јазик', според бугарското сфаќање, следствено на тоа е бугарски дија-
лект".4 Со тоа Бугарија ја поништи "дотогашната пракса ... договорите да се пишуваат

или на англиски или на обата национални јазика". Овој компромис имаше толку недос-
татоци и беше толку незадоволителен, што Клаус Шрамајер (Klaus Schrameyer) го опиша
како "премачкување со туткал" на различните сфаќања. Герхард Зеван (Gerhard See-
wann) пак, покрај успехот на "договорот да не се покренуваат меѓусебни територијални
барања", и "признавањето на македонскиот како службен јазик во договорот од февруа-
ри 1999 год.", го гледа како позитива.5 .

Една година подоцна, следеше брзо отрезнување на партнерите на Бугарија. На 29.2.2000 год. уставниот суд на Бугарија го прогласи признавањето на партајата на ма-
кедонското малцинство во Бугарија за противуставно!" Што се однесува до ЕУ, Шрама-

јер претпоставува дека оваа одлука најверојатно нема да биде признаена од Европскиот
суд за човекови права; имајќи предвид дека Европскиот суд за човекови права одлучи да
"се поништи забраната на грчко-македонското здружение 'Виножито' во северна Грци-
ја". Интересно, дури и бугарскиот весник "Капитал" ја прогласи одлуката "за сосема бес-
мислен и апсолутно емотивен акт", донесен "од националистички побуди".

Понатаму: на почетокот на јули 2001 год., во бугарскиот печат се појави забелешка
од Кабинетот, каде стоеше дека треба конечно да се престане да се дискутира за интег-
ритетот на границите на Македонија. (Пред пресвртот во 1989/90 год., ваква изјава би се
третирала како провокација за војна).

Со оглед на фактот што, само во XX век, Бугарија учествуваше во четири војни за да
ја освои Македонија, а едната од нив, Втората балканска војна, самата ја предизвика,
мора да се има разбирање за загриженоста на Македонците од експанзионистичките
стремежи на Бугарија, кои изгледа и денес не згаснале.

Кусиот период на македонско-бугарското разбирање од февруари 1999 до февруари
2000 год., многу потсетува на југословенско-бугарската согласност по 1944 год. помеѓу
Тито и Димитров. Како што искусниот експерт за Балканот, Виктор Мајер (ViktorMe-
ier), накусо го резимираше настанот, комунистичката солидарност одеше дотаму што
обете страни:

"сериозно биле посветени на идејата за Балканска федерација, и во август 1947 год. на
Блед, ветиле дека ќе се стремат доследно и 'чекор по чекор' да ја реализираат. Како сос-
тавен дел од оваа идеја беше и обединета 'голема Македонија'."

Овде не е намерата да се поттикнува каков-годе ревизионизам. Но од клучно значе-
ае е решавачкиот факт дека

"Бугарија на Димитров... беше понесена од концептот за обединета Македонија како дел
од Балканската федерација и... дозволи соодветни активности во Пиринскиот дел на Ма-
кедонија."7

Учеството на Југославија во граѓанската војна на страната на комунистите во Грција
1946-49 год., ја отвори и можноста таа евентуално да си го врати и анектираниот дел на
Македонија од страна на Грција во 1913 год., и да и го придодаде на Република Македо-
нија формирана во 1944 год. во рамките на СФРЈ, се до моментот кога Сталин ја стопи-
раше понатамошната реализација на овој проект, веројатно поради "договорот за про-
центите" со Западот, првенствено со Черчил(churchill).

Впрочем и македонското малцинство во "Северна Грција" се приклучи во граѓанска-
та војна од страната на комунистите, со нивно ветување дека македонската покраина
Северна Грција ќе се здобие со автономија. (Ова по поразот скапо ги чинеше). Па така.
Марк Мацовер (Mark Mazower) напиша дека,

"граѓанската војна во Грција делумно беше војна помеѓу режимот во Атина и славофоно-
то малцинство на северот. Овие се надеваа дека ќе добијат еден вид автономија..." "Грчки-

те комунисти беа поразени дури по една долга граѓанска војна, која ... остави повеќе мрт- ,
ви, затворени и протерани отколку германската окупација." (исто, стр.199 и 207)

Германскиот експерт за Балканот, Магардич Хатчикјан (Magarditsch Hatschijan) во

своето сеопфатно дело ја дава најпрецизната и најисцрпната анализа на четири годиш-
ната југословенско-бугарска епизода, со детален осврт кон Македонија. Во тоа време -
кога Бугарија немаше причина да оперира со лажни бројки - на пописот одржан во ре-
ални услови во Бугарија 1946 год., како Македонци се изјасниле 2,4% од вкупното насе-
ление (169.544 лица). Само во Пиринската област, "околу 70% од населението во графа-

та за националност навеле македонска".8 По забраната од страна на Сталин, Димитров
по 1948 год. не се задоволил само со поништувањето на горе споменатата дозвола. На
следниот попис, во графата за македонското население во Бугарија се појави бројката
0,01 %, податок измислен од комунистите.

Целиот тој случај беше уште посрамен, и доколку не беше сериозен, ќе мораше да се
нарече смешен: При следниот попис, кој вообичаено се одржува секои 10 години, новата
партиска директива во комунистичката бирократија се уште не беше спроведена, па та-
ка и во 1956 год. процентот на Македонците во вкупното население изнесуваше 2,5%
(187.700 лица). Дури следниот попис ги даде посакуваните (горе наведени) резултати-
Оттогаш Софија го користи секое кризно заострување на односите за "да се направи ис-
ториска ревизија во поглед на Македонија", и тоа - покрај 1948 год. и при советската ин-
тервенција во Унгарија 1956 год., и при навлегувањето на земјите од Варшавскиот пакт
во Чехословачка 1968 год.10

1.1.0.2 Срби

Ни Србите не ги прифатија Македонците како засебен народ. Се до падот на Мило-
шевиќ на 5.10.2000 год., Србија ја нарекуваше Македонија "јужна Србија", и постојано
демнеше опасноста СР Југославија, поточно Србија, со сила да се обиде "пак да ја земе"
Република Македонија како поранешна југословенска република." И Србија си присвои
дел од Македонија во Балканските војни 1912 и 1913 год., и тоа 38% од територијата на
поранешната македонска област под турската окупација.12 По Првата светска војна Ср-
бија го приклучи ова подрачје (Вардарска Македонија) како "српска територија" на "Крал-
ството на Србите, Хрватите и Словенците", основано во Версај, што остана непроменето
по преименувањето во "Кралство Југославија" во 1929 год. По Втората светска војна,
Тито на Македонците им додели статус на засебна нација, како република во склоп на
СФРЈ. Ова е истата територија на која се простира денешна Република Македонија. Та-
ка Србија - од гледна точка на империјалистичките размислувања и јазик од XIX век -
остана единствениот учесник во Балканските војни, кој го изгуби својот тогашен "плен".
Поради Косово и Македонија, Милошевиќ го нарече Тито "предавник на српскиот на-
род", бидејќи, како што понатаму цитира проф. Вајтман, за српските националисти Ма-
кедонија е "еден 'перфиден титоистички пронајдок', една вештачка државна и нацио-
нална творба..."13 ....

Но враќањето во кругот на модерните држави новата Србија ќе мора да го оствари
без авантури од типот на обид за "припојување" на Македонија.

1.1.0.3 Грци

За крај, и Грците им го оспорија правото на Македонците да се нарекуваат Македон-
ци и да ја нарекуваат нивната држава Македонија. За да пред светот создадат слика дека
имаат правна основа за нивната антимакедонска политика, тие тврдеа дека Македонија
го украла културното наследство на Грција, како што е името Македонија, и се дрзнала

да употреби еден стар грчки симбол, Ѕвездаша од Вергина, на своето знаме. Само Грција има право да го користи името Македонија и античкиот македонски симбол, бидејќи античките Македонци биле Грци. Се чини дека само со овој - лажен - аргумент, Грција успеа да ги убеди членките на ЕУ и на ОН да го прифатат анахроното и деструктивното име"Бивша Југословенска Република Македонија".

"Отпорот на грчкиот режим и на грчката јавност да го употребува името 'Македонија' за новата држава... во основа е поради јазичен национализам".14

——МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗОЛ——

Кристијан Фос (Christian Voss) ја започнува својата статија за "Славофона Грција - забелешки за крајот на една табу тема" со реченицата:

"Нашата претстава за грчката политичка култура е комплетирана со бранот на хистерични национализам од 1991-1995 год. по објавувањето на независноста на Република Македонија".15

Една од најспектакуларните реакции на режимот во Грција беше т.н. "бојкот на макарони" против Холандија, со тоа што Грците одбиваа да купуваат тестенини од холандско производство. Но, не се сведе се на смешни мерки: грчкиот синод беше само еден чекор пред прекинување на врските со Ватикан.

Веќе во 1984 год., неколку години по смртта на Тито (претходно Атина не се осмели да влезе во конфликт со овој државник со меѓународно реноме), Грчкиот парламент усвои Закон со кој, врз основа на едно многу провидно и излитено образложение, повеќе не се признаваат дипломите од Универзитетот во Скопје, се со цел да им се затвори патот на стотиците "грчки" студенти од Северна Грција кои во Скопје можеа да студираат на својот мајчин македонски јазик, или барем да ги пренасочи - кога веќе сакаат да сту-

дираат во странство, и тоа во комунистичкиот сосед Југославија - кон Србија или Хрват-
ска.16 Ова шиканирање е еден веродостоен показател за иостоењето на - се уште непри-
натото - македонско малцинство во северна Грција.

Откако Тито, по граѓанската војна во Грција, го одобри враќањето на бегалците и
протераните лица од "Северна Грција" во Македонија, кои, одделени од своите деца, беа
раселени низ комунистичките држави се до Казахстан, Грција оваа одлука ја нарече "неп-
ријателски акт".17
Според Вајтман (Michael Weithmann) Грците го тврдат следново:

"узурпацијата на елинистичкото име, а со тоа елинистичката традиција од страна на Сло-
вените од Македонија е знак за нивните аспирации кон обединета Македонија"18

Грците сакаат ова тврдење да го употребат како изговор за да им нанесат неправда
на Македонците; но тоа не е точно. Македонците не ни сонуваат да ги узурпираат "ели-
нистичкото име" и "елинистичката традиција". Она што го бараат е правото да го носат
името на географскиот регион, во кој непрекинато опстојуваат од времето кога го насе-
лиле во големата преселба на народите во VI и VII век.

Впрочем, бесцелно е да се влезе во дискусија за историјата пред раѓањето на Исус
Христос при актуелни политички аспирации, бидејќи ретко кој се осмелува да се навра-
ти сто години наназад на споровите за границите во централна Европа. Не без причина,

Виктор Мајер напишал:

"Сите земји учеснички се потпираа врз историски митови. од кои често се креваше косата
на главата и кои всушност ги игнорираа реалните состојби." Откако цитираше познат
текст од Демостен, тој им се обрати на Грците со советот: "Грците би си сториле услуга
доколку нивните барања во врска со македонското име не би ги потпирале толку многу
врз антиката".19

Доколку аспирациите на Грција кон Македонија се сфатат како елемент на човеко-
вите права, тогаш Италија би имала добри шанси, покрај Аугсбург, Трир и Бон, да бара
да и се вратат и цела Шпанија, Галија и Англија се до sидот на Адријан, како и многу
други држави...

За да ги нагласат своите фабрикувани аспирации, Грција во сите меѓународни поли-
тички институции каде што имаше моќ по дипломатски пат ги опструираше Македон-
ците, и притоа на земјата и нанесе и големи стопански штети.

Доволно е да се присетиме на едностраната економска блокада во 1993 год., која бе-
ше подигната дури две и пол години подоцна со интервенција на САД (а не на ЕУ). (ЕУ
дури и поништи еден меѓународен судски процес, во кој на Грција по ова прашање и се
заканувaше пораз! Дали овој случај имаше некаква врска со фер третман и правда? "Де-
лење правда..." Да, една меѓународна организација од тој ранг и со таков авторитет како
ЕУ требаше да ја подели правдата...) Или да се присетнме на намерното пресушување
на пазарот за нафтени деривати во Македонија во критичното лето 2001 год.

И тоа не е се: на 29.8.2001 год. грчката новинска агенција објави закануваčка изјава
на министерот за одбрана Цохазопулос, дадена за време на парламентарната седница за
надворешна политика и безбедност, и тоа со следнава речсница, која се однесуваше на
Македонија, а е неверојатна за членка на ЕУ и НАТО во XXI век:

"Greeces national goal is the respect of international borders and the status quo in the Balkan
region,but the country will not be apathetic in case of revisionary policies aimed
at changing the existing borders."

Овој став на Грција кон Македонија сепак не е ништо ново: уште во 1992 год. во ме-
ѓународниот печат се појавија шпекулации за одредени тајни планови на тогашниот
премиер Мицотакис и српскиот претседател Милошевиќ околу поделбата на Македо-

нија меѓу двете држави.2" Во една друга прилика грчкиот печат објави една студија од
САД, според која, во случај на прелевање на српско-албанскиот конфликт од Косово во
Македонија, Грција била подготвена на воена окупација на 30 км. широк појас на маке-
донска територија долж меѓусебната граница - наводно со цел да се одбрани од очекува-
ниот бран албански бегалци.

Зарем ова не е знак на империјализам на крајот на XX век во Европа! (Сепак, откако
се случи очекуваното прелевање на кризата, одредена велесила наводно ја спречила
таквата глупост).

Рајнер Херман (Rainer Hermann) уште во летото 2002 год. напиша:

"Во деведесеттите години Грција беше единствената членка на НАТО и ЕУ која го под-
држуваше режимот на Милошевиќ." "За разлика од германските и американските прет-
пријатија, грчките фирми не се придржуваа кон ембаргото (санкција на ОН) кон тогаш-
ната Југославија."

Но и:

"Некритичната солидарност на Грција со режимот на Милошевиќ, која беше особено не-
гувана од премиерот Папандреу, во времето на неговиот наследник, Симитис, 'омекна' и
премина во конструктивна политика".21

Изгледа дека Грција се плаши дека постоењето на Република Македонија "би може-
ла да ја стимулира националната свест на македонското малцинство во Северна Грци-
ја22. При што би можело да се случи Македонија да побара права за македонското мал-
цинство во северна Грција, па дури и враќање на територииите кои Грција во Балкански-
те војни пред 90 години ги анектираше, и тоа околу 51 % од тогашната македонска тери-
торија.2"

Проф. Хепкен (Hopken) за ова напиша:

"Атина најмногу се налути поради тоа што во уставот на Македонија, Скопје се обврза да

се грижи за Македонците надвор од земјата. во што Атина веруваше дека можела да от-
крие можности за територијални аспирации."24

Бидејќи, како што објаснува Мари-Жан Калич (Marie-Jean-Calic), во член 49 на маке-
донскиот Устав од 17.11.199.1 год., беше "постулирана заштитата на малцинските права и

културниот развој на Македонците надвор од земјата."25 Госпоѓа Калич не пропушти да
укаже на тоа:

"дека и грчкиот Устав во член. 108 предвидува грижа на Атина за грчката дијаспора." (исто)

Но секако, тоа е нешто сосема различно, бидејќи Грција како лулка на европската
култура може да си дозволи да поставува двојни стандарди.

"Дури и со устав пропишаното откажување на Скопје од било какви територијални
претензии не можеше да го растера тој сомнеж."26. Промената на уставот, во јануари
1992 год., беше по препорака на Бадинтеровата (Badinter) комисија од Брисел, чиј член
беше и поранешниот претседател на СР Германија, Роман Херцог (Roman Herzog), во не-
говата тогашна функција на претседател на Сојузниот уставен суд, и која оцени дека од
сите земји-наследнички на Југославија. единствено уставите на Словенија и Македонија
ги исполнуваат западноевропските барања.

Наводното чувство на загрозеност на Грција од малечката Македонија и служи како
изговор за да ја оправда и продолжи својата агресивна политика кон Македонија.

Ова е еден од знаците дека на НАТО-членката Грција не и е цел да се заштити од на-
пад на "велесилата" Македонија, туку попречувањето, па и дефинитивното оневозможу-
вање на нормализација на односите на Република Македоипја со останатите членки од
фамилијата народи на ОН, а особено со ЕУ и НАТО.

Во едно кусо обраќање по повод Велигденскиот прием на дипломатскиот кор во Скопје 1994 год., Архиепископот Охридски и Македонски, г. г. Михаил, грчкиот изговорј
на "загрозеност" го поврза со морална категорија и рече дека Грција - во поглед на Македонија - над се има нечиста совест. Но тешко е за верување дека бескрупулозниот, моќен јужен сосед, би се занимавал со толку високи морални и етички начела во услови на|
меѓународни односи диктирани од големи интереси.

Со анексијата на македонската област во 1912/13 год., во Грција неминовно се појави
македонско малцинство. Меѓународна интервенција во полза на ова малцинство недостасуваше веќе долго време и таа е итно потребна, особено што Грција според својата
државна доктрина не признава ниту едно од нејзините малцинства. Меѓу другото, и
Кристијан Фос укажува на тоа, '
"дека словенското малцинство, именувано како македонско. во ЕУ членката Грција не е
признато, и веќе со децении му се погазуваат централните човекови драва (на пр. Слободната употреба на мајчиниот јазик)."27

На сево ова се придружува и фактот дека на некои држави. потписнички на резолуциите за малцински права, дури и кога ги потпишале документите без никакви ограничувања, официјалните институции им прогледуваат низ прсти. Така Герхард Зеван пишува дека, според Хелсиншкиот документ од 4-от самит на ОБСЕ во јули 1992 год., високиот комесар за национални малцинства, поранешниот холандски министер за. надворешни работи Макс ван дер Штул (Max van der Stoel),

"досега не се погрижил за неподносливата правна и политичка положба на турското, помакиското, македонското, албанското, влашкото, како и на останатите малцинства во
Грција", иако неговиот мандат тоа му го дозволуваше,28.

па и го бараше од него.

Кога ова ќе се спореди со фактот дека Република Македонија, принудена од Европејците под водство на САД, во 2001 год. не само што на албанското малцинство во Ма-

кедонија му ги зголеми правата загарантирани со уставот - што е во ред, бидејќи со тоа
се исправија одредени пропусти во уставот од 1991 год., туку и мораа да ги амнестираат

албанските терористи од УЧК - што во никој случај не е во ред, - на целиот свет му ста-
нува јасно дека тука повторно се работи за двојни стандарди. Овие двојни стандарди на
крај беа посочени од Зеван:

"Без исклучок, сите влади во југоисточна Европа на малцинските права се уште гледаат
како на знак на државно милосрдие, а никако како на загарантирано право. Со тоа тие се
на ист став со мнозинството режими во другите делови на Европа." Да посочиме два него-
ви примера: "Од овој аспект Бугарија и Романија, токму според новите устави (обата од
1991 год.) се нагласено национални држави, во кои малцинствата само се толерираат. Ро-
манија се изјаснува како 'единствена и неделива нацнонална држава', чија основа е
"единството на романскиот народ' и во која 'националната сувереност му припаѓа на ро-
манскиот народ'. Слична формулација одбра и Бугарија".29

Дали и од овие држави ќе бидат принудени да ги сменат своите устави пред влез во ЕУ?
Грција не го негирала постојано и истрајно постоењето на македонското малцинство
во северна Грција. Кога Грците ќе сакаа пред меѓународните организации даја претста-

ват својата земја во добро светло, знаеја многу вешто да се прилагодат кон нивните оче-

кувања:

Поради договорот на Атина потпишан со Друштвото на народите во Севре по Пр-
вата светска војна во 1920 год., грчкото раководство во 1925 год. ја исполни својата об-

врска да издаде буквар за македонските деца во делот на јужна Македонија кој Грција го
анектираше 1912/1913 год., и тоа познатиот АБеЦеДар, базиран на леринско-битолски-
от дијалект (En Athinaiz,Typoiz P.D.Sakellarioy,1925). На Друштвото на народите му беше
сосема јасна заднината на акцијата за букварот, односно потребата на децата на маке-
донското малцинство во регионот запоседнат од Грција. Неговиот тогашен генерален
секретар, Сер Ј. Ерик Драмонд (Sir J.Eric Drummond) го прифати букварот во приложе-
ната форма. (За да се разбере и одобри ова прифаќање, доволно е да се прелиста факси-
милот од 1985 год., Македонска Ревија, Скопје, кој му беше доставен на авторот). За
време на дискусијата во рамките на Друштвото на народите, дојде до историскиот нас-
тан што звучи како лош виц, чија поента доаѓа задоцнето: грчкиот претставник во
Друштвото на народите, Василис Дендрамис, на обвинувањето од страна на бугарскиот
претставник дека АБеЦеДарот за нив е неразбирлив, се бранеше со аргументот дека
македонскиот јазик не е ниту бугарски ниту српски, туку е засебен јазик!

Македонците не можеа да си посакаат поделотворен застапник за докажување на за-
себноста на нивниот јазик од самата Грција.

Тогашната случка на Бугарија не и одеше баш многу во прилог. Како може Бугари-
те да тврдат пред светот дека Македонците говорат бугарски кога Бугарите не можат
да го разберат дури ни основниот македонски школски буквар!

Но, македонските ученици во северна Грција не го ни видоа букварот. По седницата
во Друштвото на народите, отпечатените примероци беа уништени. Понатаму, употре-
бата на мајчиниот македонски јазик беше забранета, а за престап следеа строги казни,
од парични до претепување; дури и децата во училиштата беа тепани кога мегу себе ќе
зборуваа македонски. Во црквите, од страна на владиците, употребата на македонскиот
јазик беше прогласена за "најголем грев". Беше забрането и држење на литургии (!) во
православните цркви на старословенски црковен јазик: словенските натписи на маке-

донските икони и надгробни споменици беа уништувани, а на фреските беа пребојувани.
Словенските презимиња мораа да се променат во грчки. На селските веселби присус-
твуваа трупи, кои се грижеа за спроведување на грчкиот национален ред, за да спречат
изведба на македонски песни, а особено македонски ора и танци (и тоа не само во пери-
одот на владеењето на озлогласениот премиер Метаксас од 1936 год.)

Но никој во Друштвото на народите не се загрижи за тоа...

Вакви конфликтни ситуации имало постојано во текот на историјата. Порано тие би-
ле насилно решавани. Денес на располагање има подобри методи. Ако Грците имаат
поплаки, тогаш за совет треба да се обратат до меѓународнпте комитети, наместо со по-
мош на дипломатски трикови, искористувајќи ги велесилите или влијателните меѓуна-
родни организации, да си обезбедуваат предности кои послабиот сосед го доведуваат во
безизлезна ситуација. Тенденцијата на Грците да спречат секаква дискусија околу овие
прашања, не води кон ништо друго, туку кон сомневање дека можеби сепак нешто не е
онака како што изгледа според грчките тврдења. Или, да го цитираме поранешниот
премиер на СР Германија, Хелмут Шмит (Helmut Schmitd) "Оној што злонамерно ја при-
фаќа критиката, сака нешто да сокрие".30

1.1.0.4 Трите соседни држави

Како што потсетува проф. Вајтман, трите соседни држави на Македонија, по билате-
ралните разговори во пролетта 1991 год. издадоа "заеднички соопштенија" во кои стои
дека "во Македонија живеат само Срби, Бугари и Грци, па 'македонска нација не пос-
тои,"31.Nota bene: Ова не беше во 1891, туку во 1991 год.

Фактот што еден реномиран научник како Штефан Требст (Stefan Troebst) уште во

1998 год., мораше да се заангажира околу се уште актуелните аспирации на соседните
држави кон Македонија, бидејќи овие држави не сакаа да се помират со политичките
околности во демократски легитимираната Република Македонија, тера на размислува-
ње за состојбата на демократијата и човековите права во овие земји, што го натера да го
напишс следново за науката за историјата во овие земји:
"Записите за националната историја кај соседите не само што не станаа позрели со рас-
течката институционализација и професионализација, туку неретко стануваа и анахро-
ни... Само во ретки случаи се способни флексибилно да реагираат на појавата на екла-
тантните дискрепанции и меѓу митот и реалноста."32

Четири страни потоа Требст пишува:

"Иако елинистичката хистерија околу Македонија од 1992-1995 год. е во опаѓање, грчката
наука за историјата и понатаму ја игра улогата на колективен пропагатор за македонс-
твото,"

А во еден друг извештај стои следново:

"Инструментализацијата на минатото во дневно политичките цели, што е вообичаена
пракса од Грција до Словенија, која резултираше со меѓусебно испреплетување на поли-
тичката сфера и институционализираната наука за историјата ... во државно-социјалис-
тичко време создадоа хибриден тип на историчар-политичар, кој наизменично делува и
во обете области".33 .

Генерации на историчари од Бугарија, Грција и Србија уште од последната третина
на XIX век се трудат, врз база на идеолошки изградени "различни етнографски преми-
си", да ја прилагодат историјата на словенските Македонци кон своите национални ин-
тереси. "Историските сознанија ... произволно се толкуваат и како такви се вметнуваат
во политички изјави".34 Со тоа тие, навистина, се обезвреднуваат од науката, но соодвет-
ните влади изгледа се надеваат на тоа дека во светската јавност постепено ќе се појават
извесни ефекти на вообичаеност и навика во нивното прифаќање.

И за крај, уште еднаш добива збор Кристијан Фос:

"Во епохата на 'националната преродба' во XVIII и XIX век ... националните движења во
Грција, Србија и Бугарија го развиваат... дискурсот на непрекинат континуитет на нивни-

те големи династички империи од средниот век"... "со крајна цел повторно освојување ца
територијата... која... краткотрајно им припаѓала".35

1.1.0.5 Албанци

Во одбраниот период на истражување во овој труд (значи од Берлинскиот конгрес до
крајот на Првата светска војна), четвртиот сосед на Македонија, Албанија, се појавува
само на маргините. Но, во денешна Република Македонија Албанците играат поголема
улога отколку останатите три народи. Ова се темели на фактот што Албанците не жи-
веат само во соседна Албанија и во српско Косово (како и во Грција и во Црна Гора),
туку како малцннство живеат и во Македонија. Така албанскиот етнос во Македонија -
за разлика од Бугарите, Србите и Грците - е составен дел на целото општество, а не са-
мо повремен надворешен фактор.
1. '

Дури и на референдумот за независност на Македонците во 1991 год. можеше да се
забележи дека акциите на Албанците не се насочени кон заедничка, мирна иднина во
рамките на границите на Македонија. Всушност, нивните зацртани дејствувања од самн-
от почеток беа насочени во сосема друга насока:

Албанците одбија да учествуваат на пописот на население. Оттаму се доби впечаток
дека тие не би сакале да се докаже дека учеството на Албанците во вкупното население
одговара на бројката од 22,9%. Оваа бројка не и одеше во прилог на нивната намера за

уште поголема застапеност на македонската територија како и во јавните и државните
институции. За да ја достигнат бројката од 40%, колку што тие тврдеа, им требаа уште
неколку години до следниот попис. Во меѓувреме се одобри барањето за добивање на
државјанства на илегално преминатите Албанци од Албанија и Косово, како и на бегал-
ците кои пребегаа од Косово по првите нереди во 1981 год., а особено по војната од 1993
год., и за кои албанските лидери се погрижија да останат. Со помош на нивниот висок
наталитет, за еден одреден временски период сигурно ќе се доближат до посакуваната
бројка од 40%. Тогаш ќе прифатат да учествуваат на попис.

Дали е за чудење што Македонците овој развој на настаните го гледаат како закана
и сакаат да имаат повеќе деца, само за да не бидат потиснати од едно растечко малцинс-
тво во својата сопствена држава?

Ова стравување може да се трасира наназад, на пр. фактот што во македонскиот ус-
тав од 1991 год. од претпазливост е преземен пасусот од југословенскиот устав од 1974
год., 'национална држава на македонскиот народ', наместо да се одбере една формула-
ција од типот на 'држава на македонскиот народ и албанското и турското малцинство'.36
Кристијан Фос ја посочува историската поврзаност:

"Со овој пасус... Македонија тргна по погрешниот пат на другите балкански држави, кои
во X1X-XX век, а особено по Балканските војни во 1912/13 год.... се декларираа како мо-

ноетнички национални држави."37

Наспроти ова, Герхард Зеван истакнува дека во македонската преамбула конечно
"на посебно наброените Албанци, Турци, Власи (Аромани) и Роми, заедно со 'другите на-
ционалности', им се гарантира рамноправен статус, со што овие групи се и уставно-прав-
но признати".38

Значи, во однос на овој клучен аспект, западните сили беа дозволиле да бидат заведе-
ни од Албанците.

Иако ги бојкотираа претседателските избори, етничките Албанци во Македонија зе-
маа учество на парламентарните избори. На зачудувачки начин бројот на пратеници из-

брани од албанското население во Македонија не ја достигна ни официјалната стати-
тичка бројка од пописот за учество во вкупното население од 22,9% (а да не зборувамЈД
за наводните 40%)! По првите слободни избори во Македонија во 1990 год. 23 од 130
пратеници во парламентот беа Албанци, т.е. 19,2%. Во 1994 год. беа 19 пратеници, значи
15,8°/о, и во 1998 год. беа 21(+1)=22, тоа се 18,3% од вкупниот број пратеници. Далеку о,
бројката од 22,9%.

Овие бројки се неспоредливи со (наводната) бројка од 40% учество на Албанците во
вкупкото население во Македонија - посебно заради тоа што треба да се појде од прет-
поставката, дека бездруго ниту еден единствен Албанец, во најдобриот случај некој
многу маргинален, да не речеме инфинитезимален број од Албанците, би се осмелил да
гласа за неалбанска партија. Сомнителната бројка од 40% Албанци во Република Маке-
донија не е ништо друго, освен податок со измамничка политичка цел.

Проф. Ошлис (Oschilies) покрај останатите иритации од обете страни, ја наведува и
провокацијата на Албанците кои, по нивниот илегален интерен референдум на 11. и 12.
јануари 1992 год. во западна Македонија, "едностранo прогласија албанска 'Република
Илирида'".39 Според сознанијата на авторот, ниедна од инаку будните меѓународни орга-
низации и ангажираните западни посредници не ги повика етничките Албанци во Маке-
донија да го тргнат овој камен на сопнување од патот кон меѓуетничкото разбирање.

Срцето на проблемот лежи во тоа што никој не може да ги убеди, а уште помалку да -

им гарантира на Македонците, дека Албанците не би прогласиле своја сопствена репуб-
лика во рамките на Република Македонија, или дека би се откажале од своите сецесио-
нистички планови, доколку македонскиот Устав уште во 1991 год. содржеше помодерен
текст.

Познавачите на материјата го тврдат токму спротивното: доколку Албанците би се
здобиле прво со статус на официјално малцинство (или дури конститутивен народ) во
македонската држава, тие веднаш би го злоупотребиле овој статус и би го гледале како
прв чекор кон поделба и конечно обединување со Косово (па и со Албанија). Зеван пот-
сетува дека Албанците во Македонија (како подготовка за тоа) бараа формирање на
"федерализација по белгиски пример"40.Како ерно "белгиско решение" во Европа да не е,
доволно! Имајќи ги на ум трагичните последици на етничката поларизација од независ-
носта на Белгија во 1830 год., вакво решение за пример може да понуди само некој што.
нема добри намери.

Така и Албанците се вброија во редовите на фалангата на останатите три соседни
држави со истата желба: да се уништи Македонија - бидејќи отцепувањето на западна
Македонија е еднакво на уништување на македонската држава.

Значи, пред да и се пресуди на сегашна Македонија, треба да се имаат в предвид -
покрај прашањето зошто никому во ЕУ и НАТО не му е грижа за малцинствата во, на
пример, членката Грција (или во другите соседни земји), - следниве настани во текот на
историјата:

Шансата за ослободување на македонскиот народ од турскиот јарем во последната
третина на XIX и почетокот на XX век беше уништена со воена интервенција од трите
соседи: Бугарија, Грција и Србија. Македонците го избегнаа ова вклештување, речиси
смртоносно по нивниот идентитетот, само благодарение на нивното признавање како
нација и (дозираната) независност во рамките на југословенската федерација во 1944 го-

дина. По историската констелација од 1989/1990 год., во 1991 год. конечно се здобија со
полн државен суверенитет, иако само на дел од својата територија, со значајно задоц-
нување, имено:

—-Ханс Лотар Штепан — -

114 години подоцна од Грција
66 години подоцна од Србија, Романија и Црна Гора
36 години подоцна од Бугарија и
(31 година подоцна од Албанија)..

Горе споменатиот пропуст во уставот не се припишува само на олеснувањето и ра-
доста за целта, која иако со задоцнување, сепак среќно бсше постигната, туку пред се на
исклучително лошите искуства со соседите во минатото и оттаму развиената недоверба
во сегашноста. (Оправдана недоверба - ова ќе се потврди со понатамошното читање на

делото.)

Од односот на етничките Албанци, Македонците мораа да заклучат дека тие, чекор
по чекор, се обидуваат да ја спроведат веќе добро познатата шема, и тоа: најпрво да до-
бијат статус на конститутивен народ, потоа врз база на тоа да спроведат еден вид авто-
номија, и на крај да се оствари сецесијата, како и другата цел, обединувањето со Косово.
На почеток...

Фос сосема исправно тука забележува:

Од историска перспектива "денешните сценарија за поделба ... со отцепување на региони-
те населени со Албанци ... на македонското нассленпе му нзгледаат како присилно повто-
рување ... на поделбата на Македонија по Балканските војни од 1912/13 год., одобрена од
Западна Европа".41

Тој споменува и една хипотека, чиј товар мораат го носат обата народа:

Фатално за македонско-албанскиот конфликт е што обата народа се сметаат себеси за

"жртви на развојот во целиот XX век: Поради задоцнетиот, одбранбен национализам ... во
времето на формирањето на државите ... голем.дел од етничките групи останууваат над-
вор од границите на новата држава."41

И многупати споменуваното, исто така несфатливо инсистирање на албанскиот ет-
нос во Македонија, да им се дозволи да веат едно туѓо знаме, знамето на Албанија, како
знаме на нивното малцинство (и тоа по можност без македонското државно знаме), не
само за македонската титуларна нација, туку и за целиот свет, означува пат во еден со-
сема јасен, но истовремено неприфатлив правец: кон Голема Албанија!

За време на една средба на евро-парламентарците со македонските и албанските
пратеници во парламентот на Република Македонија, во домот на авторот, еден дански
делегат се обиде да му објасни на својот албански колега дека еден вака апсурден пред-
лог во неговата родна земја Данска би бил веднаш отфрлен. Но кај неговиот албански
соговорник наиде на потполна неможност за согледување на работите и меѓусебно раз-
бирање.

Овој систем има свои методи.
2.

Никој не може искрено да тврди дека, во последните 50 години во Македонија, Ал-
банците во било кој момент биле жртви на страдања. за разлика од Србија - па и во са-
мата Албанија. Тоа не ги спречи екстремистите во Македонија да стапат во акција.

Од почетокот на 2001 год. радикалите меѓу Албанците се напрегаа "со сета сила", во
вистинската смисла на зборот, да создадат втора држава за своите сонародници во рам-
ките на Македонија. Непогодени од немањето никакво правно оправдување, го презе-
доа првиот чекор, да ја исчистат Западна Македонија од Словени: со подлости, терор и
со пари, многу пари.

Колку и да бил суштински недостатокот на македонскиот устав за албанското мал-

цинство во Македонија, не бил непоправлив. Тој во никој случај не го оправдува дејству-

вањето на етно-албанските, вклучително и странските терористи, односно од Албанија
и Косово, по што меѓународните сили мораа да интервенираат во спасувањето на маке-
донската држава, т.е. избегнување на експлозија на бурето барут, опасно за целиот Бал-
кан - а со тоа и за Европа - и со тоа да спречат граѓанска војна. Бруталниот начин на
дејствување на УЧК ги премина сите граници, по што се роди сомнежот дека ова не е
само опомена за неспроведената реформа на уставот, туку дека послужи и како изговор
за експресно да се забрза албанската експанзија во рамките на Македонија, на сметка на
македонската титуларна нација.

Поличката програма на Албанците не остава место за сомнеж за целта на нивните
терористички акции. Проф. Требст, на 19.06.2001 год. во "Франкфуртер алгемајне цај-
тунг" (Frankfurten Allgemeine Zeitung), цитираше една реченица на водачот на УЧК, Салиу:

"Битола (во Македонија) е најјужниот, а Бар (Црна Гора) најсеверниот град на Големо
Косово."

Во истовреме Јакуп Красниќи, портпаролот на партијата рга Мендух Тачи ("Змија-
та"), во соопштението на Друштвото Југоисточна Европа изјави:

"Ние сакаме повеќе од независност. Наша цел е обединувањето на сите Албанци на Бал-

канот."

Па така, на пратеникот во германскиот Бундестаг и поранешниот државен секретар,
Вили Вимер (Willy Wimmer), му остана само да резимира:

"Албанците се стремат кон Голема Албанија."

Пропратната пропаганда верно ги демонстрира албанските методи: кога во февруа-

ри 2001 год. беа истрелани првите истрели од албанскитс терористи во Тетово, на 5 ап-
рил 2001 год. во емисијата МОНИТОР на германската телевизија, еден командант на
УЧК рече: "Ние возвративме на огнот".

(Тука недостасува само податокот за точното време, на кое постарите мегу нас се
уште точно се сеќаваат.)

Еден од елементите од албанскиот арсенал на трикови е и систематското оцрнување
на нивниот противник, Македонците. Во една прилика, кога Албанците во Македонија
излегоа на демонстрации (а зошто да не прават тоа), на 7 април 2001 год. во Франкфур-
тер Алгемајне Цајтунг се појави образложението на еден Албанец:

"Ова се демонстрации против македонскиот државен тероризам."

Очигледно дека меѓународното обвинување за тероризам на адреса на Албанците од
УЧК внесе кај нив толкав немир (бидејќи им штетеше на угледот), што веднаш се иско-
ристи како средство за едно целосно измислено контра обвннување, за да меѓународниот
фокус се сврти од гредата во своето око кон трнот во македонското око. Прастар метод.

За да на Македонците и светот им дадат претстава за големината на нивните поли-
тички и територијални аспирации, некои радикални Албанци, со досега невидена агре-
сивност, ги нарекоа Македонците "окупатори".

Окупатори? Словенските Македонци се окупатори во сопствената земја, во која жи-
веат веќе 1400 години! Зарем никој нема храброст да ги запре Албанците и да им каже
'дека тие, како натрапници во Македонија, се вистинските окупатори!?

Очигледно е дека и тие, следејќи го примерот на Грција и Бугарија, инсинурааг дека
во случајот "Македонија" се работи за прастаро албанско тло. За нивна несреќа, Грците
ова тло веќе го нарекоа грчко, а Бугарите бугарско. (А Србите претходно го сметаа за
српско).

— Ханс Лотар Штепан ——

Истото лето 2001 год., на германската телевизија излезе уредникот на албанскиот
весник во Швајцарија, со следнава навреда;

"Македонците се варвари, тие се безумен народ."

Идеален начин на одгледување на децата во духот на интеграцијата.

3.

Еден од омилените аргументи на Албанците како на Косово, така и во (Западна) Македонија, е бесрамното тврдење, кое потсетува на бугарските, грчките и спрпските
методн, дека регионот Македонија "отсекогаш" бил населен со Албанци.

Оттаму прават се етнички да ја исчистат (Западна) Македонија. Со оглед на тоа што
албанските претставници и во германските медиуми "не се воздржаа да изјават дека
главниот град на Македонија, Скопје, од "историски" причини им припаѓа ним, се јави
прилика. преку пример од литературата, да се побие оваа безобразна невистина:

Писателот Луан Старова, носител на бројни награди, во една од своите книги пишува
за настаните од своето детство, кога татко му и неговата фамилија, чии "причини за не-
надејното заминување" од албанската татковина момчето тогаш не можеше да ги разбе-
ре, со стар чамец, "како во Ноевата арка", еден добар пријател ги пренел преку езерото
за да подоцна живеат "оттргнати од своите корени ... во овој град, многупати ставен на
испит пред историјата" (се мисли на Скопје).42

"Минатото на нашата фамилија долго време беше тајна за сите во доселеничката насел-
ба. Дојденци со туѓ јазик и туѓи верувања. ... ние долго време бевме ... како непристапен
остров." (Старова, исто, стр.59) "Брановите на војната на ова копно истоварија многуброј-
ни арки со спасени семејства од сите краеви на Балканот, па и пошироко. Имаше едно се-
фардиско семејство, едно ерменско семејство иа музичари. имаше ... неколку турски се-
мејства, неколку семејства од грчка Македонија, меѓу бројното македонско население во

оваа република на дојденци." (стр.83 ѓ.)

Читателот дознава и нешто за политичко-идеолошките околности:

"На сиве луѓе Партијата им вети блескава иднина ако се симнат од планините и формира-
ат една нова класа - силната, челична, полна со елан, примерна, бестрашна, непобедлива
работничка класа ..." (стр.51)

Како што човек ќе познае од овие пароли, ова не е сведоштво на очевидец од 1690 год.
(Карпошовото востание), или 1878 год. (Берлинскиот конгрес), ниту од 1903 год. (Илин-
денското востание) или 1913 год. (Балканските војин), ниту пак од Првата светска војна,
- туку се работи за литературно сублимиран опис на збиднувањата од годините на нова-
та комуннстичка Југославија по 1945 година.

Нема причина зошто авторот не би пишувал за големиот број на албански семејства
во Скопје. доколку нив ги имало. Но нив ги немало, - за разлика од тврдењата на "нова-
та класа" албански екстремисти во Македонија.

За тоа зборуваат и трезвени факти, иако тие не можат да ја надминат моќта на изра-

зот - и покрај тогаипште тешки времиња - на еден лирскн расказ:

Така на пр. Кристијан Фос пишува:

"Во 1946 год. бројот на албанското население во Македонија изнесуваше 8% (89.000)." Од
» ова можеше да се заклучи следново: "Во 1950 год. и 19Ш год., албанскиот проблем се уш-
те го немаше".43

Освен на Македонците, и на познавачите на Балканот им е познато дека следниот
бран на албански доселеници следеше по катастрофалниот земјотрес 1963 год. и пока-
ната на Тито. И по студентските немири во Косово во 1981 год. имаше доселување на

околу 150.000 Албанци од Косово, кои според тогашните законски одредби беа жители
на Југославија, но не и на Македонија.

Во најскорешното минато, кризната состојба на косовските бегалци, кои стравувајќи
од српските масакри пребегаа кон Македонија, радикалните Албанци ја искористија во
политички цели: За да ги зацементираат територијалните аспирации и да го зголемат
моралниот притисок како врз Македонија, така и врз светот, се трудеа да задржат во
Македонија што поголем број од, според УНХЦР, 350-те илјади албански бегалци од
Косово. На никој друг начин не ќе можеа да ја достигнат бројката од, како што тие
тврдеа, 40% учество на Албанците во вкупното население во Македонија, наспроти
бројката од 22,9%, како што беше утврдено на претходните пописи.

По урнек на бугарско-грчко-српскиот пример, Албанцнте создадоа основа за нивни-
те аспирации кон македонската територија, наводно базирана на историски права. Во
времето од книгата на Старова, Албанците се држеа до заеднички вредности; тогаш се
уште се придржуваа до делот за пример од албанскиот canon leka duqadini (како што и ал-
банската политичарка и новинарка Аделина Марку посочи по повод втората Герман-
ско-македонска конференција на почетокот на декември 2001 год. во Јена). Така, на ед-^
но место во книгата пишува:

"Мојот татко не беше само дојденец во оваа земја ... туку беше емигрант, човек КОЈ дојде'
во земјава преку границата. Па мораше ... да се однесува лојално, доколку сакаше негово_
то семејство да се здобие со толку посакуваното државјанство".45

Денее е сосема поинаку: денес етничките Албанци настапуваат со барања, закани,
поплаки и насилство.

Во негово време се уште би важело и надалеку познатото гостопримство. Наспроти
тоа, денес светот се соочува со мрачните страни на "канонот", според кои се што им слу-
жи на албанските интереси се дозволува, па и препорачува: погрешно наведување и под-

ведување, лаги и измами, закани, уништување на се што стои на патот, како и, ако се
оцени дека и служи на сопствената цел, убиство - па и убиство на полицајци. Но сепак,
начинот малку се разликува од порано: изгледа дека во меѓувреме научиле како пониз-
но да им се додворат на одредени сили на Западот, на пример да потплатат преку лоби
групите, со цел да избегнат непријатни реакции.

На овој начин, екстремистите меѓу Албанците се обидуваат да ги потиснат Македон-
ците во својата сопствена земја, за постепено да и се доближат на својата горе спомена
та цел.

По се изгледа дека им е сеедно што во своето слепило им нанесуваат страдања и на

своите мирољубиви сонародници.
4.

Иако Албанците мора да согледале дека ниту САД ниту ЕУ се подготвени за нив да
ги прекршуваат правата на народи, и своеволно да ги менуваат границите, што би пов-
лекло несогледливи последици во целиот свет (особено кај земјите наследнички на неко-
гашните колонијални држави), сепак прават се од Косово да направат независна држава.

Светската јавност, пак, не може да разбере зошто Албанците би требало да бидат
единствениот народ во Европа со две држави. Фос потсетува на аргументот на англиски-
от социјал-историчар Ерик Хобсбаум (Eric Hobsbawm):

Албанците и во уставот на СФРЈ од 1974 год., иако беа "бројно надмоќни од помали-
те, но конститутивни народи на Македонците, Словенците и Црногорците ... не беа
признати за конститутивен народ", бидејќи веќе имаа своја национална држава, соседот»
Албанија.40 Нејзе сеуште ја имаат.

Хобсбаум овие релации не ги разложи,но сепак ги резимираше на еден неповторли-

во кус и точен начин:

За секоја нација по една држава, но само една држава за секоја нација.

Следствено на тоа, ниту САД ниту ЕУ или некоја од членките не ги поддржаа Ал-
банците од Косово во нивниот често искажуван стремеж за независност. Дури и ова да
може да се оправда во случајот со Косово, кое го има само статусот на автономна пок-
раина на Србија (исто како и Војводина), а не на република во СР Југославија (сега СЦГ
- Србија и Црна Гора), нема никаква основа во западниот дел на Македонија, каде Ал-
банците никогаш немале друг статус освен малцинство.

Албанците сфатија дека преку своето лоби треба да се претставуваат како жртви (во
Србија/Косово тоа и беа, - но во Македонија во никој случај), и на тој начин да добијат,
т.е. во договор со западните лобисти да "купат", меѓународна поддршка против македон-
ската влада, парламентот и целиот народ.

Колку меѓународни политичари и други добронамерни носители на одлуки се закол-
наа: XX век заврши со ужасни етнички чистења - ова не смее да се повтори во XXI век!
Колку тоа добро звучи. Но во Западна Македонија. речиси веднаш по првиот удар на
звоното за означување на почетокот на XXI век (и третиот милениум), започна етнич-
кото чистење. Се уште одзвонуваат зборовите на генералниот секретар на НАТО,
Џорџ Робертсон (George Robertson), и на високиот претставник на ЕУ, Хавиер Солана
(Javier Solana): Со (УЧК) терористите нема да се преговара. (Не можеа да не го предви-
дат формирањето на т.н. АНА по распуштањето на старата УЧК, која "ќе ја продолжи
оружената борба", и која отворено се стреми кон "големоалбанските цели".47) Во меѓув-
реме радикалните Албанци во Македонија и останатиот дел на Европа, преку микрофо-
ните искрено и признаа на светската јавност: "Повеќе би сакале да живееме сами".

Ваква реченица не би се осмелил пред камерите да каже еден Германец во Германи-
ја, ниту Данец во Данска, ниту Австриец во Австрија. Такво нешто ним не им е дозволе-
но заради "политичка коректност", иако тие не се имиграити во своите земји, како што
се Албанците во Македонија. Но на Албанците им е дозволено ова да го кажат на поди-
ум, од кој се заканувааа (со меѓународна помош!) дека ќе го протераат родното населе-
ние, како да се работи за нивна земја. Улав свет! (Зарем дрскоста и доларите се довол-
но издржан аргумент во XXI век во светот да се внесе нова неправда?)

Македонските Албанци, во нивната желба за сегрегација, за активен апардхејд, не
останаа само на зборови: се палат куќи, се демолираат цркви, а христијанските Словени
се протеруваат, киднапираат, со насилство и убиства се приморуваат да ги напуштат
своите домови. Не масивно и спектакуларно, туку во поедннечни акции, а сепак систе-
матски и консеквентно - и оттаму во основа со ист исход како и српското етничко чисте-
ње во Косово.

Ова однесување не води кон заклучокот дека за неискажливите страдања кои ги претрпеа од Србите, Албанците крваво ќе се осветат на невините и за нив потполно бе-
зопасни Македонци.

5.

Да не се лажеме.

На нивниот пат, етничките Албанци во Македонија веќе направија еден насилен че-
кор: Со помош на избрзаниот, во основа не и злонамерен, но сепак непромислен прити-
сок на Западот врз македонската влада и парламентот, на албанското малцинство во
Македонија му се обезбеди право на вето во донесувањето на закони - наводно "само" за

закони кои ги тангираат малцинствата. Но, како што во летото 2002 год. неофицијално

рече амбасадорот Шрамаер: "Кој закон не го прави тоа?" И сега Албанците во Македо-
нија можат по волја да одобруваат и спречуваат закони: албанското малцинство може,
без напор, да го мајоризира македонското мнозинство.

Тоа значи, како исход на една меѓународна акција на Западот, во еден уникатен и по-
нижувачки случај, на Македонците во сопствената држава им се одзема гласот.

Понатамошниот тек на настаните лесно може да се предвиди: исто како и од Западна
Македонија, и од северниот дел на главниот град Скопје, по пат на темпирани плански
проширувања на албанските "поседи", систематски ќе се протеруваат македонските жи-
тели. И доколку Македонците се осмелат да се пожалат на етничкото чистење, прет-
ставниците на Албанците во европските главни градови и меѓународни организации ќе
почнат да се жалат: Видете само како се обидуваат да не оцрнат; тие тврдат дека не мо-
жат да се вратат во своите домови и села. Тоа е лага. Секако дека секој што сака може
слободно да се врати!

Во суштина, најхрабрите Македонци навистина можат повторно да ги изградат свои-
те запалени куќи. Но по втор пат или трет пат...

Со оглед на насилиите акти на Албанците, Европејците, а особено Американците,

би требало да имаат повеќе разбирање за недовербата на Македонците кон една растеч-
ка опасност за нивната државна, а и индивндуална егзистенција. Македонската држава
уште сега се наоѓа во рацете на етничките Албанци. Отсега треба да се грижат само за
реалните - а не само наводните - 40% албанско население.

А за тоа не им ни треба помош од Западот.

И? - Ништо не се случува.

ОН остануваат неми. Американците и Европејците молчат.

Каде се многуте, инаку активни, организации за заштита на човековите права? Каде

е Ден Хаг, каде е Карла Дел Понте (carla del ponte)? Наместо тоа, од страна на САД и
ЕУ, македонската влада беше принудена да амнестира терористи. Некои од нив се на
политички функции во Македонија. Ке останат ли мирни, како што се претставија? Не
треба да се биде видовит, па да се претпостави какви ќе бидат последиците за македон-
ското население - и за Европа - доколку не биде така. J-

Доколку Албанците ги оценуваме според нивниот вроден и демонстриран потенци-
јал на криминална енергија, а не дозволиме да бидеме заведени од нивните зборови и
поплаки, изгледите за мирен соживот со нив во Македонија се навистина мали.
, Кореспондентот на Шпигел (Spiegel) Валтер Маир (Walter Mayr) ги изнесе негови
впечатоци во изданието од 26.03.2001 со следниве зборови:

"Можеби и постојат причини за тоа уште повеќе да се подобри состојбата на Албанци
во Македонија. Но нивната клановски организирана култура на ритуализирани поплаки
маскирање, заведување... Сенките на ориенталното минато се она што го разделува ал-
банскиот народ од нивните соседи, а особено од остатокот- на Европа."

,, Кога во март 2004 год. се случија насилствата од Албанците врз Србите и Ромите I
Косово, дури и лознатиот албански писател Исмаил Кадаре, како што новинарот Беге'
Цуфај напиша во извештајот испратен за "Франкфуртер Алгемајне Цајтунг" на 18 ап-
рил, го осуди овој "расистички" испад: во неговиот есеј "Поиижување на Балканот", тој ја
објаснува "вечната позиција на жртва на Албанците, не само на Косово, туку и во Макед
донија и Албанија."

За да се расчисти барем малку психолошкиот шут, за поздравување е што "форензи-
чарите на меѓународниот суд за воени злосторства на просторите на поранешна Југос-

лавија во Ден Хаг", започнаа со ексхумација на телата на наводните етнички албански

жртви на една акција на македонската полиција во августг 2001 год.48 Но сепак, многу
иритира фактот што Албанците дозволија да се откопаат телата на албанските жртви
при полициската акција, а ја спречуваат ексхумацијата на македонските жртви убиени
од страна на УЧК.

На истата линија е и тоа што Европјаните и Американците (а пред се самите Албан-
ци) албанските убијци на македонските полицајци ги прогласија за "криминалци", а не
терористи, што и навистина се и како што наложува меѓународната пракса. Секаде во
игра е изведување на заклучоци без претходно истражување на фактите.

Решението на македонско-албанскиот копфликт. како што наведува проф. Хепкен,
"многу зависи од понатамошниот развој на настаните во Косово":

"Особено ако овие се доближат до независност ќе се почувствуваат осетни реакции во
Македонија, при што може да се очекува покренување на барањето за обединување на
регионите населени со Албанци во Западна Македопија со не зависната 'Република Косо-
во-".49

Овој потенцијал на опасност е соодветен само за тоа да ја зголеми недовербата на Ма-
кедонците кон етннчкото албанско малцинство во нивната република. Како порачан во
оваа прилика, од остатоците на поранешна Југославија од заднината се јавува гласот на ју-
гословенскиот претседател Војислав Коштуннца, кој во врска со односнте меѓу Србија и
Црна Гора во разговорот со кореспондентот на "Франфуртер алгсмајне цајтунг" рече:

"Мора да се признае дека една голема држава може повеќе да придонесе за стабилноста
на Балканот отколку повеќе помали држави. За време на неговиот престој во Македони-
ја, тој добил впечаток дека и словенските Македонци го делат ова мислење, и се убедени
дека би биле побезбедни во еден поголем сојуз на држави,без со тоа да мислат на повтор-
но создавање на Југославија"50

Од зборовите на Вим ван Мојрс (Wim van Meurs) (совет иа Југоисточна Европа 04/
2002), можс да се заклучи дека албанскиот тероризам одамна ги надминал границите
на малата Македонија, исто како и Косовските и Албанските граници. Гласините за по-
врзаност со исламскиот фундаментализам од други земји, меѓу другите и со мрежата на
Ал-Каеда (Al-Qaida), се уште се на ниво на гласини.

Тоа и ќе останат.

За крај може да биде од помош да се цитира поранешниот министер за надворешни
работи на СР Германија, Ханс Дитрих Геншср (Hans Dietrich Gensher), кој во своето дело
"Сеќавања" напиша:

"Агресијата никогаш не може да биде оправдана, како што жртвите и напаѓачите ни-
когаш не може да бидат еднакви, и етничкото чистење никогаш ие може да се оправда.
Кој и да го спроведува, во никој случај не треба да смета на одобрување".51

Да се надеваме дека нема да се најдеме во прилика да мора да се присетиме иа немен-
ливите основи кои ги постави миинстерот Геншер.

1.1,0.6 Меѓународната заедница

Меѓународната заедница ги испочитува уставно-правните консеквенци од слободни-
те избори во ноември/декември 1990 год. и референдумот од Х.9.1991 год. во Македонија.
Но не стори ништо околу условувањата од соседните држави. И уште полошо. Без при-
говор - и сосема очигледно без основа - го одобри грчкото барање за наметнување на
провизорното име "Бивша Југословснска Република Македонија" ("БЈРМ"): Во ЕУ, на
Советот на Европа во Лисабон на 26.6.1992 год. (проф. Требст го нарече овој т.н. маке-

донски извештај анти-македонски извештај) и во ОН на 8.4.1993 година. Со ова име пред
очите на светот Република Македонија, т.е. нејзиниот државен интегритет е деградиран

на ниво на провизорен. Атина, за разлика од Бугарија и Србија, може да си дозволи ка-
ко сака да се однесува со ЕУ и НАТО-кандидатот Македонија, бидејќи Грција како
членка не мора да стравува од притисок, а уште помалку од исклучување од овие орга-
низации, - во најлош случај може да добие блага опомена.

Населението, парламентот и владата на Македонија мораат да живеат со фактот де-
ка откако конечно стекнаа независност и слобода, тие зависат од добрата или лошата
волја на својот сосед. Совмесно на сегашниот политички морал и констелацијата на си-
лите во Европа, една членка на ЕУ може да си дозволи, и покрај неоснованото образло-
жение, на една призната и суверена европска држава да и го спречува конечниот прис-
тап кон европските и светските институции под своето уставно име - очигледно неопре-
делено долго. Една неприфатлива состојба.

Постои сомневање дека, преку ова оневозможување, на македонската држава се са-
ка да и се оттргне тлото под нозете на нејзината егзистенција, за да се препушти на
уништување. Во тоа не мора, како што е веќе посочено, да учествува само Грција. Како
што се виде на крајот на XIX и на почетокот на XX век, и како што повторно се покажу-
ва на почетокот на XXI век, има доволно заинтересирани кои би профитирале од про-
паста на Македонија.

Токму ваквите рецидиви, кои будат лоши спомени на времето на империјалистички-
от експанзионизам, одново докажуваат дека надежта која Македонија ја искажува во се-
која прилика, т.е. дека може да смета на ослободување од своето провизорно име пора-
ди тоа што меѓународните односи непречено се одвиваат, е само лажна надеж. Бидејќи.
како што Клаудија Хопф (Claudia Hopf) ги резимира резултатите од нејзините студии:

"... јазикот и јазичните форми на озиачување се суштински важно средство за истакнува-
ње и побрзо реализирање на националистичките цели."51

1.1.0.7 Начинот на разгледување на прашањата

Од односот на соседните држави на Македонија извираат ред прашања:

- Како тоа држави како Бугарија, Србија и Грција, кои наизглед почиваат на цврсти темели, го оспоруваат правото на постоење на една суверена држава;

- Зошто одбивност, од каде овие зли намери:

- Дали Македонија, од која толку изискуваат, воопшто не постоела како засебна земја;

- На што се базираат овие претензии;

- Дали соседите навистина имаат историски права на Македонија и

- Дали Македонците сепак се Бугари, Срби или Грци?

Quod esset demonstrandum

1.1.1 Предметот и темелите на истражувањето

Делото кое е пред вас има за цел да ги истражи мотивнте и заднината на политиката
на балканските држави и велесилите кон Македонија. Се одбра еден период од истори-
јата на XIX и XX век, имено од Берлинскиот конгрес до Првата светска војна, кој иако е
90-125 години зад нас, до ден-денес ја одредува состојбата на Балканот, а особено судби-
ната на Македонија, но и севкупниот развиток на Централна Европа. Во истовреме,

——Ханс Лотар Штепан -—

овие врски и односи, ниту во јавноста и во медиумите, а очигледно ниту во национални-
те и меѓународните институции, не се повеќе актуелни. И Балканскиот сојуз ретко кому
е познат, иако во тоа време тој играше голема улога, бидејќи во него се концентрираа
интересите на сите балкански држави - и на силите на Антантата! - како зраци во сочи-
во. Дури и Берлинскиот конгрес е само бледа сенка во сеќавањето на луѓето.

Историската појдовна точка на истражувањето е овој Конгрес од 1878 год., на кој
Македонското прашање за прв пат стана проблем. Имануел Гајс (Imanuel Geiss) го де-
финира Берлинскиот конгрес како сврзувачка алка помеѓу Виенскиот конгрес од

1814/15 год. и Версајскиот конгрес од 1919 год., односно еден "од најзначајните моменти
за внатрешниот и меѓународниот развој на Европа меѓу Француската револуција/Виен-
скиот конгрес од една страна, и Првата светска војна/револуцијата во Русија 1917/18
год., Германија и Австро-Унгарија од друга страна."54

Временските рамки за потрагата по специфични докази за македонската историја се
поставени со настаните од 1878 год. до создавањето на Балканскиот сојуз во 1912 год., до
Балканските војни од 1912 и 1913 год. и (во одредени случаи) до избивањето на Првата
светска војна.

Основните извори за формирање претстава за развојот во југоисточна Европа се
оригиналните акти од политичкиот архив на министерството за надворешни работи на
СР Германија од неговото формирање во 1870 год. Некои настани на кои ќе се осврнеме
датираат уште од 60. години на XIX век, т.е. од Пруското Министерство за надворешни
работи на северногерманскиот сојуз. Проценувањето на актите започнува главно со
крајот на Берлинскиот конгрес - 1878 год. (во случајот на Грција малку порано) и се
протега до Балканските војни, а во некои случаи до Првата светска војна. Изборот на
цитираните документи, со оглед на темата, беше извршен според нивната поврзаност со
Македонија. Еден посебен дел и се посветува на династичката политика на Грција, со ог-
лед на тоа што таа - во поголема мера од Бугарија, Србија и Албанија - влијаеше врз по-
литичката судбина на Македонија.

На маргините, но нераскинливо поврзана со главната тема, постојано ќе се посочува по-
литиката на силите на Антантата и нејзиниот удел во избивањето на Првата светска војна.

Од теоретски можното навраќање - со што со сигурност ќе се заштедеше труд и вре-
ме - на повеќе од 50. тома избрани и отпечатени акти на Германскиот Рајх во збирката
"Големата политика на Европските кабинети: Дипломатските акти на министерството
за надворешни работи 1871-1914 год.", составена во дваесеттите години од група научни-

ци (Јоханес Лепсиус (Johannes Lepsius), Албрехт Менделсон Бартолди (Albrecht Mendel-
sohn Bartholdy) и Фридрих Тиме (Friedrich Thimme)), немаше преголема корист. Имајќи ги
предвид високо поставените цели на проектот на научниците, да се исправи неправдата
нанесена со невистинитото и оттаму неподносливо обвинување дека Германија е единс-
твениот виновник за избивањето на Првата светска војна, како што стои во член. 231 на
т.н. Версајски мировен договор, нормално дека изборот на актите од целосното
постоење на Германскиот Рајх во тоа време не можеше да го опфати и процени и специ-
фичниот осврт на засебноста на македонскиот народ - избраната тема на овој труд.

Оттаму следи што истражените податоци, со неколку исклучоци, потекнуваат од не-
објавен материјал.

Како што понатаму ќе се види, актите на тема "Балканскиот сојуз" и "Балканските
војни", токму од аспект на тогашните цели, биле вредни за проучување.
_____стр.33

—— МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗОЛ-——

Сомнежот кој се јави на почетокот, дали материјалите од XIX и почетокот на XX век
ќе понудат доволно информации за оваа тема, исчезна по повеќемесечните проучувања:
од 2009-те дебели тома во архивата на Министерството за надворешни работи на СР
Германија, во кои се чуваат само извештаите за "прашањата на Османлиското царство",
-754 тома се однесуваат на "Состојбите во Македонија", - и тоа нормално под името
"Македонија". Најголемиот дел од проучените документи беше од групите акти на тема
"Балканскиот сојуз" и (во оној дел кој спаѓа во зацртаните временски рамки) "Балкан-
ските војни". Во една низа "подетални историски информации" се предадени и релевант-
ни детали од серијата акти "Грчкото кралско семејство" (со исклучок на бр. (8), види под
5.1.3.1.1). Покрај овие акти, неопходно беше да се проучат и голем број томови од сосед-
ните области, во кои Македонија, иако не беше насловна тема, сепак играше една од

главните улоги - и тоа речиси секогаш како жртва. (Сите томови се означени со засебни
архивски бројки, кои се наведени во забелешките). Се работи за извештаи кои, во горе
наведениот период на проучување, се примени во надлежната служба при Министерс-
твото за надворешни работи во Берлин, и според географските или тематските особе-
ности се подредени по датумот на пристигање во Берлин.55

Мал број извештаи потекнуваат од тајните акти на српското министерство за надво-
решни работи, откриени по Првата светска војна, како и од извештаи по повод реакции-
те, кои по бурата предизвикана од обелоденувањето на тајните спогодби од времето на
царот, Троцки и Ленин ги објавија во разни извештаи и статии.

За постигнување на највисоко можно ниво на автентичност, извадоците од текстови-
те се наведени со оригинални цитати. Оттаму и поднасловот на ова дело: Документација.

Ако воопшто постои веродостоен материјал за обработување на оваа тема, тогаш
него можат да го понудат само известувачите од тогашните мисии во Османлиското
царство, - германските претставништва и конзулатите можат да понудат повеќе од
претставништвата на другите земји, бидејќи е познато дека германскиот кајзер и влади-
те на Германскиот Рајх, за разлика од другите сили, немале никакви национални, освен
стопански, цели на Балканот, па така известувачите не биле изложени на опасност од
влијание од различни интереси и идеологии. (Оној што сака да се увери во способноста
на доверливите германски дипломати во тоа време, тоа може да го стори преку извадоц-
ите на Херман Канторовиц (Hermann Kantorovicz).56

1.1.2 Актерите (избор на земјите што треба да се проучат)

Според овој концепт, изборот на земји, чии мотиви и заднини за нивната политика
кон Македонија мора детаљно да се проучат со цел да се доближиме кон темата, доаѓа
речиси сам по себе:

1.

На прво место се учесниците во Балканскиот сојуз (Бугарија, Србија, Грција и Црна
Гора) и во Балканските војни (значи на овие се придодава и Романија). Кон Црна Гора,
како исклучок, нема да се осврнеме, бидејќи испитувањето нема да придонесе со нови
аспекти во поставената задача, што беше видливо по кусиот преглед на извештаите.
Наспроти тоа, на четвртиот сосед на Македонија, иако не беше член на Балканскиот
сојуз ниту пак зеде учество во Балканските војни, мора барем да направиме еден кус
осврт, со оглед на тоа што во скорешно минато играше улога која се повеќе ја загрозу-
ваше егзистенцијата на Македонија и според сите индикации, планира да продолжи да ја
игра: Албанија.

2.

Следни се велесилите, кои поради нивните интереси на Балканот влегуваат во потес-
ниот круг земји за проучување: Русија и Австро-Унгарија како и Англија, која во случу-
вањата на Балканот главно дејствуваше од позадина, но во светската политика, во која
спаѓаа и Константинопол со Босфорот и Дарданелите - па со тоа и Османлиското царс-
тво - како и во својата традиционална политика на одржување на рамнотежа на конти-
нентот мошне агресивно ги застапуваше своите интереси. Наспроти нив, другите три ве-
лесили - Германија, Франција и Италија - доволно е кусо да се разгледаат: Германскиот
Рајх немаше никакви територијални претензии кон Османлиското царство, Франција и
Италија - барем во тоа време - добија турски територии вон рамките на Европа.

3.

На крај, како еден од главните актери: Османлиското царство, кое околу 300 години
ја имаше улогата на освојувач и колонијален владетел, но последните 250 години од сво-

ето присуство на европскиот континент, од вториот неуспешен обид за освојување на
Виена па се до последната етапа, Балканските војни 1912/13 год., се наоѓаше во постоја-
но повлекување. Турција - сега само сенка на некогашниот импонирачки владетел со ог-
ромна империја -, благодарение на неединството на Големите сили околу правото на сопс-
твеност на теснеците, успеа да го избегне целосното протерување од Европа, но се до
крајот, во очите на потчинетите христијани остана грозоморен угнетувач и експлоататор.

Тоа што Турција ја зачува својата независност (и делумен територијален интегри-
тет), но особено нејзиното продолжено присуство на европската почва - конципирано и
главно поттикнато од Англија - го спречи решавањето на Балканското прашање и пра-
шањето за Ориентот на начин кој можеше да ја наруши рамнотежата во Европа, но по
висока цена, бидејќи со тоа за драгоцени децении се забавија напорите на Балканските
народи кои се бореа за национално ослободување.

Некои од нив успеаа да се изборат за својот суверенитет, иако дури во XX век. Други
пак, како жртви на алчноста за територии на балканските држави како и на специфич-
нните интереси на Англија, Австрија и Русија, во одредена мерка и на Германија, исчез-
наа во длабочините на историјата.

1.2 Основни информации за Македонија

Само една земја не се смета за активен учесник, иако беше принудена даја играглав-
ната улога: Македонија.
Оттаму на ова место следува неопходниот преглед:

1.2.0 Историски преглед

1.2.0.1 Античките Македонци

Античките Македонци се сметаат за еден од најстарите народи во Југоисточна Евро-
па. Старите Грци ги сметаа за варвари бидејќи не говореа грчки, и дури подоцна им доз-
волија учество на Олимписките игри - според проф. Розен, првпат зедоа учество во 476

год. пред Христа. Од стапувањето на власт на Филип Втори во 359 год. пр.и.е. Грција се

повеќе стануваше зависна од Македонија. По катастрофалниот пораз кој кралот Филип 1
им го нанесе на Грците во 338 год. кај Каиринеа, тој ја воспостави "Македонската хегемонија" во Коринтскиот сојуз.57 По уништувањето на Теба од страна на Александар на
почетокот од неговиот поход кон Персија, македонските кралеви се посилно влијаеа врз
судбината на Грција. (За да се согледа високиот углед кој го уживал овој стратег, доволно е да се присетиме какво мислење за него имале неговите противници, на пример
Персијците: Тие на Александар му го дадоа прекарот "Велики".58) Грчкиот обид за ослободување по смртта на Александар во 323 год. пр.н.е беше задушен во Ламиската војна
(323-322): македонските трупија заседоа Атина. Вистинското ослободување им појде од
рака дури по 100 години (225), но беше со кус век, бидејќи кралот Антигонос II Гонатас
во 224 год. пр.н.е. повторно воспостави елинистички сојуз под македонска хегемонија.

Несомнено е дека Македонија потпадна под влијанието на елинизмот - секако во поголема мера поради македонската хегемонија над Грција - и дека Александар го прошири елинизмот за Грците. Но и цела Европа, како и сите области околу Средоземното
море и многу други земји, потклекнаа под напливот на елинизмот ширен од страна на
Римската Империја (колонијален и робовладетелски систем, исто како Грција). По
смртта на Александар, Александрија, под водство на македонските птоломеи, речиси
300 години беше центар на културата на елинистичката ера, се до моментот кога Египет
во 30 год. пр.н.е., по смртта на Клеопатра VII, како последна голема елинистичка држава беше анектирана од Рим. (Клеопатра како птоломејка со тоа беше последната наследничка на македонските дијадохи на фараонскиот трон.)

Но дали ова значи дека и Египет, Персија и Италија биле грчки?

Или Индија, Персија, Египет и Сирија би биле македонски?

Иван Минев го резимираше ова потенцијално недоразбирање:

"За елинизмот, кој по освојувањата на Александар се прошири низ целиот тогашен свет
(па и во Македонија), не треба да се има погрешно мислење дека е етнички грчки."59

Дури по трите војни на Рим против Македонија од 215 год. пр.н.е., по битката кај Пид-
на во 168 год. пр.н.е. дојде до пропаста на македонската држава, а со тоа и на нејзината хе-
гемонија врз Грција. По последното востание на Андрискиј против Римјаните во 148 год.
пр.н.е., Македонија стана римска провинција. "Грција, како дел од провинцијата Македо-
нија, им беше целосно потчинета на Римјаните"60.Најдоцна во времето на Диоклецијан,
Македонија беше поделена на два составни региона, Macedonia Prima i Macedonia Secunda.

По делбата на империјата во 395 год. - и по населувањето на Словените - Македонија
остана составен дел на Источното Римско Царство, подоцна Византија.

Околу 400 год. н.е. Римјаните, по околу 600 годишна експлоатација на колониите во
Европа, Северна Африка, Мала Азија и на Балканот, мораа да ги повлечат своите оку-
паторски трупи во Италија, за да ги одбранат сопствените граници од германските пле-
миња.

1.2.0.2 Словените

"Во текот на V век, Словените преку унгарската рамнина и Молдавија продреа на ју-
гот." (Траутман, исто, стр. 23.)

Во VI и VII век Словените ја преплавија Југоисточна Европа, каде живеат и до ден-
денес. Георг Штатмилер (Georg Stadmuller) објаснува дека, иако првите пробиви биле
многу порано, нивното трајно навлегување на просторите на Балканот

"според византиски извори, несомнено се случило по VI век; тие пристигнале во различни
периоди и по различни патишта".61 •

"Овие околности ги објаснуваат, покрај другото, и разликите меѓу денешните Јужносло-

венски јазици".62

Што се однесува до Балканскиот Полуостров, "првите директни и сигурни дати ... се '
од почетокот на VI век. Од извештаите на Прокопиос (Prokopios, пишувал околу 550
год.), Агатиас (Agathias, починал 582 год.), Јордандес (Jordandes, пишувал околу 550 год.)
... се добиваат низа вести за Словените од дунавската област во VI и VII век". "Околу 580
год., по продорот во Тракија и Грција, (на овие простори започнуваат)... континуирани
словенски освојувања ...". "Главната словенска колонизаторска струја беше насочена ...
кон Македонија, која оттогаш е претежно словенска, (и потоа) се сврте на југ, кон Грци-
ја." (Траутман, исто, стр. 23.)

Словените се населиле и на Пелопонез па се до Анатолија и Крит. До 650 год. Цело-
купниот Балкански Полуостров, со исклучок на неколку крајбрежни области и прибе-
жишта високо во планините, беше населен со словенски земјоделци.

Словените немаа никаква етничка врска со античките Македонци, исто како и со
Римјаните и Грците - но секако тоа беше пред големата преселба на народите (исто, стр.
85.)

Словенското населување на Балканот оттаму претставува нова, одделна фаза во ис-
торијата на овој регион. Со големата преселба на народите и Балканот етнички се изме-
ЕИ, исто како и цела Европа - но без целосно искоренување на автохтоните народи. Тоа
претходно не го сторија ниту Римјаните, ниту пак Турците по нив. Токму спротивното,
, со сета етничка разноликост дојде до "оформување на мултиетничко население".63
Од друга страна, новите влијанија продреа се до имињата. Слично како и во вековите

Гна римското владеење, поради темелните промени настанати со населувањето на Словените во времето на големата преселба на народите, речиси сите места во цела Југоисточна Европа ги загубија своите поранешни имиња.

"Дури и византиските автори се жалеа на исчезнувањето на грчките имиња и нивната замена со словенски." (Во Грција!)

Ги снема и имињата на државите, бидејќи Словените на своите населени региони им

ги дадоа имињата на своите словенски племиња. (Една земја доби - подоцна - име кое не „беше словенско, туку турско-татарско, значи име по нивното турско племе: Бугарија.)
Словенските новодоселеници само во два случаи ги задржаа старите имиња на региони-

те каде се населија, и ги превземаа имињата на останатиот дел на населението, кои оп-

станаа дотогаш: Во Грција и во Македонија.

1.2.0.3 Првото бугарско царство

Кон крајот на X век имаше период, кој и покрај своето кусо времетраење - во споредба со целокупната историја по Христа - од околу 40 години, играше значајна улога за Македонија: околу 845 год., под водство на бугарскиот цар Пресјан беше окупирана (средишна) Македонија. По распадот на Првото Бугарско царство во 971 год., по востанијата во 969 год. против Бугарите и во 976 год. против Византијците под водство на кнезот Самуил, овој западен дел на Бугарија (Македонија) се избори за својата независност. Самуил за времето на своето владеење ја прошири средновековната македонска држава на север се до Сава и Дунав, на југ до Коринтскиот Залив и на запад до Јадранското Море.65

Доколку го следи лошиот пример на нејзините соседи, Македонија, како тест, денес би требало да изјави претензии за сопственост на овие области. Би било интересно да се

слушнат протестните крици на погодените држави, кои, врз база на слични настани во
дамнешното минато, сметаат дека е сосема природно да се повикуваат на истово смеш-
но право на сопственост.
Наспроти ова, Гинтер Принцинг (Gunter Prinzing) препорачува,
"во основа анахронистичкиот назив 'Македонско царство' е подобро да се одбегнува, би-
дејќи многу лесно го насочува погледот кон бугарските корени", бидејќи "и Самуил и не-
говите следбеници секогаш се гледале себеси во државната традиција на Бугарија".66

Проф. Принцинг сепак остава и можност за постоење на спротивен поглед, повику-
вајќи се на стандардното дело "Историја на византиската држава", во кое

"повеќепати се споменува 'Македонското царство' и 'Македонија' кога се говори за вла-
деењето на Самуил", иако нејзиниот автор Г.Острогорски (G.Ostrogorsky) јасно диферен-
цира "со тоа ... што најпрво јасно ја потенцира бугарската традиција, кон која Самуил се
приклонил, за на крајот да заклучи: 'Во реалноста Македонското царство значително се
разликувало од поранешното царство на Бугарите. Според неговиот состав и карактер
тоа беше нова, засебна творба. Тежиштето се префли сосема на запад и југ, и Македони-
ја, како периферна област на старото Бугарско царство, оформи свое сопствено јадро."«
(исто) •

Со победата на Византијците над Самуил и неговите наследници,1014 год. се стави
крај на македонската независна држава. Главниот град Охрид дури 1018 год. повторно
потпадна под Источното Римско Царство.

"Македонците повеќепати креваа востанија (1040/41, 1072/73 год.) против византиското
владеење повторно воспоставено 1018 год".67 "Бугарија во тоа време не постоеше (се до
востанието на Асенидите 1186)."66

Турско-татарските Бугари од нивното појавување на Балканот во VII век па се до IX
век се мешаа со словенското население. (Поопширно во историскиот дел на поглавјето
за Бугарија и Грција.) Бесполезно е да се шпекулира дали и колку турско-татарска крв
течела во вените на цар Самуил на крајот од X век, важен е само историскиот докажан
податок дека тој, од 969 (976) год. до 1014/1018 год. владеел со Македоноците во "Запад-
ното Бугарско односно Македонското царство".67 Следствено на тоа, Македонците во да-
дениот временски период живееле во сопствена држава, држава која располагала со си-
те атрибути, кои според нашите меѓународно-правни норми се предуслови за постоење
на една држава, имено државвн народ, државна територија и државни власти.

1.2.0.4 Македонската автокефална црква

Македонците поседуваа и елемент, кој би требало да биде од непроценлива вредност
за нивната иднина и опстојување до ден-денес: засебна православна црква. Денешната македонска автокефална црква има

"амбиции ..., како национално-црковна варијанта на Бугарската/Охридската архиепис-
копија да ја отелотвори институцијата која ја наследи." За ова не би требало да има ни-
какви приговори, имајќи предвид дека Македонската православна црква "преку експли-
цитното утврдување на нејзиното делување ... исклучиво на државната територија на (Ре-
публика) Македонија, јасно се огради од било какви експанзионистички тенденции, кои
би можеле да произлезат од поглед на историските граници на" (географски многу порас-
пространетата) "Охридска архиепископија".68

"По воспостувањето на бугарската власт во регионот околу 842 год., Охрид како архие-
пископија првпат се споменува во актите на VIII-от екуменски совет (Константинопол
869/870 и 879/880 год.). ... На преодот од X во XI век Охрид, во царството на цар Самуил,
чија резиденција, исто така, беше во Охрид, стана седиште на бугарскиот автокефален
архиепископ.'69.Автокефалноста на оваа црква може повеќепати да се докаже од извори-

те, а како на непобитна индикација за ова треба да се гледа на фактот што бугарските
(т.е. охридските) архиепископи од 1020 год. се назначувани од царот, а не од патријарсите
од Константинопол, бидејќи на истиов начин се извршуваше назначувањето на епископи
и во, исто така автокефалната, Кипарска Архиепископија".70

Но, сепак, Принцинг и во овој случај предлага Македонската православна црква без
предрасуди да ја избегне опасноста од погрешното претставување на историјата, за да

"може процесите во историјата на средниот век да ги набљудува без влијание од катего-
риите на национално-државните мисли". Принцинг понатаму пишува, "дека Охридска
архиепископија никогаш не постоела, тука само една архиепископија 'Бугарија' со
седиште во Охрид."

Но и тука прагматично дозволува да важи правото на навиката, со тоа што продол-
жува ' .

"Сепак (и меѓу стручњаците) се востанови да се говори за Охридска архиепископија, би-
дејќи со употребата на терминот 'Бугарија', лесно може да дојде до замена со црквата на
Бугарија во доцниот среден век, царството на Асенидите, која од 1235 год. беше подреде-
на на патријархот од Трново".71

Што се однесува до суштинската неопходност од сопствена Македонска православна
црква, Архиепископот Михаил нејзе од политичка гледна точка ја оцени од егзистенци-
јално значење за Република Македонија. Проф. Ошлис го цитира осумдесетгодишниот
поглавар на црквата:

"Во минатото националните цркви на Бугарија, Грција и Србија во Македонија беа 'екс-
поненти на Голема Србија, Голема Бугарија и Голема Грција', и токму затоа на Македо-

нија и е потребна сопствена црква, 'за да нашата црква не заштити од мегаломанството и
шовинизмот на соседните народи.'"72

Македонската автокефална црква својата самостојност од 1020 год. ја задржа близу
750 години, се додека на Грците 1767 год. не им појде од рака да го наговорат султанот
Мустафа да ја распушти Охридската архиепископија. Се дотогаш, статусот на автоке-

фална архиепископија, доделен уште од византискиот цар Василиј II, на Македонците

им овозможи, како што формулира проф. Дерман (Dormann),

"да зачуваат значајна доза на независност и во рамките на Второто Бугарско царство ка-
ко и во Српското царство на Цар Душан."73 Но сега "покрај политичката окупација од
турскиот султан... стапи и духовна преку грчките патријарси од Константинопол."74

Со прекинувањето на оваа традиција од страна на грчкото православие Македонци-

те го изгубија "и последното место ... каде што можеа да ја негуваат својата независ-

ност". Да наведеме само еден аспект од многубројните последици:

"По укинувањето на самостојноста на Охридската епископија од страна на Високата
порта ... и 'прочистувањето' на црковните библиотеки и архиви спроведено од новото цр-
ковно водство, македонските традиции во народот се пренесуваа само усно, во форма на
песни и приказни." ... "Мошне впечатливо, и најдобар доказ за македонството, е зачувув-
ањето на засебниот идентитет во овие два века преку народните обичаи, песни и приказ-
ни негувани во семејството."75

Грчката влада се повикува на овој дамнешен настан, во обид да се ослободи од неса-
каното име на Република Македонија. Атина би била подготвена да ја признае автоке-
фалноста на Македонската православна црква. Грција предлага промена на името на

македонската црква во старото име: Охридска архиепископија. Како следен чекор би
можел да се претпостави промената на името на Република Македонија со тогашното
име на Архиепископијата. Со тоа името "Македонија", кое речиси едно и пол илјадале-

тие е обележје на идентитетот на Македонците, би станало неважечко и би било изгубе-
но засекогаш. Ова сосема одговара на намерата на Грција, која во тој случај, во 1912/13
год. анектираниот јужен дел на Македонија, кој до 1985 год. го нарекуваше "Северна
Грција", би можела да го претстави како единствена област останата од античките Ма-
кедонци, за да фикцијата дека античките Македонци отсекогаш биле Грци му ја "про-
даде" на светот, како еден вид реалност, - да речеме "realite a la grecque".

Речиси точно 100 години подоцна се случи еден настан, кој Македонците го поздра-
вија со олеснување, - се до моментот кога согледаа дека и ова не им оди во полза:

Во 1870 год. Султанот даде одобрение за автокефалната Бугарска православна цр-
ква, Егзархијата. Подоцна Султанот се фалеше дека со тоа набил клин, кој ќе има дол-
готрајно дејство врз односите помеѓу Бугарија и Грција. Ова и навистина се случи; но на
прво место беше на товар на Македонците, и тоа не само на нивниот јазик и идентитет,
туку и на егзистенцијата на целиот народ.

Со својата дозвола, Султанот донесе една подла уредба, која имаше тешки последи-
ци за иднината на Македонија:

Тој, "при новосоздавањето на бугарската национална црква, одреди дека сега конкурент-
ските православни конфесии, грчката Патријаршија и Бугарската егзархија, можат да се
здобијат со нови парохии доколку обезбедат 2/3 мнозинство на целата територија на Ма-
кедонија."76

Преку оваа уредба, "сигналот за почеток на битката за Македонија" беше даден во
1870 год. - а не 1876 или 1878 год. (Со ова хипотезата на проф. Аданир (Adanir) дека Ма-
кедонското прашање започнува со формирањето на Егзархијата уште повеќе добива
на вистинитост.)

Наскоро "регионот ќе биде опседнат со грчки и бугарски војнички чети", кои "насилно, од
село во село" отворено ќе вршат притисок Македонците да се одлучат за нивната опција
... "Ова страдање на цивилното население, предизвикано од терор со националистички
мотиви, и до ден-денес е обележје на македонскиот идентитет."

Но Македонците, како што понатаму пишува Кристијан Фос, имаат отпор кон овие
обиди за национализирање. Свесноста за сопствениот идентитет

"се изгради преку спротивставените тврдења, безобзирноста и исклучивоста на српската,
бугарската, грчката и романската пропаганда. Сознанието за сопствената автохтоностја
створи... идентитет, засилен преку колективното изложување на страдањата."77

На почетокот, Македонците поверуваа дека Егзархијата е неочекувана шанса да се
оттргнат од притисокот и присилбите за асимилација на омразената Грчка православна,
црква во Константинопол. Затоа отидоа под закрила - барем така мислеа - на бугарска-
та национална црква, не знаејќи дека со тоа преминале од лошо кон полошо. Откаде
можеле да знаат дека Бугарите, кои претходно не беа во можност да водат слична аси-

милаторска политика со онаа на Грците, на Македонците коишто доаѓаа во нивната
прегратка бегајќи од Грците, ќе им приговорат дека Македонците што ги прифаќаат ус-

лугите на бугарската црква можат да бидат само Бугари, бидејќи во спротивно, ќе оста-
неле под "заштита" на грчката Патријаршија?! (види под 2.2.0, бр. 6)

1.2.0.5 Османлиите

Откако турците османлии (кои од своја страна во XIII век со крајни напори го прежи-

веаа монголскиот напад на Анатолија) во 1354 год. за првпат стапнаа на европската
почва, извојуваа многубројни победи се до Виена, и ги покорија народите се до Украина,

до Крим и до Кубан. Дури при крајот на XVII век беа натерани да се повлекуваат, (по-
опширно во 3. поглавје) .

_____стр.40
—Ханс Дотар Штепан —

Македонија во тоа време беше дел од турската провинција Румелија. Сите востанија
беа задушени, на пример четиригодишното востание во 1465 год. кај Долни Дебар, или
селските буни 1565 год. во Мариово и Прилеп, или пак познатато Карпошово востание
1689/90 год., исто така со трагичен крај.

1.2.0.6 Први отпори против македонските стремежи за автономија

Се до последната четвртина на XIX век јасно беа исцртани линиите на фронтовите
на востаничките народи на Балканот со османлиските окупаторски сили. Сите ја ужи-
ваа симпатијата, а често беа и материјално потпомогнати од Руската православна црква
и од Царот. Што се однесува до Македонија, во нивните стремежи за автономија се јаву-
ваа одредени нејаснотии и необјасниви контра движења: регистрираа отпор, но не мо-
жеа да утврдат од каде тој потекнува.

По востанијата во летото 1875 год., прво во Херцеговина. а потоа и во Босна, ова
движење во 1876 год. ги зафати и Бугарите. Теодор Шидер (Theodor Schieder)78, како и
Имануел Гајс потсетуваат дека востанијата не ги зафатија само Бугарите, туку и Маке-
донците, па затоа на 7./19.5.1876 год. избувна Разловечкото состание.

(Во тогашните документи покрај датумите според Грегоријанскиот календар се јавуваат
и датумите по Јулијанскиот календар, поместени за 12 дена. Овој календар во правос-
ланите земји беше во употреба се до Октомвриската револуција - а во календарот на ре-
лигиозни празници, на пример во МакедониЈа, се уште е во употреба.)

Ова востание е дотолку повеќе значајно, бидејќи на една друга сцена се одигруваа
многу невообичаени настани, кои ќе се покажат дека имаат уште поголемо и далеку-
сежно значење за иднината на Македонија, отколку самото востание:

Македонскиот водач на ова востание, Димитар поп Ѓорѓиев-Беровски, - како многу
други словенски востаници пред него - отиде да побара помош во Санкт Петербург, но
не беше ни примен!

Во актите ова е првиот знак дека Русија, за разлика од сите останати православни (и
словенски) молители, поинаку ја третира Македонија.

Следствено, ако Македонците сакаа да се изборат за својата независност,во иднина
не само што ќе мораа да се борат против Турците, туку ќе мораа да го надвладеат и овој
невидлив отпор.

Од ова може да се извлече само заклучокот дека Русија очигледно уште тогаш ја препишала Македонија на една од нејзините протежирани земји - Грција или Бугарија.

Ова одбивање на раководството на Русија на еден провославен и словенски народ,
кој се стремеше за ослободување и незавиност од турското ропство исто како и другите
балкански земји, кои Русија великодушно ги помагаше - и врз оваа основа беше речиси
предестиниран да добие помош од Русија -, беше многу невообичаено и во една крајно
значајна фаза на македонската борба за ослободување речиси целосно го запре поли-
тичкиот развој на Македонија.

Како причина за ова мистериозно однесување.-.Јута де Јонг (Jutta de Jong) ги наведува

следниве можни размислувања во Русија:

"Автономна Македонија би можела на Русија, како заштитник на бугарските аспирации
кон Македонија, да и оневозможи излез на Средоземното Море."

Значи автономна, можеби дури и независна Македонија, би претставувала огромна

пречка на руските планови за излез на Средоземното Море, за разлика од македонска"
провинција во рамките на (тогаш се уште) послушната Бугарија.

_____стр.41

——МАКЕДОНСКИОТЈАЗОЛ-

Ова размислување поседува доза на веројатност, но сепак е крајно кратковидо, - па
затоа никогаш не е искажано вакво обвинување против Царот и Руската влада. Како
прво, овој политички однос би бил сосема спротивен со руската политика за ширење на
религиозна и панславистичка свест во изминатите векови. На Русите би требало многу
повеќе да им одговара автономна Македонија. Со оглед на тоа што Санкт Петербург и
веруваше на Бугарија, тогаш можеше, доколку и помогнеше на Македонија да ја добие
независноста, во иста мера да се потпре на благодарноста на Македонците. Во исто вре-
ме Царот немаше да си создаде пресилна Бугарија.

Земајќи го в предвид и следниов аргумент, оваа комбинација делува сосема неверо-
јатна:

"Дури и Хабзбурзите би морале да се откажат ... од копнен приод кон Егејот." (исто) ;

А тоа и ќе се случеше!

Зарем со одбивањето на автономијата на Македонија Санкт Петербург би требало
да го спречи пробивот на Австрија кон Солун. од што Русија сскогаш се плашела? Ток-
му спротивното: доколку Русија навистина ги правела овне калкулации (а тоа е истори-
ки потврден факт), тогаш Санкт Петербург би морал на Беровски и на Македонците,
веднаш и без одолговлекување, да им го одобри барањето за автономија (и да им помог-
не во нејзиното остварување), за да во вистинска смисла на зборот му постави sид на па-
тот на австрискиот продор на Балканот, чиј знак беше извесната окупација на Босна, - и
во истовреме да се здобие со пријател.

Со оглед на тоа што Русија не се држеше до оваа консеквентна политичка линија, за
вака ригорозно скршнување мора да имало други причини.

Можеби следниве:

Додека кнезовите на Србија и Бугарија се крунисаа во кралеви дури во 1882 год., од-
носно 1908 год., Грција уште од 1832 год. припаѓаше на просветлениот круг на европски
монархии. По Ото фон Баерн (Otto von Bayern) (1833-1862), следен крал беше принцот
Вилхелм (Wilhelm) од Данска, на грчкиот трон како Георг Први (1863-1913). Имајќи
предвид дека во негово време само во одредени случаи можеше да се говори за постое-
ње на демократија, влијанието на династиите со сите свои врски низ цела Европа, како и
дотогаш, беше одлучувачко. Кон крајот на XIX век политиката на империјализмот не
владееше само кај велесилите; и лидерите на балканските зсмји беа заведени од визиите
за голема сила. Во Грција, политичкото раководство и црквата сонуваа за Голема Грци-
ја, "Megale Idea". Следствено на ова, она што ги натерало водачите, доведени во ослобо-
дените земји од странство, да бидат од корист и ако е можно дури и сакани од своите по-
даници, мора да била нивната амбициозност - и сопствените интереси. За да се постигне
големата и јавно искажаната желба за експанзија, т.е. зголемување на моќта преку те-
риторијалното проширување, сосема логично беше да се употребат семејните врски кои
од позадина нечујно, но ефикасно, би помогнале кон остварување на оваа цел. Дотолку
повеќе што на роднински - неретко и крвно - поврзаните аристократски фамилии би им
било уште полесно да ја продолжат повеќевековната пракса - преку склучување брако-
ви, или пак со меѓусебно припојување, да се здобијат со етнички туѓи народи - а со тоа и
со нивните територии.

Доволно зачудувачки е тоа што ваквите династички поврзувања го надживеаа и по-
доцнежното прераснување на балканските држави во републики - требаше само да би-
дат умешно изведени. На грчката дипломатија на пример, ваквата способност не може

да и се порекне; а доколку некаде се јавеа извесни потешкотии, од позадина на помош
доаѓаше православната црква.

_____-стр.42

—-Ханс Лотар Штепан ——

Како погодни објекти за династичките амбиции на европската почва се јавија оста-
натите христијански земји кои беа под исламска окупација од страна на Турција.

За да не си ги намали можностите да посегне по Македонија, Тракија и Северен Епир, Грција можеше да се потруди да ги сосече во корен веќе изјаснетите стремежи на
Македонците за автономија. Ова наједноставно би можела да го стори преку Русија.

Следствено на ова, откажувањето на помошта од Русија на Димитар поп Георѓиев-
Беровски би можело да се должи на грчко-рускиот договор. Значи ќе следи прочешлу-
вање на документите за можни знаци за потврдување и на оваа претпоставка.

Со оглед на тоа што амбасадорите и претставниците како странски набљудувачи нај-
често беа благородници, неретко дури и припадници на високото благородништво, кои
згора на тоа потекнуваа од истите земји како и кралските семејства на балканските др-
жави, благодарение на нивните добри односи со кралските дворови, за нив беше лесно
отворено да известуваат за ваквите настани во аристократските кругови, кои инаку не
излегуваа во јавноста без претходна цензура.

(Оваа традиција ќе се покаже од голема помош во обработката на темата.)

1.2.0.7 Настанувањето на Македонското прашање

Последната војна на Русија против Османлиското царство (1877-1878), која доведе до
Берлинскиот конгрес, изби поради Бугарија, која од Русија беше избрана за штитеник -
и отскочна штица. . .

На Конгресот, Србија, Романија и Црна Гора беа признаени за независни држави, а
Бугарија остана со својот статус на автономија. Босна и Херцеговина потпадна под авс-
триска окупација и управа. (Албанија и Епир и без тоа останаа во Османлиското царство.) Наспроти ова, Македонија и Тракија, кои исто така беа ослободени, под
притисок на Англија и Австрија и беа вратени на Турција.

Со ова настана Македонското прашање.

(Претходно го спомнавме влијанието на Бугарската егзархија врз Македонското прашање.)

Но настана и нешто друго:

Виктор Мајер пишува дека со враќањето на Македонија на Турција по Берлинскиот
конгрес

"се појави засебна политичка судбина и засебни интереси". Поради ова последователно
мораше "да се развие политичкиот идентитет. Сите жители на Македонија, со исклучок
на Турците, во најмала рака сакаа автономија".81

Авторот, од актите и литературата, доби впечаток дека и претходно постоел култу-
рен и етнички идентитет; како поинаку можат да се објаснат бројните востанија против
Турците во изминатите векови. Со Мајер сме потполно согласни дека селективното ош-
тетување на Македонија на Берлинскиот конгрес водеше до еден момент на пресврт во
самата македонска историја и со неа и до еден, во споредба со другите балкански држа-
ви, различен, небаре со еден крстопат одвоен развиток и со тоа всушност мора да го за-
јакнало политичкото идентифицирање на Македонците со својата народност.

Како прв знак за овој уште поразвиен идентитет може да се посочи повторното ма-
кедонско востание, кое изби во Кресна 5 ./17.10.1878 год., бидејќи со измената на обврс-
ките на Турција со член 23 од Берлинскиот договор, повторно изостанаа реформи и пос-
тепена автономија за Македонија. (Горѓи Стојчевски тука го наведува и востанието во
Разлог од 8.11.1878 год.82) Востанието опстана до 6.6.1879 год., но.мораше да биде преки-

нато поради недостиг на помошта на која се надеваа од странство (читај: Русија), која
нормално изостана. .
Коцката за Македонија одамна беше фрлена. .

Овде мора да се вметне објаснувањето на член 23 од Берлинскиот договор:

Првиот пасус од овој член се однесува на прописите за подобрување на статусот на
островот Крит и неговите жители, донесен десет години претходно, и тоа со следниве
зборови:

"Високата порта се обврзува да го спроведе органското уредување од 1868 год. на остро-
вот Крит"83.....Со Маер сме потполно...(нечиток текст до крајот на реченицата-заб Хом.МакеД.)

Овој закон од 1868 год. одреди самоуправа на Крит. Тоа што новиот текст само то
повтори стариот е јасен доказ дека Турција - како и вообичаено - ниту најмалку не се
потрудила да ги исполни своите тогаш прифатени обврски н да ги спроведе прописите.

Во вториот пасус од член 23, врз база на овој закон, се наведува:

"Аналогно на ова, треба да се спроведат соодветни решенија во поглед на локалните
овластувања и во останатите делови на европска Турција, за кои според сегашниот дого-
вор не е предвидена посебна организација."83

На овие "останати делови" припаѓаа и Македонија и Тракија.

Дали, можеби, династичките интриги од позадина навреме беа поставиле пречки со
нејасната формулација "останати делови" да се спречи појавувањето на овие две имиња,
со што не би се јавила ниту помислата за нивната автономија?

Во член. 15 на прелиминарниот мировен договор (претходникот на член 23), кој Ру-

сија го склучи со Османлиското царство во Сан Стефано, други две области во европска
Турција (значи од "останатите делови") сепак беа именувани, имено Епир и Тесалија.84

Сосема нормално - бидејќи Атина јавно ги изјави своите претензии кон нив.

Како што подоцна напиша Рихард фон Max (Richard von Mach), еден набљудувач на
тогашните настани (неговиот прилог на Министерството за надворешни работи на Р.
Германија не бил додаток на извештај, туку очигледно бил директно доставен), причи-
ната за оваа одредба е компромисот, и на Христијаните во последните турски области
на европската почва да им се обезбедат подобри услови за живот и развој, без потполно
да се подрие позицијата на моќ на Султанот. Оваа задача со трикратното "расцепкување
на Голема Бугарија теоретски беше остварена", но во истовреме со себе го носеше семе-
то на понатамошните конфликти:

1) Што се однесува до новото Кнежевство Бугарија, кое беше независно, но сепак
обврзано да плаќа даноци, неговото основање беше "под европско покровител-
ство". Тоа што Бугарија понатаму ќе се стреми кон потполна сувереност, т.е. осло-
бодување од обврските за плаќање даноци, беше сосема нормален развој на наста-
ните - и имајќи ги в предвид досегашните искуства, на Високата порта тоа и беше
потполно јасно, без да може многу да стори против тоа.

2) И автономната провинција Источна Румелија беше надлгедувана од "Европските
Комисии"; "нејзините трупи беа командувани од Руси."(!) Оттаму "обединувањето
на оваа провинција со Бугарија ... во 1885 год. се спроведе без влошување на одно-
сите со Високата порта..."85

3) Сосема поинаку беше организирана иднината на третиот дел од Голема Бугарија,
создадена на 3 март 1878 год. во Сан Стефано од страна на Русија, а сега во јуни/јули во Берлин поделена, т.е. областите Тракија и Македонија, кои и беа врате-
ни на Турција.

—Ханс Лотар Штепан —

"Овде не беше предвидена никаква европска комисија, која би ги изготвила сите поединоч-
носта на новото уредување, како во случајот со Источна Румелија. Ова е еден клучен, и
познавајќи го карактерот на Турција, несфатлив недостаток на Берлинскиот мировен до-
говор, новото уредување на полуавтономните области да не биде надгледувано од Европа."

Навистина е неразбирливо како е можно, и покрај сето познавање на работите на др-
жавниците иа христијанска Европа собрани во Берлин, да се превиди грешка со ваква
тежина, која доведе до трагични компликации во развојот на Македонија и Тракија.

Или можеби уште тогаш некоја династичка режија, предвидувачки и плански, го имаше редактирано текстот? Доколку оваа претпоставка е точна, тогаш денешните
грчки интриги имаат долга традиција, и продолжувањето на бесконечниот притисок со
наметнувањето на провизорното име за Република Македонија од 1992 год. би ги имало
за урнек тогашните настани.

Во третиот пасус од член. 23 сепак стои, продолжува Мах, дека Високата порта ќе
назначи посебни комисии, но ништо не помогна и вметнувањето на добронамерното до-

полнување:

"... во кои (европски комисии) родниот елемент треба да е застапен во доволен број,... за
да овие прописи детално се изготват во секоја провинција" (исто):

бидејќи спроведувањето на оваа одредба беше оставена во турски раце, и оттаму во
пракса од Турците беше деградирана на ниво на камуфлажа. Фон Мах исправно продол-
жува: "Комисијата" е предвидена само како орган за контрола

"а не како служба, која иницијативата да изготви и спроведе прописи би ја презела во

свои раце."86

Фон Мах вака ги опишува последиците:

"Високата порта во суштина ништо не стори за да ги исполни обврските. Дури уште
повеќе го стегна јаремот на рајата. Колку и да се говореше за реформи, ништо не се
случуваше. Причината е сосема јасна, Високата порта се плашеше дека со една полуав-
тономна земја ќе создаде преодна форма, кожурок, од кој набрзо ќе се оформи авто-
номна ларва и на крај самостојна пеперутка, која нема да плаќа ни данок."87

Така се наоѓа и објаснувањето зошто разочараноста и огорченоста на Македонците
за - исто како и на Крит - неисполнетото ветување "за свечено пропишаната рамноправ-
ност на христијанското население" доведоа до избивање на ново востание.

Одлуките против Беровски во Санкт Петербург и против Македонија на Берлински-
от конгрес неискажливо го отежнаа развојот на Македонија до Илинденското востание
во 1903 год. и до Балканските војни 1912/13 год. па и подоцна, се до здобивањето со ста-
тус на рамноправца република во рамките на СФРЈ и до потполната независност во 1991

година.

Судбината на другите народи беше уште потрагична. Таа им беше запечатена. Тра-
кија и Епир исчезнаа; првата беше поделена меѓу Грција и Турција, а втората меѓу Грци-
ја и Албанија.

По пресвртот од 1990 год., авторот, за разлика од бројните манифестации на големо-
то македонско малцинство во Грција и Бугарија, нема регистрирано ниеден знак од Тра-
кијците. Ова не беше случај на крајот на XIX век, бидејќи Јута де Јонг меѓу другото ги
лосочува и "тракиските напори за ослободување".88

Меѓународната заедница не смее да дозволи неправдите од империјалистичко време
да се повторат и во XXI век!

——МАКЕДОНСКИОТЈАЗОЛ——

1.2.0.8 Кусите периоди на една слободна Македонија

Како што веќе напоменавме, Македонија, како впрочем и сите други балкански др-
жави до нивното ослободување, со векови беше дел од Османлиското царство. Постојат
два исклучока:

1. По последната руско-турска војна од 1877/78 год., Македонија и Западна Тракија и
беа придодадени на новоформираната, или повторно постоечката, држава Бугарија (то-
гаш само со статус на автономија), создадена од Русија на 3.3.1878 год. Со оглед на тоа
што големите сили, во прв ред Велика Британија и Австро-Унгарија, во никој случај не
беа подготвени да го прифатат исходот од Сан Стефанскиот мировен договор поради
стратешкото приближување на Русија кон морските теснеци, на Берлинскиот конгрес
13.6.-13.7.1878 год., свикан со цел да се изврши притнсок врз Русија, договорот од Сан
Стефано беше поништен, што како последица го имаше повторното враќање на Маке-
донија (и Тракија) на Турското царство, по три и пол месечна - релативна -слобода, во
секој случај слобода од турскиот окупатор.

Малку е веројатно дека на Македонците ќе им успееше во рамките на Бугарија да го
направат чекорот кон автономија и конечно кон сопствена држава, имајќи ги предвид
судбината на Македонците во Егејска Македоиија, делот заземен од Грција уште од
1913 год., како и ден-денес постоечките големобугарски претензии (не само во Пирин-
ска Македонија).

Стојчевски исправно напиша:

"Од денешна гледна точка, оваа ревизија претставува една исправна одлука за Македони-
ја, којашто го трасира нејзиниот пат кон иднината.'™

2. При последното кревање на Македонците против Османлиското царство во слав-
ното Илинденско восшанив на 2.8.1903 год., и покрај повторното изостанување на меѓу-

народната помош, македонскиот народ усиеа да го ослободп градот Крушево и крушев-
скиот регион од турскиотјарем и да прогласи "Крушевска Рсиублика". Дури формирал и
општински совет.'90" Но, по само десет дена и ова востание бсше крваво задушено од над-
моќната турска војска.

(Како да се разбере протестот на Грција против вметнувањето на ова национално ис-
куство на Македонците, кое не може да се одрекне, во преамбулата на уставот на нивна-
та република!?)

Обидот на Македонците да се предизвика интервенција од Големите сили, а првен-
ствено од Русија, со употреба на веќе испробаната стратегија т.е. со истрајувањето на
востанието, како и со објавувањето на високиот број на христијаиски жртви, од горе на-
ведените причини беше неуспешен.90" Целосно исцрпена и бсз можност да се брани, Ма-
кедонија постана вакум простор без политичка власт, и како таква мошне атрактивна
цел на соседите алчни за територии.

1.2.1 Името "Македонија"

Колку и Македонија да не беше слободна и независна но турско време, во сите акти
стои дека во изјавите на сите државници на сите балкански држави, вклучувајќи ја и Гр-
ција, како и Велесилите, од првите релевантни извештаи па се до крајот на периодот од
реден за истражување, постојано и во секоја прилика за македонската област се користи
името Македонија.

Оваа тривијалност мора особено да се истакне, со оглед на тоа што грчкиот минис-
тер за надворешни работи Папаконстанину (papakonstaninoy) во 1992 год., на еден офи-
цијален брифинг, сакаше да ги убеди "пријателските" членки на тогашната Европска За-
едница дека дури во 1944 год. Тито самоволно и противзаконски и го доделил името Ма-

кедонија на Република Македонија во рамките на СФРЈ, и дека тоа всушност нема ни-
каква врска со нејзиното минато. Како што изјавија добро информирани извори, Папа-
константину на овој брифинг не изнел никаква конкретна информација и ниту еден исто-
риски, етнички, религиозен или пак било каков политички аргумент, туку се служел со
емотивни апели, со византиските формули на повикување на духови како и со обвинува-
ња против новата Република Македонија.

Грција - непопречена од ЕУ, НАТО, ОН, ОБСЕ и советот на Европа - ја одржува оваа фикција се до денес.

Од цитатите на текстовите од старите извештаи ќе се потврди фактот дека името

"Македонија"е традиционално име за областа населена од Словени, и ќе се разоткрие
грчката измама со што анахронизмот за името ќе стане ad absurdum.

За постоењето на оваа традиција постојат недвосмислени показатели, бидејќи посто-
јат примери дека името Македонија се употребувало со векови:

1.2.1.1 На прво место во самото Министерство за надворешни работи на Р. Германи-

ја. Од околу 2.000 тома кои ги опфаќаат извештаите од Османлиското царство, како
што веќе кажавме во точка 1.1.1,154 тома се однесуваат само на - како што стои на ко-
рицата на секој том - односите во "Македонија". Првите документи потекнуваат од 1867
год., значи од времето на пруското Министерство за надворешни работи во рамките на
северно-германскиот сојуз. Би било апсурдно да се обвинат тогашните служби во Герма-
нија дека сами го измислиле ова име, целосно неповрзано со реалните состојби и со не-
говата употреба од другите европски сили.

1.2.1.2 Изворите на другите сили, кои биле потесно врзани со Балканот и имале пове-
ќе интереси кон него отколку Прусија или Германскиот Рајх, водат уште поназад во ми-

натото:

Така на пример австрискиот цар Леополд (Leopold) се заложил за заштита на Македонците поради трагичното Карпошово востание. Авторот сепак не успеа да пронајде непобитен доказ за овој документ, бидејќи на ова барање, проф. Ауер (Auer) од виенски-от домашен, дворски и државен архив на 2 јануари го даде следниов одговор:

"Наводното писмо за заштита на Македонците од крал Леополд I од 26 април 1690 год. во литературата се јавува во различни форми, меѓутоа во нашите архиви не може да се пронајде доказ за неговото постоење."

(Потоа следат укази на други австриски архиви. На нив ќе се навратиме подоцна.)
Карпошовото востание имаше трагичен крај и поради тоа што генералот Пиколомини (Piccolomini), со цел да го осигура повлекувањето на австриската армија во 1697 год., нареди да се запали во тоа време најубавиот град на Балканот, Скопје, за да под заштита на градот кој гореше можел брзо и сигурно да ги повлече своите војници од Македонија, исцрпени од бројните битки по освојувањето на огромните територии и десеткувани од колера (чума?). Залудно...

1.2.1.3 Иако Турците околу 250 до 300 години претходно при организацијата на покорените области во Европа, новоздобиените области во југоисточна Европа ги именуваа

со едно име како Румелија, еден од петте окрузи во оваа провинција и тогаш го носеше името Македонија.91" Подоцна султаните се потрудија со странските претставници да го употребуваат само турското име "Румелија", - да, откако Султанот по мировните договори од Кучук-Кајнарџи во 1774 год. и Адрианопол 1829/30 год. го забележа зголемениот интерес на западните сили за судбината на христијаните под турскиот камшик, во еден

реакциски испад нареди да се избрише името "Македонија" од житијата на светците во
библиите на турски јазик (нив барем ги имаше!!). (Гл. 16, стихови 9,10 и 12; гл. 18, стих5
како и гл. 5, стихови 22 и 26.)

Тоа што името Македонија се спомнува исто така и во првото писмо на Апостол Павле на Солуњаните (три пати), во второто писмо на Колосјаните (пет пати), како и на
Римјаните и на Тимотеј (во нив по еднаш), како и во првата книга Макавејска, гл. 1, стих
1,зилотите очигледно го превидоа.

1.2.1.4 И на крај, за да се навратиме уште поназад во историјата, Бојич/Ошлис го на-
пишаа следново за појавувањето на Словените во Византиското Царство:

'"Македонски Словени', во службениот јазик на Византија. се нарекуваат Словените кои
во шестиот век по Христа се населиле на нејзините територии."92

Од истото време потекнува и еден извештај, кого што Михаел Вајтман го цитира од
двете книги "Miraculi Sancti Demetrii" за историјата на Солун и неговата опсада од Слове-
ните во Македонија на крајот на VI век:

Јован Солунски, "кој очигледно и самиот учествувал во одбраната", напишал дека "во 585
год. иницијативата на нападот преминала кај Аварите. Еден дел од словенските војски
што се пробивале од Тракија се приклучиле кон големиот потфат на Каганите против
главниот град на митрополијата Македонија'93

Следствено, многу нешта говорат за тоа дека Византија "означувањето на овој реги-
он како Македонија" го презела од Римјаните и го пренела на Словените, кои до ден-де-
нес го задржале низ вековите.

Оттука слободно може да се говори за непрекината традиција на употребата на име-
то Македонија, од времето пред Христа, преку римската и византиската епоха, населу-
вањето на Словените и турското поробување се до раѓањето на идејата за национална
држава во XIX век, како и до основањето на СФРЈ во 1944 год. и на Република Македо-
нија од 1991 година.

Во поглед на сево ова, невистинитите тврдења на грчкиот режим во 1992 год. околу
наводната своеволна интерпретација на името на Република Македонија се смислена из-
мама за претставниците на земјите на ЕЗ во Атина. |

Стратегијата на Грција, на која посочува и Јута де Јонг, секоја врска на Македонците
со историското име Македонија да се дискредитира како наводно "дури во XIX век пов-
торно заживување на името 'Македонија'", се разоткрива како обид неправедно да им се
одземе правото на ова име на Словените, кои веќе 1300-1400 години живеат на просто-
рите на античките Македонци. Во исто време, Грција прави сомнителен обид да ги дек-
ларира античките Македонци како Грци и со тоа "правото на употреба" на името Маке-
донија да го обезбеди само за Грција.94

При обидите на Грција да ја фалсификува историјата пред Христа, значи во дамнеш-
но минато, со цел античка Македонија да ја поистоветат со Грција може да се воочи де-
ка Грците изгледа се небаре магнетски привлечени од фигурата на Александар Велики
(или барем од неговиот татко, Филип Втори, судејќи по неговото глорифицирање во из-

вонредниот музеј во Солун); можеби со надеж дека аурата иа чедото на тој народ ќе и

даде сјај на денешна Грција.

Но ова е само површниот, гламурозен аспект.
Крајната цел на оваа стратегија, се чини, оди многу подалеку: штом фалсификувана-
та претстава на историјата доволно ќе се распространи и светската јавност конечно ќе
се помири со тоа дека дури и античка Македонија била грчка, Атина ќе може да го зада-
де одлучувачкиот удар:

Штом античка Македонија била грчка, тогаш и античките македонски територии се
грчки. Следствено, територијата на сегашна Република Македонија е грчка. Покрај јуж-
ниот дел на Македонија, кој Грција го анектираше уште по Балканските војни, би следе-
ло и барањето на Грција да и се "врати" (порано српската) Вардарска Македонија, значи
денешна Република Македонија. Но "Република Скопје" во никој случај не смее да се
кити со грчкото име Македонија.

Но несмасниот акцент не смее да не измами, Грција одамна ги презела првите два
чекора во оваа насока:

1.

На меѓународно ниво Грција уште 1992 и 1993 год. во неинформираните меѓународни
организации, преку наметнувањето на провизорното име "Бивша Југословенска Репуб-
лика Македонија" (англиска кратенка: "FYROM"), успешно го поништи уставното др-
жавно име на Република Македонија.

2.

Кога Соединетите Американски Држави дипломатски ја признаа Република Маке-
донија на почетокот на февруари 1994 год., Атина своеволно воведе стопанска блокада
кон Македонија. (Соодветниот чекор на земјите членки на ЕУ неколку недели претход-
но, на 16.12.1993 год., Атина изгледа сепак не се осудила да го земе како повод за акци- -
ја.) По ова, македонската влада во преговорите под водство на поранешниот американ-
ски министер за одбрана Сајрус Венс (Cyrus Vance), искористувајќи го овој конструиран
повод, беше принудена да се откаже од симболот на државното знаме, т.е. Ѕвездата (или
Сонцето) од Вергина, во замена за подигнување на блокадата.

Дали на екс-министерот Венс му беше предочено дека овој симбол на сонце, грчките
археолози го пронашле дури 1987 год. при ископувањата кај Вергина на една позлатена
урна, во која се претпоставува дека биле посмртните останки на Филип Втори, и дека

местото каде се пронајдени овие остатоци се наоѓа токму во областа на Македонија која
Грција во 1912/13 год. насилно ја припои?

Ова значи:

Грција во оваа гротеска бара исклучиво користење на симбол, кој дури и според грч-
ките научници, на пример проф. Манолис Андроникос (Manolis Andronicos)"95, недвосмис-
лено припаѓа на Македонија и е најден на место, кое во повеќевековниот македонско-
грчки соседски живот, и припаѓа на Грција дури по анексијата од пред 90 години! И уш-
те полошо: во поглед на познатото американско залагање за правда за слабите земји, не
може да се замисли ништо друго освен дека САД, на преговорите кои доведоа до преод-
ниот договор од 13.9.1995 год., вршеа притисок за откажување од овој симбол исклучиво
врз основа на фалсификувања на историјата. Овој срамен случај не е исход на историски
докажани барања, тука демонстрација на сила зад грбот на една земја злоупотребена ка-
ко пријател.

"Сонцето" го обелодени ова...

_____стр.49

——МАКЕДОНСКИОТЈАЗОЛ——

Откако Република Македонија го измени знамето, прашањето за знамето беше над-
минато, но според авторот, словенските Македонци со традиција од околу 1400 години
на живеење на територијата на античките Македонци имаат поголемо право на Ѕвезда-
та од Вергина, отколку Грција со само 90 години - уште повеќе што симболот во праша-
ње не е ниту грчки, ниту елинистички, туку чисто македонски симбол.

1.2.2 Македонскиот јазик

Јазикот е главна појдоцна точка за наводниот доказ за оправдување на претензиите
кон Македонија. На оваа тема најактивни се Бугарите, кои се обидуваат во светот да по-
будат мислење дека јазикот е движечката сила која Македонците би ги направила

Бугари. Со овие обиди се поврзани и постојаните укажувања дека Македонците "всуш-
ност" говорат бугарски. (види под 1.1.0.1) Оттаму овој комплекс е многу битен, па заслу-
жува повеќе од само кус осврт. |

Не сите народи ја имале историската среќа нивниот јазик да се манифестира многу)
рано, - Македонците ја имаа. |

Византискиот цар Михаил III (842-867) ги испратил браќата Кирил и Методиј на една'
православна мисија во Големо-моравското Царство на кнезот Растислав."96 Од 863 год.
тие делуваат оттаму.

Траутман го цитира царот Михаил кој им кажал на браќата: "Вие двајца сте луѓе Солун, а луѓето од Солун зборат чист словенски јазик." (исто, стр. 39)

Кој не би сакал да ја сподели - или пак да целосно ја присвои за себе - славата да биде
татковина на славните мисионери! Па така Бугарите го сторија тоа - исто како и Грци-
те. Но бугарскиот цар Борис (а со него и неговиот народ) го примија христијанството
дури во 865 година. И браќата не потекнуваа од Варна или Трново или Сердика, туку од
околината на Солун, и беа синови на мајка Македонка и татко Грк. Ништо не влијае
што оваа област тоа време беше освоена од Бугарија, бидејќи како што сосема јасно
стои во историските текстови, Бугарите помеѓу 840 и 850 год. маршираа кон "средна"
Македонија, а не кон Егејот - не сметајќи тука дека во меѓувреме турско-татарските
прото-Бугари веќе не постоеја, со оглед на тоа што одамна се претопија во словенското
население и го преземаа и словенскиот јазик.

Со сета почит за верските стремежи на царот на Византија, мора да се каже дека ми-
сијата не беше испратена од филантропски или хумантарни побуди. Константинопол
одамна беше во конкурентски односи со Рим:

Обата центри на христијанството сакаа да се здобијат со нови верници во новодојде-
ните доселеници на Балканот.

Со Кирил и Методиј

"се чинеше дека Константинопол си обезбеди предност. На крајот дојде до поделба на
моќта ... во југоисточна Европа. ... Најдоцна од 1054 год., по големата шизма, овие две
сфери и луѓето кои ним им припаѓаа почнаа да се развиваат во сосема различни насоки
на културен план."

За да си ја олеснат мисионерската работа, "Словенските учители" Кирил и Методиј
создадоа "нивно, таканаречено глаголско писмо".]

"Со мерките за повторно погрчување се воспостави кириличната азбука (наречена така,
во чест на Кирил) која делумно се базираше врз грчката ортографија."98

Но сепак, дијалектите врз основа на кои словенските апостоли го преведоа Еванге-
лието не потекнуваа од Бугарија (ниту од бугарскиот брег на Црното Море, ниту пак од
Родопите), туку исто како и самите браќа, од околината на Солун, значи од Македонија,
и колку и често да се повторува бугарското тврдење, нивниот јазик не може да се декла-
рира како "бугарски".

Проф. Вајтман, напротив, многу повеќе прецизира дека Кирил и Методиј проповеда-
ле и пишувале на оној јазик

"кој се зборувал во околината на Солун, т.е. јазикот на кој говореле Рихините, Сагудати-
те и Драгувитите." Меѓу другото Вајтман забележува: "Јазичните совпаѓања со другите
јужнословенски јазици, српскиот и хрватскиот, се јавиле дури подоцна.""

Трудот на словенските апостоли доби трајна вредност со тоа што тие со

"словенскиот литургиски и пишан јазик ... го зголемија бројот на европските културни ја-
зици (во југоисточна Европа) на три јазика. Овој црковен старословенски јазик понатаму
за целото словенско православие ја имаше истата улога како и латинскиот јазик за като-

лиците, во истовреме беше и литургиски и службенјазик. Сепак, не треба премногу цврсто да се држиме до оваа паралела, бидејќи латинскиот јазик, за разлика од црковно словенскиот, беше носител на културата, а не само средство за нејзино ширење."100

И турско-татарските Бугари ги озари зрак од овој културен труд, бидејќи тие не само што беа асимилирани од Словените, туку го прифатија словенскиот јазик, црковниот словенскијазик, како и кириличното писмо. (Поподробно за ова во поглавјата посветени на Бугарија и Грција.)

Во ново време развојот се одвиваше по следниов тек:

"Кога Француската револуција ја преобрази старата класна држава во модерна национална држава, јазикот се здоби со ново, дотогаш непознато значење.... Тој стана темел-носител за градењето на групната солидарност на нацијата. Барањата за еднаквост, правда и братство, фундаментите на модерната национална држава, набргу беа надополнети со барање за единствен заедничкијазик. Оттогаш често под 'нација' се подразбира униформна 'јазична нација', и на овој начин се задоволија стремежите за хомогенизација, кои целеа кон обединување на јазичното подрачје за потпора и зајакнување на националната држава."101

"Делото на двајцата браќа се уште зрачи со интензивна светлина во Русија, Бугарија, Србија и Хрватска ... па дури и во туѓојазичната Романија." (Траутман, исто, стр. 36)

За денешните Македонци овој развиток доби значење со писмената форма на македонскиот јазик. Според Торстен Сцобрис (Torsten Szobries), овој процес започнал на почетокот на XIX век, кога свештениците започнале да го употребуваат македонскиот јазик во службите и во текстовите за јакнење на духот, кои од 1838 год. почнаа да се печатат и во Македонија.102 Во времето кога словенските интелектуалците почнаа да се опираат на грчката културна хегемонија од средината на XIX век, бројот на публикациите

за фолклорот, јазикот и историјата на Словените од Македонија видно се зголеми; нивното засилено печатење имаше цел "македонските дијалекти да бидат избрани за основа на'единствениот пишан јазик'".103

Во борбата на Македонците за нивниот сопствен јазик - значи и за нивниот национален идентитет - од судбинско значење е 1870 год., кога Султанот ја призна афтокефалната бугарска православна црква, Егазрхијата. (види под 1.2.0.4) Оваа предност Бугарите ја искористија за да го забрзаат побугарчувањето во Македонија (каде речиси немаше Бугари).

Еден пример може да ја потенцира бугарската заседа: Бугарските весници обвинија еден македонски учител за "предавство на бугарскиот дух", затоа што издавал учебници

на македонски дијалекти.104

Преку ова се докажува (исто како и во случката во Сојуз на народите, види под 1.1.0.3) дека Македонците поседуваат различен јазик и идентитет од Бугарите, и дека Бугарите уште тогаш биле свесни за оваа поинаквост и засебност на небугарските Македонци - иако (и до ден-денес) тоа не сакаат да го признаат.

Од истава причина, славната книга на Крсте Мисирков "За македонските работи", напишана околу 1900 год., во која тој пишува за етничко н политичко единство на Македонците и предупредува против соединување со Бугарија, Србија или Грција, во Бугарија беше забранета и сите примероци беа уништени.105

Оваа тактика стана секојдневна пракса. Таа подоцна се прошири и беше особено насочена кон славниот македонски сооснoвач на ВМРО и коорганизатор на Илинденското востание, Гоце Делчев, кому од бугарска страна му беше припишано дека во своите преписки се користел со бугарскиот јазик, па со самото тоа и тој бил Бугар! Без да спом-

ќ^уваме дека во периодот на преминот меѓу XIX и XX век се уште немаше кодифициран
македонски литературен јазик (иако македонските студентски здруженија - и од стран-
ство (и од Бугарија) - веќе бараа "потиснување на странските елементи" од македонски-
от јазик базирани врз наречјата од централна Македонија"'106), неоснованоста на ова об-
винување беше мошне впечатливо демонстрирана од македонскиот лингвист Мито
Миовски на втората Германско-македонска конференција во Јена на крајот на ноември
2001година;

Словачкиот автор Јан Колар (Jan Kollar) 1830 год. неговите дела ги пишувал на чеш-
ки јазик. Дали тоа значи, праша професор Миовски, дека

1.Колар е Чех
2. Дека воопшто не постоел словачки јазик?

Никој не би се осудил - ниту тогаш ниту денес - да дојде на ваква апсурдна идеја.
Но со тогашната беспомошна Македонија човек можел се да си дозволи.
На сличен начин може да се побие и обвинувањето дека Гоце Делчев и самиот се пи-
шувал како Бугарин, и тоа да стане фундаментален доказ против тврдењата на Бугари-
те. Изјаснувањето како Бугарин е разбирливо од тогашната ситуација, која Торстен
Сцобрис ја цитира од делото "Remarks of he Macedo-Slavs" на меѓународно признатиот
српски географ Јован Цвијиќ од 1906 год.:

"Фактот што тие (Македонците) самите се изјаснувале како Бугари, е само затоа што овој
термин бил употребуван како синоним за ознаката раја (... немуслимански поданици)."107

И овој пример ја поткрепува тезата на Аданир дека проблематиката околу Македон-
ското прашање настанува со признавањето на Бугарската егзархија во 1870/72 год., а не
со Берлинскиот конгрес 1878 година.

Впрочем, во своите обвинувања против Гоце Делчев, Бугарите сосема забораваат
дека тој не само што се бореше за македонската автономија, туку и го даде животот за
Македонија.

Во овој генерален однос на Бугарите има и исклучоци, Торстен Сцобрис цитира еден
упатен и разумен уредник на весникот "Македонија", кој изјавува разбирање за "стравот
на 'Македонистите' ... од можна источнобугарска културна и стопанска хегемонија
Сцобрис оваа умесна статија од 1871 год. ја оценува како "прв знак за македонски сепа-
ратизам".108

—— Ханс Лотар Штепан-

Значи и во тоа време постоел македонски јазичен и етннчки сепаратизам. Ова го потврдува и Јута де Јонг врз основа на нејзините истражувања, со тоа што во нејзината
студија упатува на тоа дека македонскиот јазик се одделил од бугарскиот уште во XIX
век, а не бил првпат ракотворен од Блаже Конески по наредба на Тито.

Уште повеќе. "помеѓу 1891 и 1903 год.. можеле да се забележат ангажирања ... на маке-
донските студентски иницијативи во Бугарија. Србија и Русија, македонските словенски
дијалекти да се стандардизираат во еден писмен јазик. кој би се одделил во мала, но сепак
значајна мера од бугарскиот литературен јазик кој беше распространет од егзархиските
училиштата"."'109'

Бугарите и Грците го негираат ова се до денес заради целисходноста на остварување-
тона нивната непрекината експанзионистичка политика. Не се задоволуваат со тоа па-
косно да укажат на 1944 год., туку тие го декларираат овој датум како почеток на посто-
ењето на македонскиот јазик воопшто.

Едно потполно неоправдано однесување.

За проблематиката што ја разгледуваме овде останува да се заклучи дека развојот на
еден "заеднички литературен јазик" течел заедно со "сознанието за македонската етнич-
ка самостојност."110

Треба да се напомене и дека Горѓи Пулевски во 1873 год. го издаде првиот македон-
ски четири јазичен речник, а во 1875 год. учебникот на три јазика, по што следеа збирка-

та на македонски народни песни во 1879 год. и македонската граматика во 1880 година.'"

1.2.2.0 Кодифицирањето најазикот во соседните држави

1.2.2.1 Бугарскиот јазик

Рајнхолд Траутман (исто, стр. 29 и стр. 10) уште во 1948 год. ја дефинира основната
константа на "бугарскиот" јазик: "Бугарскиот јазик, односно за нас секако словенско-бу-
гарски јазик..."

Во Бугарија, како и "во цела "Slavia Ortodoxa", јазикот на кој се држеа литургиите бе-
ше црковниот старословенски јазик. Но образованите Бугари честопати "пишуваа и го-
вореа" грчки, бидејќи грчкото свештенство силно се трудеше "да ги елинизира словен-
ските верници"."112 Поради ова, бугарскиот просветител Паисиј Хиландарски ги повика
своите сонародници да го користат сопствениотјазик.

"Во дискусијата за основата на модерниот бугарскн стандарден јазик на почетокот можат
да се распознаат две спротивни позиции: Едната група, црковнословенската школа, се
труди црковнословенскиот јазик да го модернизира и прилагоди на барањата на денеш-
ницата, а другата група, новобугарската школа, да развис нов стандарден јазик врз база
на народниот говор. На крајот се дојде до компромпсно решение, кое содржеше елемен-
ти од двата правци и кое се прошири преку новите училишта и литературата."112

По здобивањето со автономија во 1878-1880 год., бугарскиот јазик беше кодифици-
ран. Основата беше источно-бугарскиот дијалект (Варна), "но во XX век западно бугар-
скиот дијалект изврши силно влијание"."113

Дали ваквиот развој на јазикот дава право на Македонија да се гледа со потсмев?

1.2.2.2 Српскиот јазик

Во рамките на јазичното прашање во Србија, "дигнитетот на црковниот словенски

јазик и оттаму развиениот старосрпски јазик" остана неспорен "поради нивниот ран при-
донес за културата", "но во XVIII век старосрпскиот беше потиснат од навлезениот рус-
ки црковно словенски јазик, со што се создаде нова јазнчна мешавина, наречена "славе-

носрпски јазик". Престижот и употребливоста на овој вештачки мешан јазик сепак оста-
наа на ниско ниво, и оттаму набргу "во народниот јазик се здоби со сериозен против-
ник"114.Дури на почетокот на XIX век, на реформаторот на јазикот Вук Караџиќ, му пој-
де од рака народниот јазик да го издигне на ниво на писмен јазик. На виенскиот јазичен
собир во 1850 тод., Србија и Хрватска се одлучија дијалектот од источна Херцеговина да
биде заеднички српско-хрватски писмен јазик, но неговото спроведување одеше бавно.
Од договорот во Нови Сад во 1954 год. се говори за бицентристички стандарден јазик,
имено Белград и Загреб. Дури по пресвртот, откако Хрватска тргна по сопствен пат, со
новиот устав на СР Југославија за службен јазик се прогласи српскиот јазик. Притоа
двата јазика имаат многу повеќе сличности отколку македонскиот и бугарскиот.

Но и едната и другата држава, од политички причини, т.е. за градење идентитет на
сопствениот народ сакаа засебен јазик. За ова не може да се обвинат, но зошто ова пра-
во и се порекнува на Македонија?

1.2.2.3 Грчкиот јазик

"Грчкиот јазик е најстариот европски културен јазик, што го докажуваат имиња како Хо-
мер, Платон и Аристотел. Грците ја формираа првата европска висока култура и на од-
реден начин послужија како европски мост за распространување на пишаната култура
преземена од Блискиот Исток."113

Но дали денес постои единствен грчки јазик? Ова прашање во никој случај не е само
од академска природа, бидејќи

"оформувањето и нормирањето на еден јазик или јазична варијанта... во XIX век се здоби
со клучна улога на "сила на градење на нацијата".116

Што вели науката? д

Во стара Грција распространетиот разговорен јазик, Koine, делумно бил сметан за
вулгарен јазик, поради што учените луѓе се труделе да создадат класичен атички.

Дури "и во времето на Римското царство и во Византиско време постоеа два јазика,... на-
родниот и... атичкиот јазик.117

Малечка доза на свест за реалноста на секое прекумерно хуманистичко воодушеву.
вање му дава следниов цитат.

"Вистинските Грци, оние кои се фатија за оружје" и кои на Пелопонез против Осман-
лиите "се бореа за она, што подоцна ќе произлезе дека е формирање на нова, независна
национална држава, збореа исто толку малку старогрчки колку што Италијаните гово-

рат латински."118

По ослободувањето на Грција од Турците, јазичното прашање остана неразрешено.
Два јазика си конкурираа еден на друг: литературниот (писмен) јазик Катаревуса и го-
ворниот (народен) јазик Демотике.119

"Со текот на времето јазот помеѓу јазикот на народот и јазикот на учените толку а
прошири, што за да се разбере јазичното прашање неопходно беше високо образование
кое пак им беше достапно само на високите класи во Грција. Бидејќи употребата на едни
от или другиот јазик зависеше од позицијата во општеството, јазикот стана статусен сим-
бол." Ова доведе до "јазична анархија".120

Филологот, преведувач, реформатор и лекар Адемантиос Кораис околу 1850 год. (по
Христа) од старогрчкиот изведе јазик за настава и официјален државен јазик,121 при што

поради неговото "братско учење" си создаде непријател во православната црква, чиј Па
ријарх со своето "татковско учење", "поредокот во времето под турското владеење го
сметаше за теолошки исправен".122

_____стр.54

—Ханс Лотар Штепан —

Иако живееше во Франција, Кораис со својата патриотска определба во народот се
здоби со речиси легендарен углед. Како пример можат да послужат забелешките на
претставникот Фон Билов (von Bulow) во Атина, кој во напнатата ситуација на Балканот
- тоа беше четири дена пред Русија да и објави војна на Турција во април 1877 год. - се
чудеше на "неземањето удел ... на мнозинството народ во Грција ... во текот на настани-
те":

"Колку е голема рамнодушноста се покажува и денес, кога цела Атина жалеше кога бе-
ше положено телото на големиот патриот Кораис, донесено од Париз. Ниту една од важ-
ните личности, кои земаа збор пред ковчегот на 'духовниот татко на ново-елинизмот', не
ја спомена ниту со еден збор опасноста од војна што се закануваше на Дунав."123

Катаревуса остана јазикот на весниците, законите и науката. Тој во 1911 год. во Ус-
тавот беше прогласен за официјален јазик. Дури во 1917 год. Венизелос го воведе Демо-
тике-грчкиот во основните училишта. (Абрадос, Abrados, стр. 288)

Во 1964 год. Централната партија обата јазика ги сметала за рамноправни. Во време-
то на воената хунта, 1967 год., Катаревуса повторно беше прогласена за службен јазик,
а Демотике беше ограничен на првите четири години во основните училишта. Овој јази-
чен дуализам дури во 1976 год. (уште подоцна од 1944!) беше тргнат настрана: Демотике
стана официјален јазик во образованието и службите. Но Катаревуса уште долго време
беше јазикот на судовите, црквата и армијата. (стр. 288) И покрај тоа Демотике, иако
мачно, се спроведе.

"Секако дека има различни типови на Демотике-грчки.... Јазикот што ние го нарекуваме
новогрчки, не е хомоген, бидејќи содржи ... многубројни елементи на стариот висок ја-
зик."124 Се е јасно?

1.2.2.4 Албанскиот јазик

"Истражувањето на албанскиот јазик е многу тешко бидејќи не може да се поврзе со ниту
еден постар културен јазик. Во овој контекст често споменуваниот илирски јазик не нуди
сигурна основа, со оглед на тоа што не е нашироко познат и во секој случај е културен
јазик во потесна смисла.... Настанокот на албанскиот јазик од илирскиот во никој случај
не може да биде докажан со сигурност, и надвор од Албанија често се става под знак
прашање, така што раното присуство на Албанците во југоисточна Европа, поради
недостигот од сигурни извори, не може директно да се докаже."125

(Како и Грците и Бугарите, и Албанците си ја склопуваат историјата според своите
желби и претстави.)

"Има уште еден обид, кој дури и во Албанија се порекнува, а тоа е Пелазгерите, едно се
уште непознато племе од раната историја на Балканот, да се претстават како пра-предци
на денешните Албанци. Според оваа теорија, Пелазгерите се всушност основачите на за-
падната култура, која подоцна им ја пренеле на Грците."'126

"Ваквите хипотези сепак немаа никакво практично значење за градењето на албанскиот
стандарден јазик, со оглед на тоа што овие стари јазици се осведочени само во малуброј-
ни јазични остатоци, и оттаму не можат да понудат конкретна допирна точка за решава-
ње на актуелните проблеми на албанскиот јазик. Следствено, во дискусијата за формата
на стандардниотјазик не можеше да се повика на ниеден стар културен јазик, туку само
да се споредат поголем број различни, релативно млади варијанти на народниот говор.
Разликите меѓу нив ги рефлектираат многуте религиозни и културни традиции на Ал-

банците. Пример за ова е употребата на различните азбуки - кај католиците латинската,
кај православните грчката, а кај муслиманите арапската азбука. Покрај ова постоеа и
обиди, дел од нив независни, да се реши прашањето на ортографијата. Но дури во 1908
год. на конгресот во Монастир, денешна Битола во Македонија, беше одлучено тоа да

биде писмото врз база на латинската азбука, кое е и до ден-денес важечко. Подоцна се
развија повеќе различни варијанти на пишаниот говор, кои потекнуваа од двата големи
дијалекти, гегискиот на север и тоскискиот на југ. Се до крајот на Втората светска војна
главно се употребуваше гегискиот службен јазик од Елбасан, а покрај него и североза-
падно гегиска и тоскиска пишана форма."128

"Во Албанија под комунистичкото владеење се поттикнуваше развојот на единствен на-
ционален јазик и се укина паралелната употреба на различни писмени јазици. Со ортог-
рафскиот конгрес во 1972 год. овој нов писмен јазик бсше прогласен за официјален во-и
што е особено важно - и надвор од Албанија. Со тоа Албанците на Косово се откажаа
Косоварскиот јазик да го развијат во свој сопствен јазик и со тоа да се дистанцираат од
Албанија, што во рамките на Титова Југославија сигурно би било поздравено."127

1.2.3 Македонската област

Македонската област се до поделбата по двете Балкански војни се состоеше, логич-
но, од трите региони кои ги поделија Србија, Бугарија и Грција, значи: Вардарска Маке-
донија, Пиринска Македонија и Егејска Македонија (т.е. Северна Грција, како што гла-
сеше се до 1985 год.); понатаму делот даден на Албанија (дел кој таа не го освои) на југо-
западот од Охридското и Преспанското Езеро. (Албанија не зема учество во Балкан-
ските војни, бидејќи не беше етаблирана како држава.)
И тоа во следниве граници:

(Наведените места не се самите гранични места, туку - со цел да биде појасно за оние
кои не се запознаени со географијата - последотавелно наведени имиња на попознати
градови избрани од авторот, почнувајќи од север спротивно од правецот на стрелките]
•часовникот).
На север: северно од линијата од Разлог преку Крива Паланка и Скопје до Тетово;

На Запад: западно од линијата меѓу Тетово и Дебар, уште позападно од Охридското и
Преспанското Езеро и западно од Костур и Гревена;

На југ: јужно од Гревена и Катерини, преку Солун, вклучувајќи го полуостровот Халк-
дики до островот Тасос;

На исток: источно од Кавала и Драма, уште поисточно од Неврокор и назад кон областа
источно од Разлог.

Линиите на границите се според реалните околности од почетокот на XX век. Овие
податоци не се преземени од некоја македонска карта, бидејќи со тоа од грчка страна
авторот би можел да биде обвинет за необјективност и едностраност во истражувањето,
Оваа карта потекнува од Бугарија, од "Institut Scientifique Macedonien" во Софија, - а Буга-
рија по Грција е последната земја која би издала карта што и оди во корист на Македо-
нија. 1

Познато е дека властите во Атина по 1991 год. со сета енергија и гласни протести се
трудеа да го спречат објавувањето на ваквите карти и дискусиите околу нив - како да ис-
торијата ќе исчезне ако за неа не смее да се зборува. И тоа иако картата го пренесуваше
само зацртувањето на границите од договорите од париските предградија (Нојли и
Севре), со кои европските сили ја одобрија поделбата на Македонија во 1919 год. (Види
технички упатства.)

Уште едно надополнување од меѓународната картографија: веќе споменатиот геог-

раф J.Цвијиќ во 1908 год. за првпат словенското население во Македонија го нарече
"Македословени".

_____стр.56

—Ханс Лотар Штепан -—

"По Балканските војни, Цвијиќ издаде и етнографска карта на Балканскиот Полуостров,
во која ... словенското население е поделено на Србохрвати, Македословени и Бугари.
Оваа карта беше издадена во 'Соопштенијата на Петермаи' и се здоби со широка публи-
ка.'"128
Оваа оцена во 1924 год. доби сериозен удар со "Етнографијата на Македонија" на
Густав Вајганд (Gustav Weigand).

Но и тој не може ништо да промени во свеста на Македонците за својот етнички ија-
зичен идентитет, бидејќи тоа се прашања исклучиво на нивното право на самоопределу-
вање.

1.3 Балканскиот сојуз

1). Балканскиот сојуз денес е речиси заборавен. Оттаму и мотивите за неговото ос-
новање веќе не се толку познати. Неговите цели и последици во последната деценија,
деценија со толку еминентно значење за Балканот, во размислувањата на европските и
меѓународните политички институции не се земени во предвид на јасен и препознатлив
начин. Тоа е жално, бидејќи со познавањето на овие односи, одлуките донесени во врска
со Македонија во европските кабинети, во ЕУ комисијата и на Генералното собрание на
Обединетите Нации би ги поставило врз пообјективни основи и нив тоа би ги извлекло
од затворениот круг од застапување на интереси и полуинформаци. Тогашните планови
и однесувања на државите соседи на Македонија имаат огромна вредност во интерпре-
тацијата на денешната политика кон Република Македонија по распадот на Југославија,
особено што последиците од Балканскиот сојуз, во прва линија Балканските војни кои

резултираа од него во 1912 и 1913 год., како што веќе споменавме, на многу начини се до
денес се одразуваат врз целиот Балкан, а особено врз Македонија.

Во актите можат да се сретнат и логични принципи за објаснување на, од интересите
условени резерви на соседните држави, во однос на Република Македонија, која во 1991
год. произлезе од рамките на СФРЈ.

2.) Во секое стандардно дело од областа на историјата може да се прочита дека целта
на Балканскиот сојуз, склучен на 13.3.1912 год., беше "поделбата на Македонија"129
Херцфелд (Herzfeld) за тоа пишува:

И покрај сите разлики, оваа група држави "беше водена од заедничката желба во блиска ид-
нина да станат и настапат како наследници на наследството на Турција и Австро-Унгарија".130

Ова мора навистина многу внимателно да се прочита за да се согледа сета содржина
на оваа изјава, што навестува несреќа, во сиот нејзин обем: бидејќи како што произлегу-
ва од текстот, Балканските држави се надевале да настапат како наследници на "наследството на... Австро-Унгарија"130

Зарем овој воен поход (без него не би можеле да станат наследници) против тогаш-
ната велесила, Хабзбуршката двојна монархија, за која дури и другите европски велеси-
ли имаа респект, ако не и страв, сакале сами да го изведат? Со овој додатен аспект,
Балканскиот сојуз добива една друга димензија, која според неговото име и првичната
цел, имено наследувањето на Турција, никој не би ја предвидел.

Дополнително објаснување дава "Винер зон - унд монтагсцајтунг" ("Wiener Sonn -und
Montagszeitung") пет недели по избувнувањето на Првата балканска војна, кога од воен
аспект исходот веќе беше решен:

"Претходно" дискусиите одеа во насока дека "балканските држави се здружиле за да

одбранат од надворешна агресија", "но денес се чини ... дека токму во балканските држави
треба да се бара изворот на немирите низ цела Европа."131

3.) Во тоа време сите беа запозанаени со Балканскиот сојуз, па нормално најде место
и во печатените дела:

"Целта на Балканскиот сојуз беше меѓусебна поделба на европскиот посед на Турција."132
И:"... државите обединети во Балканскиот сојуз, Црна Гора, Бугарија, Србија и Грција и
објавија војна на Турција со цел да ја поделат турска Македонија."133

Оттаму енциклопедиите, за разлика од стручната литература од областа на историја-
та, пропуштиле една од клучните цели на Балканскиот сојуз (Австро-Унгарија).

4.) Основањето на Балканскиот сојуз на крајот зависеше од многу параметри. Во од-
редени периоди овие многу брзо се менуваа, што за резултат дава целосно непрегледна
слика од правци и струи.

На прво место се комплицираните меѓусебни односи на балканските држави како и
различните комбинации од тогашните пет балкански кнежевства и кралевства, кои беа
потенцијални учесници во Балканскиот сојуз. Во стадиумот на планирање односите пос-
тојано се менуваа и изненадувањата не беа ништо невообичаено, се спомнуваше дури и
учество на Турција, иако ова, имајќи ја в предвид целта на сојузот, не беше ништо друго
освен фарса.

Обидот и Турција да се приклучи во фалангата на балканските држави за централно-
европските сили го доби неговиот целосен заканувачки потенцијал дури по проширува-
њето на зацртаните цели на Балканскиот сојуз со посредство на стратегијата на силите
на Антантата.

Потоа, однесувањето и интересите на Големите сили кон нивните штитеници и про-
тивници, и тоа во постојано менливи групации, што подразбира и постојано менување

на меѓусебните односи, некогаш непријателски, некогаш пријателски. Меѓу Големите
сили, Османлиското царство ја играше главната улога, не поради тоа што се уште беше
сметана и третирана како велесила, иако веќе одамна тоа не беше, туку затоа што беше
објект на желбите на сите држави (со исклучок на Германија) по здобивањето со пора-
нешните европски поседи на Турција, т,е. со стратешки исклучително важната точка на
Златниот Рог на Константинопол.

Иако основањето на Балканскиот сојуз со десетлетија се одложуваше, и покрај тоа
што имаше јасна цел, на почетокот на XX век дојде до негова нагла реализација. По
1904 и 1907 год., а особено по 1908 год., Балканскиот сојуз беше инструментализиран врз
основа на глобалните европски интереси на Антантата, пред се на Англија, - насочен
против Германскиот Рајх.

Со ова Балканскиот сојуз ја добива етикетата "историски".

На крај, и "духот на времето", во овој случај на имиеријализмот, ја одигра својата
нескриена и несреќна, но очигледно и неизбежна улога. Токму поради последнава осо-
бина овој термин го доби и своето првенствено значење. Теодор Шидер (Theodor Schie-
der) го опишува империјализмот како "насилно експанзионистичко движење на европ-
ските сили"134.

Балканот можеби изгледа како споредна бина на ова светско движење, на која мали-
те балкански држави - кои како да биле инфицирани од империјалистичкото движење
на Големите сили - како грабливки се свртеа кон во тоа време последните беспомошни

народи на Балканот, кои се уште беа под Османлиско ропство, за да ја приграбат нив-
ната теритоција (по пример на нивните "идоли" во Африка, Азија и Америка).

5.) Иако Балканскиот сојуз беше склучен дури во 1912 год. - прво помеѓу Бугарија и
Србија (и тоа дури откако добија руски благослов и гаранција дека ќе бидат заштитени
од напад од Австрија!), - во списите на Министерството за надворешни работи за првпат
се јавува уште во 1879 год., т.е. кусо по руско-турската војна од 1877 год., мирот од Сан
Стефано н Берлинскиот конгрес во 1878 год. Со тоа временскиот опсег од планирањето
до реализацијата е преку 30 години, - во терминилогијата на статистичарите повеќе од
една генерација. За сојуз кој барем на прв поглед делуваше просечно, и покрај тешките
последици што ги донесе со себе, ова е невообичаено долг период за подготовки.

Би се очекувало целите и делувањето на новите, повторно создадени држави на Бал-
канот, кои, исто како и Македонија, со столетија страдаа под турското ропство, да бидат
насочени кон уживање на независноста, консолидирање на нивните држави и можеби
кон подобрување на добросостојбата на нивґште народи. Но на прво место во политика-
та на сите беше желбата за територијално ширење. Оттаму очигледно е дека желбата
замир не била присутна во кабинетите на балканските држави. Само што земаа здив по
нивното ослободување, властите се ангажираа околу плановите за експанзија. Објекти
на сонот за постанување велесила беа последните турски области со христијанско насе-
ление на европска почва, - значи токму оние провинции, кои со промената на одредбите
во прелиминарниот мировен договор од Сан Стефано на Берлинскиот конгрес и беа
вратени на Турција. Овие беа, како што веќе рековме. Тракија, Епир, и како најголема
Македонија, поради што често се нарекува pars pro toto

1.4 Целта на трудот

Поради ова, секој чекор на земјите соседи на Македонија во правец кон остварување
на Балканскиот сојуз заслужува полно внимание.
И уште повеќе:

Ќе биде неопходно, врз база на списите во историскиот тек на избраниот историски

период да се реконструира и анализира политиката на сите малку погоре наброени земји (види под 1.1.2). Имајќи предвид дека трите споменати соседи (Србија, Бугарија и Грција), уште од објавувањето на своите аспирации кон Македонија, го дозволуваа само, исклучиво од нивните сопствени интереси диктираниот, следствено субјективно обоен поглед врз македонската историја, додека пак сите исконско македонски факти систематски ги потиснуваа, т.е. оспоруваа; понатаму, затоа што своевремено инволвираните велесили во текот на следните нецели 90 години недоволно енергично се спротивставија на постојаните фалсификувања, туку, многу повеќе вниманието го беа насочиле кон другите политички случувања во светот - Првата и Втората светска војна, како и повеќе деценискатa студена војна се до пресвртот од 1989-1990 год., светот почна да се привикнува на верзијата на агресорите. Поради ова, неопходно е темелно расветлување на политиката на секоја од инволвираните земји, бидејќи списите за секоја од нив може да содржат сознанија за македонскиот идентитет.

Оној кој и денес така остро ги негира реалните состојби во историјата, утре ќе ги омаловажува и одрекува сите заклучоци кои и одат во прилог на Македонија, се додека тие потекнуваат само од една балканска држава, да речеме Бугарија, или само од една

велесила, на пример Австрија. Оттаму мора да се дојде до сеопфатен доказ дека Македонија е не само регионално, туку и меѓународно позната, самостојна (иако под турска окупација) област и дека Македонците биле самостоен народ со сопствен идентитет - што се и ден-денес. ;

Само непобитната претстава за мотивите и заднината на сите инволвирани балкански држави и велесили може преку податоците во дипломатските списи да создаде јасна

слика, со што фактите кои им биле познати само на историчарите и малкумината струч-
њаци за Балканот би биле потврдени. Во исто време, со неколку исклучоци, не треба да
се очекуваат спектакуларни откритија. Отаде, убедлив впечаток ќе се добие само од су-
мата на многу поединечни сознанија, кои некојпат се јавуваат "само на маргините",
кои потоа ќе се вклопат во една мозаична конструкција. '!

Уште еднаш:

Една ваква, со децении па и векови закоравена политика, не може да се победи со по-
единечни аргументи. Наместо тоа, преку секојдневни, сосема обични показатели треба
да се докаже дека на Македонија, од страна на нејзините соседи, и е одземена можноста
за нормална независна егзистенција, која непрекинато постоеше се до Берлинскиот
конгрес, но оттогаш постепено беше уништувана се до Илинденското востание и Бал-
канскиот сојуз, но најрадикално по Балканските војни.

Кога оваа агресивна политика на моќ не би продолжила и денес, Македонците би
можеле барем сега, во XXI век, да го продолжат животот во една нормална, просечна -
иако "задоцнета" (и намалена) - држава како и сите други балкански народи.

++++++++++++
DEL VTORI

++++++++++++

2. Балканските држави

2.1 Србија

Тоа што истражувањето започнува со извештаите за Србија не е само од географска
природа, на пример поради тоа што ослободувањето на европските христијански народи
од турско-исламското ропство на Балканот доста органски се движеше од север кон југ,
значи обратно од некогашниот редослед на освојување.135 И хронологијата го поткрепу-
ва овој избор. На почетокот на XIX век Србите беа прв балкански народ кој започна да

крева востанија, кои и покрај силните контраудари на крајот вродија со плод: отцепува-
ње од Османлиското царство.

2.1.0 Историско лоцирање

1. '
"Српската група племиња околу 626 год." се населила на Балканот.

"Само постепено успеваше здружувањето на поединечните племиња во територијално ма-
ли племенски држави, кои потоа во втората половина на XII век можеа да се обединат."136

За разлика од подвижните и, економски-трговски на широко пространство, активни-
те култури на евроазиските номадски народи, селанските земјоделски култури на сло-
венските доселеници работеа за сопствено преживување, и оттаму беа помалку подлож-
ни на кризи: затоа брзото и трајно политичко присвојување на територии за нив немаше
значење на постоење на држава.

Многу повеќе "етаблирањето на трајните форми на кралство ... траеше со векови: од до-
селувањето на српската група племиња до етаблирањето на средновековното кралство
поминаа повеќе од 500 години".137

Првата "по поволна појдовна база за политичко обединување на српските племиња
стапи во XI век, најнапред во јадранскиот крајбрежен регион во Дукља (Dioclea, подоцна
Црна Гора)", кога одреден број кнезови се откажаа од вазалството кон Византија.

"Но обидот самостојноста да се зачува и прошири пропадна поради интерни кавги."138

Подоцнежната држава на владетелите Немањиќи се формира во XII век, во старо-
српска Рашка. На двата сина на Стефан Немања им појде од рака - на чело на државата
и црквата, - вешто балансирајќи помеѓу велесилите, да ја издигнат Србија на ниво на

"водечка сила на централниот Балкан".

"Периодите на слабост на Византиската Империја, по освојувањето на Константинопол

во 1204 год. во крстоносната војска на 'латините' под венсцијанско водство, на Немањи-
ќите им олесни да ја продолжат работата околу обединувањето. Неочекуваниот продор
на Монголо-Татарите во 1241/42 год. во Дунавската област ги заштити од понатамошни-
те амбиции на унгарските кралеви и им обезбеди недостижна предност во борбата за моќ
во однос на бугарските конкуренти."138

"Под водство на младиот крал Стефан Душан Урош IV (1331-1355) се создаде големо срп-
ско кралство, чии граници се протегаа од далматинското крајбрежје и Епир се до линија-
та Морава-Вардар, а опфаќаше и делови од централна Грција. Стефан Душан во 1346
год. гордо се круниса за цар на Србите и Грците. По неговата смрт српско-грчкото голе-

мо царство додуша повторно се распадна на голем број помали единки водени од моќни
кнежевски фамилии."139

Кога Светата Лига, под водство на Австрија, во 1690 год. мораше да го прекине похо-
дот за ослободување на христијанските балкански народи и да се повлече од централни-
от Балкан, стравот на Србите од репресалии од Турците беше голем.

"... Во 1691 и 1740 год. голем број Срби се упатија кон север во потрага по заштита во

кралството на Хабзбурзите, а од запад навлегоа Албанците."140

Ова ново населување на Косово Поле, кое подоцна од Албанците ќе биде наречено
Косова (Косово), и ден-денес е причина за крвави битки за поделба.

Виктор Мајер цитира неколку значајни бројки кои се однесуваат на ова:

"Уште во 1939 г. соодносот на Србите и Албанците на Косово беше 40:60. По пописот од 1981
год., 77,5 % од населението на Косово - или 1.23 милиони - беа Албанци."141

Србите (околу 300.000 семејства) во 1690 год. со "претходно подготвена спасувачка
акција при повлекувањето на трупите на кајзерот" беа, како што веќе беше споменато,
одведени зад границата Сава-Дунав.

"Со ветувања за привилегии од кајзерот, кој им гарантираше слобода на вера и автономи-
ја, тие се населија на територијата на јужна Унгарија (повторно освоена од Хабзбурзите),
во Славонија и на хрватско-славонската воена граница."142

Како што е познато, етничкото мешање во овие региони не резултираше во посаку-
ваниот т.н. "melting pot"-ефект (хомогено мешање), туку, кон крајот на XX век, доведе ду-
ри и до нај ужасни воени конфликти и етнички чистења.

Во нивната "фаза на национално будење", Србите се ориентираа - како и Бугарите,
Грците и Албанците - во нивните конкурирачки територијални претстави на некогаш-
ните големи средновековни владетелски творби143; оти, имено, во XIX век Србите се уш-
те важеа за еден од народите во југоисточна Европа кои беа "без историја", и дури допр-

ва бараа појдовна точка за својата историска проекција 144.
2.

Идеалите на Француската Револуција145 не беа првите што предизвикаа активност на
револуционерни групи на Балканот, и што ги охрабрија Србите, водени од ајдучкиот во-
дач Караѓорѓе, во 1804 год. да кренат востание. Првите надежи се јавија уште по завр-
шувањето на третата руско-турска војна.146 Во 1768 год. и мирот од Кучук-Кајнарџи во
1774 год., кога Султанот по повлекувањето од поголем број области, беше додуша прог-
ласен за Калиф, но мораше да гарантира заштита за христијанската религија.

Покрај културното влијание на Венецијанците и нивиото "политичко воспитување",
Штатмилер го наведува и следниов фактор:

. "Наглиот развој на српската национална свест ... не би бил можен без постојаниот и тесен
контакт со соседното Хабзбуршко царство. Ова будење на националната свест најпрво се

јави на територијата на Хабзбурзите, поточно на австриската 'воена граница'.147

Од големо значење за иднината на Србија бсше тоа што Русија во 5. руско-турска
војна од 1806 год. интервенираше на српска страна, Сепак Русија, за да реагира на Напо-
леоновата инвазија и да се обезбеди од напад од правец на Балканот, мораше да склучи
мир со Османлиското царство (во Букурешт). Со оглед на воената немоќ на Србија,
Султанот веднаш ја анулираше автономијата која таа ја стекна со договорот, а една го-
дина подоцна Турција повторно ја окупира Србија.

По второто востание на селанскиот водач Милош Обреновиќ од 1815 год;,Србија
стана вазалско кнежество. "Овој пат Србите", пишува Марк Мацовер, "го избраа вистин-

скиот момент: поразот на Наполеон кај Ватерло им овозможи на Русите да се погрижат
за Балканот.'"48 Милош си ја купи титулата кнез со тоа што го уби Карагорѓе и му ја
подари неговата глава на Султанот - гест, што во очите на Србите односно Словените
беше навистина страотен грев, особено што Караѓорѓе беше негов пастир.148

Но дури по следната, 6. руско-турска војна од 1828 год., со мировниот договор од Ад-
рианопол, Србија се здоби со целосна автономија. Сепак, врховната власт се уште беше
во рацете на Османлиите, а и Турците во никој случај не беа "спремни да се помират со
фактот дека омразените Срби носат оружје".149 (Од друга страна, муслиманите многу ги
навреди што нивниот Султан подоцна се возеше во воз; нивната реакција беше нависти-
на деструктивна: "Падишахот стана ѓаур (христијанин)." (Мацовер, исто, стр. 173.)

По синот на Милош, Михаил Обреновиќ (1860-1869), на 14-годишна возраст, српски-
от трон го наследи неговиот внук (и посвоен син) Милан. Титулата кнез ја доби кога се
стекна со полнолетство, во 1872 година. Како сопруга, дворот на царот му ја посредува-

ше ќерката на еден романски генерал во руската армија. Наталија Кешко, - иако тој од
Санкт Петербург очекуваше "подарок" од поблагородно семејство. Една година прет-
ходно, регентот (Ристиќ) на царот му го претстави младиот Милан; овој пресметан че-
кор на крајот политички се исплати:

По војната која претеше против Турција во 1874 год., востанијата во Црна Гора, Хер-
цеговина и во Босна од 1875 год. следната година се прелејаа и во Македонија и Бугари-
ја. Во јуни 1876 год. Србите, откако со неплаќањето на даноците дадоа јасен знак дека
ќе пружат отпор, повторно му објавија војна на Османлиското царство, за да им појдат
на помош на Босанците во борбата против Турците. Во јули следеа Црногорците и им
помогнаа на Херцеговците. Босанците - на легендарниот датум, 28 јуни - го прогласија
српскиот кнез за нивен владетел.150 ;Според руско-австрискиот договор од 8. јули во Рајх-
штат, Босна и Херцеговина требаше или да си ја зачуваат автономијата, или да бидат
поделени помеѓу Србија и Австрија.151 Но Србите повторно претрпеа пораз и кон крајот
на октомври следеше потполно уништување на нивната војска, па така Турција, како и
во 1813 год., со својата војска можеше повторно да влезе во Белград. Србите од ова ги
спаси Русија со поставувањето ултиматум на Високата порта, и Белград во 1877 год.
повторно склучи мир со Турција.152

Неуспешната конференција во Константинопол и турското одбивање на протоколот
предложен од Лондон за дефинирање на статусот на Бугарија, беше причина за избива-
њето на осмата и последна руско-турска војна. Во средината на декември 1877 год. се
приклучи и Србија и повторно и објави војна на Турција. "По многубројни битки со про-
менлив исход, во јануари 1878 г. војската на Османлиското царство беше поразена".153

На Берлинскиот конгрес, Србија не само што конечно се здоби со независност и со
целосна религиозна слобода, туку и со дополнителни територии во јужна Србија: Ниш,

Врање и Пирот. Во истовреме, одлуката на Берлинскиот конгрес Босна и Херцеговина
да останат под Австриска власт беше тежок удар за надежите на Белград за обединува-
ењето со братскиот босански народ - и тоа стана нивна трајна цел. Кога тогашниот ми-
нистер за внатрешни работи Гарашанин во 1844 год. го претстави проектот за една го-
лема јужнословенска држава под српска хегемонија, мултиетничката Австрија беше
принудена да го спречи овој проект заради зачувување на сопствената држава, бидејќи
во тој случај, не би можело да се спречи гравитирањето на словенските народи во соп-
ствената држава кон оваа нова држава.

_____стр.63

——МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗОЛ—-

Дискутабилно е дали окупацијата беше вистинското решение. Да не беше мегало-
нијата, за остварување на наводната цел (ред, сигурност и мир); други решенија би се по-
кажале поцелисходни.

Од моментот на независноста започнува борбата на Србија за враќање на старите
српски територии - како и за освојување на дополнителни, туѓи земји (т.е. Македонија).

Во истиот период почнуваат и извештаите иа германските претставништва во стран-
ство, кои, се надеваме, ќе фрлат светло врз Балканскиот сојуз и српските освојувачки
желби, но пред се врз историјата и идентитетот на Македонија.

2.1.1 Прогноза за Балканскиот сојуз и Македонија

Задачата на секое претставништво во странство - и тогаш и сега - покрај негата на
билатералиите односи и грижата за сопствените државјани во земјата домаќин, е и ин-
формирањето на татковината по пат на извештаи. Амбицијата на секоја мисија - и тогаш
и сега - лежи во тоа преку екстраполација да се направи обид да се даде прогноза за
иднината на земјата домаќин, односно регионот, и да се предвиди развојот на настаните,

Од оваа гледна точка, еден германски шеф на мисија дава мошне впечатлив пример:

Уште во 1880 год., значи само две години по Верлинскиот конгрес, миниетерската
резиденција на германскиот кајзер во Белград испрати извештај на канцеларот и минис-
терот за надворешни работи, грофот Ото фон Бизмарк (Otto von Bizmarck). Како што
подоцна ќе се дознае, овој извештај однапред ги предвиде случувањата кои ќе се пока-
жат како историски во деценииите што следеа.

: Со малку зборови, господинот Фон Баир (von Bayr) посочува една од клучните точки
во проблематиката на Балканот по 8. руско-турска војна од 1877/1888 год., од гледна
точка на Србија:

"Кај голем дел водечки државници во Србија ... може да се воочи убедувањето дека Ори-
енталното прашање не е докрај решено, и дека порано или подоцна, Турција ќе биде на-
терана се повеќе да се повлекува од Балканскиот Полуостров."154

Овој заклучок покажува моќ за предвидување и прецизно познавање заради тоа што
велесилите исходот во Берлин во никој. случај не беа склони да го посматраат како
краткотрајно решение, бидејќи се надеваа дека со ова конечно ставиле точка на нивни-
те повеќе вековни несогласувања околу морските теснеци и Константинопол. Но ниту
Турција не помислуваше исходот од Конгресот да биде конечна пресуда за нејзиното
присуство во Европа: никогаш не ја отфрли можноста за враќање во Европа, и по пат на
освојување, што, на пример, Србија го почувствува во 1813 год.

Шефот на мисијата отиде и понатаму: иако беше стациониран во Србија, изворот на
антагонизмот кон Турција го посочи во Бугарија, и даде предвидување за она што нави-
тина ќе се случи 30 години подоцна:

"Во овој случај, во една моќна Бугарија најпрво се согледува елементот, кој неговите екс-
панзионистички стремежи, со руска и пансловенска поддршка, несомнено ќе ги насочи

и кон оние провинции» кон кои Србија никогаш не престанала да полага историски пра-
ва."154

Паѓа во очи тоа што пратеникот во врска со европските поседи на Турција не говори
за повторно обединување или повторно освојување, туку за "експанзионистачки стреме-
жи", - што всушност и беа.

Со "оние провинции", кон кои се насочени експанзионистичките стремежи, секако се
мисли на провинциите кои по Берлинскиот конгрес му беа вратени на Османлиското
царство: Тракија и Македонија.

Што се однесува пак до "историските права", големосрпскиот сон се повикува на ку-
сиот период на владеење на царот Стефан IV Душан, Силниот, од династијата на Нема-
њиќите, кој владееше од 1331 до 1355 година. Во негово време не само што ги покори
Бугарите, Црногорците и Македонците и на 16.4.1346 год. во Скопје се круниса за цар,
туку освои и голем дел од Грција. Со тоа ги објави своите аспирации за наследник на ви-
зантискиот цар. Еден кус сон - бидејќи по неговата смрт, големото српско царство од
Дунав до заливот Патрас се распадна. По 1389 год., од Мала Азија, на неговата терито-
рија навлегоа османлиските туркотатари.155

Со ова, помалку од 50 годишно владеење со Македонија во XIV век, Србите наоѓаат
оправдување за анексијата на Северна Македонија (Вардарска Македонија), за да нив-
ките денешни претензии барем привидно имаат континуитет, - навистина авантуристич-
ка аргументација.

Но извештајот содржи и други интересни заклучоци:

"Односите помеѓу Србија и Бугарија нудат минимална основа за следење на заедничките
интереси, така што не може да стане збор за зближување или пак сојуз меѓу двата сосед-
ни народа."156

И оваа оцена по 30 години ќе се покаже точна; - се до моментот кога двете спротив-
ставени страни, по големите напори и претрпените против удари, немаа друг избор освен
да побараат заеднички излез, ако сакаа да остварат барем дел од своите цели - и тоа пов-
торно со помош од страна (читај: од рускиот цар, и уште повеќе од Антантата). Очиг-
ледно дека ниедна балканска држава не можеше сама да ги реализира своите замислени
претензии на целосниот поранешен турски посед на европската почва.

Извештајот се покажува особено коректен во однос на следново: поддршката од Ру-
сија на новосоздаденото кнежевство Бугарија

"изгледа разбуди претензии, кои не се однесуваа само на областите со бугарско населе-
ние, туку, како што станува јасно од планираниот закон за натурализација, и на туѓи те-
ритории".156 (исто)

Лесно се забележува во што се состои не секојдневната важност на овој цитат. За
разлика од претходните текстови, овде не се споменуваат "оние" области, туку туѓи об-
ласти. Оттаму произлегува дека жителите на овие туѓи области, значи Тракија и Маке-
донија, во никој случај не се Срби или Бугари. Се работи за жителите на Тракија, значи
Тракијците, и жителите на Македонија, значи Македонците.

Со ова известувачот сосема трезвено укажува на една меѓусебна поврзаност, која -
покрај на самите агресори - им е позната само уште на историчарите и експертите за
Балканот.

Во изминатите 120 години Србите, Бугарите и Грците создадоа пракса да ги блокира-
ат сите обиди да се покрене прашањето за засебен македонски идентитет. Во тоа време
ги следеа своите империјалистички цели во сенката на ова искривоколчување на исто-
ријата, а денес не сакаат да бидат потсетувани на анексиите по Балканските војни. За да
се спречи ова, погодните аргументи за историјата се отфрлаат со објаснување дека би го

загрозиле мирниот соживот на народите на Балканот, - пристап на кој доволно се сеќа-
ваме по повеќе децениската поделба со идеолошките противници на комунистичкиот
блок за време на студената војна.

_____стр.65

—— МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗОЛ-

2.1.2 Србија меѓу Австро-Унгарија и Бугарија

Србија по Берлинскиот конгрес и австриската окупација на Босна,имаше право да се
чувствува огорчена. Наводното привремено запоседнување постепено ги намалуваше
српските надежи за потесно зближување со братскиот народ - се до моментот кога, 30
години подоцна, се покажа дека тоа биле лажни надежи. Ова до денешен ден ја има зат-
руено политичката атмосфера во регионот.

Веќе обелоденивме дека Австрија беше приморана на ваков чекор; но и на останати-
те балкански држави им олесна што не дојде до обединување на Србија и Босна. Голема
Србија несомнено би имала магнетно дејство врз соседните територии од другата страна
на границата - како што. речиси 100 години подоцна, покажа Слободан Милошевиќ со
неговата експанзионистичка програма. (Денес Босна толку се осамостои, што Дојче Ве-
ле емитува радио програми на босански јазик!)

На Србија не и се дбпаѓаше концентрација на моќта во туѓи раце, и во тие случаи не
се двоумеше соодветно да реагира. Така, во 1886 год. (истата година од која потекнуваат
и следните соодветни извештаи), настана една констелација, која доведе до тоа Србија,
иако огорчена на Австрија, да треба дури и да и се заблагодари:

Во 1882 год. Србија стана кралство; Милан, со свои 28 години, стана најмладиот крал
во Европа. Откако во 1885 год. Бугарија, прекршувајќи го Берлинскиот договор, најави
обединување со автономната, но сепак се уште турска провинција Источна Румелија,
српскиот крал Милан во ова најде повод да ја нападне Бугарија, за да тој ја анектира Ис-

точна Румелија, иако неговите аспирации не беа ниту историски, ниту етнички, ниту пак
правно издржани. Со оваа агресија избувна српско-бугарската војна. По претрпените
тешки порази, особено оној кај Сливница (во близина на Софија), само вмешувањето на
Австрија можеше да ја спаси Србија од губење на територии во полза на Бугарија - во
тоа време се нарекуваа "компензации". Нормално, овој гест придонесе за проавстриско
расположение во Србија - барем привремено.

Подготвеноста на Австрија на ваков чекор всушност беше поради натпреварот по-
меѓу Виена и Санкт Петербург за тоа кој ќе има најголемо влијание на Балканот; Авс-
трија се надеваше дека со оваа "застапничка војна" на Србија ќе ја вовлече (надевајќи се
поразената) Бугарија во австриската свера на влијание. 157;Австриската помош беше ре-

зултат на тајниот договор за пријателство, кој Белград во 1881 год. го потпиша со Вие-

на. Но со оглед на тоа што Бугарија излезе како победник, на Австрија не и остана ниш-

то друго освен отворено да застане на страната на Србија.

Оттаму и фактот што Австрија (подржана од Англија)надевајќи се дека со ова ќе
наиде на разбирање во поглед на формирањето на Балкански сојуз, на српскиот крал
кон крајот на 1886 год. му предложил вклучување и на Романија, со објаснување дека

"состојбата на ориентот, поточно постапките на Русија, налагаат на ваков чекор."158

Оваа препорака изгледа дека наишла на слични стравувања кај кралот Милан, бидеј-
ќи позната е неговата надеж во поглед на југоисточниот сосед на Србија, дека Бугарија
би можела да биде во состојба да прогласи и одбрани независност.

"Доколку со руската поддршка дојде до осамостојување, тоа би било почеток на црни де
нови за Србија."'51'

Овој постојан кошмар на малите земји претставништвото во Белград (од тогаш па
натаму пратеништво) го коментира во извештајот кој следел:

_____стр.66

——Ханс Лотар Штепан ——

Со формирањето на сојуз "според неговото мислење, кралот во заедничка преданост про-
тив Русија го гледал единствениот начин да се спасат од руска, односно пансловенска ап-

сорпција."160.

Српскиот крал изгледаше толку импресиониран од руската закана, што изјави дека е
спремен да го прифати "формирањето на овој сојуз па дури и на чело со Турција",160 - но
познавајќи го стариот лисец, оваа изјава со сигурност била само дел од игрите во поли-
тиката,

Сепак, изгледа дека и Русите добиле слична претстава за состојбата. Во секој случај,
германскиот пратеник од српскиот крал дознал

"дека рускиот премиер ... директно го прашал за гласините кои кружеле околу создава-
ењето на Балканскиот сојуз и добил впечаток дека Русија, со оглед на тоа што и оди про-
тив интересите, нема да дозволи формирање на ваков сојуз."163

Оваа констелација сепак беше со краток век, бидејќи рускиот и австрискиот став во
врска со Балканскиот сојуз набрзо се променија.

2.1.3 Македонија - објект на спорот

Само пет години подоцна, се чинеше дека коалициите, а со нив и фронтовите, се сме-
нија. Воочливо е дека на ред повторно доаѓа срцето на проблемот, не само на Балкан-
скиот сојуз, туку и на севкупниот балкански конфликт: Македонија.

Како што пратеништвото го извести германскиот канцелар - сега пешадискиот гене-
рал Фон Каприви (von Caprivi) - српскиот претставник во Софија во една пригода си доз-

волил воодушевено да изјави

"колку на секој Србин му гори во крвта желбата за 'реванш за Сливница', и колку попу-
ларна би била една нова војна против Бугарија."162

Пратеникот Фон Ванганхејм (von Wanganheim) веднаш го доставил концизното објас-
нување за суштината на проблемот:

"Најчувствителната точка е секако Македонското прашање: 'дури и кога не би настанал
сојуз иомеѓу Србија, Црна Гора и Грција, овие три држави сепак не би дозволиле јакнење
на Бугарија со заземање на Македонија, и нивниот одговор на еден ваков чекор би бил
објава на војна'."163

Тоа значи дека примарна цел на секоја од четирите горенаведени држави била анек-
тирање на територииите на поранешна Турција; секундарна цел - за да се спречи нарушу-
вањето на рамнотежата на Балканот, на ниедна друга држава да не и се дозволи да го
добие целиот плен.

За историски, политички или етнички издржани претензии, поради наведениве при-
чини, не станува збор, - бидејќи такви не постојат. Зошто заинтересираните би се рас-
правале со правни прашања, кога и онака имале намера со сила да ги присвојат туѓите
територии?

За сите потенцијални учесници, едно беше јасно. Балканскиот сојуз кој би имал за
цел освојување на Македонија, без Бугарија, или пак против неа, не би успеал. Оттаму
проектот не беше изведен. Мораше да се чека на поповолни прилики.

И во годините на принудното затишје, балканските држави во никој случај не мируваа. Револуционерните комитети и нивните водачи, кусо именувани Комитаџии, во тур-
ските области вршеа подготовки за нивното идно владеење по пат на убедување на та-

мошното население преку посрбување, побугарчување и погрчување, - бездушен очај-
нички обид, кој требаше да го принуди населението од територииte кои требаше да би-
дат анектирани да се преиначат во Срби, Бугари и Грци, бидејќи до тогаш тие не биле
ништо друго, туку Македонци.

Се разбира дека постоеја и македонски комитети, но тие, за да го избегнат прогонот
од Турците, дејствуваа од Романија, Бугарија или Србија, - исто како што и бугарските
комитети пред ослободувањето на нивната земја, од истите причини, можеа отворено да
дејствуаат само во Романија и Србија, а не и во Бугарнја. Но на Македонците, поради
тоа што местото на основање на нивните комитети беше во Бугарија, ним подоцна пос-
тојано им ја местеа стапицата дека сите Македонци во Бугарија се Бугари; зошто инаку
би дошле во Софија, кога можеле да отидат и во Грција.

Посебно по изгубената војна против Бугарија за Источна Румелија во 1885 год., Ср-
бија се обидуваше

"слично како Грција и Бугарија, нејзините цели во Македонија да га спроведе преку ин-

тензивна културна, училишна и црковна политика."164

Официјалната дозвола од Високата порта да се отворат српски училишта во Маке-
донија Србија ја доби дури во 1893година.

"Покрај тоа, Србите даваа и стипендии на македонските ученици за училишни посети или
студии во Србија, со цел таму да се индоктринираат во српски дух."

"' Поттикнуваа и формирање на српско-македонски здруженија со цел агитација и -
интересно - прибирање на историски и етнографски показатели "кои би требало да го
докажат не-бугарскиот карактер на населението".165. Оваа цел несомнено била лесно ос-
тварлива, - исто како што, од друга страна, едно бугарско-македонско здружение без

проблеми би можело да го докаже не-српскиот карактер на македонското население.

На Србите изгледа им се чинело сосема непотребно во исто време, со минимално до-
датно залагање, да се потрудат да го докажат и не-грчкиот карактер на македонското
население, та воопшто не се потрудиле да ја побијат оваа апсурдна помисла.

Наместо тоа, Србите засилено делуваа на административен план: веќе во 1887 год.
српската влада донесе специјален реферат за српските цркви и школи "надвор од Срби-
ја"(!). Во 1889 год. за оваа цел се формира посебен оддел во, интересно, Министерството
за надворешни работи - а не во Министерството за внатрешни работи или култура!

Во 1889 год. кралот Милан му го препушти тронот на својот 13-годишен син Алек-
сандар, кој пак ја продолжи проавстриската политика на својот татко уште неколку го-
диви. Со оглед на тоа што Милан и Наталија веќе со години беа разделени, Русите во
него го изгубија сигурниот бастион во Белград. Кралицата Наталија емигрираше и при
една посета на Виена мораше да се соочи со сите непријатности на политичко-дипло-
матскиот занает; според А.Х. Кобер (A.H.Kober), таа од тамошниот руски пратеник бе-
ше известена за следнава одлука:

"Откако Кралот Милан ја прифати и ја искористи силната помош од Русија и во мир и во
војна. и се фрли во рацете на Австрија, и склучи со неа спогодби и трговски договори.
Царот се надеваше ... дека Вашето височество може да даде отпор на овие стремежи, и
повторно да го воспостави руското влијание во Србија: овие надежи, за жал, не се оства-
рија.""... Гледаме дека вие повеќе немате никакво влијание во Србија."166

Во 1890 год. прорускиот регент Ристиќ искористува прилика да договори средба на
младиот принц - исто како и со неговиот татко пред 20 години - со рускиот цар (во ме-
ѓувреме Александар III) Една година подоцна, младиот претендент за круната нареди да

се отруе регентот. (За овој чин - но пред се за проавстрискиот став - Александар по не-
колку години ќе плати со својот живот. Види под 2.1.6)

Консеквентната линија на младичот содржи застрашувачки потези: Во 1893 год., со
16 години, спроведува државен удар. И тоа успешен.

2.1.4 Автономија или делба

Новинарот Франклин Бујон (Franklin Bouillon) од парискиот весник "Фигаро" ("Figaro")
во октомври 1897 год. спроведе серија интервјуа со српски и бугарски државници, кои
беа отпечатени и во "Пестер Лојд" ("Pester Lloyd").167 Тоа беше 20 години по Берлинскиот
конгрес - доволно време за да се дојде до јасна претстава за позициите. Во интервјуата
се јавуваат два термина, кои во однос на Македонија, уште тогаш се сметале за мошне
важни. (Цитатите кои следат се од истиот извештај.)

Мнозинството бугарски соговорници биле сконцентрирани кон мислата за автоно-
мија за Македонија. Србите, пак, тврдеа дека со ваков чекор би се одложило решавање-
то на прашањето за турските поседи во Европа, за да на Бугарија и се даде време за раз-
вој на стопанството и за подготвување. Понатаму, Белград ги обвини Бугарите дека, ис-
то како што се случи со автономната Источна Румелија, очекуваат автономна Македони-
ја еден ден да им падне в раце. Српскиот премиер Симиќ со следниве зборови го искажа
својот впечаток за намерите на Бугарите: "Автономијата секојпат оди рака под рака со
припојување." Од друга страна, бесполезно било да се чека на исходот од реформите, (кои
на Османлиското царство му беа наложени на сите конференции и во многу договори, но
секојпат останувааа неспроведени), бидејќи овие поради "бавноста на Турција на Ориентот
се неможни", па би требало "уште денес да се согледа неопходноста од поделба."

На ова Бугарите одговорија дека не можат да склучат сојуз со Србија, со аргументи

дека

"Србите кон бугарска Македонија имаат претензии кои не можат да ги поткрепат." Отта-
му "е невозможно да се разграничат сферите на влијание." "Делба... на нешто што, според
правото. сметаме дека нам ни следува, не доаѓа в предвид."

Поранешниот српски премиер Новаковиќ можеше да си дозволи на "Фигаро" да му

го соопшти реалното признание:
"Да ја говориме вистината, Бугарите, Србите и Грците, никој од нас не е подготвен да ја
започне битката која ќеја одреди судбината на ориентот."

Имајќи ги в предвид чистата калкулација со моќ, која стоеше зад српските планови
за поделба, делува речиси наивно-иделистички кога човек го чита искрениот и претпаз-
лив став на германскиот генерален конзул во Софија кој тој го изјави една цела година
додоцна во врска со овој план:

"Српско-бугарскиот договор за разграничување на сферите на интересите во Македони-
ја, кој во основа не е ништо друго туку очекуваната поделба на оваа турска провинција, и
кој не содржи ниту план за практично спроведување ниту пак за одржување на редот и
мирот во дадената област, не може да очекува одобрение или поддршка од Царската вда-
Да..."168

Како да на Србите и Бугарите (или пак Ррците) им е до "одржување на редот и ми-
рот" во Македонија!

Сепак, заклучокот сосема точно и концизно го пренел ставот на владата на Рајхот и
особено кајзерот Вилхелм II (Wilhelm II).

Но: подоцна ќе се покаже дека и ваквите параметри, кои важат за непроменливи, не-

когаш се подложни на измени.

Колку многу продолжената австриска окупација на Босна влијаеше врз балканските
односи, и дури и врз Македонското прашање, се гледа од зборовите на поранешниот бу-
гарски премиер Драган Занков (кој беше еден од одговорните за падот на првиот владе-
тел на Бугарија околу 10 години порано, грофот Александар фон Батенберг (Alexander von
Battenberg):

„• "Откако Австрија ги зазеде Босна и Херцеговина, две српски провинции, се трудеше оваа
анексија да биде заборавена, со тоа што на властите во Белград им вети компензации најуг."

А на југ беше Македонија.

Иако во текстот на Берлинскиот договор од 1878 год. во членот 25, уставно-правно
стануваше збор за окурација, Занков всушност говореше за анексија, како да уште во
1897 год. насетувал каков епилог, околу 10 години подоцна (1908), ќе има авантуристич-
ката политика на Австрија. Конкретно за Македонија, тој додаде:

"Надвор од територијата на Косово, не постои српска Македонија, од проста причина
,што во Македонија нема Срби."

Со ова бугарскиот премиер сосема точно ја опишал ситуацијата. (Секако, не додал
дека истото се однесува и на Бугарија.) За жал, овој настан во следните 100 години пос-
тојано е порекнуван и прикриван, и од Србите, и од Бугарите.

Со оглед на тоа што, конечно, во 1913 год. навистина дојде до поделба на Македони-
ја, очигледно е дека уште додека траеле балканските искривоколчувања во врска со
предметот на трговија со Македонија, од политичкиот пристап јасно се открила вистин-

ската ситуација:

Доколку и едната и другата влада биле толку убедени дека местото на Македонија и
е во склоп на нивната држава, тогаш не би прифатиле никакво тргување околу тоа со
владата на соседот.

Бугарија никогаш не би побарала автономна Македонија - освен за да и се спротив-
стави на Србија ,(а подоцна и на Грција)-доколку навистина била убедена дека Македо-
нија е бугарска. Следствено, Белград веднаш ги откри вистинските намери на Бугарите.

Уште понеконсеквентна беше српската страна: доколку Македонија порано нависти-
на била српска област, српските власти никогаш не би се согласиле на поделба.

Србите, и покрај нивната православна вера, се чини не се сосема запознаени со биб-
лијата, инаку тие немаше толку непростливо да ја занемарат соломонската пресуда за
поделба на детето, за конечно без секое сомнение да се открие вистинската мајка.

Но тука се работеше за две грабливки кои се бореа за што поголем дел од пленот, со
кого немаа ништо заедничко.

Во неговиот пропратен извештај, пратеникот в. Векер-Готер (v. Waecker-Gotter), во
два случаи навлегува во детали:

1.) "Што се однесува до проектот за автономно уредување на Македонија, кое беше лан-
сирано од бугарските власти, како што можам да забележам од изјавите на тукашните
бугарски агенти"169, програмата се уште се составува, и на ова од српска страна, исто како
и тогаш, се уште се гледа како на неизводлив и злонамерен експеримент. Само Новако-
виќ, со оној нему својствен идеализам на воодушевени професор по историја и археолог,
можеше да се загрее за овој тројански коњ, со кој во Македонија требаше да се прошвер-
цува хегемонијата на бугарштината."

Навистина, пратеникот не можеше попрецизно да ги опише односите.

Екс-кралот Милан поинаку гледаше на работите. Иако помалку образован од про-

фесорот, тој ја намириса бугарската стапица и преку синот Александар ја одби оваа по-
нуда:
Нема да се испрати "тројански коњ" кон Скопје (ниту пак Солун ниту Охрид...)!

2.) "Балканскиот сојуз", како што отсекогаш бев убеден, е една Химера - сега уште по-
голема од порано - и доколку се создаде ќе значи избивање на војна помеѓу малите бал-
кански држави."

Колку само беше во право. За жал на Македонија.

2.1.5 Илинденското востание

Авторот можеше да се увери дека за неуспешното Илинденско востание од 1903 год.,
кое доведе до формирањето на Крушевскаша Реиублика. е многу поопширно пишувано
во списите на политичкиот архив - во стотиците томови за Турција - и тоа низ значител-
но подолг временски период и на забележително поголем географски простор, отколку
што може да се претпостави по кусите ознаки "Илинден" (на 2. август) и "Крушево". За
разлика од тоа, во делот од списите на тема "Балкански сојуз", за ова востание има само
еден извештај:

Од весникот "Уставна Србија", службениот орган на повеќето радикали, во кој е пре-
земена една статија од листот "Застава" од Нови Сад, претставништвото во Белград ци-
тира пасуси за очајната ситуација во Македонија и итната потреба од еден Балкански,
или барем словенски сојуз. Известувачот ги посочува жртвите и сосема отворено ги об-
винува соседните држави: ' .

"Во Македонија и во Стара Србија се уште горат бројните запалени села, а илјадници жи-

тели пребегаа во планините."170

Бугарија најмногу го поттикнуваше востанието, но и ја стори најголемата грешка:

сакаше се сама да стори, но сепак да не влезе во војна. Доколку претстојната зима не се
искористи

"за да балканските држави најдат заедничко разбирање, тогаш нема да има ослободување за Стара Србија и Македонија..."

Доколку не успее создавањето на сојуз, овие држави ќе мора да се откажат од нивните стремежи, кои сами не се во состојба да ги спроведат, и кои уште повеќе им штетат на нивните браќа. Во името на "многуте илјади беспомошни лица..., кои талкаат по тмурните и студени гори во Турција,

"... мораме да им порачаме на засегнатите: Онака како што досега постапувавте, никој не

ги ослободува своите браќа!" (исто) '

Од начинот на кој што новинарот го составил својот извештај, се чини дека е убеден во искрената спремност на соседите да им помогнат на своите христијански македонски браќа, и дека стоењето на страна го смета за погрешна политика, неуспех или, во најдобар случај, за недоразбирање. Всушност, мора да му се чинело сосема логично да оние народи, кои за ослободувањето од Турците беа помогнати од големите сили, сега треба да им помогнат на другите народи во нивното ослободување, штом - или поточно токму затоа што - Големите сили им откажаа поддршка.

Доколку во Македонија, како што постојано се тврдеше, навистина живееа Срби, Бугари и Грци, тогаш соседите би им помогнале на истиот начин како што Бугарите им

помогнаа на своите бугарски сонародници во Источна Румелија, или пак Грците на своите грчки сонародници во Тесалија. Но бидејќи всушност се работеше за "туѓ" народ, Македонци (кои поседуваа сопствен идентитет, но, се уште, не и своја држава), словенските братски народи се задоволија со тоа да ги поттикнат Македонците да го запалат огнот, и потоа да ги остават сами да се борат со него.

Има уште нешто, за што Едит Дурхам (Edith Durham), искусниот експерт за Балка-
нот,известува:

"Се испостави дека несреќното население во востаничките места беше излажано да веру-
ва дека Русија, како и во 1877 год., ќе поита и ќе им помогне во нивното ослободување!"171

Нескриеното обвинување на известувачот ја раѓа помислата дека зад односот на Бу-
гарите и Србите не се крие несмасност или неуспех, туку калкулација: десеткувањето на
борбено способното македонско население им одеше во прилог на соседите, кои и онака
имаа намера во блиска иднина самите да ја поробат проблематичната територија: а до-
колку има помалку борци кои би им се спротивставиле на напаѓачите, во моментот кога
ќе ги препознаат како такви, а не онака како што лажно се претставувале со години, то-
гаш ова само им оди во полза на агресорите.

Ова не е обична шпекулација. Споменатата г-ѓа Дурхам во своите сеќавања пишува:

"Во Македонија го открив ... интересниот факт дека ... христијанските балкански цркви
ги држеа Турците на власт. Грците и Србите организираа банди на комитаџии и ги испра-
ќаа во Македонија, не за да 'ги ослободат христијанските браќа' - не, тоа најмалку го са-
каа - туку да им помогнат на Турците во угнетувањето на 'христијанските браќа'".172

На следната страница заклучува:

"Ова беше христијанството за коешто тогаш се молеа во европските цркви."

Тука треба да се разгледа уште еден аспект:

Во текстовите, отпечатени пет години по востанието, та затоа можат да се сметаат
од истото време (по оваа фаза на рефлексија тие дури се најдоа и во лексикон за конвер-
зација), се гледа дека по ненадејното избивање на македонското востание пролетта 1903
год., кое подоцна доведе до Илинденското востание (во август), Русија и Австрија (се-

која поради свои специфични интереси), на соседите на Македонија им испратија пре-
дупредувања, за да се задржи мирот (!) да не се мешаат во Македонија, т.е. со други збо-
рови (доколку воопшто имале таква намера), да не им помогнат на Македонците!173

Ова е збунувачки - бидејќи нецели 10 години подоцна, 1912 год., кога соседите Срби-
ја, Бугарија и Грција, уште повеќе се вмешаа и не се задоволија само со пружање помош
на востаниците, туку го прекршија ветениот мир и директно ја нападнаа Македонија, со
цел да ја поробат, - немаше никакво предупредување од Големите сили сепак да се зачу-
ва овој мир!

Подоцна се испостави дека Русија и другите две членки на Антантата не само што
детално биле запознаени со планот на Балканскиот сојуз, туку и самите го ставиле во
движење.

Оттаму може да се заклучи дека мора да постоел договор помеѓу Големите сили и
агресорите во поглед на нивните планови за анексија. Така пак се доаѓа до заклучокот
дека силите на Антантата намерно ја жртвувале Македонија на Србите, Бугарите и Гр-
ците.Зошшо?

Ова не беше случајност, туку династичка поддршка од страна на велесилите во полза
на балканските монархии, на прво место Грција, - поради стратегијата на Антантата кон
Двојниот сојуз.

——Ханс Лотар Штепан ——

2.1.6 Идејата за национална држава

Најпрво да спомнеме една околност, која хронолошки припаѓа на ова место:

Во делот 2.1.3 беше кажано дека кнезот Александар Обреновиќ ја продолжи проавс-

трискатa политика на својот татко. (И покрај сите отпори и преколнувања склучи неза-
конски брак со Драга Машин, поранешна шансонетка од Унгарија.174) Кога офицерите-
заговорници ноќта помеѓу 10 и 11 јуни 1903 год. ги убија кралот Александар и неговата
свршеница (со тоа фамилијата Обреновиќ престана да постои), светската јавност беше
убедена дека станува збор за уште еден чин од серијата страшни непријателства помеѓу
ова семејсгво и кланот Караѓорѓевиќ. Наследникот на Александар, Петар Караѓорѓе,
постепено се врати кон проруската, анти-австриска надворешна политика, - но тоа зна-
чеше и враќање кон старата идеја за Голема Србија (Омладина). Но ситуацијата на Бал-
канот од темел се измени дури кога "Србија во 1906 год. конечно се ослободи од австрис-
кото старателство".175

Една година подоцна се покажа дека оваа промена на правец беше вистинскиот мо-
тив за крвопролевањето во ноќта летото 1903 година.

Како што г-дин Фон Розен (von Rosen) по телеграф го извести Министерството за
надворешни работи, холандскиот министер за надворешни работи на царскиот прате-
ник во текот на Првата светска војна му рекол дека "убиството на српскиот крал извр-
шено во 1903 година ... исто така беше по налог на Антантата".176

Значи Крал Александар мораше да плати со животот за Србија да се врати на стра-
ната на Русија, и, што беше уште поважно, да се оттргне од Австрија.

Тоа беше во 1903 година! Нека никој не тврди дека Првата светска војна не била многу долго подготвувана.

Антантата официјално беше склучена една година подоцна. Но заедничките дејству-
вања сигурно не започнале дури со звукот на гонгот по потпишувањето. Напротив: јав-
ното склучување сојуз служеше како официјализирање на одамна планираните, односно
спроведените заеднички дејства, - да не споменуваме дека Русија можела да ја кова оваа
завера и без согласност со Антантата.

Што се однесува пак до "исто така": Овие зборови холандскиот министер за надво-
решни работи ги искористил во разговорот со германскиот пратеник во врска со ситуа-
цијата во Грција, бидејќи според неговите информации падот на грчкиот крал Констан-
тин неколку дена претходно (тоа во овој случај значи во јуни 1917 год.) "исто така беше
по налог на Антантата."

Долгорочно планирање. Но за тоа подоцна.

А сега кон темата на овој дел и со тоа кон новиот крал Караѓорѓе:

При опишувањето на славењето по повод крунисувањето на кнезот Петар Караѓор-
ѓе за српски крал во 1904 год., германскиот пратеник во Белград во неговиот извештај
за оваа пригода додаде неколку генерални изјави околу развојот на сопственото наци-
онално чувсшво.177,Таму пишува:

"Јавното истапување во преден план на претставниците на Црна Гора и на Бугарија на

прославата по повод крунисувањето во Србија и даде отслотворување на оваа мисла, која
сигурно повлијаела во фантазијата на толпите Словени кон од Далмација, Хрватска, Сла-
вонија, Босна и Бугарија течеа како река кон Белград. За прв пат во поновата историја
на Србија племенски сродните словенски народи со почит и возбуда заради националната
гордост можеа да го гледаат кралскиот престол поставен во Србија и го видоа опкружен
со сведоштва за пријателство на двете останати балкански држави."

Следи набројување на династичките личности кои беа групирани околу стариот

престол во преполната српска православна катедрала во Белград. Потоа г-дин Фон Хај-

кинг (von Heyking) продолжува:

"Во моментите пред давањето на благословот, кога сите ирисутни, заедно со кралот,

клекнаа на колена и од горе, од хорот, машките и женските гласови без придружбајаза-
пеаја познатата тажна молитва на грчката црква "Госиоди помилуј". кралот, понесен од
чувствата поради крунисувањето, заедно со сиот негов народ. сакаше да побара света
прошка за се што згрешиле и не згрешиле."178

Иако Србија уште во 1217 год. под водство на синот на големиот жупан Стефан Не-
мања беше кралство и тоа и остана се до битката на Косово Поле на 28 јуни 1389 год.,
како што пратеникот анализираше при оваа пригода, по вековното турско ропство мо-
раше допрва да се разбуди националната свест. Не е омаловажувачки за вредноста на
српскиот народ тоа што во извештајот се констатира дека во тој миг, се уште не постое-
ла српска нација. Покрај заедничките искуства во востанијата за слобода и независност,
неопходни беа и симболични дела за раѓањето на свеста за заедничката припадност, која
морала да била уште поинтензивно прифатена со оглед па тоа што православната црква
со векови беше единствениот цврст заштитник за зачувување на културната засебност,
а со тоа и за преживување на чувството на засебна заедница. (И Бугарите, како што пи-
шува проф. Аданир, во XIX век беа сосема различни отколку во средновековниот пери-
од.179)

Истите процеси може, всушност мора да му се признаат и на словенското племе кое
живееше во Македонија. Отсекогаш постоеше свест за заедничка култура и минато, но
македонскиот политички идентитет, без воена помош од надвор (уште полошо: против
отпорот на соседите и против волјата на династичките кругови на европските велеси-
ли), не можеше да се потврди против турската окупација.

Но "по Берлинскиот конгрес (1878) и настанувањето на Македонското прашање кај Ма-
кедонците започна да се раѓа сопствен национален идентитет".180
Авторот би сакал да го додаде следново: "најдоцна". Бидејќи и бројните македонски
востанија пред 1876-1878 год. не можат да се замислат без едно чувство на заедничка

припадност. Проф. Вајтман го проширува временскиот период за создавање на национален идентитет се до XX век:

"Чувството за македонски јазик, историја и националност, во иста мера независни од Србите и Бугарите, поттикнато од титоистичката државна мисла, кај словенските жители на Македонија доведе до чувство за засебност."181

Само затоа што создавањето држава во Македонија беше задоцнето, од причини кои не зависеле од нејзините жители, нејзината слобода и независност не ја прави помалку вредна отколку онаа на останатите балкански народи. Затоа на Македонците не смеат да им бидат оспорени целосниот идентитет, државноста и независноста од нивните соседи.

Времето на појавата на идејата за национална држава кај сите народи во југоисточна Европа, Георг Штатмилер не го одредува прецизно, туку двигателот за раѓањето на националната свест го гледа во напливот на новите идеи од Западот:

"Како резултат, дури и во територииите под Османлиска власт сосема се промени значењето на терминот 'нација'. Дотогаш 'нација' се поистоветуваше со религиозна заедница. Конфесијата служеше како белег за разликување. Така беше и во грчката борба за ослободување, во која православните Грци и православните Албанци заеднички се бореа против муслиманите Турци и муслиманите Албанци. Со доаѓањето на западното значење на

терминот нација, белег на националната припадност стана јазикот наместо конфесијата. Со тоа беа поставени идеолошките предуслови за настанување на модерни национални држави на Балканот."182

2.1.7 Српски документ за Македонија од фундаментално значење

Министерството за надворешни работи во својот архив чува еден документ од 1904

год., кој е од исклучително значење за Македонија.'

Во еден нзвештај упатен до германскиот канцелар и министерот за надворешни ра-
боти(од 1897 год. гросфот Фон Билов), пратеникот во Белград ја пренесува содржината
на една статија, која извесен г-дин Балугџиќ ја објавил во еден берлински весник во 1886
година. Балугџиќ во тоа време беше одговорен за односи со јавноста на кнезот Петар
(Караѓорѓевиќ), кој во тоа време живееше во егзил во Женева. и уште тогаш ја ужива-
ше неговата доверба. Во 1904 год. одлучил - можеби под влијание на Илинденското
востание, задушено есента 1903 год. - истата статија да ја објави и во својата родна земја,
и тоа во органот на Младите Срби, "Словенски Југ". списание на кое и самиот бил прет-
платен. Балугџиќ се уште бил одговорен за односи со јавноста, но сега на кралот Петар,
и статијата даде да се објави неколку недели пред крунисувањето, кое беше извршено
на 21.9.1904 година.

Во статијата "сите претензии кон Македонија се оценуваат како скршнување во погрешна насока."

"Пред австписката окупација на Босна, никој во Србија не помислил на искажување пре-
тензии кон Македонија." "... се додека Србија ги бараше своите брегови на Јадранското
море, немаше тврдења дека во Солун има српско населенне." "Дури откако на Србите, со
насилен акт на Берлинскиот конгрес, им беше одземено природното право, поради исто-
ријата и јазичните граници, да се прошират кон Јадранското Море, со вештачка агитаци-
ја погледот на српската политика се сврте кон Македонија."183

Сензација!!Ова признание мора и денес да одзвонува како откровение во македон-
ските уши!

Уште две забелешки за дополнување:

1) Очигледно е колку Австрија, со своето долго планирано бесмислено посегнување
по Босна, силно влијаеше и врз судбината на Македонија:

2) Балуѓиќ и Младите Срби, очигледно под покровитслство на самиот крал, се стре-
меа кон искрено помирување со Бугарите во полза на мирот на Балканот и јакнење на
поеднначно слабите сили за самоодбрана од напад од надвор. Колку овие стремежи беа
искрени и умерени. се гледа од заклучната реченица во овој текст:

"Во моментот кога Србија ќе се откаже од неоснованите претензии кон Македонија, ќе
биде отргната единствената пречка која стои на патот на вистинското збратимување со
Бугарите."183

Покрај мошне отвореното признавање на вистината. се забележува дека српските
рани од австриската окулација на Босна, дури и четврт век потоа, се уште не се зале-
чени. Поради оваа нанесена болка, Австрија и Германија - ќе се соочат со трагични пос-
ледици:

Како и Русите по Берлинскиот конгрес. така и Србите главната вина за лошата пре-
суда не им ја припишаа на Австријците и на Англичаните (кои го дадоа предлогот во
полза на Австрија), туку на Германците: Русите, кои по 8. руско-турска војна, преполна
со жртви, се почувствуваа измамени за нивната заслужена награда; Србите, затоа што

-МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗОЛ ——

Австријците - поддржани од Германскиот Рајх " пред нив влегоа во Босна. Српскиот бес
спрема Австрија (и Германија) постојано се зголемуваше поради тоа што Србите веру-
ваа во ветувањата на Виена, т.е. дека во догледно време ќе дојде до повлекување од Бос-
на, верување, кое од година во година носеше разочарување.

Кога со подоцнежната анексија (1908) стана јасно дека Австрија си го прекрши збо-

рот, Србија - поддржана од Русија, Франција и Англија - реагираше уште погневно. Овој
гнев го зголемуваа и понатамошни шпекулации за, на пример, марш на Австрија кон
Солун, па дури и на Константинопол.

Воопшто не изненади што статијата на Балуѓиќ предизвика жестока полемика во
останатиот српски печат. Еден опозициски весник ја нарече оваа идеја "предавство на
татковината". Вестите од Македонија - лансирани во вистинско време (?) - за "варвар-
ското однесување на бугарските комитски банди кон српските жители во Македонија"
не придонесоа за смирување на духовите во српскиот печат и јавноста.
Кај "делот млади, европски образувани српски политичари" пак "желбата за формирање на Балкански сојуз на трите словенски држави" беше толку сил-
на, "што за оваа цел се спремни да ги жртвуваат националните надежи кон Стара Србија".
Но затоа пак, според пратеникот Фон Хејкинг, "овие млади луѓе ја негуваа илузијата дека
Балканскиот сојуз ќе им послужи да ги протераат омразените Австријци од Босна."183

Оваа варијанта на очекувањата од Балканскиот сојуз во годините од неговиот развој
до постанокот во 1912 год. сепак беше само епизода. Во секој случај, растежот на

"српските аспирации за обединување со босанските племенски браќа, кои страдаа под ту-
ѓа окупација" во Виена беа опишани како "лошо расположение".183

Nota bene : под "туѓа окупација" не се мислеше на Османлиското царство, туку на Хабз-
буршкото царство.

Како резиме мора да се заклучи дека обидот на Балуѓиќ за објективен поглед набр-
зо беше надвладеан од српските националистички интереси.

Исто така, во поглед на темата и денешна Република Македонија, останува да се зак-

лучи дека отпаѓа можноста Србија да е првостепен аспирант за македонската територи-
ја, бидејќи Србија немаше со што да ги оправда своите претензии. Нејзините постојани

напори да ја освои и анектира македонската земја од Османлиското царство - што
1912/13 год. и појде од рака - оттаму не беа ништо друго туку насилни акти по империја-
листичкиот урнек и не можат да се гледаат како "ослободување" на "српските" држава-
ни и поседи во Македонија.

На почетокот на овој дел беше речено дека Балуѓиќ својата статија ја објавил уште
1886 год., и тоа во Берлин. Тоа што во странство во тоа време не настана таква бура, ка-
ко во 1904 год. во неговата националистички настроена Србија, е затоа што информаци-
ите, кои во 1904 год, беа третирани како разоткривање и државно предавство, 20 години
претходно во Берлин, и покрај тоа што плановите на соседите да му ги "продадат" на
светот сопствените претензии како историски неминовни веќе беа ставени во движење,
се уште не беа довеле до целосното, резигнирачко негирање на засебноста на Македон-
ците. Статијата на Балуѓиќ всушност кусо и едноставно ја опиша реалната состојба -
немало причини за зачуденост или пак протести во Германија. Од друга страна, Србите
не сакаа да ја признаат вистината; напротив, се трудеа да ја прикријат и потиснат,
Ова се покажа и во историографијата: Јута де Јонг известува околу напорите на ис-
торичарите во сите соседни земји да ги внесат нивните наводно научно втемелени аргу-
менти во борбата за Македонија, пишува

——Ханс Лотар Штепан —

Дека "Карл Хрон (Karl Horn) уште во 1890 год. на словенските жители на Македонија им
додели посебна етничка ролја. Ова, две децении подоцна, е потврдено и од еден Србин,
географот Јован Цвијиќ, со неговиот 'македословенскн' компромис. [види во делот во во-
ведот, 1.2.3] И во помалку модерните претстави - на пр. на Дакин (Dakin), Овингс (Owings)
и особено Фишер-Галати (Fischer-Galati) - не се негира постоењето на засебна македонска
струја".184 И како дополнување од нејзината фуснота бр. 34: "Една посебна интерпретација

нуди ... Ставрианос (Stavrianos)... кој ги класифицира жителите во централниот дел на ма-
кедонската област како 'being distingtively Macedonien'".

Отпорот на шовинистичките соседи против правото на постоењето на Македонците
сигурно го забележал и Хрон. Основано ја дава следната изјава, која Јута де Јонг ја ци-
тира во друга фуснота (бр, 32), и гласи

"Дека засебниот идентитет на Македонците, со понатамошното истражување, ќе станува
се појасен."

2.1.8 Србија - Стара Србија (Косово) - Македонија

Што се однесува до невообичаениот совет на Балуџиќ, Србија да се ограничи на об-
ластите кои некогаш навистина и припагале, тогашниот одговорен за односи со јавноста
не бил исклучок; имаше и други умерени политичари.

Така, на пример, цитиран е српскиот пратеник во Рим, Миловановиќ, који покрај
тоа што аспирациите на Србија и Бугарија беа насочени кон истата цел, кон Македони-
ја, во тоа не гледа пречка за потесна соработка, ниту пак за геополитичка воздржаност
на Србија:

"Србија не може, како што и налагаат интересите, да се прошири на море... Патот кон
нејзиното природно море, Јадранското Море, и е пресечен од Австрија. Исто така, мора
да се откаже и од проширувањето кон Солун. Србија, при поделбата на Македонија, мора
да се задоволи со Стара Србија и наместо тоа да се осигура дека патот за извоз преку Со-

лун ќе и биде отворен."185

"Поделбата на Македонија", која и самиот ја бара, ја ограничува на Стара Србија,
Косово, каде со право може да се говори за српско население.

Она што може да се забележи во размислувањата на српскиот пратеник е претпазли-
вото застапување на интересите за надворешна трговија на Србија, која немаше пристап

на море. И покрај подготвеноста за политичка и воена воздржаност, и тогаш мора да им
било јасно дека транспортниот пат од Белград кон Егејот, значи долж прастарата траса
по долината Морава-Вардар, мора да остане отворен. Ова е комплекс кој и во денешно
време е од егзистенцијално значење за Република Македонија, што се покажа и во слу-
чајот со самоволната стопанска блокада на Грција кон Македонија од 1992 година.

Во поглед на албанското прашање во Стара Србија, односно Косово, во еден извеш-
тај на пратеништвото во Белград се јавуваат интересни размислувања, кои поради своја-
та актуелност заслужуваат поопширно да се цитираат. Во исто време нудат очигледна
потврда за она што денес може да се прочита во историите, односно да се види во доку-
ментарните емисии.

Пратеникот Фон Ратибор (von Ratibor) коментира еден разговор со српскиот премиер
Пашиќ:
Овој не може ,а да не забележи "дека во Стара Србија Србинот"186' се повеќе се повлекува
пред Албанецот. Овој процес не е со нов датум, познато е дска започнал уште кон крајот
на XVII век, кога 500.000 српски жители водени од митрополитот од Пеќ се преселија во

Унгарија, а на нивно место дојдоа Албанци. Српскиот род се посилно и посилно беше по-
тиснуван од албанскиот елемент, така што денеска цели места, кои порано биле српски,
се албански. Србите, притиснати од туѓо племе, се најдоа во незавидна положба. Евенту-
алната автономија на Албанците, дури и само во областите по географското разграничу-
вање под палка иа г-дин Пашиќ [се работеше за пропинцпите Јанина и Скутари], како
последица можеше да има само уште еден чекор напред во потиснувањето на српскиот
од страна на албанскиот елемент во Стара Србија.'187

2.1.9 1908 годшна - Анексијата на Босна

Потоа дојде немирната 1908 год., а со неа и младотурската револуција (во јули). Таа
изврши големо влијание и го забрза донесувањето на важните одлуки во југоисточна
Европа. Но и самите младотурски револуционери, под влијание од надвор, беа натерани
на компромиси. Германскиот канцелар Фон Билов во неговите "Знаменити настани"
укажува на следниов интересен факт: Турската револуција. која тој ја опишува "како
прочистувачка бура" во спарната атмосфера летото 1908 год. во Европа,
"делумно беше предизвикана и поради плановите за реформи во Македонија, изготвени
од Русија и Англија во Ревал."188

Според гледиштата на "турските патриоти", султанот Абдул Хамид "не пружил до-
волно отпор" на европските планови за реформи. (За тоа што претпазливиот канцелар
изгледа налетал на англиско-руски маневар за залажување, ќе се говори поопширно во
5.дел.)

Како и да е - дојде до познатата реакција во низа:

Кнезот Фердинанд во Софија ненадејно ја прогласи бугарската независност. Она
што уште повеќе го налути царот Вилхелм II, повторно според зборовите на тогашиот
канцелар, покрај падот на неговиот "специјален пријател" Абдул Хамид, беше што Фер-
динанд згора на се се осмели да се круниса за крал, без да го праша него, Вилхелм.

Ова беше доволно комплицирано. Но што е ова во споредба со австриската анексија
на Босна и Херцеговина, која влијаеше врз светската историја! Тоа можеше да заврши
само со катастрофа.

Во почетокот се беше мирно на Балканот, главно затоа што Русија знаеше како да
ги смири огорчените Срби, иако и самата беше шокирана од ова прекршување на Бер-
линскиот договор и (наводната!) различна интерпретација на преговорите во Рајхштат
и Бухлау. Но, по Ревал се јави една долгорочна перспектива, која на Русија и останатите

две членки на Антантата им беше многу поважна од Босна (и Србија), што одлучија, и
покрај големата пропагандна врева, работите сепак да не отидат предалеку. Причината
е мошне едноставна: на Антантата и се чинеше дека е премногу рано да започне кавга
со Германија и Австрија; подготовките во Русија и Франција се уште не го достигнале
планираното ниво.
Оттаму не изненадува што, дури и во оваа експлозивна ситуација по австриската
провокација, германското пратеништво во Белград извести дека, според српскиот пе-
чат, рускиот министер за надворешни работи Исволски препорачал "трпеливо да се при-
чекаат дипломатските разговори". Од српска страна, тие "од ваквите разговори досега
многу малку профитирале." (Навистина безобразно! Од каде и на Србија храброст за
ваква дрскост?)

Тука пратеништвото заклучува дека

"вистинскиот, депримирачки впечаток" во водечките кругови не се пренесува во печатот.
Во секој случај, би погрешиле доколку би сметале дека "Србија трајно се откажала од
своите 'права' и од напорите за добивање на истите. Можеби некое време Србија ќе
• .
остане мирна..."189

Но не остана мирна.

Србија не можеше сама да се крене на оружје, та истиот месец, октомври 1908, склу-
чи воен пакт со Црна Гора. Ова е значајно, со оглед на тоа што со години беа во доста
непријателски односи. Обете ги мобилизираа своите армии и беа спремни да маршираат
на Австрија, но беа спречени од Русија и Велика Британија. (засега!)

За британските, како и за руските стратези ова ќе беше предвремено и непотребно
трошење на енергија, која ја чуваа за попогоден момент - и тогаш не само за еден про-

тивник (Австро-Унгарија)!

Оти во текот на вилхелминскиот период во Лондон беше станало јасно дека на кон-
тиненталната рамнотежа повторно и е неопходна корекција од Англија. Избрзана реак-
ција на две потчинети - но во исто време неопходни - погранични држави можеше да
уништи се на патот кон оваа долгорочна стратешка цел. Затоа, вниманието требаше да
се сврти кон други ситуации - ако треба истите и да се предизвикаат.

Од воен аспект, српско-црногорскиот пакт не беше многу силен. Но спремноста вед-
каш да се тргнат настрана балканските кавги кога исто насочените интереси можат да
се вперат против заеднички надворешен непријател, еден ден, во не така далечна идни-
на, ќе се покаже на дело. Едно беше јасно и за инволвираните, и за набљудувачите:

Анексијата нема да мине неказнето.

Сосема јасни зборови.

Само на дворот, се чини, не сакаа да ги чујат. Ова имаше катастрофален исход: Ис-
кусните Хабзбуршки дипломати, преценувајќи се себеси, сосема ги потценија последи-
ците од нивниот империјалистички акт.

Но што се случуваше со германскиот кајзер? Судејќи по проучувањето на списите,
тој ги читал сите извештаи, и тоа темелно. Познато е дека во некои прилики неговите
реакции беа избрзани, но тој беше исклучително заинтересиран за политиката и заста-
пуваше високи етички вредности. Ги познаваше и сите личности кои се бавеа со полити-
ка - повеќето од нив сигурно и лично ги познавал. Зарем го пропуштил токму овој из-
вештај? Но во случај овој извештај навистина да не дошол до него од оправдани причи-
ни (здравствени проблеми, престој во некоја бања, да отишол на јавање...) - каде бил
германскиот канцелар фон Билов? Што помислиле во кабинетот или во повисоките
служби кога прочитале:

"Таа (Србија) сепак ќе продолжи со подготовките чекајќи подобри времиња."

Подобри времиња? Подготовки! Овој сарказам можел да остане незабележан само
поради некоја судбоносна случајност. Доволно е втор пат да се погледне и да се сфати
подлабокото значење на оваа игра со зборови.

На ова ќе се навратиме.

2.1.10 Српско-бугарско разграничување на областите од интерес

Историјата се доближува до една критична точка, конечното склучување на Балкан-
скиот сојуз, чиј точен термин тогашните учесници, нормално, се уште не можеа да го
предвидат, иако со децении се занимаваа со него и работеа за неговото остварување. По

последната година, револуционерната 1908, струите на историјата, кои досега многу бав-
но» па и тромаво течеа, добија на брзина и се приблснжуваа кон новата точка на кулми-
нација.

Прв принцип на сите српски влади во однос на Балканскиот сојуз беше девизата, со
која другите балкански држави требаше да се убедат во неизбежната неопходност од
еден ваков сојуз:

"Балканот на народите од Балканот, за да заеднички и солидарно се одбраниме од секак-
ва непријателска инвазија."190

' Варем така стоеше во доверливата инструкција од српската влада до нивниот прет-
ставник во Софија. Оваа претпазливост беше несомнено основана. Австрија тукушто :

му ја покажа на светот опасноста која потекнуваше од нејзината експанзионистичка по
литика; зборот умереност очигледно не постоеше во речникот на Хабзбурзите. Со тоа
Австрија неизбежно се најде на нишан на балканските држави, а пред се на Србија. Во-

едно, на јужната српска граница и понатаму демнеше една алчна и реваншистички нас-
троена велесила - Османлиското царство. Оттаму било каква разумна балканска поли-
тика би била насочена кон обединување на силите. Како прв соговорник за ова секогаш
се јавуваше Бугарија. Следствено на ова, српскиот министер за надворешни работи на
својот пратеник во Софија му наложи во односите со владата на земјата домаќин да се
раководи според следново правило:

"За оваа цел. Србија е подготвена со Бугарија да склучи не само царинска унија, туку и
воен пакт, на кој, според нејзиното мислење. треба да се приклучи и кнежевството Црна
Гора. Што се однесува пак до разграничувањето на сферите на ннтереси во Македонија,
Србија е во секој момент подтотвена за тоа да преговара со Бугарија." (исто)

Оваа идеја, како што беше кажано и претходно, не беше нова. Но се работеше за преминување од статусот на идеја во оној на проект.

Србија секако дека не беше секогаш искрена кон Бугарија, но во овој случај се рабо-
теше за сосема реален страв од Австрија и за стариот план за проширување на сопстве-
ната моќ на сметка на Македонија (и, доколку е можно: и на Австрија). Одредена доза
искреност беше неопходна.

Српското однесување кон Турција беше сосема различно, и соодветствуваше на пристрасното, дволично однесување со кое турските муслимани со векови, по религиски
легитимниот принцип (турски: takiye, арапски: taqqiah), ги заведуваа и мамеа христијани-
те.

Во овој поглед Србите се покажаа како добри ученици.
Пратеникот Фон Рајхенау (von Reichenau) го извести канцеларот, во тоа време д-р
Фон Бертман Холвег (von Berthmann) за две колумни во српскиот владин орган "Самоуправа" кои се однесуваа на една статија во турскиот весник "Танин". Таму

"се согледува можноста еден Балкански сојуз да служи за зачувување на слободата и
независноста на балканските народи, но во исто време се јавуваат стравувања... дека ОВОЈ
сојуз би можел да биде насочен и против Турција."191

Без сомнение, тој тоа и беше. Барем што се однесуваше до примарната цел на бал-
канските држави.

Антантата од своја страна се трудеше долгорочно да ги помести целите на активнос-
тите на балканските држави од Турција кон Германија и Австрија. Турција (која се уште
беше голема) требаше да се вклучи во синцирот составен од - по можност сите - балкан-
ски држави во сојузот на Антантата против Двојниот (Тројниот) Сојуз.

_____стр.80

—Ханс Лотар Штепан —

Ќе се покаже дека оваа идеална конструкција сепак не се оствари, бидејќи интереси-
те на балканските држави, за несреќа на Антантата, не беа истоветни со оние на нејзи-
ната политика.

Белградскиот владин весник во овој случај се обиде на ТурциЈа да и Ја нагласи безо-
пасноста на целите на планираниот сојуз: Ние Србите се чувствуваме должни отворено
да изјавиме

"колку се неосновани ... искажаните стравувања. Ситуацијата ... е толку искрена, што на-
вистина вреди да се потрудиме да се отстранат сите сомнежи и недоразбирања."

Преправањето продолжува: Целта и задачата на Балканскиот сојуз се :

"диктирани од трајното пријателско расположение и лојалниот однос на Србија кон Тур-
ција."

Ласкањето и умилкувањето кон апсолутистичките владетели отсекогаш било при-
сутно, - па и до ден-денес е. Но "Самоуправа" во нејзиниот обид за ублажување додава и
едно особено подло ласкање, со тоа што вели дека

"евентуален Балкански сојуз, кој смета на успех, не може да се замисли без ТурциЈа."192

Со ова, обидот за измама беше целосен. Прашање е само дали султанот, кога подоц-

на се нафатил за оваа идеја, сакал на една глупост да одговори со уште поголема или на-
вистина верувал во неа.

Тактиката на заведување доследно се спроведуваше. Како што може да се види од
извештајот на амбасадата во Константинопол, тамошниот српски пратеник очигледно
добро ги разбрал инструкциите, штом германскиот амбасадор по разговорот со српски-
от колега Ненадовиќ известил дека Србија ќе му се приклучи на Балканскиот сојуз, која
била желба на Русија (!), само под услов

"да не е насочен против Турција, туку и самата Турција да биде вклучена во него."193

Српскиот пратеник од баронот Фон Маршал (von Marchall) не скрил дека Бугарите
играат со отворени карти. Нивната девиза гласеше: да за Балканскиот сојуз, но само ако
се склучи без учество на Турција и биде насочен против неа. Ненадовиќ како причина за
ова ја-наведе недовербата, дека Србија секогаш морала да се варди од Софија:

"Србија ... треба само да го брани нејзиниот грб, за да оваа не биде попречена при оства-
рувањето на нејзините големобугарски планови." Па затоа "одржувањето на статус кво е
поприфатливо ... од настанувањето на голема Бугарија", бидејќи на Србија и се заканува
да биде притисната од два моќни соседа и да стане објект за компензации. (исто)

Во исто време германскиот амбасадор во Виена, од информациите добиени од руски
извори, веруваше дека постои постепено приближување на позициите на Србија и Буга-
рија. Клучната точка во односите помеѓу двете земји и понатаму беше Македонското
прашање. Досега сите обиди за разграничување на националните сфери во Македонија
пропаднаа поради "шовинистичката непопустливост, која беше присутна кај обете стра-
ни". Но сега, според господинот Фон Чиршки (von Tschirschky), постои напредок во пот-
рагата по

"согласност околу демаркационата линија,кој досега залудно се бараше. Услов за ова бе-

ше "секоја страна да ја повлече својата национална пропаганда од делот кој нема да биде
декларирана како нејзин".194

Со ова стана јасно дека не се работи за делови кои им припаѓаат, односно некогаш
им припаѓале, на Србите и Бугарите, туку за делови кои допрва треба да бидат "деклари-
рани" како нивни.

_____стр.81

——МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗОЛ——

Во овие зони, според договорот, треба да се стави во движење "националната пропа-
ганда", - без која Македонците никогаш не би дознале дека се всушност Срби односно
Бугари.

Преговорите за српско-бугарска демаркациона линија, спомнати во последниот из-
вештај од Виена, изгледа дека биле успешни, бидејќи неколку дена потоа пратеништво-
то од Белград извести дека српската влада одлучила

"да се откаже до српската пропаганда и српските училишта во јужна Македонија - одлука,
која според соопштението на конзулот на рајхот во Солун,во тамошниот вилает беше
делумно спроведена".193

Ваквата одлука никогаш не би била донесена во српскиот кабинет,доколку овие об-
ласти навистина некогаш припаѓале на Стара Србија.

Самоволието и бесрамноста што воопшто започна србизацијата во област, која I
иоставно беше дефинирана како српска, по се она што историјата нуди како информа-
ција за оваа тема, може повторно да се опише како зла последица на империјалистички-
от "дух на времето".

Откако толку ненадејно се дојде до согласност, двете земји се почувствуваа обврзани
да испратат "смирувачка нота" (токму така стои во текстот на извештајот) до Високата
порта како мерка на претпазливост, во која се гарантира

"дека ова приближување во никој случај не е насочено против трета сила, а најмалку про-
тив Турција, а животот во најдобри пријателски односи со неа е она кон што искрено и
упорно се стремат обете влади." (исто)

Султанот сигурно за малку ќе заплачел. Но Вилхелм II реално ги согледа фактите и
покрај овој пасус напиша - можеби и помалку драстично, но сепак освежително и точно
погодено: Глупости!

Вилхелм можеби насетувал дека Србите и Антантата на истиот начин ќе се однесу-
ваат и со Германија. Но не верувал дека неговите англиски роднини имаат капацитет за
олкава злоба.

2.1.11 Конференција на словенските социјалдемократи

Комунистите на XX век често заземаа објективен став кон националната засебност
на Македонците. Ова размислување можеше да се забележи за време на граѓанската
војна во Грција 1946-1949 год., кога на Македонците во Северна Грција (така Атина ја
нарекуваше Егејска Македонија од анексијата 1912/13 па се до 1985 год.), им ветија авто-
номија доколку им се придружат во граѓанската војна: таквиот однос продолжи и во мо-
дерно време. Дури и во времета на владеењето на премиерот Мицотакис, грчките кому-
нисти не земаа учество во ловот на вештерки на владата и на Грчката православна црк-
ва против Република Македонија.

Еден извештај од Белград нуди можност да се фрли поглед на тогашните активности
на - ако не комунистите, тогаш социјалдемократите:

На крајот на 1909 год. во Белград се одржа конференција на делегатите на социјал-
демократските партии од балканските држави. Дури и по составот на учесниците може
да се согледа нешто необично, што српската влада, имајќи ги в предвид нејзините наме-
ри за анексија, никогаш не би дозволила во оваа форма да се појави во официјална при-
года: на листата испратена од претставништвото, покрај социјалдемократите од Србија

(12 учесници), Бугарија (11 учесници), Хрватска (3 учеснnци), Босна, Херцеговина и
Црна Гора (по 1 учесник) се најдоа и имињата на 4 учесници од Македонија.196

Овие не можеле да бидат српски или бугарски Македонци, инаку би биле заедно со
своите сонародници на листата, а уште помалку грчки, кои како не-Словени воопшто и
не присуствувале, туку се работело за автохтони македонски социјалдемократи.

2.1.12 Статус кво

Тема околу која постојано се дискутираше во деценииите помеѓу Берлинскиот кон-
грес и Балканските војни, поради тоа што ги засегаше политичките концепти на сите
велесили и балкански држави, беше прашањето околу статус кво на Балканот. Како
што повеќепати беше речено, големите сили во Берлин се одлучија, во недостиг од
подобри алтернативи, а за жал на се уште неослободените европски христијански
народи, за одржување на статус кво, што значи за останување на Турција на европска
почва. За владите на малите балкански држави овој поим стана предизвик за нивната
спретност да ги внесат своите интереси во меѓународната партија покер, кои беа
дијаметрално спротивни на овој концепт, бидејќи само со промена на статус кво можеа
да се приближат до својата цел да се здобијат со дополнителни територии. Во истовреме
не смееја отворено да го отфрлат овој концепт. Всушност, мораа со насмевка да ги
прикријат своите планови.

Од ова настана перманентна игра на сплетки, која заврши дури кога по Балканските
војни ,се испостави дека Русија и двете други членки на Антантата, во секогаш нови ва-
ријанти, не само што со години ги анимираа балканските држави кон еден Балкански
сојуз, туку и зад кулисите правеа се за да го поткопаат овој статус кво, со исклучок на
еден мал дел - Источна Тракија и Константинопол."197 Во основа, статус кво воопшто не
соодветствуваше со вековната руска политика за протерување на исламска Турција од

Европа.

Зошто скршнувањето од основната руска цел: 'Ослободување на христијанските и
словенските народи од исламската полумесечина', со голем напор, но и успех, се држе-
ше во тајност?

Затоа што дотогашната руска цел беше заменета со нова, повисоко рангирана цел
на Антантата. Според неа, во принцип, на балканските држави не требаше повеќе да им
се помага во освојувањето на турските поседи на европската почва. Намерата на силите
на Антантата беша Турција колку штое можно поцврсто да се вгради во нивниот "гло-
бален европски"концепт.

Ова мораше да доведе до конфликт на интереси, бидејќи балканските држави може-
би можеа да се вклопат во стратегијата на Антантата против (се уште) Тројниот сојуз,
но не можеа да се натераат да се откажат од напад на Турција.

Во 5. поглавје ќе се види што за двете спротивставени групи на интереси произлезе
од ова навистина комплицирано натегање.

Да се вратиме кон Србија и кон статус кво:

Србите достигнаа завидно ниво на мајсторство во играта на сплетки. Амбасадата во
Константинопол ја цитираше следнава изјава на веќе споменатиот министер за надво-
решни работи Миловановиќ:

"За Србија одржувањето на статус кво е подобро од било која друга состојба."198

Каква лага! Но задачата на Миловановиќ беше да не го сврти прерано вниманието
на западните велесили, поточно: западните сили кои не беа членки на Антантата, значи
Германија и Австрија, кон постепеното приближување кон Балканскиот сојуз и реше-
нието на Македонското прашање. За таа цел, печатот требаше да одигра важна улога

во оваа претстава. Но сепак, српскиот трговски весник "Трговински гласник" ја нападна
политиката на статус кво:

"Формалното задржување на статус кво на Балканот не задоволува. Оти статус кво би им
одел во прилог само на непријателите на Србија, кои, откако зграпчија за себе се што
можеа, сакаа со оваа формула да си го обезбедат пленот."199

Со овој опис, весникот го откри трикот на Австрија, т.е. анектираната Босна да си ја
осигура за себе под заштитата што ја нудеше политиката на статус кво.

"Опозиционите весници", продолжува пратеникот, "одат и понатаму: "Српскиот крал,
за разлика од "Кобуговецот" (бугарскиот крал Фердинанд) нема политички обврски кон
ЦарОТ.

"[Руско-австриските] договори од Рајхштат и Бухлау, како и договорот од Сан Сте-
фано и Берлинскиот конгрес не ослободија од такви обврски. Вербата во Русија, која во
Србија беше огромна, со кризата околу анексијата ја снема."199

Всушност, клатното на руската милост постепено се придвижуваше од Бугарија во
насока на Србија. И покрај руско-бугарското помирување во 1896 год. стануваше се поо-
чигледно дека Русија, односно Антантата, многу потешко ќе ја сврти Бугарија во насока
на "новиот" Балкански сојуз (против Тројниот сојуз, наместо против Турција), отколку
нивниот сосед Србија, која поради постојаните штети претрпени од Русија си "заработи"
во извесна мера руска благонаклоност.

Покрај тоа, постоеше и една не баш мала предност, која за руската стратегија Србија
ја правеше многу поатрактивна од Бугарија: заедничката граница со Австро-Унгарија.

Во секој случај, калкулациите на Миловановиќ беа успешни.

Дека политичката клима стана благонаклона кон Србија и дека односите со Русија,

кои долго време беа напнати видно се подобрија, се покажа при една посета на српскиот
крал Петар на Санкт Петербург од 22 до 26 март 1910 година. Дури и во колумната на
рускиот весник "Новоје Времја" искрените пријателски и братски односи беа оценети по
тоа што здравиците на софрата не беа изречени на француски, како што беше вообича-
ено, туку на руски и на српски.200. Но, кон останатите се продолжи со заведувањето, и тоа

недвосмислено во договор со Русите,та министерот за надворешни работи Милована-
виќ, за гореспоменатиот весник идејата за Балканскиот сојуз ја опиша како убава уто-

пија и наивен сон.201

За да ја улулкаат светската јавност, а особено Турција и Австрија/Германија во чувс-
тво на сигурност, домаќинот, министерот за надворешни работи Исволски, овојпат не се
задоволил само со "смирувачка нота". За да ги прикријат вистинските намери на Балкан-
скиот сојуз, поддржуван од Русија, Англија и Франција, кралот Петар на 3 април (како и
кралот Фердинанд, види во поглавјето за Бугарија) беше испратен на поклонение во
Константинопол.

2.2 Бугарија

2.2.0 Историски преглед

Евро-азиските номадски племиња беа од големо значење за движењето на големата
Преселба на народите. Повеќето од нив говореа турски. Изворна област на "турската
преселба на народите" беше средна Азија, на пример за Хуните, Аварите, Маџарите, Та-
тарите, Селџуците (подоцнежните Османлии), Печенезите и, исто така, за пра-Бугари-

те. Во европската историја турските народи за првпат се појавуваат во 375 год. н.е., со
големиот напад на Хуните на царството на Готите на кралот Ерманарих.202

"Овој пробив ... на (евроазиските) степски племиња им го отвори патот се до Дунавската

област."203

(Од тогашните кралства на турските народи во денешницата успеаа да опстанат само две држави: Унгарија и Турција.)
1.

Областите, кои уште во VI век беа населени од Словени,

"на подоцнежна Бугарија, во втората половина на VII век беа освоени од една група бу-
гарски турски племиња ... кои не припаѓаа на индоевропската група народи."204

(Да разјасниме: Османлиите, исто така турски народ, на Балканот се пробија дури во
1354 год. од југ, доаѓајќи од Анатолија.)

За ралика од Словените, на Бугарите под водство на Кан Аспарух уште во 679 год.
им појде од рака да формираат држава северно од долниот тек на Дунав, Првото бугар-
ско царство, кое во 681 год. беше признато од Византија. Со тоа Аспарух ги создаде
"предусловите за успешна турско-словенска симбиоза".205

"И ова царство на пра-Бугарите ... како и сите други кралства на евро-азиските номадски

племиња, беше типична 'држава на надредени сталежи над побројната долна класа сло-
венски селани беше горната класа, по број многу помала, пра-Бугарски поробувачи. По-
тоа постепено дојде до претопување на двата народа. Во VI век раководството прејде во
рацете на словенската маса ... Од поранешната надредена класа живее само уште името
'Бугари', кое се пренесе на новиот народ кој говореше словенски."206

Значи името на пра-бугарската држава ја надживеа историјата, но пра-бугарскиот,
т.е. турски народ и пра-бугарскиот, повторно турски, јазик не! (Мацовер посочува на
очигледните паралели со владеачката класа во Англија, во Нормандија и со Варегите

(Норманите) во Русија. Исто, стр. 99) . .

Тоа што словенскиот јазик во сега веќе словенска Бугарија оттогаш се опишува ка-
ко "бугарски", Бугарите се до XX век ги доведе до погрешни и лажни претстави за неос-
нованите претензии кон Словените во Македонија. Но овие немаат ништо заедничко со
Бугарите, освен што во раниот среден век од приближно 845 до 971 год. припаѓаа на Пр-
вото и во доцниот среден век од 1185 до 1393 год. на Второто Бугарско царство.

(И? Зарем некој би се осмелил, на пр. на Холанѓаните да им каже дека се всушност
Шпанци или Австријци! А нивната окупација од Шпанците и династичката поврзаност
со Австрија се со многу поран датум.)
1.

Во 803 год. Бугарите од Аварите ги освоија просторите на денешна Источна Унгари-
ја и Романија, а водени од канот Крум во 809 г. ја освоија Сердика, денешна Софија.

"Со тоа на Бугарите им беше слободен патот и кон Македонија."207 Тие "ги споија словен-
ските племиња во североисточниот дел на Балканскиот Полуостров со затекнатиот тра-
киски и грчко-римски супстрат во еден заеднички сојуз под своја власт".208

Помеѓу 840 и 850 год. царот Пресјан ја освои (Средна) Македонија.

Михаел Вајтман објаснува:

Словените во Грција беа "најблиските јазични сродници со Словените од Мизија и Траки-
ја, т.е. со она словенско население кое уште во 681 год. го градеше етничкиот супстрат на
Првото бугарско царство и подоцна, по асимилацијата од турската владеачка класа, им
остана името'Бугари'".209,

- На ова место мора да се вметне едно размислување:

Кога е веќе научно докажано дека Бугарите при нивното населување наишле на дел

од население со тракиски етнитет и го асимилирале, тогаш е уште поверојатно дека и
Словените кои 150 години претходно (тоа се пет генерации) се населиле на територииите
на античките Македонци, наишле на автохтоно "македонско" население и истото го аси-
милирале.
Додека случајот со Бугарија ,(како и во истиот на Романија по однос на Дакијците)
сосема нормално и се признава овој историски процес. Грција жестоко и го одрекнува ,

истото на. Република Македонија ,бидејќи за нивна несреќа не содејствува со нивниот
сопствен концепт за запоседнување на територииите на античките Македонци како оп-
равдување за нивната анексија на македонската територија на почетокот на XX век, и
како аргумент за денешните претензии на Атина кон македонското име.

Аргументацијата мора да се врши по принцип на аналогија: Ако Бугарите смеат да
се повикуваат на Тракиците и влашките Романци на Дакијците, без да бидат нападнати
од светот за тоа - а уште помалку од Грција -, тогаш и словенските Македонци можат со
право да се повикаат на античките Македонци.

3.

По преминот на царот Борис во христијанството во 865 год., дури во времето на ца-
рот Симеон (893-927) може да се говори за првото православно христијанско кралство
на Балканот.210 (Тоа беше словенско христијанско кралство. Турско-татарскиот елемент
на пра-Бугарите одамна не беше присутен во државниот и културниот живот.)

4.

Царот Симеон - исто како и канот Крум - се стремеше да го освои Константинопол 211
и да ја добие титулата византиски цар, за да создаде големо бугарско царство.

"Во екот на територијалните проширувања- во IX и X век царството на бугарските канови
навистина го доведе во опасност царскиот трон на Босфорот. Со оружена помош од Ру-
сија на (византискиот) цар Василиј II (976-1025) дури при преминот во XI век му појде од

рака да го скрши нападот на Бугарите..."212

Руската помош во овој ран стадиум можеби изненадува. Да ги видиме причините:

Дури и Варегите (Норманите) интензивно тргуваа со Константинопол. Киевските
кнезови склучуваа договори со византискиот цар Василиј. Свјатослав, првиот киевски
кнез кој носеше словенско име, и чија мајка Олга многу ефикасно ги водеше државнич-
ките работи во периодот од 945 до 969 год., во своите воени походи не застана до Кавказ
и Крим, туку стигна и до Балканот, каде што му помогна на византискиот цар да го по-
рази Првото бугарско царство. Владимир, кој беше прогласен за светец (978-1015) и кој
во Киев христијанството го издигна на ниво на официјална државна религија, за сврше-
ница ја доби сестрата на Василиј II, Ана.213

Значи: Бугарите беа поразени од Византиското Царство во 971 (972) година. Побед-
никот, Василиј, страшно се одмазди на Бугарите, по што византиските историчари го
"величаа" со надимакот "Булгароктонос", Бугароубиец.

"Така, по славната историја, Првото Бугарско царство исчезна во река од крв и солзи.
Мрачните сеќавања на грчко-бугарската уништувачка војна останаа крвави сенки од ми-
натото врежани во политичката свест на обата народа. ги раздвојуваа и се уште ги раз-
двојуваат обата народа."214

Царската византиска власт врз областите на централниот Балкан, повторно се вос-
постави и траеше повеќе од век и половина.

Но тркалото на историјата повторно се сврти.
_____стр.86

——Ханс Лотар Штепан ——

"Во 1185 год. браќата Петар и Иван Асен, со оружена помош од Куманите и Власите ус-

пеаа да кренат ... востание против царот". "Бугарите беа на најдобар пат да се етаблираат

како наследници на византискиот цар и господари на Балканскиот Полуостров." "Само
неколку децении подоцна Иван Асен II (1218-1241), најзачајниот владетел на ова такана-
речено Второ бугарско царство на Асенидите, го започна последниот значаен период на
политиката на бугарската велесила."215

Во тоа време Србија, Македонија и делови од Грција припаѓаа на Второто бугарско
царство, составувајќи ја тогаш најголемата држава во југоисточна Европа.

"Падот на Татарите во 1241 год. нагло го прекина растежот. Бугарското царство беше
тешко погодено и никогаш не се опорави. Во 1257 год. изумреа Асенидите; во 1330 год.
Шишманидите мораа да им го препуштат бојното поле на победничките Срби. Бугарски-
те остатоци од царството во Трново и Видин во 1393 односно 1396 год. станаа жртви на
Османлиите." (исто)
5.

Османлиското царство ја подели својата провинција Румелија на пет санџаци: Видин,
Никопол, Силистра, Македонија и Тракија; населението беше принудено да плаќа дано-
ци и да ја промени верата, "делумно со насилно исламизираље".216

Слично како и кај другите балкански народи, сите селански востанија на Бугарите
беа исто така задушувани, на пример 1598 год. во Трново. 1686 год. во Трново и Габрово
и 1757 год. во Чипровец. Истото ги снајде и буните во XIX век: 1835,1841 и 1850 година.
Прифатливо логично објаснување за нивниот неуспех повторно нуди науката за истори-
јата. .

Ова беше затоа што "Бугарите, на истокот на Балканскиот Полусотров ... за разлика од
другите балкански народи, беа поодалечени и отсечени од Западот, од каде доаѓаа новите
национални идеи.... Од друга страна, тие се наоѓаа во непосредна близина на центарот на
моќта на Османлиите, главниот град на царството Константинопол, та затоа едно
национално востание имаше однапред намалени изгледи за успех".217
6.

Покрај будењето на чувството за слобода и национална свест, православната црква
одигра клучна улога во ослободувањето на Бугарија. Ова за заднина го имаше следново:

Откако Турците во 1453 год. го освоија Константинопол, Султанот ги назначи грчките екуменски патријарси за духовни водачи на сите православни христијани.218 Со тоа
погрчувањето на бугарското свештенство, кое започна многу порано пред падот на
Константинопол, беше и официјално одобрено од Османлиското царство.

"Елинската култура во времето под турската власт го изгуби поранешното политичко
значење, но затоа сакаше како наследник на византиската висока култура (на османлиските простори) да си осигура културна, црковна и стопанска превласт над сите христијански народи."218

Штатмилер во своето основоположничко дело продолжува:

"Така Грчката православна црква во XV-XVIII век прерасна во царска христијанска
црква на Османлиското царство, и со својата духовна превласт ги истурка на страна
старите автокефални цркви на Бугарите, Србите и Романците, и тие беа осудени на
духовно тлеење. Официјална црква на Србите, Бугарите и Романците стана грчката, ...
целокупниот духовен живот на овие народи беше преплавен од грчкото влијание." "Само
манастирите во непристапните планини останаа прибежиште на сопствениот духовен
живот. Оттаму тие беа од одлучувачко значење за одржување на националната свест кај
балканските Словени и Романците."219

Може да се забележи дека во погодените автокефални цркви кои ги набројa Штатмилер ја нема македонската. Со право, бидејќи

"македонската национална црква се уште опстојуваше во форма на 'Охридска архиепис-

копија'."220

Дури во 1767 год. по грчко барање беше распуштена, што беше тежок удар во исто-
ријата на Македонија.

"Сепак, манастирите останаа бастиони на македонските пишани дела, *и уште повеќе ја
зајакнаа "свеста за културна засебност."221

Потиснувањето на словенските цркви, на Грција, покрај зголемените приходи од цр-
ковните даноци, и пружи една непроценлива предноет: Словенските христијански вер-
ници, во недостаток на сопствена автокефална црква, беа принудени да посетуваат грч-
ки православни цркви и институции, бидејќи за одржување на одредени молитви неоп-
ходно беше да се посети православна црква, па макар и грчка. Ова со себе донесе тешки
и долгорочни последици: при пописите словенските верници секогаш беа пишуваника-
ко Грци. Така во статистиките Грците секогаш биле застапени во непропорционално
поголем број. Поради

"екстремно строгиот начин за одредување националност ... на сите верници на Грчката
православна црква се гледаше како на Грци, независно од нивната етничка припадност,
Така беше и со верниците од македонското население."222

Кај Србите, Бугарите и Романците ова се практикуваше од падот на Константино-
пол па се до осамостојувањето на нивните цркви од грчкиот патријархат, и тоа:
за Србија до 1832 г., значи околу 380 години
за Бугарија до 1870/1872 г., значи околу 420 години и
за Романија до 1885 г., значи околу 435 години.
За разлика од нив, на Македонците им требаа само 200 години за повторно воспоста-
вување црковна независност, бидејќи нивната црква пред 1767 год. речиси 750 години бе-
ше независна. Новата Македонска православна црква беше прокламирана во 1958 год.,
значи во комунистичка Југославија на Тито! Московскиот патријарх беше спремен даја
признае во 1967 год.223 тој и МПЦ мораа, под притисок на Српската православна црква
(која со ова ја презема работата на екуменскиот патријарх, кој, се разбира, исто така го

одложува признавањето и до ден-денес) да се задоволат со понизок статус. Останатите
православни цркви, по правило, се приклучија кон екуменскиот патријарх во Кои-
стантинопол.

7.

Со добра причина, бугарска.та (и романската) национална борба за ослободување во

XIX век се сврте

"не само против турските окупатори, туку исто толку жестоко и против 'погрчувањето',
т.е. против огромното грчко влијание..."224"Бугарија и понатаму беше угнетувана од Грци-
те и Турците. Грците раководеа со официјалната црква, литературата, трговијата и сто-
панството.... Литературниот и сиот културен живот на Бугарите се одвиваше на грчки ја-
зик. Бугарскиот јазик не беше признат во општеството. Образованиот слој ... се срамеше
од бугарското име и се нарекуваше 'Bulgarophonoi hellenes' ... Грчкото влијание кај Бугарн-
те предизвика губење на сопствената култура и нацнонална свест, а истото се случуваше
и со Романците."225

Оттука во литературата често се говори за "двоен јарем":

"Османлиско ропство во политичкиот живот" и "грчко старателство во црковната сфера."236

Едит Дурхам, по нејзиното повеќе деценискo патување по Балканот на почетокот на
XX век, за ова безмилосно погрчување го напиша следново:

——Ханс Лотар Штепан—

"Никој од западна Европа, кој не живеел во овие земји, не може ни да претпостави колка-
ва е омразата помеѓу грчката и бугарската црква."227

Во тоа време Бугарија донесе фундаментално различна одлука од другате балкански
земји, кои се бореа за окончување на своите страдања: борбата за ослободување не ја

започнаа против Османлиското царство, туку во рамките на православната црква.

Исходот беше што Султанот, под притисок од Русија - бугарските молби сами не беа
доволни - во 1870 год. одобри создавање Егзархија независна од Грчката православна
црква: "уникатен случај во историјата".228 Српскиот пратепик во Санкт Петербург, Д.По-
повиќ, во неговото доверливо писмо од 8.12.1913 година (Р 20728-2, лист 116) - значи ку-
со по примирјето во Првата балканска војна - се осврнува на последиците од овој "несе-
којдневен настан", пренесувајќи ги забелешките на бугарскиот генерал Димитриев, кој
овој ги искажал во еден разговор со него:

"Бугарија ... со создавањето политички ситуации (Егзархијата итн.) пушти корења ... (во
делови од Македонија)".

Искрено признание од генералот, Бугарија во Македонија пуштила корења дури со
Егзархијата "итн.". Зошто? Затоа што претходно во Македонија живееле Македонци - а
кој друг ?

"Временскиот период од 40 и повеќе години беше доволен за Бугарија да изврши влија-
ние врз расположението кај народот..."

Навистина дрско, побугарчувањето да се опише како "влијание врз расположение-
то". Тоа не беше проблем: со претставниците на посрбувањето (кое во една прилика од
една француска професорка беше дефинирано како "брутално посрбување"), барем во
оваа смисла ова беше билатерална акција.

За грчкиот патријархат, скратениот прилив на пари (поради Егзархијата) од високи-
те даноци на Бугарите веројатно претставуваше уште поопиплива загуба од осетното на-
малување на бројот на верниците. Напнатоста која заради тоа се јави помеѓу двете цр-
ви достигна кулминација кога две години подоцна, откако конечно се појави писмениот
указ на султанот ("ферман"), грчкиот патријарх донесе одлука со тешки последици и ја

прогласи Бугарската егзархија за шизматска. Од оваа интерна борба султанот само про-
фитираше; вакви кавги имаше секојпат кога султанот ќе одлучеше да им додели нови
седишта на епископии на Бугарите.

Амбасадорот Фон Заурма (von Saurma) во Константинопол години подоцна пренесе
една појаснувачка изјава на султанот.

"Султанот беше на мислење,... дека грчкиот патријархат не сака да се откаже од парич-
ните предности кои ги загуби со основањето на бугарските епископии."229

Дека султанот беше сосема свесен дека последиците од религиозното преструктуи-
рање ќе вршат постојан политички притисок врз Грција како и Бугарија, покажува една
епизода, која се случи дури седум години подоцна, кога Турција во руско-турската војна
во 1877 год. беше толку притисната од руските трупи, што Османлиското царство мора-
ше да бара сојузници дури и во Атина. Султанот му нареди на својот "грчки приватен
благајник, господинот Сарафи", да го праша грчкиот министер за надворешни работи
Кондуриоти

"што треба да стори Високата порта за да се здобие со пријателствбто на Грција. Дали за
тоа би можело да придонесе разрешувањето на бугарскиот Егзарх?"230

И види: Грција не даде конкретен одговор!

Кондуриоти можеби ја препознал без излезната ситуација на султанот и размислувал,
зошто Грција со исфрлувањето на Егзархијата која им пречеше да се задоволи со врап-
че на гранка, кога по крајот на војната би можела да го има гулабот на дланка: односно,,
целосно потиснување на Бугарија, или во најмала рака здобивање со огромни терито-
рии. . , ...д

Во 1876 год. Бугарија и Македонија ги исползуваа востанијата, кои во 1875 год. се
кренаа во Херцеговина и во Босна, за започнување на своето национално ослободува-
ње. Бугарското востание во април 1876 год. беше задушено со невидена свирепост, дури
и имајќи ја предвид познатата бруталност на Турците. Масакрот на черкеските трупи,
таканаречени "Бугарски ужас" ја ужасна цела Европа и доведе до солидаризирање со
Бугарите, - иако не со истиот ентузијазам, со кој пред 50 години се поздравуваа и ги пот-
тикнуваа грчките востанија против Турците.

Затоа на Грците не може да им се забележи што подоцна. во 80. години на XIX век,
се побунија против одлуката на Високата порта за стационирање на черкески трупи во
близина на границата со (се уште) турска Тесалија, - при нивните долго планирани осво-
јувачки поседи, не сакаа да имаат работа и со овие озлогдасени трупи. -^

Среќна околност за Бугарија беше што Големите сили во тоа време (окоЛу 1876 год.), за разлика од две години подоцна на Берлинскиот конгрес, не повикаа на одржува-
ње на статус кво. Во тоа време Русија се чувствуваше должна да ги заштити православ-
ните верници на Балканот, и ги следеше своите панславистички идеи - и секако, нико-
гаш не го заборави пробивот кон топлите води на Средоземното Море.

"Бугарскиот ужас" послужи како погоден повод прифатен од сите за руска политич-
ка интервенција. Конференцијата свикана од амбасадорнте на Големите сили во Кон-
стантинопол за смирување на конфликтот пропадна поради англиско-руските противре-
чења. Откако Турција го одби следниот чекор, лондонскиот протокол со предлозите на
велесилите, изби 8. руско-турска војна. По победата - која во никој случај не беше лесно
извојувана - грофот Игнатиев, шефот на азискиот оддел во руското Министерство за
надворешни работи и поранешен руски амбасадор во Константинопол, ги принуди "Тур-
ците ... на едностран договор, промашениот договор од Сан Стефано."231
A propos Игнатиев:

Поради своите сомниетелни методи на преговарање. во времето кога беше амбаса-

дор за малку не се здоби со прекарот "татко на лагата"-титула која неговите два следбеника во службата како министри за надворешни работи, Исволски и Сасонов, без
многу напори би можеле да му ја одземат, - како што ќе се види од понатамошниот тек
на настаните.

Во мировниот договор од Сан Стефано од 3.3.1878 год. на Бугарија и се доделуваат
Македонија и Западна Тракија. Сонот за Голема Бугарија. онаква каква што постоеше
во дамнешно минато, се чинеше дека се ближи до остварување. (На ова романскиот
крал гледаше поинаку: Српскиот пратеник во Букурешт, Ристиќ, во неговиот таен из-
вештај бр. 29 од 6.3.1909 година на својот министер за надворешни работи Милован Ми-
лованoвиќ (Р 20727-3, лист 207) цитира дека кралот Карло рекол "дека со договорот од
Сан Стефано ... се создава поголема Бугарија отколку што постоела во средниот век.")
Но бидејќи Англија и Австрија не сакаа голема држава на Балканот; и уште повеќе,
приближувањето на Русија кон морските теснеци беше за нив неприфатливо (Русија со
"сателитот" Бугарија би можела да се спогоди за морските теснеци232) и тоа дека мирот
од Сан Стефано и онака го кршеше парискиот договор од 1856 год. (по Кримската вој-
на), на Русија de facto и се заканија со војна.233

_____стр.90

——Ханс Лотар Штепан —

Со свикувањето конференција во Берлин оваа војна уште еднаш беше избегната. На
Берлинскиот конгрес од 13.6. до 13.7.1878 год. на прво место беше темата Бугарија, би-
дејќи Бизмарк, како претседавач со конференцијата, сакаше "најпрво да се реши најсло-
женото прашање".234 Идните генерации од историјата извлекоа друг заклучок: Имануел
Гајс во својата книга по повод стогодишнината од Берлинскиот договор напиша:

Подоцна се покажа "дека за подоцнежниот развој на настаните од поголемо значење бе-
ше друг проблем, Босна-Херцеговина ..." (исто)

Темата "Бугарија" беше на дневен ред на втората седница на 17.6.1878 год., како и на
четвртата, петтата и шестата седница; на седмата седница на 26.6.1878 год. темата беше
затворена. И покрај договорот за расчистување на теренот за преговори, кој Англија
пред почетокот на конгресот го склучи со Русија, Австрија и Османлиското царство, ра-
ботата на конгресот - доста неочекувано - не помина непречено, та рускиот канцелар,
кнезот Горчатов, се закануваше и со негово заминување од конгресот. Сеедно, Русите
подоцна не ги обвинија Англичаните и Австријците како оние кои, во суштина, ги вле-
чеа конците. туку, како што веќе споменавме, за одговорни за нивните лоши резултати
ги сметаа Германија и Бизмарк, - за што одговорност сносеа панславистичкиот и шови-
нистички печат непријателски настроен кон Германија, еден дел од офицерскиот кор и
Руската православна црква.

Во деценииte кои следеа, со сите средства беше поттикнуван рускиот гнев, најповеќе
од Франција, а подоцна и од Англија.

Член 1 од Берлинскиот договор гласи:

"Бугарија ќе биде издигната на ниво на автономно кнежевство, обврзано да плаќа даноци,
под власт на неговото царско височество Султанот; треба да има христијанска влада и др-
жавна милиција."235

Практичните резултати не беа онакви какви што навестуваше текстов. Бугарија под
суверенитет на Султанот го опфаќаше само северниот дел од земјата, кој се состоеше
од Мизија и санџакот Софија. Источна Румелија, која беше јужно од балканските пла-
нини, требаше да остане под турска власт, значи и понатаму директно управувана од Ви-
соката порта, но со административна автономија и христијански гувернер.236

Со тоа прелиминарниот мировен договор од Сан Стефано беше анулиран - што и бе-
ше целта на Берлинскиот конгрес.

Друг практичен исход беше што Бугарија мораше по 3 месеци и 23 дена (види под

1.2.0.8) да ги напушти новоздобиените провинции Македонија и Тракија, бидејќи овие
повторно му беа вратени на Османлиското царство.

Оттаму зачудува што денешна Република Бугарија во 1988 год. го прогласи 3 март,
денот на - анулираниот - Сан Стефански мир, за нов национален празник. И не само тоа:

На 125 годишнината од овој настан, на 3 март 2003 година, Бугарија овој ден го започна
со прослава (во присуство на рускиот претседател Владимир Путин).

Не постои поочигледно искажување на политика на ревизионизам од оваа. Тешко е да се замисли дека на ЕУ и НАТО, пред планираниот прием на Бугарија, би
им се допаднал еден ваков провокативен анахронизам.

Може да се претпостави дека во Бугарија, кусо по Берлинскиот конгрес, се јавиле
идеи за избегнување на поделбата, односно обединување со Источна Румелија. Уште
поверојатно е дека парламентарците, владата и владетелот (во пролетта 1879 год. за
кнез на Бугарија, по руски предлог, беше избран Александар фон Батенберг, синот на

великиот кнез Александар фон Хесен (Alehander von Hessen)), ковале планови како Буга-
рија да си ги поврати и двете провонции кои и беа вратени на Турција, т.е. Македонија и
Тракија. Но за реализирање на овие планови беа потребни повеќе од 30 години. Се до
последниот миг не се знаеше исходот. А резултатот воопшто не беше онаков каков што
се надеваше Бугарија.

Ваквите надежи, идеи, размислувања и планови мора да биле запишани во извештаи-
те на германските мисии, - што ќе треба да се докаже.

2.2.1 Плановите на кнезот Александар во поглед на "Македонија"

Како потврда на извештајот кој беше цитиран на почетокот од поглавјето за Србија,

во делот за Бугарија ќе цитираме еден извештај на германската амбасада во Виена кој
за Бугарите има сличен исход: Еден австриски агент од конзулатот во Пловдив (поране-
шен Филипополис) го извести австриското Министерство за надворешни работи за по-
сетата на бугарскиот кнез на Белград и бугарскиот став во однос на проектот за Бал-
канска лига:

"Интересите на поединечните балкански држави кои се стремат кон проширување меѓу-
себно си противречат во таа мера, што до политичко обединување на овие држави може
да дојде само во случај на посебни политички односи, па Дури и тогаш тие би биле со кра-
ток век."237

Навистина е многу индикативно тоа дека австрискиот конзул балканските држави не
ги нарекол држави кои имаат потреба од проширување, ниту пак дека заслужуваат да се
прошират, а најмалку дека оправдано им следува проширување, туку само "држави кои
се стремат кон проширување". "Посебните политички односи" кои тој ги споменува, а
кои би овозможиле Балкански сојуз, ќе настапат околу 30 години подоцна, како што
предвиде уште во 1880 година, ќе бидат "со краток век".

1885 година беше клучна во историјата на младата бугарска држава: Таен револуцио-
нерен комитет изврши притисок врз владата и ја принуди да го спроведе соединувањето
со Источна Румелија. Екс-амбасадорот на Америка Џорџ Ф. Кенан (George F. Kennan) за
ова пишува: Премиерот Каравелов

"мора да го беше убедил кнезот Батенберг дека може да го чини тронот, доколку движе-
њето за обединување не се здобие со неговите симпатии" ... "Беше во опасност да биде
сменет од Големите сили доколку го поддржи востанието [бидејќи со тоа би го прекршил
Берлинскиот договор], а од друга страна да биде симнат од престолот од страна на сопс-
твеннот народ доколку не го стори тоа." Неколку страници подоцна, Кенан дополнува
"Акцијата во септември 1885 год. беше ... спроведена од една група, на која и припаѓаа и

одреден број Македонци".238

Кенан не ја објаснува причината за учеството на Македонците, но може да се прет-
постави дека повторно им било ветено дека по успешното обединување на Источна Ру-
мелија со Бугарија, ќе им се помогне и ним во стекнувањето автономија, - повторно пог-
решна проценка. Исход на уште една измама.

Торстен Сцобрис појаснува, цитирајќи го Фикрет Аданир:

По лесното отстранување на османлиските владеачки структури во Источна Румелија,
се чинеше дека привремената автономија е вистински преоден чекор кон анектирањето
на Македонија."239

_____стр.92

——Ханс Лотар Штепан -—

Иако оваа опција не беше исклучена со Берлинскиот конгрес, веднаш се јавија бара-
ања за компензации240 на љубоморните Срби и Грци, иако тие немаа ни најмали права на
оваа област. Но познато е дека во тоа време тоа не беше никаква пречка за посакување
на туѓа земја. Србија толку сметаше дека е во право, што започна и војна против Буга-
рија поради Источна Румелија, но кај Сливница беше поразена од Батенберг (кој го
имаше своето воено крштевање во руско-турската војна од 1877/78 год.), - и само Авс-
трија, поради тајниот договор склучен со Србија, ја спаси од губење територии во полза
на Бугарија. Победата на Батенберг, кој и онака не беше омилен на царскиот двор, во
Русија наиде на негодување, особено што Александар фон Батенберг го сметаа за "пос-
лушен вазал".241

На многу места во стручната литература се сретнува лошиот став на царот кон бу-
гарскиот кнез поради акцијата за обединување. Но, проф. Аданир посочува дека уште
во протоколот на "Сојузот на трите кајзери" од 18.6.1881 год. стои дека во принцип "обе-
динувањето на Источна Румелија со Бугарија е прифатливо".242 Оваа спогодба не ја ис-

клучува можноста дека царот сметал дека обединувањето е преурането и ја искористил
приликата "по овој повод" да го искритикува појавеното неискуство и дрскост на Ба-
тенберг (и покрај можноста за германско-бугарско династичко поврзување), но на кра-
јот на краевите, принципот на обединувањето беше прифатено и од руската страна.

Овој успех изгледа му удри в глава на младиот кнез. При една посета во Букурешт му
се испуштија неколку компромитирачки изјави за романскиот крал Карл и неговиот
премриер Братиано. Како што амбасадорот д-р Буш (Busch) чу од последниов, Алексан-
дар одлучил, по Источна Румелија

"да го прошири унионистичкото движење и кон Македонија." Понатаму, Александар дал
предлог кралот Карл да претседава со "конфедерацијата на балкански и дунавски држави
која би требало да се формира." Кнезот, "доколку успее проширувањето кон Македонија"
["доколку"!], како отштета на Романија и понудил зголемување на Добруџа.243

Министерството за надворешни работи во Берлин можеби и ќе преминеше преку
она што романскиот премиер на германскиот амбасадор му го опишал како "фалење" и
"лекоумност"; но Батенберг, според Братиано, мислел дека може да смета на некој вид
одобрување од Германија за своите планови. По итната наредба на Бизмарк упатена на
Софија, пратеникот Фон Залдерн (von Saldern) побара прием кај кнезот за потоа да из-
вести дека Александар негирал се. Но дури и неговата ублажена изјава во врска со Ма-
кедонија ("Сакал, се додека е можно, да не посегнува по Македонија.,."244!) беше доволна
за Бизмарк да испрати уште една наредба кон амбасадата во Санкт Петербург, со цел
царот да не се здобие со погрешна претстава за Германија (познато е дека најмногу
стравувал од тоа):

"Со оглед на тоа што кнезот ... објавил дека Германија е запозната со неговите планови
за анексија на Македонија ... се чувствувам обврзан јасно да истакнам дека ... патот на

германската политика никогаш не би водел кон одобрување на вакви луди и революцио-
нерни комбинации."245

Стравувањата на Бизмарк беа оправдани. Тој го познаваше царот и беше свесен за
силната антипатија на неговата свршеница Дагмар (ќерка на данскиот крал Кристијан
IX) кон Германија, - антипатија, која во долгите години брак можеби се пренела и врз

царот Александар III

Романскиот крал и неговиот премиер стравуваа,

"дека Русија, со текот на времето, нема да стои настрана при походите на бугарскиот
кнез, и дека тоа може да доведе до воена иитервенција во Бугарија, која за Романија како
соседна и транзитна земја е крајно непосакувана."244

Всушност, ова беше многу умерено формулирано, бидејќи Романија, служејќи како
транзитна земја, многупати страдаше при руските воени походи на Балканот, а после-
ден пат тоа се случи во 8. руско-турска војна поради Бугарнја во 1877 година.

Кнезот Александар е цитиран и со уште една изјава. тој мора да ја прогласи Бугарија
за независна од Турција.246 Но оваа цел не успеа лично да ја достигне:

Односите на Александар и Бугарија со Русија беа толку влошени, што на 9.8.1886
год. од проруски офицери беше принуден да се симне од престолот. На претседателот
на парламентот, Стамоболов, му појде од рака да го врати на престолот, но еден месец
подоцна се откажа поради условувањето од царот Александар III.

Од Џорџ Ф. Кенан и Паул Зете (Paul Sethe) знаеме дека оваа историја своите корени

ги има во една љубовна романса. Бугарскиот кнез Александар фон Батенберг и седум-
наесетгодишната внука на Вилхелм I, Викторија [ќерка на престоло наследничката "Ви-
ки", и оттаму внука на нејзината мајка, кралицата Викторија, и со тоа сестра на Вилхелм
II) беа тајни љубовници, а ја имаа и мајкината поддршка (на подоцнежната кралица
Фридрих (Friedrich)]. Германска принцеза од Хоенцолерите на бугарскиот трон? И тоа
токму во земјата чие ослободување од османлиско ропство (оправдано наречено "тур-
ски јарсм") пред само неколку години Русија скапо го плати со крв - значи, во земјата ко-
ја, всушност, Русија во прва линија си ја имаше избрано за себе, сепак, само како сопс-
твено поле за игра? Никако!

Следствено, железниот канцелар мораше да го запознае кнезот Александар со не-
колку основни принципи на германскиот државнички резон:

"Германија нема никакви интереси кон Бугарија, во наш интерес е мир со Русија. Затоа,
пред се, Русија треба да биде убедена дека ние немаме никакви интереси на ориентот." [За
потсетување: Ориент = Балкан] "На денот кога германската принцеза ќе стане бугарска
кнегиња, Русија ќе се посомнева и нема да поверува ниту збор од овие гаранции. Но ова не-
ма да го дозволам ..." И понатаму: "Вашето височество ги ужива симпатиите на германските
угледни кругови, и јас самиот имам високо мислење за Вас; но јас сум канцелар на 45 милио-
ни Германци, и не можам да ги жртвувам нивните интереси заради еден Германец".247

Со ова беше донесена конечна пресуда против венчавката на која се надеваа. Биз-
марк додаде и дека Бугарија ќе стане објект за компензацни во спогодбите на Големите
сили, - но тука (и покрај искуството и знаењето за структурата на моќта во тогашното
време како и начинот на кој балканските држави се третираа како колонии) Бизмарк
погреши.

Консчно, епската потрага по лична среќа на двете "кралски деца" беше спречена од

законите на високата политика заради избегнување на меѓународна криза. Во "аферата
Батенберг", според Зете, "лутината на царот" младиот кнез "го чинеше престолот на Бу-
1-'" • ' • ' '• •.

гариЈа.248

Кенан посочува дека претпазливоста и одлучноста на Бизмарк (се закануваше дури
и со повлекување) беше залудна. И покрај забраната, благодарение на француските ин-
триги недовербата на царот кон Германија беше толку голема, што и покрај сите убеду-
вања, никако не можеше да биде разубеден дека Германија повеќе не стои зад Батен-
берг.

Историјата потврдува дека четириесет години подоцна огорчената вдовица Викто-
рија "во незаситената глад за среќа" во Бон (повторно спротивно на советот на нејзини-

от брат, кој сега живееше во Дорн) се омажи за младиот авантурист Александар Цуб-
ков (Alexander Zubkoff), додека пак поранешниот бугарски кнез Александар, земајќи го
името гроф Фон Хартенау (von Hartenau) беше среќно оженет со поранешната актерка
на дворскиот театар во Дармштат, Лојзингер (Loisinger).244

Да се вратиме во Бугарија, во Софија.

Неполна година по повлекувањето на кнез Александар, на 7.7.1887 год., за наследник
на Александар беше избран Фердинанд I, од фамилијата Заксен-Кобург-Гота (Sachsen-
Coburg-Gotha). И Високата порта не го призна веднаш Фердинанд, туку само го "толери-
раше". Дури во март 1896 год. Султанот издаде два фермана за признавањето на Ферди-
нанд за кнез на Бугарија и генерален гувернер на Источна Румелија. (Три години прет-
ходно, во 1893 год., Фердинанд се ожени со бурбонската принцеза Марија-Луизе (Maria-

Louise) од Парма, и со тоа видно го зголеми меѓународниот углед. И преминувањето на
неговиот син Борис во православната вера во 1896 год. придонесе за зголемување на не-
говиот углед - барем во Русија и на Балканот.

Конечното помирување со рускиот двор стапи исто така во 1896 год., со царот Нико-
лајП.

За прогласување на независноста "Кобурговецот" чекаше повеќе од 20 години и тоа
го стори - заедно со своето прогласување за крал - дури по младотурската револуција во
1908 год., надевајќи се дека во сета таа мешаница неговиот чекор ќе остане незабеле-
жан. Тоа и му успеа.

2.2.2 Прв нацрт-план за Балканскиот сојуз

По помирувањето со Русија и со тоа признавањето на обединетото бугарско крал-
ство од страна на Големите сили и Османлиското царство, во бугарско-руските односи
повторно се врати стариот дух на соработка.

Во претходно цитираните интервјуа во весникот "Фигаро" со бугарските (и српските)
политичари, кои беа објавени и во "Пестер Лојд" од 14.10.1897 година, премиерот Драган
Цанков рече:

"Бугарија мора да се потпира само врз Русија, на која и го должи своето постоење, и без
која не може да опстане." Министерот за надворешни работи Греков дополни: "Не ги за-
бораваме услугите кои ни ги направи Русија...", но додаде. "но не можеме нашите интере-
си да ги подредиме на нејзините".250

"Интересите", секако, се однесуваа на освојување на територии во Македонија. Со
помош од Русите еден ден (оваа изјава потекнува од Каравелов) Султанот на Бугарите
"ќе им одобри автономија на Македонија". Слична изјава имаше и советникот на кнезот:

"Баравме автономија за Македонија и нема да се откажеме се додека не ни биде одобре-

на." "Грците и Србите би погрешиле доколку нашите напори околу автономијата на Македонија ги сметаат за штетни." (Министерот за надворешни работи Греков)

На фактот дека партнерите - односно противниците - во никој случај не грешеа се укажа уште во поглавјето за Србија.

Намерата на "Фигаро" беше да открие зошто балканските држави не застанаа на страна на Грците во битката за Крит и Тесалија, која Атина, игнорирајќи ги советите од Големите сили, намерно ја предизвика и од која (поради англискиот отпор) излезе како поразена. На ова прашање, интервјуираните јасно одговорија: Биле спречени од Голе-

мите сили: покрај другото, според советникот на кнезот, и затоа што цела Бугарија се спремаше за "продолжување на ослободувањето на Голема Бугарија". Токму тоа не одговараше на концептот на велесилите.

Но сепак беше скептичен околу сигурните последици од оваа акција:

"Што ќе беше исходот? Бугарската армија ќе ја окупираше Македонија, а Романската армија Бугарија,"251

Со ова, советникот точно и јасно ја резимираше проблематиката на соседните земји на Македонија: Целта за освојување на македонските територии беше јасна; она што не беше јасно беше како да се постигне оваа цел, без да се ризикува сопствената држава.
Дали ова беше шанса за преживување на Македонија?
Уредникот на "Фигаро"г-динот Бујон,по завршувањето на интервјуата даде негативен и пакосен коментар за отвореноста и наивноста на бугарските и српските политичари. Ова беше крајно нефер, имајќи предвид дека профитираше од нивната спремност да бидат интервјуирани.

Новите информации околу Балканскиот сојуз и Македонија не беа ништо сензацио-

нално. "Минхенер нојстен нахрихтен" ("Munchener Neusten Nachristen") половина година
претходно го објави текстот на првиот нацрт-план за сојуз помеѓу кралството Србија и
кнежевствата Бугарија и Црна Гора (беше преземен од бугарскиот "проруски опозицис-
кивесник 'Светлина', орган на Цанков.")251

Текстот е полн со пропусти и стилски непрефинет, како да го составиле неколку но-
винари надарени со доста фантазија, - но можеше да биде и "пробен балон", "пуштен" од
професионалци. Покрај тоа, член. 1 започнува со лага, со оглед на тоа што како цел на
сојузот се истакнува "зачувување на интегритетот и независноста" на членките.
Посебно симптоматичен, дури и сензационален е член. 4, кој зборува сам за себе

"Со оглед на тоа што земјите членки имаат и неослободени браќа во Турција, како и во
Босна и во Херцеговина под австриска власт, се обврзуваат да работат за подобрување на
состојбата на овие браќа."251

Тешко дека во тоа време (значи неколку години пред преминот во XX век - а уште
повеќе пред анексијата на Босна) ќе се најде појасна изјава за целта на Балканскиот
сојуз, т.е. не само прошив Турција, туку и против Австро-Унгарија.

Впрочем, навистина е смешно Балканските војни за Македонија и Тракија, предвиде-
ни во овој нацрт-план, да се сметаат за "подобрување на состојбата на овие браќа."

2.23 Лажни Бугари - вистински Македонци: ВМРО

И покрај оваа објава, наводно инсценирана од самата бугарска влада, бугарскиот
кнез Фердинанд по посетата на црногорскиот кнез Никола во Цетиње во 1898 год., вло-
жи големи напори да ги демантира гласините за неговите планови за сојуз со Црна Гора.
Токму еден од неговите повереници, бугарскиот претставник во Србија, Георгиев, кого
тој за неговата тешка задача го зема со себе во Цетиње и кој во Белград требаше до-
верливо да пропагира за приклучување на Србија кон наводно веќе склучениот бугар-
ско-црногорски сојуз "против Турција", се потруди, кај својот германски колега, прет-

ставникот во Белград, да ги негира овие гласини и посетата на кнезот да ја претстави
како посета од чиста куртоазија. Сепак, грофот Шверин (Schwerin) очигледно ги поста-
ви своите прашања толку итро, што на Георгиев при одговарањето на истите му изле-
таа некои тајни кои од македонска гледна точка воопшто не се неинтересни:

——Ханс Лотар Штепан —-

Господин Георгиев не можел да ги скрие "во последно време се почестите убиства на срп-
ски учители во Македонија кои еден овдешен (српски) опозиционерски лист ги припишу-
ва на бугарско тајно здружение за уништување на српските агитатори". Но, тој потенци-
рал, "дека индивидуи во Македонија многу често се изјасаснувале како Бугари, иако тоа во-
општо не биле."252

Инднвидуи, кои за време на убиствата на српските учители во Македонија за да се прик-
ријат се изјаснувале како Бугари, значи не биле Бугари, но можеле да бидат - нормално -
ниту Срби. Доколку тоа биле Грци, Георгиев ни најмалку не би се двоумел да ги именува
сторителите по име, односно по нивната национална припадност. Воопшто не можат да
се замислат други групи кои биле подготвени да им ја "одземат" задачата на Македонци-
те,да се бранат од туѓото влијание - во овој случај од србизација. Како што е веќе позна-
тоод поглавјето за Србија, активностите на српските комитети подоцна, по српско-бу-
гарската спогодба за сферите на интереси, биле одредувани "по наредба од горе". Следс-
твено на тоа можело да стане збор само за "вистински" Македонци.

Ваквите случаи не мора задолжително да се посматраат како херојски подвизи на
Македонците, но тие, како акции на самоодбрана, на денсшните Македонци им служат
за чест во интерес на докажување на нивниот сопствен идентитет.

И уште еден податок: областа, која неговата држава, всушност, ја сметала за бугар-
ски регион, бугарскиот претставник ја нарече - секако - "Македонија".

Иако овој податок, како изолиран детал, изгледа како да нема никакво значење; сепак,
за историјата на Македонија и за идентитетот на Македонците тој игра значајна улога:

Имено, одговорна за таквите атентати и ослободителни борби, во тоа време, на ма-
кедонска страна беше ВМРО, Внашрешна македонска револуционерна организација.251
Основана е во Солун, во 1893 год. под името МРО, Македонска револуционерна органи-
зација, а во 1896 год. беше преименувана во ВМРО, за јасно да се огради од Надвореш-
ната македонска револуционерна организација, основана во Софија.254 Местото на осно-
вање, Софија, од бугарска страна повторно беше искористено за дијалектички акроба-
ции, со цел да се докаже дека Македонците "следствено на тоа" би морале да се Бугари.

Според оваа логика, и поранешните бугарски комитации, како на пример Каравелов
и Левски, кои исто така оперирале надвор од областите под турска окупација, имено од
Влашка како Романци, како и Раковски од Белград каде била основана првата бугарска
легија, морале да бидат прогласени за Срби.

Со добра причина никој не го сторил тоа, но, Бугарите веруваа дека ова можат да им
го подметнат на Македонците.

"Оваа огранизација беше замислена како македонска, таа не сакаше да зависи од ниедна
од соседните држави и си постави цел да создаде автономија за целата област, именувана
како Македонија, која се уште беше под турска власт. Нериното мото гласеше: 'Македо-
нија на Македонците'."255

Најпознатите основачи и водечки личности беа Гоце Делчев и Даме Груев.

J. де Јонг наведува дека "барањата за национална независност" освен од ВМРО биле
поддржувани и од "македонските студентски иницијативи во Бугарија, Србија и Русија".

Исто така, ВМРО беше таа која го испланира Илинденското востание, кое поради

повеќекратните несреќни случаи и околности прерано избувна. Едит Дурхам наведува
уште еден фатален детаљ; "наместо истовремено, општо востание, селата (се дигнаа) ед-
но по друго..."257

(Дури и по Балканските војни и по 1918 год. ВМРО се бореше за отцепување на Ма-
кедонија од Кралството Југославија.258)

_____стр.97

—— МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗОЛ ——

• За да може по систематски да ги спречи активностите на македонската ВМРО, бугар-
скаша влада го основа "Македонскиот комитет" кој подоцна беше издигнат во "Врховен
комитет" и како таков на Турците им предаде безброј членови на ВМРО. Оттаму де
Јонг во нејзиното научно истражување "Врховниот македонско-одрински комитет"
(ВМК/ВМОК) го окарактеризира како "конкуренција" на ВМРО, поточно expressis verbis

"борбата против ВМРО... се оценува како главна задача на ВМК/ВМОК."259

Во овој контекст студијата на де Јонг нуди поучни податоци за специфичните профе- >
сионални профили на членовите на обете "конкурентски" организации:

"високата застапеност на офицери во (бугарската) ВМК/ВМОК наспроти (македонска-
та) носечка структура на ВМРО, составена од учители би ја документирала" различната
поставена цел на обете страни, имено, на бугарска страна планот "краткорочно составен
за провокација за вмешување на велесилите" и на македонска страна програмата "долго-
рочно предвидена како самоослободување преку самостојно создавање нација".

Тоа што тогашниот процес за образување нација, сепак, не успеа, зависеше како од
"силното бугаризирачко влијание на ... ВМК/ВМОК", така и од тоа што (поинаку, от-
колку полиетничко конзервирачката намера за интеграција на Македонците)

"останатите етнички групи (Грци, Албанци и Аромани) кои се уште беа од значење и за

кои исто така се однесуваа барањата за ослободување од страна на словенските групи-но-
сители"(!), "првенствено ги застапуваа барањата за автономија ограничена на сопствени-
от етникум, без полиетнички размислувања."260

Политички обмислената, широкоградa и фер намера на Македонците одеше уште
понатаму: Тоа би било словенско движење, кое

"во регионално одреденото обележје 'Македонци' би го вброило сето ... население на овој
простор", "но, сепак, не покренувајќи никакви барања за словенизирање на останатите ...
етнички групи."261

Оваа широкоградост на Маквдонците не вроди илод, бидејќи сите застапници на
соседните држави беа исклучиво експанзионистички настроени'.

"За формирање христијанско-македонски етникум во Македонија конкурираа грчката
Патријаршија, од 1872 год. Бугарската егзархија и од 1896 год. уште и српските училишни
институции."262

Повеќе од разбирливо е што Македонците денес - по нивните лоши искуства со сите
соседи низ последниве 125 години и буквално до денешен ден - не се толку дарежливи и
почесто настапуваат со недоверба.

Де Јонг оди понатаму: Тоа беше словенско движење и

"остана словенско движење. Своите национални примери за интеграција тоа, во основа,
ги доби од амбивалентните процеси на поставување граници. Овие најпрво следеа преку
приемот на наметнатите понуди за бугаризација со основањето и проширувањето на Ег-
зархијата во 1870/72 год., како реакција на притисокот за елинизирање од страна на етаб-
лираната грчка Патријаршија. Со српските обиди за национализирање, кои кон претход-
ниве се приклучија на крајот на XIX век, настана конкурентска констелација воведена од-
надвор"263, поради која понатамошните тенденции за разграничување станаа неизбежни.

Со други зборови: За да го избегне се поголемиот грчки притисок, еден дел од Македонците, како моментално решение, најде прибежиште кај бугарската црква. Но, со овој потег тие се најдоа помеѓу сцила и харибда; Бугарите ја искористија суштинската реалност, што некои Македонци во мигови на нужда преку бугарската православна црк-

ва pro forma се изјаснија за бугарштината, употребувајќи ја како средство кое им помогнада ги декларираат како Бугари и оние Македонци кои цврсто се држеа до нивната македонска определба, а нивната територија да ја припојат како бугарска. Овој процес требаше да биде забрзан и со надредената македонска листа со приоритети, како што де Јонг понатаму пишува:

"... Зачетоците на едно македонско национално движење (се развиваа) врз основа на двојно степенувана... опозициона диспозиција: главниот удар се насочуваше против социјално потиснувачкото, но национално не асимилирачкото турско ропство - и дури потоа против притискот за национализирање од страна на конкурентските соседни држави кои со помош на нивните создадени т.е. посакувани афтокефални цркви и од нив институционализираните школства се обидуваа да ги искористат предностите на религиозно подредениот, делумно автономен османлиски милетски систем и истиот да го ослабнат и соборат."264

2.2.4 Надворешни влијанија во полза на Балканскиот сојуз против Германија и Австрија

Младотурската револуција во јули 1908 год., со уривање на автократскиот султан Абдул Хамид II, не само што изврши огрпмно влијание во внатрешноста на Османлиското царство туку и надвор од неа. Се чинеше дека програмата на Младотурците "слобода, еднаквост, рамноправност" најави движење како кај Француската револуција.

Последиците, во поголем дел беа ненамерни:

Кака прво, Австрија ја најави својата намера да ја анектира Босна. На овој сигнал
Бугарија веднаш реагираше; веќе следниот ден, на 5 октомври 1908 год., таа ја објави
својата независност и се прогласи за кралство. Дури тогаш Виена стапи на дело: следе-
ше заземање на Сараево - иако имаше неочекувано силен отпор.

Исто така, и потенцијалните членови на Балканскиот сојуз започнаа посебни актив-
ности. Тие се закануваа дека ќе се "фрлат на работа", така што подоцна весникот "Тајмс"
("The Times") напиша дека Младотурската револуција врз плановите за основање на Бал-
кански сојуз дејствувала како "deus ex machina".265 Главната причина за нивната несоод-
ветна тактика беше стравувањето, дека на Младотурците можеше дури и да им успее
повторно да го консолидираат уморното Османлиското царство; тогаш евентуалното
остварување на сопствените планови во прв ред насочени кон експанзија би морало да
се пролонгира ad calendas graecas.

Ова беше суштинското објаснување на балканските држави за создавањето на Бал-
канскиот сојуз и за избивањето војна со Турција околу Македонија. Сепак, самата жел-
ба во никој случај не беше доволна идејата да прерасне во дело - на што уште ќе се ука-
жува.

Влијание врз Балканскиот сојуз имаше и однадвор. На почеток сосема непречено и
соодветно на тоа нескриено! Претставникот Фон Ромберг (von Romberg) од Софија извес-
та дека извесен господин Бакстон (Mister Buxton) од англиskиот комитет за Балканот -
со руска помош - се потрудил во Софија,

"да ги придобие Бугарите за идејата за обединување на балканските народи со Турција, во
насока против Германија/Австрија."266 (!!!)

Зарем никој во Германија или Австрија не ги чу ѕвоната за тревога? Еден таков
систем на сојузи, недвосмислено вперен против двете германски држави не смеел да ос-
тане без никаква реакција од германско(јазичните) политички раководства!

Овој предлог и коалицијата (поточно: "Антантата") која стоеше зад него сосема со-
одветствуваа на новите текови на фронтот во централна Европа: и таму избувна вистин-
ска револуција. По пресвртниот момент во историјата, основањето на Antanta Cordinale
меѓу Англија и Франција во 1904 год., во 1907 год. дојде до судбоносна Тројна Антанта
со Русија. (Бизмарк мора да се превртил во гробот.)

Но, тоа не беше се. Антантата потоа, со помош на Балканскиот сојуз кој, како што е
познато, беше доследен на своите стремежи против Турција. се обиде да ја комплетира
својата стратешка коалиција околу Тројниот сојуз, односно околу централните сили.

Стариот добар "Тајмс" ништо не напиша за ова. Веројатно беше во дослух со британ-
ската власт (или барем беше замолен за дискреција). Неговата горе наведена статија
треба да се сфати повеќе како придонес кон маневарот на Антантата за прикривање и
оправдување, отколку како информација и расветлување.

Толку уверена во својата сигурност поради тоа што противниците не беа свесни за
нејзините намери, Антантата можеше да продолжи со своето долгорочно планирање:

надворешното влијание врз балканските држави продолжи.

Следниот пат тоа беше руски емисар, господин Шчегловитев кој, сигурно со англис-
ка помош, требаше да ги придобие "Бугарите за идејата за сојуз на балканските Слове-
ни под руска закрила".267 За разлика од г-дин Бакстон, г-динот Шчегловитев на Бугарите
им даде неодолива понуда:

"притоа како мамец треба да послужи влеаната надеж за руска поддршка на аспирациите
на Бугарија кон Македонија." (исто)

Клучен акт во стратегијата на Антантата до 1914 год., - и понатамошен доказ за
комплицираната разврска на "македонскиот јазол".

За ралика од македонските, бугарските перспективи воопшто не изгледаа лошо. Но, сепак, не се случи очекуваното.

Англија и Русија сторија се да ги вовлечат балканските држави во своите планови за
алијанса против Германија и Австрија.

Во Србија наидоа на разбирање. Но, и покрај атрактивната понуда, Бугарија и одо-
леа на мамката. Преголема зависност од Русија, сепак, не и одеше во прилог, - искуства-
та од минатото под руски надзор не се забораваа толку брзо. Впрочем, интересот на Бу-
гарија беше насочен кон Македонија, - но, не по цена да стане непријател на Австрија и
Германија. Така, Софија конечно реши поинаку, бидејќи во Германскиот Рајх успехот и
се виде поголем.

Подоцна, откако Бугарија во октомври 1915 год., всушност, во Првата светска војна
стапи од страната на Централните сили, изгледите дека ја донела вистинската одлука, се
до пред крајот на војната, воопшто не беа толку лоши.

2.2.5 Бугарско-српските натегања за Македонија,

И покрај релативно јасната состојба на интереси, како што понатаму известува
претставникот Фон Ромберг, бугарската влада се откажа од секакво изјаснување на
мислењето и само изјавуваше надеж за постигнување на мирот.

Бугарскиот печат можеше повторно безгрижно да настапи и да се обиде да ги одвра-
ти српските интереси за Македонија:
_____стр.100

-—Хаис Лотар Штепан ——

"Сегашната критична состојба нуди прилика на најгорчливите непријатели на Бугарите

во Македонија. Србите, да им се докаже:

1.) дека легалните српски интереси лежат во Босна и Херцеговина;

2.) дека доколку овие интереси би биле загрозени од непријателот на сите Словени, Буга-

рите како браќа по крв, кои ги очекува истата судбина. веднаш ќе застанат рамо до рамо
со Србија."268

Бугарскиот претставник во Белград, Тошев, не се задоволи само со создадениот не-
мир. За да ги седне Србите на преговарачка маса, тој предизвика смртна тревога. Така,
тој на германскиот колега Фон Рајхенау (von Reichenau) му рече: •

"Но. помислата дека Бугарија би ги препуштила Стара Србија и Ускуп [денешно Скопје]
на Србија. е една од српските илузии." Оттаму, следува дека Бугарија цврсто се држи "до
својата стара политика, да го чува единството на Македонија и да се залага за автономија
на целата Македонија.... Целта на оваа доследна политика е подоцнежното припојување
на Македонија со Солун кон бугарската држава. На оваа политика не и одговара проши-
рување на Србија кон југот."... "Во однос на подалечната иднина на Србија, според г-дин
Тошев, таа како самостојна држава е осудена на пропаст. Доколку австриско-унгарската
монархија по пат на природна еволуција прерасне во трио, според законот за гравитација
ова трио ќе ја проголта Србија."269

(Дали Хабзбуршката двојна монархија, покрај своето мултиетничко буре барут би се
дрзнала да си дозволи уште и една тројна монархија со Босна, мора да се испита со по-
мош на списите на австрискиот домашен, дворски и државен архив во Виена.)

Бугарските обиди сигурно не беа тие, кои конечно доведоа до бугарско-српско збли-
жување. И до него се дојде, кон што ќе се навратиме во 5. поглавје, прилично изненаду-
вачки. Причините за ненадејниот пресврт не може да лежат во триесетгодишните пла-
нови (т.е. надежи) вперени кон заеднички сојуз на сите балкански кралртва. Тоа не би
било многу веројатно, би било речиси и невозможно.

Зад тоа би морало да стојат помоќни преговарачки партнери со поатрактивни понуди.

Кога кралот Фердинанд од Бугарија, во 1909 год., двапати, брзо едно по друго го по-

сети српскиот крал во Белград, обете страни како обезглавени поитаа да ги убедат политичките кругови за безопасноста на овие средби, што "изгледаше како и обете страни да имаа нечиста совест".270

Кога од крајот на февруари до почетокот на март 1910 год. бугарскиот кралски пар беше поканет на посета на царскиот двор во Санкт Петербург, да му предложи на Фердинанд (како непосредно претходно и на Милан, кралот на Србите) итно склучување на Балканскиот сојуз, тогаш министерот за надворешни работи Исволски му даде повод на бугарскиот крал да оствари визита во Константинопол (која следеше на 20 март),

"за да се уништи сомнежот на Турција во врска со Балканскиот сојуз и таа ... да се оддалечи од Австро-Унгарија и Германија."271

На сето ова, Вилхелм II не обрнуваше големо внимание. Тоа значи: нему не му беа туѓи руските (и англиските) манипулации. Или можеби натегањата околу Турција ги гледал како сосема нормално политичко секојдневие? Инаку, нему би требало да му бидат јасни последиците од англиско-руската средба на монарсите крај Ревал, војуни 1908 година. (Види 2.3.10 и поглавје 5) Дали тој и останатите водечки личности во Берлин и Виена уште тогаш ја увидоа опасноста од горенаведената стратегија на Антантата за изолација, која дури и во формулацијата беше недвосмислено насочена против "Австро-Унгарија и Германија"? (Ова се уште ќе се докажува.)

Поразителниот впечаток од штотуку предадениот цитат нема да се намали ниту со тоа што министерот за надворешни работи Исволски - за да ја потенцира безопасноста на посетата на обата балкански кралеви во Санкт Петербург - го задолжи дури и руски-от дипломат во Берлин, Шебеко, да објасни во Министерството за надворешни работи

дека "патувањето на балканските владетели ... е исклучиво со мирољубиви цели." Напротив: барем овој очигледно разоткривачки чекор на дрска дипломатија би морало да им ги отвори очите на царот и на царската власт.

Дури откако Англија и Русија се потрудија и од јужната страна да го затворат се уште отворениот круг на Двојниот сојуз и воедно и Турција да ја вклучат во антигерманската коалиција, Балканскиот сојуз стана опасен не само за Македонија - што, впрочем, беше непосредната цел на балканските држави -, туку и за обете германски држави, што беше долгорочната цел на силите на Антантата.

Во врска со посетата на бугарскиот крал во Русија од интерес е и еден друг аспект:

"Воениот ополномошник на рускиот двор, капетанот с. З. фон Хинце (z.S von Hintze) на 7 март 1910 год. ... извести дека кралот Фердинанд ... предложил заедничко воено дејствие против Турција, чија цел за Русија треба да биде Константинопол, а за Бугарија Македонија и Солун."272

Кобурѓанинот навистина го зафатила мегаломанија! Доколку на Русите им ја открил својата тајна, т.е. како по еден ваков лекомислен потег ќе се одбранат од војските (и флотите) на Англичаните, Французите, Австријците, Грците и Италијанците (и тоа само неколку години по уништувањето на руската флота по поразот во источна Азија), неговите фикс-идеи би можеле и да побудат интерес. Но Русија во меѓувреме ги насочи своите интереси во друг правец:

Против Германскиот Рајх.

2.2.6 Еден бугарски документ од исклучителна важност за Македонија

Еден извештај во декември 1909 год. беше повод царскиот дипломатски пратеник во Србија да му испрати на Министерството за надворешни работи текст со инструкција,

"кој бугарската влада во 1900 год. го испрати на својот тогашен претставник во Белград

во врска со поделбата на сфери на влијание во Македонија, предложена од страна на
Србија, и", како што пишува понатаму господин Фон Рајхенау, "од која една копија ми
беше достапна во тоа време."273 (Годината "1900" не е печатна грешка)

Со оваа инструкција пратеникот спасил еден толку фундаментален документ за ана-
лите на Република Македонија, што се чини оправдано поопширно да се цитира соод-
ветниот дел од извештајот, - дотолку повеќе што ова е еден од ретките случаи во сите
испитани документи, во кои македонскиот народ не е претставен само како жртва на аг-
ресивните соседи, како што и било вообичаено, туку и како предмет на трговија.
:

Во документот на бугарската влада до нејзиниот претставник во Белград се вели:

"Имаме неспорни докази, а и случувањата во последниве години јасно покажаа дека голе-
мото мнозинство на христијанското население во Македонија секоја поделба на сфери на
влијание ја сфаќа многу непријателски. Нивната желба оди до таму, да им се гарантира
личната безбедност и правото на сопственост и да им биде дадена слобода мирно и миро-
љубиво да се развиваат и да ги уживаат сите права на рамноправни отомански држављани
според меѓународните договори и законите на Отоманското Царство. Секаков обид за
било каква поделба кај македонското население би предизвикало огромно незадоволство
и во оваа братска земја би причинил еден таков раздор и неединство, што би можело да

изврши многу штетно влијание не само врз тамошното население, туку и врз мирот и ре-
дот како во Бугарија, така и во Србија. Кога пред неколку години, за првпат, беше отво-
рено прашањето на "сфери на влијание", од страна на населението во Македонија кон нас
беа упатени најжестоки протести по однос на ова прашање. Населението со сите сили се

бореше против една ваква поделба и се изјасни дека ннкогаш не сака да се стави ниту под
старателството на Бугарија, ниту пак, под она на Србија. Идејата за сепарација и самос-
тоен развиток за кратко време стана толку популарна, што во многу места во Македони-
ја почна да се оспорува постоењето на било какви племенски сродства или други врски
меѓу тамошното население и оние од другите балкански држави."273

Каква сензација!

Во принцип доволно е да се остави да делува севкупниот впечаток на документот, за
да се сфати трагиката на историјата, чија тогашна констелација го дозволила тоа, маке-
донскиот народ да прерасне во објект на алчноста за моќ на неговите христијански сосе-
ди,иако исто како и останатите балкански народи можеше да биде ослободен од турска-
та превласт.

Требаше да поминат 78 години од распарчувањето на Македонија, за кон крајот на
XX век да дојде поволниот судбоносен час во светската историја, кога Македонија пов-
торно - барем делумно - можеше да исплива од историскиот заборав.

Бидејќи секоја реченица од овој текст има толкава моќ на соопштување, и секоја го-
вори за себе, нема потреба секоја од нив одделно да се коментира; на пр.:

- Противењето на Македонците на плановите за поделба и тенденцијата за нацио-
нална самостојност беше јасна уште многу пред 1900-тата год., и тоа под името Македонија;

- Обидите за делба би предизвикале огромни незадоволства и раздор во Македо-
нија, така што тоа би извршило штетни влијанија врз мирот и редот во Бугарија и Србија.

- Но, пред се македонското население оспорува секакво племенско сродство со на-
родите на другите балкански држави!

Документи за една "самоопределба", која со ништо не се споредува.

Впрочем, во очи паѓа тоа што во бугарската инструкција станува збор само за Срби
и Бугари. Фактот што и Грција би можела да се обиде да си ги припои словенските об-
ласти, во 1900 год. за бугарската власт тоа било сосема незамисливо.

Во меѓувреме некои пропратни забелешки се покажаа сосема на место:

1.

Иако на сите балкански жители им беше докажано и добро познато дека Македон-
ците се самостоен народ, Бугарите, Србите и Грците не се двоумеа во Првата балканска
војна да ги нападнат своите христијански браќа и да ги одведат од едно во друго
ропство.
Ова го имаа веќе со векови зацртано и испланирано. Уште полошо: дури и да го припи-
шеме тогашното онесување на "духот на времето", иако за тоа, всушност, нема никак-
во оправдување, сепак, во 1990/91 год. не живеевме повеќе во времето на империјализ-
мот, туку во време на човекови и малцински права, но, и тука истите држави не се двоу-
меа - како да постапуваа и понатаму по правилото на "takiye", научено од Турција -, со за-
ведување и измама на европските "спријателени" влади, како и на светската јавност да
им создадат претстава дека Македонците против законски ја поседувале својата држава,
своето државно име, како и својот државен симбол па, дури и својот јазик! И тоа не е се:

дури и во XXI век истиве актери се до ден-денес (Србите до вчера) со истите тие невис-
тини го чуваа целото семејство на народи во лажно верување, дека тие за своите услову-

вања, рестрикции, барања и опструирања насочени кон Македонија имале навистина ос-
новани причини. Тие непречено стојат зад ова, без притоа нашиот "Систем на држави"
да ги повика на пристојност и да се исправи оваа неправда!

Ова создава разочарувачка слика за слабата способност на спроведување на вреднос-

тите на сите демократски сили на Западот и во Обединетите нации, - особено во рамки-
те на Европската унија. Меѓународните институции имаат должност да му стават крај иа
ова самоволие.
2.

Токму во вакви моменти кога се кроела историјата јасно се гледа трагиката на не-
моќноста на погодените, - како историјата да не била создавана од дејствувачки ликови,
туку како сама од себе да произведувала виновни и невини. Можеби во овој контекст.
сепак, е дозволен еден принципиелно недозволен излет во историски шпекулации:

Да претпоставиме дека пратеникот кој тогаш (1900 год.) веќе бил на служба во Бел-
град (вакви периоди на служба на едно место во тоа време не биле невообичаени), слич-
но како и неговите европски колеги кои со сигурност го добиле документот и го препра-
тиле кон своите матични земји, не ја испратил бугарската инструкција за Берлин во 1909
год., туку точно во годината на нејзиното објавување и дека суштината на содржината,
самостојноста на Македонија како и стремежот на Македонците за слобода и независ-
ност, во западна Европа и Русија би наишла на истото разбирање, како претходно во
случајот на Грција и Бугарија: тогаш, последното македонско востание во 1903 год. би
било поддржано и би поминало успешно. Македонија ќе можеше одново да заживее во
своите стари граници, како Грција, Србија, Романија (односно Молдавија и Влашка), ка-
ко Црна Гора и Бугарија (и подоцна како Албанија). Последиците врз севкупните бал-
кански збиднувања би придонесле за помирување: воопшто не би дошло до неправдата
од Балканските војни во 1912 и 1913 год., која со себе повлече одново нова неправда, а
Македонците не би морале трпеливо да чекаат се до пресвртот во светската историја
1989/90 год. за да добијат независност, барем во еден дел од нивната поранешна земја, во
која опстојуваат веќе 1300 до 14ООгодини.

Сепак, историјата не тече така. Не според правото, законот и нормата, а за рамноп-

равност воопшто и не станува збор.

Но, таа не смее да се одвива ниту онака, како што сакаат Бугарите, Грците и Албан-
ците, односно таа да биде водена исклучиво од нивиите сопствени национално егоистич-
ни интереси.

Во овој случај силите на редот на светскиот систем мораат да го сопрат тркалото на
"направената", пред се фалсификувана. историја и да го насочат во корист на слабите и
обесправените.

.3.

. Има една реченица која, во контекст на разоткривањето на бугарската инструкција,
сосема драматично за денешна Македонија останува незабележлива и на која поради
нејзината невоочлива појава и се заканува превид: желбата на христијанското население
во Македонија одела дотаму "да му се гарантира личната безбедност и правото на сопс-
твеност и да му биде дадена слобода мирно и мирољубиво да се развива и да ги ужива
сите права ... според меѓународните договори и закони".273

Каква воздржана максима за пример! Колку мудрост лежи во ограничувањето на то-
гашните Македонци на ниедна друга цел, туку само да можат мирно и спокојно да си го
водат животот во кругот на своите семејства, - симпатична тенденција која според ис-
куствата на авторот во Македонија и ден-денес го има свосто право. Овие луѓе беа тие
кои ја извлекоа единствената вистинска поука од јаремот низ столетијата - тоа не беа

——Ханс Лотар Штепан —

властољубивите империјалисти кои во XX век ниту еднаш не се почувствуваа подготве-
ни да се ослободат од лошите навики од XIX век и кои својата надуеност ја продолжија и

во XXI век...

' Како дополнување на оваа позитивна оценка ќе биде споменато дека познавачите на
Балканот дури и во современиево на Македонците им го признаваат високиот човечко-
морален квалитет. Во врска со неговото изјаснување околу омразата кон муслиманите
на Балканот по 500-годишното турско ропство, чија разорна моќ се докажа и во војната
во Босна, Кристијан Фос пишува дека според него оваа омраза била

"во Македонија видливо послабо изразена поради долгата традиција на етничка толеран-
ција и 'игуменски идентитет', отколку во православните соседни држави Србија, Грција и
Бугарија, чии државни творби се оформиле непосредно од Османлиското царство."274

Македонската толеранција во тоа време и денес, во XXI век, била и е повторно зло-
употребувана - во рамките на Република Македонија и однадвор.

Така, прастара народна поговорка избива на површината на помнењето:

Најдобриот не може да живее во мир кога тоа не му се допаѓа на лошиот сосед.275

Оттаму мора да се допушти прашањето: смее ли Европската унија со отворени очи
да се занимава со невистини и неправедности?

(продолжува)
++++++++++++++++++++++++++
ДЕЛ ТРЕТИ
++++++++++++++++

2.3 Грција

2.3.0 Аспскти на грчката историја

Старите историчари вака го опишуваат потеклото на Грците:

"Некои етноси кои доаѓајќи од Азија долготрајно се задржале во јужна Европа дош-
ле како номадски народи. Ова најверојатно се однесува на Грците, Илирите и Тракиј-

ците" и секако "на подоцнежните турско-татарски Бугари и финско-унгарските Маџа-
ри."276

Ова историско објаснување јасно го кажува она што го мислел Штефан Вајднер (Ste-
fan Weidner) кога во својата рецензија за книгата на Гркинката Реа Галанаки "Животот
на Исмаил Ферик паша" (КНеа Оа1апа1<1: "das Leben des Ismail Ferik Pasha") напиша:

"Чудниот идентитет на модерните Грци кои за своето постоење мораа да добијат објасну-
вање прво од северните Европејци и притоа да ги потиснат своите ориенталистички тра-
диции", не би можело поподробно да се обработи отколку во книгата на Галанаки. "Гр-
ците .. се многу помалку пронаоѓачи на Европа, отколку европски пронајдок. ... Ако Гр-
ците ги замислуваме како Европејци, нема да бидат претставени во вистинското светло."
Би морало да се потрудиме да ги гледаме така, како всушност нивните претходници да не
биле основачите на Европа, туку како нам да ни се толку туѓи како Турците и Албанци-
те, нивните соседи; ..."278

Но, би требало да се чујат и гласовите на традиционалните ставови:

Грците ја положиле првата европска висока култура и го изградиле, така да се каже,
мостот за ширење на писмената култура преземена од Блискиот Исток. И нивната ан-
тичност или автохтоност ... не е ставена под сомнеж, бидејќи тие таму се вдомиле, во се-
кој случај, порано од Римјаните или Словените.'278

Откако по трите римско-македонски војни (од 215 год. пр.н.е.), во 168 год. пр.н.е. и
дојде крајот на независноста на македонската држава, завршии и македонската хегемони-
ја над Грција, која датираше од 338 год. пр.н.е. (по грчкиот пораз од Филип II, кај Хиро-
неја). Обете станаа колонии на Рим: во прво време Грција како дел од римската провин-
ција Македонија.

(Понатамошни детали за античката македонско-грчка историја види под 1.2.0.1)

1.

Римјанизирањето на Грција за време на 600-годишното колонијално ропство мора
да било многу влијателно, бидејќи Грците дури и на почетокот на XIX век, при започну-
вањето на ослободителната борба против Турците, значи околу 1500 години по повлеку-
вањето на римските трупи од Балканот, себеси се уште се нарекувале Ромаиои (Римја-
ни) а својата земја Римска земја, иако низ Грција од VI па, се до IX век се одвивал проце-
сот на словенската преселба и населување, а од крајот на XIV век таму опстојувало ре-
чиси 500-годишното владеење на Османлиското царство. (Делувањето на римјанизаци-
јата била поизразена единствено врз Романците и Ароманите = Власите, кое се чувству-
вало дури и во нивниотјазик и народните имиња.)

2.

Како што веќе беше наведено, во бранот на Преселбата на народите Словените ја
преплавија цела јужна Европа. Откако подолго живееле во Готското царство, а меѓу дру-
гото и во Украина, со движењето на Хуните и тие се повлекле кон запад. Нивната врска
со последниве мора да била релативно блиска, бидејќи Штатмилер укажува на тоа дека
погребот на хунскиот крал Атила, во 456 год., е влезен во историските записи под сло-
венскиот назив "страва" ("strava"),279 - значи две години откако на каталонските полиња
хунско-источноготско-гепидиската војска претрпела решавачки пораз од римско-фран-
киско-западноготската војска. Откако Хуните биле поразени од (исто така турского-
ворните) Авари, Словените продолжиле со победниците понатаму, дури и до Далмација
Во вековното доселување и населување Словените ја оформиле структурата на насе-
лението на Балканот онака, како што отприлика е и денес.

Навистина интересно - но, во Грција изгледа дека постои одредена дистанца кон овој

дел од грчката историја. Но, бидејќи тој дел има особено значење за избраната тема,
треба уште еднаш да бидат консултирани капацитетите на науката за историјата на јуж-
на Европа:

Поинаку отколку кај германската преселба на народите во IV и V век која

"како насилна бура ... ја растресе римската власт на Балканскиот Полуостров се до коре-
нот", со моќните преселнички движења на словенските народи целиот простор на јужна
Европа стана ... словенски населено тло."281 "Поточно словенските јата веќе 60-тина годи-
ни му се заканувале на Источноримското царство и ги пустошеле граничните провинции.
Но, сега веќе започна трајното словенско населување." (Штатмилер: стр. 91)

Ханс-Вилхелм Хаусиг (Hans-Wilhelm Haussing) пишува:

• И Аварите "уште во втората половина на VI век светот на словенските народи го ставија
во движење. Овие Словени ... тогаш заштитени од Аварите ги преминуваа границите на
Царството. Во ова време Македонија стана словенска ..." "Понатамошните напади беа
насочени кон Грција и стигнаа дури до Пелопонез. Од крајот на VI век може да се говор
за се позасилени словенски освојувања особено на Пелопонез."281 "Хераклиј дури и го приз-

на словенското заземање на Балканскиот Полуостров" (Хаусиг: стр. 183)
1.

Славистот Макс Вазмер (Max Vasmer) цитира од хрониката на бискупот Исидор (Isi-
dor) од Севилја во која се констатира "дека Словените под власт на царот Хераклиус на

Римјаните им ја украдоа Грција" ("Slavi Graecian Romanis tulerunt"). (исто, стр. 14) И пок-
рај сите историски докази "грчките научници постојано се обидувале ..., да го прикријат
присуството на Словените во средновековна Грција ..." (Вазмер, стр.13)

• "... во 585 год. (тие презедоа) голем опустошувачки поход низ Тракија се до Константино-
пол."... "Во 591 год. Словените се осмелија на првиот напад на цврстиот Солун. По овие раз-
бојнички походи кон крајот на VI век се пренасочија кон трајно припојување во своја сопс-
твеност на незаземената земја." (Штатмилер, стр.92)
2.

Кај Траутман (исто, стр.34) стои следново: "Во VII век беше спроведено колонизира-
ње на Грција се до внатрешноста на Пелопонез, и како и да е земјата околу Монемвасиа
во 725 год. се сметаше за <Славиниа>."

• "Римското и грчкото население бегаше во утврдените крајбрежни градови и на островите
..." "Пред Солун се појавија пет словенски племиња со жените и децата." Бидејќи и покрај
помошта од дополнителната војска од Авари, Словени и Бугари, градот даваше отпор,
"петте словенски племиња се населија ... во околината на Солун." "Во 611 год. ... еден
словенски напад за првпат достигна до јужна Грција." (стр. 93)

• "Веќе во средината на VII век словенското населување на просторот во суштина заврши.
Целиот Балкански Полуостров со исклучок на крајбрежните линии и некои засебни ут-
врдени места во внатрешноста на земјата беше населен со словенски селани... Од Шлези-
ја и Чешка ла се до јужната точка на Грција, се беше запоседнато од словенските земјодел-
ци.... Тогаш Словените исто така го поседувале и најголемиот дел од денешното албанско
и грчко населено тло. Во VIII век, недалеку од античка Атина и Спарта живееле Словени.
Грчката земја долги времиња беше област населена од Словени и така остана со векови, за
што сведочат безбројните словенски топоними задржани до ден-денес." (стр. 95)

Кон ова и едно дополнување од Михаел Вајтман:

"Изобилството на словенски топоними во Грција ... произлегува од различни периоди на
нивно образување""... Топонимите од словенско потекло (се) единствените се уште 'жи-
ви' сведоштва за словенското минато на Грција."282

Ова не е до крај точно, бидејќи самиот Вајтман го споменува и словенското јазично
влијание во грчкиот речник:

"Во новогрчкиот егзистираат околу 500 словенски корени на зборови, од кои поголемиот
број сепак, се употребуваат регионално. Само околу 60 заемки се вообичаени грчки збо-
рови ..."283

Уште еднаш Хаусиг:

• "Развитокот во Грција помина слично како во Бугарија и Македонија. И тука, особено на
Пелопонез, голем дел од селското население се повлече во планините. Тие се откажаа од
нивната дотогашна форма на живеење и продолжија понатаму како номадски овчари. ...
Еден друг дел од грчкото население со помош на бродови се упати кон јужна Италија и
заедно со грчките бегалци од, Сирија и Палестина кои ги затекнале таму се грижеа за по-
натамошното јакнење на грчкиот народ во долна Италија."284

Сепак, поинаку одошто заклучил Јакоб Филип Фалмераер (Jakob Philipp Fallmerayer),
според Вазмер не би можело "никако да стане збор ... за уништување на елинската бит-
ност". (стр.325) Како што Р.Траутман, (стр.34), пишува, грчкото "повторно добивање на
старата татковина" започнува од крајбрежните области "околу Аркадија, Метони, Кот-
рони" како и "од Монембасиа на југ до Коринт на север", каде живеело јако грчко насе-
ление." И (на стр.35): "Во X век словенството кулминира, тогаш водечката улога се пре-
фрла на Грците - со новиот милениум се спроведе создавањето на единствена грчко ја-

зична народна целина на средновековниот Пелопонез од стопувањето на словенскиот и
елинскиот елемент, при што словенската крв морала да биде навистина подоминантна.
(Штатмилер)."
Словенските доселеници најсилниот отпор го доживеале на грчкото населено тло', во те-

кот на следните столетија со погрчувањето потпомогнато од христијанизацијата биле це-
лосно истоштени." (Штатмилер, стр. 99)

Словените уште во XIII век живееа на Мореа, а Вилхелм II (1245-1278 год.) се бореше
против словенското племе на Милингите во северен Тајгетос: за Словени во Маина ста-
нува збор уште во XIV век ... од XV век словенството во Грција за нас е невидливо."
(Траутман, стр.35)

Во врска со ова Вајтман цитира еден словенски историчар (Петар Боев) кој за својот
грчки колега Пулианос напишал дека овој

"на впечатлив начин го избегнува тоа, да претпостави за словенското потекло на светлопиг-
ментираните типови раси кои мора да се споменат за етногенезата на грчкиот народ.'285 '

Кога Вајтман на друго место известува за грчкото тврдење дека жителите на Македо-
нија "според грчкото мислење делумно се словенизирани Грци"286, тогаш авторот спро-
тивно на тоа, со многу повеќе право од сознанијата на научните авторитети - меѓу дру-
гите на еден од водечките германски познавачи на Балканот од првата половина на XX
век, Макс Вазмер - ќе мора да заклучи дека кај поголем дел од жителите на Грција ста-
нува збор повеќе за грцизирани Словени.

Грците не слушаат со задоволство вакви изјави. Кога на почетокот на XX век итали-
јанскиот пратеник во Атина, Силвестрели (Silvestrelli), забележа дека Грците се мешави-
на од Словени, Турци и Венецијанци, целиот печат во земјата го нападна: "Неговата
храброст ги преминува границите на лудост. Таа паѓа кон подот на бруталноста." "Тој не
се мисли многу да ја допре невиноста на Грција со неговите валкани раце и на срамен на-
чин без никаков почит и плашливоет, не дозволувајќи да се биде трогнат од највеличест-
вената историска слава."287 Печатот не ја испушти приликата, веднаш да ја означи тен-
денцијата за грчките експанзионистички планови, при што (во 1904 год.!) му се испушти

една интересна формулација. Весникот "Астрапи" ("'Astrapi") сметаше дека со невкусните
изјави на Силвестрелис "биле обелоденети намерите на официјална Италија за грчката
област. Наместо да напише дека Грција на север граничи со Македонија" (да не им се ве-
рува на очите!) "и Епир, тој напишал дека се граничи со Македонија и Албанија. Значи
Епир тој сосема и го поништил, т.е. го поистоветил со Албанија..." (исто)

Впрочем научниците уште во XIX век

"го оспорувале непрекинатиот етнички континуитет" на Грците, со што "се укажувало на
значителната последіца од словенското населување на просторот и подоцнежното шире-
ње и населување на Албанците". (види под 2.5) "Во современиот мешан народ од скитски
Словенн, илирски Арнаути, Срби и Бугари, Далматинци и Московјани" не се препозна-
ваат непосредните наследници на античките Грци.'288

Клаус Штајнке (Klaus Steinke) дополнувајќи пишува:

"Британскиот историчар Ерик J. Хобсбаум неодамна повторно проговори за оваа крити-
ка и поради тоа од грчка страна беше грубо прекорен. Значи и понатаму е злосторство да
се изложи на критичка анализа сликата за грчката нација создадена во минатото столе-
тие и да се покажат современите препирања со соседите на север околу правата на името
Македонија, како и јазичното старателство кај словенското и албанското население во
северна Грција,"289

Тешко дека официјална Грција би била способна да упати толку груб прекор и во
случајот на горе наведената грчка авторка Галанаки.

3.

Кога Турците ја опустошија јужна Европа, ваквите разлики навидум го загубија сво-
ето значење, бидејќи на поробувачите им беше сеедно, дали тие владееја со православни

Грци или со католички Унгарци, се додека тие непречено можеа да ја спроведуваат сво-
јата моќ, да не речеме своето самоволие, се додека можеа да ги собираат даноците, зна-
чи,да трупаат богатство и да располагаат со евтина работна сила, доколку потчинетите
не претпочитаа да преминат во исламот, во што се истакнуваа Босанците и Албанците,
поради што тие беа ослободени од даноци, а освен тоа, на тој начин им се отворија и ска-
лите во општествената хиерархија.

Познавачите на материјата напишаа дека во оваа рамнодушност на муслиманските
Османлии наспрема христијанството (која се почесто погрешно се претставува како то-
леранција) се криело семето за нивниот подоцнежен продор во Европа. (Ова искуство
се чини дека на мухамеданците им послужило како поука. Бидејќи од радикалните мус-
лимански групи познато е дека тие се обиделе да спроведат брзо исламизирање на хрис-
тијаните во европските држави,меѓу другите и во Германија.)

Дали аргументот со работната сила би бил претеран? Во никој случај. Лоренц Јегер
(Lorenz Jager) цитира од еден извештај на османлискиот патсписец Евлија Челебија кој
откако дошол во Виена се погрижил и околу прашањето,

"дали жителите на Виена еден ден би можеле да станат добри поданици на султанот."290

Пет години по познатата битка на Косово Поле во 1389 год. и Атика и Пелопонез
беа поробени од Турците; педесетина години подоцна Османлиското царство ја зазеде
цела Грција. Единствено Крф и Закинтос никогаш не биле турски, а Кефаленија само
20 години.

4.

Како и насекаде на Балканот востанијата на Грците против Турците најпрво се од-
виваа некоординирано и беа неуспешни, бидејќи секогаш беа крваво задушувани. Прво-
то грчко востание вредно за споменување на почетокот на 1821 год. не се дигна во Грци-
ја, туку во дунавското кнежевство Молдавија.

До оваа, на прв поглед не толку сфатлива релација се доаѓа веднаш, штом на помош
се земе еден цитат од Франциско Р. Абрадос (Francisko R. Abrados):

"Фанариотите од Константинопол исполнуваа значајни административни и политички
служби и управуваа со Влахија и Молдавија."291

Кон оваа затскриена позадина Георг Штатмилер придодава и еден детаљ кој разот-
крива многу:

Големите грчки трговски фамилии владееја со трговијата во царството ... и ... трупаа ..
огромни богатства. Така оној Михаел Кантакуценос чии придонеси од царината и од "ци-
цањето" на романските дунавски кнежевства, кои се понеќе и повеќе стануваа стопански
колонии на грчките трговци, беа толку големи што на Султанот можеше да му плаќаат
160.000 талири годишно. Неговото богатство, како и на многу други големи застапници
на оваа грчка плутократија, му донесе несреќа. По наредба на султанот беше задавен, а
неговото богатство беше конфискувано (1576)."292

Всушност, грчкото востание се случи во кнежевството Молдавија бидејќи остана без
очекуваната руска помош. Тогаш, Грција се уште не беше разгаленото дете на царот и
на останатите европски монархии.

Востанија во Грција избувнаа дури во март, при што беа ослободени Пелопонез и
Атина. Рајнер Херман потсетува на тоа дека на 22 април, на ден Велигден во 1821 год.,
на големата порта (која од тој ден никогаш повеќе не се отвори) на црквата Св. Ѓорѓи
во Истанбул поради државно предавство биле обесени Патријархот Грегориј V и трој-
цата митрополити, иако, како што дополнува Мацовер (исто, стр.140), Грегориј издал
писмо, "во кое тој ги екскомуницирал грчките револуционери":

"На почетокот на грчката борба за независност ним им беше подметнато дека ги поддр-
жуваат стремежите за слобода на Грците."

"На улицата, на која се наоѓа Патријаршијата, Турците и дадоа име ... по големиот везир
 кој го заповедал бесењето.",

Овој злостор, на Велигден го исполнува секое грчко православно.срце со тага. Така,
неговата завршна реченица воопшто не чуди:
"Со тоа и беше ставен неотповиклив крај на плодната коегзистенција меѓу Турците и Гр-

ците."293

5.

На 1.1.1822 год., во Епидаурос прерано беше објавена независноста на Грција, бидејќи турскиот управител на Египет повторно го освои Пелопонез. (Впрочем, грчкиот реформатор на јазикот А.Кораис упати критика до уставот од Епидаурос,

"бидејќи во него тој го видел продолжетокот на феудалистичките структури ина владеењето на фанариотите од османлиско време."294)

Во 1823/24 год. востаниците взаемно се уништиле во две граѓански војни, што според
К. Хопф (C. Hopf) докажува дека и покрај некои позитивни аспекти овој народ

"се уште не прераснал во 'нација' која можеше да се организира во независна 'национал-
на држава'."295

И Теодор Шидер заклучи дека
"новата Грција која беше родена како национална држава под покровителство на учениот свет на Европа, без претходно да има нација", за него била "класичен пример (за ед-
на) 'национална држава' која поседува исто толку малку национален висок стандарден и
пишан јазик како и едно национално општество "296.

Во 1827 год. изби еден нов револт.

Уште од "избувнувањето на ... востанието ... Русија се обидуваше преку дипломатски при-

тисок да овозможи подобрување на состојбата на христијанското население на Балка-

нот:"297

Откако Русија, Англија и Франција со Лондонскиот договор од 6.7.1827 год. се одлу-
чија да стапат во акција во корист на Грција и на 20 октомври ја уништија турско-еги-
петската флота во поморската битка кај Наварино, во април 1828 год. Русија и објави
(6) војна на Турција (поморската војна не беше објавена како војна) и тогаш Турција бе-
ше навистина поразена. Оттаму следеше

"првото вистинско повлекување на Османлиското царство пред националната самосвест

на рајата" (немуслиманското население).(исто)

Со мирот склучен во Одра 1829 год. и според протоколот од Лондон 1830 год., Грција
стана автономна република, две години подоцна и суверено кралство. Во 1833 год. веле-
силите за крал на Грција го поставија Ото фон Вителсбах (Otto von Wittelsbach) од Бава-
рија. Теодор Шидер околу тоа вели:

Грците биле управувани од "владетели од туѓа националност, туѓо верување, туѓ јазик".
Во XIX век на Балканот единствено србија би имала "стара ,наследничка династија".298

_____стр.110

——Ханс Лотар Штепан ——

Тука Шидер се излажал.. Едгар Хеш (Edgar Hosch) укажува на тоа дека и Црногорци-
те мажеле да ги остварат нивните "шанси, владеачката служба да се извршува од прет-
ставници на домашните династии".299
Од друга страна, државните владетели од странство, поставени од велесилите, во те-
кот на следните години без сомнение биле од корист, - првенствено за политичките екс-
панзионистички цели на Грција (како што и ќе се покаже).
Границата на независна суверена Грција тогаш се протегаше нешто посеверно од
Коринт, што значи дека големите области, како Тесалија. Јонскиот остров и Крит се

уште не и припаѓаа на новата држава.
6.
Грубо земено, од овој момент па натаму започна да дејствува надворешно-политич-
киот лајтмотив на Грците, Megale Idea : сонот за Големо грчко царство со главен град
Константинопол во границите на Византиската Империја. Иако сите области од ова по-
сакувано Големо Царство во никој случај не беа од грчко потекло, сепак, оваа идеја од
тогаш го насочи политичкото дејствување на државата и Црквата. Оваа политика на
Балканот (а по Првата светска војна и во Анадолија), најпрво како политика на повторно
обединување, а подоцна како експанзионистичка политика, Грција доследно ја следеше.
Откако Атина ги искористи немирите од Кримската војна во 1853-56 год., започна
практичниот зафат да се анектираат делови од албанскиот јужен Епир. Додуша овој
напад не успеа, бидејќи Англија и Франција (поради прекршување на договорот) со за-
земање на Пиреј изнудија повлекување на Грците, но првиот чекор беше направен. Вос-
танијата на Крит во 1866 год. (објавување на приклучувањсто кон Грција = enosis) исто
така не дадоа резултат; бидејќи во понатамошниот тек на кризата велесилите спречија
грчка анексија на островот и со нивно посредство на конференцијата во Париз, во јану-
ри 1869 год., Грција и Османлиското царство се договорија: Крит да остане турски.
Кога со руска помош во 1870 год., на Бугарија пред нејзината независност, па, дури и
пред нејзината автономност, и успеа спроведувањето на Егзархијата, т.е. на самостојна
бугарска православна црква, ова беше горчлив удар за "Големата идеја" на Грција. Со
пренасочување на црковниот данок на бугарските верници во касата на бугарската црк-
ва,грчката игуменска Патријаршија во Константинопол освен укинување на можности-
те за нејзино културно влијание претрпе и осетни финанскиски загуби.
Еден извештај на дипломатот во Константинопол, господинот Фон Ибел (von Ubel),
од 1868 год. до кралскиот пруски премиер, истовремено и сојузен канцелар, како и ми-
нистер за надворешни работи на северно германскиот Сојуз. (тогашниот) гроф Ото фон

Бизмарк, потсетува на предисторијата на овој развој на грчко-бугарските односи: грчката Партијаршија во Константинопол и нејзините великодостојници - наречени по нивниот кварт "Фанариоти"- биле "со векови неопходни советодавци и толкувачи на Високата порта" и

"нивното влијание и незнаењето на нивните турски господари го искористиле да го искоренат националниот бугарски елемент од црквата."300"На бугарската нација ... (и биле)... постепено наметнати грчкото свештенство, грчки училишта и црковни богослужби на грчки јазик и толпата народ била предадена на незнаењето и репресалиите на грчкото свештенство."

Идејата за принципот на националност се роди дури по Кримската војна "и бугарското црковно прашање доби растечко политичко значење. Првиот повод .. го даде Русија. Ставот на грчкото свештенство, како и на севкупното грчко население во Турското царство за време на Кримската војна не беше во согласност со очекувањата на руската политика."301

Откако Русите меѓу 1827 и 1829 год. енергично и со големо жртвување ја поддржаа Грција во барањето на своја независност, воздржаноста на Грците во Кримската војна, кога Русија бараше помош од нивна страна, отворено беше протолкувана како неблагодарност. Поради тоа Санкт Петербург оттогаш ги помагаше и православните Бугари-и воедно словенскиот елемент во состав на "ориенталната црква" се до Егзархијата 1870/1872година.

Подоцна Русија извлече поука од овие искуства: така, Царот Александар II во 1877 год., не се колебаше неколку дена по објавувањето војна на Турција, својот брат, великиот кнез Константин, да го натера да му напише на неговиот зет, на мажот на великата кнегиња Олга, грчкиот крал Георг дека Русија се надева "набрзо да чуе нешто добро од

Грција". И рускиот пратеник во Атина, Фон Сабуров, постојано му истакнуваше на Георг I
"дека Русија (еден ден) ќе ја искаже својата благодарност единствено за вистинските
услуги."301" Притоа, Санкт Петербург од Атина, за разлика од Софија. не очекувашеза-
говор за едно сеопшто востание, туку кревање на Грците во турските делови од земјата.
Ваквите текови не укажуваат само на тоа дека династичките припомагања не биле
еднонасочни, туку и тие ја дозволуваат претпоставката дека Руското царство никогаш
не ќе имало вакви очекувања од Грција, доколку не помислело дека таа ќе му донесе од-
редена наклоност, - како што впрочем се случило непосредно пред Берлинскиот кон-
грес и за време на преговорите.
По долгогодишните преговори околу Бугарската егзархија, Високата порта, од нејзина страна, не можеше веќе да ја одолговлекува одлуката, без повторно да биде предизвикана "бугарска инсурекција". И великиот везир, Али-паша, стравуваше дека во
друг случај "досега послушните Бугари ... Русија" би ги земала "во војска". при што тој
целосно беше поддржуван од итрите Бугари:
Единстиено одбраната на црковната независност можеше да го заштити "бугарското ло-
јално население од револуционерните бунтувања кои доаѓаа однадвор ... и да го држи во
старата потчинетост."302

7.

За време на херцеговското востание во 1875 год. (со црногорска помош) и босанско-
то востание во 1876 год. (со српска поддршка) Грција се обиде да остане неутрална, иако
"во печатот ... се слушаа силни гласови за кои пасивната улога на Елините набљудувачи
на започнатата битка беше неспоива со 'честа на нацијата' (и) со 'светите интереси на
Елинизмот'."303
Сепак, по дебаклот кој Грција го доживеа во 1868 год., откако - безуспешно - активно
го поддржа востанието во Крит, Атина поради малубројната војска, недостатокот на
воена опрема и мизерната финансиска состојба, наместо учество во војната се одлучи за
надежта дека

Грција ќе извлече огромна корист од мирољубивиот став на кој самата таа ќе му биде
доследна. 304 .
Така, грчката власт остави впечаток дека само со големо самосовладување и воздр-
жување ја заузда желбата на населението, задолжително да се учествува во војната.
Ваквата политика донесе двојна предност: Грција се поштеди од војна и истовремено,
поради откажување од учество во војната од велесилите можеше да очекува, на крајот,
сепак, "да не остане со празни раце". Последново беше најголемиот кошмар на Грците,
бидејќи

"во овој случај љубомората кон словенскиот елемент на Балканскиот Полуостров (е)
значително појака ... отколку непријателството кон стариот-долгогодишен непријател,
Турција."(исто)
Тука одговара она што германскиот конзул, грофот Бојст (Beust), го известил од Со-
лун, дека имено
"грчките свештеници ги подбуцнуваат Турците против Бугарите, бидејќи се надеваат де-
ка на ваков начин најпрво нив, а потоа и Турците, со востание или помош од Европа, ќе
ги истераат од областите што тие ги бараат за својата нација."305

И тука доаѓа до израз една значајна формулација (како впрочем и во целиот извеш-
тај): секогаш се зборуваше за "области што тие ги бараа", но, никогаш за "грчки" или за
"области кои и припаѓаат на Грција", ниту пак за "поранешни грчки области". Бидејќи
овие области во минатото никогаш не им припаѓале на Грците, сега не им беше до тоа
да бараат конкретен регион, туку дека

"на Грција и следува да добие соодветен дел при промена на територијалните односи "
европска Турција."306

(Навистина потполно ирелевантно оправдание за претензиите, кое докажа дека во
случајот на Грците, повеќе се работи за потреба од внимание, алчност за моќ и нацио-
нална вообразеност.)

Се чини дека оваа стратегија била општо прифатена:

"Мнозинството на таканаречени политичари кои не можат да го поднесат тоа што Грција
во моментов не игра некоја поголема улога, си посакува ... да види како избива војна меѓу
Русија и Турција. И тоа не со намера да се земе активно учество во ваква војна, туку со
очекување дека притоа, со взаемно ослабување на обете завојувани страни, нешто ќе и
падне в раце и на Грција."3о7

Натпреварувачкиот однос кон останатите балкански држави со истиов, подеднакво
насочен копнеж доведе до заклучокот на германскиот пратеник дека

"Грците ги исполни со вистинско задоволство ... тоа што она словенско племе (Србите)
кое себеси се сметаше за предестинирано да игра водечка улога на Балканскиот Полуос-
тров, по големи жртви во добра и крв излезе од војната без понатамршни придобивки (во
одделниот мировен договор од 28.2.1877 год.)."308

2.3.1 Грција, 8(осма). руско-турска војна и Берлинскиот конгрес

Посредничката конференција во Константинопол уште во јануари беше осудена на
неуспех. Откако турското Високо Собрание (исто така во јануари) се изјасни против ре-
формите и откако Турција на 9.4.1877 год. го отфрли и Лондонскиот протокол од 31. 3.
1877 год., средствата за посредување беа исцрпени. На 24.4.1877 год. Русија му објави вој-
на на Османлиското царство.
Уште во април, два дена пред руското објавување на војната, рускиот пратеник во
Атина, Фон Сабуров, на својот германски колега вака му ја резимираше политиката на
Русија спрема Грција:

"Тој е убеден дека неговата влада под никакви оклоности нема да и гарантира на Грција
било какво територијално проширување."309

И без цитираниот извештај, Грција секако стравуваше од ваквиот исход.310

Проценката се совпадна со оценката која државниот министер во службата за надво-

решни работи Фон Билов сениор ја предал во еден запис за царот Вилхелм I (Wilhelm I).
_____стр.113

——- МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗОЛ ——

Таму, врз основа на споменатиот извештај се вели дека Грција во Лондон, Санкт Петер
бург и Виена, побарала

"награда за нејзината лојална неутралност во моменталната кцгаа^во.сшуставна "•ксмр
рала да дојде до неа со востание на грчкото население во турските гранични провинции".
Проширување на грчките граници било неопходно за иднината на земјата и нејзината ди-
настија, "но сепак нејзините желби не наидоа на поволен прием. Се чинеше дека во Санкт
Петербург се позаинтересирани беа за Словените отколку за Грците и најубавиот сон на
последниве, грчкото царство во Константинопол. го оценија како целосно и сосема не-
прифатливо; во Виена и Лондон едноставно им се укажа на тоа дека своето постоење Гр-
ција им го должи на европските договори и единствено со придржување кон договорите
би си го осигурала своето постоење."311

Цела една година подоцна дојде до еден таков невообичен превrат во развојот што
господата Фон Сабуров и Фон Билов мора да останале зачудени, колку многу се проме-
нил рускиот однос кон Грција и со колку голема територијална придобивка од Берлин-
скиот конгрес Грците можеле да се вратат во Атина.
На објаснувањето за ова ќе се навратиме подоцна.

Но, не се промени само рускиот; се промени и англискиот став. Уште за време на вој-
ната, со оглед на ризиците што се однесуваа на неконтролирано проширување на војна-
та со сите консеквенци од тоа, Англија се сврте против Атина. Грција, наспроти сите
добри совети, во сенка на војната, се обиде да ја запоседне Тесалија (како пред речиси 20
години: јужен Епир), - но не сметаше на будноста на Лондон. Ваково повредување на
правото не можеа да го затскријат дури ни родниците во Бакингемската палата: за из-

бегнување на непридвидливите последици и со оглед на интегритетот на Османлиското
царство, на Атина и беше наредено да се повлече од запоседнатата област.
Значи, дури и меѓу династиите имаше повеќе расположение на конференцијата да се
залагаат за - претходно договорените - интереси на еден роднина, отколку да се справува-
ат со воени потешкотии заради него. На крајот, Атина сепак извлече корист од целава
ситуација. Но, за тоа и беше потребен уште еден дополнителен грчки театарски трик...
Речиси и не е потребно да се споменува дека и Турците не се воздржаа, да не посег-
нат по нивната кутија полна трикови, за да ја спроведат пропагандата која за нив се чи-
неше дека е делотворна. Бернхард Е. фон Билов (Bernhard E.von Bulow), сега веќе прате-
ник во Атина, неколку дена пред руските трупи да го преминат Дунав, извести дека не-
говиот турски колега, Фотиадес-бег, на грчкиот министер за надворешни работи Трику-
пис (Trikupis) му предал една телеграма од турскиот министер за надворешни работи Са-
фет-паша, во која султанот Абдул Хамид по промените во владата во Атина (адмирал
Канарис беше наследник на "министерството" Кумундурос),
"изразил надеж дека новиот кабинет ќе ја подржи Високата порта 'во нивните татковин-
ски стремежи за доброто на ориентот'."312

Толку за турската политика на замачкување и умилкување.
Сепак, пратеникот во својот извештај понуди и други информации околу разговорот:
"По повод 'татковинските стремежи" на Високата порта" министерот започна да зборува
за "состојбите во грчките провинции на Турција кои тој ги опиша како прилично тмурни:
на Кандиа на дневен ред биле демолирања на црквите и грабежи, пред се во селата во
внатрешноста; во Тесалија турските трупи прават речиси исто толку проблеми."

Грчката стратегија за време на војната, секако, и на Турците им беше позната. Гер-
манскиот амбасадор во Константинопол, принц Хајнрих VII Pojc 313 (Prinz Heinrich VII
ReuB), вака ги резимираше своите сознанија

"(во Атина) се сака на почетокот да се подбуцнат само грчките провинции во Турција и
да се проба работите така да се извртат, за да не прерасне во војна."314
Ова е разбирливо и е повеќе од итро.
На почетокот војната за Грците течеше речиси идеално. Русија победуваше, но, со
големи жртви. Значи, очекуваното "взаемно ослабување" настапи. Дури и откако рабо-
тите започнаа да се одвиваат во полза на Русија, грчкиот министер за надворешни рабо-
ти и понатаму стоеше цврсто на намерата,
"дека официјална Грција постапува правилно, со тоа што за време на војната стои на
страна, бидејќи оваа војна сепак би можела да донесе опасности."315
Оваа разумна максима ја одреди и понатамошната тактика на Грците. Дури во ок-
томври дојде одлучувачкиот преврат во корист на Русија - најнапред на азиското бојно
поле. Во декември, по тврдокорна и, долго време,_успешна одбрана, турската одбрана во
Плевна под притисок на руските и романските трупи попушти, а во јануари 1878 год., от-
како Русите го преминаа Балканскиот Полуостров, Турците капитулираа на познатиот
премин Шипка. На 27 јануари Османлиското царство се согласи на примирје.
Во овој момент се создаде сјајна прилика за Грција на светот да му ја докаже храб-
роста на нејзините јунаци и величествената големина на Елините:
Четири дена подоцна, на 1 февруари, Грција и објави војна на Турција!316
И покрај се, тоа воопшто не помогна: најпрво мораше Тесалија да биде напуштена
(на 8.2.1878 год.). Освен тоа, на 3 март во Атина следеше уште едно неочекувано буде-
ње: Русија во прелиминарниот мировен договор во Сан Стефано на омразените Бугари
им ја додели цела Македонија и еден голем дел од Тракија.
Но, овој пат англиско-австриската будност работеше за Грција. Свикан беше Бер-
линскиот конгрес, за да се анулира мировниот договор. А, Грција можеше - во побед-
ничка поза - да ги изнесе своите барања од поразената Турција.316 Сега конечно се ис-
плати протекцијата на Лондон и на власта во Париз која се огледуваше на сојузниците:
На 9 седница, на 29.6. и на 13 седница, на 5.7.1878 год. обете делегации поддржани од
претставникот на Италија го застапуваа ширењето на грчката државна територија кон
север - (секако) за воспоставување мир на Балканот: "Грција не би можела успешно да

се развива во нејзините сегашни граници."317
Турската делегација се обиде уште и да се одбрани со аргументот дека Грција "не се
ни обидела својот напад да го поткрепи со било каква правна основа."(исто)
Аргумент, вреден за размислување - но, прашање е од кога Турците при нивните ос-
војувања се грижеле за правни основи? Понатаму:

"Погодната прилика, да си ги припоиш провинциите на соседната држава, не е доволна
правна причина. Неосновано е дека Грција немала доволно земја за нејзиното население."318
Второто обвинение беше исто така целосно оправдано, но откако војната беше изгу-
бена, турските агрументи не вредеа; - како што и безбројните султани во изминатите
столетија не прифатиле никакви аргументи против нивните тогаш победнички трупи.
(Дури и прочуениот и светски почитуван, па и обожуван султан Сулејман, Величестве-
ниот, ако се двоумеше прибегнуваше кон аргументот 'отсечена глава', во што се уверија
меѓу другите и венецијанските пратеници кои беа пратени при него, откако поради смр-
деата од гнилежот на главите набиени на копја долж долгиот sид на патот кон палатата,
мораа да ги држат носевите затворени.)
Vae victis...
_____стр.115

- МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗОЛ-

Во оваа смисла, интересно е дека аргументот на брнтанската делегација на Берлин-
скиот конгрес, многу потсетува на текстот на еден извештај од Лондон кој амбасадорот,
кнезот од Минстер го упатил на министерот за надворешнн работи две години претход-
но и кој започнува вака:

"Присуството на кралот на Грција во Лондон не беше само посета на роднините, кралот
притоа повеќеја имаше целта.... доколку е можно да ја добие поддршката на Англија за
неговите планови во однос на Грција.'"319

Во разговорите со лорд Дерби (Derby) и лорд Салсбери (Salisbyry) (како и со самиот
известувач), кралот изјавил дека Грција

"во нејзината сегашна форма е премногу мала и сиромашна .... за да без проширување
кон север вистински се развива и напредува". Се се сведува на тоа, по склучување на мир
и завршувањето на борбите против Турција или при поделбата. "да се обезбеди зголему-
вање на Грција со Тесалија и Епир ... и, доколку е можно. со уште повеќе територии."

Оваа аргументација мора да наишла на добар прием во Санкт Петербург, поточно:
на дворот на Петар, а и во Лондон, поточно: во Бакингсмската иалата, бидејќи од таму
потекна изменетиот став на обете власти во однос на грчките барања. Така, дојде до тоа
на Берлинскиот конгрес, Грција да го добие она што одампа го посакуваше: Тесалија,
поточно: Тесалија јужно од реката Саламврија; потоа јужен Епир, поточно епирската
област јужно од Арта.32"
Поради недостаток од време, на Берлинскиот конгрес од Грција и Турција беше по-
барано конечната гранична линија да ја договорат самостојно. Затоа предложената оп-
ределба не беше запишана во Берлинскиот договор, туку беше забележана само во про-
токолите. За Турција овој мал пропуст беше доволен со излитени аргументи да го про-
лонгира повторно и повторно отстапувањето на именуваните области. Отакако прего-
ворите завршија безуспешно, па 16.6.1880 год. по Берлин мораше да се свика посебна
(дополнителна) конференција. Дури врз основа на овде заклучената грчко-турска кон-
венција Турција најпрво во 1881 год. ја напушти Тесалија и (дури) во 1884 год. Епир.
Единствено Крит остана како и до тогаш турски, - и тоа уште речиси 30 години.
Следствено на тоа, Грција во следните 50 до 55 години спроведе енормно поместува-
ње на границите во своја корист.

Сепак: под Megale Idea Грците подразбирале нешто сосема друго, нешто уште пода-
лекусежно, иако грчкиот министер за надворешни работи Дслијанис (Delyannis) на 9 ссд-
ница изјавил дека доколку Грција ги добие Тесалија и јужеп Епир,
"исполнувањето на цврстата и непоколеблива желба на населението во овие провинции ...
(би му овозможило) на кралството мир и долготрајна егзистенција."321
Тогаш Грците не рекле ниту еден единствен збор за Македонија

Тоа е повеќе од зачудувачки:

Имајќи го предвид фактот за навистина неповторливата прилика за лично присуство
на грчка делегација на две меѓународни конференции на европските велесили за Балка-
нот, ова беше незамисливо доколку Грција сакаше да даде дури и најмал сигнал за оп-
равдување на можните аспирации кон македонската територија.
Сепак: Грците најпрво можеа да бидат задоволни со резултатот од нивната политика
на блокада, бидејќи на македонските претставници не им било дозволено да ги застапу-
ваат своите интереси на Берлинскиот конгрес кој беше толку одлучувачки за судбината
на Македонија, иако тие со сигурност, како и други многубројни молители, преку конзу-
латите и амбасадите ги испраќале нивните молби до Берлин и иако делегатите од другите
региони биле сослушувани, и тоа оние од Романија. Персија - и токму и оние од Грција.

——Ханс Лотар Штепан ——

А зошто не и од Македонија?

Дали некаква предвидувачка режија однапред спречила-една ваква неповолна дозво-
ла?

Во суштина претпоставката дека движечката сила на ова исклучување бил кралот
Георг, како роднинска услуга од Британското кралство и од огромното Руско царство
кон малечката грчка државичка, и не е невозможна. Од грчкото однесување во Крим-
ската војна, што во тоа време толку ја огорчи Русија, поминаа веќе 20-тина години. Ос-
вен тоа, таа неблагодарност во случај на нужда можеше да му биде припишана на прет-
ходникот на Георг, Ото фон Баерн. Но од 1863 год. на грчкиот трон беше тој, синот на
данскиот крал Кристијан IX (Christian IX). Истата година неговата сестра, принцезата
Александра (A1exandra) од Данска се омажи за престолонаследникот Едвард VII (Edward
VII) од Англија. така што Георг веќе при стапувањето во служба беше брат на снаата на
кралицата Викторија (УJсСопа) која на 1.1.1877 год. беше дури и крунисана за кралица на

Индија. Но, тоа не е се: другата сестра на Георг, принцезата Дагмар (Оа§таг), во 1866 год.
како Марија Фјодоровна сгана сопруга на Александар (кој во 1881 год. како Александар
Ш станува наследник на својот татко Александар II, жртва на атентат). Оттаму Георг са-
мо една година подоцна, во 1867 год., се венча со великата кнегиња Олга, една од внуките
на Александар II.322 Следствено на ова грчкиот крал и рускиот цар, обајцата родени во
1845 год., беа роднински поврзани, а Георг дури и му стана вујко на синот на царот.
Колку им било лесно на свекрвата и снаата, Олга и Марија на рускиот, а Александра
на англискиот двор, да испратат на "вистинска адреса"одредени грчки претстави за ново-
то уредување на Балканот!

Бидејќи дури и царот, во рамките на своите роднински врски, беше подложен на вли-
јание, па нека се тоа и само потшепнувања. А династиите во дворовите низ цела Европа
беа навистина тесно поврзани, пред се мора да се земе в обзир дека крунисаните водачи
често биле "туѓинци" во оние земји, каде биле "бирани" или поточно: во кои тие биле
"предложувани" од велесилите, без притоа да биде дадено правото за одбивање на пред-
логот. (Од друга страна Мацовер го наведува примерот во Романија:"... месните високи
слоеви (не прифаќале) домашен државник и морало да се внесе кралска куќа од стран-
ство. (исто, стр.161)
Чувството на "туѓина" се однесувало повеќе на сопругите, па тежнеењето за одржу-
вање на врските со стариот семеен сојуз мора да било многу изразено. Можеби на овој
начин многу од желбите и препораките досегнале до носителите на одлуките.
Како практичен пример може да се цитира еден пример на Паул Зети, кој иако не се
однесува на животот на гореспоменатиот цар Александар III и неговата сопруга, данска-
та принцеза Дагмар (како царица Марија Фјодоровна), туку на наредната генерација,
имено од животот на неговиот син, царот Николај II и царицата Александра (принцеза-
та Алис (Alice) од Хесен-Дармштад), но за планираната демонстрација може да се смета
за типичен пример:

"Честопати Николај ја прашува за совет, а бидејќи таа секогаш така јасно и точно одгова-
ра и бидејќи Николај ја обожува, многу често во Русија бидува така како што царицата
сака."322
Така можеби дошло и до припомоштa за грчкиот крал.
Како очигледен доказ на хипотезата за една династичка - тоа значи во прв ред руска-
та и англиската - поддршка на грчките експанзионистички стремежи во правец на при-
појување на македонската територија (без ни најмалку да ги потценуваме основните
француски планови) веќе од ова место па натаму ќе треба во неправилни интервали, но,

——МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗОЛ-

се додека тоа е изводливо хронолошки да се подредат и се додека соодветствуваат, да се
вметнат како подетаљни историски информации (исклучок: бр. 8) релевантните изва-
доци од извештаите од архивите на списи за грчкото кралско ссмсјство, за да се докажат
аргументите за "монархистичка соработка" на европско ниво против Македонија.

2.3.1.1 Подетаљии историски информации (1):

Грција постојано одржува живи династички врски во Европа
(Санкт Петербург, Лондон)

Дали кралот Георг имал - или дали членовите на неговата фамилија имале - воопш-
то прилика да манипулираат со роднинските врски?
Тоа ќе биде допрва испитано.
Телефони се уште немало. Во писмата, чија размена, впрочем, во тие времиња многу
се негуваше, сепак, се губи оној тон на човечкиот глас кој треба да ги искаже емоциите.
Значи, останал директниот разговор. За тоа потенцнјалните партнери во разговорот
морале лично да преземат честопати неудобни патувања. Погодна околност било тоа
што и грчкиот крал, кој потекнувал од Данска. и кралицата Олга, која потекнувала од
Русија, многу си ги сакале своите татковини. Па, така редовно биле организирани пату-
вања. Редовно значи: секоја година, - под услов, поради неповолни околности, да не мо-

рало да бидат откажани.

1.

Дури и првиот приложен извештај од големата збирка на списи само за кралското се-
мејство во Грција, тука открива многу. Подоцна, за што тука веќе стана збор, во 1876
год. Георг искористи едно патување во татковината за да направи и мал излет до Лон-
дон, Санкт Петербург, Берлин и Виена. И бидејќи редовно неговиот пат од Атина најпр-
во го водеше на бања во Е-ле-Бан, (што не беше случај во 1876 год., но инаку многу чес-
то) Париз стана дел од патувачкиот програм. Веќе беше споменато, што околу оваа по-
сета во Лондон пратеникот го извести Минстер. Само по себе е јасно дека зетот на прес-
толо наследникот имаше лесен, ако не и сигурно a priori непречен пристап до членовите
на владата.
Исто така од Санкт Петербург приложен е и еден извештај на амбасадорот Фон Швајниц (von Schweinitz) кој во август по должност се распрашал во дворот за целта и ус-
пехот на посетата. Неговиот извештај фрла карактеристично светло на доследноста на
кралот:

"Речиси со истите зборови како пред девет години за време на востанието на Кандиоти-
те, Неговото Величество, царот Александар сега и на мене ми го пренесе своето мисле-
ње околу Грција; тој на младиот крал му ја повторил и овој пат старата аксиома дека Ру-
сија не може да дозволи Грчко кралство во Византија."323
Внимание!

Значи Георг не губел време и за првпат пред девет години, т.е. практично непосред-
но по (ако не дури и за време на) склучувањето на брак со великата кнегиња,му ги из-
ложил на царот Александар II, вујкото на неговата сопруга Олга, сега не толку скром-
ните желби на Грците. Притоа, секако, дека и тој како крал (но тоа време веќе четири
години бил на оваа позиција) морал да знае дека не само Русија, туку и другите рено-
мирани држави во Европа, како Велика Британија и Австро-Унгарија и секако Италија,

наследникот на Венеција, понатаму и несаканите словенски балкански држави Србија и
Бугарија се стремеле да го освојот Константинопол. (На крајот на краиштата морало да
има причина, зошто сите тие нужно морале да се задоволат со тоа што ќе го остават
Султанот со неговите Османлии на Златниот рог - дури и по Првата светска војна.) Но,
_____стр.118
——Ханс Лотар Штепан
Георг очигледно тргна од правилото: мора да побараш многу, за на крајот да добиеш ба-
рем нешто.
И во следните децении стануваше збор за ова "нешто". кое на крај стана премногу.

2.

Без оглед на тоа што недостасуваа роднински врски со царскиот и кралски двор во
Австро-Унгарија (што како последица на невообичаено отстапување на Хабзбурзите од
добро позната традиција "Tu felix Austria nube" ("Bella gerant alii!Tu,felix Austria nube!",
Војни нека водат другите! Ти, среќна Австрије, мажи се!") изгледа помалку зачудувач-
ки однос на данско-грчките односи), Георг мошне итро во октомври истата година ја
посети и Виена и тоа не само од куртоазнја. Станува збор за немирната 1876 година, ко-
га востанијата од Херцеговина и од Црна Гора веќе одамна се беа прелеале во Бугарија
и Македонија и кога Србија го претрпе што туку споменатиот воен крах. Во таа состој-
ба,на Балканот беа замисливи сите можни комбинации". Тогаш кралот Георг, и покрај
финансиската и воената ограничепост на Грција, сакаше уште да се замеша, барем вер-
бално.

Германскиот амбасадор во Виена, Карл Граф фон Денхоф (Carl Graf von Donhoff) из-
вести дека Георг ја конструирал следнава констелација:

"Ако романските трупи ја заземат Бугарија,. ... би се побарало влегување на грчки трупи
во грчките провинции на Турција" и (атинската) "влада не би можела да се спротивстави
на ова барање."324

Со оваа безлична конструкција кралот, како што произлегува од понатамошниот
текст, мислеше на патриотското грчко население кое беше искористувано за вакви ак-
ции,-но кое владата претходно мораше да го намами.

Како што може да се види: по посетата на Санкт Петерсбург , Георг се дистанцирал од
своите максимални барањаа, - но, во никој случај не се откажал.

3.

Може да се помисли дска Георг лично не замннал од земјата за време на руско-тур-
ската војна 1877/78 год., како и за време на Берлинскнот конгрес, кога за Грција беше
важно да добие "компензација" за автономијата која и беше дозволена на Бугарија (како
отштета за повторно одземената Македонија). Успешен потег - како што се виде. Намес-
то тоа, на пролет принцезата од Велс го посети во Атина својот брат, грчкиот крал.'325

Но, веќе во 1879 год. во списите повторио се наоѓаат укази за патувањата на Георг во
странство. Тој дури за 1880 год. планирал цели пет месеци, меѓу средината на мај и сре-
дината на октомври, да ја продолжи неговата очигледно омилена патувачка дипломати-
ја.326 Имало доволно причини за политички разговори и поплаки во Париз, Лондон и
Санкт Петсрбург, бидејќи Високата порта, по обичај, се обиде, како што е веќе спомна-
то,да ги избегне нејзините обврски од Берлинскиот договор во врска со изнуденото от-
стапување на Тесалија и јужен Епир - или барем да ги пролонгира. За да се потенцира
грчката потреба, Атина дури и се мобилизира и енергично се закани дека (одново) ќе ги
заземе обете провинции. Англиското воено аташе во Константиопол, капетан Свејн
(Capetan Swaine) кој требаше "да допатува во Македонија, Тесалија и Грција",

"за да собере информации околу состојбата на воените подготовки на грчка и турска
страна", во Грција, всушност, не забележа "никаков ентузијазам во однос на зголемена
мобилизација што беше очекувана за проширување иа границите".327

Следствено на тоа маневарот на Георг за присилување со помош на мобилизирањето
неуспеа.

Како што беше изложено, Грција на крај ги доби јужен Епнр и Тесалија. но, сепак
Георг и години подоцна беше лут за предвремено прекинатата англиска поддршка на

грчките интереси така што тој уште во 1886 год. на враќање од својот годишен одмор во '
Данска го заобиколи Лондон.328
Од ова може да се заклучи дека тој како мал крал беше многу умешен да биде непра-
вичен и кон големите владетели.

4.

Откако неговиот гнев кон Англија исчезна - на крајот на краиштата тој остана ре-
алист - во 1887 год. Георг заедно со целиот грчки двор отпатува (преку Париз) повторно
за Лондон. Таму беше во тек славењето на 50-годишниот јубилеј на владеењето на кра-
лицата Викторија.329 Секако дека грчкиот крал не можеше да ја испушти оваа прилика.
Речиси истовремено можело да се прослави и сребрената свадба на крунисаниот принц
Едвард која следела следната година. (Лесно може да се повлечат одредени паралели во
сегашноста.)
Потоа целата група (преку Германија) се упати кон Копенхаген на 70-тиот роденден
на мајката на Георг, данската кралица Луиз (Louise). Од тука Георг ја испрати својата
сопруга Олга се до "дома", до мајка Русија; и на враќање кон Атина Георг повторно нап-
рави починка во Виена. Сосема исполнет програм.
Па после некој нека рече дека кралот не водел сметка за грчките работи! Но, за чу-
до, во Атина тоа го велеа многумина.
'Како поданиците, така и господарот'. Како и неколку години пред него (1883) грч-
киот амбасадор во Виена, кнезот Ипсиланти (види 2.3.3), така сега во 1887 год. и кралот

лично се пожали во австриското Министерство за надворешни работи. Амбасадорот
Монтгелас (Montgelas) го цитираше:

"Соседите на Балканскиот Полуостров во основа се нспријателски расположени и сите -
Србите, Бугарите и Романците - со иста раздразнетост атакуваа на грчките работи."

Притоа тој повторно ги потенцираше "честољубивите асиирации (за) некогашното
зголемување на елинското кралство се до Хелеспонт итн."330'"

Но, во тоа време повеќето од Европејците се уште немаа усогласено мислење за от-
фрлање на ваквите авантуристички промени иа расположението. Затоа австрискиот
министер за надворешни работи, грофот Калноки (Kalnoky) му препорача на Георг,

"неговото внимание да го насочи кон средување на финансиите и воведување на преглед-
на администрација ... а сета негова сила кон внатрешната изградба на државата." Сепак,
австрискиот министер за надворешни работи му рече на германскиот пратеник Фон ден
Бринкен (von den Brincken) дека "на изложените идеи многу често им недостасува потреб-
ната логика и јасност ..." "Севкупниот впечаток, што грофот Калноки го доби од грчиот
суверен, не е особсно поволен."(исто)

Сепак, како по обичај, Георг не се уплаши од таквото одбивање. Следната година
(1888), кралот повторно беше во австриското Министерство за надворешни работи во
Виена. Овој пат германскиот амбасадор, во тоа време принцот Рojс, чу дека грофот
Калноки на грчкиот крал му обелоденил некои вистини. како па пример "дека Грците во никој случај од кабинетот во Виена не можат да бараат во Македонија да
се спроведе пропаганда за нив."331

Тоа говори многу за австрискиот однос кон Македонија и се за долгорочното плани-
рање и упорноста на грчкиот крал. Упорноста беше неопходна, бидејќи не беше доволен

само аргументотот за наводното грчко население во Македонија секој пат кога грчкиот
суверен во странство мораше да моли за ширење на грчките интереси во Македонија.
(Плодовите од ова дејствување тој не ги вкуси лично, тие созреаа дури 25 години подоц-
на, против волјата на Виена.)

_____стр.120

—— Ханс Лотар Штепан-

Откако Георг навистина не успеа. тогаш тој му одогра мала театарска едночинка на
австрискиот државник. Бидејќи тој, овој пат по обратен редослсд, се наоѓаше во Виена,
како попатна станица до Санкт Петербург, па така ја искористи приликата да се обиде
да му ги замачка очите на министерот за надворешни работи, со што му се довери,

"дека по Санкт Петербург тој не (оди) со задоволство." "Неправедно му биле припишува-
ни руските симпатии."(исто)

Со оглед на се она што Русите направиле за Грција и тоа што тој, во меѓувреме. веќе
20 години бсше венчан со руската велика кнегиња и братучетка на царот Александар III
кој беше на власт од 1881 год. и со кого тој беше роднински врзан и преку својата сестра
Дагмар/Марија Ф., ваквите евтини -забелешки би му биле под чест само доколку биле
прифатени. Но, тој не ја поседуваше онаа аристократска сензибилност, како што може
да се заклучи од многубројните сведоштва. (Од друга страна Георг требало да негува од-
редено оградување од Русите, а секако (како и речиси целиот дански род) од Германци-
те, но прв ред: од Прусите.)

5.

Еден месец подоцна, во август 1888 год., (значи кратко по смртта на царот Фридрих
III) државнот секретар грофот Фон Берхем (von Berchem) во Министерството за надво-
решни работи достави забелешка дека грчкиот крал, кој при патувањето од Санкт Пе-
тербург застанал во Берлин, се пожалил,

дека "австриските службеници во Македонија ... ги поддржувале куцо-влашките (т.е.
ароманските, односно романските) стремежи кон Грција."322

Мнрна вода брег рони...

2.3.1.2 Подетаљни историски иинформации (2)
Еден иов династички период во грчката кралска куќа (Берлин)

Дури и добрите династички односи се осудени на пропаст доколку повремено не се
освежуваат. Во овој поглед Георг со сигурност стоеше рамо до рамо со класичната авс-
триска брачна политика. Следствено на тоа, тој се грижеше да не пресушат семејните
врски, туку да се мултиплицираат и што е можно повеќе да се зацврстуваат.
Како што е познато во 1888 год. беше царската година во Германија. Тоа и за гер-
манско-грчките односи се покажа како судбоносно.
Кон крајот на април најстариот син на грчкиот кралски пар, 20-годишниот престоло-
наследник Константин, се наоѓаше во посета на Берлин. Таму тој се сретна со принцеза-
та Софија(Sophie) од Прусија.333 Таа не беше само мила. образована и убава, туку беше
и трета ќерка на царот Фридрих III. Со тоа таа беше внука на Вилхелм I и бидејќи нејзи-
ниот татко се оженил со една од ќерките на англиската кралица, таа истовремено беше
и внука на кралицата Викторија. Но што беше најважпо за Грција, таа беше сестра на
Вилхелм II. т.е. на подоцнежниот, всушност наскоро, германски цар. Мора да било љу-
бов на прв поглед, бидејќи веќе на 3 септември се славеше нивната свршувачка.334 Во
моментот на оваа прослава, братот на Софија, Вилхелм веке трп месеци беше на прус-
киот и германскиот трон.
Не е ни чудо што само четири дена подоцна британскиот Стандард "Standard" го опи-
ша грчкиот крал Георг, свекорот на сестрата на Вилхелм II, како "иптимен пријател и
роднина на германското царско семејството" ("intimate friend and relative of the German Im-
perial family").335 Она што беше клучно во оваа врска: царот беше задоволен од свршувач-
ката на својата сакана сестра.336

—— МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗОЛ——

Големата политика и во овој случај беше многу внимателна. Како што се очекуваше,
стапи на сцена железниот канцелар од Фридрихсру. Кнезот Бизмарк повторно изготви
општо важечка анализа. Беше прашан дали германската флота ќе може следната година за свадбената свеченост да се закотви во Пирej. Тој не се сомневаше во тоа, но
само затоа што во тоа време флотата и онака крстарсше по Средоземното Море и нej-
зиното појавување пред грчкото или турското крајбрежје во Европа не би довело до
погрешна интерпретација! Но, Неговото кнежевство во текстот, што го запишал сте-
нографот (најверојатно, како што било вообичаено. неговиот син, грофот Херберт Биз-
марк (Herbet Bismarck), го замоли Министерството за надворешни работи при усното
излагање да му укаже на царот,

"дека врската ... од личен аспект би била многу пријатна, но дека сепак, не би можела да
помине без политичка реакција. Грчката политика била настојчива, подвижна и непрес-
метлива и во прв ред била во судир, секако, со Турција.... Но, во зависност од влијанијата
на кои им подлегнувала, грчката политика се судрувала де со руската, де со англиската,а
поради измешаните односи во Македонија, повремено и со бугарските и романските аги-
тации, а и со австриските и италијанските планови. Јасното приближување на Германија
до грчката политика би ги вознемирило сите велесили, пред се нашите сегашни сојузни-
ци, Австриското Царство и Италија."337

Зарем не му текнало некому дека за побивање на неоснованото тврдење на грчкиот
министер за надворешни работи споменато на почетокот на овој труд т.е. дека името
Македонија е воведено од Тито дури во 1944 год., може да се повика меѓу другото и на
формулацијата на Бизмарк упатена до Министерството за надворешни работи во врска
со излагањето кај германскиот цар !?

Ако некому му беше потребен уште еден доказ за тоа колку Македопија била во

центарот на општиот интерес, т.е. колку во суштина бил испреплетен "македонскиот
јазол", ете го!

Понатаму во текстот се вели:
"Покрај тоа, моќта на кралот не е одлучувачка во Атина. каде министрите се менуваат
без причина и непредвидливо. Оттаму не би било паметно врската, која би се воспостави-
ла со "посватувањето"со Грција, посилно да се потенцира од честа на нашиот кралски
двор и интересите на Вашето Кралско Височество, кои ги донесе принцезата."

Потоа следи еден пасус кој врз основа на германско-грчките односи, особено за вре-
ме на Првата светска војна, слободно може да се третира како претскажување:

"Поради нејзините европски врски, кралската грчка фамилија ужива многу поголем уг-
лед и доверба од грчката нација и нејзината политика. Германскиот Рајх не може да ја
следи последнава во нејзините несигурни насоки, кои би можеле да следат ... плановите и
иднината на нашата политика кај преостанатите велесили би наишле на различни интер-
претацни. Оттаму господинот царски канцелар би сакал на Неговото Величество покор-
но да му препорача да се заштити, бидејќи роднинските врски со грчката кралска фами-
лнја би добиле политичко значење, со што германската политика би можела да биде пре-
рано осудена од другите велесили."337

Толку од Ото фон Бизмарк - речиси еден јасновидец, како што ќе се види понатаму!
Но, дали Вилхелм II, сепак, се држел до препораките на Бизмарк?

За разлика од Бизмарк, германскиот печат имаше друга мака која како што ќе се
востановн подоцна, го оптоваруваше и царот: можното преминување на принцезата Со-
фија кон православието. Оттаму на 15.9.1888 год. весникот "Поли-гише Кореспонденц"
("Politische Correspondenz"), веројатно со олеснување, со своите редови го објави следново

соопштение: во врска со прашањето на менувањето на верата, весникот го насочи вни-

манието кон грчкиот устав,

"кој единствено во однос на децата на тогашниот кралски пар ја содржи одредбата дека
тие мора да преминат во православието. Наспроти ова, не постои одредба која пропишу-
ва било што во врска со верата на новодојдените членовн во кралската фамилија при
нивните венчавки."338

Оваа информација ги смири наивните души, но, не и кралот. А Софија и без друго го
знаеше тоа подобро...
Најбрзата реакција на меѓународниот печат, побрза дури и од онаа од Лондон, од
разбирливи причини, дојде од Атина. Само два дена по објавувањето на веридбата, грч-
киот печат изјави
"дека во ова гледа знаци на симпатии од Германија, на кои грчката династија и Грција ис-
крено се радуваа."339
Така веќе почнаа самопофалбите!
Едиистевно францускиот печат се пенеше од лутина и се впушти во напад со зборови
полни омраза. Германскиот пратеник во Атина, Ле Метре (Le Maistre) соопшти еден
пример:

'"Месажер д'Атан' ("Messager d'Athenes"), тукашен комплетно француски лист, полн со
омраза кон Германците, пакосно укажува дека гласините (за повлекување на кралот
Георг) биле лансирани од Берлин, каде со нетрпение се очекувало да се види како Нејзи-
ното Величество принцезата Софија се качува на грчкиот кралски трон.'340

Друга реакција стигна, секако, од данските родители на свекорот. Настанот "на дан-
скиот двор бил поздравен со искрено задоволство и срдечна радост." Кралот и кралица-
та повеќе пати му се обратиле на пратеникот Фон ден Бринкен "со несомнено задовол-
ство од бракот, кој ќе му донесе толку почит и среќа на кралскиот внук".341

(Ова во никој случај не се подразбираше, бидејќи од свадбата на нивната ќерка Даг-
мар со рускиот царски син Александар во 1866 год., нејзината антипатија - всушност, да

бидеме реални, посоодветен е терминот "омраза" - кон Германците, поради данскиот
пораз во 1864 год., и со свадбата на нејзиниот син Николај со една Германка (1894 год.),
не се намали, и сето време се обидуваше да му ја пренесе и нему.342)

Истата симпатија на германскиот амбасадор во Копенхаген му беше искажана и од
останатиот двор, данскиот кабинет и од тукашните овластени странски претставници,
со еден исклучок: единствено францускиот колега, господинот Томсон (Thomson), кој
"околу одржаната венчавка се изјасни негативно поради тоа што ..., сега е веќе јасно дека
Грција, која толку и должи на Франција, сака да се оттргне од неа и да и се стави на распо-
лагање на Германија." И бидејќи светот во дипломатската служба е навистина мал, тој до-
даде: "Меѓу другото слушам дека обајцата, и овластениот француски пратеник во Атина,
грофот Монтолон (Montholon), и адмиралот Лежеи (Lejeune), долгогодишен пријател на
грчката кралска фамилија, не виделе повод да направат воопшто белешки од свршувач-
ката на престоло наследникот, а уште помалку да му честитаат на Неговото Кралско Ви-
сочество. ... Дури образованите и разумни Французи (можсе да) се толку заслепени со ом-
разата кон Германците ..., што изгледа речиси и го изгубиле нивното особено чувство за
одмереност и добро однесување."343 "Речиси?" "Се чини?"

Во текот на следните недели, "најрадосното возбудување" што го предизвика објава-
та на свршувачката во сите области во Грција, го натера пратеникот Ле Метре да изгот-
ви уште еден извештај како дополнение на горе цитираниот. Таму мегу другото дава
слика за грчката политика на интереси, која е поврзана со оваа прилика:
_____стр.123

——МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗОЛ-

"Фактот дека умилкувачката национална суетност има свое учество во оваа радост, не
може да се сокрие. ... Исто така во јавноста брзо сс создало мислењето дека оваа врска
меѓу фамилиите, доколку е потребно, на Грција ќе и овозможи и материјална поддршка,

а со извесното проширување на територијата ќе и ги исполни и нејзините национални ас-
пирации."344

Бизмарк го предвидел овој товар во иднината! Товарот не ја чинел скапо само Гер-
манија, туку и Македонија.
Во меѓувреме пратеникот се потруди да остане правичен кон Грците, и покрај нивни-
те можеби недолични, но сепак не и толку невообичаени очекувања, бидејќи напиша:

"Сепак, не би било во ред да се верува дека единствено егоистичките обзири и пресметки
ги водат чувствата, со кои беше поздравен изборот на наследникот на тронот. Германија,
чии интереси не се во судир со грчките желби. токму поради тоа се радува што тука е
омилена како поинаква од другите велесили."345'

Тој извести дури и за извесна жал за минатото која била регистрирана кај Грците во
однос на претходникот на Георг, кралот Ото фоп Баерн, кого тие во 1861 год. го проте-
рале:

"Сепак, триесетте години на чело со германски крал, зад себе оставиле одредени спомени
и извесен поблизок однос кон Германија. Германската трудољубивост, германската со-
весност, способност и образование наоѓаат тука, многу повеќе отколку на друго место,
признание и уважување. Германското воспитување на дсцата во добро ситуираните класи
на населснието носи предност. а и познавањето на германскиот јазик во круговите на оп-
штеството е значително проширено. Така германската принцеза е добредојдена и како
Германка."... "Со тоа идното поврзување ... на Грците им е уште подраго; домашната кне-
жевска фамилија, која на земјата и донесе вакво внимание од најмоќните држави, добива
се поголема популариост ..." (исто)

Како дополнителен пример за благопријатното влијание на кралот Ото, може да се
наведе следниов детаљ:

"Ново воздигнатата Елада ги презеде законските книги од Баварија, кои ги изготви правниот научник од Минхен, Георг Лудвиг Маурер (Georg Ludwig Maurer), како член на Врховниот совет во времето на Отоните."346

Носталгичната "жал" беше еден сосема нов развој. Бидејќи уште претходната, 1887 год., саксонскиот крал ја оцени како позитивна молбата за воено образување "за основните воени науки, како на пример стратегијата, тактиката, фортификацијата и сл., во еден регнмент во гарнизонот во Лајпциг" на вторнот син иа грчкиот кралски пар, принцот Георг, со следново образложение,

дека впрочем "кралот од Грција бил дански принц и кралицата била руска принцеза, дека понатаму земјата ги уживала француските симпатии и француските офицери биле повикувани како учители на грчките трупи, дека оттаму дворот и земјата не можеле да се вбројат во пријателите на Германија."347
Уште многу месеци пред свадбата и пред доаѓањето на принцезата Софија во Атина, беше објавсно дека "таа уште сега се занимава со изучување на грчкиот јазик", што им се допадна на сите.
"Сликите од Нејзиното Височество висат насекаде по излозите, наидуваат на најпозитивно мислење и се добро продавани."348
Но, токму грчките симпатии кон принцезата Софија, а со тоа и кон Германија, на Французпте во Атина им беше неподнослив трн во око. Тоа не го почувствува само кралот туку и парламентот. Во неговото обраќање при отворањето на седницата на парла-

ментот во ноември 1888 год., Георг се осмели да го спомене и "врзувањето со една славна и моќна, династија ("ce lien avec une dynastie gloieuse et puissante"). И покрај нејзиниот чисто протоколарен карактер оваа забелешка во Атина предизвика незадоволство кај француската колонија, гладна за внимание. "Тукашните француски влијанија и подбуцнувања", така известуваше пратеништвото, принудија еден опозиционерски политичар

"за време на дебатата по обраќањето на владата., да побара објаснување за значењето на
овој пасус"349. На премиерот Трикупис не му преостана ништо друго, туку во едно долго
објаснување да го изјасни ставот на грчката влада. Тој рече,
"дека свршувачката на престолонаследникот, дури и да е последица на пристрасност, без
сомнение не е лишена од политичко значење". Оваа алијанса "не значи заземање непријателски став кон било која друга велесила." "тој ќе негува прњателски однос кон Германија, но, не на штета на Франција.... Во ... обраќањсто ... во оваа прилика не се јави повод да
се зборува за чувствата на Грција кон Франција. Но, ова не го исклучува нивното постоење." (исто)

Днпломатско-политичко-династичкиот паркет знае да биде толку лизгав. Пратеникот Косакис Типалдо (Kosakis Typaldo) [не е литературен лик од Верона] бе-
ше задоволен. Но, не и Французите. Времето до свадбата само година подоцна, беше
интензивно користено за антигерманска пропаганда. Имаше еден исклучок. Во летото
1889 год., "Месажер д'Атен" изгледаше задоволен и "овојпат иа кралот му даде добра
оценка":
"Со тоа што кралот се упати за Париз, докажа дека поседува префинето чувство и по-
литичка мудрост."350

Околу позадината: и таа година Георг беше повторно на пат. Бидејќи неговата планирана тура водеше до Лондон преку Париз, со ова Георг си обезбеди позитавен став од
Французите. Спротивно на ова грчките печатени медиуми ја поцртуваа независноста на
својата земја, бидејќи нивниот крал

"кај сите европски велесили наидува на истиот пријателски прием и се надеваат дека доб-
рите односи кои грчката династија ги одржува со високите водачи на сите држави, во слу-
чај на понатамошен европски заплет ќе се докажат како ефикасни за исполнување на оп-
равданите грчки желби."(исто)

Ете, повторно се појави Дамокловиот меч кој не само од Србија и Бугарија, туку и од

Грција, како постојана закана висеше над Македонија, - и тоа (откако Грција конечно ги
доби Тесалија и дел од Епир) со острица која стануваше се поостра врз нишките кои
стануваа се потенки.

Откако во печатот исплива една претпоставка дека кралицата Олга, како што беше
вообичаено, сакала своето новороденче (осмо по ред!) да го донесе на свет во Санкт Пе-
тербург и не можела непосредно пред венчавката на синот да се одвои од болничката
постела на нејзиниот татко, великиот кнез Константин, од францускиот - овојпат и од
рускнот - печат беше
"инсуинирано дека вистинската причина за држењето настрана на високата дама било тоа
што таа овој брак ... со германска и протестантска принцеза ... длабоко во нејзиното срце
не го одобрувала."351
Дури и изјавата за личниот став на кралицата не можеше веднаш да ја демантира
оваа интерпретација; и самата Софија подоцна - на голема жалост на нејзиниот брат -ја
негираше оваа пакосна инсинуација.

_____стр.125

-МАКЕДОНСКИОТЈАЗОЛ-

Слична реакција се доби и од француската колонија но Атина, откако по венчавката
со пруската принцсза, престолонаследникот на "Берлинскиот муниципал" му испрати
лично писмо со благодарност за честитките,

затоа што "премногу германски настроениот тон во оваа писмена изјава во Париз оста-
вил непријатен впечаток."

Овојпат премиерот очигледно беше подготвен, бидејки одговори дека писмото не со-
држело "ништо повредливо за Франција".

"доколку се случело горе споменатото, принцот на честитките од еден француски град би
одговорил на истиот начин."

Дури и печатот близок до власта овојпат возврати на ударот:

"Зошто Грција би 'требала толку многу да и благодари на денешна Франција? - прашува
официјален "Акрополис" ("Akropolis"). Тоа што Грција не ја поседува Јанина, за тоа един-
ствсно виновна е Франција ,352

Но во овој случај ќе мора да се поддржи Франција, бидсјќи во спорната област се ра-
ботн за албанска територија. Но, ова не ја сречи Грција подоцна, во рамките на Балкан-
ските војни да го анектира и овој дел.
Тоа што германскиот Цар настојуваше лично да учествува на свеченоста на венчав-
ката на неговата сестра во Атина, кај Французите предизвика особено "лошо располо-
жение".
"Денес (францускиот печат) се обидува" од една страна да го ставн под сомневање "искре-
ното радување" на населението, а од друга страна да го исмее. Статијата на "Фигаро"
("Figaro ") од 10 овој месец го прави ова на сосема соодветен начин и не го поштедува ниту
кралот лично.353

На францускиот пратеник му беше доделено специјално уверение за амбасадор, за,
како што во Атина се шегувале,

"да му се осигура предноста пред сите други ополномоштени , пред се пред неговатаексе-
ленција, г-дин државен секретар Фон Бизмарк и со тоа да биде документирано дека
Франција и понатаму ја игра главната улога во Грција."353
Новнот амбасадор во Атина, Фон Чиршки, за резултат на француските наговарања.
го оцени
"и ненадејното отпуштање на долгогодишнот германски воспитувач на принцезата, д-р
Лидерс (Dr. Luders).354 . Оваа мерка беше презимсна со обзир на чувствителноста на други-
те велесили": бидејќи "Журнал де Дебат" ("Journal des Debats") жестоко се изјасни против
засилсното германско влијание на грчкиот двор". Истовремено, отстранувањето на д-р
Лидерс заинтересираните кругови на дворот "забраната за подолговремено закотвување
иа Германец на дворот" ја изрегулираа со изговорот за "од тоа произлезената повреда на

грчкото националио чувство".355

Наспротн ова, истото грчко национално чувство ни најмалку не беше повредено, ка-
ко што констатираа Грците,

дека "сигурно најрадосната последица од поволната промена на чувствата на германската
нација" за грчката е "поддршката на Германија на финаисиско поле". како што занесно го
претстави весникот "Ефимерис" ("Ephimeris") под наслов "Германски чувства"."356

Агитацијата доби нова димензија, откако 18 месеци подоцна , по предлог на Бизмарк,
Лидерс повторно се појави во Грција, како генерален конзул во Пиреј. На сомнежите на
кралот ("сите дипломати навалија и објасниј дека тоа с сосема неправедно влијание кое
Германија на тој начин ќе го добие и ќе го задржи врз престолонаследникот") и на пре-

миерот Трикупис ("при секое дејствие кое принцот ќе го преземе во иднина, на Вас ќе ви
биде укажано како на двигател" [овој приговор всушност се јави во врска со писмото на
Константин до Берлинскиот муниципал.357]) Лидерс одговори,
дека тој "се смета за многу среќен што, по речиси 14-годишен прекин, со милоста на Не-
говото Височество повторно е примен во највисоката служба" и "тој разбирливо дека не-
поканет никогаш не би отишол кај Неговото кралско височество принцот", и на крајот
дека му било познато колку многу "французскиот пратеник ... бил лут на неговото вра-
ќање". На ова самиот крал можеше само да одговори:"... но. тоа е само љубомора".358"
Но, ова не влијаеше врз впечатокот на амбасадорот дека кралот Георг и покрај "вен-
чавката на принцот со германската царска ќерка", што тој ја сметаше за чест, "имаше
длабоко всадена недоверба во се што е германско".359

Зошто би морало тој да изреагира поинаку од неговите сестри во Лондон и Санкт
Петербург?

Се е добро кога ќе се сврши добро. Венчавката се одржа и на неа присуствуваа вла-
детели од половина Европа: царицата Фридрих (Friedrich), мајката на невестата, како и
царот Вилхелм II, нејзиниот брат; данскиот кралски пар, бабата и дедото на младожене-
цот и нивниот внук од Санкт Петербург, Николај, синот на царот и нивната ќерка Даг-
мар/Марија Ф. која истовремено се појави и како тетка на младоженецот; на крајот и
Едвард, принцот од Велс, со неговата сопруга која беше другата ќерка на Кристијан IX
(Christian IX) и Луиза, а со тоа и тетка на младоженецот, и со неговото останато семеј-
ство.360

Какви не разговори се воделе на маса, со шолја кафе или за време на крикетот! И се
- барем што се однесуваше на Македонија - беше на нејзина штета.

На почетокот на овој дел беше укажано на династичката мрежа на данско-грчката
венчална дипломатија која и понатаму се шириле и се испреплетуваше. Оттаму тука не
смее а да не се спомене податокот дека три месеци по грчко-германската венчавка и
третото дете на грчкиот кралски пар, најстарата ќерка, принцезата Александра, ја сла-
веше својата венчавка - со великиот кнез Павле. најмладнот брат на рускиот цар.361

Во врска со венчавката на грчкиот престолонаследник Константин со принцезата
Софија од Прусија беше споменато дека грчкиот устав не го побара преминувањето на
Софија во православието. И на (протестантскиот) грчкиот крал Георг никогаш не би
му паднало на ум (за разлика од неговата руско-православна сопруга Олга) да изрази
ваква желба. Софија беше желна (како 15 години подоцна Алис фон Батенберг (Alice
von Battenberg) од љубов кон нејзиниот принц Андреас (Andreas)) сосема да се стопи во
народот и јазикот на нејзиниот сакан сопруг. Братот Вилхелм сосема јасно и ја стави на
знаење неговата разочарувачка, па, и тажна реакција. Кога во 1891 год. "Келнише цај-
тунг" ("Kolnische Zeitung") ја објави веста за нејзиното преминување:

"Принцезата Софија, со катехизис од митрополитите, на грчката Велика сабота, ... ќе
премине во грчката црква,"362

царот, на соодветниот извештај на пратеникот од Весделен, со кој беше објавена официјалната вест за преминувањето, напиша:
"Мојот кутар татко би се превртувал во гробот!! Штом настапи преминувањето, Весде-
лен треба да и соопшти на Нејзиното кралско височество дека таа од сега ќе треба да ги
избегнува границите на Прусија, се додека не и биде кажано поинаку; согласно предупре-
дувањето кое на принцезата и го дадов минатиот декември."363

Можеби строга реакција - но, на крајот на краиштата и великодушноста на Вилхелм
има свои граинци. Во суштина под смелиот, можеби и малку тврдоглав говор на владе-
телот се криеше премногу мекото срце на братот, доколку воопшто може да се направи
паралела со прускиот случај "Кејт" ("Katte") од пред скоро 1бО години.
Од друга страна, кај реакцијата на Вилхелм во никој случај не се работеше за инди-
видуален каприц на пренагласен националист, туку сето тоа беше токму во духот на
времето, што може да се увиди од една анегдота од австриско-бугарските врски: кога
(германскиот) кнез на Бугарија, Фердинанд. од областа Заксен-Кобург-Гота, одлучил,
како што беше веќе наведено, да му дозволи на принцот Борис да премине во правосла-
вието (тоа во Грција беше закон во однос на децата на владетелот), од австрискиот двор
бил бојкотиран неколку години.364

Една од, пред се, безопасните последици на навредениот брат Вилхелм дури и го оне-
расположил кралот Георг, бидејќи германскиот цар во Берлин не го примнл лично си-
нот на Георг. Тој изгледа воопшто не го познавал царот Вилхелм. На крајот на спомена-
тиот извештај од Атина тој напиша:
"1. Начелно лично ги примам единствено суверените или престолонаследниците од трите
царства, доколку доаѓаат во специјални мисии инаку и нив не ги примам.
2. Неверојатно! Каква вообразеност."365
Барајќи оправдување за лутината на кралот Георг, италијанскиот пратеник во Буку-

решт кој во Атина беше на попатна станица од своето патување, во разговорот со него-
виот германски колега шпекулираше дека Георг најверојатно се почувствувал прекорен
од Софија, бидејќи самиот тој не ја променил религијата. Но, во овој случај Римјанинот
не го познавал добро данско-грчкиот крал кој за нешто толку штетно беше сосема зат-
ворен, а со тоа и пријатно рамнодушен.
Поминаа само неколку години кога гневот и лутината па Царот поминаа и тој пов-
торно ја прегрна својата сакана сестра. Ова помирување се случило кон крајот на мај
1898 год., бидејќи од еден извештај на пратеништвото се заклучува дека "милостивнот и срдечен прием што ... им беше приреден во Берлин на престолонаследни-
кот и престолонаследничката од Грција", во Атина предизвика голема сеопшта радост.366

Кога грчкиот премиер со чувство на олеснување телеграфски побара од грчкиот ам-
басадор во Берлин. Рангабс, да ја пренесе "благодарноста на грчката влада за овој при-
ем на царската власт", Вилхелм тогаш повторно бурно изреагира и на крајот од извеш-
тајот напиша:
"Кај нас тоа не ја засега владата, бидејќи тоа е фамилијарна работа. Благодарноста е мно-
гу нетактична."(исто)
(Внимателно, во Атина со сигурност не се мислело толку не тактично. Впрочем ца-
рот, кој со своите недолични и надуени нетактичности често не беше најомилен, со задо-
волство ги искористуваше приликите да им префрли на другите - барем со забелешка -
за нивнитс грешки.)
Откако Вилхелм ја разблажи својата лутина на толку вилхелмински начин, тој си-
гурно се врати повторно во улогата на верен и грижлив семеен владетел. Тоа се покажа
веќе во истата година, кога дури и грчкиот крал беше добредојден во Берлин, по измн-
нати речиси десет години од последната средба на обата владетели. Овој настан во Ати-
на ја преднзвика вообичаената реакција:

"Овде е констатирана општа радост околу посетата на кралот и веќе се шпекулира за сите можни надежи и комбинации.""367 (!)

Дури и атинскиот францускојазичен весник "Леваит Хералд" ("Levant Herald") на 25.10.1899 год. остана овојпат учтиво воздржан и во својата вест го вметна умешното објаснение:

"L'entrevue du roi avec l'empereuer est due aux efforts personnels du prince Constantin, beau friere de Guillaume II"367

Потполниот мир беше вратен најверојатно кога Вилхелм неколку години подоцна (на 8.6.1903 год., од: К. 7482) го одобри стапувањето на братот на престолонаследникот, принцот Андреас (Andreas), поручникот на грчката коњаница, во служба при I. великовојводски хесишки регимент на лесната коњаница бр. 23.

Оттука низ следните генерации започнува да се развива вистинска традиција: така подоцна принцезата Софија лично го придружуваше до пратеништвото нејзиниот најстар син Георг, по матурата и непосредно по неговата заклетва "како поручник ... на првиот грчки пешадиски регимент", и пред пратеникот Фон Вангенхајм (von Wangenheim) го претстави како офицер, и со тоа го прифати одобрението од нејзиниот брат, германскиот цар, принцот да биде примен две години во "еден пруски регимент, но, најдобро во Првата Гарда".368 И помладиот брат на престолонаследникот, Софииниот зет принцот Кристофорус (Christophorus),

"се надеваше дека неговото стапување во пруски регимент ќе биде одобрено истовремено со она на идниот престолонаследник."

Одговорот на Вилхелм беше кус и јасен: "Да."369

А, сега, назад кон крајот на Берлинскиот конгрес и кон развојот на Балканскиот

сојуз гледано од грчка страна.

2.3.2 Грчко-бугарски сондажи за Македонија

Со создавањето на новите независни држави за време на Берлинскиот конгрес во
1878 год., Србија, Романија и Црна Гора, како и автономната Бугарија, за Грција се соз-
даде дополнителна конкуренција во борбата за останатите турски провинции на европ-
ска почва, а во прв ред за Македонија. За создавање на едно големо царство Бугарите,
Србите и Грците ги употребија сите можни средства кои им беа на располагање.

Првиот обид, да се сондира теренот во Атина за заедничко дејствување - по иниција-
тива на грчкиот премиер Трикупис - го направи бугарскиот кнез Александар во 1883
год., пет години по Берлинскиот конгрес, за време на една посета на Грција. Грчкиот
пратеник во Атина извести за подобрување на атмосферата во билатералните односи.

"Но, дали помислата за создавање голема федерација на Балканот со што е можно по-
моќно и територијално пораспространето грчко влијание и покрај можните конфликти
во Ориентот, е веќе актуелна, господинот Фон Бринкен не беше сигурен.370

Причината за ова лежела помалку во грчката желба за превласт во сојузот, а многу
повеќе во онаа за обемно територијално проширување, бидејќи Александар тоа впро-
чем го предвидел за Бугарија.

Што треба да се подразбере под "можните конфликти", грчкиот пратеник во Кон-
стантинопол, Кондоуриотис, му го опиша тоа на германскот амбасадор на следниов на-
чин:

"идните настани кои ја доведуваат во прашање сегашната состојба на работите на Бал-
канскиот Полуостров".371

Тоа беше убаво дипломатски завиткано, но, уште во 1883 год. недвосмислено укажа

на работите кои ќе дојдат точно 30 години подоцна. Во тоа време Грците се уште беа
воздржани, бидејќи се посомневаа, како што понатаму известува господинот Фон Радо-
виц (von Radowitz), дека сојуз со Бугарија "единствено би довел до експлоатација на грч-
ките сили за пансловенски цели". Но, суштинското странување на Грците беше во друга
насока:

"Доколку на Балканскиот Полуостров дојде до нов голем раскол, тогаш како главни про-
тивници ќе се појават австро-унгарската наспрема руската монархија."371

Тоа остава впечаток на невообичаен поглед на работите и изгледа така, како Грција
да сака да го префрли сомнежот од себе на другите држави. Сепак. со оглед на фактот
што Русите во нивната последна војна против Османлнското царство повторно им одзе-
доа на Турците еден дел од Европа во полза на Бугарија и тоа што со одлуката од Бер-
линскиот конгрес Австрија смееше да ја заземе Босна, грчкото стравување дека овие
две велесили би можеле повторно да ги надокнадат претрпепите загуби на сметка на ев-
ропскиот остаток од Турција, во никој случај не беше неосновано.

Сите балкански држави, чија цел беше вперена кон територијална придобивка, мо-
раа (конечно без велесилите) да сметаат на овој фактор на несигурност за време на на-
редните 30 години, се до самото избивање на Првата балканска војна.

На крајот гласот на печатот ги дополни впечатоците од посетата на бугарскиот кнез
во Атина. Поинаку од она што се претпоставуваше, кога се имаа предвид принципите на
грчките надворешно-политички планови не се работеше само за внатрешно-изворно
знаење на упатените, туку тие и беа познати и на јавноста, како што покажува една
статија на "Келнише Цајтунг":

Се "раширија гласини дека бугарската посета на грчкиот двор имаше за цел да воспоста-
ви согласност меѓу Грција и Бугарија во однос на нивните спротивставени аспирации на
Балканскиот Полуостров."372

Уште во овој ран стадиум се зародија процедурите за делба, иако тие се конкретизи-
раа дури непосредно пред основањето на Балканскиот сојуз. поточно за време на Бал-
канските војни.

"Во срцата на грчките патриоти се уште живее мислата за повторно воспоставување на
Византиското Царство со свое седиште во Константинопол. идеал кој во Големобугар-
ското царство гледа свој природен противник; затоа во секое село и секое училиште во
Македонија елинството и бугарштината се борат за превласт."

Грците живееа со претставата дека историскиот сјај на нивната култура уште однап-
ред ќе им донесе предност пред Бугарите. Црковната расправија од 1869 год. која завр-
ши со Бугарска егзархија (1870 год.), им го донесе горчливото искуство,

"дека Бугарите се стремат да ја уништат нивната нација и попрво би се вратиле под тур-
скиот јарем, кој не претставувал опасност ниту за нивната црква ниту за нивниот јазик."372

Ова можеше да се прочита во Келн, во печатот од 23 мај 1883 година.

2.3.3 Суштината на грчката стратегија

Колку мал успех постигна бугарскиот кнез со неговиот обид за приближување до Гр-
ција, се дознава од извештајот на пратеникот во Атина околу разговорот со грчкиот ми-
нистер за надворешни работи Контоставлос:

Сите свои обиди тој ги насочи кон остварување мир и започнување добри односи со
Високата порта,

"не од особена наклонетост кон Турција, туку ... бидејќи тој сметаше дека добрите односи
разбирливо сосема се од интерес и на обете држави.'"373

И нека звучат овие зборови на прв поглед заштитнички и речиси сосема на место, се-
пак, во суштина стануваше збор, пред се, за додворување, бидејќи Контоставлос продол-

жи понатаму:

"Непријателот, од кого мора да се бранат и Турција и Грција, е словенството, кое продира
во Балканскиот Полуостров. бидејќи тоа на ист начин им се заканува како на владеењето
на Султанот така и на елинизмот."

Само кога би го слушнале ова кнезот Александар и неговите Бугари!

Што се крие зад тоа?

Во принцип копјето на Грција при извојувањето на останатите турски запоседнати
области беше вперено против Османлиското царство. Сепак, бидејќи ниедна од балкан-
ските држави не можеше сама да истапи против Турција, за ова беше потребен сојуз со
барем еден грчки конкурент како нејзин партнер. Следствено на тоа, ваков сојуз во се-
кој случај би довел до неминовна поделба на турското наследство. За среќа, Megale Idea
остави простор за флексибилни и велокодушни интерпретацни: доколку Грција го сврти
копјето и заедно со Турција истапи против другите балкански држави, тогаш Атина од
повторно вратените области на Турција би добила многу поголем дел, од оној што би и
следувал доколку Грција би морала да го подели остатокот од Турција со еден или пове-
ќе сојузници. Една ваква донекаде и подмолна постапка во овој случај би била од по-
мош, бидејќи на повидок беше повторното зајакнување на Турција, за што сведочат
многу искуства, дури неколку и од Грција.374

Оваа стратегија го разоткрива основниот став на Грција околу прашањето за зголе-
мување на моќта преку експанзија. како и околу прашањето кон која територија пред се
е насочена експанзијата. Очигледно е дека Грците околу тоа не направиле список со
приоритети. Она што им беше важно, беше зголемувањето на моќта како такво. Отта-
му Македонците всушност во никој случај не биле значајна мета на грчкиот империјали-
зам (можеби со исклучок на Солун). Многу повеќе Атина ги сметаше сите словенски (и

албански) области како потенцијално еднакво погодни за припојување кон грчките државни области. За таа цел - во XIX век - немаше потреба од никакво објаснение. Во случај на нужда, Грција можеше да се повика на тоа дека пред распаѓањето на Византија секој од овие региони некогаш бил составен дел од Римското и подоцна од Источно-римското т.е. од Византиското Царство. Доволна причина Атнна да ги смета сите народи, кои како последица од преселбата на народите го населиле Балканот и кои за време на Османлиското царство, како и самата Грција, од Турците биле деградирани на ниво на вазали, исто погодни за поробување и припојување како и облагородување со возвишената елинистичка култура. Тоа што токму Македонија падна во мрежата на Грција, дојде како последица на што таа толку удобно лежеше "пред грчкиот куќен праг" и што се уште се наоѓаше во таква состојба која во воен поглед за Грците претставуваше релативно мал ризик. Ова во никој случај не ги исклучи останатнте региони на Балканот од планот и тие еден ден да бидат грцизирани. (Околу грчката стратегија спореди и 2.3.7)

За да ги држи, сепак, и обете опции отворени, министерот за надворешни работи Контоставлос изрече уште една дипломатски спакувана, а во исто време јасна закана:

"Впрочем зближување на Константинопол и Атина би било замисливо само доколу од турската страна еднаш за секогаш би се прекинало со политиката која досега многупати довела до повредување на грчкото национално чувство и оштетување на грчките интереси ... Доколку Високата порта се држи до нејзиниот досегашен непријателски став кон елинството,... при евентуални нови компликации на Ориентот, на Грција ... нема да и преостане ништо друго, освен да застане на страна на противниците на Турција, за сепак во случај на можна појава на катастрофа да не излезе со сосема празни раце."375

Кој друг ако не грчкиот министер за надворешни работи ќе можеше толку прецизно
да ја дефинира намерата и функцијата на Грција!

Што се однесува до горе веќе споменатиот цитат на грчкиот министер за надвореш-
ни работи во врска со "продирачкото словенство", беше укажано во историскиот вовед
кон ова поглавје. Од зборовите на Контоставлос изгледа дека се работи за подлабоки
чувства, отколку само за очекувана антипатија спрема наметливите конкуренти. Дали
интензивното претопување на Грците со словенските дојденци има некаква врска со
грчкиот отпор кон словенството? Бидејќи кај еден министер за надворешни работи не
може да стане збор за незнаење, затоа тука попрво би говореле за механизам на потис-
нување. (Со ова спореди и албанското доселување во Грција 2.5)

2.3.4 Грчкото придобивање на Австро-Унгарија

Во годината 1883, атинскиот министер за надворешни работи се обиде да го провери
и квалитетот на грчките односи со Австрија, - обид, кој кралот Георг лично уште пове-
ќе ќе го продлабочи четири години подоцна. (Спореди 2.3.1, бр. 4)

Германската амбасада ја извести Виена дека грчкиот пратеник, кнезот Ипсиланти
(очигледно потомок на оној познат водач на првото грчко востание во 1821 год.) му се
пожалил на австрискиот министер за надворешни работи грофот Калноки:

"Грција се чувствува изолирана, ниту една од силите повеќе не се грижи за грчките сос-
тојби, а тоа во Атина, особено кај кралот, предизвикува чувство на загриженост дека во
случај на евентуални комплицикации на Балканскиот Полуостров, од кои Грција ќе биде
оштетена, никој не би застанал зад ова кралство."376

По ова умерено обвинување следеше покајувањето на кнезот, како едно мало Грче
да било свесно дека неговата земја ги налутила возрасните моќници на Европа:

"Таму се вели дека за оваа ситуација самите си се виновни и дека незаситноста на грчките
патриоти им ги прокоцкала симпатиите на Европа. Оттаму се согледува нужноста, ... да

се забораваат соништата, кои изгледаа привремено неисполниви, а стремежот за нивното
остварување на Грците им ја украде довербата од велесилите."376

Очигледно уште тогаш било вообичаено, одговорноста за ненаситноста од земјишна
придобивка од кралот и владата да се префрлува на патриотите. Што може кабинетот
против тоа, кога народот се лакоми по поголема територија. Неговиот следен напад бе-
ше поостроумен, бидејќи патем наведените "соништа" кон "изгледаа привремено неис-
полниви", ги отвораат сите врати кон иднината. Кој знае што ќе донесе утрото.

Понатаму се одеше во истата насока, при што кнезот со неговата елоквенција знае-
ше со следниве умилкувања елегантно да ги сокрие суштинските грчки цели за земјиш-
ни придобивки, притоа играјќи повторно на антисловенската карта:

"Сега Грција се заврте кон Австро-Унгарија за да си најде таму упориште. Во Атина доб-
ро се знае дека Австрија нема повеќе да им овозможува никакви бенефиции на Грците на
сметка на Турција; таму исто се вели дека на австриската политика нема да и оди во при-

лог, доколку Грција сака да ја прошири својата сфера на моќ се до Солун," (навистина не,
нели?) "но. се смета дека во борбата на славизмот со елинството на Балканскиот Полуос-
тров симпатиите на Австрија би се нашле повеќе на страната на последниов. Оттаму во
Атина изгледа дека сојузот со Австрија се смета за антисловенски и токму затоа се инсис-
тира на истиот".376

Зачудувачки искрено! Сосема е очигледно: и од самата Грција досегашните како и
предвидените територијални земјишни придобивки да се сметаат како "бенефиции"
а не како соодветна придобивка (уште помалку враќање) на поседи - како што се прет-
ставупа грабежот од 1913 год. до денешен ден.

Меѓу другото, однесувањето на Ипсиланти потсетува па басната на Лафонтен за гав-

"ранот и лисицата: "Tout flatteur vit aux depens de celui qui l'ecoute". Намерената последица:

добриот гроф Калноки му раскажа на амбасадорот, принцот Ројс дека тој нема ништо
против,

"Грците да ја прифатат испружената рака, но, секако само ... на база на статус кво и на
Берлинскиот договор."

Не е за верување: "... на договорот!" И тоа од еден министер на царската монархија
која еден ден ќе го прекрши токму овој договор!

Но, добро - до анектирањешо на Босна имаше уште 25 години ...

Но, што се однесува до статус квото: можеше ли токму министерот за надворешни
работи на Хабзбуршкото царство да биде единствената личност на таа ера која не ги
знаеше вистинските цели на Грција? Навистина ли Калноки не знаеше дека статус кво
ја отсликуваше отприлика последната состојба на Балканот која Грција (како и Бугари-
ја и Србија во иста мера) беше подготвена да ја издржи како таква? Или можеби тој
кралски си се забавувал со тоа, да го остави во заблуда грчиот кнез дека тој не ги разот-
крил неговите интриги? Тоа би бил еден пример за високата школа на дипломатијата.

Но, не се чинеше дека е така, бидејќи неколку пасуси подолу, како што пишуваше
амбасадорот понатаму, на тема Балкански сојуз грофот рекол,

"таков еден ... секако дека не би бил од интерес на Австро-унгарската монархија, се доде-
ка денешната состојба на Османлиското царство се смета за неопходна."

Грофот навистина рече "се додека", - и тоа откако тој непосредно пред тоа настојува-
ше на неопходноста за задржување на статус кво и зборуваше за зачувување на мирот!

Така се сретнаа двајца истокрвни измамници. Едниот, киез Ипснланти, можеше да
биде задоволен со себе: политиката јасно насочена кон експанзија која со неговата пот-

куплива учтивост агресивната мотивација ја претвораше во најголема пријатност, - дип-
ломатско мајсторско дело. Другиот, исто така, сокривајќи го зад неговата скромност,
тоа што австриската подлост и алчност за моќ дури и ја надминува грчката. И Виена во
никој случај немаше намера да се откаже од уште пораспространета и следствено на тоа
уште покомплицирана мултиетничка држава.

Со тоа да се вратиме назад кон мамецот на Ипсиланти за "заеднички" грчко-австрис-
ки антиславизам. Зарем грчкиот пратеник во царската двојна монархија навистина не
бил информиран за еден од најголемите проблеми, ако не и самиот проблем на Австри-
ја? Може да му било од помош на човекот.

Тука одлично одговара она што горе веќе цитираниот "Келнише Цајтунг" го напи-
шал тогаш за Австро-Унгарија:

Безобѕирната политика на националности (како руската) би го оспорила животниот
принцип на една држава, "која на калеидоскопски начин е составена од рушевините на на-
родите.""377

Точно - но Словенише, на чија карта грчкиот кнез ја изигра неговата улога, во Хабз-
буршкото царство беа многу поголем дел, отколку што тој и неговиот соговорник сакаа
да веруваат. Доказот веднаш следи:

Според една статистика од 1900 год. од 28 милиони граѓани на Австрија само 11,3 ми-
лиони беа Германци, а 17,8 милиони Словени (Пољаци, Рутени, Чеси, Словенци, Срби и
Хрвати). Вкупниот број Словени во Унгарија со 5 од 20 милнони граѓани само малку го
подобри вкупниот резултат. Но, кога во 1907 год., под влијание на револуционерниот
развој во Русија, во Австрија се воведе правото на глас, наспроти 233 германски прате-
ници се најдоа 259 словенски.374

Урнатини?

Антиславизмот беше уфрлен на дебата од еден грчки дипломат, кој во однос на мно-
губроjните малцинства, на кои неговата земја до денсс им дава прибежиште, и самиот си
ја имаше мувата на капата. Професор Требст (Troebst) ги набројува следниве малцин-
ства:

"Југоисточни Словени, Турци, Аромани, Албанци. Помаци (муслимански Бугари), Роми,
Мегленити, Саракачани. Сефарди, Јифтии, Јуруци ити."379

Од една статија на проф. Тиркаја Атаев (Turkkaya Ataov) може да се набројат и уште
некои имиња: Гагавуси (христијански Турци), Циркази (муслимански Черкези) и Ермен-
ци. Бидејќи тој покрај Сефардите очигледно сакаше да ги вклучи и Ашкеназите, оваа
група ја наведе под генералниот поим Евреи. Малцинството, кое кај Требст беше име-
нувано како "Јужноисточни Словени" турскиот научник го прецизира како "Македон-
ци".

Последниов податок воопшто не е од потценување, бидејќи Турците имале 500 годи-
ни време детаљно да ја проучат националната припадност на своите потчинети.

Бизмарк, кој по средбата Калноки/Ипсиланти во Балхаусплац беше замолен да го
даде своето мислење околу грчкото барање за поддршка од Австрија. се сложи да не се
одбие грчката понуда, но, предупреди на формален договор со Атина,

• бидејќи "прекумерните барања кои за тамошннте шовинисти ... беа својствени" не би мо-
желе да ја исклучат опасноста од "непожелни копфликти" поради нивната неизводлива
национална политика.380

Умен човек бил овој Бизмарк.

Неговото соодветно изјазснување до претставништвото во Виена грчкиот кнез, во
случај содржината да стигнала до него (што може да се очекува имајќи ги в предвид жи-
вите дискусии меѓу дипломатите), речиси и воопшто не го трогнало. Но, кога неколку

дена подоцна при неговите напори да ги подобри односитс со Австрија и така од двојна-
та монархија да извлече согласност за понатамошната грчка експанзија "Жутнал д' Атан"
му се спротивстави со една препорака, со која

• "сите народи на Балканскиот Полуостров се повикуваат на едногласно здружување про-
тнв Австрија" чиј "'стремеж кон истокот' им се заканува истовремено како на Словените
така и на Грците и на чие постојано навлегување може да се постави делотворен бедем
единствено со еден заеднички сојуз,"381...

... кнезот Ипсиланти воопшто не се одушевил од ова.

Грчкото опипување на теренот во Виена формира свои кругови, како што стана јас-
но од реакциите од Константинопол: грчкиот пратепик Копдуриотис, (во приложениот

извештај стилот е променет) му дозволи на германскиот амбасадор повторно да учест-
вува во информирањето на неговиот зет, грчкиот министер за надворешни работи Кон-
тоставлос (кое во прв ред очигледно беше упатено до самите Турци, дека

"грчката влада нема да се впушта во никакви договори кои би 'наштетиле на мирот'" и
"дека сега нејзе и е важно да негува навистина добри односи со Турција".382

На ова место од извештајот, вистинскиот врв на лицемерие, недостига токму типич-
ната концизна забелешка на кајзерот: по гаволите!

Мајсторско прокријумчарување на зборчето "сега"; така подоцна Атина - и тоа без
сомнение - може да се повика на тоа дека тогаш оваа изјава била сосема сериозно даде-
на. Навистина во време на овој извештај постојано беше повторувано предупредувањето
дека Грција "се уште има многубројни желби за взаемност" со Турција по прашањето за
"критските односи". Она што Атина од своја страна впрочем го подразбираше под "вза-
емност", беше само прашање на семантика.

Не стана никаков збор за стремеж кон областите како Тракија и Македонија (освен
едно смело споменување на Солун). Доколку Македонија порано некогаш била грчка,
Атина со сигурност немала да се двоуми да го додаде и овој регион(и), особено бидејќи
на Грција и се ближеше времето кога непосредно по Тесалија (1881 год.) во нејзините
раце ќе дојде и дел од Епир (1884 год.). Но дури ни Елините не беа толку дрски, па во
овој момент да изјават јавни претензии и кон други туѓи територии.

Или сепак беа?
За разлика од својот зет, министерот за надворешни работи Контоставлос се изјасни
како задоволен околу резултатот од постапката на кнезот Ипсиланти:

"Особено поволно за грчката влада било" да се чуе од австрискиот државник "доброволно
изразеното уверување дека австриската политика не помислила да се упати кон Солун и
притоа да ги оспори сите инсинуации од ТОЈ вид како произволни измислици ."382

По ѓаволите! (Се извинувам за овој испад.)

Човек можеше да се обложи дека сите гласини во списите околу австрискиот стре-
меж кон Егејот беа само злонамерни подметнувања - но сега мора, иако само индирект-
но, да се заклучи дека онаму каде што имало чад, навистина имало оган.

Ова зачудувачко великодушно откажување на Австрија, кое сосема јасно "му остави-
ло особен впечаток" на грчкиот премиер Трикупис, дозволи да се зголемат грчките
шанси за експанзија во правец на македонскиот Солун.

Споменувањето на името Солун во оваа прилика има потреба од поткрепа: во пос-
ледните осум, девет столетија Европејците се навикнале на грчките тврдења дека Солун
од многу одамна и припаѓа на Грција. Но вистината е дека Солун пред 1913 год. - за тоа
има и други сведоштва - никогаш не бил грчки. Дури и кога таму, како и на многу други
крајбрежја долго време живееле грчки трговци, морнари и свештеници, а можеби и за-
наетчии и учители, градот меѓународно-правно и припаѓаше на Македонија. Виктор

Мајер пишува:

"Солун тогаш беше пред се словенско-турско-еврејски град, но. во никој случај грчки."383

(Освен ова за Солун спореди во делот под 5.2.2)

2.3.5 Бизмарк стравува од немири во Македонија

Три години подоцна, во 1886 год., се чинеше дека тронот на грчкиот крал е разни-
шан. Неколку недели, откако бугарските револуционери го спроведоа обединувањето

на источна Румелија со кнежеството Бугарија, "сето грчко крајбрежје ... беше блокира-
но од здружените флоти на сите европски велесили." за да се спречат Грците поради
Крит да предизвикаат нова војна против Турција. Бизмарк го извести претставништво-
то во Санкт Петербург за разговорот со грофот Шувалов, рускиот амбасадор во Бер-
лнн. Клучниот пасус вели:

"Ако силите не интервенираат во Грција во полза на мирот и династијата, ќе биде многу
веројатно дека потоа династијата би побегнала од земјата, а следствено на тоа би се про-
кламирала и една елиниска република, која не може а да не вбризга отров, како во Маке-
донија така и во радикализираните бугарски и српски племиња ...'384

Според ова Бизмарк сосема се загрижи за Грцнја и се залагаше за одржување на др-
жавата. Додуша Грците. вклучувајќи го и нивниот кралски двор не му беа баш по ќеф,
но уште понесимпатичио би му било да види републиканци на Акропол. Понатаму, за
Бизмарк беше сосема разбирливо освен Србија и Бугарија истозначно да ја спомене и
Македонија - а како сосед на Грција дури даја стави на прво место. Оттаму Бизмарк Ма-
кедонците ги гледа како самостоен народ. (Спореди и горе споменатото во 2.3.1.1) Но,
како убеден монархист тој, во согласност со духот па времето, македонскиот народ го

смета - најпрво како народ без држава - исто така безобѕирно како маса која му стои на
располагање, како што тоа го правеле и алчните соседи.

Од Бизмарк воопшто не се очекуваше симпатија за слобода, независност или право
на самоопределба - дури во нејзината во тоа време само рудиментирана форма - или ду-
ри за активностите на комитаџиите, т.е. на револуционерите. кои го нарушуваа редот и
мирот: дотолку помалку откако тој и во веќе споменатото изјаснување повторно ја зас-
тапува познатата линија на кајзерот дека: Германија воопшто не е директно заинтере-
сирана." Што се однесува до неговиот кајзер, тоа подоцна значително ќе се промени.

2.3.6 Грчкиот печат ја бара Македоиија

Не може да им се оспори консеквентноста на грчките експанзионистички планови.
Нивното планирање е навистина на долги патеки.

Откако беа конкретизирани грчките територијални придобивки во Тесалија и во еден дел од јужен Епир, без оглед на приемот на грчката делегација во Берлин, внима-
нието на Грција се сврте кон следниот објект на нејзината глад. Следствено на тоа во
Атина започна да се дискутира околу прашањето за користа од стапувањето на Грција
во едеи можен Балкански сојуз.

Како што во 1886 год. извести пратеникот гроф Лајден (Leyden), така Атинските вес-
ници забележале

"со извесно задоволство, дека започнала да се зацврстува увереноста во самостоен поли-
тички развој на балканските држави." Што се однесувало до евентуалното грчко приста-
пување, "од Грција која го застапувала елинизмот, не би можело да се побара врз основа
на нејзиниот денешен посед да се впушти во одговорности условени со договор".385

Весникот "Акрополис" додаде уште нешто:

Грција во еден Балкански сојуз би можела да бидс застапена на начин соодветен на нај-

зината национална чест само тогаш кога островот Крит. Епир и Македонија би се соеди-
ниле со своЈата земја-мајка."385

Тука, значи, се појави името! Она на што владато нс сс осмслн, т.е. она што таа не
бешс лекомислена да го изјави, печатот можеше да си го дозволи. Во секој случај: стои

во весникот, значи никој не може да тврди дека оваа експапзионистичка мегаломанија,
во смисла на Megale Idea, не била веќе позната.

Уште тогаш весникот покажа дрскост да напише за "соединување" на (албанскиот
северен) Епир и на (македонската) Македонија со грчката земја-мајка. Сепак, во 1886
год.,тој и не предвиде дека еден ден Грција ќе посегне и по источна Тракија и по азиско-
то копно, по Анатолија - иако таму, за разлика од Македонија, уште многу пред појаву-
вањето на османлиските Турци-Татари и дури и во предвизантиско време живееле Грци,
така што аспирациите таму сигурно би можеле да бидат оправдани.

(Се мисли, на пример на познатите грчки градови - Милет - уништен прво во Персис-
ките војни по задушеното Јонско востание а подоцна и од Александар Велики - и Ефес -
уништен прво во III век н.е. од Готите како и во IV и VII век од земјотреси.)

Новите барања на Megale-печатот не останаа без влијание врз кралот кој по извршу-
вањето на првата задача, сега нив си ги постави како нова цел.

Што се однесува до бројот на Грците кои живеат во Македонија - и овој податок ка-
ко тогаш така и денес се смета за фундаментален критериум - неколку години подоцна
Грците претрпеа значителен удар во форма на реалистично разоткривање. При една со-
сема редовна посета во Виена кралот Георг не поведе разговор само со царот Франц Јо-
зеф (Franz Josef), туку уште еднаш и со министерот за надворешни работи грофот Кал-
ноки. Амбасадорот, принцот Ројс, слушнал од грофот дека тој кај кралот не забележал

ни трага од "далекусежните големогрчки идеи"; Георг не го спомнал ниту Крит.

"Неговите жалби, пред се, се однесуваа на црковните состојби во Македонија, каде грч-
киот елемент не е толку застапен а турската власт ги поттикнува бугарските интервен-
ции. Конечно Неговото Величество му призна на министерот дека во Македонија имало
само многу малку Грци."386

Неочекувано признание на грчкиот крал.

Од добрата информираност на грофот Калноки следи - поинаку отколку што се стра-
вуваше - raqin washing-от со перманентно повторуваните тврдења за постоечки етнички и
историски права на Грција или на други балкански кралстиа на Македонија во тоа време
(дванаесет години по Берлинскиот конгрес) очигледно сепак не ги зашеметил Големите
сили, та тие (во овој случај) не наседнале на грчките прекројувања на историјата.

Од друга страна, пак, овој случај одново дава прилика да се укаже на тврдоглавоста -
многу повеќе на пробивноста - на кралот посебно, а и на Грците општо, во нивниот
стремеж кон голема моќ. Георг и овојпат не се збуни. Точно една година подоцна тој
повторно се појави во Виена. А што извести принцот Ројс за неговите најавувања кај
австрискиот министер за надворешни работи?

"Тој ... досега ннкогаш не го слушнал кралот толку разумно и смирено да говори. Со мо-
менталната ситуација на Крит тој не бил незадоволен и бил радосен што изгледа дека та-
му ќе дојде до смирување на состојбата. Неговата главна болка била Македонија, каде
грчкиот елемент се повеќе бил потиснуван од бугарскиот."387

Истрајноста се исплати.

Само шест недели подоцна кралот го привлече вниманието со еден многу значаен
гест, кој беше во тесна врска со следната етапна цел на Грција. На прославата на полно-
летството - и на традиционалната воена заклетва - на престолонаследникот Константин

во декември 1886 год.,

"кралот за време на дворскиот ручек кој се одржа во чест на пристигнати делегации ... од
странство, упати", "многу важен поздрав" до "Крит, Епир и Македонија."388

Зад оваа пропаганда се криеше систем.

Две години по прославата на полнолетството поради недостиг од соодветен празник
се создаде вештачки повод за да може да се продолжи психолошкото војување со сим-
болични изјави. Имено, кралот Георг се изјасни.

"дека тој ќе се повлече доколку неговиот брат, принцот Валдемар (Waldemar) од Данска
биде избран за кнез на Бугарија."389

(Валдемар мора почесто да бил инволвиран во вакви играрии). Притоа според из-
вештајот на пратеникот Ле Метре :

"колку што јас знам, во последно време никаде не стана збор за повторна кандидатура на
именуваниот принц за бугарскиот кнежевскн трон."... "Повеќе не постои никаков сомнеж
ОКОЛУ тоа дека (за кандидирање на неговиот брат) не постои никакво образложение."389

Сепак, приликата создадена во своја режија кралот ја искористи како повод за да го
соопшти својот патриотскн став по однос на оваа работа:

"Бидејќи конфликтите со него (Валдемар во Софија) поради Македонија тогаш би биле
неминовни."

Ваква аскетска храброст за жртва во интерес на новата национална желба на Грците
заслужува висока почит. Оттаму и не изненадува тоа што извештајот продолжува:

Онаа забелешка на кралот беше доволна за "да се соберат ... еден куп грчки Македонци
кои со извици на восклик му ја искажаа својата благодарност за тоа што тој и во оваа
пригода повторно јасно го изрази панелинистичкиот став".'389

Оној дел од информацијата во печатот кој беше "што е можно најнадуен" пратени-
кот го коментираше со забелешката дека кандидатурата на принцот Валдемар била
"впрочем измислена само за цел на оваа демонстрација". Што се однесува до самите ди-
мензии на демонстрацијата, известувачот воопшто не дозволи печатот да го заслепи:

"Како целосен очевидец сепак можам да потврдам дека таа помина многу слабо и дека не
беше од никаква важност."389'

Оваа грчка политика на измами продолжуваше и продолжува, со поголеми или по-
мали успеси и падови, и до ден-денес.

2.3.7 Грчката политика на малцинствата:

романската културна политика ја попречува грцизацијата на Македонија

Од тие години на располгање имаме еден извештај од Букурешт кој овозможува ин-
тересни погледи во долгорочните грчки планови во однос на Македонија.

Таму се потврдува дека романските организации се трудеа со културна припомош да
го зајакнат националното чувство на соплемениците во Македонија, Македо-Власите.
Романската влада негираше дека сакала политички да влијае врз Власите во Македо-
нија, но дека сепак ги смета за симпатични културните залагања на организациите. Овој
став во Атина веднаш

"се прими како особено непријателски, бидејќи со тоа ја препозна пречката за подоцнеж-
ното грцизирање на Македонија."390

Ете повторно се појавува овој лош, агресивен поим "грцизирање". Грција ниту еднаш
не се потруди да докаже дека Македонија е населена со Грци и дека затоа ја оправдува
својата аспирација кон оваа област. Атина трезвено поаѓа од реалната состојба на рабо-
тите, т.е. дека Македонците не се Грци и дека не зборуваат грчки, па така еден ден кога
Грција ќе ја освои земјата, ќе мора да се грцизираат.

Оваа човеко-омаловажувачка политика на мајката на европската демократија во северна Грција се спроведува веќе 90 години, и тоа не само во однос на македонското малцинство, туку и кон албанското и турското, како и кон околу дузина други малцинства.
(Види под 2.3.4)
Вајтман околу ова заклучува:

"Атина Словените ги опишува како "славофони Грци", така што тие, без статус и права на малцинство, до денес се изложени на ригорозен притисок на грцизација.'391

Ниту Европскиот Совет, ниту пак некоја друга организација за човекови права јавно непокажа грижа, на видлив и доследен начин. за "ригидната политика на асимилирање" и за положбата на малцинствата во Грција.

Наводно во 2000 год. се спровело конкретизирање на ставот иа грчката влада по прашањата за малцинствата.392 Досега во медиумите и во европската јавност многу малку се знае за тоа. Кристијан Фос многу полага големи надежи во "атинскиот новинар Тасос Костопулос"; не само поради тоа што овој напиша една монографија која изобилува со факти, "Забранетиот јазик - државно угнетување на словенскиот дијалект во грчка Македонија" (Атина: Mavri Lista 2000), туку неговата надеж почива врз фактот што оваа книга "веќе со месеци се рангира меѓу грчките бестселери". Нему тоа му се чини

"дека е индиција за моменталниот процес на премислување на грчкото општество."392

Фос го спомнува и политичкото оформување на словенското малцинство во северна Грција по 1989 год. во "Македонска организација за балкански просперитет" (MAKIVE) и партијата "Виножито" (грчки "Ouranio Toxo").

Авторот со неизмерно задоволство би се приклучпл па Фосовите надевања, но, што сеоднесува до одобрување на грчката влада за "создавање на славоговорна радиостани-

да" и "славоговорни училишта", та и во однос на посакуваното "решавање на немилиот
спор околу името со Република Македонија ("FYROM") во 2002 год.", се до докажување-
то на спротивното, сепак ќе остане во голема мера скептичен. Неговата скепса доби
признание со грчката реакција на "откажувањето на САД од поимот FYROM во догово-
рот на ICC" [Меѓународниот кривичен суд] во летото 2003 год., а не во 2002 год.! (Види
во NZZ од 4.7.03. стр.3)

Скеисата на авторот треба да се објасни:

Овој труд ја имаше задачата да трага по белезите на самостојниот идентитет на Ма-
кедонците. Се покажа која начелна цел, за во периодот по анексијата, била претходно
испланирана во Грција, Бугарија и Србија, многу порано од вистинското поробување на
Македонија, и подоцна токму на тој начин и спроведена:

Додека Османлиите се стремеа со непречена примена на нивната моќ, кон собирање
на ограбените богатства и кон експлоатирање на луѓето како аргатски животни и го
спроведуваа овој концепт со сила и драконски казни, но наспроти тоа на своите потчи-
нети им го препуштија јазикот, религијата и обичаите од нивната тогашна традиција
(што некоја заинтересирана страна многу погрешно, како е забележано, дури и во де-
нешно време ќе го оквалификува како толеранција), намерата на Грците, Бугарите и
Србите уште од самиот почеток отиде далеку над овој "примитивен" степен на поробу-
вачко грабање во своја сопственост. Како што веќе беше кажано на други места, Грци-
те не сакаа само даја "приграбат" македонската земја и нејзиното население, туку тие со
сите средства се стремеа и обете нешта, и словенските луѓе и нивната територија да ги
придобијат во своја трајна сопственост! Затоа, - за разлика од Турците, на кои омразе-

ните христијани сите им беа исти -, тие мораа да ги зграпчат и душите на овие луѓе. За

да се постигне оваа тешка цел, најпрво мораше да се уништи нивниот идентитет.

Една вака високо поставена цел може да се достигне само по долгогодишно, долгове-
ковно систематско угнетување. Правата на малцинствата н човековите права значител-
но попречуваат еден ваков процес. Оттаму Грцпја во XX век сите меѓународии обиди во
овој правсц ги дочекува со најголемиот можен, се уште остварлив отпор. за да ги избег-
не таквите обврски и веќе видливнот крај на насилната асимилација на Македонците во
северна Грција да го оддолжува уште многу долго. Бидејќи на крајот светската јавност
би морала да го прифати тврдењето на Елините дека Македонпја не станала грчка дури
во 1913 год. - повеќе беше со сила така направена - туку дека и пред 1913 година отсеко-
гаш била грчка. Кој би можел да го демантира ова тврдење: и пред се: и кому би му било
од корист едно така неочекувано добиено право?

Но, една "Република Македонија", дури и кога таа како таква опфаќа само еден дел
од старата македонска територија, не му пречи само маргинално или површински на
процесот на апсолутен стремеж на грчкото спроведување па превласт врз туѓ народ,ту-
ку фундаментално Постоењето на името "Македонија" тесно поврзано со друга др-
жава која не е грчка, најјако. сосема видливо и за целото семејство на народите на ОН,
го ослабна грчкиот концепт, според кој има исклучиво само грчка Македонија. Што зна-
чи "ослабна"! "Ослабна" воопшто не е доволен израз за последиците од постоењето на
едиа Република Македонија врз грчкиот концепт на исклучиво грчка Македонија: грч-
киот копцепт со државното постоење на Република Македонија не само што ослабна,
многу повеќе пропадна. се раслои - потполно се уништи!

Затоа Грција, дури и кога таа во наше време не може повеке со војна да го опустоши
македонскиот народ и неговата држава, ќе стори се и ќе ги употреби сите средства да го
оспори името на оваа соседна држава и него како со гума да го избрише. Само тогаш

грчкиот план за уништување на идентитетот на македонскиот народ би имал изгле-
ди да успее.

Се Чини дека во Атина никому не му пречи тоа што Грција , за да ја оствари оваа цел,
Словените мораа најпрвин да ги направат Грци.

За меѓународната заедница на народите од голема важност е да го спречи токму ова
злосторство! На прво место обврзана е европската фамилија на народите на ЕУ и на
Европскиот совет да го одбранат западниот систем на вредности.

2.3.8 Поранешниот грчки премиер ја сондира поделбата на Македонија

Откако во тоа врсме (1883 год.) грчкиот ирсмиер Трикупис убаво ја скроил посетата
на бугарскиот кнез Александар во Грција (која впрочем од Атина со соопштување на
бугарските планови за експанзија, откриена при оваа ирилика, беше искористена за
умилкување кај Турците), во 1891 год. тој веќе како поранешен премиер изврши личен
напад во Србија и Бугарија.

Генералниот конзул баронот Фон Вангенхајм извести,

дека премиерот Стамбулов "го одбил учеството како во предложената заедничка акција.
така и по прашањето за обележување на границите"."393

Оччгледно тој се надевал, како што горе веќе беше објаснето. со остварувањето на
автономија за Македонија да ја достигие силно посакуваната бугарска цел, имено, да мо-
же да си ја резервира целата провинција која Софија во 187S год. веќе три и пол месеци
ја поседуваше. Оттаму претпоставката на Стамбулов.

"дека Србите и Грците очигледно го имале чувството дека тие во Македонија чекор по
чекор го губат теренот", звучи сосема оправдано.

Тој и не се двоумеше на Грците да им подметне чувство на нехуманост:

"дека Трикупис не покажал никаков интерес за судбината на македонското население ка-
ко такво, а за неговиот предлог, да се забрза подобрувањето на нивната положба соглас-
но член 23 од Берлинскиот договор, не сакал да чуе ни збор."-393

Прочуениот член 23 уште од 1878 год. беше двигателот на Критјаните, Македонците
и Тракијците постојано да го потсетуваат Султанот и Високата порта на ветените ре-
форми, за рамноправноста на христијаните со муслиманите и на отстранувањето на
многубројните неправди во судството и управата, - кои Турците не ги спроведоа речиси
никогаш или само во минимални дози.

И амбасадорот Фон Радовиц врз основа на еден разговор со бугарскиот пратеник
Начевич околу исходот од посетата на господинот Трикупис во Софија во Константино-

пол изјави:

"Подетален план за предвидената поделба на Македонија меѓу различното население гос-
подинот Трикупис за жал не соопшти. Сознанието за овој етнографски исход, во секој
случај би било од особен интерес".394 Умешна иронија.

Грчкиот поранешен премиер со сигурност го имал сознанието за етничкиот состав
на населението во Македонија (во најмала рака од Грчката православна црква), но не
сакал да ја соопшти вистината за незначителниот број Грци во Македонија.

На самиот крај германскиот амбасадор пренесува уште една изјава на неговигот бу-
гарски колега кој во Константинопол се изјаснил,
"дека бугарската влада ги отфрлила сите барања на грчкиот екс-премиер и дека се пови-
кала на нејзината тесна поврзаност со Турција."

Око за око. (Бугарите не ја заборавија толку брзо поранешната грчка нечесност.)

Во продолжение се наведува еден извештај од Лондон. Дипломатот Фон Метерних
(von Metternich) цитираше што изјавил коренсподентот на "Стандард" ("Standard") од Вие-
на околу Македонското прашање:

"Во Софија и Белград господинот Трикупис извршил сондажа за евентуална делба на

Македонија."395

Зарем Грција некогаш барем и на сон би помислила, прашањето за делбата на Македонија да го отвори во јавноста, па дури и околу тоа да се консултира и со други влади, доколку некогаш навистина и припаѓало барем едно малечко парче од таа област?

Во никој случај. Остатокот од цитатот ги потврдува што туку добиените сознанија:

"Во Белград биле сосема согласни со оваа идеја и со тоа се изјасниле задоволни, но само во случај областа позната под името "Стара Србија" да потпадне под Србија."(!) "Спротивно на тоа, поранешниот премиер во Софија немал никаков успех."345

Како последен извор за патувањето на Трикупис наведен е еден извештај од Белград, во кој на пратсникот Фон Брај (von Bray) му успеа една соодветна формулација: токму на грчкиот поранешен премиер морало да му биде познато.

• "колку е невозможно да се замисли мирна согласност на сите мали, политичко и етнографско хетерогени балкански држави. од кои секоја засебно ја бара отприлика цела европска Турција и притоа уште нешто како своја легитимна сопственост."396

—— МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗОЛ -—

Освен сјајната формулација, станува јасно дека секој еден одговорен во Европа уште тогаш бил сосема свесен за неправдата која се нанесе со подготовката на Балканскиот сојуз и на Балканските војни, како и со поделбата на Македонија. Но, ниеден цар, ниеден крал, ниедна влада и ниеден државник не се потруди да ја спречи неправдата кон Македонија, Тракија и Епир која се повеќе се приближуваше. Токму спротивното: вла-

детелите дури и учествуваа во распродажбата на македонскиот народ и неговата тери-
торија на трите балкански држави под притисок на Грција.

2.3.8.1 Подетаљни историски информации (3):

Финансиската и семејната политика на кралот Георг

Откако на почетокот беше воспоставена хипотезага за грчко влијание преку европ-
ските даттастии "врз судбината на Македонија, мора и оваа насока на размислување - пок-
рај развојот на Балканскиот сојуз - како инструмент на ваквата политика, и понатаму да
се следи и поткрепува. Оттаму, на ова место, одново се вметнува преглед кој како про-
должение на поглавјата " Подетаљни историски информации (1) и (2)" опфаќа повеќе
години од патувачката дејност на кралот Георг и за интензивирањето на династичките
семејни врски на грчката кралска куќа за поголем изглед за добивање поддршка во ин-
терес на грчката експанзионистичка политика. Дури и доколку изгледа дека тој го пре-
кинува хронолошкиот тек на развитокот на Балканскиот сојуз, сепак, тој претставува
суштински составен дел на оценувањето на грчката политнка во однос на Македонија.

Поинаку одошто веруваше народот и претпоставуваа некои парламентарци, грчкиот
крал не ги спроведе своите многубројни посети во странство(само)како патувања на за-
доволство (со исклучок на неговите престои за нега во Е-ле-Бан, и за чии љубовни
пропратни појавувања се шушкаше на сите дворови ширум Европа, - очигледно цена за
големата популарност на Георг, која тој лежерно ја плаќаше). Георг многу повеќе се
трудеше да ги застапува интересите на Грција, т.е. во прв ред да се приближува до оства-
рување на големогрчката стрвност.

Како што веќе беше споменато, на враќање од неговиот годишен одмор како во 1890"397 така и во 1891 год., Георг меѓу другото се задржа на разговори и во Австро-Унга-
рија. Од последната негова тамошна посета тој се врати во Атина дури кон крајот на
ноември.398 Иако од многубројните текстови може да се видат податоци дека кралот на

одмор одел секоја година, за 1892 год. нема никакви докази. Но, во летото 1893 год. ветрот повторно го однесе во неговата татковина Данска. Кој престојуваше таму исто така на летната свежина? Неговата сестра Дагмар/Марија Фјодоровна со нејзиниот сопруг, рускиот цар АлександарIII.399 Значи идеални предуслови, да се подготви барем морална и политичка, ако не и воена поддршка за грчките експанзионистички планови.

Но, дури и идеалните предуслови на данската летна свежнна не течеа непречено. Бидејќи, како потсетување, уште во 1878 год. во кралот Георг и неговите Грци се гледаа извесни руски очекувања; а "високиот роднина" од Санкт Петербург дури пред две години го доведе разговорот до прашањето "за влез на Грција во руско-францускиот сојуз"(!). Тогаш Георг се сепна, бидејќи не беше во духот на Грците да си навлечат обврски кои евентуално би можеле скапо да чинат.400

Сепак вреди да се забележи колку далеку отидоа плановите по самото склучување на француско-руската конвенција од 1892 год. и каква јасна тендеција појави таа уште однапред, - против Австро-Унгарија, а со тоа и против Германија.

Оттаму тоа за Георг значеше дека ќе треба внимателно да истактизира, уште за време на летниот одмор.

-Ханс Лотар Штепан-

Есента 1895 год. Георг не само што го посети Е-ле-Бан, туку, како што амбасадорот од Минстер јасно потенцира, за прв пат не го посети Париз само инкогнито. Тој, веднаш, на официјалниот прием и на гала-вечерата која во Елисеј му ја приреди Претседателот на републиката, се обиде да ја оправда својата молба и "Франција ... да гласа во полза на Грција."401 Впрочем тука се работеше и за пари. Георг се обидуваше на француската влада да и вети дека поверителите на Грција би си ги добиле парите со враќањето на еден кредит, - став, кој дома, во Атина во никој случај не наиде на целосна соглас-

ност.(!)

Во поглед на грчките парламентарци ова можеби звучи сомнително, но, и самиот
крал во неговото лично однесување во зделките не беше секогаш чесен аристократ.

На пример:

Во март 1897 год. во Берлин пристигна извештај од пратеникот Фон Векер-Готер од
Белград, чии две куси реченици ќе бидат тука цитирани:

"Од финансиските кругови чув дека кралот на Грцнја кој, како што е познато, е успешен
раководител на својот приватен имот, пред избивањето на сегашните немири (како што е
познато повторно се работи за Крит) се впуштил во значајни берзански шпекулации. Би-
дејќи притоа се работело за грчки и турски фондови, можно е евентуално на друго место
да се заклучи дали ова тврдење е вистинито или не."402"

Дали Георг шпекулирал против "својата" Грција?

Па, тогаш сигурно повторно би било ...? Да, секако! На крајот сосема видливо се рас-
познава во неговиот накосен ракопис препознатливото "По гаволите на Вилхелм II и
тоа во однос на тешкотијата на замената со многу внимателната, но сепак многу малку
умилкувачка забелешка: "Тоа би ги преминало сите граници на пристојност!"402

Информативниот систем на надворешната служба функционираше беспрекорно: не
требаше да се чека долго потврда на се уште неизвесната вест од Белград: амбасадорот
Фон Ојленбург (von Eulenburg) потпомогна со една забелешка на Виенскиот шеф на дво-
рот Алберт Ротшилд (Albert Rothschild):

"Баронот Алберт Ротшилд рече било вистина дека кралот Георг непосредно пред избув-
нувањето на кризата на Крит вредно работел на берзата на Парискиот пазар и добро за-
работил."403

Кајзерот многу често стануваше гневен поради било какви секојдневни нервози; овој

пат во своите забелешки тој се задоволи со едно кусо, но уништувачко: "Бљак!".

Во однос на безграничната злоба, со која по Првата светска војна беше нападнат Вилхелм II, мора да се сфати дека кај правичното и принципиелно битие на германскиот
кајзер и пруски от крал кој беше совесен, работлив, богобојазлив, дури и богопредаден, а
и секако точен, исто како и кај секој посебен негов верен, гарантирано неподмитлив и
нему доживотно предан службеник воопшто не би можело да се замисли една таква из-
мамничка игра како горе опишаните шпекулации на штета на интересите на сопствена-
та држава.

Токму ова изгледа дека е една од причините за неизгаснатата жед на помалку цврс-
тите карактери, да ги омаловажат високите, за нив недостижни пруски доблести на кај-
зерот.

Во политичка смисла Георг, во разговорот со германскиот амбасадор во Париз, оти-
де во детали:

• "Немирите меѓу муслиманите и христијаните заземаат застрашувачки карактер, особено
во Македонија и на островот Крит. Таму, целото население ги бара истите концесии, кои
им биле одобрени на Ерменците ... "401

И во таа година, се уште станува збор за 1895 год.. по три и пол месечното отсуство,
Георг заедно со кралицата Олга се врати назад во Атина."404"

Од пролетта 1896 год. се внесува уште едно генерациски условено зацврстување на
грчко-руските династички врски: принцезата Мари (Marie), петото дете и втора, а сега
и единствена ќерка на грчкиот кралски пар (по раната смрт на најстарата ќерка Алек-
сандра, омажена со рускиот велики кнез Павле405 [беше убиена во Санкт Петербург, во
1891 год.|,) се вери со великиот кнез Георг Михајлович.406 Од различни причини (кои ду-

ри и токму денес во соодветниот уличен печат би си нашле одушевени читатели, но, кои
во овие рамки би не оттргнале далеку од темата) свадбата се одржа дури во април 1900
година.407 На ова место само ќе се спомене дека кралот Георг многу брзо издејствувал за
раскинување на веридбата,

"откако руската влада оствари политика крја не соодветсвуваше на желбите на кралот
Георг."408

Види го ти него - нашето кралче! Тој не се плаши како малечок партнер со помош на
неговите династички врски да изврши морален притисок врз огромното Руско царство.
Овој пат навистина не му успеа. Понекогаш роднинските врски кои, како што е познато,
за разлика од пријателствата не можат да се бираат, имаат и негативна страна.

Значи на почетокот на 1900 год. дојде до обновување на веридбата (во меѓу време
раскината)409 и до свадбена свеченост организирана со "извонредна брзина", што му даде
повод на пратеникот Фон Плесен (von Plessen) за окарактеризирање на кралот Георг,

дека "неговото битие. (кое) воопшто тежнее кон тоа брзо да се одлучува и своите заклу-
чоци, без многу обзир кон другите, веднаш да ги остварува, решено е да се впушти во тоа

на многу упадлив начин."410"

Со тоа од тој момент две деца и една внука на данскиот кралски двор - доколку тука
е дозволен царскиот и кралски израз - беа сврзани со руската царска фамилија.

Но, требаше уште многу да се направи: патот на Грција за анектирање на Македони-
ја и на западна Тракија во никој случај не беше едноставен, - многу повеќе долг, стрмен
и каменест.

Еден дел од грчкиот печат беше против овие дополнителни врски на грчкиот крал-
ски двор со Петерсбуршкиот двор. Поради географската близина, соодветноста и прег-
ледноста подобро би било да се склучел брак на принцезата Мари со српскиот крал. Тоа

можеби не беше толку лошо смислено, бидејќи сепак беше сосема неверојатно дека Гр-
ција доаѓа во предвид за наследник на царскиот трон. Покрај тоа беа обработени уште и
други аргументи во позадината: 1. доколку има руско здружение на Словените кое на
Балканот ќе агитира против грчките интереси, и 2. доколку рускиот цар наводно спречи
да се соединат Крит и Грција. Но вистинската причина лежеше во тоа дека грчката вла-
да сакаше да го заштеди миразот од 400.000 драхми (околу 200.000 германски марки, 100.
ОООевра).411

Cherchez l'...argent

Од истиот извештај произлегува и една човечка, премногу човечка приказна која на
пријатен начин во позадина ги открива и останатите аристократски играрии на дворот:

откако тоа лето 1896 год., значи непосредно пред споменатата криза на Крит, повторно
се одржа голем семеен собир во Копенхаген, во самиот дански замок немаше доволно
престојувалишта за сите гости. Никаков проблем: така руската царска вдовица Марија
Фјодоровна, чиј сопруг Александар III почина пред околу година ипол, спиеше во иста
соба со принцезата Александра од Велс, чиј сопруг Едвард со своите 59 години мораше

да чека уште 5 години за да се искачи на тронот: како деца на данскиот кралски пар на
крајот на краигштата тие беа сестри.(исто)

Освен што зборува за хармоничниот колорит на местото. оваа анегдота е верен доказ за
| тоа дека (германските) дипломати имаа толку детален увид во животот и работата на

дворовите.

Пред Георг да отпатува на летен одмор во 1896 год. одново дојде до една од оние
страстни дебати за неговото долго отсуство и "однесувањето на кралот ... повторно доби
остра критика".412 Пратеникот Петропулакис укажа на тоа,

"дека Неговото Височество кралот Ото, само еднаш во текот на Неговото триесеттодишно
владеење се врати во Неговата стара татковина, додека пак кралот Георг секоја година е
отсутен по неколку месеци.... Една ... причина денес често наведувана како објаснение, дека
кралот бил од корист за грчките државни интереси најмногу со негувањето на блиските и
роднински врски со другите дворови, е сосема невалидна; бидејќи како што е познато денес
ваквите врски повеќе не се од корист за интересите на нацијата."

Овој бирократски и непромислен начин на размислување не само што не беше фер,
туку беше и несоодветен. Оттаму претеникот се огради со помош на својот пример кој
послужи како објаснение:

"Кога пред неколку години германскиот кајзер отиде во Атина, се веруваше дека овој
настан ќе и донесе предност на Грција."... "Но, откако Тој од таму отиде во посета на Сул-
танот, оваа надеж веднаш згасна."412

Националната суетност како принцип на политичките погледи! Како Вилхелм (во
случај, тој - уште тогаш - на било каков начин да сакал нешто да издејствува за Грците)
да не сакал веднаш да се обрати кај Султанот!

Парламентарните дебати околу патувачката дејност Да краЛот Ребрг - несоодветно •
многу редовно беа на дневен ред.

Би се запрашале, зошто кралот во однос на неговите меѓународни обиди за притисок
не ги искористувал своите способности исклучиво за интересише на Грција, иако тој се-
пак кај своите "државни деца" можел да остави добар впечаток со други помалубројни
аргументи, како на пример со неговиот вложен труд за проширување на Грција. Тој мо-
рало да бил сосема свесен дека се движи по многу лизгава патека:
неочекуваниот обид

во владата и во парламентот да добие пофалби за својот труд, и тоа за остварувања, чии
резултати се уште не беа видливи, а многу повеќе беа неверојатни, можеше да му го на-
руши угледот кај неговите роднини во европските династии. Оттаму тој очигледно по-
прво сакаше да профитира од својата дебела кожа, секогаш кога во парламентот одно-
во ќе се ставеа под лупа неговите раскошни "working holidays".

Неколку години подоцна случајот (од пратеникот Поп (Pop)) се разгори до болка:

"Цели 45 години низ Европа секоја година кружи круната со точност на астрономски фе-
номен. Од 1870 год. кралот патува секоја година во просек по три и половина месеци, та-
ка што тој за време на целото негово владеење бил на патување 11 години и единаесет и
пол месеци.... Кралот само еднаш, за Велигден, оди во касарните за да се забавува прашу-
вајќи ги војниците: "кога ќе им дојде крај на вашите маки?", со што е јасно дека службата
под знамето на татковината е мачна. Кралот само еднаш во тие 40 години се запрати во
арсеналот. За да види дали биле добро прицврстени парните цевки на неговата јахта "Ам-
фитрите". (Ракоплескање во салите и во ложите ...)" "Додека грчкиот народ стравуваше,
кралот на Елините со согласност од владата дејствуваше како претседател на цветното
корзо во Е-ле-Бан и ги посетуваше тамошните изложби на кучиња ..."413

—— МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗОЛ

Дали пратениците Поп, Патсуракос и Михаелас подоцна во (1912/13 год.), по сосема
неправедната анексија побарале прошка од нивниот владетел? Последната парламен-
тарна дебата за него се одржа (колку што е познато од списите) цела една година пред
неговата насилна смрт.413

Од 1897 год. има еден извештај кој не ги постави како хипотеза обвинувањата дека

династичките врски биле користени за моќно-политички цели. Амбасадорот Фон Ки-
дерлеи (von Kiderlen) од Копенхаген извести'.

"Како што е вообичаено на тукашниот двор, некои изјави кои Неговото кралско височес-
тво принцот од Данска ... ги дал, докажуваат дека застапувањето на данските семејни ин-
тереси се смета како должност на Русија. 'Мојата сестра'. т.е. царицата-вдовица од Русија,
пишува дека таа за мојот брат Георг ништо не можела да направи, бидејќи секогаш се оп-
равдувале интересите на големата политика. Нејзиниот син, т.е. Неговото Величество
царот на Русија, страдал од тоа што постапил така кон Грција: но, се повел од (рускиот
министер за надворешни работи) грофот Муравиеф. Потоа Неговата кралска висост до-
даде уште нешто: ‚Кој би го очекувал тоа од грофот Муравиеф! Ние секогаш бевме доб-
ри кон него."414

Со тоа се доаѓа до една друга потврда дека тоа беше дел од навиките на владетелите
меѓусебно да си доделуваат политички предности. Уште тогаш апсолутната моќ опаѓа-
ше - особено во меѓународно одредените прилики - а помалку спектакуларните акции и
понатаму се извршувале (и ден-денес се извршуваат) без владетелите.

Во овој контекст треба да се спомене уште и тоа дека еден чичко на грчкиот крал,
кризата на Крит во тоа време сепак ја оценил како критична, така што тој уште тогаш
го сметаше Георг за "крал во егзил". Амбасадорот Фон Кидерлен ја опишува "дејноста"
на принцот Ханс фон Гликсбург (Hans von Gluskburg) на следниов начин:

Тој "не се занимава само со станбеното прашање ..., туку и со јаден израз на лицето раска-
жува како на неговнот внук, доколку тој ја напушти сегашната служба, vis-a -vis de rien мо-
же да смета само на пензијата која царот од Русија и ја овозможува на кралицата Олга."

• На ова јадосување Фон Кидерлен дава сосема оскуден коментар:

"Нему му се спротивставува фактот дека кралот Георг во Копенхаген си купил куќа која

му носи приход, а на крајбрежјето имот. Овде се смета дека неговите заштеди во Грција
се прилично високи."414

Тука вмеша прсти и договорот, на кој амбасадорот Фон Метерних потсети во еден
подоцнежен извештај од Лондон:

дека "доколку тој го напушти тронот, Русија, Франција и Англија му осигурале годишна
пензија од 12.000 фунти, но, само во случај ако биде симнат, но не и... ако тој абдицира".415

Заштитничките сили не сакале последново да го видат со задоволство, бидејќи

"уште по протерувањето на кралот Ото имале одредена тешкотија да најдат соодветен
наследник."416

Каде лежел суштинскиот страв на данското кралско племе, се гледа од следниов извештај на Фон Кидерлен:

"Тука пред се се стравува дека кралот Георг, присилен од велесилите би можел да се пов-
лече и потоа тука да се утврди,... тука да се вмеша во политиката и да шири "парламен-
тарни" идеи.... Овој страв од вмешување ... суштински придонесол за искрена општа гри-
жа за одржување на тогашниот трон."417'

Оваа "грижа" не беше сосема неоснована. Имено, по една аудиенција во Атина на те-
ма околу не сосема уверливата пруска реформа во однос на правото за бирање на поче-

токот на XX век генералниот конзул Клемет (Klehmet) ја предаде јасната и прагматачна
забелешка на кралот Георг:

"Конечно нема да се заобиколи исполнувањето на општото право на избирање."418

Како придонес за избегнување на прераното појавување на Георг во Копенхаген во
Данска раскошно цутеше

"филелинизмот подржан од горе, чии цветови потсетуваат на дваесеттите години од овој
век. Веќе неколку денови во тукашните весници се обајвува апел кој како знак на почит
кон кралскиот син на Данска и на неговата херојска нација повикува на припомош на
Критјаните изложени на маки."

Што се однесува до хрониката за најавеното повлекување, тука пратеникот во Атина

Фон Плесен не се излажал. Тој повеќе се присети на тоа дека токму во време на него-
виот прв престој во Атина "пред 18 години" "дури и при несоодветни поводи ... кружеле"
гласини за повлекување на кралот и следствено на тоа "не се сфаќале многу сериозно".419

; Но, тој призна дека овој пат постоеше многу поитен повод и како кралот така и премие-
рот Ралис "сакале без сомнение да избегнат" нова војна со Турција.

"Потпора со осигурување на поддршка од друга страна владата ... нема, дури и ако се чини
дека стигнуваат повторени оптимистички ветувања, пред се од страна на високите родни-
ни на кралската фамилија во Лондон и Санкт Петербург."419

Што се однесува до "парламентарните идеи", мора навистина да му се признае на
кралот Георг дека тој за време на неговото владеење (за разлика од останатите членови
на фамилијата во Копенхаген, Петербург и Лондон) научил многу нови работи. Дури
неколку години претходно на неговиот двор се случи мал настан кој го покажа несогла-
сувањето на монархистите со парламентаризмот. Некои тоа го раскажуваа понатаму ка-
ко забавна шега. Таквиот вроден став во основа скапо ги чинеше некои држави, во прв
ред пруската: .

За крштевката на првиот син на принцот, значи внукот на Георг, кон Атина отпату-
ва и тештата на Константин и воедно и баба на неговиот син,." вдовицата на кајзерот
Фридрих" (III), мајката на Софија (и Вилхелм).

"Во оваа прилика на Вашето Височество ... му беше претставен во последно време често

споменуваниот д-р Хацискос. Со најголема почит, ако смеам во доверба да споменам,
Вие го примивте помагателот во породувањето на Вашата ќерка со прашањето: "Вие сте
пратеник?" и по неколку мига "го отпуштивте".420

Оваа анегдота станува пикантна поради фактот што Викторија, на крајот на краишта-
та, беше Англичанка и уште повеќе ќерка на кралицата Викторија. Оттаму таа постојано
му повторуваше на својот син Вилхелм (II) и (на не англиски начин здодевно) со голема
гордост ја фалеше традицијата на демократскиот парламентаризам во конституционал-
ната монархија на нејзината татковина Англија за разлика од заостанатите Пруси...

Веќе беше укажано на тоа дека не ги уважуваше само кралот Георг своите редовни
одмори и не само тој постојано нив ги искористуваше меѓу другото и за интересите на
земјата, чија круна ја носеше. Со истата уредна редовност и кралицата Олга патуваше
во нејзината сакана руска татковина каде исто така и таа беше вредна. Може да се смета
за доказ на нејзиниот углед и нејзината омиленост на царскиот двор тоа што по наредба
на царот Александар III, нејзиниот братучед, нејзината слика висеше веднаш до сликата
на рускиот царски пар во мензите на сите руски бродови кои крстосуваа по Црното и
Азовското Море.421

Како тоа да не е знак на добрите односи на Русија со грчкиот двор! Грчкиот крал љу-
безно одговори на овој гест: по повод роденденот на неговата царска руска баба (Алек-
сандар беше оженет со Дагмар/Марија Ф., сестрата на Георг) тој во Атина организира
свечен ручек, на кој за првпат беше покането целото руско пратеништво како и конзу-
латот, офицерите на руските бродови кои се наоѓаа пред Пиреј и претставниците на
православната црква како и на кнежевството.422

Околу ова пратеникот во Атина, Фон Чиршки се изјасни со неколку констатации за

кралицата Олга. Тој го започна својот извештај со тоа што "грчката кралица ... сепак
остан.а.па. руска велика кнегиња"423 (За да се сфати вредноста на оваа проценка, треба да
се земе предвид тоа што извештајот бил составен 22 годинн по нејзината свадба со кра-
лот Георг како и по преселбата во Атина!)Таа ги изјавува;

"нејзините руски симпатии јавно ... и со многу малку обзир кон нејзините должности како
кралица и Гркинка, ја посвети нејзината милост на се што е руско ... Минатата пролет н
зима со присуството на принцезата Александра и нејзиниот тогашен сопруг, великиот
кнез Павле, како и руските воени бродови кои дојдоа во нивна придружба, овој култ кон
руското се зајакна. Речиси секој ден некои од поморските офицери јадеа на дворот; и кра-
лицата беше секогаш присутна на свеченостите организирани на палубите. Во тие прили-
ки членовите на другите туѓи претставништва не беа посакувани, а грчкиот министер на
морнарицата ниту еднаш не беше поканет."424

На новогодишната веселба кралицата Олга си размени новогодишни честитки со се-
кој морнар на руските бродови, но, "ниту еден единствен член на дворот" не учествуваше
на грчката православна новогодишна свеченост "секоја година помпезно прославувана
во митрополитската црква во Атина". При заминувањето на принцезата, на нејзина жел-
ба беа поканети претставниците на дипломатскиот кор заедно со нивните дами, но, рус-
ките дами беа примени со "очигледно непочитување на ниту еден дипломатски прото-
кол и без никаква учтивост должна кон другите земји".

"Кралот лично не е непријател на Московјаните; но, во тој правец на својата жена и оста-
ва сосема одврзани раце. Дури и ако за Грците е болно тоа што нивната кралица нема
воопшто интерес за земјата, сепак не може да се рече дека била неомилена. Некои кај
неа ја ценат нејзината решителност, во што таа е многу поумешна од нејзиниот кралски
сопруг, а другите ја фалеа добрината на нејзиното срце."424 425

Непочитувањето на грчката православна новогодишна прослава од страна на дан-
скиот двор во Атина не беше единствениот случај, Години подоцна грчкиот печат "от-
суството на кралските принцови на официјалната богослужба на националниот праз-
ник" го оцени како "непростиво непочитување на најсветиот момент на нацијата." Во
еден друг весник и кон принцезите беше упатена критика:

"За жал, принцезите се уште не ги запознале грчките жени."... "Ниту една од нашите прин-
цези не стана Гркинка. Тие зборуваат француски, размислуваат германски, се однесуваат
англиски, шетаат американски, се облекуваат австриски и презираат се што е грчко."426.

2.3.9 Крит и грчко-турската војна

Островот Крит - во италијански, а многу повеќе во венецијански времиња: Кандиа -
прерасна во еден од најкритичните крстосници во грчката историја од независноста па
натаму. За сета несреќа и од турска, па дури и од младотурска страна беше оценет како
централен проблем на билатералните односи. (Тој беше освоен од Османлиите дури во
6. турско-венецијанска војна која траеше од 1645 до 1669 год.) Грчките стремежи за

Крит уште на самиот почетох беа јасни и директно предочени на Султанот,на Високата
порта и на велесилите, така што секој беше запознат со долгорочните цели на Атина во
однос на Крит.

Една споредба на грчкиот метод во однос на Македонија укажува на јасни разлики:

на почеток Македонија воопшто не беше важна за грчката стратегија, постепено почна
да се споменува дури кога јужен Епир и Тесалија се најдоа во нејзина близина. Бидејќи,
за разлика од случајот со Крит, во однос на Македонија Грција немаше етничко и исто-
риско право.

По лошите искуства кои Грција ги доживеа со велесилите поради нејзиното досегаш-
но несоодветно брзање во однос на Крит, всушност доволни беа предупредувањата од
искусни и пријателски настроени усти. Или треба да се каже дека Сфакиотите (немир-
ните жители на критската висорамнина Сфакија) без влијание од грчката земја нависти-
на (самостојно) се биле подготвиле на востание? Тешко дека било така.

Како и да е, - во секој случај во 1896 год. на Крит повторно избувна ново востание со
друга прокламација за enosis со Грција. Австриско-унгарскиот пратеник во Атина, баро-
нот Козјак (Kosjak), во август истата година се врати од одморот во Виена со инструкци-
јата според која тој треба јасно да и укаже на грчката власт дека на предложената (пов-
торна!) меѓународна блокада во Виена се гледа како на единствено средство, "за да се
реши критскиот проблем и на христијаните да им се овозможат потребните реформи."
Единствено и само грчкиот кабинет требало да ја сноси одговорноста за последиците,

доколку "е премногу слаб да ја спречи продолжената поддршка на востаниците на Крит
со достава наоружје и муниција".427

Германскиот пратеник Фон Плесен во својот соодветен извештај го дообјасни овој
аргумент: во однос на привидниот начин на кој кралот и премиерот Делианис го "осуди-
ле" дезертирањето на грчките офицери и нивното преместување на Крит и го опишале
како "тежок прекршок", овој настан тој го оцени со следниве зборови:

"Изјавите ... според мене во никој случај не ја исклучуваат можноста офицерите, за кои
станува збор а можеби и други кои ќе го следат нивниот пример, (еден ден) величани ка-
ко национални херои да се вратат во грчката армија."(исто)

Ретката сложност на Европејците беше разнишана единствено од ставот на рускиот

претставник во Атина. Господин Бакметиеф кој во овој случај доследно ја застапуваше

политичката линија на Русија,

"милуваше целата таа блокада да ја претстави како лудост и да го исмее планот кој би довел единствено до набљудување преку дурбини од бродовите на масакрите на островот."

Во суштина трпението на велесилите спрема Османлиското царство и неговите недела врз постојано потчинетото христијанско население е иритирачки недоследно. Како што веќе неколку пати беше потенцирано тоа се должи единствено на взаемната љубомора и завист мегу Европејците - делумно и на внимателноста и недовербата. Од друга страна со значително мала употреба на сила можело во краток период да му се стави крај на турското насилство. (Тогаш Константинопол, како што Русите многупати предложувале, можел да биде соборен заеднички од сите велесили.) Оттаму едноставно не можело да се укаже кога грчкиот крал го искажал мислењето "дека амбасадорите во Константинопол се виновни за одолговлекувањето на решението за критското прашање."427

Руската идеја за меѓународна служба во Константинопол неколку години подоцна Георг ја трансформира на начин кој во 1903 год. при една друга посета на Австрија самиот тој му го објасни на германскиот амбасадор во Внена, грофот Ведел (Wedel):

• "Константинопол со пограничните области (т.е. "морските теснеци") треба да се прогласи за независен град." "Кога јас, во оваа прилика, кажав дека таквите мали државни творби, при било каков конфликт, според искуствата од историјата, најчесто стануваат плен на моќните соседи, Неговото Величество даде непромислена изјава, Америка да се задолжи како заштитник, на што приговорив дека не сум сигурен дали им оди во прилог на европските интереси, во одредена мера и насилно да се расчисти патот за вмешување во тукаш-

ните односи на, и онака активната, трансатлантска земја."428
Колку видовито...

Се исплати да се фрли поглед врз испреплетувањето на интересите на европските
монархии во новата криза на Крит. Данско-грчката династичка лоза која се простираше
низ Европа преку дански, англиски, руски и германски бракови не беше кроена само во
полза на Грција. Амбасадорот Фон Кидерлен, од Копенхаген извести:

"Непосредно откако Русија, се чинеше дека за момент сака да застане на чело на анти-
грчката акција, кралот Георг испрати две итни писма на своите сестри, на руската вдови-
ца-кралица, и на принцезата од Велс, со која беше особено близок. ... Тивкото откажува-
ње, од руската идеја родена во Виена за здружување на велесилите од континентот (про-
тив Грција) беше објаснето во обете писма."430!!

Овој случај докажува дека - поинаку отколку што авторот постави ограничувања на
досегот на монархистичките интервенции во активната владина политика - сепак се до-
несле и важни меѓународни одлуки на големата политика, земајќи ги предвид како вое-
ните така и семејните интереси. Кристално јасен пример за династичките сплетки!

Но сепак: љубовта - или капацитетот - на царот Николај кој, при избувнувањето на
тековниот конфликт беше само две години на царскиот трон, сепак не беше толку голе-
ма, колку што Грците милуваа да ги интерпретираат руските гестови, при што мислеа
дека можат покрај понудениот мал прст, да ја имаат и целата руска рака. Мораше дури и
да се штеди на барањата за пријателски услуги од роднинските дворови. Царот не го
претчувствуваше тоа дека Грците повторно би се впуштиле во воена авантура која ги
повредува меѓународно правните спогодби, - а следствено на тоа не можеше да ги спре-
чи ниту последиците.

На крајот на краиштата не се работеше "само" за горе наведените "осудени" грчки
"дезертери". Поточно во февруари 1897 год. на Крит пристигна официјална грчка експе-

дициска група. Толку голема беше радоста кај данската публика за пристигнувањето
("тука преку кралскиот двор се чувствуваат како да се ородени со 'Елините'"), "но, затоа
разочарувањето од последиците кои ги предизвика нивното пристигнување, беше уште
поголемо".431

Во извештајот на Фон Кидерлен понатаму се вели:

, "Дека според тоа во Санкт Петербург се направени енергични обиди во полза на Грција,
од што би заклучил дека Неговото Величество кралот Кристијан, како што со сигурност
дознав, во сосема доверлив круг се изјаснил дека нему не му било сфатливо тоа што и
рускиот цар му го завртел грбот на кралот Георг и неговата фамилија. Сепак. кралот
Георг е близок роднина на рускиот цар (всушност тој беше чичко на царот Николај, би-
дејќи данската мајка на царот, Марија Ф. (Дагмар) беше сестра на Георг), а принцот дури
и му го спасил животот."430

Но, кој цар би сакал да се присетува на нешто такво!

Последната забелешка се однесува на авантурата која синот на царот среќно ја пре-
живеа благодарение на подготвеноста на неговиот братучед, принцот Георг од Грција,
вториот син на кралот Георг и кралицата Олга, да учествува во заедничкото патување

низ Азија кое и обајцата ги водеше кон Јапонија.431 Патувањето на тогаш 23-годишниот
Николај се случи три години пред смртта на неговиот татко, царот Александар III. Вес-
та за спасувањето на синот на царот од страна на неговиот роднина Георг при еден атен-
тат во Кјото, ширум Европа, а особено во Грција (во Атина за жал беше и јавно објаве-
но) се славеше како јуначко дело,432 кое "испреплете нова гранка околу судбината на
обете крвно сврзани и пријателски тесно поврзани владетелски домови".

Подоцна Вилхелм II од неговите роднини во Лондон чу дека двајцата младичи се
нашле во таква критична состојба само поради "глупавите младешки каранници" на Ге-
орг "Хеленикос" (како што кајзерот, забележувајќи му, го именува деверот на својата
сестра Софија).434 Затоа рускиот аѓутант го испрати наследникот на царскиот трон да
патува сам од Владивосток назад во Петерсбург, додека принцот Георг беше префрлен
со еден руски воен брод до Јокохама и од таму со поштенски брод преку Америка ис-
пратен дома.435

Во секој случај, Георг еднаш го спаси својот руски братучед (кај кого поради болки
во главата мораше да се изврши операција од еден и половина час). Затоа тој, откако по
едногодишно отсуство повторно се врати во Атина беше назначен за "шеф на баталјо-
нот на мобилната одбрана".436

Да се вратиме на Крит.

Откако обидот за посредување на велесилите разочарани од грчката непопустливост
пропадна по пристигнувањето на Крит, бидејќи не можеа да најдат заедничко решение,
Грците добија сила и на почетокот на април 1897 год. преминаа ..., поточно, преку нив-
ната граница влегоа марширајќи на копно и упаднаа во турскиот дел на Тесалија. Десет
дена подоцна Високата порта и објави војна на Грција. Повеќекратните победоносни
битки Турците ги крунисаа со освојување и на грчката Тесалија. Само што се упатија
Турците кон Атина, Грција во мај мораше да моли за примирје.

Дури сега, откако војната беше целосно завршена, конечно стана видлива заштит-
ничката рака на европските роднини над грчкиот кралски двор.

Во меѓувреме во Атина од сите страни фрчеа критики кои претежно се однесуваа на
кралот, бидејќи тој ја подржуваше инвазијата, - иако неговата моќ во однос на моќта на
владата, како што секој знаеше, уште тогаш беше ограничена. Изјави полни критика за
владетелот во Атина доаѓаа дури и од Минхен.437 (За да се разбере позадината за оваа

антипатија потребно е да се потсетиме дека симнувањето на Ото од Вителсбах од тро-
нот крал на Грците во 1862 год., тоа значи по 30 години владеење, многу трговци се вра-
тија во Германија и Австрија и многу грчки сопруги на германски службеници или офи-
цери заминаа за Германија и останаа таму.) Нивното негативно мислење за Георг, кое
не беше единственото, како што извести пратеникот Фон Монтгелас, го достигна својот
врв со критиката дека Георг "мислел единствено на парични добивки", за него биле од-
лучувачки "само личните интереси а не државните."438

Тоа повторно беше само еден дел од вистината.

Напротив кралот не се двоумеше по загубената војна за виновен да го прогласи "обичниот човек" бидејќи тој бил против војната и дека тој - за разлика од Грците - по-
прво се залагал да се прифати автономија за островот.439

За сета несреќа Турците во Тесалија ја поразија и војската на престолонаследникот
Константин. Оттаму грчката кралска фамилија кон крајот на април започна со изготву-
вање планови за евакуација кои впрочем никогаш не се реализираа.440 Кога на 20 мај
примирјето мораше да биде акцептирано, токму на време на грчкиот двор дојде покана
за јубилејните свечености во Лондон, така што принцот Константин не мораше во Ати-

на да се враќа директно од бојното поле, што му даде надеж дека до неговото враќање
во главниот град ќе се смири бранот на лутина.442 Покрај сета безнадежност и резигни-
раност на населението, тоа бездруго мора да се сетило на тоа дека пред војната при со-
одветни поводи наместо вообичените извици на восхит за кралот тоа восхитено извику-
вало: "Да живее војната (lenos)".442

Во својот писмен извештај пратеникот Фон Плесен наведе дека особено разочару-
вачки било однесувањето на престолонаследникот како врховен командант на трупите
и однесувањето на неговиот брат, принцот Николас. Тие

"не покажале воена храброст, енергија и иницијатива во потребната мера и во одлучувач-
ките моменти се воделе повеќе според личните интереси, отколку според оние на воена-
та должност и чест."

Тој додаде дека одредени личности па дури и печатот и понатаму се обидувале да ја
подобрат создадената слика дека "за тоа се виновни околината и придружбата на прин-
цот".443 Така останала надежта дека "овој впечаток ќе се избрише со брзото менување на
општото расположение." Пратеникот понатаму известува дека бегалците од Крит, Теса-
лија и Епир на домородните Грци во Атина многу живо им ја раскажувале бедата на вој-
ната.

"Се шириа вести за одвратни грозни ужаси кои наводно турските обични војници ги извр-
шувале врз христијанското население од Епир и Тесалија."443

Кога на 26.2.1898 год. беше извршен атентат врз кралот и принцезата Марија444 и ко-
га Георг во таа критична ситуација се покажа навистина храбар, атињаните сосема ја за-
боравија војната, а владата, народот и печатот имаа полна уста убави и пофални зборо-
ви за својот крал:

"Овозможувањето финансии за војната, брзото прогласување на принцот Георг за гене-
рален гувернер на Крит, ослободувањето на Тесалија (од Турците) и обновените симпа-
тии на Европа кон Грција се заслуги на кралот, а овие факти докажуваат какво влијание
има истиот тој врз судбината на земјата."445

Ваквите пофалби за кралот воопшто не беа заслужени.

Во позадина се појавува друг доказ за заштитничката сила на прогрчките династии
кој произлегува од условите на мировниот договор во Константинопол склучен на
4.12.1897 година. Во однос на Атина тие беа исклучително меки. Победникот во војната,
Османлиското царство, мораше повторно да ја напушти Тесалија! Како мала отштета

Грција мораше да ги плати штетите од војната и да овозможи неколку регулирања на
границите во Тесалија во полза на Турција. Фикрет Аданир (Fikret Adanir) го цитира из-
ненадувачкиот став на еден англиски историчар:
"Rarely has a victoriys power but put off so little of the fruits of victory;even more rarely has a state
so completly defeated as Greece emerged from war of aggression so lightly penalised "446

Сепак, самоувереноста на Турците како резултат на нивната серија победи толку
многу порасна што во однос на критското прашање се однесуваа особено тврдоглаво.

"Дури откако на 6.9.1898 год. на Кандиа дојде до успешно избувнување на мухамедански-
от фанатизам, при што илјадници христијани беа масакрирани, Султанот конечно го даде
своето одобрување за напуштање на островот и на 29.11. го назначи принцот Георг од Гр-
ција (вториот син на кралот Георг и кралицата Олга) за врховен комесар на Крит, кој
што оттогаш стана држава-вазал на Високата порта и обврзан да плаќа само данок."447

Овој нов триумф на "семејното племе" заслужува особено напоменување бидејќи
прелиминарната одлука за именување на принцот Георг еден ден ќе биде значајна и за

Македонија. "Во секој случај", во време на именувањето на принцот амбасадорот Фон
Кидерлен од Копенхаген извести,

"во Петербург на тоа се ... работи со сите сили."448

Сепак, овој план во приватниот круг на данскиот двор не беше неоспоруван:

"Младите принцови се докажаа во семејниот круг .... но, принцот Георг искрено, сепак, не
би можел на Султанот да му се заколне на верност. За ова еретичко мислење младиот
принц треба навистина да биде прекорен."

Наспроти тоа, нивниот чичко, принцот Ханс фон Гликсбург донесе одлука,

"дека политичките ситуации понекогаш неопходно со себе носат и одредена 'неискре-

ност'.'148

И таткото на принцот Георг, кралот Георг I, во однос на Крит не беше многу загри-

жен. Три години претходно таткото Георг реагираше почуиствително, кога по шушка-
њата за можното откажување на бугарскиот кнез Фердинанд од владеачката позиција
во печатот се водеа дебати околу тоа дали принцот Георг како евентуалсн наследник би
дошол во предвид. Други весници оваа идеа ја сметаа како навреда на грчкиот кралски
двор,

"бидејќи еден грчки принц не може да биде вазал на Турција, а да се потсетиме на тоа де-
ка кога пред изборот на принцот Фердинанд стануваше збор за изготвување на кандида-
турата на принцот Валдемар од Данска, Неговото Величество кралот Георг се изјасни
против кандидатурата на својот брат која земајќи ја в предвид грчко-бугарската спротив-
ставеност на интерсите беше невозможна."449

Дека и ваквите одлуки треба добро да се промислат, може да се заклучи и од страву-
вањето на рускиот амбасадор Муравиев дека принцот Георг "како руски кандидат" би
можел да предизвика негодување кај Султанот.450 Колку многу царот Николај се залага-
ше за оваа одлука се гледа од еден друг потег на партијата роднини: за време на размис-
лувањата во Копснхаген пристигнаа "великата кнегиња Ксенија (Xenia), сестрата на вла-
деачкиот цар на Русија" и великиот кнез Александар Михајлович, за потенцијалниот гу-
вернер на Крит

"да може да му се приклучи на великокнежевскиот пар и под нивно водство за почеток да
се обрати до рускиот двор ...". "Кога принцот се упати кон Петерсбург, очигледно Нејзи-

ното Величество кралицата-вдовица на Русија (данската мајка на царот и тетка на гувер-
нерскиот кандидат принцот Георг) го подготвила теренот доволно добро за пред Негово-
то Величество, царот Николај да ја искористи нејзината последна карта со личното поја-
вување на "спасителот на неговиот живот'."451

Фактот дека мајката на грчката кралица Олга, а според тоа и баба на претендентот

за Крит, "не беше согласна"452 со неговата кандидатура, како и воопшто "со грчката по-
литика", не го олесни решението на царот Николај, но покажа колку далекусежни беа
семејните интереси и колку се трудеа во политичките прилики да го привлечат внима-
нието врз себе.

Така одлуката се провлекуваше до крајот на годината. Дури од февруари 1899 год.
принцот Георг можеше да се смести на Крит како врховен комесар на велесилите и да ја
извршува владеачката должност на Крит. Всушност неговиот аѓутант подоцна, по повод
посетата на принцот на Рим, на германскиот амбасадор грофот Ведел му даде "прилич-
но неутешителен опис на нивната егзистенција на Кандиа".453 На очигледното прашање
на амбасадорот, "зошто принцот не се ожени", аѓутантот одговори сосема отворено, "де-
ка поради религијата за него не можело да се најде соодветна принцеза." (Од еден по-

доцнежен текст станува јасно: за Георг "поради одредени склоности, се претпоставувало
дека никогаш нема да се ожени."454)

Што се не ќе измислат луѓето!Подоцна во 1907 Георг ги отфрли овие лажни гласини и сепак се ожени - дури и во некоја мера недозволено (и со други обврзни про-
пратни појави). (Види 2.3.9.2)

Како што беше вообичаено со руските мамички, кралицата Олга секако дека сака-

ше да го посети својот син во неговата нова функција - но, не сфатена како резултат на
нејзините обиди.455 Од обзир кон Султанот до средбата најпрво требаше да дојде на друг
остров, т.е. на грчко тло. Нејзината храброст (или лекомисленост?) и покрај се да отпа-
тува на Крит, кај тамошното население предизвика изрази на одушевување: "Да живее
нашата кралица; да живее нашата мајка."456(Подвлечено во оригинал.)

Во приватната преписка до државниот министер во Министерството за надворешни
работи пратеникот ц. Д. фон Винклер (z D. von Winckler) претпоставил дека аспирации-
те на принцот Георг и на Критјаниге

"се однесувале на создавање самостојно кнежество Крит ... а не на припојување ... кон Гр-
ција", бидејќи, како што сметаше тој, Критјаните "со оглед на бедната финансиска по-
ложба на Грција не изразувале голема желба да ги почувствуваат благодетите на грчкиот
владеачки и службен систем".457 Пратеникот призна дека "принцот Георг сигурно бил
многу лојален за да прави сплетки против својот брат и да го протера од тронот",

но Критјаните и Англичаните (неговите информации потекнуваат од извесен госпо-
дин Едвард Лоу (Sir Edward Low)) би го избрале него. Англичаните беа отворени дека на
Крит не го сакаат принцот Константин, бидејќи тој

"не изгледа како послушна играчка, каква ... што всушност е сегашниот крал, и каква
што очекуваат да биде принцот Георг."457 Принцот Георг во своето длабоко внатрешно
битие е тип на руски велики кнез со глазура на Англичанец".

Така тој од секогаш знаел да се умилкува како кај руските така и кај англиските род-
нини и "се движеше те по англиски те по руски курс ..., во зависност од тоа што му изгле-
даше во моментот корисно." (Приватни службени преписки, стр. 8) Потоа Фон Винклер
направи споредба со "целосно безкарактерниот ... крал" кој постојано мислеше само на
сопствената предност и на личната удобност". (стр. 5 и 6)

Наспроти тоа престолонаследникот Константин

"во своето целосно битие и своето духовно богатство беше германски: во време на тешка
беда ... стана сериозен човек кој беше облагороден со најдобра волја и вредно се трудеше
својата сила уште сега да ја употреби за општото добро." (стр. 6) Тој покажа "најголем
интерес за воените настани" исто така и за "останатите области на државниот живот, и,
потпирајќи се врз неговите германски образовни навики, непрестајно беше зафатен со
неговото понатамошно дообразување. Поради неговото практично мислење му беше јас-
но како ден дека никаде во целост нема подобар јавен живот од оној во Германија". "Во
секоја прилика се забележуваше ..., колку е тој одлучен, за тоа подоцна како владетел да
ја изрази неговата личност. Токму ова е она што го прави толку несимпатичен кај англис-
ките политичари." (стр. 7)"... пред се бидејќи (тие) позади него како визија го гледаат ли-
кот на германскиот кајзер." (стр.8)

Оваа пофалба на некои им изгледа како знак на претерано одушевување, особено за-
тоа што престолонаследникот Константин не беше син на Софија од Прусија, туку нејзин
сопруг. Сепак, неговата мајка Олга беше ќерка на великиот кнез Константин кој како и
неговиот брат Александар II, исто така беше син на царот Николај; а Николај I, како што
беше познато, беше оженет со Шарлота, принцезата од Прусија. Според тоа Олга имаше
пруска баба а со тоа нејзиниот син (нејзините синови) пруска прабаба. (Забелешка: од Ка-

тарина Велика сите следни цареви - цар Павле дури двапати - беа мажени со Германки,

со исклучок на цар Александар III кој беше оженет со данската принцеза Дагмар.)

Во врска со грчко-турската војна за Крит и Тесалија во годините 1896 и 1897 тод.,
треба да се напомене уште и тоа дека Грција се надеваше дека Србија и Бугарија ќе по-

брзаат да и помогнат, со што ќе ги нападнат Турците од зад грб.458 Но, како што погоре
во соодветните делови веќе беше разгледано, велесилите тоа го спречиле.

Како последица на тоа премиерот Делијанис во својот орган на партијата' "Праја"
("Praia") напиша:

• "На Турција по успесите кои таа ги имаше над Грција, гордоста толку многу и порасна

што и Бугарите и Србите" многу скоро би можеле да видат колку е тешко да се добие се-
га нешто од Турција. Колку беа исфрустрирани Грците покажува повикот на Делијанис
во неговиот весник за "најјака врска на христијанските балкански држави, во најмала ра-
ка на Грција, Бугарија и Србија".459

Сигурно положбата била невообичено тешка штом Грците, свесни дека се гласного-
ворници на елинизмот и дека и припаѓаат на единствено верната православна црква, се-
пак се одлучиле на тоа да се заколнат на поврзаност на христијанството со потценетите
Словени. Во однос на т.н. христијанско заедништво познатата англиска експертка за
Балканот, Едит Дурхам која беше дури и од британското Министерство за надворешни
работи и од други влади прашана за совет, ги собираше своите искуства на многу-
бројните патувања во текот на многуте години на почетокот на XX век и ги претопи во
една реченица:

"Ниту еден балкански народ никогаш не сакал да ги ослободи своите "христијански бра-
ќа", доколку не постоеле изгледи да ги анектира."460

Уништувачка оцена на една христијанка за христијанските народи на Балканот.

Веќе беше споменато дека "Фигаро" во 1897 год. направи интервју со српски и бугар-
ски политичари. Српскиот премиер Симич потврдил дека Србите "за поразот на Грците
почувствувале вистинска и длабока жал. "Исто така било објаснето дека Србија и Буга-
рија не можеле да понудат помош, бидејќи морале да се потчинат на "официјални наред-

би". Симич: "Се разбира,кога човек не е доволно силен за да може да се спротивстави,
тој тогаш мора да биде послушен." Симич сепак не исклучи заедничка акција со Грција
во иднина.

"Секако Грција мора да се откаже од таквата храбра и неумешна политика која како пос-
ледица нема да даде поинаков резултат од тоа сите Словсни да се обединат против Грци-
ја "461

Ако Грција се откаже од претензиите (кон Македонија) кои беа очигледно смешни
(меѓу другото поради недостаток на било каква јазична сличност), би можело да се нап-
рави спогодба. "Сепак, се уште сме многу далеку од некаква алијанса."

Всушност: само 15 години. Но, времето се ближеше,

Како продолжение на дипломатијата на неговиот татко, која почиваше врз принци-
пот на посети, гувернерот од Крит, принцот Георг летото 1903 год. се упати кон Копен-
хаген, Лондон (за да "воспостави врски"462 со сопругот на неговата тетка Александра, кој
веќе две години како Едвард VII беше крал на Велика Британија) и кон Санкт Петер-
бург за "да дојде до согласност"462 со неговиот братучед, царот Николај II. Резултатите
веднаш се дознаа во еден копенхагенски весник. Амбасадорот принц Рojc две недели по-

доцна го цитира "Политикен" ("Politken") кој

"упати мошне позитивна критика за дејноста на генералниот комесар на велесилите на
Крит."463

Пофален е неговиот лојален однос кон Грците, христијанските Критјани и Турците,
при што неговата мисија е временски ограничена и "не би го попречувал патот до брзо-
то приклучување на островот кон Грција. "Тој ја смета својата задача извршена. Сега

принцот планира да отпатува за Дармштат на свадбата на неговиот брат Андреас со
принцезата Викторија Алис фон Батенберг464 (нов пример за избалансирана политика
на браковите, откако претходната година неговиот постар брат Николај се ожени со ве-
ликата кнегиња Елена Владимирнова465), каде тој "ќе се сретне со моќните владетели на
Германија и Русија". Од забелешките на Вилхелм извира мала доза на горчина: "Не, си-
гурно не со мене," - но можеби тоа беше само импулсивна лутина, бидејќи веста веќе се
наоѓаше во весникот, иако тој воопшто не беше прашан. Потоа следи одлучувачката
крајна реченица во статијата која дури и денес, по речиси 100 години, звучи како вистин-
ско просветлување:

"Кој знае дали наскоро и Македонија, како Крит некогаш, ќе мора задолжително да има

искусен генерален комесар."

Тогаш кајзерот навистина се налути и запиша на крајот: "Не, тоа нема да го дозво-
дам. Тоа би било улична кражба."466

Кајзерот веднаш го прочитал овој грчко-дански-руско-англиски трик и соодветно ка-
ко правно така и морално беспрекорно го расветлнл. Што се однесува до ова тој имал
политички инстинкт, навремено да го спречи забивањето на ножот. но, не е ли Вилхелм
премногу добродушен [да си приушти карактеристика која распарчената слика за лич-
ност од XX век не му ја дозволуваше], за вистински да додржи неговиот оправдано одби-
вачки став, кога неговата сакана сестра Софија моли за нејзиниот девер?

Еден ден, судбината на Македонија ќе зависи токму од ова заклучно прашање ! По-
доцна околу тоа. (Види поглавје 5)

За денешните Македонци останува горкото сознание дека, додека нивните предци
кои се залагале за независност и во она славно Илинденско востание во август 1903 год.
(значи пред точно 100 години) ги дале своите животи во борбата против турските трупи,

како и против бугарските, српските и грчките, во истото тоа време на свадбените трпе-
зи се тргувало и ценкало со нејзината судбина и се одлучувало.

Само еден месец подоцна како продолжение на династичките спогодби пред очите
на светската јавност беше одиграна следнава театарска лакрдија:

"Англиската влада (треба) кај кралот на Грција да се информира ..., дали Тој има предвид
кандидатура на принцот Георг како генерален гувернер на Македонија."

И сега следи генијалниот драматуршки потег на вештите актери и режисери:

"Како кралот така и принцот Георг", така цитираат атинските весници од бриселскиот
"Пети Опсерватер" ("Petit Opservateur"), "одбиле."(!)

Ова беше втората будалаштина, но, третата следи веднаш:

"Неговото Величество објаснил дека тој евентуалнв би можел да го прифати принцот
Николај кој како последица на неговата женидба, кај царот на Русија беше persona gratia."

И конечно, за време на едно умилкувачко поклонување на малата Грција пред запад-
ните моќници се чу звукот на трубата - и тоа најгласно што можеше. за моќниците да не
можат да слушнат како малиот крал злобно се смее поради својата дрскост:

—Ханс Лотар Штепан—

"Сепак, Русија, Австрија и Турција морале претходно да ја дадат својата согласност за
еден ваков проект."

Кому уште му беше грижа за тоа дека "Бугарите упорно се борат против кандидату-
рата на принцот Николај".467

А Македонците и онака немаа време да протестираат - тие се бореа за својата слобо-
да и за својот живот.

Кога кралот Георг I уште истата година повторно започна со неговите патувања со

посети, по навика во својатата тура повторно ја вклучи и Виена. Во еден разговор во но-
ември 1903 год. со амбасадорот гроф Ведел тој се пожали дека во 1885 год. Бугарија без
да биде казнета ја окупира (источна) Румелија и можеше да ја припои, "а по однос на
критското прашање веднаш настапи европската интервенција". Интересно, во неговите
следни објаснувања на грчкиот крал му излета еден вид признание:

Што се однесува до Македонија, Бугарите оставаат впечаток, "како само тие да има-
ат полно право за стремеж кон Македонија"; и иако прстходно многу често се велеше
дека целата Македонија била населена со Грци, ТОЈ сега додаде.,

"дека сепак, грчкиот елемент во крајбрежните области и во поединечните градови во вна-
трешноста, како на пример во Монастир (Битола), преовладува далеку посилно.'"*68

Со тоа Георг, донекаде, се приближи многу блиску до вистината.

Наспроти ова во тогашна Грција пропагандната машинерија во однос на Македонија
работеше со полна пареа, бидејќи по толку долго време и по толку многу крвопролева-
ње се уште не беше дојдено до спојување на Грција со Крит. Пратеникот Фон Ратибор
(von Ratibor) ова го демонстрираше многу живо со следниов пример: на почетокот на ја-
нуари 1904 год. грчката кралска фамилија во целост се собра во Атина за православната
божикна прослава, вклучувајќи ја и ќерката Марија со рускиот велики кнез Георг Ми-
хајлович и синот Андреас оженет во октомври 1903 год. со германската принцеза Вик-
торија Алис фон Батенберг. Очигледното масовно учество на населението во свечени-
от прием за последно наведениот пар (дело во слава на бога во катедралата) Фон Рати-
бор го обајсни со терминот "опасна конкуренција":

"Имено на истиот ден од своето големо патување воАтина се врати и професорот Каза-
зис. Овдшевените Елини во рој се впуштија кон него со развеани знамиња и со восклик.
Коњите на неговата кочија беа ослободени и здаменети со студенти и со еден поп ... Сека-

ко, од (неговиот) балкон славеникот одржа говор кој заврши отприлика со зборовите'.
'Доволно беа разменувани зборови! Со перо и мастило ништо практично не може да се
постигне за Македонија. Потребни се дела, сериозни, успешни дела!"469

Националната хистерија не се разгори само на грчкото тло, туку и на островот Крит.
Таа имаше неочекувани последици - во секој случај што се однесува до владетелот на
Крит. Бидејќи агитирањето за обединување на Крит со земјата-мајка не спласнуваше (и
кога ретроградно ќе се погледне главниот агитатор Веннзелос, тоа не е ни чудо), бидеј-
ќи ослободувачките комитети, за разлика од велесилите и (присилената) официјална
Грција не сакаа да чекаат да созреат условите, принцот Георг отстапи од неговата служ-
ба како гувернер. Англичаните жалеа за овој чекор, бидејќи изгледа дека принцот им
служеше повеќе како инструмент да го спроведат нивниот стар план, со кој тие веќе
долго посакуваа кон својата империја чувана од морето да го вклучат и Крит заедно со
неговото идеално пристаниште. Со наследникот на Георг, Заимис британските шанси за
анексија на Крит навистина потонаа.

Сепак, според извештајот на пратеникот Фон Билов (von Below), на нивната наводна
марионета, принцот Георг со голема мака му успеало,

"како бегалец да помине низ задната врата на неговата куќа во Халепа и со брод да се
упати кон Пирej. Може слободно да се каже дека во тоа време принцот со тешки маки и
врски се пресели на Крит за сега по осумгодишно речиси успешно работење разочаран и
огорчен, навистина со грчки оклопен воен брод, да се врати назад на пристаништето во
својата татковина. Тука се крие голема трагика. особено ако се знае дека принцот на сво-
јата маса веќе ја имаше програмата, според која тој по среќното припојување на островот
со Грција сакаше да се врати во Атина крунисан со слава и да го положи критското зана-

ме пред нозете на својот кралски татко.'"470-с

Во основа, принцот Георг на Крит, исто како и неговиот татко, не пропадна поради
лошо однесување или поради Критјаните, туку, како што тоа кралот го изјави во "најин-
тимниот круг на кралската фамилија, поради "ставот на силите на Крит". Четирите сили
го измамиле. И Англија и Русија (тој ја набројa и Италија) покажувале "секоја за себе
аспирации за Суда Бej" на Крит.471 Ниту тој, ниту Грција не можела да се спротивстави
на овие надмоќни интереси.

Всушност: дури и роднинските врски се безвредни доколку роднините ги имаат исти-
те поседнички и владеачки аспирации и ги кова истите планови за анексија, како и
нивниот штитеник. Во тој случај при застапувањето на интересите важи само правото
на опстанок, правото на појакиот.

Една остроумна забелешка:

Пролетта 1903 год. Султанот ги изненади Грците доделувајќи му висок орден на грч-
киот крал, на престолонаследникот и на премиерот Делијанис. И овој гест индирехтно
имаше некаква врска со Македонија.

Во Грција, во време на одново разгорените востанија, се рашири чувството дека тоа
би можело да доведе до "компликации во Македонија и ... конфликт со Турција".

"Се чувствува дека при ликвидација на турското владеење во Европа што се гледа во зад-
нината на немирите избувнати во Македонија, Грција во состојба на воена инфериорност
и финансиска слабост, како сегашнава, не би имала никакво право на збор и дека се пла-
ши од решение кое не би соодветствувало на желбите и соништата на народот. Единстве-
но овој страв ги принудува Грците да бидат смирени и кон Турција да се однесуваат што е
можно најкоректно."472

Овој случај покажува со колкава иронија историјата може нешто да потенцира. "Со

доделувањето на ордените" Султанот сакаше да го награди грчкото примерно однесува-
ње, иако Грците останаа мирни само поради присила и ни кајмалку не отстапија од нив-
ниот план,

"во иднина да ги придобијат не само провинциите на турското царство..;, туку и повторно
да ја издигнат Византиската Империја." (исто)

Единствено времето на новите немири во Македонија не им беше поволно за напад
на Турција, бидејќи за нивното вооружување им беа потребни уште неколку години.

За само 18 месеци добрите турско-грчки односи се искачија неочекувано високо така
што започнаа да кружат гласини за можна "турско-грчка алијанса". Тоа не го изиритира
пратеникот во Атина, Фон Билов, туку тој претпостави

"дека тие гласини биле лансирани од господинот Грипарис од Константинопол за да ја
заплаши Бугарија, а можеби и Романија."

Тој впрочем не сакаше и сосема да исклучи

"дека тука со вообичено преценување на сопствената сила се пристапило до Високата
порта со понуда за алијанса; но, сепак, во Константпнопол биле премногу добро инфор-
мирани за воената немоќ на Грција и на вода и на копно за таквата понуда да не ја оценат
според нејзината вистинска вредност,... со мотивацнја дека не би можело сериозно да се
размислува околу тоа да се соединат со еден народ, чија несигурност била добро позната
уште од дамнешни времиња."473

13.9.1 Подетаљни историски информации (4):
Георг и понатаму работи на надворешно-политичките односи на Грција

Неколку податоци ќе го докажат овој наслов. Во последната година на XIX век Ге-

орг повторно се врати од неговиот летен одмор дури на есен.474

Неговите планови за 1903 год. горе веќе беа наведени; тие не ја спречија кралицата
Олга да си ја посети својата сопствена татковина.475

Во 1905 год. на дворот имаше висока посета. По помирувањето со сестрата Софија и
по посетата на грчкиот крал во Берлин, Вилхелм II повторно отпатува на Крф (каде тој
како одморалиште си го купи познатиот Ахилејон), посета од која тој беше многу задо-
волен.476 Овој пат. Бидејќи од 1891 год. постои една забелешка, во која тој се жалеше на
"лошиот прием за нас пред две години".477 Кајзерот значи не беше непопустлив, - но, и не
го премолче тоа.

Дали Вилхелм II воопшто и не забележал дека започнал да се провлекува не само
лично-фамилијарно туку и политички во балканските, а особено во грчките работи, т.е.
да го направи токму она, за што Бизмарк со добра причина го предупредил? Но, крвта
не е вода. .
Дипломатијата на грчкиот кралски двор заснована врз посети не остана едностра на;

секако,дека во патувачите посети беа вклучени и останатите членови на фамилијата.

-- Во летото 1905 год. престолонаследникот Константин и сопругата Софија напра-
вија починка во Лондон, за што извести амбасадорот Фон Метерних.478

-- Есента принцот Николај и великата кнегиња Елена на пат кон Санкт Петербург
како и кон Германија, Франција и Англија застанаа и во Константинопол и таму беа
примени од Султанот.479 Тоа не се случи без повод. Според она што великиот везир му
рече на германскиот пратеник, нему му беше јасно

"дека од тоа грчкиот печат ќе присобере капитал за да покаже дека турско-грчките одно-
си и покрај грчките движења на групи упатени против Бугарите и Власите во Македони-
ја, сепак, сега биле многу блиски."480

Режијата на кралот предизвикува извесно одушевување: есента 1905 год., пред да
продолжи со патувањето кон Франција и Велика Британија тој повторно во Потсдам
беше примен од кајзерот и во Берлин од премиерот (Фон Билов).481""Месажер д'Атан
во својот дневен печат релативно воздржано извести за задоволството на грчкиот народ
во однос на овој неодамнешен знак на наклонетост на кајзерот, но, весникот веднаш за-
даде и удар, со што .

"укажа на правата и аслирациите на елинизмот" "кои ги пречставуваше владетелот на Грција".482

Бизмарк ..., повторно тој Бизмарк! - Тој му недостигаше на емоционалниот Вилхелм,
а и недостигаше и на емоционалната Германија. Очигледно беше единствениот кој мо-
жеше да ги предвиди последиците од грчките интриги и со тоа да им стави граници.

Пред неговото враќање дома Георг - не е ни чудо - повторно направи мал излет до
Виена, каде разговараше како со царот Франц Јозеф така и со министерот за надвореш-
ни работи грофот Голуховски (Goluchowski). Непосредно по тоа, во соодветниот извеш-

тај од неговиот Tour d'horizon со амбасадорот грофот Ведел стојат две забелешки на
кралот околу Македонија, за кои кралот Георг не ни претчувствувал дека тие речиси
100 години подоцна ќе имаат важно место во документацијата за Република Македонија
и занејзината (пра)историја:

1). Георг се жалел,

"дека Романија ... во Македонија жртвувала голема сума за училишта и цркви и дека со
тоа. сепак, нема да постигне многу, додека тамошната акција за грцизирање е потпомог-
ната само со приватни средства."483

Да се тргне од тоа дека грофот Ведел неговото тврдење за само "приватните средс-
тва" не го земал здраво за готово, сепак, да се чуе признавање за постоење "акции за гр-
цизирање"во Македонија од кралска уста е вистинска реткост.

Но, тоа не е се: на друго место збор зеде Едит Дурхам која беше лута за тоа дека христијаните од различните соседни држави од шовинистички побуди взаемно се напа-
ѓаат од зад грб. Ако некому не му е доволна оценката на овој познавач на Балканот,
тука ќе најде кралска потврда за оние нечуени збиднувања.

2). Амбасадорот понатаму известува:

"Во текот на разговорот беа наведени и тенденциите на различните групи во Македонија
.... при што јас укажав на тоа дека христијаните таму взаемно се масакрираат. Досега пос-
тојано се тврдеше дека борбата е упатена против Турците и доколку тие некогаш се про-
тураат тогаш меѓу ослободените христијански народи ќе зацарува само среќа и хармони-
ја. Но, сега се покажа дека христијаните меѓу себе се борат и дека турскиот елемент го
репрезентира редот и е олицетворение на мирниот центар.""483

Конечно освежувачки јасен збор од искусен човек.

На тоа кралот на Елините рече дека:

"... за жал сето тоа било вистина, а како христијанин би морал да се срами за збиднувања-
та во Македонија."

•Сепак овој заснован срам не го спречи Георг по нужното разлевање на неговите кро-
кодилски солзи систематски поинтензивно да продолжн со грчките експанзионистички
планови во Македонија.

•SЌ

, Следната година, 1906, веќе на пролет, Георг од Атина тргна на пат за Копенхаген и
повторно застана во Виена, каде ги продолжи традиционалните разговори со австриски-
те политичари.484 Причината за неговиот невообичаено преран старт на летниот одмор

се откри веднаш штом се дозна со кого се сретнал Георг во куќата на неговите родите-
ли: со Вилхелм II.

За средба со германскиот кајзер нему му се исплатеше и најзаморното патување од
јужната граница на Европа па се до северот. Георг си имал свои причини. Никому не му
е тешко нив да си ги претстави најпрецизно.
Негација на тврдењето дека пролетното патување на Георг всушност беше забрзан
почеток на летниот одмор се наоѓа во изготвените известија од есента 1906 год., кога
Георг го започна своето вистинско патување по повод годишниот одмор. Оттаму следи
дека за Копенхаген тој всушност отдатувал "само" поради кајзерот Видхелм! А тоа не го
направил без причина ...

Грчкиот крал знаеше да одреди што има приоритет. Есента тој отпатува за Франција
и Италија. Од извештајот на амбасадата во Париз, каде Георг I се сретна со премиерот
Клеменсо (Clemencau), се дознава интересен детаљ за тесните врски на премиерот со
Грција:

"Клеменсо е многу популарен во Грција ... Како уредник на "Аурора" ("Aurora") тој пов-
торно го помина својот одмор во Грција и на Крит и за ова патување објави голем број
одушевувачки филелинистички статии."485

Како што е познато личните врски можат значително да ги олеснат политичките

разговори.

Што се однесува до патувањето на Георг кон Рим, самата посета беше чисто прото-

коларна.

"На Италија ... не и беше симпатична немирната политика на малата земја (Грција). По-
натаму, (досегашната) неостварената посета на грчкиот крал се сметаше како недостаток

на учтивост. Неговото Величество, кралот Виктор Емануел (Victor Emanuel) како принц
повеќе пати бил најавуван на грчкиот двор, но, кралот Георг никогаш не се потрудил за
време на неговите редовни есенски враќања дома преку Трст да направи мал излет до Рим."

Политичкиот став на Рим беше од посериозна природа:

"Во Рим се сака автономијата на Албанија да се спроведе со истовремено проширување
со области, кон кои Грција тежнее."486

Секако, тоа за Атина беше сосема неприфатливо, пред се бидејќи Грците претчувс-
твуваа дека Италијанците не се грижеа за доброто на Албанија, туку за нивните сопс-
твени експанзионистички планови од онаа страна на Јадранот. И во Грција се уште не
беше заборавена забелешката на италијанскиот пратеник околу етничкиот состав на
грчкиот народ. (Види под 2.3.0) И покрај се, тонот на италијанскиот печат беше прија-
телски. Единствено "Турниер Стампа" ("Turnier Stampa") излезе од рамките, бидејќи

"во нејзината поздравна статија пред доаѓањето на гостинот во Рим, италијанскиот про-
фет на националниот весник Кирмени (Cirmeni!) му префрли на кралот тоа што Виена ја

посетил пред да го посети Рим."

Очиледно тоа било неподнослива навреда за италијанската национална чест. Амбасадорот Фон Монтс (von Monts) го цитира понатаму сињор Кирмени: "Оттаму тој

требало подобро да заборави на Неговата италијанска посета."487 Во политиката има су-
рови обичаи.

Но, ваквите испади, како и по обичај, воопшто не го засегнаа Георг.
Сосема е јасно дека темата бр. 1 повторно се најде на дневен ред. Но, бидејќи уште

пред самата посета

"во политичките кругови ... честопати се претпоставуваше дека кралот Георг сака да соз-
даде поволни услови ... за анексија на Крит т.е. истата директно да ја побара",

министерот за надворешни работи повеќе сакаше целата посета да ја дефинира само
како чин на куртоазија. Но, "претставниците на балканските мали држави" не се приклу-
чија кон оваа "куртоазија":

"Српскиот пратеник е службено во Виена. Романецот најде изговор за некакво патување
и уште вчера на Пинчио се покажа во отворена кочија. Многу силниот Бугарин наеднаш
се разболе ..."487 .
Интересите на сите овие држави беа речиси идентично вперени кон Македонија. Та-
ка грчките активности постојано им беа трн во око. Нивните заеднички нешта тие ги
откриј случајно дури во предвечерието на Балканските војни: во Балканскиот сојуз, - и
тоа единствено со странска помош!

До тогаш требаше да поминат отприлика уште пет години ...
Во извештајот на амбасадорот за кралот се вели:

"Неговото Величество кралот Георг се однесува многу едноставно и природно, инаку, ка-
ко што се вели тука, високиот господар не би бил Грк."

Сепак, однесувањето на Георг оставило толку длабок впечаток што амбасадорот Фон Монтс и во неговиот следен извештај го цитира министерот Титони (Tittoni):

"Неговиот скромен настап беше далеку понапред од оној на сите Грци тука познати."488

Во доверлив разговор амбасадорот дозна од министерот дека Георг впрочем, како
што и претходно се стравуваше,"во разговорот ја вовел" ... желбата на Грците за "ско-
решна анексија на островот". Сепак, на грчкиот крал му било одговорено дека ова пра-
шање не

"зависи само од т.н. четири заштитнички сили, туку и од сите потписнички на Берлин-
скиот договор. Но, во скутот на моќниците се добива сеопфатен преглед за ориенталните

нешта, и не би било можно само Крит да се потенцира. Задоволувањето на грчките жел-
би би разбудило толку многу други барања и аспирации што како последица би предизви-
кало најсериозни компликации на Балканот."488

Бидејќи овие детали не и беа познати на јавноста, римскиот печат, како што извести
"Теглихе Рундшау" ("Taligche Rundscau "), се концентрира на прашањето дали грчкиот
крал ќе го посети и Ватикан. Георг беше сосема подготвен да и удоволи на италијан-
ската влада, а со тоа и Ватикан да не може да му префрли на квириналот дека "избег-
нал" ваква посета. И Георг во Венеција еднаш го запознал папата. А нему му беше мно-
гу важно кралот во никој случај да не се појави во фрак, што Георг со најголемо задо-
волство го носеше, туку во униформа, значи исто како што пристигнал во Рим за во кви-
риналот да му се поклони на кралот.

Од друга страна Георг не сакаше

"да го повреди ... религиозното чувство на неговите потчинети, непријателски настроени

_ кон папата и со тоа надворешно, со облека да го потенцира и својот п р и в а т е н ка-
карактер."

Тој од слични причини, како што потврди и "Кориере дела Сера" ("Corriere de la serra"),

"во тоа време како единствен кнез одбил на Л е о X III да му го честита него-
виот јубилеј 489

Се чинеше дека "посетата ... ќе пропадне по 'прашањето на кројката'". Овој став на
Ватикан весникот го опиша како "лудост на сувереноста и ... вообразеност", но, во тоа
време Ватикан потсети на тоа дека дури и кралот Едвард се појавил во униформа на ге-
нерал. Но, бидејќи тој од друга страна ја познаваше тврдоглавоста на грчкиот крал, не
му остана ништо друго туку само да се предаде.
. , , Тој не се откажуваше ... со задоволство... одеден'крал'. Па,така гоприми во фрак."489

Впрочем кралот Виктор Емануел оваа посета ја возврати само половина година по-,
доцна со неговата визита во Атина,490 - поранешна колонија на неговите предци (бидејќи
неговата татковина и Сицилија пред многу, многу години беа колонизирани од страна
на Грците).

(Речиси и не е неопходно од дворскиот извештај за 1906 год. да се дополни дека прес-
толо наследникот Константин и принцезата Софија летото исто така го направиле за-
должителното патување кон Франција, Англија и Германија.491)

2.3.9.2 Подетаљни историски информации (5):

Грчкиот крал ја комплетира неговата династичка мрежа (Париз)

Колку е добро што порано често го имало (според сопственото признание: и од авто-
рот) негативниот "дворски извештај". Така и на денешниот свет му е познато какви па-
тувачки дејности негувала грчката кралска фамилија во летото 1907 година.492

—Ханс Лотар Штепан —-

Георг го започна своето вообичаено патување. Олга со нејзината - руска - снаа Еле-
на (преку Виена: за лекарска консултација) замина, секако, за Санкт Петербург. Кон-
сгантин и фамилијата отпатуваа преку Англија - се разбира исто така - кон Германија.

Принцот Андреас со неговата Алис фон Батенберг се зададе кон Дармштад. За овој

пар (со мало хронолошко задоцнување) се наведува еден извештај, не само затоа што
пратеникот Фон Ратибор напишал еден толку трогателен текст за овој млад пар, туку
бидејќи со него станаа достапни и други видици во земјата на Грците (ако не се земат
предвид човечките карактеристики) кои конечно ја отворија темата за подетаљни исто-
риски информации. Фон Ратибор пишува: '

"Доколку на едно женско битие кое го следи својот љубен маж во туѓина, му се постави
задача со цела душа да и припаѓа на нацијата на својот сопруг, тоа е секако разбирливо.
За принцезата Алис од Грција ќе беше многу полесно да го почитуваше овој основен за-
кон отколку да не ја видеше Грција се до свечениот почеток со нејзиниот сопруг во Ати-
на и секако претходно никогаш да немаше прилика да ги запознае Грците одблизу. Од
моментот на нејзината свршувачка Нејзиното Кралско Височество се посвети на студи-
рањето на грчкиот јазик, а тоа што принцот Андреас не се врати повторно во Германија
(во хесишкиот регимент на лесна коњаница) треба да се припише на нејзиното влијание.
Ќе беше пожелно за принцезата Алис која овде дојде со идеални претстави за раскошот
на класичната земја и за извонредните особини на нејзините жители, да не се разочара-
ше. Самиот дневен живот не беше идеал за егзистенцијата на еден млад брачен пар. Би-
дејќи принцот и принцезата нема да имаат свој сопствен дом, туку ќе живеат во неколку
соби од замокот и ќе бидат зависни од Неговото Величество кралот, кој во фамилнјата е
тиранин."493

Текстот предизвикува дополнително внимание бидејќи од забелешките на Вилхелм
II станува јасно дека и покрај веќе долго време успешното помирување со неговата сес-
тра Софија, сепак, во него се уште се крие болката од горчливото искуство и затоа на

местото "со цела душа да и припаѓа на нацијата на својот сопруг"ставил една од неговите
забелешки:

"Тоа го прават само германските принцези и тоа најмногу на штета на нивната дотогаш-
на татковина." (На оваа забелешка ќе се вратиме уште еднаш во 5 поглавје.)

Во горе наведената листа од "дворскиот извештај".недостига едно патување и пред се
исходот од тоа патување кој на грчкиот кралски двор, како и на целиот грчки народ

уште одамна им беше многу важна желба.

Имено, се воспостави врска меѓу принцот Георг и француската принцеза Мари Бо-
напарт (Marie Bonaparte), а со тоа Атина конечно можеше да ја пополни дупката во ди-
настичката мрежа ширум Европа која за неа - како и за Франција - долго време претста-
вуваше чувствителна рана. Откако принцот Георг во јуни 1907 год. од Париз отпатува за
Копенхаген потенцијалниот тест испрати до печатот дури и една белешка, "дека сега за
сега не станува збор за оваа свадба", иако брачниот проект беше "енергично воден" ток-
му од него.494 (Спореди 2.3.9) Од друга страна "моќните влијанија" работеа против оваа
идеја: "Пред се ова беше речено од кралот на Англија."494 Не е можно? Сепак, тоа беше
сопругата на Едвард VII (англиски крал од 1901 год.), т.е. Александра, сестрата на кра-
лот Георг, тетка на принцот Георг, уште пострашно неговата омилена тетка! (Дали тоа
беше причина за нивната посета на Атина во мај истата година?495 И зошто овој отпор?

Објаснувањето е многу едноставно: невестата беше единственото дете на принцот
Роланд (Roland) од неговиот морганатски брак со "ќерката на лихварот Бланк (Blanc)".

На грчкиот двор "навистина се преминало ... преку можноста за повлекување од една
ваква врска". Затоа во извештајот стои едно релативно расветлувачко обајснување:

"Младата дама, независно од имотот на таткото, треба да поседува сопствен имот во вред-
ност од 15-20 милиони франци."496

Значи, свршувачката се одржа во септември истата година.

Сепак, една идна снаа, сопругата на братот на Георг, Николај, великата кнегиња Елена се осмели да ја признае принцезата Мари Бонапарт.

"Затоа принцот Николај размислувал околу идејата за преселба во Русија и за преминува-
ње во руската воена служба."497

Преку ваквите благородни скрупули преостанатата грчка кралска фамилија преми-
на многу великодушно: свадбата со католичката невеста се одржа на 29.11/12.12.1907
година. Таа всушност, како што извести пратеникот Фон Арко (von Arco), требало да се
прослави во Париз.

"Но, бидејќи папската служба бараше писмено ветување за (католичко) воспитување на
потомството, оваа идеја отпадна. Венчавката се одржа по грчко-православни верски об-
реди. Во Грција не постои цивилна венчавка."498

Една година подоцна, новата грчка принцеза на среќниот кралски пар, бабата и дедо-
то, им господари 15-тиот внук, принцот Петар (Peter).499

На која од последниве реченици би требало да и се придодаде англиската девиза полна со тра-
диционална мудрост: Honi soit,qui mal y pence? Или посоодветно би било "pecunia non olet"?

Можеби парите го исполнија она што го ветуваа, - но, брачната среќа не.

Неколку години подоцна (уште за време на Првата светска војна) принцот Георг, чиј
брат -Константин беше крал на Грција уште од 1913 год., се прослави со тоа што се пока-
жа "како безусловен приврзаник на Антантата",500 додека кралот - при сите симпатии
кон Германија - со сета моќ која нему му ја овозможуваше бескруполозниот Венизелос,
се обидуваше да ја задржи грчката неутралност а со тоа и Грција да ја држи понастрана
од војна.

Речиси една година подоцна, преку гласините оваа информација зеде поголеми раз-
мери според неа принцот Георг "станал близок пријател на Брајан (Briand)" и против
кралот ја играл "играта на Венизелос".501

Случајот стана деликатен кога военото аташе од Мадрид извести,

"принцезата ... од Грција, Мари Бонапарт, ги користи нејзините интимни односи со Брајан
и така на својот сопруг со помош на француската политика да му го обезбеди наследува-

њето на тронот во Грција."502

Доста изненадувачки - но, овие обиди, сепак, на госпоѓа Бонапарт мора да и се при-
пишат како фер постапка, ако се размисли дека поранешната горе веќе наведена шпе-
кулација за "одредената склоност" на Георг, сепак, не била неоснована. Гледано така,
Мари барала соодветна отштета која ја добила, бидејќи нејзиниот штотуку опишан од-
нос со Брајан како "интимен" може да се сфати сосема буквално. Пратеникот Фон Берт-
ман Холвег (jun.) на крајот на 1916 год. пренесе од Берн една забелешка на советот при
Министерството за надворешни работи од Брининг со дрското соопштение дека

"принцезата Бонапарт ... општо важи за ... љубовница" на "францускиот премиер Брајан".503

Горе опишаната страст во данско-грчката кралска куќа за одмаздувачки операции и
финансиски акции ниту беше случајност, ниту исклучок, ниту пак единствен случај. Тоа
мора да е или до семејството или до "социјалното" милје. Неколку години подоцна, во
1913 год. низ Букурешт кружеа гласини,

"според кои свршувачката на принцезата Елизабет (Elizabeth) од Романија со принцот од
Грција била намерна."

Како што пратеникот Фон Валдбург (von Waldburg) чул од премиерот Таке Јонеско,

"Неговото Величество, кралот бил пријатно наклонет кон ваква врска.... Во Грција најпрво
би сакале да се расчистат некои работи околу финансиската страна на оваа алијанса."504

Впрочем, во 1917 год. во грчката кралска куќа дојде повторно до уште еден морга-
натски брак. Разгласена од Берн во Берлин стигна веста,

"дека во блиска иднина се очекува женидбата на принцот Кристофорус од Грција со аме-

риканската госпоѓица Лидс (Mrs Leeds)." (Таа всушност се одржа дури во 1920 год.) "Имотот на [вдовицата] Лидс (родена Стјуард (Steward)) се проценуваше на околу 30 милиони долари."505

Со веста од еден извештај на пратеникот од Копенхаген Фон Брокдорф-Ранцау (Von Brockdorff_Rantzau) случајот добива одреден непријатен тек,

"следствено на тоа женидбата на принцот Кристофорус од Грција со Американка била поттикната од страна на кралот Константин, бидејќи кралот се надевал дека со бракот меѓу неговиот брат и богатата Лидс ќе добие парични средства за неговата борба да си го врати грчкиот трон."506

(Во 1917 год. Венизелос со помош на Антантата го присили кралот Константин на

егзил. Види под 5.6.4)

2.3.10 Уште еднаш 1908 год.:

Ревал - клучен настан за Македоиија и Двојниот сојуз

Како што се дознава од еден разговор во јуни 1908 год. меѓу дипломатот во Атина, г-динот Фон Арко и грчкиот крал, на почетокот на месецот во Ревал се одржала англис-ко-руска средба во присуство на придружуба невообичаена за наводно приватна посета, имено во присуство на меродавни генерали, адмирали и министри од обете страни.

Кон оваа средба Едвард патуваше со царот иако британските парламентарци за Ни-

колај II зборуваа како за "одвратен убиец" и "крволочно чудовиште",507 - можеби уште една последица од ужасната крвава недела во Санкт Петербург во јануари 1905 год. (ко-ја, според Паул Зете не ќе ја имало ако зависело од самиот цар508) или на инцидентот Доџер-банк, кога руската флота на пат за Јапонија потопила неколку беспомошни ан-глиски рибарски бродови или на ригорозната, во Англија остро критикувана политика на русифицирање во Летонија.

Бидејќи англискиот крал и покрај тоа отпатува, за англиските интереси морало да
има уште некое поголемо "чудовиште"!!

Од оваа средба грчкиот крал даде една невообичаена информација:

"Дека тој се уште не знаел што точно било договорено во Ревал околу Македонија. Тој
само чул дека обата владетели се согласиле."507

Еден момент, - полека! - Прво вдишете длабоко и издишете ...!

Значи: I

Во Ревал, јуни 1908 год. меѓу Русија и Англија се разговарало за Македонија'!!

Уште еднаш да се потсетиме дека англискиот крал Едвард VII беше сопруг на дан-
ската принцеза Александра, сестрата на грчкиот крал, а со тоа Георг му беше шура; и
тоа дека рускиот цар беше син на другата сестра на кралот Георг. данската принцеза
Дагмар, а со тоа тој беше и внук на Георг. И доколку се уште има сомнеж за исклучи-
телно династички условените решенија за иднината на Македонија, како дообјаснува-
ње ќе се цитира забелешката на грчкиот крал дека на руско-англиската средба во Ревал

"беше присутна и кралицата на Грција"509, значи Олга, солругата на Георг, руската вели-
ка кнегиња, сопруга на шурата на англискиот крал Едвард и братучетка на таткото на
цар Николај, - но, пред се мајка на потенцијалниот генерален гувернер на Македонија,

принцот Георг!

При средбата во Ревал се работеше значи за историски клучна сцена за судбината на
Македонија, - која за неколку години ќе биде распарчена.

Тука, само тука, старата доктрина може темелно да ја измени денешната состојба на

Балканот во однос на опстојувањето на Османлиското царство на европска почва и -
при начелното утврдување на Турција на Златниот рог - може неговото владеење да го
претвори во најминимална трошка. (Значи токму во таква форма која итриот српски
крал Милан ја предвиде уште пред многу години.)

И тука, исто така, се наоѓа причината за загадочното однесување на велесилите за
време на следната фаза која води до создавање на Балканскиот сојуз како и до избувну-
вање на Балканските војни: при сите досегашни воени дејства против Турција, па дури и
при помали расправии, фалангата на европските велесили интервенирала со зачудувач-
ка сложност која и за денешните европски институции може да служи за пример, со цел
да ја поддржи својата политичка филозофија - но, за време на Балканските војни тие не-
ма да мрднат ни со најмалиот прст!

Токму спротивното: тие ќе бидат движечката сила од позадината!

Конечно стратегијата на Георг роди со плод. Неговото трпение со текот на годините
прерасна во истрајност, неговата истрајност премина во тврдоглавост, а таа пак во опсе-
сија. Тој кој со сигурност доволно често дури и досадуваше, конечно при очекуваното
остварување на империјалистичките планови за експанзија од неговите роднини во
Санкт Петербург, Лондон и Париз доби согласност да ги спроведе грчките територијал-
ни аспирации.

Грците би имале секаква причина на Георг ра му подигнат еден споменик - доколку
досега не го направиле тоа.
Македонците можаш грчкиот крал само да го проколнуваат - исто така, како што Персијците некогаш го проколнувале Александар Велики.

Иронијата на историјата е безгранична, како и овој circulus vitiosus: нејзините милени-
ци таа ги издига на височините на Олимп - нејзините жртви ги задушува.

И покрај тоа: со сета почит кон историјата - таа, сепак не е потчинета на никаков ав-
томатизам: политиката, а со тоа и историјата се дело на човекот. Оваа: на данскиот

грчки крал Георг I.

" Со тоа се уште не е исцрпено сеопфатното обременето значење на средбата од Ре-
вал. Тоа присилува на други повратни прашања:

Дали е доволно убедливо дека двајца толку моќни мажи како рускиот цар и англис-
киот крал се сретнале на заливот во Ревал да не дискутираат за ништо друго туку за ед-
на земјичка како Македонија и нејзината поделба меѓу соседните држави, - дури и ако
притоа станува збор само за удоволување на еден роднина? Тоа би било апсурдно.

И не помалку роднински испреплетените Германци, на кои им беа замачкани очите
со тоа дека средбата во Ревал била посветена на програмата реформи за Македонија,
требало ли да наседнат на овој изговор на обата владетели? Смешно!

Вистината беше ужасна. (И не само за Македонија.)

_____стр.1бб

——Ханс Лотар Штепан ——

2.3.10.1 Подетални историски информации (6) -

Георг непроменетоја продолжува неговата борба за зајакнувањс на моќта на Грција

Без оглед на добрите вести од Ревал кралот Георг цврсто се држеше до неговата "па-
тувачка дипломатија". Тој ги знаеше бурите и расположението во политиката и кај него-
вите роднини - никогаш не се знае ... Значи беше најавена постојана будност. На бугар-
скиот кнежевски трон Александар фон Батенберг мораше на непријатен начин да доз-
нае дека и милите роднини не се трајна гаранција за непоколебливо пријателско распо-
ложение иако тој сепак беше внук на царот Александар II. На грчкиот крал не му беше
потребен овој разочарувачки пример, сепак, Грција често се наоѓаше во осаменичка по-
ложба, доколку тој само помислеше на (јужен и северен) Епир, Тесалија и Крит. Со Ма-
кедонија му одеше многу подобро. Токму ваков триумф тој повеќе не доживеа.

На 17 и 18.11.1908 год., доаѓајќи од Копенхаген, во Берлин Георг (повторно!) му беше
гостин на кајзерот Вилхелм II, од каде тој го продолжи своето патување кон Париз.510

Кралицата Олга есента се уште престојуваше во Русија и откако Бугарија во почето-
кот на октомври во сенка на австриската анексија на Босна ја прогласи својата независ-
ност и така се осмели да се стави на исто рамниште со Грција (како и со Србија и Црна
Гора) и се осмели и да се прокламира за кралство, таа побара итно забрзано враќање
назад во Грција.

Германскиот амбасадор во Санкт Петербург, Фон Мигел (von Miquel) извести дека
Олга својата
"лутина за постапката на кнезот на Бугарија ја прикажалало најостра форма."511

Многу енергична дама.

Повеќе од злобата и зависта на Грците со оглед на изненадувачкиот напредок на но-
вакот и конкурентот Бугарија во натпреварот (или повеќе во борбата) за турската ос-
тавштина на европска почва, Атина ја измачуваше разочарувањето и лутината поради
пропуштената шанса и таа да може, во исто време како и Австрија и Бугарија, да ги пос-
тигне сопствените цели, т.е. да нападне врз Турците на Крит, а можеби и во Епир - па ду-
ри и во Солун. Во тој поглед не би можело, а да не му се префрли на грчкиот крал кој
беше поминал низ сито и решето, дека поседувал голема доза на наивност, кога тој до-
полнително се жалеше на тоа дека овие две влади не го известиле за нивните планирани
подвизи511, - како тие да биле живо заинтересирани на својот најголем непријател на
Балканот, Грција, да и укажат на поволната прилика да ги нападне Турците и со тоа
Атина, доколку е можно, и пред нив да си откине едно или друго парче територија од
Османлиското царство, за кое и тие самите исто така го имаа најголемиот апетит.

Што се случи во меѓувреме во Константинопол?

Исто како што Младотурците беа пријателски настроени кон малцинствата и толе-
рантни кон религиите, така тие излегоа пријателски настроени и кон Грците. Соодветно
ентузијастички беа и реакциите на грчкото население за револуцијата во Константино-
пол. Пратеникот Фон Арко извести дури и за "распламтените гласини за збратимување".
Тоа што Султанот, за разлика од неговиот везир Мунир паша, познат како голем прија-
тел на Грците, обата грчки принцови Кристоф и Андреас, последниов со сопругата
Алис, по повод нивниот престој во Константинопол не можеше да ги прими поради ит-
ни државни работи (што за време на револуција требаше да биде разбирливо - бидејќи
таа придонесе за негово симнување) во Атина беше прифатено со разочарување и пре-
дизвика непријатни чувства.

_____стр.167

——МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗОЛ——

Од друга страна Султанот во тоа време беше лут "поради впечатливите овации наменети
за принцовите и поради сентиментално обоената посета на Света Софија".512

Сосема свесна за својата моќ повторно изреагира Екуменската патријаршија, која
"на новиот преврат гледа со мала недоверба и стравува за правата на грчката црква по-
ради нападот на христијанските "братски народи".

Во октомври 1908 год. критското национално собрание неколку пати повика на eno-
sis. Со оглед на прекршувањето на меѓународните спогодби и поради сопствената воена
слабост грчката влада не се осмели на нова војна против Турција, бидејќи не можеше да
биде сигурна за помошта од моќниците, - и покрај средбата во Ревал!

Така и на Георг требало да му биде јасно дека обете сили не се упатија кон заливот
во Ревал (само) поради него. Можеби кралицата Олга знаеше повеќе од тоа што Георг
му го доверил на германскиот пратеник.

Како пандан на Младотурците, на грчката страна движењето на востаничките офи-
цери, наследничка организација на Хетерија, премина во воена лига. На почетокот на-
родот покажа симпатии кон офицерскиот сојуз, но, кога лигата ја злоупотреби нејзина-
та моќ, т.е. кога парламентот угнетуваше, новите даночни закони притискаа и кралска-
та фамилија казнуваше, настапи разочарување. Во армијата царуваше "навистина ужас-
на анархија".

" "Но, кралот и парламентот зборуваа за божемни успеси на новиот режим за морално да
ја оправдаат нивната сопствена присилна потчинетост." "Во поширокиот круг никој не се
осмелува да го каже своето мислење." "Кралот повторно рече дека во случај на прокла-
мирање диктатура тој би абдицирал. Всушност тука веќе и владее ... диктатурата на висо-
киот офицер Зорбас, додека династијата, владата и парламентот се исклучени или се осу-
дени да играат улога на статисти."513 "Покрај тоа разгледуваната состојба во внатрешнос-
та дополнително се комплицира со критското прашање ..."
Практичното решение произлезе од одлуката на лигата да се повика во Атина поли-
тичкиот водач на Критјаните, Е.Венизелос.514 (Во соодветните извештаи на оваа дејству-
вачка група името на овој реалполитичар за прв пат се појавува во февруари 1910 год.515)
Со тоа се разгоре вистинската борба против династијата - со променлив успех, се додека
кралот Георг во текот на една година не беше политички сосема изолиран од "диктато-
рот" Венизелос.516 Од друга страна и премиерот не сакаше без кралот да управува во
заднината.

"' ' Во списите се наоѓа документ кој може да го илустрира редоследот. Помошник-пра-
теникот Фон Рипенхаузен (von Ripenhausen) од Атина извести:

"Воопшто земено Гркот има префинето чувство за она што му е од корист. Не би било
тешко да му се објасни од какво значење се роднинските врски на неговата кралска куќа
за развитокот на сегашната надворешна криза. Во Константинопол ниту еден од двата

најмоќни фактори задолжени за вмешување прсти во концернот Крит - Англија и Русија
- не сезалагаше толку за републиканска Грција, колку неодамна."517

И "Дејли График" ("Daily Graphic") од Лондон му дал значајна поука на г-дин Венизелос за неговата одлука за време на "неодамнешните немири во Грција" по "побуната во флотата":

"Грција ... ништо нема да добие со симнувањето или абдицирањето на кралот Георг, туку напротив ќе ги изгуби симпатиите од цела Еврона. Таа се наоѓа на работ на пропаста и доколку и понатаму продолжи со нејзината заслепеност би можела да ја загуби својата независност која таа толку многу ја злоупотреби."518

—Ханс Лотар Штепан—

Две фундаментални забелешки кои беа од општа важност за државната егзистенција на Грција.

Прашањето за можното симнување на кралот, сепак, не беше само од хипотетичка природа, бидејќи еден германски весник потсети на тоа дека народното собрание "целосно под влијание на воениот сојуз ... без приговор" ги прифатило "сите барања на воената партија":

"Едно од нивните први дела беше отстранување на грчкиот принц од нејзините воени служби. Тие, меѓу нив и грчкиот престолонаследник. Врховен командант на грчката војска, уште претходно се откажале од нивните службени места и отишле надвор од земјата."517

Значи диктаторот дозволи грчкиот кралски двор да работи за себе и за изгледот и моќта на Грција уште толку долго, колку што тој сметаше дека е потребно.

Наполу бесната, наполу дипломатската политика на Венизелос се исплатеше за са-

мата Грција, бидејќи тогаш започна повеќегодишното продолжение на успешната серија на грчкиот имиеријализам.

2.3.11 Грција и Турција се коцкаат за Балканскиот сојуз

По 1908 год., идејата за Балканскиот Сојуз преку нападот на Младотурците откри нова варијанта, имено повторно да ја воведе во игра Турција како член на овој сојуз. Бидејќи Атина ја сигнализираше својата подготвеност, од веќе познати причини ваков Сојуз можеше да дејствува само како објект за демонстрација. Во оваа смисла пратеникот Рипенхаузен напиша:

"Речиси секој Елин на своите гради носи помалку или повеќе скриена сегрчка мисла и во сегашна Грција препознава само недовршен труп. Притоа секое отворено или затскриено растење на моќта на Бугарија во Македонија се вкрстува со улицата на нејзините надежи за иднината. Затоа Бугарија во нејзините очи е исконски непријател; затоа Турција мора да се чува се додека таа ја ограничува моќта на Бугарија. Бидејќи онаму каде Турчинот владее таму се уште има надеж за Грција, а онаму каде Бугаринот стапнал, нема никаква. Во оваа ситуација Грција е премногу свесна за словенската жилавост, за високите бугарски борбени доблести." Оттаму може да се претпостанп дека "и покрај сите меѓусебно дадени гаранции", "националните страсти повторно во Македонија би се судриле во меѓусебен конфликт".520 .

Во друг временски тек Турците очигледно направиле една реална анализа, бидејќи турскиот претставник во Атина на крајот на 1909 год. му призна на својот германски колега дека Султанот и Високата порта "при веста за некаков Балкански сојуз многу се вознемириле".-'521' Задоцнета реакција! Дури и да се покажале како невистинити 30-годишните гласини, најави и закани (и дека и овој пат информациите биле лажни), сепак Турците имале доволно време и искуство да се прилагодат на casus belli.

Тие дополнително се исплашија и од повторно распламтените востанија на Албанци-

те (кои при нападот на Младотурците играа одлучувачка ролја). Во склоп на ова ќе биде
наведена една статија на "Тајмс" која известува околу тоа дска пролетта 1910 год. албан-
скиот револт беше загушен од Турците со безмилосна грубост, а потоа тоа продолжи на
тој начин што тие и во Македонија, иако таму немаше никакво востание, спроведоа оп-
што разоружување на населението со истите методи кои ги применија во Албанија:

_____стр.169

—— МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗОЛ-—

"The full history of horrosr which than took place has never been disclosed;the Great Powers
which had withdrown their military officers from the country without obtaininig any guarantee for its
future good government,refrained from publisching the reports from their Consuls,and the conspiracy of
silence prevailed in the greatherd part of the European Press"522

Да се вратиме на Балканскиот сојуз:

Грчкиот министер за надворешни работи Мавромихали (најверојатно наследник на
членот на првата провизорна влада по востанието во 1821 год.) упорно се трудеше да го
смири турскиот пратеник:

Грчката антипатија кон Бугарите (е) премногу силна ..., за воопшто да би дошол предвид
сојуз со оваа земја."

Токму до ваков сојуз дојде една и пол година подоцна!

Во секој случај министерот му соопшти на пратеникот Наби Бej (Naby Bey) дека меѓу
Србија и Бугарија веќе

се "разграничени взаемните сфери на интереси во Македонија".521

Сепак, баронот Фон Вангенхајм во својот извештај изрази сомнеж:

"Не можам сосема да го споделам верувањето на Наби Бej во искреноста на Мавромиха-
ли. Тоа поради интересот на Грција, со предупредување од Бугарите, да ја насочи Турција
кон зближување со Грција и кон концесија во однос на Крит."-521

На крајот уште еден цитат од Министерството за надворешни работи. Замениkот на

државниот секретар, баронот Фон Ротенхан (von Rotenhan) во неговите белешки запи-

шал дека австриското Министерство за надворешни работи

"сериозно опоменило да се спречат сите тајни заговори во Македонија. Во спротивно Европа не ќе може да се погрижи за можното турско sверско однесување."523

Оваа белешка дава карактеристично светло како на грчкото сеење омраза во Македонија кое велесилите го сметаа за илегално така и на вообичаеното турско sверско дивеење при казнувањата.

Угледот на Турците се формираше низ долгите столетија полни со најлоши искуства за потчинетото христијанско население: вистината за турскиот режим во никој случај не беше поднослива и толерантна, како што тоа денес милуваат да го претстават некои смирувачки застапници на интересите.

2.3.12 Подготовките за грчко-бугарскиот сојуз - и за Балканската војна

Со стапувањето на должноста премиер на Критјанинот Венизелос на крајот на 1910 год. грчката политика доби уште појасни контури исцртани според принципот на sacro egoizmo , ублажен единствено со гестовите на византискиот протокол и со убави, но празни зборови. На тоа се приклучи и тактизирањето и финансирањето за или против Турција и балканските држави. Германскиот пратеник во мај 1911 год., значи една година пред склучувањето на грчко-бугарскиот Балкански сојуз, извести за посетата на една бугарска студентска делегација во Атина која од нивните грчки колеги беше бурно поздравена. Гласините за "политичко збратимување против заедничкиот непријател, Турција", во владиниот печат навистина беа осудени, но и покрај тоа симпатиите и радоста на оние Грци кои се залагаа за соединување со Бугарија, беа симптоматични. Баронот

Фон Вангенхајм извести:

"Доколку нема ниту еден Грк кој во Бугаринот не го препознава исконскиот непријател,
тогаш сепак повеќето очекуваат од владата дека таа ќе стапи во сојуз со Бугарија, за таа
да се бори на страната на Грција против Турција кога некогаш ќе се решава прашањето

за Крит. Помислата за сојуз на балканските држави, во кој правата и обврските ќе бидат
рамноправно поделени меѓу потписничките, на Грците им е сепак далечна. Елинот нико-
гаш нема да го признае Бугаринот, Романецот или Србинот како рамноправен и исто
толку вреден. Според него иднината во европска Турција и во пределите во Мала Азија
му припаѓа единствено на елинизмот."524

Имаше и објективни Грци. Баронот Фон Вангенхајм го цитира поранешниот преми-
ер Теотокис кој ваквите случаи, како грчко-бугарското студентско збратимување, ги
сметаше за "кокетирања". Теотокис оваа сцена ја прокоментира вака:

Грција никогаш не смее да се впушти во некаков Балкански сојуз. Нема потреба од де-
фанзивен сојуз бидејќи нема да биде дозволено повторното поробување на христијански-
те држави на Турција. Значи може да стане збор само за офанзивен сојуз. Но, само да
претпоставиме дека збратимените држави сосема ќе ја победат Турција, тогаш сигурно,
непосредно потоа ќе избувне војна меѓу победниците за пленот. Една таква војна би мо-
жела да ги убие елинистичките надежи." (исто)

Во 1912 и 1913 год. дојде токму до тоа - всушност со таа разлика што војната меѓу по-
бедниците не ги уби елинистичките надежи. Тука поранешниот премиер се излажал. Би-

дејќи обете Балкански војни на Грција (благодарение на Антантата) и донесоа енормно
проширување со туѓа земја.

Смртната постела на елинистичките надежи, на Megale идејата, она што Теотокис го
предвиде, ја подготвија Турците - дури десет години подоцна, 1922 год., во битката кај
Анкара.

2.3.12.1 Подетаљни историски информации (7):

Континуитетот на врските со европските династии е задржан

На крајот како потврда на упорноста на кралот Георг во остварување на империја-
листичките цели со помош на неговите династички врски се цитира еден извештај на
пратеникот Фон Валдхаузен (von Waldhausen) од Копенхаген. Додека италијанската влада
тукушто предизвика војна против Турција за Либија и додека притоа италијанскиот
претставник во Копенхаген ја исполнуваше својата задача соопштувајќи и ја на данска-
та влада објавата за војна на Рим до Триполис (задолжен за Турција), грчкиот крал пов-
торно се најде во својот роден крај. Околу ова пратеништвото согласно должностите гр
состави својот дворски извештај:
"Освен данската кралска фамилија тука моментално се наоѓааат следниве роднини на
кралот од Грција: Нивните Величества царицата вдовица од Русија [Дагмар/Марија Ф.] и
кралицата вдовица од Англија [Александра] [сестра на кралот Георг], принцот Георг
[најстариот син на грчкиот престолонаследник Константин] и принцезата [Мари Бона-
парт] од Грција, великата кнегиња Ксенија Георгиевна од Русија [сестрата на царот],
принцезата Викторија од Англија [ќерка на Едвард и Александра] и принцот Кристоф од
Грција [најмладиот брат на Константин]."525

Како што велеа старите,...

2.4 Романија

2.4.0 Историски преглед

Стратешката положба на кнежевствата Молдавија и Влахија во долниот тек на ре-
ката Дунав и на планинскиот превез на Карпатите овозможуваше бројни предности, но,

тоа ги правеше и многу привлечни објектите. Бидејќи се наогаа на север на Балканот,
Влахија дури на почетокот, а Молдавија на крајот на XV век станаа обврзани да му пла-
ќаат данок на Османлиското царство, а на почетокот на XVI век беа анектирани.

Откако Русија по 6. руско-турска војна во 1829 год. според мировниот договор од Ад-
рианопол спроведе автономија во дунавските кнежевства, истовремено го презеде и
патронството што како последица доведе до нивно неизбежно освојување. Оттаму во
1853 год. дојде до 7. руско-турска војна, до Кримската војна. Како што е познато, тука,
Англија и Франција се приклучија кон турската страна. Токму Австрија која остана -
формално - неутрална, во овој случај одигра историска ролја за Романија, откако со
концентрирање на свои трупи ја присили Русија да ги напушти кнежевствата. (Австрија
подоцна многу често ќе се кае за оваа улога.) Според Штатмилер, најважната последица
од Кримската војна беше "ослободувањето на обете дунавски кнежевства"526 со миров-
ниот договор во Париз 1856 година.

Со одредувањето на висината на даночната обврска кон Султанот и со обединување-
во 1859 год.под името Романија кое всушност беше овозможено со раскинувањето
на мировниот договор од Париз, Романија се ослободи од остатоците од турското вазал-
ство.526 Меѓународното признавање се случи во 1861 год.; со референдумот кој се одржа
пет години подоцна, за кнез на Романија беше избран Карл I фон Хоенцолерн-Зигма-
ринген (Karl I von Hohenzollern-Sigmaringen). (Тој се ожени со принцезата Елизабет цу Вид
(EElisabeth zu Wied).)

За време на подготовките за 8. руско-турска војна во 1877 год. Романија дури и во
конвенцијата од 16.4.1877 година, значи само осум дена пред руската објава за војна на

Османлиското царство, мораше на Русија да и обезбеди слободен премин. Сепак, за воз-
врат на тоа Романија доби гаранција за својот територијален интегритет. Откако пора-
ди тоа на 8.5.1877 год. Турција и објави војна на Романија, таа на 21 мај на тоа одговори
со објавување на својата независност.527

По почетните неуспеси на руската армија на крајот на јули кај турската тврдина Плевна, во воената конвенција од 21.8.1877 год. Русија побара активна поддршка од Ро-
манија. Тоа донесе успех: за помалку од четири месеци со турската капитулација пред
руско-романската војска во Плевна (10.12.1877 год.) настапи одлучувачкиот пресврт во
војната. По "заобиколувањето" преку предмировниот договор од Сан Стефано, Берлин-
скиот конгрес ја призна независноста на Романија (како и на Србија и Црна Гора).
Всушност и покрај прекршувањето на руската гаранција согласно конвенцијата од 16
април (и покрај романските протести) тој попушти и пред притисокот на Русија и пов-
торно и ја додели романската Бесарабија која на Русија и беше одземена по Кримската

војна.528

Романија"болно го доживеа препуштањето на Бесарабија на Русија, додека јужна Добру-
џа како компензација предизвикуваше само нови поводи за несогласувања со Бугарија."529

2.4.1 Колебањата на Романија меѓу политиката на сојузништво и неутралноста

Во историјата на балканските народи Романија има особена улога. Сигурно дека од
независноста во 1878 год. низ столетијата во Букурешт имало влади кои се изјаснувале
за учество во сојузот, па дури и за водечка позиција во него. Така, една година по Бер-
линскиот конгрес кнезот Грегор Штурдца во романскнот сенат препорача сојуз меѓу
балканските држави.530 Постепено се шириле тенденцијата наклонето да се пристапи

кон проектот за Балкански сојуз, вклучувајќија и неговата агресивна програма кон Македонија (иако за сопствена територијална експанзија недостигаше заедничка граница),
без Романија да биде членка на истиот. Но, наместо тоа романската политика се концентрира на обидот, во согласност со можностите, да ги подржи Власите т.е. Ароманите
(во Македонија тие се викаат исто така Власи), кои како и самите Романци потекнуваат
од истото племе, бидејќи и тие зборуваат аромански т.е. македо-романски, во нивните
културни особености преку училишта, книги итн.531

И по многу години Братиану, премиерот на Романија која од 1881 год. беше кралство, се двоумеше дали да склучи алијанса со Србите и Бугарите, бидејќи и со обете нивни држави беа во тек територијални расправии. "Неутралност и резервираност" за Романија би била "вистинската политика."532

Со гласините кои велеа поинаку Букурешт се справи многу едноставно и јасно така
што Министерството за надворешни работи кое откако во 1886 год. дозна од германски-
от дипломат во Атина дека грчкиот министер за надворешни работи споменал романска иницијатива за сојуз, го задолжи пратеникот во Букурешт Фон Берхем (von Berchem)
да изготви извештај.533

Тој ја расветли позадината на овие гласини. Воопшто не зачудува тоа што таа е сосема иста како онаа која веќе исплива на површината во поглавјето за Грција. Неговиот
грчки колега веднаш "признал" дека романската власт навистина не дала никаков знак
во тој правец.

"Дури и на обидите на романските комитети со основање училишта даја подигнат национална свест кај Романците во Македонија, во Грција се гледало со недоверба и се верувало дека е можно романската власт "некогаш" да се соедини со Бугарите против Грците
во Македонија. Затоа во Атина со сомнеж се гледа на врската на Романија со Бугарија;

не би можело да се помисли дека романските комнтети би давале огромни пари за учи-
лишни цели во Македонија и во Епир без политичка позадина."534

Древно наравоучение: кој постојано зли намери има, верува дека и другиот ги има.

Пратеникот коментираше:

"Во Грција овие тенденции не поминаа добро бидејќи во нив се согледува отежнување на
процесот на грцизирање на Македонија, а ако се земат предвид шпекулациите околу да-
лечната иднина на Македонија тогаш впрочем и не би било несоодветно романската вла-
да да очекува попрво од Бугарите грижа за националноста на нејзините соплеменици от-
колку од Грците."534

Оваа изјава не враќа назад кон романските комитети. Од списите, за нив во никој
случај не се дознава за насилнички активности, за разлика од податоците за бугарските,
српските, грчките и, од лесно разбирливи причини, за македонските комитети. Вакви-
от начелен став на Романците кон Македонија една година подоцна, во 1888, го потврду-
ва и новиот пратеник, Фон Билов:

"Иако Романците и покрај нивните претерани планови за иднината не размислуваат сер-
иозно за анексија на Македонија, истите сепак нема да дозволат Куцовласите ... да станат
Грци."535

Наспроти тоа, Бугарија постојано им излегуваше на Романците в пресрет со надеж
дека тоа ќе може да ги доведе до било какво обединување. За Софија би било оптимал-
но да ја придобие Романија како соборец, или барем како неутрален сосед, бидејќи Ро-
манија според можностите се обидуваше да се држи на страната на велесилите и на Тур-
ција. Што се однесува до самите Романци, тие постојано преживуваа кошмари за догова-

pawe, па дури и за сојуз меѓу Русија и Османлиското царство. Според нивните претстави
ситуацијата би била најтешка доколку кон овој сојуз би пристапила и Бугарија.

Имено, во 1888 год. бугарскиот премиер Стамбулов го запраша романскиот генера-
лен конзул во Софија дали кралот Карл (Karol) да бил согласен да биде избран и за кнез
на Бугарија со што би станал владетел и на двете држави.Како што за ова избести гер-
манскиот претставник, кралот го одбил овој предлог со следново образложение:

"Тој како крал на Романија се наоѓа многу високо за да може покрај оваа круна како рам-
ноправна даја носи и онаа на бугарски кнез."

И откако во северна Бугарија "Тој се" изјасни околу широко распространетиот ро-
мански јазик,додаде:

"Мелозвучниот и оформен романски јазик за се уште неразвиениот и сиров бугарски би
бил премногу надмоќен така што романизирањето на Бугарите би можело да предизвика
непремостливи тешкотии."536

За разлика од поговорката, тука оној кој високо леташе не падна ниско.

Според мислењето на австриското Министерство за надворешни работи ситуацијата
во 1891 год. изгледаше како Русите

"да му го подметнаа на кралот на Романија заводливиот проект за Балкански сојуз неза-
висен од Австрија."

Со понудата овој Сојуз да биде под романско водство, очигледно целосно беше задо-
волена суетноста на Романците. Но, тоа што овој сојуз требаше да биде "разбирливо под
руски протекторат", сепак премногу очигледно имаше задни намери.537 Бидејќи ова "ја
доведе во значителна опасност положбата на Романија".'538 На крајот на краиштата не
поминаа ниту 15 години, откако Русите последен пат побараа слободен премин низ Ро-
манија за извршување на нивните воени операции (во тоа време поради Бугарија).

Кога кралот Карл "збратимувањето јужно од Дунав" исто така го оцени како фарса,
беше принуден да ја избегне опасноста од изолирање. Германскиот пратеник сметаше
дека во 1896 год. откри склоност која беше во пораст,

"повторното воспоставување дипломатски односи со Грција да се искористи за договара-
ње на заедничко дејствување во Македонија против српско-бугарските сплетки."539

И покрај принудената положба да бара поддршка, романската влада

"се уште цврсто се држеше за начелото дека на Балканот Високата порта мора да остане
најдобар пријател со Романија."

Романија отиде до таму што на Турција и ја понуди својата војска во случај да избув-
не војна против Бугарија. Бугарија и Србија во 1897 год. сакале на Грците да им пружат
помош во нивната војна против Турција, но, во тоа биле спречени од Русија и Австрија.
Во позадина на оваа романска понуда до Турција (како и романско-австриска конвенци-
ја) кај Бугарија и Грција предизвика разбирлив немир. Затоа обете напорно се обидуваа
да покажат мирољубив однос кон Турција. Атина бараше дополнително осигурување и
во 1901 год., во тогаш австриската Абација, дури и склучи антанта со Романија против
Бугарија, инсценирана од Виена. Ова вештачко пријателство впрочем не издржа долго
бидејќи веќе во 1906 год. Романија повторно ги прекина дипломатските односи со Грци-
ја,

овој пат поради "злоупотребување на Романци -во Македонија од страна на грчки банди".540.541

Но, најпрво во 1896 год. Романија повторно се потруди за мир на Балканот. Роман-
скиот премиер, кнезот Грегорие Стурдца, дури и бил подготвен со билатерално потпи-

шани договори на сите балкански држави со Санкт Петербург да и даде поттик на рус-

ката хегемонија,

"се додека не дојде психолошкиот момент за делба (на Македонија), кога Отоманското
Царство ќе се распадне на парчиња и големата словенска моќ ќе дојде за да ја изврши по-
делбата."542

Се чини никому не му пречела противречноста за неодамна објавеното пријателство
со Турција: зошто Романија да не може да си го посакува распаѓањето на Турција, а до-
тогаш да е во добри односи со неа - како и сите други земји?

Токму во овие години, далеку пред избувнувањето на Првата светска војна, незабе-
лежливо се провлече напуштањето на Романија на германските држави и нејзиниот пре-
мин во антантата.

(Следниов пример може да послужи за подетално претставување на династичките испрепле-
тувања во Европа: во тоа време, во 1893 год., романскиот престолонаследник, Фердинанд (Ferdi-
nand) внукот на Карол се ожени со принцезата Мари од фамнлијата Захсен-Кобург-Гота. Нивната
ќерка Елизабет (Elizabeth) во 1921 год. се омажи за подоцнежниот грчки крал (од 1922 год.) Георг
II, најстариот син на Константин и внук на Георг I.) '

Години, години подоцна, кога романскиот премиер Братиану, синот на поранешниот
премиер, во 1911 год., по тригодишна служба ја загуби власта, се чинеше дека опасноста
од Романија во правец на Бугарија се намали - а "одбранбените сили во Бугарија зедоа
здив."543 Тоа Бугарите подобро и да не си го дозволеа, бидејќи 18 месеци подоцна, во
Втората балканска војна против Бугарија не делуваа само Србија и Грција, туку и Рома-
нија па дури и Турција, со што се потврди, толку често предвидуван од дипломатските,
набљудувачи, распадот на Балканскиот сојуз (овој Балкански сојуз) кој првенствено,
требаше да биде воден од Бугарија. Но, се уште не беше дојдено до таму.

2.4.2 Другото романско испреплетување на врските со странство

Русија толку многу беше заинтересирана за создавање на Балкански сојуз (!) што за
да се доближи до таа цел, а во случај на нужда на почетокот ќе се задоволеше и со ца-
ринска унија. Од самиот старт на процесот за сојузништво во образложението за обеди-
нувањето постојано беа во игра и економските причини. Јадрото на царинската унија
требаше да бидат Србија и Бугарија. Како што пратеникот Фон Кидерлен слушна од
премиерот Штурдца, Романија беше постојано под притисок иа Русија да се согласи со
овие две држави. Потоа. Русија сите нив

"со овозможување на трговско-политички предности би ги врзала за себе." Русија "притоа
на ум сигурно ја имала улогата која царинскиот сојуз ја одиграл за обединувањето на Гер-
манија."544

Можеби Русите би вршеле помалку (или повеќе?) притисок, доколку знаеле за тај-
ниот договор, што Романците уште во 1883 год. го склучија со централните сили545, во
време кога тие беа изложени на слична закана од Санкт Петербург. Оваа поддршка, во
тие години, за Романците беше значително олеснување за неутралната политика кон
нејзините соседи.

Сепак, времињата (и интересите) се променија. Оттаму определбата на Романија во
полза на Германија и Австрија (како и на Италија) издржа некое време, но, како што е
познато, не ја преживеа Првата светска војна.

Романската антипатија кон Бугарија не одеше во прилог за договор меѓу Букурешт и
Софија/Белград. Српскиот пратеник со еден соодветен предлог од 1906 год. не наишол
на возвратена љубов:

"Омразата кон Бугарите која во најголем дел беше завист поради идното можно терито-
ријално проширување сега за сега тука не ослободува простор за такви планови."546'

Охрабрување за Балкански сојуз Романците добија од неочекувана страна, дури и
ако добрите совети останаа само историска и не толку важна случка. Во 1908 год. гер-
манската амбасада во Виена дојде до едно отворено писмо на Рицоти Гарибалди (Riccioti
Garibaldi), синот на познатиот италијански револуционер, до романската лига за култу-
ра, во кое тој полн со одвратност кон австриската анексија на Босна и Херцеговина која
се случи само два месеца претходно, на Романците им препорача "приклучување кон ос-
танатите балкански народи" и целосно откажување од Австрија.547

"Ние, Италијанците, отсекогаш сме ја сожалувале австрофилната политика на Романија.
... Алијанса меѓу Романија и Италија заснована на длабоки и взаемни симпатии не би мо-
жела да дојде во предвид, се додека помеѓу се наоѓа угнетувачкото, реакционерното и
слободо убиственото австриско влијание."

' Потоа Гарибалди излезе од рамките на Балканот и се осмели да даде предвидување
за излегувањето на Италија од Тројниот сојуз, - што навистина и се случи во Првата
светска војна. (Тоа воопшто не спречи Италија да плати за предавството (јужен Тирол и
Трст.))

Може да се земе сосема како вистинито дека ова италијанско напуштање може да
послужи за пример и за sarco egoismo во Втората светска војна, кога Италија присилена
на поразот од САД го напушти и сојузот со Германија, со што таа, сепак, се уште се
вбројуваше во победничките сили, - очигледно многу омнлен начин на постапување, но,
не само на Балканот.

Од изјавите на романскиот министер за надворешни работи Дјувара во 1909 год. во
однос на германскиот пратеник Фон Брај се дозна дека на руските и турските обиди,

Дјувара зборува за "дошепнувања" и "љубезности", да ја вмешаат Романија во својата се-
гашна состојба, Букурешт секогаш даваше непрецизни одговори.

"Но кога, неодамна, тукашниот турски претставник, Сефа Бej (Sefa Bey) настојуваше на
прецизен одговор, тоа било јасно и гласно одбиено. А исто така ... секому кој пред роман-
ската влада би излегол со вакви бесмислици како Балкански сојуз или со предлози кои за
цел би имале разлабавување на старите врски на пријателство и доверба, би му паднало
на ум Романија да ја поврзе со Германија."548

Дали Романците уште во 1909 год. се обидоа да ја заштитат владата на Германскиот
Рајх, иако тие веќе знаеа каде би можеле да најдат прибежиште?

Ако се имаат на ум многуте прекршени ветувања кои Романија или другите балкан-
ски држави и ги дале на Турција или мегусебно си ги разменuле, тогаш Германскиот
Рајх би морал да претпостави колку малку требало да се држи до ваквите договори.

Последните забелешки на кралот Карл, пред основањето на Балканскиот сојуз пре-
несени во 1911 год. од пратеникот Фон Розен (von Rosen) полни се со одредена доза на
ирониja и можат да послужат како јасен податок:

"Гласините за Балканскиот сојуз го вознемирија Неговото Величество кралот Карл исто
толку малку колку и Македонското прашање. Тој цврсто верува дека еден таков сојуз без
и против Романија не би бил активен, а тој нема намера во корист на авантуристичките
планови на Грција и на балканските држави да отстапи ... од неговата досегашна мирна и
воздржана политика."459

Па и кралот може да погреши, - т.е. да се излаже. По помалку од една година, во март 1912 год., беше основан Балканскиот сојуз, - можеби не против, но, во секој случај
без Романија. Во октомври 1912 год. избувна Првата балканска војна. Во Втората бал-

канска војна (од јуни 1913 год.) дури и Романија учествуваше - под водство на кралот
, Карл.

На ова место повторно беше потребна посебна констелација:

Дури Младотурската револуција во 1908 год., со брзото враќање назад кон национа-
листичките цели (на пр. турцизирање), охрабрена со австриската анексија на Босна и со
бугарското прогласување независност и се закани токму на подготвеноста на балкан-
ските држави за минимално помирување, вклучувајќи ја и Гоција, така што поради тоа
"Тајмс", како што горе веќе беше споменато, Младотурската револуција во однос на нај-
зината функција за Балканскиот сојуз ја опиша како deux ex machina.550

Сепак: без интензивното залагање на Русија, во име на Антантата, Балканскиот со-
јуз не ќе се остварел.

Да се вратиме на романско-грчките односи: во 1911 год. многу брзо повторно се вос-
поставија дипломатските односи мегу Романија и Грција. на што Атина веќе одамна
притискаше. Се чини дека грчкиот премиер Венизелос со големо брзање ги зафатил си-
те јавни служби во Букурешт; во секој случај германското пратеништво во својот соод-
ветно изготвен извештај изрази одредено стручно сожалување за ново назначениот грч-
ки колега во Букурешт кој "таму ќе наиде на илјадници неизвршени рекламации" (на ро-
манските жртви поради грчките злоупотребувања во Македонија), "од кои секоја посеб-
но во себе содржи материјал за предизвикување конфликт".'551 Но, - доволно искусно -
пратеништвото го продолжи својот извештај:
"Господинот Венизелос најверојатно токму поради тоа во Букурешт испрати толку неис-
кусен аутсајдер ... (кој) никогаш не бил во државна служба и кој со прашања од национал-
ното стопанство се занимавал само аматерски, а со политика никогаш. Тој во Букурешт
ќе биде препуштен на водењето на неговото биро за да може поинтензивно да ги испол-
нува неговите општествени обврски. Тој ... е оженет со богата и љубезна Гркинка од

Марсеј, миленик на кралот и за еден Грк невообичено цивилизиран и без никакви пред-
расуди."551

2.5 Албанија

2.5.0 Извадоци од албанската историја

За да не мора да се следи едноличната историска слика формирана во зависност од
интересите, кон која тежнеат сите балкански држави, и во овој случај се препорачува да
се посегне по објективната наука. Следново поглавје претежно се базира на докажаните
познавања на Георг Штатмилер за историјата на јужна Европа. Авторот не смета само
дека е соодветно туку дека е и од помош тоа што цитатите се малку посеопфатни бидеј-
ќи текстот не се однесува само на Албанија туку тој е релевантен и за целиот Балкан и
овдешната тема.

• "Во митовите на балканските држави и понатаму живеат саги за настанокот и за потек-
лото кои укажуваат на праисторијата што се простира далеку наназад во минатото, а кои

биле од корист за непрекината етничка хомогеност и континуираност во наследените до-
мицилни области. Во историските сеќавања постулирана е непосредна внатрешна врска
меѓу ефемерните владеачки облици во раниот и доцниот Среден век и националните др-
жави од XIX и XX век. Идеолозите на борбениот етнонационализам, логично. се чувству-
ваа како извршители на историска задача. Објаснување и легитимација тие бараа во сте-
реотипите за национална историска традиција која не познава никакви прекини во конти-
нуитетот. Албанците и понатаму се повикуваат на нивното илирско потекло ..., Романци-
те се потсетуваат на нивната дакиска праисторија, Бугарите се чувствуваат како наслед-
ници на Тракијците, на турскојазичните Прото-бугари и на словенските доселеници."552

Единствено денешните Македонци не смеат да се повикаат на античките Македонци,
иако освен Грците тие се единствениот народ кој во регионот се уште го носат името на
своите претходници.

Карл Казер (Karl Kaser) во однос на Албанците сепак се ограничува:

• "Многу албански истражувачи кои се занимаваат со оваа тема (археолози, историчари и
лингвисти), ја застапуваат теоријата за континуитет од илирски кон албански етникум
која неколку неалбански научници ја ставија под знак прашалник.""553

• "Татковината на праалбанскиот и раноалбанскиот народ во предсловенското и постсло-
венското време се наоѓаше во северноалбанските планини." "Општото римјанизирање во
времето на издигнувањето на Римското царство го зафати и го измени целиот внатрешен
Балкан. ... Племињата на номадските овчари во нивните планини најдолго го избегнале
римјанизирањето. Во северноалбанскиот Мати-Гау, со тешко проодни планински бедеми
заштитен од разорниот допир на римската култура и латинскиот јазик во царството, пра-
албанските овчари се уште можеа да си го задржат својот наследен јазик. Но, со време и
дијалектот на праалбанците потклекнал на пресилното влијание на римјанизирањето.
Чекор по чекор латинските елементи навлегоа и во праалбанскиот.... Доколку овој раз-
вој потраел уште едно столетие тогаш и Праалбанците ќе станеле балкански Римјани....
Праалбанскиот дијалект ... се замрзнал на тоа ниво на развојот кое, тој под дејство на
римјанизирањето, го достигнал за време на словенското освојување на просторот. (Де-
нешниот албански јазик се состои од околу една четвртина латински заемки.) По словен-
ското освојување на просторот Албанците и племенски поврзаните Романци ("Власи")
околу половина милениум воделе живот без историја."554

Погоре веќе беше цитирано дека грчките жители во внатрешноста на земјата го из-
држале големиот словенски напад единствено на одделни приморски области - и на ос-
тровите.

• "Еден друг дел од предсловенското балканско население од веќе навлезените Словени не
се засолнувал по крајбрежјето туку во планините и таму под притисок на новите економ-
ски услови за живеење од земјоделци или полуземјоделци повторно стануваат овчари:

предци на. денешните Албанци и Романци."555 "Албанците и Романците ... од VII до XI век
живеат по планините како номадски сточари без надворешна државна историја. Визан-
тиските историографи нив воопшто ги споменуваат дури од почетокот на новиот миле-
ниум."556 "Овој развој... може да се увиди единствено во огледалото на јазично-историски-
те факти. Словенските зборови кои преку стручните заемки истовремено се навлезени и
во албанскиот и во романскиотјазик, даваат важни податоци за социјалните и културни-
те меѓусоседски односи."

• "... Целосното или делумно римјанизираното старо население на северниот Балкански
Полуостров по нивното враќање во планинските пределu (прави) тежок културен чекор
наназад. Откако по неколку десетици години се изградија мирољубиви соседски односи
кон словенските натрапници", "влашките" номадски овчари ... во текот на столетијата ...
од Словените повторно го научија земјоделието и ... укотвениот начин на живеење. Спо-

ред податоците за словенските позајмени зборови "Праалбанците"и "Прароманците" за
голем дел од нивната стручна култура "треба да им благодарат на заемките од Словени-
те." (Штатмилер: стр. 97)

• "Повеќето изрази за куќа и двор и нивните составни делови како и многу изрази за по-
куќнина и за правење леб се преземени од Словените, исто така и некои изрази за плуг и
неговите делови. Власите и Албанците од Словените меѓудругото научиле и: обработу-
вање на земјата, вештачко наводнување, вршење, полјоделство и житарство, понатаму

рачни изработки, особено ткаење, изработка на садови, мебел, рачна изработка на оруж-
је и ковани предмети, плетење, ѕидарство и градежништво, работа во воденици и валал-
ници." (стр. 97) "Особено бројни се словенските заемки во областа на општествените и
државните закони. Така Албанците со помош на словенските заемки опишуваат: изрази
за обичајното право, сведок, благороднишшво, собирачи на данок, закрепостеници и
наемници и многубројни службенички титули (државен претставник, селски управник,
командант и др.). Многубројните даноци и давачки без исклучок имаат словенски називи,
исто како и следниве занимања: чувар, полски чувар. кочијаш, ковач, дрвосечачи, гроба-
ри, гостилничари, винари. Дури и 'татковиот двор' носи словенско име. Од овие заемки
станува јасно колку длабоко навлегло словенското културно влијание кај Албанците."
(стр. 98) Во областа на земјоделието во оваа група припаѓале и изразите за поле, шума,
градина, овоштарство и винарство.

Под власта на Првото бугарско царство разбојничките Албанци и Романци морале

"со добро или со лошо да бидат мирни. Но, кога под ударите на источноримските армии
кон крајот на X век Големото бугарско царство се распадна, тогаш дојде историскиот час
на обата овчарски народа."

Во XI век Албанците се појавуваат во извештаите на современите историографи - "од
тогаш речиси непрекинато" - како војници во служба на туѓи војски. Во однос на ова Ед-
гар Хеш набројува неколку примери:

"Српскиот владетел Стефан Душан при неговите воени походи ја користуваше помош на
албанските трупи и им доделуваше нови места за населување во поробените области. Од
крајот на XIV век византиските цареви, Венецијанците и Каталонците ги населуваа Албан-
ците како војници и како колонисти за да се пополнат загубите во населението на Пелопо-
нез, на Евбеја и на некои егејски острови. Турците се надоврзаа на оваа традиција."557

Веднаш после ова започна нивното проширување.

"Во XI и XII век беше населено крајбрежјето на северна Албанија, во XIII век ...јужна Албанија." (стр. 206) Откако по смртта на цар Душан Големото српско царство се распадна, "започна моќно навлегување на Албанците и кон југот. Најпрво беше населен Епир, чиј северен и западен дел (јужна Албанија и Чемерија) и ден-денес се уште се албанско населено тло. Потоа албанското проширување отиде кон Акарнија, Етолија и од тука од една страна преку Коринтскиот залив кон Мореа (италијански назив за Пелопонез), а од друга страна кон Беотија и Атика. ... Речиси половина од грчкото тло тогаш беше заземено од Албанци. ... Во текот на столетијата елинството со својата културна надмоќ и пред се со културното дејствување на православната црква чекор по чекор си ги врати изгубените области. Православните Албанци со црковното влијание го прифатија грчкиот јазик и многу брзо започнаа себе си да се чувствуваат како Грци." (стр. 206/207)

Во XV век Албанците

• "со почетокот на турското владеење беа принудени на ново колонизирачко проширување. Новите иселувања се одиграа во најразлични форми: најпрво повеќебројни маси Албанци ги напуштија своите домови во Албанија и Мореа како бегалци и се населија во Италија (Сицилија, Клабрија, Базиликата, Апулија и Роскано)." (стр. 207)

• "Од крајот на XVI век (се спроведе) ... исламизирањето на Албанија. Кај Албанците припадноста кон црковното христијанство од секогаш било само ривидна форма која само површински го прекриваше старопаганското народно верување. Така, таму на исламот му беше многу лесно да придобие територија. ... Засиленото проширување ... беше ... условено исклучиво од политички и економски односи. Се примаше исламот за да се избегне плаќањето на данокот по глава." (стр. 274)

'"Во оваа прилика уште еднаш Хеш:

• "Зачестените премини кон исламското верување на Албанците им ја олеснуваа интегра-
цијата во мултиетничкото Османлиско царство и им отвораа најразлични шанси за кари-
ера во државните служби. Бројната предност во турско време на Косово водеше кон бав-
на албанизација."557

• "Албанските планински племиња со нивното 'потурчување' беа потпомогнати од осман-
лиската државна власт и така можеа нивното колонизирачко проширување ... непречено
да го продолжат. Најпрво ги напаѓаа соседните територии со постојани ограбувачки по-
ходи, потоа ја заседоа западна Македонија и областите на 'Стара Србија' (Рашка). Албан-
ците (Арнаутите) сочинуваа и прилично голем дел од османлиската армија и од 'класата
- на ренегати' водечка во царската управа. Најголемиот број Албанци постепено се исла-
мизираа под турска власт ... и од тогаш имаа важна улога во Османлиското царство. Го-
лем број политичари ... и високи управни службеници беа Албанци." (стр. 277)

Од 1453 год., за време на 170 години, од 47 велики везири, само 5-мина од нив беа
Турци, но, затоа 11 Албанци, 11 Словени, 6 Грци, 1 Черкез, 1 Ерменец, 1 Георгиец, 1
Италијанец и 10 со непознато потекло.558

•" Во XVII век со ова пробивање на 'потурчените' Албанци српското население од старо-
српската котлина (Рашка, Дарданија) пополека се протеруваше. Нивното место го зазе-
доа албански доселеници. Ова непрекинато навлегување на албанското население во ста-
ро српските пределе се чини дека запре дури кон крајот на XIX век." (стр. 278)

Покрај веќе неколку пати споменатото бегство на Србите од одмаздата на повторно
вратените Турци по повлекувањето на трупите на Рајхот и Хабзбурзите кон север, Карл
Казер дополнително набројува и едноставни, речиси техничко-географски причини:

"Независно од вечното спорно прашање, кој најпрво го населил овој регион - Срби или

Албанци -, стои фактот дека оддалеченоста на северноалбанските првични области до
рамнината на Косово е мала; со оглед на тоа што таму до 1913 год. и не постоеше никаква
граница. Така дојде до тоа во XVIII и XIX век илјадници албански планински фамилии во
потрага по поповолни услови за живеење да стигнат до рамнината и да се измешаат меѓу
српското население."556

"Безгранично" големото Османлиското царство, како што се гледа од овој пример,

кај освоените и искористени народи оставило карактеристични последици. Карл Казер
понатаму пишува:
"Условено од фактот што Османлиското царство се простирало преку Блискиот Исток и
северна Африка, од Азија и Африка не биле поставени никакви граници за доселување и
отселување од и кон Европа."560
Во врска со претставувањето на "замавот на аграрниот феудализам" во Османлиско-
то царство како и на "стремежот за самостојност на големите провинциски државни
службенци кои ја потврдуваа нивната вистинска независност далеку од царскиот главен
град", ("Најзначајните ... - Али-паша од Јанина и Мехмед Али-паша од Египет -... и оба-
та беа Албанци. ... Во Скутари фамилијата Бушатлија, исто така албански новопечени

богаташи, титулата паша ја носеше (1752 -1832 год.) речиси цело едно столетие") Штат-

милер објаснува понатаму:

• "Една друга кобна грешка која придонесе за забрзан внатрешен распад на царството, бе-
ше разгорувањето на борбените планински племиња на границите на царсвото - на запад
на Албанците, на исток на Курдите. Низ столетијата една силна врховна моќ ја скротува-
ше вродената желба за борба кај овие племиња. Со намалувањето на внатрешната анар-

хија во провинциите за овие разбојнички племиња се отвори можноста да ги напаѓаат соседните пределu во постојани ограбувачки походи и даја прошируваат сопствената територија употребувајќи терор. Така Албанците во XVII и XVIII век ги освоија западна Македонија и старосрпските котлински пределu. Големите курдски водачи во Ерменија практикуваа самоволие без навистина никакви граници." (стр. 346 и сл.)

• "Во однос на оваа внатрешна анархија сосема се разбирливи востанијата на балканските народи, нивниот успех и формирањето нивни држави ... потчинетите балкански народи (зајакнуваа) постојано.... балканското селанство веќе кон крајот на XVIII век (беше) напреднато; турското селанство кое во староосманлиско време навлезе колонизирајќи се, сега започна да се повлекува. Истовремено растеше свеста на балканските народи со чувство за сопствената историја ... и со контактот на новите идеи кои навлегуваа од Запад. Така народите се подготвуваа за ослободителни борби, поддржани од туѓите велесили: Хабзбург - Венеција - Русија." (стр. 347)

Целта на првиот реформатор на султановиот трон, Селим III беше,

"со преземање напредни западни мерки (воени и финансиски реформи и реформи во управата) да го преобрази Османлиското царство во модерна држава. Неговите стремежи не успејаа поради отпорот на јаничарите"561 (кои јас ги нарекувам, духови ...), "на реакционерниот клер и на реакционерната дворска партија. Султанот ... го сметаа за реформатор на верата и за еретик.... Еден бунт го принуди да ги повлече законите за реформи.... Една анатема на Шеик-ул-ислам изјави дека тој како еретик ќе го загуби тронот (1807 тод.). Непосредно потоа тој беше задавен (1808 год.). Но, нужниот тек на развојот ... не можеше повеќе да се запре."

Махмуд II го продолжи делото.

"Големите феудални владетели ... во Анатолија и на западен Балкан ... беа поразени. Тие или се потчинија или нивните глави со ред пристигнуваа во Константинопол. ... Кога Ја-

ничарите повторно се дигнаа против реформите,... беа прогласени за еретици"- повторно
со "поддршка од клерот." " Против нив беше повикано на света верска војна. Јаничар-
скиот корпус со масакр беше буквално уништен (1826 год.)." (стр. 348) [Марш во Ќош!
Марш !]

По објаснението за начелната победа на мислата за национална држава, како што
ѓаа - за потврда на грчката независност - се манифестираше во мировниот договор од
Адрианопол, Штатмилер тука само пропратно и кусо го разработува развитокот на дру-
гите балкански држави и потоа заклучува:

"Единствено во две провинции на европска Турција за време на целиот XIX век не дојде
до национално движење за независност вкоренето во народот: во Босна и во Албанија."
(Со тоа Штатмилер не ги негира востанијата за добивање повеќе права.)"... Исламизира-
њето ја преоформи и политичката свест на населението. Наднародската османлиска цар-
ска свест пушти длабоки корени на местото за национална народна свест." (стр. 376)

И овој развој е одговорен за тоа што Албанците во оваа смисла претставуваат посе-
ен случај, бидејќи тие, за разлика од другпте три македонски соседи па и од самите Ма-
кедонци, порано немале сопствена држава. Албанска националност како егзистирачка
не беше земена в предвид дури и на Берлинскиот конгрес."562

—— МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗОЛ ——

Останувањето на Албанија во Османлиското царство впрочем ги уништи српските и
црногорските надежи дека на Берлинскиот конгрес слободно ќе добијат пристап до Јад-
ранот. Како спогодба Србија ја доби назад Стара Србија (Косово) со Ниш и Сјеница;

Турција на Црна Гора мораше да и отстапи 37-километарска плажа на север и исток од
албанските планини. Но, бидејќи Албанците не се согласија со овие отстапки, во Алба-

нија избувнаа немири, - и тоа од страна на сите Албанци: како муслиманските, така и
христијанските (значи католичките и православните). И ова востание Турците го заду-
шија, но, тоа со паузи повторно избувнуваше, како на пример во 1881 и во 1883 година.
Во 1879 год. Албанците упаднаа дури и во Србија.

Ова не беа "последиците од 'задоцнувањето', кое албанското национално движење
го покажа во однос на движењата на Грците и Словените."

• Виктор Маер потсетува на тоа дека Албанците во 1878 год. за прв пат се обиделе,
"со пан-албанско присуство, 'Призренската лига', да ја спречат поделбата на нивната на-
селена област меѓу ново настанатите христијански национални држави која им се закану-
ваше уште тогаш."563

Во текстот "Конвенција на албанската лига" во првиот член станува збор за "одлучу-
вачко одбивање на секакво припојување на нашата земја со туѓо царство"; меѓу другото
понатаму се вели дека "нашите ставови и нашето достоинство ... се насочени во правец
на одбрана на правата на Неговото Величество С у л т а н о т". (Член 2). Според членот
3 во книгата со наслов "Верните на Царството и на татковината" доследно се наведени
имињата на управните области кои земале учество. Зачудува да се прочита дека учесни-
ците се обврзуваат согласно "шеријатот... дека ќе го заштитуваме животот, честа и имо-
тот на немуслиманските потчинети како и нашата сопствена чест и нашиот сопствен
имот." (Член 4) Од друга страна овој великодушен правилник повторно се релативизира
во заклучниот член 16, каде се вели: оние "кои не се согласни со овој сојуз, го повредува-
ат шеријатот, ќе бидат сметани за немуслимани ..." Исто така и на сопствените членови кои не ги извршуваат своите должности или дури се "повлекуваат од нашата
лига", им се заканuваат големи казни.564

По Балканските војни, во 1913 год. со одлука на европските велесили Албанија се
оддели од Османлиското царство. Конференцијата на амбасадорите во Лондон на

29.7.1913 год. состави устав за Албанија. Истовремено таа беше прогласена за посебна
држава. Инаку тоа, поради околните самостојни држави на "малата преостаната област
од европска Турција" би довело до географски одделена од Константинопол, но сепак,
турска енклава.565

На крајот уште еден цитат од Виктор Маер:

"Албанското прогласување независност во 1912 год. следеше во моментот кога територи-
јалните карти на Балканот веќе беа сосема поделени. Оттаму големи делови од албанско
населената област како и една третина од Албанците останаа надвор од кнежеството Ал-
банија, меѓународно признато во 1913 година. Ова важи за регионот Чемерија на планин-
скиот предел во Епир кој и припадна на Грција, за Косово како и за северозападните ма-
кедонски области околу Дебар, Гостивар, Тетово и Куманово, кои и припаднаа на Србија
и за јужните и северните крајбрежни области околу езерото Скутари кои сега станаа
црногорски. Единствено во периодот 1941-1944 год. сите албанско населени области беа
управувани од Тирана, сепак, ова се случи под власта на фашистичка Италија која во 1939
год. ја анектираше Албанија, т.е. под германска окупација 1943-1944 година. Во 1944 год.
Косово и северозападна Македонија повторно и припаднаа на Југославија, а Чемерија на
Грција."563

_____стр.182

—Ханс Лотар Штепан —

Албанија од своја страна доби "отштета" од силите кои ја извршија поделбата, при
што од ионака слабата и распарчена Македонија се искина уште една област југоисточ-
но од Охридското и Преспанското Езеро и и се придодаде на новата држава на старите

Шиптари.567

Туѓа земја лесно се подарува.

2.5.1 Фрагменти од известувањето

Во политичкиот архив има еден куп материјали за Албанија. Наспроти тоа количината на извештаи во серијата списи споменати во воведот за избраните тематски области во овој труд е исклучително оскудна. Малку од нив всушност се навраќаат мно
далеку:

Така кралскиот амбасадор во Виена, баронот Фон Вертер (V. \УеШ1ег), уште во 1865
год. на пруското Министерство за надворешни работи му предаде еден извештај од конзулот Фон Лихтенберг (von Lichtenberg) од Рагуза, денешен Дубровник, во кој последниов известуваше за "разбојништвото во Албанија, кое и Високата порта повеќе не може
да го скроти".568"

Од друга страна конзулот детално се изјаснил во врска со правниот систем на планинските племиња околу Скутари, од кои тој меѓудругото посебно ги набројува следниве познати имиња: Хоти, Клементи (тука се препознава јасната трага од римјанизирањето), Скрели и Кастрати (исто).569 Така се чини дека, дури и домашните, не се ослонувале
сосема на нивните правни прописи, бидејќи кога кнезот на Меридитите - "средноалбанско племе со гегиски дијалект" - умре, како негов наследник согласно тестаментот бил
поставен францускиот конзул од Рагуза.570" Непосредно потоа прускиот кралски конзул
испрати извештај со следнава вест:

"Ноќта на 31 јули во Скутари беше отворен гробот на кнезот на Меридитите, Биб Дада...
и трупот беше одвлечкан десет чекори настрана и крстот кој стоел над гробот беше испокршен." "Очигледно мотивот за овој злостор не била потребата за ограбување, бидејќи
од облеката опсипана со многу злато, во која трупот беше облечен, ништо не беше украдено.... Речиси воопшто незаспаниот фанатизам кај муслиманите во горна Албанија повторно ја издига борбено својата глава."

Заклучокот на Фон Лихтенберг:

"Случки кои би можеле да бидат од многу сериозно значење и со многу болни последи-
ци."571

Во оваа прилика ќе биде вметнат еден цитат кој покажува дека суштината на вакви-
те развои е позната уште од порано, дури и стои запишана во речниците:

"Тие се цврсти и храбри, но, фанатици, одмаздљубивци и крадливци. Крвната одмазда се-
риозно се практикува."572

Со тоа се роди една теза која имаше моќ да ги иритира преостанатите Европејци до
ден денешен; сепак, модерниот телевизиски медиум може да расветли многу детали:

"Крвната одмазда беше единствената шанса да се замени државната власт која недостига-

ше."573

Навистина во истата емисија крвната одмазда беше опишана како "тумор" во Алба-
нија, а од друга страна се призна дека режимот на Енвер Хоџа беше уште полош. Стро-
гите комунистички методи во тоа време не дозволија да се израмнат старите сметки, се-

пак,тие не заборавија туку беа тргнати настрана.оттаму досега не се најде никаква
алтернатива како замена на правото на посилниот.
Или сепак се нашла ?
KFOR (во Косово) е зџамена а правниот систем кој неостигаше.573

3. Османлиското царство

3.0 Историски осврт

Откако Османлиите во 1354 год., со преминувањето на Дарданелите кај Галиполе, за
прв пат стапнаа на европска почва, тие започнаа со еден многу брз освојувачки поход во
кој беа освоени и потчинети големи делови од Југоисточна Европа. Тие веќе седум годи-

ни подоцна го деградираа византискиот цар на даночно обврзен вазал. Србите, заедно со
нивните унгарски и босански сојузници, доживеаја во 1389 год. уништувачки пораз на
Косово Поле. Византија, пак, падна дури во 1453 година. Турците веќе во 1529 год. се по-
јавија за прв пат пред портите на Виена.Тие ја освоија Унгарија и Крим. Цела Европа
трепереше пред Муслиманите - освен Франција, која уште во 1536 год. (Франц I од лоза-
та на Валоа, |Valois|) беше во сојуз со Султанот, та таа така, во сенката на турската зака-
на, постојано, и речиси непречено, ја поместуваше својата источна граница се подлабо-
ко во Германскиот Рајх, во што систематски продолжија неговите наследници, Бурбон-
ските кралеви, но, особено ригорозно, и Наполеон.574

Одбивањето на Османлиите се одвиваше со многу жртви и доготрајно. Точно 500 го-
Рдини по првата триумфална победа против Византијците на ерменската граница кај Ма-
лазгир (Mantzikert) извојувана од Туркотатарите, кои, своевремено, себе си се уште се на-
рекуваа (Рум)-Селџуци, Турците под водство на нивниот водач Али-паша (освојувачот на
Кипар) на 7 октомври 1571 год. во поморската битка кај Лепанто доживеаја уништувачки
пораз, но кој што се уште не беше судбински решавачки. Тоа поинаку го посматраше Па-
пата Пие V: по битката со многу жртви, со отприлика 50 000 мртви, тој не само што им до-
дели ордени на врховниот командант Хуан од Австрија (Juan de Austria) и на останатите
адмирали, туку и им потврди дека тие го спасиле Западниот свет.575

Колку длабоко беа пропаднати темелите на Европа и колку високо Османлиите ве-
ќе го имаа зацртано нивниот стремеж за власт, станува јасно една генерација подоцна, и
тоа од срамот што Султанот мора да го имал доживеано кога тој во 1606 година, по трина-
есет годишната војна, мораше да го признае автстрискиот кајзер како еднаков по ранг.

Вистинскиот пресврт, генерално, се лоцира дури во 1683 год., кога Муслиманите по
втор пат ја напаѓаат Виена. Европа стоеше пред тоа или да избере да пропадне или да

пружи отпор во своја одбрана. И покрај ваквата драматична состојба, францускиот
крал не се одзва на повикот и молбата за помош од страна на кајзерот Леополд. Луј IX
токму две години претходно, во состојба на мир, во еден неоправдан напад го беше анек-
тирал Стразбург за Франција, та така тој немаше интерес да ги зајакнува своите непри-
јатели со било каков ризик за тоа, на крајот на војната со Турците, тие по можност дури
повторно да му го одземат Стразбург. Следствено, Европејците мораа да ги обединат
своите сили - без Франција. Тоа се случи во Светата Лига, што беше сојуз на руско-пол-
ските (за време на кралот Јан Собијецки), германско-австриските и венецијанските вој-
ски. Ним им успеа да ја одбранат Виена и дури, во продолжение на една серија од успеш-
ни битки (на пример, на Зета, кај Белгард, кај Петроварадин), да ги истиснат Турците,
при што, меѓу другите, како смел војсководач се истакна принцот Еуген од Савоја,
всушност, вазал на Луј XIV. Додуша, и покрај тоа, одвреме-навреме мораше да се смета
со горчливи порази и големи загуби.

Така, Османлиите во една против офанзива во 1690 год. повторно ги освоија Бугари-
ја, Србија, Белград и Трансилванија. Со тоа беа уништени и надежите на Македонците
за ослободување. Тогаш избу прочуеното Карпошово востание. Но, затоа што кајзерот
Леополд I не можеше да го одржи ветувањето со заштита и помош, и ова востание беше
осудено на пропаст. Сепак, мировниог договор од Карловиц (Karlowitz) во 1699 год. по 2.
руско-турска војна, со која Турското царство беше ограничено на Балканскиот Полуос-
тров, се означува како вистински почеток на пропаѓањето на османлиската власт во Ев-
ропа. Портата, повторно, мораше да врати назад огромни области: меѓу другото, Асов и
Украина, Далмација и Словенија, Пелопонез и Трансилванија, како и целата Унгари-
ја.576 Понатамошен напредок беше постигнат со мировниот договор од Пасаровиц (Pas-

sarowitz) во 1718 година.

Во секој случај, со тоа беше завршена епохата на турските освојувања. Со тоа беше
завршено и времето, во кое турските војски можеа самоволно да ограбуваат, убиваат и
опожаруваат. Фактот, што војниците и офицерите повеќе не можеа да се збогатуваат со
богатствата на Западот, повлече со себе неочекувани последици за населението на оста-
токот од Турција: откако, следствено, и за Султанот секнаа неизмерните пленови од ос-
војувачките походи за грабежи на неговата солдатеска, за да се покријат огромните тро-
шоци, беа товарени со дополнителни строги даноци христијанските поданици во Осман-
лиското царство. Покрај понижувачкото ропство на европските народи и драстичните
ужаси на Турците, ова беше еден дополнителен елемент за претстоечките немири.

Исто и во XVIII век продолжи серијата на војни против Османлиското царство, од
кои, во никој случај, не беа сите завршени со победа, на пример, не беше успешна ниту
заедничката руско-австриска војна од 1735-1739 година. Сепак, во втората половина на
XVIII век, иницијативата за истиснување на Турците од Европа премина, речиси целос-
но, на Русија. Дури откако Русија од Султанот побара не само отстапување на поната-
мошни територии, туку и права за слобода на вероисповед за христијанските поданици,
како што беше, на пример, во 1774 год. со мировниот договор во Кучук-Кајнарџи (Kuts-
chuk-Kainardschi и 1792 год. во Јаси (Jassy), дури тогаш навистина се беше приближил
крајот на владеењето на Османлиското царство во Европа.

Двајцата султани, Селим III (1789-1807) и Махмуд II (1808-1839), се уште се обидуваа
да одговорат на надежите на христијанските народи и на европските сили, но се покажа,
дека

"барањата на големите сили за рамноправност на христијаните во Османлиското царство
противречеа на основниот принцип на исламско-османлиската претстава за царството и

владеењето, па така и реформите на внатрешните структури... замреа во хаосот на еден со-
цијален поредок што беше неподложен и неспособен за реформирање."577

Но исто и муслиманските граѓани не беа подготвени да ги признаат христијаните
како рамноправни со себе. Во врска со ова, како еден од многубројните примери, може
Првторно да се послужиме со веќе погоре споменатиот извештај од Дубровник (Ragusa):

"Собранијата во кои се изразуваше негодување против рамноправноста на христијаните и
уличните убиства беа секојдневна појава во Скутари."578

Дали, можеби, денес во "модерна" Турција постои рамноправност за христијаните
онака како што таа егзистира за муслиманите во Европа?579' Првите обиди на Русите за
рамноправност на нивните христијанско-православни браќа по вероисповед започнаа
пред повеќе од 250 години. Од една реалистична точка на посматрање се наметнува пра-
шањето, колку векови Европа, пред се Европската унија, ќе мора да чека на тоа?

Суштествениот принцип на "исламско-османлискиот царски и владеачки поредок"
доведе до - можеби неочекувани - последици. Рихард фон Мах, еден тогашен аналити-

чар, кон крајот на XVIII-от век заклучува: .

"Отпрвин понижена и занемарувана, христијанската вера стана ... опасна сила, со тоа што
таа со векови победените ги држеше во внатрешна спротивставеност во однос на побед-
ниците и ги насочуваше нивните погледи кон надвор. Така на Балканскиот Полуостров
ни се пружа ... сликата, во која освојувачите, кои таму беа порано дојдени отколку Шпан-
ците во Мексико и Перу, денес, по повеќе од четири векови, се чувствуваат во однос кон
оние што тогаш беа победени исто толку туѓи во јазикот, верата и обичаите како и на по-
четокот... Доколку ги сумираме муслиманските Арнаути (Албанците), Словените и Гр-

ците на Балканскиот Полуостров, тогаш од тоа ќе произлезе само еден мал број од цело-
купното население, кое во текот на вековите ја сменило својата вера: но тие, сепак, не
станале Турци, затоа што сите тие си останале верни на нивниот јазик."580'

Ова согледување може да биде дополнето со примерот на исламизацијата на Перси-
ја: старите Персијци, заедно со новата вера, ја беа преземале дури и арапската азбука, -
но затоа што го сочуваа својот јазик, тие не го изгубија својот персиски идентитет и,
следствено, не станаа Арапи.

Во однос на балканските народи Карл Казер укажува на едно далекусежно влијание,
имено, дека со исламско-османлискиот систем останаа

"задржани етничките и религиозните идентитети", кои го создадоа "темелот за национал-
ните ослободителни движења во XVIII-от и XX-от век."581

Првата практична примена на новите параметри се појави во мировнио договор
од Александроиолис во 1829 год., кога, по една понатамошна војна, во којашто значајна
улога играше и поразот на турско-египетската флота кај Наварино во 1827 год., Грција
беше првата земја од Балканот што беше целосно ослободена од турската власт (иако
нејзините востанија започнаа повеќе од 15 години подоцна отколку српските).

До овој миг, Русија можеше за себе да регистрира значителни територијални добив-
ки. Една од консеквенциите од сето тоа беше фактот што Франција се чувствуваше пре-
дизвикана и овластена и таа, од своја страна, да се збогати од распаднатата Турција -
иако таа беше во сојуз со неа - и, оттаде, во едно макотрпно 40-годишно натегање и бо-
рба, таа во 1830 год. го анектираше османлискиот Алжир. За да се спречи идната нерам-
нотежа при распределбата на турската наследна маса, Велика Британија и Австро-Ун-
гарија го прокламираа територијалниот интегритет на остатокот од Турција. Нивната
политика ниту малку не произлегуваше од некое чувство на симпатија за притиснатата
и се повеќе истиснуваната Турција. Тие самите, напротив, во изминатите векови при

нивните освојувања и поробувања немаа ниту најмал обзир, оти гледаа на европските
подрачја како тие да беа нивна полноправна сопственост. Обете држави, многу повеќе,
беа водени од загриженоста заради, очигледно, се повеќе експанзирачкото Руско цар-
ство во подрачјето на најоддалечениот крај на југоисточна Европа.

Но не треба да се заборави дека и двете држави ги застапувале нивните сопствени
империјалистички интереси. Англија се сомневаше дека стратешки непроценливо зна-
чајните мореузи би можеле, освен под англиската, да паднат и под некоја друга контро-
ла. Божем за целите на консолидацијата на Османлиското царство, Англија уште во 1838
год. беше договорила трговски договор со Турција, кој, меѓутоа, подоцна, се докажа како
зацврстување на една "chasse gardee"; а за заштитата на нејзините морепловни рути за
Индија, Англија во 1840 год. издејствува алијанса која не само што ја заврши серијата од
победи на Египјанинот Мехмед Али врз деловите на Османлиското царство на Блискиот
Исток (Египет мораше да се повлече од Сирија), туку, исто така, склучи и еден договор за

заштита на Турција! Англија умееше своите интереси да ги обезбеди дури и уште подале-
ку, со тоа што таа го иницираше Лондонскиот договор за Дарданелите.

Истовремено, со овие мерки беше систематски надградувана и проширувана карак-
теристичната англиска континентална политика на рамнотежата на силите, но во неа,
примарно, се работеше за следењето на сопствените, британски интереси. Лудвиг Дехио
(Ludwig Dehio) за ова пишува:

"Англија, несомнено, веќе од пред две столетија (беше) красноречивиот заштитник на
рамнотежата на континентот - истовремено, меѓутоа. таа, прикриено, беше заштитник
на сопствената надмоќ во светот."582

Цената беше висока, затоа што на другата страна останаа балканските народи кои-
што се бореа за нивното ослободување и независност во една единствено полусуверена
или дури и во целосна зависност од Турција.

Кого го интересираше тоа во Лондон?
Со тоа Османлиското царство беше заштитено од целосното протерување од Евро-
па - иако не дури и од целосната пропаст која што можеше да се реализира со релативно
малечок напор.

Кога во 1354 год. Османлиите се појавија на Балканот, во Шпанија веќе одамна беше
започната Reconquista. Познато е дека Маврите (Сарацените) веќе во 711-та, значи пове-
ќе од 600 години порано, се префрлија на европскиот континент кај Џебел ал Тарик под
водство на истоимениот генерал на Африка; и иако тие (конечно), споредени со Турци-
те, со нецелите 780 години, останаа подолго во Шпанија и демонстрираа значително по-
малку крволочност отколку Турците на Балканот, тие, како последица на решителнос-
та и обединетоста на шпанските христијански ослободители, беа истиснати и присилени
целосно да ја напуштат Шпанија. Оваа согласност недостигаше во Југоисточна Европа и
тоа не заради тоа што автохтоните христијанско-православни балкански народи - при
сите разлики, апетити и љубомори - небаре беа неединствени во нивната цел за ослобо-
дување од турското ропство, туку затоа што за европските големи сили, во нивната им-
перијалистичка арогантност, не се работеше за хумано, религиозно или историски оп-
равдано ослободување на христијанските народи - со исклучок на Русија - туку единстве- -
но за сопствената полза и сопственото остварување на превласта (особено во случајот
на Англија и Австрија).

Овие мотиви доведоа до тоа Големите сили да ги зацртаат клучните услови за новите
балкански држави:

"По правило, европските државници преговараа со Султанот за судбината на балкански-

те народи без да бидат сослушани погодените народи. Тие го диктираа повлекувањето на
границите и ја утврдија монархијата како форма на владеење. Етнографскиот принцип и
правото за самоопределување играа само подредена улога." (Затоа тие толку лекомисле-
но ја занемарија судбината на Македонците.) "Новоформираните кнежевски престоли во
најголемиот број на случаите беа заземени од туѓинци кои немаа нпту подетални позна-
вања за земјата, ниту го владееја јазикот на нивните поданици и, исто така, со нив не ги
делеа ниту нивните црковно-религиозни уверувања"583 (Исклучоците - Србија и Црна Го-
ра - беа веќе споменати. Споредн го, освен тоа, укажувањето на Мацовер на спротивниот
став на Романците под 2.3.1).

За концесијата кон Турција, за таа да може да остане на Балканот, Портата, нависти-
на, требаше да преземе напори со кои требаше да се укине потчинувањето на нејзините
христијански поданици и, со воведувањето на реформите, ннвниот живот да го направи
полесен. На ова барање во 1839 год. султанот Меџид одговори со една програма за ре-
форма во којашто тој ги призна политичките права на христијаните. Притоа, за него бе-

ше исто толку значајно како на рускиот цар да му ги одземе изговорите за постојаните
условувања на Турција. Се разбира, се остана неизменето: мухамеданците ја сметаа за
крајно неоправдана еднаквоста на христијаните со нив.

Околу десет години подоцна Петербург направи еден понатамошен обид да издејс-
твува протекторат за христијаните во Османлиското царство. Специјалниот руски амба-
садор во Константинопол, кнезот Меншиков, во 1853 год. побара религиозни заштитни
закони во полза на Русија. Кога Султанот го одби ова барање и Русија ги окупира поду-
навските кнежества, Турција на Русите им ја објави (Кримската) војна која таа ја освои

со помош на Англија и Франција (Севастопол!). Откако во февруари 1856 год., Султа-
нот ја воведе целосната слобода на вероисповед, Европејците дури и го примија Осман-
лиското царство, еден месец подоцна, со (3) Париски мировен договор во "европскиот
концерт" на силите.584 При оваа пригода, на инсистирање на Англија, повторно беше де-
милитаризирано Црното Море (Понтиската клаузула).

Турските ветувања во однос на еднаквоста на христијаните останаа неисполнети, оти
строго настроените верници-муслимани сметаа дека со овој компромис биле повредени
прописите на Коранот и изразија жесток отпор. Во летото 1860 год. повторно дојде до
особено крвави погроми против христијаните, предимно на другиот крај на Османли-
ското царство, во Дамаск и во Либан. Дури и Франција се почувствува присилена во 1861
год. воено да интервенира за да ги заштити христијаните во Бејрут.

Откако Египет, под водство на Кедивен Исмаил-паша, веќе во 1866 год. ја прогласи
својата независност, центрифугалните сили, почнувајќи од 1873 год., станаа се поизрази-
ти и во европските вазални држави.

Во 1874 год. на Турците им претстоеше војната со Црна Гора: дополнително, во 1875
год.,избби (не без помош на Русија) едно востание во Херцеговина. М.Мацовер наведува,
од различни извори, дека револтот бил "предизвикан заради слабите жетви и насилствата
врз селаните коишто уследиле како последица на тоа, а ги извршиле војниците што ги
придружувале собирачите на данокот". (исто. стр. 84) Исто така и босанските христијани
се кренаа на востание. Наспроти реформите (односно, почетните обиди за реформи) вој-
на се закануваше и со Србија. Згора на сета несреќа, на почетокот на 1876 год., во Солун
од разбрануваната муслиманска толпа беа убиени германскиот и францускиот конзул.585

Револтот, во меѓувреме, веќе одамна ги беше опфатил и Македонија и Бугарија. Во
српско-црногорското востание против Османлиското царство во 1876 год. Турците беа

целосно протерани од Црна Гора, во Србија, напротив, Србите беа одново истиснати до
Белград.

Во оваа критична ситуација, царот Александар II му се закани на Султанот со пре-
кин на дипломатските односи. Конференцијата во Константинопол, којашто беше сви-
кана потоа, заврши без успех по двемесечните преговори. Кога Портата ги одби и пред-
лозите на Лондонскиот протокол од 31.3.1877 година, на 24 април Русија му објави војна
на Османлиското царство. Решението, за коешто после војната се залагаше Санкт Пе-
тербург во полза на Бугарија во прелиминарниот мировен договор од 3.3.1878 год. во
Сан Стефано (тоа значи, во предградието на Константинопол кадешто беше сместена
руската армија), не се согласуваше со целите на Балканот на Англија и на Австрија,
особено, со нивните цели во околината на Златниот рог. "Англија нечујно се наоружу-
ваше", како што гласи во обемните архивски книги од 1908 год., и таа, со цел да го заш-
тити Константинопол, вплови со артилериската флота во морето Мармара.586

Овој аргумент делуваше уверувачки. Истоштена од скапата војна, натоварена со за-
губи, Русија мораше да се потчини и да го постави на диспозиција мировниот договор од
Сан Стефано на Берлинскиот конгрес. Таму, од 13.6. до 13.7.1878 год., се состанаа сили-

те потписнички на мировниот договор од Париз од 1856 год., значи, шесте европски ве-
лесили и Османлиското царство. И покрај нејзината победа врз Турција, Русија мораше
да ги закопа своите надежи за голема Бугарија и за удобен излез на Средоземното Мо-
ре, што беше загуба која, со помош на англиските и француските интриги, му беше при-
пишана токму на Бизмарк и на Германскиот Рајх.

Вистинскиот губитник на Берлинскиот конгрес, меѓутоа, беше губитникот на војна-

та: Османлиското царство беше "во голема мера само објект на вистинските европски
големи сили 587 Навистина:

"Големите сили во Берлин... не беа способни да дадат решителен одговор на ориентално-
то прашање." Конфликтот за Македонија, "делот што го означуваше срцето на "Ев-
ропска Турција", беше само пребојадисан со нова боја и одложен за подоцна. Напнатос-
тите и понатаму предизвикуваа "перманентна вонредна состојба'?588

Уште пред Берлинскиот конгрес состојбата на државните финансии во Османлиско-
то царство не беше најрозова; по Кримската војна воените трошоци станаа несносливи.
Расипништвото на Султанот и на неговата дворска свита веќе отпорано беше толку ог-
ромно, така што во штотуку цитираниот прирачник од 1908 год., кога близината на
"Ориентот" се уште непосредно се чувствуваше, се вели: "Но, се исчезнуваше во финан-
сиските амбиси на лошо воденото стопанство."589 Турција во 1875 год. стана неликвидна
и мораше да прогласи државен банкрот - тоа, по последната изгубена војна, воопшто не
беше полезно реноме за настапот во европскиот конгрес во Берлин.

Колкаво катастрофално влијание имаше финансиската состојба врз турската спо-
собност за водење војна, нагледно демонстрира еден извештај на пратеникот Фон Билов
од Атина, што тој го напишал само неколку дена пред избивањето на војната. Таму, се
вели, дека грчката влада имала намера

"од американскиот агент, којшто во тој момент престојувал во Атина, да откупи 60.000 пар-
чиња Хенри-Мартини-пушки кои ги беше нарачала Портата, но не можеше да ги плати."590

Реализацијата на одлуките на Берлинскиот конгрес се преобрази во вистинска загу-
ба за Турција:

. на Србија, Романија и Црна Гора мораше да им биде дозволена независноста;
Бугарија, за волја на вистината, остана задолжена да плаќа данок, но стана автономно
кнежество;

Источна Румелија, значи Јужна Бугарија, остана под турска врховна команда, но доби
христијански државен управител,
Австрија го доби "мандатот" да ги окупира и да ги управува Босна и Херцеговина,
а Англија, во еден благовремено пред конгресот склучен билатерален договор, си го ре-
зервираше за себе Кипар. (Уште години пред тоа Лондон ги имаше купено правата за
ползување на кипарскиот домен во рамките на сопственоста на турскиот царски двор.)

На Грција и беа ветени големи делови од територијата, но таа сепак, мораше да чека до

1881 год. за да ја добие Тесалија, а се до 1884 год. и јужен Епир,

Русија, како победничка сила, доби како утешна награда од Романија неколку области во
Источна Анадолија и Бесарабија.

Освен малечкиот Алжир, Франција се уште не беше добила ништо друго. Така, зна-
чи, по горе споменатите австриски и англиски напади, таа го окупираше во 1881 год. Ту-
нис. Овој чекор и олесни на Англија, која од тој миг од своја страна се чувствуваше
онеправдана, во 1882 год. конечно да го окупира Суецкиот Канал и (при оваа пригода),
вр истовреме да го окупира уште и целиот Египет.

Згора на сево ова имаше немири во Албанија, на Крит, во Ерменија, во Сирија, во Је-
мен итн. Исто така, мора да бидат споменати и внатрешно политичките тешкотии кои-
што, откако така наречените Младотурци уште во 1876 год. ја имаа формирано партија-
та за реформа, постепено требаше да се зголемат се до револуцијата (1908) и тие сигур-
но на султанот му причинија непреспани ноќи. Иако Турците, исто така, морале да би-
дат свесни за нивната клучна улога на мореузите во рамките на европската констелаци-
ја на силите, не постоеше никаква гаранција дека тие, сепак, во идната војна, (а таа мо-

раше да дојде - и таа дојде) нема да бидат отстранети од европскиот континент и дека
дури би можело да биде загрозено и постоењето на целокупното Османлиско царство.
И покрај тоа, не можеше да се говори за особена нервоза или за специјални мерки за од-
брана и претпазливост од страна на Султанот.

Можеби мора да се биде Султан на едно огромно светско царство, и тоа во една долга ре-
дица од султани, за да може да се заземе ставот како оној на Ромулус Големиот во истои-
мената комедија на Диренмат (Durrenmat), којшто спокојно ги хранеше своите кокошки,
додека Римската Империја околу него се распаѓаше во урнатини.

Мухамеданците покажаа рамнодушност и во однос на христијаните; Рихард фон Мах
говори за "понижувачкиот став на муслиманите во односот кон рајата".591 Овој став да се
декларира како толеранција било целосно погрешна интериретација. Во врска со пра-
шањата на религијата и погледот на светот, османлиските муслимани се чувствувале себе
си во однос на христијаните супериорни на еден таков начин. така што ним воопшто не би
им паднало на ум нив да ги преобратат во исламската вера (многумина од нив, но пред
се фундаменталистите, и денес се уште го чувствуваат тоа). Во врска со тоа Фон Мах:

"што му беше грижа на горделивиот Турчин за тоа дали рајата верувала во овој или во
оној бог,... се додека таа остануваше потчинета и ја обработуваше земјата. Муслиманот
дури и чувствува одбивност кога мора,... да го гледа неверникот којшто преминува во ве-
рата на пророкот."591

И покрај тоа, на почетокот имаше присилни исламизирања, особено од редовите на
православните великодостојници, но тие исламизирања денес се оспоруваат. Исто така,
и постојаниот грабеж на деца, на малолетните синови од немуслиманските семејства, со
цел тие да се воспитуваат за армијата и администрацијата (јаничари), што влезе во исто-
ријата под многу по невиното име "избор на момчиња", беше поврзано со присилното

конвертирање во исламот.592 (Во една длабоко чувствителна книга, Гркинката Реа Галанаки ги предава во ликот на Исмаил Ферик-паша долготрајните психички трауми на грабнатите и присилно исламизираните деца.593

Подоцна, мухамеданците многу повеќе практикуваа да се потпрат на нивната сопствена стратегија за преобраќање во исламот: со привилегијата за ослободување од даночните задолженија и зголемување на шансите за напредување во хиерархијата на армијата и државните дејности коишто, во спротивност, за христијаните - како и купувањето на земјиште - останува недостапни. Овие можности беа потполно јасно спознаени од сите христијани на тогашното време, - и затоа тие беа отфрлени од најголемиот дел, за тие да не мораат да се откажат од својата христијанска вера (исклучок: Босанците и Албанците).

Отаде, исто така, беше јасно изразена и свеста за историскиот развиток помеѓу двете религии. Никој, исто така, ниту еден муслиман. не беше толку лошо информиран, за тој, на пример, да не ја поврзеше причината за влијанието на Крстоносните војни со претходното присилно ширење на исламот. Во тоа време никој не би му поверувал на идеолошкиот трик во дефиницијата според која ширењето на исламот со палежи и меч

не била никаква војна, затоа што светиот Џихад не би смеел да се означи како војна. а Американскиот историчар Вил Дурант проблемот го опишува на следниов начин:

"цели три (?) века христијанството го доживеа пробивот иа исламот, тоа мораше да гледа како тој едноподруго ги освојува и ги проголтува христијанските земји и народи ..." се додека "мегусебно спротивставените цивилизаци ... (не се судрија) во Крстоносните војни."
(исто,стр.602)

Затоа, ставот, којшто денес често се среќава во редовите на западните водечки личности - вклучително научници, - според кој тие ја признаваат вината на христијаните во Крстоносните војни, без тие, притоа, тој факт да го објаснат како реакција на Џихадот, во тоа време не би бил посматран како знак за покајничко настроение и благородна подготвеност за компромис, туку како непознавање на науката и погрешно толкување на историските процеси.

3.1 Коистантинопол и Македонија како точки на крстосување на туѓите интереси

Уште првиот релевантен примерок во актите нуди едно изненадување. Од еден доверлив Aide-Memoire, којшто царскиот турски амбасадор во Берлин, Саид-паша, го доставил до германското Министерство за надворешни работи за демаршот врз основа на препораката од Константинопол во 1883 год., може да се заклучи дека Високата порта стравувала од офанзивата на една алијанса од балканските држави Грција, Бугарија, Србија и Црна Гора, која би била примарно насочена против Османлиското царство.594

Во досегашните поглавја за поединечните земји веќе на многу места беа прикажани документите кои докажуваат дека во текот на триесетгодишниот развиток од Берлинскиот конгрес до Балканските војни повремено се појавуваа и индиции според кои "заверата" на балканските држави против Османлиското царство, со цел да се анектираат неговите последни територии во Европа, на Султанот и на неговата влада, на Високата порта, во никој случај не му беа непознати. Меѓутоа, сепак, изненадувачки е фактот дека веста за офанзивниот сојуз против Турција се беше пробила до Константинопол веќе пет години по Берлинскиот конгрес, тоа значи во мигот, во кој, додуша, навистина, се коваа такви планови, но самиот Балкански сојуз се уште лежеше во далечната иднина.

Според тоа, треба да се има предвид дека Османлиското царство во никој случај не

беше целосно неинформирано, па така тоа ќе можеше благовремено да реагира со про-
тивмерки. Од друга страна, можеби Султанот и неговиот кабинет, сеќавајќи се на посто-
јаното турско повлекување во текот на изминатите векови, бездруго беа свесни за сила-
та на ослободителните движења и за тежината на силите коишто стоеја зад нив, додека
Турците, во својата фаталистичка пасивност, беспомошно ја посматраа својата пропаст.
Тие, можеби, токму заради ваквата свест реагираа толку нереално на знаците на време-
то како и другите империјални и имепријалистички сили пред нив и по нив, имено, со
тактиката на одлагање, потиснување и слични механизми. Речовито сведоштво за тоа
нуди еден извештај на амбасадата во Константинопол. според кој Портата, едноставно,
ги игронирала заканувачките последици:
"Гласините ... за политичкиот договор склучен помеѓу Грција, Бугарија и Црна Гора, кој-
што, исто така, требаше да се однесува и на заедничкото постапување во случај на војна во
која би била вмешана Турција, овде немаат оставено голем впечаток, каде што никој не са-
ка да верува во едно, дури и привремено, обединување на бугарските и грчките интереси."595

Турците, можеби, очајнички се држеа за надежта дека Големите сили, како што тол-
ку често беше потврдено, нив нема целосно да ги остават на цедило - што во најкрајната
консеквенца, потем, и навистина се потврди.

Сличен став може, исто така, да им биде припишан и на Македонците, коишто, очигледно, не можеа да си замислат дека нив, во нивната праведна борба за слобода
против Турците, Европа навистина би ги оставила на цедило.

Многу значаен е еден напис којшто "Норддојче алгемајне цајтунг" ("Norddeutsche Allge-
meine Zeitung") го имаше преземено од софискиот "Балкан", во којшто се констатира:

"Постоењето на Турција веќе со години е едно прашање чие што разрешување се спречу-

ва единствено од силите што се заинтересирани за тоа. На Турција и е позната нејзината
состојба и таа затоа повеќе не смета за неопходно да се погрижи за внатрешната органи-
зација на земјата. Таа е уверена дека нејзиниот опстанок зависи единствено од среќата и
од фактот дека во неа се вкрстуваат интересите на Големите сили."596

Со тоа весникот кратко и јасно, но многу точно го резимира најзначајното за прежи-
вувањето на Османлиското царство на европската почва. Интересно е што весникот го
продолжува своето согледување со тоа што односите на Големите сили во однос на Тур-
ција ги споредува со односите на малечките балкански држави во однос на остатокот од
Турција, имено, во односот кон Македонија. (Сосема е разбирливо дека бугарскиот вес-
ник ги претставува односите на еден таков начин, небаре ниту Србија, ниту Грција не
пројавувале желби за Македонија, туку единствено Бугарија.) Доколку се занемари вак-
вото ритуално повторување, во секој случај, изненадувачки е тоа што весникот призна-
ва дека патиштата на овие три балкански држави се "вкрстувале во Македонија".

Не е исклучено дека Македонците - доколку тие воопшто биле запознаени со шпеку-
лациите и интригите на нивните соседи, што треба да се претпостави со оглед на дејнос-
та на бандите од соседните држави- уште на крајот на 19 век се потпирале врз надежта
дека антагонистичките интереси на нивните соседи не само што се вкрстуваат во нивна-
та земја, туку дека тие, притоа, со тоа и се неутрализирале. Тоа значи:

Исто онака, како што апетитите на европските големи сили мегусебно се укинуваа
во Константинопол (и на мореузите), со што остануваше зачувано постоењето на Ос-
манлиското царство, на истиот начин и Македонија би можела да преживее во мирното
јадро на бурата која што ја предизвикаа нејзините соседи. Доколку Македонците по Бер-
линскиот конгрес негуваа вакви размислувања, тогаш нивните надежи не ќе ги излажеа
во текот на целите триесет години - се до 1912 година.

Калкулацијата на Македонците ќе можеше да опстане, исто така, и подоцна доколку
силите на Антантата не ќе беа ги врзале за себе балканските држави со сојузите на што-
та на Македонија. Да не беше..., да не беа...

За да извлечеме една паралела помеѓу Македонија од XIX-от век и Република Македо-
нија од 1991 год., може да се покаже дека размислувањата на новоформираната држава
навистина одеа во таа насока. Македонскиот претседател Киро Глигоров во многубројни-
те политички разговори со странските политичари укажуваше на предноста на Македо-
нија во тоа што таа се наоѓала во рамношежа помегу желбите на нејзините соседи.

Доколку една од соседните држави пред лицето на светската јавност ќе го земеше
врз себе срамот да ја нападне беспомошната Република Македонија (како во 1912 год.)
за да ја распарчи (како во 1913 год.) тогаш, навистина, веднаш, повторно, во тоа ќе се
вклучеа и другите соседи; од друга страна, меѓународните организации ќе мораа на Ма-
кедонија да и гарантираат заштита според меѓународното право. Одовде потекнуваше

првобитното стравување на европските држави и на Америка заради радикализацијата

на српската политика под водството на Милошевиќ:

"Српската 'мегали-идеја' со ништо не се разликуваше во нејзината темелна структура од
грчката, бугарската и хрватската 'мегали-идеја' и таа, во нејзината суштина, остана неиз-
менета и денес. Совмесно на опортуноста, националистите се повикуваа де на историско-
територијалните, де, одново, на етничко-културните права."597

Заради ваквата констелација во првите години на македонската независност стана

честа и вообичаена метафора сликата на Михаел Вајтман за "четирите огнови" околу
Македонија,598 односно споредбата на Штефан Требст со "четирите волци"

Тоа одеше околу десет години добро. Во меѓувреме, се чини, дека, со оглед на тајфу-
нот од неочекувана страна, се уништуваше надежта за опстанокот на Македонија. Како
застапник на останатите три нации, се чини, дека албанското малцинство си има стекна-
то за себе (да не речеме: си има купено) многу поддршка од западната - како европска,
така и американска - страна, така што постојат длабоки сомнежи во зачувувањето на
погоре опишаната рамнотежа. И покрај еден помалечок недостаток во обликувањето
на уставот, за Албанците не постои никаква ниту најмалечка правна основа да смеат да
ги спроведуваат експанзионистичките територијални и сецесионистички планови во на-
сока на Големо Косово (или Голема Албанија). Затоа што тие самите знаат дека нема
таква основа, тие се обидуваат нивните територијални претстави да ги спроведат со на-
силство и етничко чистење.

3.2 Турската дилема во изборот на противмерки

Српскиот крал Милан од 1882 до 1886 год. сметаше дека целосно е можно решението
на ориенталното прашање по мирен пат. Балканскиот сојуз, чијашто идеја "се уште ле-
жела во потполно детство", не претставувала "опасност за никого".

"За волја на вистината, апсолутно неопходен (така стои во текстот) предуслов на еден та-
ков сојуз, на чиј врв ќе можеше да застане Портата, беше таа да се одлучи да ги задоволи
националните стремежи на поединечните држави и да прифати да и преостане Констан-
тинопол и една соодветна територија."599

Дали, пак, беше вина на кралот Милан тоа што Султанот не сакаше да сфати дека
тој ќе можеше да го зачува мирот доколку се откажеше од неговите европски врски се
до Константинопол и од едно малечко парче од територијата? (Ова малечко парче, во
коешто навистина се состоеше подоцнежното решение, беше Источна Тракија.)

При сета флегматичност и сета резигнираност на ориенталците, она што, сепак, кралот Милан во овој концепт му го изложи на германскиот пратеник Фон Брај (von Bray), не беше само едно целосно потценување и погрешна проценка на одбранбената подготвеност на Турците, туку тоа беше, кусо речено, дрскост (и со тоа, можеби, исто така, веќе и еден симптом за општото распаѓање на Османлиското царство.) Главната теза на турскиот врв беше претпоставката дека секој Балкански сојуз би бил неминовно насочен против Османлиското царство. Совмесно на тоа, турското учество би имало за задача, кога тоа веќе не можеше да ја скрши острицата на овој сојуз, тогаш барем неа да ја свитка од насочеността на Константинопол во друг правец, и тоа уште многу пред избувнувањето на непријателствата. Постепено беше сигнализирана и согласноста од другите балкански држави, додуша, како што веќе неколку пати беше образложено, само привидно, и тоа како во однос на Големите сили така и во однос на Турција. Имено, во ме-

ѓу време, се беше оформил еден дополнителен мотив: за да се добие на време, како маневар за одлагање, можеше да биде основан било каков сојуз со Турција. Бидејќи, имено, програмата на тајниот сојуз на Младотурците од 1889 год., "Единство и напредок" на многу потчинети им даде нова надеж. Таа надеж, навистина, беше разочарана во 1892 год., кога атентатот врз султанот Абдул Хамид, организиран од Малдотурците, остана неуспешен и членовите на тајниот сојуз емигрираа во странство (Париз) за да ги избегнат репресалиите. Но пламенот на револуцијата веќе никогаш повеќе не беше целосно згаснат.

Еден извесен период дури и султанот припаѓаше на застапниците на идејата за турско учество во Балканскиот сојуз. Германското претставништво во Букурешт за ова

приложува еден податок коешто го дознало од поранешниот романски министер за над-
ворешни работи, Алекандар Лаховари (Alexander Lahovary): Султанот се сретнал во Па-
риз со српскиот (во тоа време поранешен) крал Милан и се заложил за еден сојуз на Ср-
бија, Бугарија и Романија, којшто

"во Турција би наишол на искрен заштитник и кој, во дадено време, би можел многу да
придонесе за зачувувањето на интегритетот на Османлиското царство."600

(Возможно е дека, како што беше погоре споменато со тоа, Султанот се обидел да
го надитри српскиот крал; поинаку, човек би морал неговиот предлог да го смета за ка-
тастрофално наивен. Небаре Србија да била некогаш заинтересирана за интегритетот
на Османлиското царство!) Во секој случај, Милан се наоѓал во теснец: тој, како пора-
нешен крал, не можел едноставно за својот наследник, дури и тогаш кога тоа беше него-
виот син, да ја прифати понудата, но тој од своето срце, исто така, не сакаше да направи
разбојничко дувло; значи, тој се обиде

"на великодостојникот да му објасни дека Србија за таа ...услуга ... би морала да добие една
компензација."600

Додуша, Султанот потоа веднаш ја сменил темата.
Значи, тој воопшто не бил наивен.

Пред германскиот пратеник во Белград, Фрајхер фон Векер-Готер (Freiherr von Wae-
cker-Gotter), Милан немал потреба да изигрува ваква "претпазливост". Многу повеќе, тој
можел непречено да говори, што тој и го сторил кога рекол:

"Никој нема да сака да го оспори фактот дека порано или подоцна од Европа мора да ис-
чезне турското владеење."... "Турското население во балканските покраини тоа го чувс-
твува инстинктивно зашто, селејќи се, тоа постојано се намалувало."600

Монархот се изразил многу јасно и во однос на идејата за поделбата на Македонија'.
Големите сили стоеле пред нужноста "да создадат приближна рамнотежа помеѓу малеч-
ките балкански држави". Многу впечатливо!

Кој дел од Македонија би и припаднал на Србија, на Милан, очигледно, му било сосе-
ма сеедно, се додека тој дел не би бил помалку од она што би го добиле "нашите конку-
ренти". Затоа што оние коишто тој ќе морал да ги интегрира во Србија ќе биле во најго-
лема мера Македонци - како и Бугарите Македонците во Бугарија и Грците во Грција -
значајна би била само апсолутната големина на српскиот дел.

Милан сметал дека одговорни за тоа, како највисока инстанца, биле Големите сили,
со што тој се наоѓаше многу блиску до вистината:

"Балканските држави... во крајна линија се творбите, децата на Големите сили. Тие, ота-
де, поседуваат извесни татковски задолженија кон нив...601

Во тие задолженија, очигледно, ги беа положиле своите надежи и Македонците... Но,
несомнено, Милан својата забелешка многу повеќе ја посматрал како апел до Големите
сили упатен на нивната функција на заштитник, а не како гест на потчинетост, зашто
Големите сили, навистина, беа неопходни за актот на конечното отцепување на по-
единечните балкански држави од Османлиското царство, но за единственоста на племи-
њата, што значи, исто и за нивниот интегритет, беа одговорни самите балкански народи.

3.3 Младотурците - помеѓу Балканскирт и Двојниот сојуз

Би можело да се каже дека помеѓу решавачката 1878 год. и Првата балканска војна
во 1912 год. со нејзините далекусежни последици, сите останати термини (помеѓу овие
два датума) целосно избледнуваат во нивната значајност. Мегутоа, затоа што истори-
јата никогаш не започнува одново во една определена фиксна точка, туку таа, секогаш,

е вкоренета во една предисторија, исто така, и други настани меѓу тие два датума имаа,
бездруго, своја тежина и свои влијанија. Да се потсетиме, на пример, на годините

-1885 со бугарското обединување и српско-бугарската војна,

-1891, 1894 (во Битлис) и 1895 (во Трапезунт) со масакрите врз Ерменците како и со
понатамошната точка на кулминација во август 1896 во Константинопол (големата кри-
за којашто Турција ја преживеа затоа што велесилите повторно не можеа да се согла-
сат, ниту барем за заедничките планови за реформите),

-1894 и 1896, со новите немири на Крит, понатаму 1897, со тамошната грчка окупаци-

ја.

-1895 и 1896, со новите востанија во Македонија кои, додуша, секогаш одново беа за-
душувани, но коишто, меѓутоа, Големите сили постојано ги потсетуваа на неуспехот во
остварувањето на реформите што ги беше ветила Турција,

—1897, со грчкотурската војна во Тесалија,

-1898, со колежот на стотиците христијани од страна на фанатичните муслимани на
Критиод

-1902, потоа, повторно со немирите во Македонија (како и во Албанија), одново по-
врзани со страотни злосторства и насилства. Кога во декември 1902 год. Големите сили,
конечно, побараа од Турција таа, сепак, да се зафати со реалистичните мерки, која беше
подготвена за таа цел да задолжи еден способен инспектор, во тој миг предлогот на Хус-
ни Хилми-паша пристигна премногу доцна; зашто во пролетта 1903 год. во Македонија
повторно беше распламтено востание коешто нарасна се до она на 2 август, на празни-
кот на Св. Илија (Илинден) во Крушево.

Овој настан, како што веќе беше споменато во воведот, за Македонија имаше суд-
бинско значење. Тој, делумно, имаше и меѓународни последици: затоа што по Илинден-

ското востание повторно започнаа турските мерки на репресалии, Австрија и Русија беа
уверени дека мораат да се вмешаат во полза на Македонците. Затоа тие на 3.10.1903 год.
го прогласија таканаречениот Мирцштегски нацрт договор со надеж дека турските ре-
форми во Македонија би можеле, сепак, да бидат поттикнати откако ниту според пла-
новите за реформа на султаните Селим и Махмуд ниту по писмените задолженија на
Турците во мировните договори од Кучук-К. во 1774 год. и во Париз 1856 год., ниту по
Берлинскиот договор во 1878 год. не можеа да се забележат некакви супстанцијални
напредоци во однос на еднаквоста на религиите или пак во администрацијата, но осо-
бено во областа на правосудството. Патем, "Мирцштег" не ги попречи Русија и Австрија

во тоа на соседите на Македонија, како што веќе претходно споменавме, да им забрани
да се вмешаат во македонското востание со цел да им изразат поддршка на востаниците.

Но, зошто ли...?
За програмата од Мирцштег Штефан Требст пишува:

• "Во 1904-1909 год. Големите сили попусто се обидувале да го стабилизираат кризното
подрачје во Македонија коешто беше потресено од востанијата." На пример, Големите
сили декретираа една реформа на жандармеријата во немирното османлиско подрачје на
Македонија, која во годините од 1904 до 1909 беше преобразена'на дело од страна на по-
лициските офицери од Италија, Русија, Германија, Франција и Австро-Унгарија - кој при-
тоа не би помислил на меѓународните полициски ангажмани под водство на Западноев-
ропската унија во Мостар, во Босна и Херцеговина во 1994-1995 година, како и во Алба-
нија во 1997 година?'602

Напротив, за целокупниот Балкан, та дури и за цела Европа, настаните на Младотур-

ската револуција од 1908 год. се здобија со еден специјален квалитет. Тоа станува особено јасно кога тој развиток се посматра на заднината на "револуционерната" промена на констелацијата на силите во Централна Европа во врска со британско-француската Entente Cordiale од 1904 и, надградувајќи го тој факт, вовлекувањето на Русија во овој сојуз се до Tripel-Entente во 1907 година.

Подоцнежните последици за цела Европа не се замисливи без оние јазли кои беа заплеткани во текот на овие години.

Како причина за Балканот фигурираше револуцијаша на Младотурците. За волја на вистината, тие, од своја страна, си дозволиле да бидат поттикнувани да ги забрзаат нивните планови за државниот пресврт, затоа што Султанот на 24 јули 1908 год. Прогласи избори за пратеничкиот дом, коишто евентуално ќе можеа да ја стабилизираат неговата власт, - а едно такво стабилизирање ќе беше исто толку штетно за целите на Младотурската револуција, колку и за оние на балканските држави. (!) Постои дури и хипотезата дека Младотурците дозволиле да бидат поттикнати да ги забрзаат нивните планови за пресврт како последица на погрешната интерпретација на договорите на англиско-руската средба на монарсите во Ревал на почетокот на јуни 1908 год. (со божемната цел за интензивирање на реформите во Македонија). Малку потоа дојде до избрзани акции, односно реакции на некои држави:

Следеше независноста на Бугарија и австриската анексија на Босна и Херцеговина.
Имаше, исто така, и нови обиди на Крит да се прокламира приклучувањето кон Грција, - но кога-тогаш чашата беше преполнета: (Младо)Турците се заглавија токму во овој предмет на конфликтот за тие, по толку многу порази, да не го загубат уште и овој остров.

Шефот на мисијата Фон Вангенхајм (von Wangenheim) подоцна ги резимираше неговите впечатоци за настаните на следниов начин. Причините за турското непријателство морале да произлезат од расположението кое

"ги зафати редовите на Младотурците кога тие, непосредно по настапот на нивното владеење, не беа во состојба да ги спречат познатите отсечувања на турското државно подрачје. Турскиот шовинизам, што беше разбуден со загубата на Босна и Источна Румелија, бараше слободен пат за себе и, природно, тој се сврте кон прашањето на Крит. Крит, се уште, можеше да се спаси за Турците..."603

Тоа што Младотурците продолжија понатаму да маршираат по патеката изодена од Султаните беше едно неочекувано изненадување - и разочарување. Исто така, и многу Турци од нив очекуваа модернизација, уставотворност и, можеби, дури и демократизација, особено откако во јавноста стана позната нивната програма за реформи од Париз

(1907). Разбирање и поддршка, та дури и непосредна помош при ослободувањето од стариот феудален систем, од нив очекуваа, пред се, се уште турските (христијански) подрачја во Европа. Исто така и Македонците, кои своите специјални надежи ги имаа положено во подоцнежниот "татко на Турција", Кемал Ататурк, којшто беше роден во јадрото на нивната средина, во Солун, и долги години живееше во турскиот гарнизон во Битола и тој таму, исто така, ги разгледуваше плановите за револуција. Но не само тоа:

"Младотурската револуција изби... во Македонија." "Во настаните на Младотурската револуција беше иволвирано и македонското население. Така, под водството на Јане Сандански, на страна на Младотурците се бореа разни македонски револуционерни групи, како за целите на Младотурците, така и за автономијата на Македонија во рамките на турската држава. Кога Младотурците, потоа, навистина дојдоа на власт, нивните ветувања коишто тие му ги беа дале на Јане Сандански, сепак, не беа исполнети."604

Марк Мацовер на Македонците дури им припишува една многу поактивна улога;

имено, тој пишува (исто, стр. 172), при што се повикува на "Brithish Documents on Foreign

Affairs):

"реформистичките офицери на македонската армија, коишто беа огорчени заради осман-
лиската слабост и за непрекинатата западна интервенција, во 1908 год. изведоа едно вос-
тание против Високата порта. Кога султанот Абдул Хамид прогласи дека тој повторно
ќе го воведе во сила уставот од 1876 год., во покраината се разбранува еден бран на оду-
шевеност и се чинеше дека, можеби, под водство на револуционерите царството ќе биде
преобразено во држава на многу народи, со религиозна еднаквост и граѓански права за
сите. Во Македонија имаше еден краток миг на радост."

Тоа мора да бил еден многу краток миг...

Сандански, водачот на (левичарската) Сереска група стана познат со неговите напо-
ри да ги подобри шансите за македонската автономија со тоа што се обиде Македонија
да ја смести во плановите за федерација, "за да може да ги спречи спротивставените ин-
тереси на конкурирачките балкански држави." Зашто тој, како и многу други Македон-
ци, во деценииите по Берлинскиот конгрес не можеа да ги превидат нараснувачките стру-
ења против македонскиот "стремеж да го докажат не-бугарскиот, не-српскиот и не-
грчкиот идентитет на Македонците"604

Иако Македонците во 1909 год. можеа да бидат сигурни во поддршката на "македон-
ската емиграција", во прв план од Швајцарија, а дури и на понекои Младотурци, не мо-
жеше да се надмине отпорот на соседните држави кои со железна дисциплина ги сле-
деа нивните империјалистички цели и, во меѓувреме, веќе одамна за тоа ја поседуваа
дозволата на Антантата!!Торстен Сцобрис во врска со ова презема една констатаци-
ја на Фикрет Аданир:

"Становиштето на групата на Сандански за еден "модерен политички процес на формира-
ње на нацијата во Македонија"... беше ... "осудено на пропаст од тогашниот развиток на
политичките сили..."605

"'Се повеќе станува јасно зошто...

Како што извести амбасадорот Фон Метерних (von Metternich) од Лондон, водачот на
младотурската партија, бегот Ахмед Риза, во едно интервју за агецијата Ројтер, по на-
лог на комитетот за единство и напредок направил во врска со темата Балкански сојуз
забелешка дека една таква алијанса меѓу балканските држави и Турција "била посакува-
на и возможна врз политичка и економска основа"606 Но веќе една недела подоцна ова
мислење, кое, впрочем, беше повеќе раководено од желбите, се повлече пред еден реа-

листичен поглед врз нештата. Турскиот официјален весник "Танин" беше оној што пос-
тави една противтежа на оптимизмот на Ахмед Риза:

"Во принцип, замислата била многу хумана и достојна за почит, но нејзиното реализира-
ње, сепак, под сегашните услови мора да остане празна желба; бидејќи недостасувале
реалните претпоставки за тоа. Турција би можела да пристапи во еден таков сојуз само
под услов доколку нејзе и била 'доделена' хегемонијата, приближно онака како што таа
во Германија беше спроведувана од Прусија. Турција би била подготвена да ја преземе
таа улога... Но при посматрањето на најновите настани (овде: анексијата на Босна) човек
би морал многу да се сомнева во тоа дека малечките држави на Турција би сакале да и
признаат една ваква хегемонија. Бугарија не била во состојба да го тргне погледот од Со-
лун и Цариград (Константинопол), Србија ги спроведува своите панславистички идеи, а
Грција ги следела нејзините утописки големохеленски планови. Значи, многу далеку од

тоа тие да ја прифатат хегемонијата на Турција, овие држави се стремат кон тоа да
основаат сопствена хегемонија. Отаде, Турција не мисли на сојуз и дури и не се осудува да
мисли и на некоја Антанта."607

Ова сознание, всушност, не би смеело да биде ново за Портата, зашто уште во 1883
год. тогашниот турски министер за надворешни работи Арифи-паша беше одговорил
иронично на прашањето на амбасадорот Фон Радовиц (von Radowitz) за било какво тур-
ско членство во Балканскиот сојуз: "J'espere au moins que persone ne nous jugera assez be-
tes..."608

Од неволја на Турција не и преостана ништо друго освен да се обиде да се потпре врз
една од европскише алијанси. Амбасадорот Фон Маршал (von Marchal) прочита во грч-
киот весник "Тахидромос" дека тенденцијата во Константинопол се приближува во на-
сока на германско-австрискиот сојуз; тоа уште повеќе, затоа што Младотурците беа
уверени во тоа "дека требало да се формира еден Балкански сојуз под протекторат на
Русија и Италија. Овој сојуз ќе се борел за принципот "Балканот на балканските наро-
ди".609 Тоа Младотурците го имаа јасно сознаено.

Со тоа беше веќе сега воведено турското решение во однос на Германија кое праќ-
тично дојде до израз дури во текот на Првата светска војна.

Една речиси идентична процена пристигна во германското Министерство за надво-
решни работи од Атина. Пратеникот Фон Вангенхајм известува за еден разговор со не-
говиот турски колега кој имал кажано:

"целта на сојузот може да биде само богатење на другите држави на сметка на Турција."610

Како што подоцна се покажа тоа, сепак, беше само надворешниот аспект на Балкан-
скиот сојуз, затоа што Антантата следеше сосема други цели.

Затоа што насекаде беше познато дека зад сојузот стоеше Петербург - како острица-
та на копјето на Антантата - Наби-бег предвидел

"дека интригите на Исволски (на рускиот министер за надворешни работи) ќе ја натерaат
Турција во прегратката на Тројната Алијанса."610

Како што подоцна се случи.

(Како потсетник за Тројната Алијанса: Познато е дека Германскиот Рајх во 1879 год. на инсис-
тирање на Бизмарк - иако, исто така, против неговата првобитна надеж да не мора да се врзува во
политички сојузи - сепак, пристапил кон таканаречениот Двоен сојуз со Австрија, откако Русија на
Германците им ја префрли "главната одговорност за очигледниот неуспех" на Берлинскиот кон-
грес.611 По пристапувањето на Италија, во 1882 год., настана Тројниот сојуз, Трипел-Алијансата -
за разлика од подоцнежната Tripel-Entente помеѓу Франција, Англија и Русија.)

Соодветно студена беше реакцијата на турскиот министер за надворешни работи Ри-
фаат-паша на прашањето на германскиот амбасадор во врска со еден прилог во "Танин"
за Балканскиот сојуз .Секакви предлози на малечките балкански држави ќе биле раз-
гледани без, притоа, Турците да сакаат самите да ја преземат иницијативата, но

"вистински интерес имаме единствено за пријателски и доверливи односи со Романија ко-
јашто претставува една природна противтежа на големобугарските стремежи."612

Ова групирање подоцна, навистина, најде потврда во понатамошниот развиток ,ба-
рем што се однесува за заедничкото објавување на војна на Бугарија од страна на Тур-
ција и Романија во Втората балканска војна. Наспроти тоа, во Првата светска војна,
обете појдоа по различни патишта: на 1.11.1914 година Турција влезе во војната на стра-
ната на Централно-европските сили, а Романија, со објавувањето војна на Австрија на
27.8.1916 година, пристапи на спротивната страна.

3.4 Фалангата против Македонија се формира J

Фронтот на реалистите во редовите на турските политичари во никој случај не беше
единствен; имаше доволен број од оние кои и понатаму, дури и во 1910 год., "копнееја по
еден словенски Балкански сојуз под турско водство", - очигледно во се уште живото
мечтателно мислење "дека (со тоа) Турција би можела да ги присили Србија и Бугарија
да го зачуваат статус квото на Балканот."613 Се разбира - тоа беше илузија.

Русија, исто така, не престануваше со своите обиди "да ги стави под исти именител...
Бугарија и Србија", извести пратеникот Фон Кидерлен (von Kiderlen) за еден разговор со
романскиот премиер Братиано (Bratiano). Двете држави требаше "меѓусебно да се задол-
жат со (desinteressement) во однос на Македонија дури и (во случај)... да не останеше зачу-
вана состојбата на статус кво. Доколку таа некогаш би се изменила, тогаш "Србија... ќе
го добиела Санџак". Додуша - "за тоа, што би требало да добие Бугарија", Русите "може-
би, се уште, ниту самите немале одлучено..."614 Како тоа?

Да имаше едно подрачје за кое Бугарите постојано тврдеа дека тоа им припаѓало
ним затоа што тоа веќе порано било населено од луѓе кои говореле бугарски и, во суш-
тина, биле Бугари, Русија не можеше да најде една таква територија за да и ја вети на
бугарската влада "како компензација" за извесно добро поведение? За ова постои само
едно објаснување: ,

Се разбира, како и сите Големи сили, Русија беше најпрецизно информирана за ет-
ничките односи на Балканот. Доколку една област во Македонија би била населена ду-
ри, и со некое малечко бугарско малцинство, тогаш Петербург немаше да се колеба ни-
ту еден миг да им ја вети таа област на Бугарите како што и го вети Санџак на Србија, -
и како што во 1885 год. на Бугарите (nolens volens) им ја препушти Источна Румелија.
Но, имено, една таква област немаше. Како тогаш дури и самата силна Русија можеше
да даде едно какво-годе разбирливо ветување? Русите, како што рече премиерот Брати-
ано, имено, "и самите се уште не ја имаа најдено" таа област.

A propos "бугарско малцинство": всушност, навистина немаше ниту некое малечко бугарско малцинство во Македонија. Во една статистика на "Osteuropa-Handbuch.Jugoslawien" како и во "East Europiean and Sviet data handbook<." од Пол С. Шоп (Paul s.Shoup) за годините 1921 и 1948 може да се прочита следново - (двете табели се поделени според шесте подрачја во рамките на ЈугославиЈа.)615

1). За 1921 година под Македонија помегу седумте етноси, и збирната графа "останати", не е наведено никакво бугарско малцинство, иако се уште се земени предвид малцинствата што се на број од 100 лица.

Од разбирливи причини немаше исто ниту Грци. Од каде ли ќе требаше да дојдат! Конечно, во Балканските војни не беа Македонците оние што анектираа бугарски и грчки области, туку овие две земји запленија македонска територија заради што и двете - до денес - поседуваат македонски малцинства, дури и ако тие во нивната бројка биваат минимизирани, понижувачки преименувани ("славофони Грци") или целосно оспорувани.

2). За 1948 година, за Македонија во рамките на единаесетге етноси и во мешаната

графа "останати", во секој случај, се наведени 900 Бугари (процентуално од целокупното

население: 0,0%), - но, не и Грци.

Тоа не ја спречи Грција по македонската независност во 1991 год. да ја влече светската јавност за нос и да тврди дека во Република Македонија живеело еднопотчинето (!) - малцинство од 300.000 Грци. Откако од ова пропагандистичко волшепство со бројки, и при најдобрата волја, не можеше да се конструира дури ниту најмалечката основа за претензии кон македонската област, Атина подоцна се правдаше дека под таа бројка биле разбрани (македонските) бегалци и преселници (за време на Балканските војни и Граѓан-

ската војна во Грција), - коишто, конечно, претходно живееја во Северна Грција!
Убава чорба која Грците со тоа самите си ја зготвија.

Но, затоа што светот е прилично неинформиран и набрзо го заборави и овој скандал,
брзо беше заборавена и оваа провокација - премногу брзо.

Во спротивниот случај, Грците од своја страна немаше да се откажат од тоа на Македонците долги години постојано да им повторуваат еден дел од оваа проблематика...

За горе споменатата руска препорака до Србија и Бугарија за воздржаност во однос
на секакви насилнички конфликти во и околу европска Турција има и едно друго објаснување:

Сепак е многу чудно: Русија правеше напори да ги "задолжи"(!) Бугарија и Србија,
доколку еден ден дојде до промена на ситуацијата на статус кво, односно: појасно откол-
ку што премиерот Братиано сакаше да се изрази пред ополномоштеникот Фон Кидер-
лен - во случај да дојде до војна за Македонија, тие тогаш требало да се воздржат; тие за
тоа би биле во друга пригода наградени, независно на кој начин.

Што е сега ова? Дали Русија, сепак, сакаше да ја резервира Македонија за себе? Во ни-
кој случај. Меѓутоа, паѓа в очи дека воошто не станува збор за тоа на кој начин една трета
соседна земја на Македонија би требала да биде наградена, којашто, исто така, трескавич-
но се стремеше да освои што повеќе територија: Грција. Во тогашниот момент, значи, во
случај да дојдеше до промена на состојбата на статус кво (тој ден беше оддалечен само го-
дина и пол) Грција не беше вклучена во руските опомени за воздржаност!

Може ли, притоа, да се говори за префинети итроштини, доколку се претпостави де-
ка европските династии под водство на царот веруваа дека нашле еден договор на грч-
ката монархија да и ја препуштат турско-македонската територија како подарок?

По Ревал овој заклучок може да важи како сигурен, иако не и како обврзувачки.

Оти, зошто би требало токму на Грција да и биде дозволено во Балканските војни да го
грабне за себе најголемиот дел од Македонија? Додуша, Атина мораше за нејзиниот дел
самата да се избори - без воено вмешување на Русија (но уште помалку на Англија).

Во врска со резултатот од оваа борба, Кристијан Фос на следниов начин ја опишува
состојбата по војната:

"Грција и Србија - кои отсекогаш во своето самочувство се гледаа како два херојски наро-
да ослободители на Балканот - се големите добитницп и добиваат 51%, односно, 38% од
османлиската банкротна маса на Македонија.'616

Како што подоцна се покажа, Русија, односно, Антантата, ја беше направила сметка-
та без двете запоставени земји. Од гледиштето на Србија и Бугарија овој "deal" првобит-
но изгледаше вака:
Големите сили ќе дозволеле насилството да има предност пред правото, - и тоа се до-
дека беше гарантирано дека би можел да биде зачуван барем привидот на принципот
статус кво. Затоа што Русија и Англија немало да се вмешаат. Австрија веќе го анекти-
рала својот плен, а Франција од 1871 год. немаше никаков друг интерес освен реваншот
против Германскиот Рајх, Србија во никој случај немаше потреба да се задоволи со Сан-
џак туку таа (дополнително!) би ја анектирала и Вардарска Македонија. Исто толку
малку би дозволила Бугарија, со едно неопределено ветување, да биде оттргната од нај-
зините големобугарски соништа, туку затоа таа со жестокост би се втурнала во долго
планираната авантура за Македонија. Србија и Бугарија, во никој случај, не би и ја пре-
пуштиле Македонија единствено на Грција како што се чинеше дека си посакува Антан-
тата. Ова, меѓутоа, му предничи на времето.
Од извештајот на пратеникот во Букурешт може да се извлече и еден понатамошен,

многу значаен, аспект: премиерот Братиано одговорил на прашањето на еден руски
дипломат за тоа, како Романија ја оценува проблематиката на Балканскиот сојуз, дека
Турција во врска со тоа ќе барала гаранции
"дека Бугарија и Србија ќе се воздржат од секакво мешање во внатрешните работи на
Македонија."617
Ова е една изненадувачка изјава: Братиано не говори за турската покраина, туку за
Македонија - како за една држава. Понатаму, тој говори - а исто и ова не е некој вооби-
чаен поим во врска со области што немаат независност - за немешање во "внатрешните
работи на Македонија".
Ова право на народите Македонија, тогаш, се уште, не можеше да го бара за себе. До
тој миг помина уште многу време: се до нејзиниот статус како (една) република во
рамките на федерацијата Југославија поминаа цели 35 години:... (Само нека се осудеше
некој шеф на една поединечна република за време на Тито да говори за "немешање во
внатрешните работи" на неговата република, тогаш тој, во најдобриот случај, ќе се
најдеше на југословенскиот концентрационен остров Голи Оток)... а до нејзината
целосна сувереност мораа да поминат цели 80 години.

3.5 Обрачот околу Константинопол се стеснува

Во поглавјата за Србија и Бугарија веќе беше опишано дека двете влади (врз основа
на руската препорака) до Портата имаа испратено "смирувачки ноти", со цел да ги прик-
ријат нивните вистински планови во врска со Балканскиот сојуз, значи, во врска со Ма-
кедонија. Русите, во својот маневар за прикривање на вистинските мотиви во однос на
Константинопол, отидоа уште еден чекор понатаму во своите напори, по основањето на
Трипел-Антантата, да ги дополнат француските и англиските усилби за зголемување на
антиавстриската и антигерманската коалиција: двајцата кралеви, Петар и Ферди-

нанд, требаше со нивните пристапни посети кај султанот да ја разбијат разбирливата - и
оправданата-претпазливост на Турците.618

Првите реакции во турскиот печат во врска со посетата на српскиот крал Петар во
1910 год. одекнаа како што беше планирано:

"Секој обид да се обезбеди стабилноста и миротна Балканот Османлиите (ги исполнува-
ле) со задоволство."619

Во следниот извештај, од наредниот ден, своја сопствена проценка на ситуацијата ну-
ди амбасадорот Фон Микел (von Miquel), По повод посетите на двата словенски крала во

Константинопол тој заклучува:

Кога "словенските владетели, и покрај малата симпатија на христијанските балкански на-
роди за муслиманите, (ќе се одлучат) на Султанот да му ја изразат нивната почит", тогаш,
во програмата би морале да стојат конкретни подготовки за создавање на еден сојуз од
јужнословенските држави со Турција.620" Русија, подржувана од Франција и Италија, се
обидува "да ги увери Турците во неопходноста на сојузот."621

Амбасадорот имаше јасно согледано дека Антантата се обидуваше да го вовлече Ос-
манлиското царство во еден голем Балкански сојуз против Германија и Австро-Унгари-

ја. Тој, додуша, се сомневаше во успехот:

"Турција, многу претпазливо, се уште (се воздржува) со своето решение; при сето љубез-
но. Ж;јворување, нејзе, сепак, ја обзема страв во душата, затоа што таа со Русија ве-
ќе има доживеано премногу лоши искуства."622 Само "еден аспект би можел да ја направи
Портата понаклонета на идејата за сојузот, имено, стравот од обединувањето на бал-
канските држави без Турција."

Овој страв беше основан, зашто подоцна токму така и се случи.

Понатаму, амбасадата споменува дека францускиот печат во Константинопол "без ко-
лебање" ја означувал Австрија како оној "непријател кој треба да се победи со војна":

"Сите балкански народи мораат да склучат еден сојуз за заштита и напад против заеднич-
киот непријател од В и е н а. По грабнувањето на Босна и Херцеговина, не може да им се
верува на гаранциите на грофот Ерентал (Граф Аехрентхал); уште од поразот кај Садова623
хабзбуршката двојна монархија се стреми да се пробие кон Југоистокот и таа во тоа е
поддржана од Германија."624

Од оваа француска атака против Австрија (и, индиректно, исто и против Германија)
произлегува дека Русија многу сериозно мислеше со усилбата да ги вклучи Турците во
Балканскиот сојуз. Она што, сепак, не му успеа на Петербург беше да ја постави во сог-
ласие алчноста за територија на балканските држави, којашто, природно, можеше да
биде задоволена само на штета на Турција, со желбата на Антантата токму таа иста
Турција да се поврзи во антигерманската коалиција. (За ова повеќе во 5-та глава.)

На двете страни имаше причини за постојана недовреливост којашто, навистина, се-
когаш одново беше смирувана но, исто толку често, и одново предизвикана. Треба да се
признае дека не беше неоснована недовербата на Турција во однос на Австрија заради
Босна, најнапред, по Берлинскиот конгрес, мегутоа, уште повеќе по 1908 година. Сепак,
останува иритирачки фактот дека, како што известува претставништвото во Белград,
совмесно на вестите во "Политика", турскиот воен министер Махмуд Шефкет-паша,
движечките сили коишто "го надуваа Македонското прашање" не ги бараше кај балкан-
ските држави, туку кај една сосема друга, трета страна. Затоа што тој во истиот миг им
ја изразува својата доверба на Русите кои, според неговото уверување, не чувствувале
"никаква потреба од освојувања", како мета на неговите стравувања доаѓаат во предвид

само Австријците. Овие биле навикнати на тоа "во Турција да го гледаат болниот старец
којшто, дури, веќе лежел на смртната постела и неговата сопственост требала да биде
поделела во истиот миг кога тој ќе умрел." "Отаде и големата загриженост за Македо-
нија и за Албанците."625

Се додека турскиот паша мислеше на империјалистичката безмерност на Австро-
Унгарија, мора, за жал, да му се изрази согласност, но, притоа, тој ги превиде вистински-
те аспиранти за европска Турција - односно, многу повеќе за Златниот рог и за мореузи-
те. Отаде, се чини апсурдно кога тој на онаа "трета страна" и префрлува дека таа била
онаа "што ги создала нашите внатрешни прашања"!

Никаква трага од самопознание! Освен тоа, едно целосно потценување на карактe-
рот на народните движења за ослободување на балканските народи од турското владее-
ње како и на копнежот на христијаните за слобода и независност од исламското ропс-
тво. Фактот што еден воен министер ја навестува неговата решеност "да не даде повеќе
ниту една педа земја и дури ако ние за тоа би морале да западнеме во оружен конфликт
со целиот свет", може, се уште, да се посматра како ритуал: но кога министерот, како
што известува понатаму пратеникот Фон Рајхенау (von Reichenau), продолжува:

"Ние немаме никаква желба за туѓа територија, но, исто така, не ја даваме нашата"626

тогаш, можеби, тоа е исто толку типично за однесувањето на освојувачите, но, сепак, е
неопходна голема доза на ирониј за да се констатира дека Турција немала никаква
желОба за туѓа земја, и тоа по насилничкото присвојување - и по загубата - на бездруго
најголемата империја во историјата. Меѓутоа, "туѓата" земја на којашто таа се наоѓаше,
и покрај тоа, да ја означи како нејзина сопственост_е еднакво на целосното потсмевање
на милиони и милиони жртви во текот на 500-годишните крстоносни војни, окупација,

потчинетост и експлоатација на "туѓите" народи, како што и сведочи за целосното не-
познавање на европските хуманистички вредности.

Тоа дека европските народи, на крајот на краиштата, своето ослободување не му го
благодарат на мудроста и разбирањето на некогашните освојувачи, туку единствено, и
исклучиво, на нивната подготвеност за противодбрана по цена на нивниот живот, би мо-
жело, .можеби, да се посматра како темна дамка во христијанската скала на вредности,
но во стварноста тоа е само темната страна на по себе блескавата медалја на слободата.
Исто и на "слободата на еден христијанин".

3.6 Историски осврт на еден амбасадор - и прогноза за иднината

Во пролетта 1910 год., во еден извештаЈ долг повеќе од 20 страници, амбасадорот
Маршал фон Биберштајн (Marchall von Bieberstein) ја даде својата оценка за состојбата
во Османлиското царство и за неговите односи со Големите сили. Неговата намера бе-
ше на Рајх-канцеларот да му образложи зошто тој беше уверен во тоа дека и Младотур-
ците, како и порано султаните, и покрај сите обиди на Трипел-Антантата да ги придобие
за себе, ќе бараат поддршка кај Австрија и Германија. Бидејќи Константинопол имал
сознаено дека рускиот стремеж бил насочен кон целта Балканскиот сојуз да го исползу-
ва за тоа "европска Турција и словенските балкански држави да ги подреди во еден рус-
ки протекторат".627

Она што фрајхер Фон Маршал за жал не го објасни (не го созна?) беше фактот дека
коалиционите усилбина Русија и Англија во Балканскиот сојуз веќе претставуваа под-

готвителни работи за европскиот воен конфликт што избувна четири години подоцна.
Исто и посматрањето на Русија изгледа (гледано отпосле!), можеби, малку шаблонско.

Меѓутоа, во врска со политиката на земјата домаќин неговата проценка е стопро-
центно погодена - манифестирана во тајниот воен договор на Турција со Германскиот
Рајх од 2.8.1914 година и, конечно, во влегувањето во војна на Османлиското царство во
октомври 1914 година.

"На обидите кои Русија ги презема во сегашниов миг за да посее недоверба против Авс-

тро-Унгарија не им предвидувам успех. Оној што сака некого друг да направи недовер-
лив, тој мора даја поседува довербата на оној на којшто влијае. Во овој случај, недостига
тој услов." (стр. 6) "Помислата, дека Русија е наследеник, исконски непријател од кого и
во иднина може да се очекува само лошо е длабоко вкоренета во турската душа. Во тоа
не промени ништо ниту политичкиот пресврт." (стр. 7)

Потоа амбасадорот продолжува:

"Во минатиот век Турското царство не се одржа со помош на сопствената сила, туку со
помош на спротивставените интереси на европските големи сили. Толку многубројни и
силни беа конкурирачките наследници на "болниот старец" така што никој од нив не мо-
жеше да се осуди да го забрза отворањето на прашањето на наследството со некој насил-
нички акт. Во оваа смисла, највлијателен е англиско-рускиот антагонизам. Тој доведе до
Кримската војна и, за последен пат, стана влијателен по договорот од Сан Стефано. На
поновата историја и припаѓа фактот, што тогаш Англија беше решена да го употреби
мечот за да ја присили Русија да ги ублажи мировните услови поставени пред Турција, та
потоа беше неопходна сета државничка умешност на Бизмарк да се спречи оваа нова вој-
на." (стр. 8)

Реченици, кои се читаат како да биле напишани за учебниците по историја. Дали
Фон Маршал немаше согледано која реторичка грешка ја беше направил Бизмарк? Ам-
басадорот го сметаше за исклучено членството на Турција во Балканскиот сојуз.
,

"За тоа...има една уверлива причина: Портата како conditio sine qua non ќе бара балкански-
те држави да се откажат во правно најстриктната форма од секое територијално проши-
рување на штета на турското царство." (Потцртано во оригиналот.) "Ниту Бугарија, ниту
Србија, ниту Црна Гора, кога и да е, ќе ги прифатат овие услови. Без да прекине со своја-
та досегашна политика за ова прашање, ниту Русија не може да застане на турската стра-
на. Тоа е толку многу јасно, така што сериозно морам да се посоменавам во тоа дали Ру-
сија, навистина, не се стреми кон заклучувањето на Балканскиот сојуз или дали таа, прив-
ремено, не ја поттикнала таа идеја како средство за цел..." (стр. 6)

Восхитувачки!

Восхитувачки, затоа што ние потомците ги поседуваме сите можности, со обемните
студии на изворниците, барем приближно да ги расветлиме плановите и мотивите на си-
те малечки држави и Големи сили, на сите влади и партии. Тие информации тогаш ам-
басадорот ги немаше. Тој ја имаше само својата образованост и искуството, како и
политичкиот инстинкт, за од информациите со кои што располагаше да ги изготви сво-
ите анализи и од тоа да ги синтетизира своите заклучоци.

Но, сепак!

Сепак, кон восхитот се придружува жалењето за тоа што овој далекувиден човек во
своите размислувања не ги зел подетално предвид катастрофалните последици за Гер-
манија на Entante Cordinale од 1904 и Tripel-Entante од 1907 година (овојпат Ревал го остава-
ме настрана). (Во тој случај, предупредувањата на врвниот дипломат во Берлин ќе мо-
жеа да бидат земени во предвид многу порано и многу поопстојно.)

—— МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗОЛ ——

Уште еден последен пример за прашањето на статус кво:

"Австро-Унгарија ја сака состојбата на статус кво којашто е полезна за нејзините интере-

си. Напротив, за Русија состојбата на "статус кво" претставува само една декоративна
фраза. Тој се дозволува во првата реченица, за, потоа, во негова заплеткана редакција да
се резервира правото статус кво да се отфрли."

Што се однесува до Русија, проценките на амбасадорот наоѓаа целосно потврдување
во историјата - но,дали тој Хабзбург не го оцени премногу позитивно? И понатаму:

"Најчесто се говори за консолидирањето и за слободниот или националниот развиток на
балканските држави, иако тие не се изложени на никаква опасност, туку тие самите ја
претставуваат опасноста за статус кво."

Поточно не би можела да се формулира агресивната политика на војна во однос на
христијанско-македонскиот соседен народ од страна на државите Србија, Бугарија и Гр-
ција, кои и самите важеа како загрозени.

3.7 Решението наближува

Со приближувањето на ова, веќе со децении посакувано, основање на Балканскиот
сојуз - преостануваа уште четири месеци - тонот на изјавите од потенцијалните земји-
учеснички станува се поостар, додека оној од Константинопол станува се повеќе испол-
нет со загриженост.

Од актите јасно може да се забележи дека Големите сили - врз основа на Берлинс-
киот договор - апелираа до Турција и ја повикуваа на мирољубиво однесување. Портата
се согласуваше, но разбирливо, очекуваше дека истиот апел ќе биде упатен и до Бугари-
ја, за таа, од своја страна, да се воздржи од секаков напад на Турција.628

Турскиот министер за надворешни работи, Асим-бег, во средбата со германскиот ам-
басадор изрази голема огорченост заради рускиот став во однос на Балканскиот сојуз,

"за којшто секој турски политичар знае дека тој ќе биде почетокот на крајот за европски-
те поседи на Турција".629

Заради нејзината реалистична содржина, оваа изјава, во последниот миг, на еден ви-
сок турски носител на должност мора да се означи како значајна: веќе тоа што Асим-
бег говореше за европските поседи, а не за "турската сопственост", го потврдува гле-
диштето на еден култивиран и образован човек од висок ранг.

Навистина, идниот развиток доведе, речиси, до крајот на европска Турција. Но тоа
не беше "почетокот од крајот", како што тоа го формулираше Асим-бег. Како што се
обидовме да покажеме во третото поглавје, датумот на тој почеток се наоѓаше веќе
многу порано.

На проблемите, коишто Младотурците ги беа презеле од претходните автократски
влади, им припаѓаа и востанијата кои постојано се распламтуваа. Не може да се прет-
постави дека Младотурците беа свесни за тоа дека повторното избивање на албанските
востанија од 1909 и 1910 год. ќе претставуваат првиот чекор кон нивниот општ пораз.630
Тие во 1912 год. доживеаја пораз, а државната власт можеа повторно да ја освојат дури
во 1913 год., задржувајќи ја во следните пет години се до оставката во 1918 год. како и
нивната непосредна емиграција.

_____стр.206

-Ханс Лотар Штепан —-

Токму Италија, која долги години беше измачувана од незадоволството дека таа,
можеби, од турската наследена маса не ќе може да откине за себе ниту една единствена
колонија беше пред се ,онаа којашто со нејзиниот напад на Триполи и Сиринајка ,во
септември 1911 год. придвижи една нова лавина. Кон италијанската нервозност прido-
несе, меѓу другото, токму грчко-бугарското приближување во април 1911 година. Де-
монстрирано во погоре веќе споменатата фарса со бугарските студенти коишто беа ен-
тузијастично поздравени во Атина. На султанот Абдул Хамид, кому со децении му успе-
ваше да го разобличува грчко-бугарското помирување, во неговиот егзил во Солун му

преостана задоволството дека со оглед на овој развиток на настаните не морал да се
воздржи од една извесна "Schadenfreude" (злорадост) ("THe Times" навистина во неговиот
извештај го употреби овој германски збор).631

Дали Италија мораше да знае дека нејзините избрзани активности ќе делуваат како
сигнал за старт? Во секој случај, во сенката на италијанско-турската војна во Либија, ко-
га воените сили на Турција беа насочени врз Северна Африка, следи она, што веќе
долго беше очекувано односно, стравувано:

трите држави-соседи на Македонија се соединија во Балканскиот сојуз.

Не може да се рече дека тие, и покрај нивните меѓусебно спротивставени интереси -
зашто тие беа насочени врз иста цел - "цврсто се беа обединиле". Така изгледаше само
однадвор. Без интересот на силите на Антантата за Балканот, но, многу повеќе, за до-
полнителни соучесници во нивниот голем воен план, балканските држави и овојпат не
ќе најдеа заеднички именител и не ќе можеа да се осмелат на агресивната војна против
Османлиското царство. Но, по Тројната Антанта во 1907 и по Ревал во 1908 год., во пра-
шање беа многу повеќе нешта.

Влогот на Големите сили во оваа партија-покер беше Македонија. Антантата ја пре-
даде македонската земја и народот "на слободен лов", за таа да може, на заобиколен на-
чин, балканските држави со посредство на нивната алчност за земја, да ги приклешти за
Антантата и со тоа да го затвори јужниот обрач околу двете германски држави.

Можеби Антантата на почетокот навистина веруваше дека таа би можела со неоп-
ределени ветувања да ги натера Србија и Бугарија на тоа на Грција да и го остават пре-
димството на самопослужување во Македонија. Како што претходно е покажано, двете
словенски држави ниту во сон не ќе помислат на тоа. Затоа што, значи, овој концепт не
можеше да функционира, следеше една фаза во која Русија, во име на Антантата, на Бу-
гарија и Србија им постави договорни безбедносни гаранции (види бр. 5.1.1.), за тие да не

морале да стравуваат од интервенцијата на (германските!) големи сили. Токму овој ри-
зик, до тој миг, цели децении ги тераше балканските кралства да се воздржуваат од на-
падот врз горешто посакуваната Македонија - и тоа

(без Антантата) ќе ги спречеше за сите времиња.

На Грција не и беше неопходен никаков договор за гаранција, затоа што нејзе и без
тоа и беше сигнализирана согласност и поддршка за нејзиниот план (иако не и воена
поддршка).

На 13. 3.1912 год. следеше потпишувањето на договорот помеѓу Бугарија и Србија за
основање на Балканскиот сојуз. Црна Гора пристапи во октомври. Грците склучија еден
сличен договор со Бугарија во мај 1912 година.

Сите Големи сили - сите, со исклучок на Германија - со сигурност ќе сакаа да профи-
тираат од оваа ситуација, доколку ќе можеа да се договорат околу поделбата на пленот,

- се разбира, што се однесуваше на Константинопол и мореузите. Тоа ќе се покажеше
како невозможно (иако не недостигаа - руски - компромисни предлози) така што ќе мо-
раше да се остане кај еден минимален статус кво како решение од неволја.

Во таа смисла. обрачот на Големите сили околу Турција покажува неодминливи па-
ралели со малечкиот обрач на балканските држави кои. лежејќи околу Македонија, се
подготвуваа да ја анектираат. Притоа, "малечките", во однос на големите, имаа непро-
ценлива предност во тоа што тие своите империјалистнчки цели (отсега понатаму!) сме-
еја да ги спроведуваат неказнето, и по договорот во Ревал. дури и со согласност на сили-
те на Антантата.

Во сенката на педантно планираната и веќе видлива катастрофа "од светски разме-

ри", кон чија подготовка припаѓаше детаљот дека се сакало да се затвори јужната бан-
кина на Европа, со тоа што Турција, со помош на сојузничките партнери, требала да би-
де одвоена од Двојниот сојуз (доколку таа, сепак, не ќе можеше да биде вовлечена во
"Балканскнот сојуз на Антантата", жртвеното јагне Македонија за силите на Антанта-
та бешс една занемарлива цена само доколку балканските држави-учеснички, на тој на-
чин, ќе беа спречени да стапат во коалиција со Австрија и со Германскиот Рајх). Каков
перфектно изработен план!

Единствено во однос на Бугарија домашниот есап не помина на пазарот - заради нејзините ревизионистички аспирации.

А потоа, тука беше и политичкото искуство, будното око и предупредувачкиот глас
на Кајзерот Вилхелм II.

Тоа треба да го разгледаме подоцна.

Овој историски пресврт не ќе беше замислив без заштитничката рака врз Акропо-
лис од Петродворецот, од Бакингемската палата и од Елисејската палата - тоа значи, не
без сопствените планови за војна на Антантата:

Франција ги разработи, за конечното задоволување на нејзината одмаздничка жед за
грабежот на француско-елзашката почва во, со децении долгите, трпеливи, но систе-
матски дипломатски интриги, темелните инцијативи за ковањето на еден сојуз против
Германскиот Рајх. (Фактот дека Франција претходно, исто така, ги имаше грабнато од
Германија областите на Елзас, вклучително со Стразбург, заради присилната "исклучи-
во на Германија припишана вина за војната" од германска страна не смееше никогаш
повторно, и покрај историската вистинитост, да се постави во кантарот на Јустиција. Се
до денешен ден.)

Овие активности паднаа во сенката на руските усилба конечно да му одржи лекција
на вообразениот, замислен големец во Виена и потчинувач на словенските и православ-

ни народи, со тоа што требаше да се дозволи тој да пропадне во својата сопствена дупка
на алчноста по уште повеќе турска земја на Балканот. Згора на тоа никогаш не беше
заборавен и антирускиот став на Австрија во Кримската војна.

И конечно, како секогаш, во заднината на сето тоа на решавачкото место: Англија:

влечејќи ги конците на нејзината стара политика на рамнотежа (кои, прецизно посмат-
рано, беа отсекогаш една политика на англиска доминација) против една, за англиските
поими, премногу дрска и премногу силна и успешна држава на европскиот континент,
само доколку како последица можеше да се зачува, односно, ако може, дури и да се зго-
леми англиската моќ, сопственото богатсво и British Empire

Sвездени мигови -
не само на балканската туку и на европската историја.

_____стр.208

4. Европските големи сили

4.1 Русија

4.1.0 Исечок од руската историја во однос на Балканот

Некаде еден век по падот на Константинопол, на вториот Рим, на 29 мај 1453 год., во
времето на Иван IV (Грозни) Руската православна црква ја разработи идејата за "Мос-
ква како третиот Рим". Со тоа на царот му беше пренесена одговорноста за целокуп-
ното православно христијанство. Оваа идеја, додуша, содржеше една антиисламска тен-
денција, но таа, на почетокот, беше основана потполно религиозно и неполитички; екс-
панзивните елементи и се придружија дури многу подоцна. Свеста за посебната руска
мисија се обликуваше особено во XIX век, примарно, во однос на православните балкан-
ски Словени.

Околу сто години подоцна, задушувањето на Кафкаското востание со освојувањето
на Киев во 1654 год. и "вечниот мировен договор" од Москва во 1686 год. го трасираа па-

тот на Русија во "Светата лига" ("Die Heilige Liga"), којашто беше една антитурска ал-
јанса помеѓу Светиот римски рајх на германската нација (Das Heilige romische Reich deuts-
cher Nation), Полска и Венеција.633 По втората неуспешна турска опсада на Виена во 1683
год. оваа Алијанса ја водеше големата војна против Османлиското царство се до миров-
ниот договор од Карловиц во 1699 година.

Походот на Прут на Петар Велики против Турците во 1710-1711 год. заврши со по-
раз, исто така и веќе споменатата војна на Австрија, заедно со Русија, против Турците
во 1735-1738 година.

Кога Русија, по една дваесетгодишна војна, во 1721 год. ја освои решителната победа
над Швеѓаните и со тоа се избори за својот слободен грб на северот (што на Прусите им
беше успеало уште во 1675 год. - кај Фербелин), таа во втората половина на XVIII век
стана главниот непријател на Османлиското царство. (Патем, 1721 год. беше, исто така,
и годината во којашто царот одлучи наместо неговата традиционална ознака да сија до-
дели самиот себе си и титулата "Кајзер").

Во идните нецели 100 години Русија водеше повеќе од една половина дузина војни
против Турците, - не само надвор од сопствениот интерес, туку и секогаш во предност
на сопствениот народ или на некој друг од Османлиите се уште потчинети народи и,
пред се, за интересите на поробените христијани.
Русија пројави две големи линии на експанзија:

- на западот преку Украина, Крим и Балканскиот Полуостров;
- на истокот преку Кафказ, Грузија и Ерменија и
- во центарот, во насока на Константинопол и мореузите.634

Крајот на 3. руско-турска војна од 1768-1774 год., со веќе неколкупати споменатиот
мировен договор од Кучук-К. (во Добруџа), донесе со себе долготрајни последици: Руси-
ја ги помести своите граници понатаму во насока кон југозапад и се здоби со слободно
морепловство во Црното Море, како и со дозвола за пловидба на трговските бродови

низ мореузите. Во мировниот договор од Јаси (Jassy) во 1792 год. (Потемкин!) Султанот
мораше дури даја гарантира заштитата на христијанската религија.

Исто така и националните движења на потчинетите народи добија поттик, но тоа
беше едно влијание коешто беше уште позасилено со идеите на Француската револуци-
ја.635 Ова движење доби видлив израз со српските востанија од 1804 и 1815 година. Додуша,
со повлекувањето на Турците, ривалитетите помегу големите сили започнаа мегусебно да
се судираат многу поостро отколку што тоа беше случај за време на Османлиското цар-
ство коешто, принципиелно, беше признаено како рамноправна голема сила.636

На Петар Велики му успеа да го рашири Руското царство се до Црното Море. Ката-
рина I, во 1783 год., го освои и Крим:

"Од тој миг Црното Море престана да биде Османлиско затворено море,а таму потоа ,
превласта ја презеде Русија"637

Ова молскавично ширење доведе кај некои големи сили до незадоволство и тегоб-
ност, особено кај Англија и Австрија.

Со мировниот договор од Букурешт по 5. руско-турска војна од 1806-1812 год. Русија
се здоби со Бесарабија. Русија, исто така, ја помагаше и грчката војна за ослободување и
со мировниот договор од Адрианополис во 1829 год. таа успеа да ја спроведе автономи-
јата на дунавските кнежевства Молдавија и Влашка.

На друго место, под 2.1., веќе укажавме на тоа дека царот Александар I во 1812 год.
мораше да се обиде (во Букурешт) да постигне мир со Османлиите, затоа што Наполе-
он со својот поход против Русија изискуваше концентрација на сите руски сили. Четири
години порано, Наполеон, се уште, се обидуваше со една "понуда" да ја награди воздр-
жаноста на царот за време на француското непријателство кон Англија. Со многу ши-
рокиот замав на еден голем Корзиканец, Наполеон во 1808 год. имаше разработено ед-

на табела за поделбата на Османлиското царство:

"Балканот требаше да стане руски, Србија и Босна австриски, а Египет и Сирија фран-
цуски."638

Уште тогаш, дури и кај големиот стратег Наполеон, се појави токму она, коешто,
подоцна, и Европејците не можеа да го остварат:

"Остана отворено... решавачкото прашање помеѓу Франција и Русија: иднината на Конс-

тантинопол и на мореузите."638

Во продолжение на досегашните напредоци на Русија во однос на ослободувањето на
православните верници во Османлиското царство, Николај I отиде дотаму да го постави
барањето на еден руски протекторат за христијаните што беа се уште под турска власт.
Шансите, пак, за какви било руски интервенции во однос на религиозните прашања со
евентуални последици за Константинопол и мореузите, кај Англија и Франција, за да ги
зачувуваат своите сопствени колонијални интереси и трговски патишта, го засилија уве-
рувањето за неопходноста на понатамошното постоење на Османлиското царство.
За да му одржат лекција на Петербург, тие во 1854 год. во турско-руската (Кримска) вој-
на (од 1853 год.) се придружија на турската страна и на Русија и нанесоа катастрофален
пораз (меѓу другото во Севастопол). Парискиот мировен договор од 1856 год. ја заврши
руската хегемонијална положба во Југоисточна Европа, но, во истовреме, беше преки-
ната и зависноста на Турција од Русија; освен тоа, со понтиската клаузула, изнудена од
Лондон, повторно беше демилитаризирано Црното Море.

Особена нечесност царот гледаше во улогата на Австрија: иако Русија во 1849 год. го
задуши унгарското востание на австриско барање, Виена во Кримската војна недвос-

мислено застана на страната на Англија, Франција и Турција. Таа, додуша, не зема не-
посредно учество во војната, но, со походот на своите трупи на границата, таа значител-
но ги ограничи руските сили коишто недостигаа на вистинскиот фронт и со тоа придо-
несе крајот на војната да биде со многу жртви.

Санкт Петербург ја наплати сметката во 1866 год., и тоа со воздржаноста во пруско-
австриската војна; соодветно и во 1870/1871 год., во германско-француската војна.

На Русија и успеа дури во сенката на оваа војна, со помош на Бизмарк, да се ослобо-
ди од дискриминирачката Понтиска клаузула, - што, речиси, ќе доведеше до една нова
англиско-руска војна.

Но камо Бизмарк да ги имаше согледано фаталните последици на ова посредување за
неговата сојузна политика и за улогата на Германија во Европа! Да ги имаше согледано...

Како последица на Кримската војна, рускиот експанзионистички стремеж во еден
период

"беше свртен кон Далечниот Исток и Централна Азија, со што Русија, директно или ин-
директно, повторно се судри со интересите на Brithis Empire "639.

По неуспехот на плановите на Русија во Источна Азија, рускиот интерес, заради вос-
танијата на Балканот, во 1875/1876 год. се сврте, конечно, повторно на ова подрачје, -
еден интерес зад кој непрестано стоеше далечната цел: "Константинопол и мореузите."
Кон мотивацијата на религиозната солидарност со православните христијани, како идео-
лошки мотив, се повеќе се придружуваше панславизмот со родовски и јазично сродните
Јужни Словени.639 Теодор Шидер ја опишува состојбата на следниов начин:

"... Во продолжение на востанијата на Балканот, во Херцеговина и во Македонија (беше)
предизвикана руска интервенција во една српско-турска војна. Третата турско-руска воЈ-
на во ова столетие заврши со целосната победа на Русија и со мировниот диктат од Сан

Стефано во март 1878 год., во кој Русија со Србија, Црна Гора, Романија и една Голема
Бугарија, којашто се простираше се до Егејот, создаде ситем на држави-клиенти на Бал-
канот.'640

Освен тоа, според членот 15 од прелиминарниот мировен договор од Сан Стефано,
на тие клиенти требаше да припаѓаат Епир, Тесалија и "останатите делови на европска
Турција" (меѓу другото, значи, исто и Македонија), во кои земји Портата беше задолже-
на со "најпрецизна" примена на законот од 1868 год., кој, своевремено, беше создаден за
спроведување на автономија на островот Крит.641

Меѓутоа, приближувањето на Русија до Златниот рог и Босфор преку "острицата на
копјето" (Голема)-Бугарија беше стриктно одбиено од Англија и Австро-Унгарија. Две-
те го изнудија руското учество на Берлинскиот конгерс, доколку Санкт Петербург не
сакаше да ризикува една нова војна од видот, но, можеби, и со истиот крај како Кримс-
ката војна. Русија во Берлин мораше да се придружи на трендот за зачувување на оста-
токот од Турција во Европа. Со овој пресврт Санкт Петербург, исто така, беше приси-
лен "да се откаже од протекторатот за христијаните во Османлиското царство".642

Кога прописот на членот 15 од договорот од Сан Стефано, кој речиси од збор до збор беше преземен во членот 23 од Берлинскиот договор (барање за автономија), пов-
торно не беше почитуван од турската страна, во Македонија избу на 17.10.1878 год. едно
ново востание (кај Кресна) коешто траеше се до 6.6. 1879 год., за потоа да биде крваво
задушено.

4.1.1 Русија го спроведува проектот на еден Балкански сојуз

Русија, од разбирливи причини, беше разочарана од исходот на Берлинскиот кон-
грес: беше пропаднало создавањето на една (големо)-бугарска отскочна штица во насо-

ка на Егејот. Наместо тоа Санкт Петербург, иако победник во војната, мораше да ја
прифати окупацијаша на Босна и Херцвговина. Но, исто така, и резервацијата на Кипар
од страна на Англија несомнено го покажа правецот на маршот на овој стратешки ша-
ховски потег.

Дури и аќо Русија повеќе не започна никаква нова војна, та дури и таа започна да ја
прифаќа идејата за статус кво на Балканот, сепак, таа имаше доволно причини за будна
недоверба во однос на другите големи сили, кои на Балканот ги застапуваа сопствените
интереси. Иако самиот беше причина за германско-австрискиот Двоен сојуз од 1879
год., Санкт Петербург го зема тоа за повод Сојузот да го претстави како примерен за
развитокот на Балканот, оти првобитните руски колебања во однос на Балканскиот со-
јуз одамна беа отстапиле пред застапувањето за групирање на слабите поединечни сили
на балканските држави. Во преден план, божемно, се наоѓаше руската загриженост и
потребата да се спречат новите експанзионистички авантури на Австрија.

Оваа линија беше разгледувана и од рускиот печат:

"Доколку на Големите сили им е дозволена слободата за определени цели да се поврзат
меѓусебно..., така, токму должноста на малечките држави е, тие, исто така, меѓусебно да
се поврзат за да ја заштитат својата самостојност од Големите сили."643 "Сакаат... ли Јуж-
ните Словени да чекаат", така праша еден руски весник, "додека германските и унгарски-
те рицари дојдат преку Дунав и го спроведат обединувањето, но. притоа, да проголтаат
едно словенско кнежество по друго? Австро-Унгарија веќе го премина Дунав и стигна на
Балканот."644

Во членот 25 од Берлинскиот договор, Русија само многу против својата волја дозво-
ли да и биде изнудена австриската окупација на Босна.

(Спореди во врска со ова 4.1.2., кон крајот, како и особено 5.2.6. и 5.1.3.1.1., бр. 4) Сега
таа се обиде, барем да ја потсети Австрија, на нејзините ветувања дека ќе се повлече.

"Ноје цајт" ("Neue Zeit") најнапред го претстави Санкт Петербург како блескав пример:

"Бугарија и Источна Румелија имаа добиено, во различни облици, своја национална влада и
сопствено управување."... "Австриско-унгарската окупација трае веќе премногу долго..." По-
тоа, весникот апелира до австриската "должност" да го следи истиот пример: како Русите,
"така и австриските и унгарските чиновници да го напуштат привремено од нив управувано-
то подрачје." "Босанците и Херцеговците мораат, повторно, слободно да дишат."645

Точно е дека Русија нејзините прифатени задолженија од Берлинскиот договор ги ис-
полни во точниот рок, притоа, пак, не треба да се заборави дека Санкт Петербург, прак-
тично, самиот ја започна војната против Османлиското царство, - и тоа, исто така, заради
неговите сопствени интереси, - дури и ако тоа беше со согласност на Големите сили.

Веќе беше укажано на тоа дека и Србија веруваше во привремениот карактер на авс-
триската окупација на Босна за формирање на народно претставништво како и на пра-
восудство и функционирачка администрација. Попусто.

Руската влада, се чини, докажа дека таа, при изборот на своите средства за подобру-
вање на своето влијание врз малечките балкански држави, на почетокот, немаше среќна
рака. Беше стигнало дури до германскиот печат колку многу Русија, на непотребен на-
чин, ги прокоцка нејзините симпатии коишто таа, без сомнение, ги имаше здобиено со
поддршката на, практично, сите ослободени народи.

"Јавното мнение во Бугарија се порешително се свртува против грубите обиди на русифи-
кација... масовното пробивање на руските елементи во јавните служби горчливо е дожи-
веано од страна на Бугарите."646

Петнаесет години подоцна, генералниот конзул Фон Рајхенау извести од Софија де-

ка Австрија во Бугарија се здобила со терен, та таа дури и го изведувала меродавното
влијание:

"Русија, од ослободувањето на Бугарија се до денес, не престана кон оваа земја да се одне-
сува како кон малолетно дете, коешто мора да се кара и казнува при секој чекор, за да
направи... тоа да почувствува дека кај неа не се работи за самостојноста на Бугарија, туку
единствено за проширувањето на нејзината сопствена власт."647

Бизмарк беше уверен во тоа дека Русија за нејзината помош на јужно-словенските
племиња пожнеала само неблагодарност, една мисла која многукратно се појавува во
актите, а не само во изјавите на Бизмарк. Седум години по создавањето на автономното
кнежевство Бугарија, со посредство на Берлинскиот конгрес, Бизмарк ја извести амба-
садата во Санкт Петербург за разговорот со рускиот амбасадор во Берлин, грофот Пе-
тар Шувалоф (Graf Peter Schuwaloff) (братот на Паул Шувалов (Paul Schuwalow). Тој нему
му кажал дека Германија нема "никаква потреба" "да биде против" интересот на Русија
да ја зголеми Бугарија (Источна Румелија!), но таа, исто така, не сака да го сокрие
своето мислење

"дека Бугарија колку би станувала поголема и посилна, толку повеќе би се развивала ан-
тируски"...."0вие горделиви малечки нации, имено, не сакаат да блескаат како планети на
руското сонце, туку како самостојни. Истата улога на ослободител, Русија, најнапред, ја
играше во полза на Грција, потоа, на Дунавските кнежевства (Молдавија и Влашка), по-
тоа, во полза на Србија и, сега, на Бугарија и во секој поединечен случај развитокот би
бил истиот, имено, дека ослободеното племе ќе ја покаже својата благодарност со стре-
межот да се ослободи од влијанието на ослободителот."648

Рускиот амбасадор беше доволно искрен да го изрази своето очекување дека еден
голем балканско-словенски сојуз "би (можел) да стане природен непријател на Австрија
и пријател на Русија."648 Оваа проценка, на почетокот, се оствари само делумно. Една

друга проценка, којашто го потврдува судот на Бизмарк, амбасадата во Санкт Петер-
бург достави, речиси, нецела година подоцна, а таа е се уште под впечатокот на обеди-
нувањето на Бугарија со источна Румелија во 1885 година. Имено, со овој чекор Бугари-
те многуја имале вознемирено Русија. "Непријатната дилема" во којашто Русија повтор-
но би се нашла, било тоа дека балканските народи со текот на развитокот

"нема да се обидат да се еманципираат само до Русија, туку тие, со нивните тенденции и
институции, ќе настапат во директна спротивставеност спрема "Светата Русија".649 За вол-
ја на вистината, руската влада не сака да врши никаков притисок - а царот уште помалку
- "но, од друга страна, исто толку било тешко изводливо и постојаното откажување од ил-
јада годишните традиции на руската политика кон Ориентот."

(Тоа треба да значи, дека Бугарите добро сториле со тоа што не ги предизвикувале
Русите прекумерно оти, поинаку, очигледно не би можела целосно да се исклучи руска-
та интервенција во Бугарија.)

До тоа, навистина, не дојде, но огорченоста заради Бугарите на рускиот творец трае-
ше долго.'130 (Спореди ги во врска со ова и излагањата за "аферата Батенберг" под 2.2.)

Подоцнежните руски политичари не мораше да бидат специјално потсетени на реал-
ната позиција на Русија на Балканот. Така, рајх-канцеларот Фон Билов, по еден разго-
вор со рускиот премиер Вите (Witte), запишува дека овој не се согласувал со славофил-
ното мечтаење за балканските народи,

"кои руските жртви во крв и пари ги возвратиле со презрива неблагодарност, и тоа без исклу-
чок, имено, Србите порано, Бугарите подоцна, а Грците и Романците во секоја пригода."651

Во актите веќе повеќе пати можат да се најдат докази за претпоставката дека бал-

канските народи, заради нивните идентични цели, речиси, воопшто не би можеле да се
обединат во една заедничка алијанса. Како што известува кајзеровиот амбасадор во Рим,
грофот Золмс (Graf Solms), овој став го делел и италијанскиот премиер Криспи (Crispi):

"Г-дин Криспи ми рече дека тој не верува во една грчко-српска-црногорска алијанса.
Пречката за ваквите балкански алијанси е Македонија, којашто Србија, Бугарија и Грција во иста мера, ја посматраа како свое наследство."652

Човек секогаш одново се разгневува кога ќе прочита како сите врвни политичари на
Големите сили во тоа време, без исклучок, дозволуваат јасно да се разбере, колку конструирани тие ги сметаат претензиите на соседните држави во однос на Македонија, но
ниту еден единствен не ја поседувал величината да се исправи против поројот на "духот
на времето" за да ја спречи тешката неправда.

Што се однесува специјално на премиерот Криспи, така, тој многу повеќе се трудеше
околу планот, со посредство на една "конфедерација на целокупните балкански држави"
да се формира брана против руските тенденции за проширување. Наспроти ова, амбасадорот Золмс изрази сомневање дека, со оглед на се поголемото руско влијание, една
таква конфедерација како последица би можела да има опасно загрозување на Австрија. (Подоцна Италија многу повеќе беше загрижена заради ризикот од една австриска
експанзија, отколку заради опасноста од нејзината загрозеност.)

Двата последни цитирани извештаи потекнуваат од 1890 година. Овој датум не може
да се занемари и да не се спомене оној прославен германско-руски договор од 1887 год.
за мегусебната потврда на "добронамерна неутралност", издејствуван од двата државници, Фон Бизмарк и Фон Гиерс. Не само заради трагичните последици на подоцнежното
непродолжување на овој договор од страна на Бизмарковиот наследник, рајхканцеларот
Фон Каприви (von Caprivi) (како ли можеше!), туку, исто така, и заради тоа што договорот

за меѓусебни гаранции, нешто што се чини дека одамна западнало во заборав, поседуваше
тесна врска со Балканот и со Османлиското царство: Германскиот Рајх, имено, не го приз-
наваше само влијанието на Русија во Бугарија, туку, во еден многу таен дополнителен за-
писник, згора на тоа, го прифати Босфорош како руска сфера на интерес.

Оваа концесија Петербург немаше никогаш да ја добие од Лондон или од Париз! За
жал, тоа во долгорочна смисла не беше од полза; Русија, и покрај тоа, потпадна на фран-
цуските и англиските наговарања - и ги исползува германските грешки.

4.1.2 Русија засилено ја продолжува својата политика на Балканот

Исто така и печатот, секогаш одново, се зафаќаше со темата на руската политика
кон Ориентот (од тогашната перспектива: балканската политика). Така, на пример, ам-
басадорот Фон Метерних известува за еден извештај на дописникот на лондонскиот
"Стандард" ("Standard) од Бугарија, според кој, Русија се стремела,

"под закрилата на панславизмот и под основањето на едно огромно словенско царство, да се
рашири кон Југот. Опасноста од русифицирање е најголема за Романија и Бугарија..."653

Восекој случај, исто и "Стандард" му припишува на Балканскиот сојуз само малку из-
гледи за успех, уште повеќе, заради тоа што тој би морал да се потпре на некоја голема

сила. Но кој доаѓа во прашање? Русија не - заради нејзиниот национален егоизам; Авст-
рија, евентуално - но за тоа би било неопходно повлекувањето од Босна, за што таа ни-
когаш не би изразила подготвеност; Турција, отпаѓала заради Македонија, за која "има-
ле отворени апетити Грција, Србија и Бугарија".653

Очигледно, во однос на империјалистичката мисловна фантазија дури ни печатот
во ништо не заостанувал зад владите и крунисаните поглавари, оти исто и во него не се

аргументира, барем, со "извесни" претензии на овие земји за туѓите подрачја. Такви заобиколни патишта се сметаат за воопшто непотребни. Многу повеќе, и печатот одлучува пред сета јавност за судбината на цели народи, за што, се чини, дека ним, како основа за барањата, им се доволни "апетитите" на соседните држави.

Денес не е воопшто поинаку: иако Македонија, во меѓувреме, го поседува статусот на демократска, легитимирана, суверена република и е призната членка на ОН, соседните држави смеат сосема отворено да трубат на сите страни за нивните божемни претензии и да го шират во светот сомнежот во меѓународно-правниот квалитет на Македонија, без, притоа, совесните и умерени големи сили или будните организации да преземат ,. решителни мерки против тоа.

Тоа дека тогашниот руски печат, од своја страна, ги поддржуваше обидите на руската влада да создаде еден Балкански сојуз, се чини, дека е неминовно, иако, во оваа пригода, треба да се повтори дека весниците во Русија, во секој случај, критички ја посматраа дејноста на владата и на царот, како и подоцна, од 1906 (1905) год., исто и дејноста на "Царската Дума". Но во споменатиот случај претегна "заедништвото на интересите на Јужните Словени" како и тврдењето дека тие интереси "биле дијаметрално спротивставени на оние на Австрија".

Отаде сојузот, којшто имал намера да ја спречи Виена, требаше

"да се обиде да најде поткрепа кај Русија која може да му ја гарантира неговата независност, додека Австрија балканските држави сака да ги присили како што тоа веќе го стори со Босна и Херцеговина."654

За Босна - барем во тоа време - се изразуваше солидарност; за Македонија, не! Тоа, исто така, има врска со фактот дека во тој случај пропагандата беше насочена повеќе против Австрија отколку во полза на Босна, зашто Србите во никој случај не сакаа да ја ослободат Босна од австриската окупација, како порано од турската, заради доброто на

Босна, туку Белград сакаше, наједноставно и отворено, да си ја зграпчи Босна токму
онака како што тој планираше, заедно со Бугарија и Грција, да ја анектира и Македони-
ја; а исто и Русија - на почетокот - не ќе имаше да каже ништо против една српска Бос-
на, се додека со тоа повеќе не би останала да постои австриската Босна.

Следствено, во случајот за Македонија, мора да било уште нешто во игра: тоа можат
да бидат само сплетките на династиите, пред се, на грчкиот кралски двор со неговите
роднини во редовите на англиската и руската круна; оние, коишто доведоа до несомне-
ната антимакедонска политика.

Што се однесува до Русија, во нејзиниот случај вака може да се образложи аргумен-
тот на нејзината сопствена доктрина:

Како што е карактеристично во времињата на политичкиот пресврт, во тогашна Ев-
ропа различните тенденции се наоѓаа во меѓусебна спротивставеност. Монархистичката
државна форма се наоѓаше во повлекување, што беше данокот на идеите на демократи-
јата од Француската револуција; тоа особено јасно може да се препознае во републики-

те Франција и Италија. На еден противречен начин, во тие држави републиканската др-
жавна форма, во никој случај, не водеше до тоа тие со помалку безобзирност и насил-
ство да ги спроведуваат своите империјалистички желби, отколку оние на монархиите
во Обединетото Кралство, во Хабзбуршкото и во царството на рускиот цар. (Како што
е познато, Германскиот Рајх дозволи да биде обземен, за кусо време, од стремежот за
колонии дури многу подоцна и тоа како последица на Првата светска војна.)

Независно од тоа, сите Големи сили меѓу Петербург и Париз, меѓу Лондон и Рим се
беа обединиле во нивните, делумно, бурни симпатии за грчката ослободителна борба од
турското ропство. Следствено на тоа, во реката на историјата морале да се слеат и други

движечки сили: иако однесувањето со најголемо почитување кон Султанот на кралски-
те дворови и кралските престоли не дозволуваше да се претпостави тоа, мухамедански-
от окупациски режим долги векови беше доживуван како туѓо тело на европската
почва. Така, чувството на олеснување заради конечното ослободување на христијански-
те народи ги опфати сите монархии и републики. Во истовреме, Турците мораа конти-
нуирано да се повлекуваат во правец на Азискиот континент, кадешто беше и нивното
потекло, - дури и кога перманентно, во заднината, остана распламтена опасноста на нив-
ните, потенцијално, секогаш одново за експанзија подготвени стремежи.

Оваа појава мораше нужно да ги стави во сенка другите вообичаени структури, дури
и ако таа не мораше да западне во конфликт со нив. Специјално применето врз Русија,
Готхолд Роде (Gotthold Rhode) многу карактеристично ги опишува овие противречности:

"Спроведувањето на националниот принцип... во основа, не би можел да биде пожелен за
Русија, која самата беше владетел на многубројни неруски националности. Таа, засилена
со панславистичките мисловни фантазии, него би можела да го внесе во игра само од слу-
чај до случај, но, никако, да го прифати како општоважечко, темелно начело."655

На руската монархија, според тоа, исто и заради оваа причина дури и воопшто да не
и паднало тешко што не им помагала на Македонците - иако тие се христијани и истов-
ремено словени - на патот на нивното остварување на државноста. (Да се потсетиме на
лево ориентираната сереска група на Јане Сандански, којашто имаше контак со руските
револуционери и со сигурност се стремеше за една републиканска државна форма. Ви-
ди,з.з.)

Што се однесува до развитокот на Балканскиот сојуз, рускиот печат (но, меѓу друго-
то, исто и бугарскиот) се беше усогласил со рускиот тренд. Притоа, се чини, дека тој на-
вистина малку ја промашил целта. По повод посетата на српскиот крал на Софија во

1898 год., бугарскиот премиер д-р Стоилов сакал во органот на русофилните членови на
кабинетот "Прогрес" да даде да се отпечати едно коменике со коешто требало во јавнос-

та да се прогласи заклучувањето на еден фромален сојуз "помегу Бугарија, Србија и Цр-,
на Гора",

"така што овие држави во иднина ќе биле во состојба, "под водство на Русија", да го одби-
јат секое мешање во нивните заеднички работи."656

Овој текст, очигледно, произлезе од една основана загриженост и тој беше замислен
како предупредување упатено на Австрија. Меѓутоа, текстот беше преуранет, па Стои-
лов го повлече во последниот момент. Тоа беше умно, затоа што Балканскиот сојуз бе-
ше основан дури 14 години подоцна. Две години пред крајот на XX век, на руските, како
и на останатите државници, не може да им било тешко да го прогнозираат она што Авс-
трија, подоцна, во 1908 год., навистина си го дозволи. Разбирливо е дека Русија, од оваа
причина, секогаш одново ја пропагираше идејата за балканска конференција. Весникот
"Новости" дури веќе имаше подготвено и дневен ред:

- "Босна и Херцеговина би морале... да бидат неутрализирани,

- Бугарија да стане самостојна,

- во Македонското прашање да дојде до утврдување на правата на поединечните на-
циии
- да биде конституиран Балканскиот сојуз."657

Камо другите сили да го беа прифатиле овој предлог! Овој "дневен ред" ќе го напра-
веше сигурен мирот на Балканот, а тој, исто така, и на Македонија ќе и отвореше шанса
за иднина. Но тоа не беше од интерес за соседите на Македонија - и наскоро, исто така,
ниту веќе за Големите сили.

Точно десет години подоцна, првите две теми станаа експлозивни кризни жаришта,
третата веќе по пет години, имено, во македонското Илинденско востание од 1903 год.

Никогаш не дојде до предложената конференција, дури ниту - и покрај интензивното
руско инсистирање и, следствено на тоа, соодветната фрустрираност во Санкт Петер-
бург - тогаш кога првата точка од дневниот ред стана навистина акутна, затоа што Авс-
трија ја анектираше Босна.

Кога австриската анексија во 1908 год. беше свршен чин, Русија реагираше целосно
вознемирено, - во секој случај, барем така требаше да изгледа нанадвор! Во историски-
те книги е регистрирано дека "Австрија, на своја рака, отуѓила делови од турското нас-
ледство" и, на тој начин, таа го сторила токму тоа што Петербург не сакаше да дозволи,
затоа што тоа, во 1878 год., нему, исто така, не му беше дозволено.658 Сепак, вистината
изгледаше поинаку, како што ќе биде покажано во продолжение.

Но поразот заради нереализираната конференција на којашто, евентуално, ќе има-
ше можност, сепак, да можат малку да се ублажат последиците од анексијата, Петер-
бург се заложи со засилена енергија за Балканскиот сојуз за да постави брана на опасно-
то продолжување на австриската експанзионистичка политика.

Не, не! Многу повеќе се работеше за ограничувањето на Австрија. Русија многу по-
веќе ги развиваше своите интензивни напори не само во сопствен интерес, туку во име-
то на целата Антанта. Но оваа верзија ќе се вообличи дури во текот на идниот истори-
ски развиток. (Спореди 5.)

Како што рускиот амбасадор во Константинопол, Зиновјев, му прогнозираше на не-
говиот германски колега Фон Маршал, дека Австрија имала направено погрешна про-
ценка доколку поверувала дека "целиот гнев на Турците" ќе се насочел за кусо пред тоа
остварено прогласување на независноста на Бугарија, па така "Австро-Унгарија би

можела небаре да се промолкне незабележано со анексијата на Босна и Херцеговина."659

Се покажа дека Зиновјев имаше право:
Австрија можеше да се радува на нејзиниот плен само нецели шест години, се до 28
јуни 1914 год. Напротив, во однос на решението на Турција заради Бугарија рускиот ам-
басадор имаше погрешна проценка...

Колку многу Русија се трудеше, со предлози или заканувања, да ја поттикне Виена на
компромиси станува јасно од еден извештај од Санкт Петербург. Таму амбасадорот Фон
Пуртале (von Pourtales) цитира од весникот "Слово":

- Русија предложила автономија за Босна и Херцеговина под врховна команда на
Султанот

- таа "говорела за тажната состојба во која се наоѓале двете покраини под австриска-
та управа",

- исто така, "како доказ, била наведено непријателското расположение на босанско-
то население кон Австрија и бил побаран референдум",

- Русија побарала "територијални компензации за Србија и Црна Гора на сметка на
Австрија" и

- предупредувала на опасноста од германизирање;

- конечно таа се обидувала да дејствува за создавање сојуз на балканските држави.

"Но сето тоа биле само академски излагања." Сега Русија морала да се "помири со
австриско-турското приближување во однос на босанското прашање".660

Се само удирање празна слама!

Таканаречиниот мајсторски подвиг на виенската дипломатија, којшто таа го достиг-
нала во преговорите со младотурскиот режим, имено, дека Хабзбуршката династија не

морала да се оправдува себе на меѓународна конференција, се покажа дека се пресврти
во неговата спротивност. Оти Виена не сметаше со онаа сметка, којашто нејзе подоцна
и ја поднесе Русија:

Зачудува тоа што токму значењето на основањето на Тројната Антанта во 1907 год. не
остави повидливи траги во делот на настаните во томовите на актите за Балканскиот со-
јуз, кој што стоеше специјално во врска со Русија.

4.1.3 Руската стратегија останува упорна, но таа станува нејасна

Амбасадорот Фон Пуртале известува од Санкт Петербург дека непрекинатите руски
усилби за создавање на еден словенски Балкански сојуз, во интерес на сесловенската
кауза, можат да се разберат во смислата дека Русија "стои во однос на регенерацијата на
турското царство повеќе од студено."661 Тоа беше формулирано повеќе од cool.

Се разбира, некоја друга линија воопшто не би можела да се прилагоди со многуве-
ковната политика на Русија спрема Османлиското царство: имено, со стремежот исла-
мот да се истисне од христијанска Европа и да се издејствува враќањето на православни-
от крст на првобитно христијанската Свеша Софија (Hagia Sophia).

Во такви височини на поврзаноста на политиката и идеалот можел, можеби, да се
возвиши емоционалниот инстинкт за моќ на Грците или Бугарите, - но не оној на Анг-
личаните (и - во поворката зад нив - на Австријците). Она што беше значајно во Лондон
беше империјата. Турското знаме со полумесечина можеше да се вее и понатаму, и засе-
когаш, врз поранешната христијанско-православна црква се додека беше полна импери-
јалната каса. Дали Наполеон, сепак, имаше право со неговата карактеризација на Ан-
гличаните ("ситен дух") ? 662 Тие, најверојатно, се горди на тоа.
Во истовреме Русија ги продолжи нејзините напори за основање на Балкански сојуз
за да постави "една природна бариера против пробивањето на секоја туѓа сила на Бал-
канскиот Полуостров", при што, навистина, рускиот амбасадор Фон Чариков (како што

неговиот германски колега Фон Брокоф-Ранцау известува од Константинопол) беше
заповедал да се избегнува "секоја провокација на Австрија" од страна на Балканскиот
сојуз.663

Оваа препорака е зачудувачка и таа, воопшто, не соодветствува на состојбата на конкуренција помегу Русија и Австрија врз која што таа препорака се темелеше. Следствено, Силите на центарот оваа "пропишана" воздржаност ќе ја регистрираа како невоо-

бичаена и како предвесник за онаа, од овој миг постојано се појасно изразена, стратегија

на мистификација.

Од соодветните документи од овој период, додуша, не може да се согледа дали невообичаената наредба се однесува на руско-англиската средба една година пред тоа во Ревал; таа, меѓутоа, јасно покажува дека за Русија мора да се работело за многу повеќе отколку единствено за ограничувањето на австрискиот експанзионизам. Овде, очигледно,
се имаат појавено предвесниците на почетокот на големите европски конфликти.

Со едно претпазливо дипломатско постапување, така гласеше понатаму во препораката на Фон Чариков, српската влада би можела "да смета со најенергичната поддршка
на Русија и на сите сили-пријателки на Русија."(!) Србија, навистина, се држеше за тоа и
таа постапи исто толку претпзливо како што и имаа препорачано Русите: најнапред, се
до денот на основањето на Балканскиот сојуз на 13.3.1912 и подоцна се до 28 јуни 1914
година.

За Србија, како што и беше ветено, поддршката беше сигурна од "Русија и од сите
сили-пријателки на Русија" против Австрија и Германскиот Рајх, што (меѓу другото) несомнено беше манифестирно во непоколебливото руско пружање на заштита при српското одбивање на идиотскиот австриски ултиматум од 23 јули 1914 година.

При одмереното, разумно споредување на вредностите во Виена и при малку повеќе подготвеност, наместо сопствените пози на Голема сила и горделивостите, да се земеа предвид германските предупредвања, избувнувањето на војната, можеби и во тој случај, се уште ќе можеше да биде спречена. Но, кај виенскиот Хофбург остана постојано присутна неговата неодмереност, што особено беше поттикнато со свеста дека тој ја има поддршката на Германија.

Руската дипломатија дополнително ја замаглуваше перспективата во однос на Балканскиот сојуз. Г-дин Фон Чариков, во декември 1909 год., му рече на својот германски колега, дека таканаречениот Балкански сојуз бил замислен само како "антанта",а не како сојуз. Бугарија, Србија и Грција морале

"да дадат ветување дека тие ќе се воздржат од секаква "politique annexioniste" во однос на Турција и дека нема да се мешаат во внатрешните работи на Турција "663

Со оваа лага започна едно долгогодишно залажување на Германците, коешто требаше да заврши во првата катастрофа на XX век.

И никој во Виена или Берлин не се посомневаа и тие не станаа попретпазливи? Напротив...

Темелот на политиката на антанта бил, така продолжува Фон Чариков, "зачувувањето на територијалниот статус кво". Тоа за незапознаените слушатели звучеше уверливо и прифатливо. Но имаше личности кои, сепак, зачуваа бистра глава:

Многу точна е забелешката на маргината од страницата, која германскиот кајзер ја запишал во однос на овие лекомислени изјави на рускиот амбасадор: глупост (со извичник).

За тоа да се разоткрие и прозре една толку ефтина, речиси примитивна тактика на прикривање на вистинските мотиви, не беше неопходно никакво познавање на поединостите за "Ревал". Сепак, би бил интересен одговорот на прашањето, дали Вилхелм на

крајот од 1909 год. знаеше нешто за средбата во Ревал во 1908 година. На ова прашање
ќе мораме подоцна да се навратиме. Многу податоци говорат за тоа дека членките на
Антантата се придржуваа за стриктна тајност кон Австрија и Германија: со сигурност,
не заради тоа што сакале да ги заштитат балканските држави, за тие да можат со сиот

мир да ги подготвуваат нивните експанзионистички планови во однос на Турција! Една
таква безначајна работа не ќе беше достојна за толку енергија и напор.

'Исто така и еден аналоген заклучок говори против тоа, зашто по една средба со рус-
киот цар, доцна во летото 1912 год., Вилхелм разочаран, забележува во неговиот днев-
ник дека Николај II дури ни половина година, по оној во март основан Балкански сојуз,
не го информирал за оваа проблематика!664

Овој Балкански сојуз, значи, би требало да се однесува само на балканските кралс-
тва!? Невозможно!

Кога, од друга страна, кајзерот Вилхелм, нецели две години пред почетокот на Прва-
та светска војна, толку јасно го разоткри овој руски маневар на прикривање на мотиви-
те (со или без Ревал!) и сосема консеквентно го извлече заклучокот за тоа дека врз
Двојниот сојуз, особено врз Германија, се збира една голема бура, тогаш се наметнува
прашањето зошто тој уште поенергично не ја предупредил Виена, зошто не го повлекол
неговото ветување за помошта или барем зошто не го модифицирал, - онака како што
Николај II повторно го повлече (!) во 1905 год. и неговиот сојузнички договор со Вил-
хелм II од финскиот брег пред Бјерке (Bjorko), имено, откако рускиот кабинет, пред се,
неговиот канцелар, грофот Ламсдорф (Lambsdorf), енергично го потсети на веќе посто-
ечките задолженија кон Франција?665

Како и многу германски политичари, Вилхелм ги положи своите надежи во Англија

(која - најверојатно, токму за да го предизвика овој впечаток - намерно остануваше во
заднината). Тој, едноставно, не можеше да си замисли дека неговите роднини би биле
подготвени да го остават на цедило на таков подол и брутален начин.

Но каде беа Хабзбурзите?

Дали тие беа помалку претпазливи од нашиот контроверзен кајзер? Имаа ли забора-
вено колку војни водеше Русија против Османлиското царство, така што таа сега, по
Босна, немаше неказнето да дозволи пред нос да и биде грабната дури и Србија? Неза-
мисливо.

Значи, Виена се надеваше на тоа, - и на Германците.

Неоправдлива лекомисленост. Од обете страни.

Овде уште едно кусо дополнување во врска со "Бјерке":

Ова име е поврзано со разбирливиот, но итно неопходен (иако, можеби, исто толку,
премногу несмасно изведен) обид на Вилхелм II уште во 1905 год. (!) малку да го олаба-
ви веќе јасно видливиот обрач околу Германија. Иако споменатата стратегија влезе во
историјата под многузначниот поим "опколување" на Германскиот Рајх од страна на Ан-
тантата, Херман Канторовиц дури многу години подоцна, и тоа занемарувајќи ги очиг-
ледните факти, во едно дијалектичко салто, го оцени овој настан што беше во полза на
Англија како германска тактика со која се сакало да се опколи Англија.

Во овој стил се одеше и понатаму. Амбасадата во Петербург известуваше дека рус-
киот министер за надворешни работи Исволски се пожалил оти австрискиот печат ја
обвинувал Русија заради "интригантската политика на Балканскиот Полуостров" (во
што Виена имаше стопроцентно право).

"Русија не сака ништо друго освен мир ... Ако некој се обиде, советот упатен до балкан-
ските држави дека тие треба да бидат пријателски настроени една со друга, да го претста-

ви како поттикнување за формирање некој Балкански сојуз против една трета сила, то-
гаш тоа е валкана пропаганда."666

Овој тон им звучи познато на современиците на XX век. Се поголемиот успех на ре-
волуционерите почнува да го пројавува своето влијание дури и во изборот на зборовите.

_____стр.220
-Ханс Лотар Штепан-

Ерата на учтивото однесување, (пришто ножот се уште се криеше зад грб) очигледно е
помината; од овој миг ножот отворено се покажува."667

Патем:

Запрашан од амбасадорот за актуелната положба, министерот укажува "на Македо-
нија каде..., како последица на преземени предострожни мерки против националните
здруженија од страна на Турција, почнува повторно да врие".666

Очигледно, за рускиот министер за надворешни работи било една сосема разбирлива
работа да говори за "Макеронија", но тој мислеше на Македонија, а не, на пример, за Бу-
гарија или Јужна Србија, а уште помалку, не за Грција, дури ниту за Турција. А тој беше
доволно објективен да го ползува поимот "национални здруженија" со што тој, како поз-
навач на состојбата, во прв план можел да мисли само на "македонските" комитети.

Од последниот релевантен извештај за поглавјето - Русија пред основањето на Бал-
канскиот сојуз, којшто амбасадорот Фон Чиршки го упатил до германското Министерс-
тво за надворешни работи врз основа на информациите од руската амбасада, Јасно и
разговетно произлегува поради што доживеал пораз македонскиот пат до независноста
(според урнекот на другите балкански држави):

Санкт Петербург, на почетокот на XX век, во неговата балканска политика застапу-
ваше два принципа - во секој случај, како параван, зад кој беа скриени династичките ин-
тереси:

"Наспроти сите претпоставки и комбинации (на Балканскиот сојуз), како цврсто основно
начело мора да се потцрта дека ние не сакаме ниту создавања на нови држави ниту, исто
така, големи агломерации на Балканскиот Полуостров."668

Руската политика во однос на една толку голема балканска држава, која по силина
значително би ги надминувала нејзините соседи беше уверлива и (дури и од денешен пог-
лед) осмислена; образложенијата во врска со ова веќе беа навестени во претходните пог-
лавја. Напротив, не е разбирлив рускиот отпор кон создавањето на нови држави кои, во
основа, - исто како и кај другите балкански држави - би значеле востановување на пора-
нешните држави. Дека кај ова правило се работеше само за една конструкција, еден па-
раван, станува јасно веќе и од тоа дека, следствено, Санкт Петербург не ќе смееше да го
прифати ниту ни формирањето на државата Албанија.

Меѓутоа, очигледно, влијание имаа извршено династичките договори кои требаше
да го спречат создавањето на новите државни творби - во Македонија, Тракија и Епир -
за со тоа на соседните кралства, во прва линија на Грција, да им се овозможи шансата за
"арондирање" на нивната територија.

Но, сепак, дури и роднинските врски на европските монархии немаше ништо да по-
могнат, доколку Царот, англискиот Крал и Француската Република не ги исползуваа со-
седните држави на Македонија за својот интерес во остварувањето на нивните планови
за војна.

Неверојатно!

4.2 Австро-Унгарија

4.2.0 Историската улога на Австрија на Балканот

"Судбините во Југоисточна Европа, се до нашиот век, беа определувани предимно од две
многуетнички империи, од Османлиското и од Хабзбуршкото царство. Обете беа пове-

ќе јазични-мултиетнички царства, и во нив, покрај една соодветна доминантна религија,
исламот, односно католицизмот, имаше секогаш една редица на други, за волја на висти-
ната, во најдобриот случај, само толерирани религии. Цврстото единство на овие царства
ја сочинуваа соодветните династии и државната религија,додека јазикот и националноста
долго време не играа никаква или само една многу подредена улога. Сликата темелно се
промени дури со почетокот на националните 'движења за преродба' "и станаа примарни
токму тие аспекти.669

Австриско-турските односи имаа судбинско значење за целокупниот Балкан и Евро-
па.

"Заканувачката опасност од Турција и даде на Австрија една нова историска улога како
тврдина и бранител на христијанска Европа против исламот. Цел еден век и половина
Хабзбург и Султанот ги одмеруваа силите во секогаш одново избувнатите војни."670

Како резултат на тоа, османлиските освојувачи и кајзерот во Виена ја поделија меѓу-
себе сопственоста на Балканскиот Полуостров долж една долго извојувана демаркацио-
на линија.

Растежот на Австрија успеа по успешната одбрана на втората турска опсада на Вие-
на во 1683 год., но, пред се, по големата турска војна која беше окончана со мировниот
договор од Карловиц 1699 год., имено, со добивањето на Унгарија. Со тоа стана кон-
кретно она што по наследувањето на Унгарија во 1526 год. (последниот од Јагиелон-
ците, Лудвиг II од Чешка и Унгарија, беше погинал во битката против турската офанзи-
ва кај Мохач), и покрај успешно одбиениот прв обид за освојување на Виена во 1529
год., не можеше да дојде до израз заради големите територијални загуби на унгарските
делови од земјата.

"По ослободувањето на Виена во 1683 год., војсководачите на кајзеровите трупи, принцот
Савојски, маркгрофот Лудвиг Вилхелм I Баденски (Markgraf Ludwig Wilhelm I von Badem), на-
речен "урскиот Луи", и баварскиот кнез Макс Емануел (Kurfurst Max Emanuel) со повторното
освојување на Унгарија ја започнаа херојската ера на западноевропските турски војни.
Пропаста на султанскиот режим на балканските народи им ја овозможи, по многу векови
под туѓа окупација, повторно шансата дава земат својата судбина во сопствените раце."671

Со мировниот договор од Пасаровиц по турската војна од 1716-1718 год. Австрија,
меѓудругото, се здоби со Северна Босна и Северна Србија, заедно со Белград, но дожи-
веа пораз во војната од 1739 год., кога беа повторно изгубени речиси сите области од
последниот мировен договор. Добивањето на Буковина во 1775 год., како и турската вој-
на од 1788-1791 год., која практично беше без последици, останаа само епизоди.672

Според Андреас Хилгрубер (Andreas Hillgruber) Бизмарк уште во 1862 год., значи во
годината на неговото поставување за премиер (и министер за надворешни работи) на
Прусија, имал намера, во интерес на неговите планови за обединување на Рајхот, да ги
пренасочи интересите на Австрија врз Унгарија и Југоисточна Европа.673 (Се чини исклу-
чено дека дури и големиот Бизмарк можел уште во негово време да ги предвиде катастрофалните
последици за "неговиот Германски Рајх од подоцнежната австриска политика на Балканот.)

Германската војна од 1866 год., која што ја изрази старата спротивставеност помегу
Хоенцолерите и Хабзбурзите, ја изнуди, отсега понатаму, неминовната "компензација"
со Унгарија (двојната монархија во 1867 год.). Хилгрубер, освен тоа, пишува дека за Ви-
ена загубата на територииите во Северна Италија по италијанската војна од 1859-1861
год. имаше поголема тежина отколку загубата на Холштајн (Holstein) и Лауенберг (Lau-
enberg), уште повеќе, затоа што Австрија имаше намера, како компензација за загубите,

во Германија да се држи јужно од Мајна (Main). (исто, стр. 33) Напротив, одвојувањето

на Германија од Хабзбурзите по основањето на Германскиот Рајх, што значи, австрис-
ката загуба на превласта во Германија, мора повеќе да ги погодила Австријците во нив-
ното самочувство отколку загубата на територијата. Прелиминарниот мировен договор
од Николсбург се покажа премногу јасен дека новиот пруски поредок на Германија ги
тангираше европските интереси [Штирмер (Sturmer) стр. 150]. Наполеон III дури не се ни
колебаше, по битката во Кенигрец ("Одмазда за Садова"), за зачувувањето на францус-
ката хегемонија да ги понуди неговите услуги како посредник во форсирањето на гер-
манското отцепување од Австро-Унгарија - притоа, не без закана со воена интервенци-
ја, во случај Прусија да не ги прифати услугите. Отаде, Бизмарк ја прекина германската
војна многу повеќе заради тоа што остварувањето на германската национална цел се
покажа како избрзана и покрај енергично прифатеното обединување на Рајхот од стра-
на на либералите на Северот и на Југот на Германија. (Штирмер, стр. 144,150,154)

Австриските интереси, како последица на судирите со Прусија, можеби, навистина
биле, во ограничена мера, одвлечени во насоката на Југоистокот на Европа. Напротив,
освртот врз историјата докажува дека овој тренд на Хабзбурзите е од постар датум.
Спротивставеноста со Русија веќе беше нарушена кога формално неутралната Австрија
во (седмата) турско-руска војна од 1853-1856 год., во Кримската војна, со намерното пре-
местување на трупите, ги присили Русите да ги напуштат претходно заземените дунав-
ски кнежевства Молдавија и Влашка. Веќе тогаш - а не дури по основањето на Герман-
скиот Рајх - Австрија ја имаше започнато нејзината опасна експанзионистичка полити-
ка, која, на крајот на краиштата, придонесе за тоа таа да се појави на Балканот како

конкурент на рускиот панславизам и, со тоа, да се втурне себе си, но и Германија и Европа, во катастрофата на Првата светска војна. Уште во годината на ориенталната криза (1875), австрискиот министер за надворешни работи, грофот Андраши (Graf Andrassy) говореше на големата државна конференција за "блиската анексија на Босна". Тоа беше во истата година кога босанските востаници го прогласија српскиот војвода - а не австрискиот кајзер - за свој поглавар!

Пред на Берлинскиот конгрес на Австрија да и биде дадено правото да ја заземе турската покраина Босна и Херцеговина, таа, значи, имаше остварено исто толку подготовки за таа цел, колку и Англија во врска со Кипар и Египет. По првите австриско-руски разговори во Бухлау (Buchlau) (во чешката резиденција во внатрешноста на земјата на грофот Берхтолд (Graf Berchtold), подоцнежниот австриски министер за надворешни работи), во престолнината на Рајхот во 1876 год. следеше австриско-рускиот усмен договор за автономија, односно, евентуална поделба на Босна помеѓу Австрија и Србија.
На Виена мора да и паднало лесно да го повтори нејзиното ветување за неутралност во однос на Русија во Будимпештанскиот договор од 15.1.1877 год., а пак, дури, и писмено било зацртано дека Русија смеела да ја анкетира Бесарабија, додека Австрија Босна.

"Трипати" сошиеното држи поцврсто: два месеца по англиско-руската конвенција за спречување на една големобугарска држава, во Виенскиот договор, повторно, беше поцртан австриско-рускиот договор во врска со Босна и Бесарабија.

Сега можеше да дојде следната руско-турска војна. И таа дојде. Една недела подоцна, на 24.3.1877 год., следеше руското објавување на војна.

Сета работа, можеби, ќе поминеше непречено, ако Санкт Петербург во прелиминарниот мировен договор од Сан Сшефано не го поддржуваше премногу отворено бугарското ширење се до Егејот и, речиси, до Јадранското Море, зашто овој начин на однесу-

вање ги повреди не само различните неодамна постигнати договори, туку до него се
дошло со повредата на Парискиот договор по Кримската војна.674 Меѓутоа, токму една

Голема Бугарија требаше да биде спречена исто онака, како што и Австрија веруваше
дека морала да спречи една јужнословенска држава од Србија, Црна Гора и Босна,

"затоа што таа, поинаку, нема да биде безбедна во сопствената земја од нејзините Јужни
Словени.675 Една голема јужнословенска држава, "порано или подоцна, би ги повлекла
кон себе и останатите Јужни Словени од Дунавската монархија..., така што, потоа, (нејзи-
ното) распаѓање... би станало само прашање на време и на модалитети".676

Освен тоа, Сан Стефано

"предвидуваше едно толку огромно зголемување на руската сила на Балканот,... така што
Англија и Австрија пристапија кон одбивањето на руската превласт на Балканот и на мо-
реузите."677

Со една индиректна закана со војна, тие го изнудија руското учество на Берлинскиот
конгрес во летото 1878 година.

До каде одеше заслепеноста на Австрија во однос на Босна на интернационалната
конференција во Берлин, покажува изјавата на министерот за надворешни работи, гро-
фот Андраши, којшто сметаше дека за да се оправда австрискиот експанзионистички
стремеж требало да се истресе од ракав некој историски реликт, па, освен дипломатски-
те дрдорења, се осмелил да рече дека, како причина за окупацијата на Босна, морал да
потсети на "навредата на Валенштајн (Wallenstein) на Босна во 1626 година".678

Дозволата за австриското окупирање на Босна следеше осмиот ден на седниците во
Берлин, на 28 јуни 1878 год. (повторено: на 28 јуни!),

"во стилот на старата кабинетска политика, без обѕир за веќе применетото и секогаш од-
ново бараното право за национално самопределување."679

Совмесно на овој урнек се одвиваше и самата окуиација. Веќе објавувањето, многу
повеќе, запознавањето на јавноста со одлуката за окупација. доведе до протести и неми-
ри. Најголемиот дел на населението не беше расположено за тоа, "турското владеење да
го замени со австриско-унгарското." Отпорот стана толку снажен што

"Австријците, на крајот, мораа да применат 200. 000 војници за присилно да ја спроведат
окупацијата во двете покраини. Кулминација на регуларната офанзива беше заземањето
на Сараево, на главниот град на Босна, по неколкудневните крвави улични борби."679

,.,:Во 1882 год. дојде до ново востание. Овојпат отпорот, наместо како порано против
Османлиското царство, беше насочен против окупациската власт на Австро-Унгарија:

"од новата генерација на отпорот" 30 години додоцна "произлезе групата на атентаторот
од Сараево".679

Овие настани, како што повеќепати беше навестено, се нераскинливо поврзани со
Македонското прашање и со понатамошниот развиток на Балканот. Политички поб-
лиску лежи директната последица од одлуката на Берлинскиот конгрес за Македонија,
како што нив ги опишува Имануел Гајс:

"Со враќањето на Македонија на Турција, Берлинскиот конгрес, уште еднаш, го одложи
големиот балкански конфликт за ова подрачје, можеби, не претчувствувајќи по должи-
ната на кои амбиси се движеше Европа по ова прашање. Македонија, имено, подоцна се
покажа како најголемиот материјал за конфликт..."680

ѓПојасно не може да биде опишан поразот на Берлинскиот конгрес во однос на не-
почитувањето на копнежот по слобода и независност на оние народи чиишто подрачја
повторно и беа вратени на Турција.

Само од обзири кон династичките услуги, Големите сили ја занемарија, безобзирно и
во империјалистички манир, желбата за примена на правото за самоопределување на
уште четири други народа:

Единствено Албанија по Балканските војни во 1913 год, ја оствари нејзината независност. Македонија на еден дел од нејзината поранешна територија стана слободна, по
преодното решение во комунистичка Југославија, дури во 1991 год., додека два други
народа, Тракијците и Епирците, целосно исчезнаа.

Но и самата Австрија измина тежок пат. Уште во годината на Берлинскиот конгрес
еден јужногермански весник предупреди на небаре пророчки начин:

"И грофот Андраши ќе има можност да искуси дека забранетиот плод не е секогаш сладок и дека не го зајакнува царството оној што постојано ги проширува неговите граници."682

А Гајс, правејќи рекапитулација, токму 100 години подоцна додава една реченица на

Владимир Дедиер:

"Навистина, Австро-Унгарија лакомо ја присвои... онаа критична маса на конфликтен материјал заради која, преку Сараево и Првата светска војна, пропадна и таа самата."681 Неверојатно!

4.2.1 Стремежот на Австрија во насока на Балканот

Уште првиот релевантен извештај којшто се сретнува во актите за избранава тема
директно води кон проблематиката на окупацијата на Босна и кон Балканскиот сојуз.

Амбасадорот Фон Хацфелд (von Hatzfeldt) во Константинопол го цитира неговиот
поранешен австриски колега со зборовите, Австрија морала сето нејзино внимание,

покрај состојбите во Босна, "да ги посвети на можноста за една алијанса помеѓу Србија
и Црна Гора, којашто Австрија не може никогаш да ја признае."682 Зошто не? За да не
дозволи српскиот сосед да стане премногу голем и таа да не биде премногу ограничена
во сопствениот експанзионистички стремеж? Бездруго е дозволено да се претпостави
дека зад тоа стоело разбирливото размислување дека една малечка Србија подоцна би
можела многу полесно да биде анектирана отколку некоја голема Србија.

На консеквентен начин австрискиот министер за надворешни работи, баронот Хај-
мерле (Baron Haymerle) му ја навести на германскиот амбасадор во Виена неговата наме-
ра да го предупреди бугарскиот кнез Александар да не склучува никакви сојузи со Срби-
ја, "затоа што тој сојуз ... ќе наиде на отпор кај мнозинството сили, а на неговата земја
нема да му донесе никаков благослов."683 Што се однесува до недостигот од благослов, се
чини, министерот имаше целосно право со неговата прогноза, - во секој случај, во однос
на малиот обем на територијата што ја грабна Бугарија во Балканските војни. Напро-
тив, неговата прогноза не се оствари во поглед на српско-бугарскиот сојуз.

За разлика од Русија, која само на почетокот погрешно ја разбра насоченоста на пла-
нираниот Балкански сојуз, небаре таа била против неа, и за разлика од Турција, која се
до горчливиот крај не сакаше да сфати дека Балканскиот сојуз можеше да биде насочен
само против неа, Австрија беше, од почетокот до крајот, исполнета со недоверба кон
овие планови за сојуз - со добра причина.

Во поглед на Србија, Австрија со векови самата имаше многу придонесено за исто-
риски сраснатиот заеднички живот на Србите и Хрватите и тоа со нејзините населувања

на српски "земјоделци-борци" на босанско-турската воена граница и тоа како заштита
од турските напади.

И покрај српското разочарување заради австриското окупирање на Босна генерал-
ниот конзулат во Белград извести уште во 1880 год., значи, само две години по Берлин-
скиот конгрес, за нови обиди на Србија за приближување кон Австрија. Српската довер-
ба во австриските ветувања, дека кај босанското окупирање се работело единствено за
привремена мерка за изградба на добро функционирачка администрација и за оствару-
вање на безбедноста и поредокот, на почетокот беше толку голема, така што во Бел-
град беа уверени дека "

"во случај на нови ориентални проблеми (единствено кај Австрија би можеле да сметаат
дека ќе им даде предимство на националните желби на Србија..., како чиј најжесток неп-
ријател би настапила една голема Бугарија."684

Врз комплексните односи на Балканот карактеристична светлина фрла тоа што Ср-
бија, нејзината соседна држава Бугарија, ја посматраше како непријател (во борбата за
Македонија), но, од друга страна, во строго доверливите контакти, како сојузнички парт-
нер (против Османлиското царство и Австрија!). За Бугарија, обратно, важеше истото.

Во Виена оваа констелација доведе до премногу долго задржаната погрешна проце-
на, дека помеѓу овие две кнежевства владеел ненадминлив расцеп.

Откако, набрзо по автономијата на Бугарија, во јавноста станаа познати аспирации-
те на Софија во насока на големобугрaските и панславистичките стремежи - очигледно,
под влијанието на Русија - за Австрија беше создаден уште еден антагонист.

4.2.2 Двојниот сојуз

Двата последни разгледани извештаи потекнуваат од 1879 год., која се чинеше дека
е сосема обична, но чии тешки последици за иднината на Австрија и Германија се прој-
вија дури подоцна и чие значење како пресвртница, наспроти доволно долгиот претхо-
ден период, очигледно, веќе не можеше да се коригира. Се чини, извештаите ја отсли-

кувааат австриската подготвеност за авантури, кои, бездруго, не произлегоа само од авс-
триската самосвест благодарение на нејзината сила. Очигледно и самиот Бизмарк, овој
генијален, меѓународно признат стратег на надворешната политика, не можеше да се
погрижи за сите евентуалности, не можеше да ги предвиди сите опасни своеволности.

Познато е дека Германскиот Рајх по неговото основање - освен потребата од мир и
внатрешна стабилност - беше единствената европска сила која немаше никакви надво-
решно политички амбиции. Така, Германија можеше да го свика Берлинскиот конгрес,
за кој, поинаку, дали како последица на сопствените интереси на Балканот или врз осно-
ва на разбирливата меѓусебна недоверба, не доаѓаше во предвид никоја друга држава.685
Следствено, Бизмарк мораше да ја преземе (прочуената) улога на "искрен посредувач"
на којашто тој се предаде со блескава, иако, исто така, можеби, напати малку премногу
пруска брилијантност.686

Оваа улога нему му беше лошо возвратена токму од онаа земја, на која тој и ја посве-
туваше неговата особена грижа и разбирање: токму Санкт Петербург ја фрли вината за
руското ограничување во Берлин - на неоправдан начин - врз Германците.

Како реакција на тоа, Германскиот Рајх во 1879 год. склучи, жртвувајќи ја, притоа,
старата поврзаност на трите кајзери, еден Двоен сојуз со Австро-Унгарија, - за волја на
вистината, наспроти жестокиот отпор на Вилхелм I, којшто не сакаше да биде присилен

на Двоен сојуз со Хабзбурзите дури ниту по острата реакција на рускиот цар со оглед на
резултатот од Берлинскиот конгрес.687
(Спореди за ова 4.4.1.2.)

"Со тоа беше завршен периодот во кој Големите сили не беа обединети во сојузи"688 - се-
како, што се однесува до воените договори. "Вистинската цел на австриско-германскиот

'Двоен сојуз' од 1879 год." беше тој (Бизмарк) "да ја ограничи амбицијата на Австрија на
Балканот и да се потруди да се воспостави рамнотежа помеѓу Австрија и Русија".689

Трагично беше што и двете страни појдоа од сосема различни интерпретации:

"Германија го посматраше сојузот како средство да ги ограничи експанзионистичките це-
ли на Австрија на Балканот, додека Австрија сојузот го гледаше како параван за нејзина-
та балканска политика."... "Темелната тешкотија лежеше во фактот што 'Двојниот сојуз'
од 1879 год., и покрај сите правила на претпазливост, ја врза Бизмарковата Германија за
Австрија. Доколку опстанокот на Австрија беше значаен за Германија, тогаш Бизмарк
мораше, конечно,... да пристапи кон спасот на Австро-Унгарија, независно од тоа колку
агресивно се однесуваше таа. Дипломатијата на Бизмарк по 1879 год. беше борба против
овој неизбежен факт".690... "Договорот за Тројниот сојуз од 1882 год. (со Италија), српско-
австриксиот сојуз од 1881 год. и сојузот, којшто Бизмарк го склучи со Романија во 1883
год.,691 сите тие ја вовлекуваа Германија се подлабоко во подрачјата на Балканот и на
Средоземјето, кадешто таа, според зборовите на Бизмарк, немаше никакви интереси..."
(Потоа следи како цитат неговата бездруго најпозната изјава за Балканот.)692

Овие активности поврзани со политичките сојузи повлекоа со себе сериозни после-
дици. Соодветните чекори на спротивната страна потврдија дека Франција по долгого-
дишните напори конечно се приближуваше до нејзината цел за реванш на (германско,
францускиот) Елзас:

"Со Двојниот сојуз... Германија... ја заврши состојбата на неврзаност во сојузи на Големи-
те сили во Европа што постоеше по Кримската војна и по германско-француската војна.
Среднорочно, со тоа беше отворен патот на Франција да ја напушти изолацијата."693

Така, една година по претстоечкото необновување на договорот за меѓусебна довер-
ба од 1887 год., значи 1891 год., дојде до француско-рускиот консултативен договор.

Две години подоцна следеше француско-руското двојно здружение и во 1894 год. "фран-
цуско-рускиот сојуз..., една од главните компоненти..., од кои се разви судбински тешка-
та ситуација од 1914 година".694

Откако Англија и Франција се здружија во неочекуваната Entente Cordiale како круна
на тоа дојде - откако Англија и Русија се согласија за ограничувањето во нивните сфери
на интереси во Персија, Авганистан и Тибет - договорот од Санкт Петербург од 1907
год. за Тројната Антанштa: тоа беше мајсторско дело што и успеа на француската и на
англиската дипломатија, иако Лондон, во руско-јапонската војна во 1905 год., заради ан-
глиско-јапонскиот сојуз од 1902 год. (како прв чекор на Англија да излезе од нејзината "sp-
lendid isolation) стоеше на страната на Нипон, со цел да се ограничи империјалистичка
Русија.695 (Патот до француско-британската Антанта францускиот министер за надвореш-
ни работи, Делкасе, го трасираше во кризата за Фашода (Paschoda) со откажувањето од
Судан,696 онака, како што Англија, своевремено, го започна своето приближување на
Америка, исто така, со едно откажување, повлекувајќи се од Карибските острови.697)

Не беа доволни сериозните последици во надворешно-политичките односи на Биз-
марковиот систем на сојузи; во внатрешните односи и третиот кандидат се покажа како
неумерен и несигурен:

"На Двојниот сојуз (со Австрија) настапи во 1882 год. Тројниот сојуз со Германскиот Рајх
и Италија, еден сојуз којшто, како последица на италијанскиот иредентизам... беше сом-
нителен уште од самиот почеток."698

Една од заднините за италијанската подготвеност за пристап, беше огорченоста која
Рим ја чувствуваше поради тоа што, како последица на француското добивање на Тунис
во 1881 год., Италија ги гледаше поразени нејзините сопствени аспирации за оваа турска

"колонијална земја".699 Но фрустрацијата и тврдоглавоста не се многу добра препорака
за членството во некој сојуз.

Така несреќата почна.

4.2.3 Повторно една изгубена шанса за Македонија

Но најнапред ги бележиме годините 1883/86.
Секогаш одново остава голем впечаток кога ќе се прочита во актите колку непоко-
леблива беше желбата на Германскиот Рајх, и покрај неколкуте разочарувања, да се
здобие довербата на Русија и истата да и се возврати.

Секако, со оглед на тоа не зачудува што и германскиот амбасадор во Виена принцот
Хајнрих VII Pojc (Prinz Heinrich VII ReuB) уште со години подоцна се заложи за Русите,
кога се обидуваше да ја увери австриската влада дека "ништо не ја потврдува намерата
на Русите" дека тие нема повеќе да ја напуштат Бугарија доколку тие "заради било как-
ви причини би ја окупирале".700 (Дека овој ризик навистина постоеше беше спомнато
нешто порано во врска со бугарската непослушност во однос на Петербург, особено ка-
ко последица на пребрзото, своеволно обединување на Бугарија со Источна Румелија -
при што треба да се потсети уште и на тоа дека вистинската причина за незадоволс-
твото во Санкт Петербург беше бугарскиот кнез, особено "аферата-Батенбург".) Но
австрискиот министер за надворешни работи му возвратил со максимата на Виена,

"дека таа немала да толерира зацрврстување на Русија на Балканот, напротив, таа ќе го
потпомагала создавањето на самостојни држави."... "На интересите на Австрија им треба
таква мрежа од самостојни држави кои морале да го спречат солидното етаблирање ис-
клучиво на руската превласт".700

Ако се занемари италијанското сомневање дека Австрија, совмесно на принципот
"divite et impera ", со нејзината политика на поддршка на малите држави на Балканот са-
кала да си создаде резервоар за сопствените идни експанзионистички стремежи, по сите

нешта оваа политика ќе беше соодветна да го доведе на Берлинскиот конгрес одложе-
ното Македонско прашање еден чекор поблиску до неговото решение. "Ке беше"! Заш-
то Виена, очигледно, ја остави оваа политичка линија, којашто делува извонредно мо-
дерно, многу брзо пак да пропадне во заднината. Како причина, барем како една од при-
чините, се одговорни повисоките констелации. Тоа станува јасно од една препорака на
Министерството за надворешни работи во која фрајхер Фон Маршал, во тоа време др-
жавен секретар, го потсетува амбасадорот во Виена на една претходна иницијатива на
бугарскиот премиер Стоилов во врска со австриската влада:

"... но грофот Калноки (Graf Kalnoky) тогаш најенергично се заложи против една европска
конференцијата за Македонија." Маршалот Фон Биберштајн ја доставува исто и причината
за ова одбивање: "Штом Македонското прашање еднаш ќе стане предмет на конференција,
тогаш треба, со сигурност, да се претпостави дека исто и мореузите, ерменското и египет-
ското прашање ќе бидат поставени пред форумот на оваа конференција."701

Но никој не беше подготввнда се приближи на тоа "буре со барут". Од непостоечка-
та готовност да се зафатат со такви "непријатности" зависеше судбината на цели народи.

На тоа се придружува и следново: компликуваноста на балканските прашања почи-
ва, конечно, врз разновидноста на различните меѓународни интереси на Балканот. Ам-
басадорот од Ојленбург (Eulenburg) извести речиси цел месец подоцна, на почетокот на
1896 год., - овојпат по еден разговор со австрискиот канцелар, грофот Голуховски (Graf
Goluchowski) -, дека овој му имал речено "Македонското прашање ќе (било) целосно
мртво... во мигот кога Русија ќе ги повлече рацете од него."702

А тоа Русија навистина веќе одамна го имаше сторено под притисок од Грција, како
што беше покажано малку понапред.

Освен тоа, тој во една друга телеграма известува дека австрискиот канцелар поста-
вил во врска со Македонија два темелни принципа на австриската политика: Австрија
никогаш немала

"да ја напушти базата на согласноста на сите Големи сили со чекорите што треба да се
преземат." (Но, но!) "Второ, тој никогаш немал да толерира во Македонија да се повто-
рат ерменските насилства и масакри."703

Добри начела. За жал, тие не беа исполнети. Очигледно жртвите и насилствата, кои-
што Македонија мораше повторно да ги истрпи по Илинденското востание, се уште не
беа доволно големи. Самиот Голуховски веќе претчувствувал една таква ситуација, оти
амбасадорот вака го завршува својот извештај:

"Грофот смета дека еден масакр во Македонија би го довело Македонското прашање до
акутен стадиум."703

Но не го донесе...

Затоа што заради туѓите интереси беа поефикасни противничките сили. Очигледно
имаше дворски договори помеѓу Атина, Петербург и Лондон.

Дури и кралското семејство во Копенхаген се чини дека учествувало во тоа, - особе-
но женскиот дел. Ова не е забележано само како лекомислено тврдење. Тоа може да
биде потврдено со докази. Уште со години пред тоа амбасадорот во Копенхаген, кој
претходно, исто така, беше на служба во Атина, известува:

"Дека кралицата на Данска е една итра и мудра жена којашто не врши само големо влија-
ние врз нејзиниот кралски сопруг и нејзините деца туку исто и врз зетовите, вклучително,
врз кајзерот од Русија, е несомнено точно."704

4.2.4 Македонците инсистираат на остварувањето на турските ветувааа

Релативната оскудност на актите од овие години што се однесуваат на Австрија во
врска со темата Балкански сојуз на ова место остава простор за приклучување на други

хронолошки извештаи, кои авторот не ги презема од оригиналните томови на политич-
киот архив, туку по Првата светска војна одбраните и објавените извештаи на повеќе од
педесеттомниот зборник Големата политика на европските кабинети" ("Die GroBe Politik
der europaischen Kabinette") чијшто круг на теми (совмесно на членот 231 од Версајскиот
воен договор) природно беше многу пошироко замислен отколку релативно прегледни-
от комплекс на Балканскиот сојуз, - иако, гледано од сегашната перспектива, доаѓа до
израз дека едно подетално разгледување на актите за Балканскиот сојуз и за Балкан-
ските војни би било многу полезно за проценката на прашањето за исклучителната ви-
на на Германија за војната.

Цитираните извештаи се погодни да се заокружи досегашната слика; така, амбасадо-
рот во Константинопол известува дека неговиот австриски колега му изјавил во еден
доверлив разговор дека
"усилбите на Македонците во врска со политичката автономија на Македонија" добивале
"еден облик што е опасен за Портата".705

Нека ни биде дозволено, само патем, уште еднаш да укажеме на тоа дека австриски-
от амбасадор не говорел за бугарските, за српските или за грчките Македонци туку ед-
ноставно за Македонците, - и тоа за оние коишто се стремеа за нивната политичка ав-
тономија. И покрај спротивните тврдења на денешните соседни држави, оваа "нормал-
на" ознака, своевремено, беше сосема разбирлива.

Како што беше прикажано во воведот,

"Македонците" ги образложуваа "своите барања во однос на Турција со членот 23 од Бер-
линскиот договор, според кој, Портата во нејзините европски покраини треба да воведе
статути на самоуправа со помош на комисии што треба да се формираат од тамошното
население."706

Значајно е да се истакне колку блиску, уште еднаш, биле Македонците, а со нив и
Жителите на другите три турски покраини, до статусот на автономија, со кој, исто така,
и сите останати балкански држави своевремено ја имаа започнато скалата кон независ-
носта. За волја на вистината, за успехот беа неопходни две неодминливи претпоставки:

1. Османлиското царство ќе мораше да ги исполни ветувањата што ги имаше меѓуна-
родно писмено потврдено.

2. Големите сили ќе мораа постојано да бидат будни, да инсистираат на извршување-
то и врз контролата на истото.

Настапија двете нешта. Што се однесува до повторното прекршување на договорот
од страна на Турција, многу често беше укажувано на оправдувањето со турско-исламс-
кото однесување. Напротив, пак, што се однесува до зачудувачката воздржаност на вла-
дите на Големите сили, мора, како објаснување, да се повтори дека таа можеше да по-
текнува само од интервенцијата на кралските дворови. Од огорченост заради ваквото
враќање во старата состојба, Македонците се гледаа себе си присилени повторно да раз-
мислуваат за други - насилни - патишта до автономија. Ова движење уште повеќе беше
засилено откако се дозна за информацијата дека Англија, поддржана од Русија и Фран-
ција, се заложила кај Султанот во полза на малоазиските Ерменци.

Тоа, сигурно, беше едно оправдано, разбирливо и добредојдено охрабрување за изма-
чениот ерменски народ. Но зошто не за Македонците!

По ова разочарување започнаа плановите кои неколку години подоцна, во 1903 год.,
доведоа до Илинденското востание.

Извештајот содржи и други значајни аспекти, зошто таму се вели:

"Оваа македонска агитација ја наоѓа својата поддршка во Бугарија и во однос на таа сос-
тојба не можат ништо да сменат предупредувачките зборови на кнезот Фердинанд."707

"Предупредувачките зборови на кнезот" ги објаснува една фуснота:

"На 22 април (1895) кнезот Фердинанд даде негативен одговор на писмото што му беше
предадено од една македонска делегација, со што тој ја осуди агитацијата на бугарско-ма-
кедонските комитети."

Со други зборови:

Кај бугарскиот кнез се беше појавила една македонска делегација, значи не некоја
било каква делегација "од" Македонија. Во овој труд е веќе образложено со многубројни

изјави и објаснувања зошто бугарскиот поглавар на државата го одби нејзиното барање.
Тоа дека Фердинанд ја осудувал агитацијата "на бугарско-македонските комитети" беше
нешто што можеше да се очекува, поради тоа што нему му беше познато дека ко-
митетите (и тоа исто така и бугарскиот!!) се заложуваа за македонската автономија, а
не за бугарската експанзија. Тогашното бугарско водство се обидуваше. како и денеш-
ното, македонските комитети да ги преземе политички и етнички заради нивното геог-
рафско седиште во Софија. (Истата стратегија, на подол начин, беше применета и при
Илинденското востание: во Крушево беа истакнати бугарски знамиња и се пееја бугарс-
ки песни за на тој начин да се префункционира македонското востание во бугарско. Не
без успех, зашто европскиот печат неколку пати падна во ваквите маневри на прела-
га.)708

Во извештајот, понатаму, се вели:

"Стотици илјади луѓе од бугарскиот род живеат постојано во Македонија и околу 50.000
Македонци во Бугарија."709

Независно од споменатите бројки, треба да се истакне саморазбирливоста со која
претставникот на Австрија, значи на онаа земја којашто со долги векови беше не само

непријател туку и сосед на Османлиското царство, та во тоа време таа можеше да се ин-
формира од прва рака за состојбите во Турција, фино и прецизно разликуваше помеѓу
Македонија и Бугарија, следствено, помеѓу Македонци и Бугари како различни земји и
народности.

Интересно е тоа што од текстот станува јасно дека бугарското население - различно
од нејзината влада гладна за власт - чувствуваше многу јасни симпатии за македонското
движење за автономија и тоа го изразуваше со заедничките активности.

Завршната забелешка на австрискиот амбасадор ("разбирливо е дека со оглед на овие состојби [што значи, на "македонската агитација"! отоманските чиновници во Ма-
кедонија не се однесуваат внимателно со политички несигурното население.") фрла, уш-
те еднаш, светлина врз тогашните понижувачки состојби во Турција.

Тешко на оној којшто се повикуваше на меѓународно гарантираните права!

4.2.5 Првите знаци за негативните последици на Двојниот сојуз

Веќе набрзо по Берлинскиот конгрес се кристализираа плановите за основањето на
еден Балкански сојуз како клучна точка за идниот воен конфликт со Османлиското
царство за промена на состојбите на Балканот, што значи за понатамошното истисну-
вање на Турција од Европа. Прашањето остана отворено единствено во однос на тоа,
дали само соседните држави на Македонија би се обиделе да ја анектираат земјата или
дали, во оваа пригода, нема и "други земји соседи на Балканот" да ловат во матно.

Амбасадорот Фон Ромберг (von Romberg), очигледно, не сметаше дека австриската
влада би била способна за било какво злодело и тој се обиде да открие нешто позитивно
во Балканскиот сојуз, чие создавање беше пребрзо најавено во еден руски весник ("Bje-
домости") во летото 1904 год., со тоа што тој се повика на австриско-рускиот договор во
Мирцштет една година пред тоа и напишал:

"Ако австриските дипломати сакаат да останат исправни и не следат никакви агресивни

планови. тогаш склучениот сојуз ним мора да им причини само радост, затоа што тој, во однос на реформите во Македонија, нема да биде ништо друго. освен од полза и поддршка."710

Хофбург и Балхаусплац морале, всушност, да се чувствуваат разоткриени и фатени на дело.

Колку, и покрај тоа, беше непоколеблива довербата на германското водство во "чесните" мотиви на Австрија, расветлува една препорака која рајх-канцеларот Фон Билов ја испрати на амбасадата во Белград:

"недовербата на некои... италијански политичари во однос на божемните австриски експанзионистички планови кон западните делови на Балканскиот Полуостров" рајх-канцеларот се обидел даја разбие како неоправдана.711

Дали кнезот Фон Билов четири години подоцна. по анексијата на Босна, повторно ја прочитал неговата писмена наредба? Може ли да се појде од тоа дека благовремената лектира би довела до уште една спасителна акција? Најверојатно не. Но, во продолжение, се вели понатаму:

"Погледите... според кои Австрија систематски работела на влошувањето на состојбите на Балканскиот Полуостров и дека таа била интелектуалниот автор на нападите на бугарските банди врз српското население, се замисливи, се разбира, само под претпоставката дека Австро-Унгарија, навистина, поаѓа од проширувањето на нејзините граници во насока кон Тесалоники."711

Оваа евентуалност, се чини, не го шокирала Германскиот рајх-канцелар. Отаде, тој воопшто и не се потрудил да го разобличи ова чудовишно тврдење и темата да ја стави на дискусија. Тој, многу повеќе, се повлече на типичниот (пардон!) правно-бирократски начин на аргументација: "за ова, меѓутоа, не поседуваме никакви докази."

Како и да е, Фон Билов наведува, исто така, и еден рационален аргумент:

"Едно вакво постапување на досега со толку противречности оптоварената Хабзбуршка
монархија, исто така, речиси воопшто не би можело да се објасни."

Овде на рајх-канцеларот може да му се изрази целосна согласност. Камо овие реал-
ности исто толку јасно да беа согледани и во Виена!

На крајот, да цитираме уште едно сомнително ceedo од препораката на Фон Билов:

"За нас, кои немаме директен интерес, како во едниот така и во другиот правец, се препо-
рачува, со оглед на усилбите на двете кајзерски сили, само политиката на целосната воз-
држаност."

Како молам? Германскиот Рајх немал "никаков директен интерес" како кон Австри-
ја така и кон Русија? Бизмарк, со сигурност, не ја дефинираше така крајната функција
на германската надворешна политика - а рајх-канцеларот Фон Билов беше (од оправда-
ни причини) обожавател на железниот канцелар.

Доколку авторот, исто така, не ќе имаше регистрирано многубројни знаци на поли-
тичка умереност на рајх-канцеларот Фон Билов, тогаш тој - потпирајќи се само на овој
лапсус - ќе мораше да се запраша: не требаше ли во тогашната состојба од рајх-канцела-
рот и шефот на германската надворешна политика да се очекува еден појасен поглед за
меѓусебните врски? Една ваква политика на птицата-ној. конечно, можеше да води само
во заблуда.

Во текот на оваа работа, напати, беше споменувано дека како мотив за обединување
на балканските држави би можеле да бидат, исто така, и стопанските причини, на при-
мер, во едно царинско здружение или во една царинска унија. Редовно беше наведуван и
спротивниот аргумент, дека ваквите размисливања доаѓале во предвид единствено за се-
риозните проекти какви што во централна Европа се спроведуваат уште по Втората

светска војна - и денес навистина дури и на Балканот -, додека, тогаш, соседните држави

на Македонија во реалност беа водени од сосема поинакви. имено, од империјалистички мотиви. За прикривање на оваа реалност, се чини, дека одговорните политичари своевремено се фатиле за безопасната рамка на еден "царински сојуз". Различно од рускиот канцелар, грофот Ламсдорф, којшто овој потфат го придружуваше со поддршка, неговиот австриски колега, баронот Ерентал (Baron Aehrenthal) го следеше развитокот, чии што цели тој ги беше проникнал со значителна загриженост, затоа што зад стопанските аспекти

"се криела една чисто политичка акција"; бидејќи, "конечната цел не (била) ништо друго освен распарчувањето на Турција..., коешто, значи, претставува тешко загрозување на мирот на Балканот..."712

Со оглед на тоа што се знаеја територијалните експанзионистички желби на Австрија, оваа божемна загриженост за мирот на Балканот мора да се дефинира како чисто лицемерие. Можеби на Ерентал, без империјаллистичката заслепеност, ќе му успееше да ги открие задните намери на руските планови и заблуди понеутрално и, на тој начин, поточно. Тој со тоа ќе и направеше услуга на својата земја (и на Германија). Кога Австрија во 1878 год. издејствува да и биде дозволено окупирањето на Босна, таа не беше раководена од вакви скрупули: уште помалку две години по оваа изјава на баронот, кога Австрија со анексијата ги конфронтираше Османлиското царство, Русија и, пред се, Германија (како и останатиот европски свет). Тогаш, на Балхаусплац многу повеќе се говореше дека прекршувањето на Берлинскиот договор му служело на мирот.

Историјата не ја следеше оваа дијалектика.

4.2.6 Исто и овде уште еднаш: 1908 год. - каде, ако не овде!

Не може често да биде повторено колку со окупацијата на Босна во 1878 год. беше,
долгорочно и темелно, разнишан српско-австрискиот однос - и колку тој, и покрај прив-
ременото попуштање, остана постојано напнат. Уште при крајот на годината 1906 /1907
пратеникот Фон Ратибор (von Ratibor) извести од Белград дека премиерот Пашиќ бил
целосно согласен со српскиот народ кога тој

"окупацијата на Босна"ја означува "како трајна препрека за втемелувањето на искрените,
пријателски односи помеѓу Србија и Австро-Унгарија".713

Пашиќ говореше за еден настан од кој, во тој момент, беа изминале 29 години - а тој,
за разлика од Австријците, не можеше да го предвиди драматичниот развиток во претс-
тоечката година!

Малку кој можеше да претпостави дека султанот ќе распише избори за османлиски-
от царски парламент и дека тој повторно ќе го воведе "уставот од 1876 год., суспендиран
во 1878 година" којшто требаше да важи и за Босна.714

Овој варварски акт од Виена мораше да биде оценет, небаре, како мешање во авс-
триските интереси во турска Босна и, следствено, да биде казнет со анексијата во полза
на зачувување на мирот. Пакосник е секој оној што мисли поинаку.

Значи, австрискиот министер за надворешни работи, баронот Ерентал, на 19.8.1908
год. донесе решение за преобликување на окупацијата во анексија.

Тој се обиде да добие прва согласност - дополнително, на 16 септември - од неговиот
руски колега Исволски во Бухлау, на средбата која, според Херцфелд, останала заглаве-
на "во двосмислености".715 Како и да е, но не се оствари надежта на Русите за промена во
статусот на мореузите. (Оваа околност и неуспехот на министерот за надворешни рабо-

ти Исволски мораа да доведат до еден искривоколчен. антигермански приказ во исто-
риските книги. Види, подолу под 5.)

Провоцирачки и дрзок беше исто и австрискиот начин на однесување во однос на
германскиот кајзер и владата на рајхот:

"...на почетокот на октомври Ерентал на своја рака (ја прокламираше) анексијата."716

Веднаш се покажаа долгорочните лоши последици од погрешната одлука на Биз-
марк да пристапи кон Двојниот сојуз со Австро-Унгарија, против уверувањето и желба-
та на кајзерот Вилхелм I, којшто повеќе претпочиташе да биде и понатаму заинтереси-
ран за добрите односи со Русија. Каков восхитувачки осет на стариот кајзер за долго-
рочните стратешки констелации!

Хенри Корд Мајер (Henry Cord Meyer) многу точно ги опишува (божемно!) неодмин-
ливите последици на рискантната политика на Ерентал. кога пишува:

"Германија, навистина, немаше претходни информации за планот за анексија, но, сепак,
таа се најде присилена да застане на страната на Ерентал."716

Тоа не беше доволно: со еден само од немајкаде маскиран ултиматум, така се вели во
историографијата, Германија ја присилила руската влада на попуштање, која, од своја
страна, ја натера Србија да се повлече, - таму неминовната последица беше еден допол-
нителен повод за нова огорченост и омраза. Непоколебливата германска поддршка на
Австрија доведе до катастрофални последици.

Ова е, повторно, еден случај во кој историската наука унисоно се држи за вообичае-
ната, ах, толку едностранa интерпретација дека Германија во една "непоколеблива под-
дршка на Австрија" ја присилила измачената руска влада. со еден "речиси отворен улти-
матум", да попушти по прашањето на анексијата. Навистина, се толку добро одговара-

ше во пропагандистички вешто нацртаната слика за лошиот пруски Германец. Следствено, оваа верзија, во продолжение, ја определи историската слика на читателите против Германија.

Притоа, ќе беше толку едноставно човек да се информира за вистинските причини.
Но тие. можеби, на крајот, не ќе се покажеа во полза на Русија или дури ни на Англија, а
не може да се исклучи ни Франција... Тогаш, сепак, беше полесно да се удира со чеканот
врз Германците, а тоа го правеа и самите Германци.

Со тоа, имено, не станува посилна потрагата по вистинитоста:

Како продоложение на онаа од рајх-канцеларот како "удар од гром" означена анексија, рускиот министер за надворешни работи, Исволски, којшто воопшто важел како
недостоен за доверба, насекаде се жалел заради срамната неверност на Австрија во целост, но посебно на баронот Ерентал. Исто и Фр. Фишер (Fr.Ficher) сосема јасно потврдува во својата "проценка" дека Ерентал во Бухлау "срамно го излажал" рускиот министер за надворешни работи (стр. 376). Во "Светска сила или пораз" ("Weltmacht oder Neidergang") тој пишува (стр. 41) дека Германија "промената на констелацијата на силите на
Балканот... ја изнудила против се уште слабата Русија". Дури и во 1977 год. (!) Фишер
поаѓа од сказната за германскиот притисок врз Русија заради анексијата на Босна. ("Првата светска војна"..., исто, стр. 277) Дури и Р.Мејси (К.Massie) говори погрешно за тоа
дека Исволски бил "изигран", (исто, стр. 505). М.Мацовер (исто, стр. 178) дури и во 2002
год. покажува разбирање за тоа дека

1914 год. Русите "по настаните на кризата заради Босна од 1908 год."... "не можеа да си
дозволат по втор пат да си го оцрнат образот."

Но, Исволски, сепак, - (а не е претерано да се додаде:) како и обично - лажеше и прикри значајни детали. Поставен на меѓународната бина во толку бедна светлина, авст-

рискиот министер за надворешни работи не сакаше да остане без реакција на навредата
за неговиот добар глас. За ова Фон Билов пишува:

"На 14 март 1909 год. се најави кај мене рускиот амбасадор, грофот Остен-Закен (Graf Os-
ten-Sacken)... (Тој) апелираше на нашата поддршка на рускиот министер за надворешни
работи да се ослободи од една, за него лична и, политички, подеднаква непријатна ситуа-
ција. Австрискиот министер за надворешни работи се заканил дека тој, за да ја докаже
својата лојалност ставена под сомнение од руската страна, ќе објави една редица тајни до-
кументи во кои Исволски не само што... ја дал неговата целосна согласност со анексијата
на Босна, туку дури, небаре, го охрабрил министерот да го направи тој чекор..."717

Речиси нема потреба од тоа да се спомене дека апелот за чесност, подготвеност за
помош и човечност кај германскиот рајх-канцелар не наиде на глуви уши. Како и да е,
тој, како противуслуга за неговата помош, побара како дипломатска "противуслуга" [ту-
ка повторно се гледа: еден типичен пруски скржавец!]. Русија "требаше да ги држи во
синџир Србите" - едно барање што е во голема мера оправдано и навистина во полза на
мирот. На ова барање беше одговорено - само привидно - извесно време.

Но дали разбирањето и помошта на рајх-канцеларот ги поправи германско-руските
односи и дали навистина го направи посигурен мирот? Во никој случај. Напротив! Мно-
гу повеќе треба да се појде од тоа дека Исволски, кој и покрај неговите долгогодишни
интриги против Германија не се срамеше за заштита на неговото нагризено реноме да
плаче за помош токму во Берлин (не, уште полошо: да дозволи други да плачат за не-
го!), по успехот на овој снисходлив поклон настапи уште поенергично со лаги и невисти-
ни против Германија во име на Антантата - бездруго обидувајќи се таа лузна даја избри-
ше од себе си.

Следствено, не се исплатеше широкоградоста на германските и австриските влади!

, Таа,многу повеќе ,набрзо се одмазди,иако,како што е вообичаено во дипломатија-

та, по заобиколни патишта:

Русите, имено, му имаа ветено на рајх-канцеларот, којшто, се разбира, најпрецизно
беше информиран за влијателната положба на англискиот амбасадор во Санкт Петер-
бург, Атрур Николсон (Arthur Nicolson) токму овој кон Германците непријателски наст-
роен лисец да не го запознаваат со целокупниот deal. Кога Николсон, сепак, дозна за
официјално изразената

"бесприговорна согласност на Русија со анексијата", тој се ослободи "од својот гнев и од
своето разочарување на тој начин..., што ја рашири лагата дека Германија со закани, со
притисок, "со челична тупаница" ја натерала Русија да го смени мислењето." (исто.)

Предлогот на Фон Билов до неговиот руски колега, царскиот канцелар Фон Чари-
ков, за побивање на оваа лага да издадат една заедничка изјава за печатот, од руската
страна беше толку долго пречистувано и обработувано со желби за ситни технички из-
мени, се додека рајх-канцеларот не се откажа од објавувањето

"за од целата босанска мешаница, меѓу нас и Русија, да не остане никакво незадоволство."

(исто.)

Овие значајни детали за исправка на вообичаените клишеа против Германија Фр.
Фишер не ги зема во предвид дури ниту во 1978 год. ("Војна на илузиите", стр. 105).

Учтивата воздржаност на рајх-канцеларот и на владата на Рајхот беше голема грешка

Semper aliquid haeret

Германците не сакаа да бидат "нарушители на мирот". Напротив, Русите и Англича-

ните (А.Николсон!) беа заинтересирани за тоа да го зачуваат лошото реноме на Герма-
нија во јавноста и од тоа да имаат пропагандистичка полза. Без вистински да ги попра-
ват германско-руските односи, значи, "злонамерните обвинувања пуштени во оптек" од
Англија останаа да важат. оптоварувајќи го германското реноме во светот - се до Аме-
рика и се до денес!

Повторно, една англиска победа на теренот психолошката војна во децениската про-
пагандна битка на Антантата против Германија.

Токму непосредно по Ревал, работите со оглед на долгорочното поставување на це-
лате на Антантата против двете германски држави не можеа да се одвиваат подобро...

Конфликтот предизвика во март 1909 год. повеќе од една опасност за голема војна.
Затоа, тој мораше да биде итна опомена до Австрија - н о и д о Германија. Една изра-
зито воздржана, мудра политика ќе беше итно неопходна. Но што може да се прочита
за рекцијата на Австрија? Амбасадата од Виена извести дека министерот за надвореш-
ни работи, Фон Ерентал, говорел дури и за идејата за окупација на Белград .718 Окупаци-
јата. навистина, требала да биде од привремена природа - но кој можеше да се потпре на
ова ветување?

Дури и кајзеровиот пратеник во Штутгарт известил дека британскиот амбасадор во
Берлин, сир Картрајт (Sir Carwright), по повод неговата проштална посета кај кралот од
Виртемберг (Wurttemberg) (исто така, еден Вилхелм, и тоа дури Вилхелм II) и кај преми-
ерот (В.Блос) многу возбудено се пожалил заради "бескомпромисното однесување" на
Австрија, кое, "со секој ден, ја (влошува) ситуацијата", при што тој директно го споме-
нал австрискиот министер за надворешни работи, фрајхер Фон Ерентал.

"Доколку Виена продолжи да поставува трупи на границата..., тогаш мора, уште оваа зима,
да дојде до војна со Србија. Иако сите сили, со исклучок на Италија,... се за мир, рускиот цар
ќе мора, најдоцна напролет, да прискокне напомош во Србија заради притисокот на распо-
ложението присутно во Думата и во армијата. коешто е распалувано од печатот... Освен
тоа, сиот Балкан, вклучувајќи ја и Романија... ќе се обедини против Австрија."719

Тој не остави, а да не укаже на сериозната проценка на состојбата од страна на фран-
цускиот премиер Жорж Клеменсо (Georges Clemenceau).

Картрајтовото укажување за Франција, која била едногласна со Англија, бездруго не пре-
дизвикало особено изненадување како во Виена така и во Берлин - но дали таму некој прет-
поставувал дека Романија. и Италија во секој случај, во тој миг веќе беа пристапиле во ло-
горот на Антантата? Со тоа постои уште еден понатамошен доказ за тезата на Фр. Фишер
дека Вилхелм II премногу го преценил значението на неговата роднинска врска со "на зем-
јата туѓите династии" во Романија, Грција (и Бугарија) како и нивната тежина во споредба
со владите на тие земји (и парламентите). ("Првата светска војна"..., исто, стр. 270 и 280).

Она што сир Картрајт со сигурност не можеше да знае, затоа што се работеше за н е ш т о top secret на Антантата, дека "војната со Србија... веќе оваа зима", од која тој
стравуваше, одговараше токму на планот на Антантата.

Врз основа на овој извештај на пратеникот Фон Билов рајх-канцеларот Фон Билов
уште утредента нафрли една препорака до амбасадата во Виена. Најдоцна сега [така чо-
век помислува при разгледувањето на актите] би требало да уследи неопходното пре-
дупредување за помирување и барање за попуштање...Ништо од тоа! Анексијата не е
поставена под прашање ниту со еден збор. Фон Билов, напротив, пишува:

"Не сум склон ситуацијата во целост да ја проценам како песимистичка, но сепак, верув-
ам дека е препорачливо баронот Ерентал, што е можно поскоро, да разговара со Турција,

но исто и со Бугарија, ако е возможно, дури да ја добие и согласноста на Романија. Реал-
ната опасност на Австро-Унгарија и се заканува во случајот на една огнена бура само од
руската страна." ["Само"! Само?] "Освен тоа, јас сум убеден дека противниците на Авс-

тро-Унгарија не сакаат навистина војна, дека тие многу повеќе имаат за цел да водат една
game of bluff и од заплашување. за дипломатски да ја навредат Австро-Унгарија, а со тоа.
истовремено, и нас".720

Во овој случај на идниот аналитичар му преостанува само една болна воздишка. Кога, потоа, ќе се прочита уште и кај Херцфелд со кое разбирање од германска стра-
на се почитуваше еден од најмалку прифатливите мотиви на баронот Еренфелд, тогаш
станува премногу јасна димензијата на катастрофалната грешка:

"Дури во февруари 1909 год. на германското посредништво му успеа да то натера, во од-
нос на престижот. осетливиот Ерентал на финансиски концесии кон Турција, кои неа ја
натераа да ја признае анексијата."721

Свесен за германската поддршка, австрискиот министер за надворешни работи во
спроведувањето на препораката можеше сосема лежерно да настапи пред германскиот
амбасадор Фон Чиршки и Бегендорф (Bogendorff) така што неговиот извештај (од де-
кември 1908 год.) се чита на следниов начин:

"застрашувачкиот призрак, којшто сир Ф.Л. Картрајт го повикува во облик на еден, про-
тив Австро-Унгарија. насочен општ Балкански сојуз. којшто ќе ја опфати и Романија, ми-
нистерот, сега-засега, не сака да го смета за сериозен."722

"сега-засега не е сериозно" звучи како дека до основањето на Балканскиот сојуз на 13
март 1912 год., со сите негови неодминливи последици, да имало останато уште многу
време! Колкава доза на лекомисленост! Дали Картрајт требаше да се заканува, наместо
да предупредува?

Две години подоцна беше создаден еден сличен сојуз против Австрија, вклучително
со Романија (но без Бугарија). Тоа можеше да се предвиди.

Како и да е, Ерентал, барем, се потрудил за контакт во рамките на Тројниот сојуз, со
тоа што тој склучил еден договор со Италија со кој нејзе и се гарантираше извесно вли-
јание на Балканот. Иако овој мамец одговараше точно на италијанските интереси, тој,
очигледно, не беше доволно дебел за да може да го држи Рим подолго од неколку годи-
ни во Тројниот сојуз.

Неговиот германски колега, во една друга препорака, ги интерпретираше предупре-
њата од "англиската, како и од руската страна" единствено како "обиди за заплашу-
вање"723 .Никој сериозен државник во Санкт Петербург не мислел на војна. Фон Билов го
образложува тоа со стопанските причини, кои на Русија немало да и дозволат да води вој-
на и исто толку малку, на Франција, којашто мора да има главен интерес во тоа да и бидат
исплатени нејзините милијарди кредити дадени на Русија. Катастрофална грешка!

Пруските државник не ја препозна психичката сила на жедта за одмазда и за омраза.
кои не можат да се објаснат со економски критериуми и, уште помалку, можат да се
згаснат. Под параметрите на националната чест и шовинизам, дури и во земјата на Де-
карт(Descartes), умот играше само маргинална улога. Освен тоа, канцеларот, речиси, во-
општо не можел да си претстави дека Франција подоцна ќе направи од Германскиот
Рајх нејзе да и биде исплатена сума неколкупати поголема од руските долгови! Значи:
кога веќе не беше во игра умот и логиката, тогаш, барем, сметката.

Само еднаш, нецели две недели подоцна, се чини дека на рајх-канцеларот му паднале, се-
пак на ум сериозни размисли. Во една друга од неговите безбројни наредби во тоа време, тој
презентира едно сценарио кое мора да му натерало страв во коски кога тој пишувал:

"Доколку на Русија и успее навистина да формира еден таков Балкански сојуз, тогаш ситуацијата за Австро-Унгарија, и со тоа. исто така. и за нас. ќе стане тешка и навистина сериозна."724

И тоа успеа - со помош на Англија! Отаде сознанието на Фон Билов дојде предоцна.
Неверојатниот зафат на Австрија во дипломатската гајба со трикови одеше, меѓутоа,
уште подалеку: еден српски весник известуваше за австриските "гласини за едно, божемно, веќе остварено признание на анкесијата од страна на Русија". Ним белградскиот
печат им се спротивстави со извадоците од категоричната руска нота според која

"темелниот принцип на меѓународното народно право за неповредливоста на меѓународните договори останува зачувана и дека балканските прашања требало да бидат поставени на дискусија само на оваа единствено коректна основа."726

Потоа, следеше она во повеќекратна смисла заканувачко дополнување од Белград
дека дури

постоела "идентичност на руските погледи со оние на Англија. Франција и Италија".

Но оној што нема уши за слушање, тој, имено, и не слуша.
Некаде во исто време, во Министерството за надворешни работи во Берлин г-дин
Фон Шен (Herr von Schon) изготви една забелешка за демаршот на австрискиот амбасадор, г-дин Фон Шегиени (von Szogyeny). Според тоа, австрискиот министер за надворешни работи, Фон Ерентал, бил "особено непријатно" погоден "од пасусот" на една руска
циркуларна нота, во која била побарана измена во § 25 од Берлинскиот договор од 1878
год. за прашањето на окупацијата на Босна. Русите, по таков пат, сакале во текстот на
договорот да ја "прокриумчарат" можноста за "идејата на автономијата" за малечките
балкански народи.726

Конечно еден конструктивен предлог!

Но никој во Берлин не дојде на логичната идеја да го поддржи во Виена овој извон-
реден предлог од Санкт Петербург! Не беше применета дури ниту најмалата мера на
ирониј, како што, малку пред тоа, го стори амбасадорот Фон Ромбах, кој на Австријци-
те им одговори дека еден таков план, совмесно на досегашните изјави, би морал целосно
да одговара на австриските интенции... Но поранешното австриско лицемерно ветува-
ње, очигледно, не смееше толку јасно да се разобличи како такво. Или, пак, и рускиот
предлог беше само финта, само еден нов маневар за прикривање на вистинските моти-
ви?

Како и да е, на Македонците и на нивните соучесници во страданијата, тоа ќе им бе-
ше добредојдено, барем како прв чекор кон копнеената слобода.

Погоре веќе споменатиот извештај на амбасадорот Фон Ратибор од Белград, завр-
шува со забелешката дека во Србија се сметало со "европски комиликации". Затоа што
своевремено акутната криза, сепак, можеше да биде благовремено спречена, та така,
евентуално, и идната би можела да остави на неа подолго да се чека отколку што се на-
деваше Србија (и Франција), Србите, по упатствата на Антантата, на 28 јуни 1914 год.
самите ја преземаа иницијативата, за тие на свој начин да предизвикаат една "европска
компликација". И никој - исто и, особено не, во Виена - не можеше да тврди дека овој
развој не можел да се предвиди.

Дека кризата со Босна ќе повлече со себе други кризи беше неминовно програмира-
но. Така германскиот амбасадор во Рим, Фон Јагов (von Jagow) ги повтори забелешките
на својот бугарски колега Ризов од едно интервју, коешто овој го дал во италијанскиот
социјалистички весник "Аванти" ("Avanti"):

"Независноста на поединечните балкански држави ... без нивната конфедерација била

една рискантна работа и таа е со секој ден се повеќе загрозена од се поголемата гравита-
ција на германските727 интереси за Средоземјето. Оваа опасност станала уште подирект-
на со анексијата на Босна. Се разбира, Австрија сега вели дека и била доволна Босна... Со

истата искреност, со којашто таа сега изјавува дека не мисли повеќе на освојувачки марш
кон Салоники, таа, порано, постојано повторуваше дека не мислела на анексијата на Бос-
на."... "Оној што постојано сака да продре до Македонија и да стигне до Салоники, тој мо-
ра неминовно да помине низ Србија."728

Заквите размислувања им се наметнуваа и на другите балкански народи. Затоа тие,
Виена и Берлин, не требаше само да се регистрираат, туку, бездруго, мораше и да се
антиципираат.

Но и Турција ги делеше стравовите заради австрискиот експанзионистички стремеж.
Фрајхер Фон Маршал, во тоа време амабасадор во Константинопол, го опиша ставот на
Турците

"кои во Австро-Унгарија не гледаа пријател, туку непријател којшто непрекинато се
стремеше кон тоа, за свои егоистични цели, да и наштети на турската област."729 Анекси-
јата на Боснаја потврдила оваа недоверба во очите на Турција. "Многу поинтензивно бе-
ше незадоволството на Турција во однос на Австро-Унгарија, која, во мирно време, рас-
полагаше со турските покраини, отколку во однос на Русија, која по успешната војна го
беше намалила богатството на царството." Освен тоа, "кај Турците предизвика длабоко
нерасположение ставот на Виенскиот кабинет во врска со прашањето за реформите во
Македонија." (Мирцштег)729

И сепак, за време на Првата светска војна, заради нејзината состојба на интересите,
Турција се одлучи за "германската" страна - (иронично, но токму како и Бугарија, иако

таа од спротивставени мотиви.)

Покрај, практично, без граничната низа на косакревачки грешки на Австрија и Германија , има за споменување и пофални нешта. Паул Зете пишува дека австрискиот наследник на престолот Франц Фердинанд (Franz Ferdinand) по анексијата на Босна ја напуштил Виена и отпатувал на одмор во бањата во Луцерн (Luzern) за со таа -за тоа време необична и необично храбра - реакција да го демонстрира неговиот внатрешен протест против безумниот чин на кајзерот Франц Јозеф (Franz Josef) и на неговиот кабинет.
Паул Зете цитира две забелешки на Франц Фердинанд, којшто, во споредба со повеќе од 90 години стариот кајзер, за своето, според човечката мерка, претстоечко време на владеење имал мирољубиви идеи за реформа:

"Една држава не треба да прави никаква блескава мегаломанска политика кога во неа состојбите не се во ред."... "Ерентал и неговите пријатели можат лекомисленоста даја сметаат за најдобра политика - но јас армијата ќе ја одржувам чиста од таква политика".730

Токму оваа мудра политика и неговите идеи за тоа на словенското насление "да му

се гарантира" учество "во власта" станаа за него судбоносни, оти како што П.К. Маси го цитира атентаторот Гаврило Принцип, кој беше босански Србин и со тоа австриски поданик,тој имал речено: "определени мисли и реформи... ни стојат на патот."731 (Тоа значи: на патот кон голема Србија!) Според, Бригите Хаман (Brigitte Hamann) исто и австрискиот наследник на престолот Рудолф би бил, во принцип, подготвен за една постепена демократизација, доколку тој, одземајќи си го животот, не спречи да го наследи кајзерот.

Би требало да се помисли дека судбинските загуби коишто мораше да ги доживее австрискиот монарх (како атентатот врз неговата сопруга ("Сиси", "Sissi1") мистериозното самоубиство на неговиот син-единец во дворецот Маерлинг и двете изгубени војни) ста-

рецот мора да го беа довеле до височината на мудроста. Но ниту оддалеку не беше така:
заслепеност, придавањето значење на протоколарните прашања, мегаломанските изли-
ви и љубовните авантури не го напуштаа сенилниот маж. Така, тој во атентатот во Са-
раево можеше да го открие востановувањето на светскиот поредок: оти неговиот внук

Франц Фердинанд беше стапил во еден непожелен брак, бидејќи се оженил со графица,
а не со принцеза. Маси го цитира австрискиот кајзер, како тој, во целосно непознавање
на реалностите и приоритетите, по смртта на Фердинанд изјавил: "за мене е ова една го-
лема грижа помалку."731

Историјата може да постапува толку безмилосно.

4.3 Велика Британија

4.3.0 Историски парчиња за англиската балканска политика

Англија со векови се има прославено како земја на политиката на рамнотежа. Но
ова старо правило не може да помине без дополнителна интерпретација. Оти во рамно-
тежа требаше да се наоѓаат само силите на европскиот континент. Самата Англија не
сакаше, во никој случај, да биде со нив на исто рамниште. Единствената улога, којашто
Англија ја сметаше соодветна на себе, беше онаа на хегемонијата - и тоа не само во ев-
ропски, туку и во светски димензии. Штом на копното една друга држава ќе станеше,
или веќе беше станала, помоќна од другите континентални сили, Лондон веднаш во од-
нос на таа сила што отскокнуваше од рамката се поставуваше на чело на една противко-
алиција (ползувајќи, притоа, некоја "копнена сабја"), се додека континенталните сили,
повторно, не беа нивелирани под англиското ниво. Лудвих Дехио пишува:

"Англија беше научена... предводничките сили на Континентот да ги потиснува, да ја вос-

поставува европската рамнотежа и да ја зацврстува својата сопствена превласт од онаа
страна на океаните."732

Дури во ваква ситуација Англија можеше, во извесна мера, да ја остварува нејзината
сопствена цел, имено, во сенката на таквите борби за хегемонија, со помош на една ри-
горозна колонијална политика, неговата Empire да ја обедини во едно железно единство,
кое таа не би му го дозволила на никоја друга држава на земјината топка. Прочуената
стратегија на рамнотежа, значи, беше единственото средство за оправданата цел, да се
зголеми нејзината сопствена, англиска експанзија и сила до вистински империјални ви-
сочини. Според Дехио (на пример) Роберт Сили (Robert Seely) ја имал пред очи целта на

"англосаксонското водство на светот, но не еден систем на конкурирачки и национално
диференцирани светски држави."733

Незаменлива и тесно поврзана со оваа максима беше грижата за безбедноста на мор-
ските патишта кон поединечните делови на оваа империја. Низата на безбедностите
упоришта во правецот на Блискиот Исток и, пред се, кон Индија, како и водените па-
тишта дотаму, станаа меѓници на англискиот политички покер за богатсво и сила.

По овој заобиколен пат влезе и Османлиското царство во светско-политичката кал-
кулација на моќта на Англија. За волја на вистината: за судбината на балканските наро-
ди Англија беше исто толку малку заинтересирана, како и за онаа на народите во Аф-
рика, Азија и Америка; и бездруго, најмалку за нивното ослободување (заради сите
можни немири и несигурности што потекнуваат од нив). Она што беше значајно беше
трајното и сигурно експлоатирање на колониите.734

По засилувањето на Русија за време на Петар Велики, "Англија - штотуку ослободе-
на од загриженоста заради француската хегемонија - согледа дека од длабочината на

континентот расте нов непријател..."735 Англија ги следеше со симпатија, односно, барем, со разбирање, неколкуте руски војни против Османлиското царство, кои на Султанот му донесоа огромна загуба на територии и моќ. Но рускиот цар постепено навлегуваше во рискантна близина на англиската интересна сфера. така што се постави прашањето

"дали победата на Русија, во една нова војна против Турцнте. навистина би одговарала на англиските интереси? Досега секој успех на Катарина против Османлиите беше толкуван како удар против францускиот непријател. Но можеше ли пробивањето на Русија во Средоземјето да биде пожелно за Англија?"736

Со тоа не ќе можеше да остане недопрено нејзиното огромно богатство од азиските колонии. Следствено,беше неопходно да се воспостави јасна,по можност стабилна состојба и во Контантинопол и на мореузите.

На тој начин, Турците и Балканот - а со тоа исто и Македонија - навлегоа во потесното видно поле на Англија.

Русија не беше во никој случај единствениот потенцијален нарушител на мирот на англиската хегемонија. Англија започна, исто и по победата на египјанецот Мехмед Али, да се грижи заради Турција и тоа во врска со Источна Индија. Како привремена мерка на превентива, Англија во 1838 год. со Портата склучи еден трговски договор.

Најголемиот антагонист на Англија во светски рамки остана, сепак, Русија. Победата во поморската битка кај Наварино во 1827 год. против обединетата турско-египетска флота, Англија ја имаше извојувано се уште заедно со Русија и Франција. Оваа констелација, конечно, го определи англискиот став кон мореузите и кон остатокот од Турција. При реалистичната проценка на ситуацијата на Златниот рог, Англија беше свесна за

тоа дека таа, покрај сите воени бази на целиот глобус, за заштита на безбедноста на нејзината колонијална империја, би можела, згора на тоа, да го побара само за себе уште и Константинопол. Второто најдобро решение од позицијата на Лондон беше, според тоа, дека, исто така, и ниту една друга Голема сила не смееше да ја добие оваа непроценлива скапоценост како своја сопственост. Логичниот заклучок. со оглед на тоа. беше политиката на зачувување на "болниот на Босфорот", и тоа како погоден заштитник на англиските интереси на мореузите.

Ова беше максимата на којашто, конечно, Македонците, Тракијците, Епирците како и - привремено- Албанците, требаше да и ја припишат нивната незаслужена судбина.

За да го обезбеди својот "морски пат до Индија преку Средоземното Море, преку новоизграденият Суецки Канал и Црвеното Море, англиската примарна цел, заради тоа, беше, по секоја цена да го спречи излегувањето на Русија од Црното Море преку Мореузите во Средоземното Море".737

Големите сили во 1840 год., се уште заедно, имаа склучено еден договор за заштита на Турција. Но кога Русија се обиде да издејствува постојано интервенционо право за православните христијани во Турција, а (по одбивањето од на страна Султанот) таа ги зазеде Дунавските кнежевства, Англија го зема тоа за повод, покрај Франција, да му пружи помош на Османлиското царство, та во Кримската војна во 1853-1856 год. да и одржи лекција на Русија. Марк Мацовер (исто, стр. 39) едноставно ја формулира причината: "за да се спаси Турција од Русите." Во суштина, се работеше само за сопствените, англиски интереси.

(Единствено како колонијално и воено историско потсетување. ќе укажеме на тоа дека Англија, потоа, сама ја водеше петгодишната војна против Кина се до 1860 год., от-

како таа во 1840-1842 год. ја водеше прочуената војна за опиумот.) Англија, очигледно,
добро ја имаше простудирано историјата и политиката на римскиот империјализам.
Rule Britannia,-rule the waves...

За англискиот принцип на постојано мерње со две различни мерки со цел да се зачу-
ва и прошири нејзината моќ, амбасадорот кнезот од Минстер (Frust zu Munster) наведува
во еден извештај од Лондон еден многу илустративен пример. Кога грчкиот крал Георг,
за време на неговата веќе спомената посета на Лондон во 1876 год., ги навестил грчките
желби за поместување на границата понатаму и подлабоко во турското царство, тој се
пожалил и на грчкиот устав, што му оставал малку слободен простор и "којшто бил ис-
ползуван само за егоистичките цели на поединечните политички интриганти". Меѓутоа,
англиските министри мораа, така се вели во извештајот,

"да бидат многу претпазливи во однос на нивната земја и парламентот и не можеа да
признаат, дека конституционалните влади не се секогаш најдобрите. Во Индија... Англича-
ните... стануваат ... многу неверни на нивните конституционални идеи; таму тие владеат
целосно апсолутистички и секого би го исмеале и прогласиле за луд којшто би сакал во
Индија да ја воведе конституционалната форма на владеење."738

Во тие години, се чинеше, дека Санкт Петербург сакаше да преземе обид за повтор-
но заграбување кон византискиот "Цариград" (Константинопол), со тоа што тој ги зема
како параван - од него поттикнуваните - востанија во Херцеговина и во Босна во 1875
год., како и во Македонија и Бугарија во 1876 год., за да поведе по осми пат војна против
Османлиското царство. По почетните порази со многу жртви, Русија, на крајот, остана
победникот. Претходно, во 1877 год., англиската дипломатија изведе уште една серија
на парадни чинови:

На 18 март Лондон спроведе една конвенција со Русија, според која, на Балканот не
би требало да има ниту една голема држава.

Само неколку недели по турското одбивање на макотрпно постигнатиот компромис
во протоколот од Лондон од 31.3.1877 год., Русија, на 24 април, му објави војна на Осман-
лиското царство. На премиерот Дизраели (Disraeli) не му требаше многу време за на
Санкт Петербург на 6.5.1877 год. да му ги диктира англиските услови за руското однесу-
вање на Балканот и, со тоа, јасно да ја определи својата интересна сфера:

- никакво руско освојување на Мореузите и Константинопол,
- никаква блокада на Суецкиот Канал и
- никаква окупација на Египет и Персискиот Залив.

Овој список, очигледно, и од самите Англичани беше извезен со премногу горешта
игла, зашто кога Русија се приближи до победата, Лондон подметна уште еден услов:

-никакво уништување на Османлиското царство.

Токму ова последново беше едно темедно решение на штета, меѓу другото, и на Ма-
кедонија!

Оваа нота беше напишана токму во моментот кога руските трупи се пробија до бре-
гот на морето Мармара и руските војници ги капеа нозете во "топлата вода на Средо-
земното Море. Претстоеше ли остварувањето на еден стар руски сон? - Овојпат, се уш-
те не.

Англија и Австрија се заканија недвосмислено со повторување на еден вид втора
Кримска војна. Кога Русија се осмели, наспроти сите договори, на 10.2.1878 год. да прог-
ласи дека таа ќе влезе во гратчето Сан Стефано, во близината на Константинопол, анг-
лиската флота беше закотвена во пристаништето на Златниот рог.739 Бизмарковисл

прочуен "посреднички" говор, повторно и одново, доведе до попуштање во руско-анг-
лискиот однос.

Камо тој да можеше да претпостави што со тоа си "зготви" себе си и на Германскиот Рајх. Сите држави околу Германија, со сите сили, се трудеа да посеат каранициипротив Герамнија. а Бизмарк ја спречи новата англиско-руска војна! Дали тоа беше германска чесност или германска наивност?

На 3.3.1878 год. Русија во Сан Стефано го склучи прелиминарниот мировен договорсоТ урција (првенствено во полза на Бугарија.)

Колку време измина, овојпат, до реакцијата од Лондон? Ниту 24 часа. Уште на 3.3.Грофот Биконсфилд (Earl Beaconsfield) бараше договорот да се преиспита. Санкт Петербург - одби. Во оваа ситуација, Англија повторно ја докажа својата ладнокрвност, помешана со дипломатско мајсторство. Во никој случај навредена заради руското застапување на интересите и рамнодушна пред евентуалната претстоечка војна, таа издејствувасо Русија еден договор за прецизирање на веќе постоечките договори, според кој, наБалканот не смее да има никаква голема држава, додека Бугарија би морала да биде ограничена во нејзиното територијално ширење. (Потпишан на 30.5.1878 год.)

Една недела подоцна следеше еден сличен договор помеѓу Англија и Австрија. Сотоа уште еднаш, пред почетокот на мировните преговори во Берлин, беа цврсто завързани неколку значајни основни линии. Тие, напротив, не можеа да спречат, во текот наконгресот, сепак, да не дојде речиси до уште едно раскинување помеѓу Лондон и Санктпетербург. Исто и во тоа значајна улога играше Бизмарк - но, ловоровите венци, кои,впрочем, беа сплетени за "искрениот посредник" на Берлинскиот конгрес, не ќе беа воопшто замисливи без претходните англиски активности. Ова не може да му се префрлина Бизмарк туку тоа, едноставно, соодветствуваше на реалната состојба на англискитеинтереси.

Уште покарактеристично отколку во оваа епизода, политиката на проширување навласта на Лондон, исклучиво според британските интереси, се отсликува во понатамош-

ното однесување: исто така непосредно пред почетокот на Конгресот, на 13 јуни, на
4.6.1878 год. Англија заклучи со Османлиското царство еден таен договор за "правото"
за окупација на Кипар - така да се рече, како "кауција" за претстоечките напори за пос-
редништво! Бидејќи Лондон и вети на Турција поддршка при застапувањето на нејзини-
те интереси на Конгресот. Тоа не ја спречи британската делегација да се согласи и со ре-
шенијата против Турција, на пример, прогрчки, проавстриски и прохристијански, што
значи, пореформистички. Секако: повремено, исто така и протурски - пред се, за да го
гарантира останувањето на Османлиското царство на Златниот рог, та било тоа дури
само на една педа од земјата (еден поим којшто се чини целосно оправдан кога Источна
Тракија ќе се спореди со некогашното огромно Османлиско царство). Англиската лини-
ја на Берлинскиот конгерс Имануел Гајс ја формулираше на следниот начин:

"По турскиот пораз се работеше само за тоа, до која мера требаше да биде ослабено Ос-
манлиското царство."740

Освен тоа, Англија и го гарантираше на Турција уште и задржувањето на Мала Азија,
Сирија и Месопотамија. Исто и оваа помош не беше неминовно вредна за големи изрази
на благодарност на Султанот, оти таа, сепак, го следеше и сопствениот англиски интерес:

за Русија да не може да го продолжи нејзиното напредување кон Југот, регионот требаше
да остане во турски раце, - се додека Англија самата не беше во состојба и таму да ја про-
шири својата сопствена власт! Нешто, како што е познато, подоцна и уследи.

Rule Britannia..

Треба уште да се забележи дека Лондон, во сосема неанглиска итност, направи него-
вите трупи да стигнат на Кипар уште на 12 јули, значи, уште еден ден пред завршување-
то на Берлинскиот конгрес.
Овој чекор неминовно мораше да предизвика една низа од реакции:

"Окупацијата на Кипар ... на тој начин, се покажува како еден понатамошен чекор кон
она, непосредно потоа започнато, "Scramble of Africa", за колонијалното делење на Афри-
ка и за остварувањето на европскиот колонијализам".741

Во тој момент Франција се чувствуваше дека има право да го анектира Тунис (1881
год.). А кој би можел да и префрли на Англија по тоа заканувачко однесување, сеќавај-
ќи се на Наполеоновата офанзива во Египет, зошто таа, следната година, превентивно
го окупираше од Франција (Lesseps) во десетгодишни градителски работи изградениот
Суецки Канал, особено што овде, и без тоа, се работеше само уште за една формалност,
откако Лондон уште во 1875 год. пријателски му помогна на банкротираниот султан и
го презема египетскиот дел од акциите од 44 % во проектот на каналот. Тоа дека Ан-
глија во оваа пригода во 1882 год., истовремено, го окупираше дури и Египет, требаше,
можеби, да се разбере единствено како данок на англиската наклоност за целисходни
заокружувања на нејзината колонијална сопственост.

Штирмер пишува (исто. стр. 230): "Тогаш започна една нова епоха на колонијалните
светови од соништата..."

Rule...

На овој вид на "rule" припаѓаше и понижувањето на домородското население (во овој
случај, на Египјаните). Дипломатскиот агент во Каиро, Чолак-Антич (Tcolak-Antisch)
напиша на 20.6.1911 - значи, триесет години по анексијата на Египет - во својот извештај
бр. 220, којшто стана познат по запленувањето на српскиот материјал од актите (P 20727
-2, лист 119), дека "главната причина на националистичкото водство (на индиското насе-
ление) не лежела во ништо друго, освен во изјавите на британската влада, дека окупаци-
јата на Египет продолжувала да опстои единствено во интерес на Египјаните."

Впрочем: методот се одржа до 1956 год.

Со тоа, во никој случај, не беше задоволена британската амбиција за моќ и богатст-
во. Конечно, имаше уште еден друг интересен островски објект во тој регион со едно
идеално природно пристаниште: Крит.

Дури во светлината на британските сопствени интереси, кои Лондон на Крит имашб
намера долгорочно да ги оствари, станува разбирливо, посматрано од денешната перс-
пектива, зошто - како што амбасадорот од Минстер извести од Лондон, - англиската вла-
да уште во 1876 год. во врска со едно ново востание на Крит "многу му советувала" на
грчкиот крал Георг, по повод неговата тогашна посета на Court of St.James,

"да не се впушта предвреме во борба туку (многу повеќе) да ја натера Грција на воздржа-
ност."742

Понатаму, она што амбасадорот го пренесе во Берлин ^ако една секојдневна инфор-
мација, не би можело да го израдува ниту грчкиот крал ниту грчкиот народ:

"Англија ја сака Кандиа (Candia / Крит), затоа таа со радост и ги дозволува на Грција Те-
салија и Епир."743 744

Што се однесува до самите Критјани, Англија, сигурно, не сметаше со нејзиното нис-
ко реноме кај тамошното население, Но, тоа, ниту малку, не им пречеше на Англичани-
те. Оти поинаку од она што се говори за некои други народи, дека тие биле исполнети
од незгасливиот копнеж по тоа да бидат љубени (!), се чини дека овој инстинкт им е це-

лосно туѓ на Британците. Но, како на добри деловни луѓе, ним мора да им било јасно де-
ка една толкава доза на антипатија кон Англија, и тоа пред нејзините трупи да стапнат
на островот, цената на нејзиното здобивање и зачувување бездруго би можела да ја до-
веде, сепак, во премногу големи и, со тоа, повеќе неисплатливи височини. Оти што, не-
цела година подоцна, известуваше амбасадорот, принцот Рojс. од Константинопол за из-

јавите на неговиот грчки колега Кондуриоти (Conduriotti) за оваа тема? (Да се потсетиме
на тоа дека Грција тогаш беше зафатена со поттикнување - при истовремено прикрива-
ње на нејзиното мешање - на востанија во Тесалија, Епир и Крит);

"Населението во Кандиа било решено да се крене на -востание штом ќе биде даден сигнал
за него; таму, притоа, повеќе сакаат да останат под турска врховна команда, отколку да
им паднат в раце на Англичаните ... Еден грчки весник се ... застапил за тоа дека, доколку
на Кандиа воопшто и било судено да дојде под туѓо владеење, тогаш повеќе би сакале да
се потчинат на Германскиот Рајх отколку на Англија."745

По овој извештај Германија морала, во англиски очи. да се пристори како отелотво-
рение на едно Господи-биди-ни-напомош. Тогаш подобро - Крит да се остави на Грците!

Сепак, мораше да изминат уште неколку децении додека Лондон се помири со созна-
нието дека не може да го освои Крит за англиската круна. Оти уште на крајот на девет-
наесеттиот век, пратеникот на кајзерот Фон Винклер (von Winckler) напиша до рајх-кан-

деларот:

"Се разбира, Крит со неговата Suda Bay би бил за Англија, како и за Русија, подеднакво
посакувана сопственост. Затоа што тој, како и за едниот. така и за другиот, би можел да
биде освоен само со една светска војна, така. всушност, не е неверојатно дека двете, нај-
напред премолчено, ќе се согласат во тоа, островот, привремено, небаре да го неутрали-
зираат под регентството на некој за двете прифатлив кнез и дека, отаде, тие стојат благо-
наклоно во однос на стремежите на принцот Георг во таа насока."745

Со тоа се затвора кругот којшто се уште беше отворен во поглавјето за Грција.

4.3.1 Македонија како фигура во полето за игра на англиската стратегија

Германската амбасада во Лондон го наведува доказот дека Македонија, и покрај не-

успешното и со многу жртви проследено востание од 1903 год., остана доволно добар об-
јект за да добие една улога во стратешкото поле на силите на Балканот - било тоа, нај-
напред, само како шаховска фигура на англиската "глобална" политика. Оваа функција
на Македонија е тесно поврзана со интересите на Германскиот Рајх кои, почнувајќи од
неговото основање, се означуваат како исклучиво стопански - дури и кога се работеше
за големиот проект на Багдадската железница, чија изградба (со дветретинско герман-
ско учество) започна во 1903 година. Овде владата на Рајхот грубо ги прецени британ-
ските интереси и нивната чувствителност, оти Лондон ја посматраше транс-анатолиска-
та железница од една сосема поинаква перспектива.

Германската амбасада го цитираше во еден извештај текстот на прилогот од "Forting-
htly Review" од 1906 год. во кој беше тематизирана неопходноста на британската одбрана
од "опасноста од панисламистичките движења". И тоа

"движењето ... можело да нарасне во сериозна опасност за земјите со мухамеданско насе-
ление, особено за Англија и за Франција, затоа што зад него стоела Германија."746

(Нека е дозволено да се потсетиме на тоа дека прилогот е напишан уште пред речи-
си 100 години.)

"Доказот, дека Германија го посматра панисламот како темелен столб на својата полити-
ка. го доставиле неодамнешните излагања на професорот Делбрик (Delbruck), којшто бил
гласноговорник на неговото височество, во чии излагања. како главна задача на Герма-
нија, било означено да го распространи своето влијание врз целиот свет на исламот."

За Германија, како нова сила во таканаречениот "европски концерт", дури само да се
остави таков впечаток беше, речиси, исто толку лошо како и тоа некој да сака да ја ост-
вари оваа илузија - што, со сигурност, воопшто не беше случај.

Од друга страна, не можеше да се предвиди, дека професорот Делбрик, од внатреш-
ните и надворешните критичари, беше злоупотребуван со истата упорност како и дворс-
киот проповедник Штекер (Stocker) за тие, потоа, да се претстават исклучиво во искри-
воколчено огледало. За Едуард Ласкер (Eduard Lasker) на пример, не говореше никој.
Зашто со задоволство беше премолчувано дека германскиот кајзер, како и пруските
кралеви. меѓу своите советници отсекогаш имаа мудри и совесни научници, филозофи и
поети. (Откаде, поинаку, ќе произлезеше огромниот успех на вилхелминскиот период ?)

"Најмногу загрозена од раширеното исламско движење била Англија, и тоа, не толку многу
во Египет колку во Судан, во Индија... во Авганистан... и конечно, во Арабија. Овде теш-
котиите биле најголеми и тие, дури, и во Англија биле целосно превидени. Со 'арапското
прашање' бил поврзан и проблемот на крајната точка на Багдадската железница."746

Оваа проценка беше предизвик за англиската политика на рамнотежа (секако, по-
добро: политика на сопствената рамнотежа) - можеби со цел еден ден, таа да ја присвои
за себе и Багдадската железница, како претходно Суецкиот Канал, Кипар и другите ст-
ратешки значајни објекти.

"Во услови на голема опасност од панисламистичкото движење би морало наскоро да се
преземат мерки за борба против него. Ке мора... пред се. да биде прекината врската по-
меѓу Берлин и Константинопол. Отаде, панисламот било прашањето коешто треба, заед-
но со другите, да се договорат со Германија. Мачно било да се тврди дека односите поме-
ѓу Германија и Англија биле добри се додека во Берлин не дојде до целосна промена во
мислењата." ... "Се додека Англија не постави една бариера помеѓу Германија и Турција
панисламизмот се повеќе ќе се шири и стремежот на Германија кон Истокот ќе станува
се поголема опасност. Вистинската опасност на Багдадската железница лежела во тоа

што, во пракса, со неа би се воспоставила врската на Мала Азија со европските поседи на
Германија".746

Поимот "европски поседи на Германија" делува, навистина, многу опскурно (можеби,
сепак, намерата беше да се навредат Австријците?), од една страна - покрај намерата да
се полемизира против Германија, главната задача на прилогот, очигледно, се состоеше
во тоа, да се анализира тогашниот начин на мислење на колонијалната сила Англија, ка-
ко и да се даде лајтмотивот за идниот начин на постапување на Велика Британија во од-
нос на Германија.

На ова место, повторно, влегува Македонија во англиската сметка:

"Бариерата... треба да биде постигната со тоа што англиската влада ќе се обиде да пос-
тигне договор со трите дунавски држави Србија, Романија и Бугарија. Обединувањето на
државите меѓусебе, коишто не посакуваат ништо друго освен можност за мирољубив
развиток", [ова не е единственото лицемерие и залажување во долгиот прилог] "ќе биде
постигнато кога на Србија, со Скутари, ќе и биде овозможен пристапот на Јадранот, на
Бугарија, пристапот на Егејското Море, кон Кавала. Вилаетите Салоники и Манастир
треба да станат една автономна покраина под меѓународна контрола."

Да се размисли! Најдобро информираната светска сила Англија поаѓа, сосема раз-
бирливо, од еден македонски Saloniki, додека Грција, од 1913 год,, сака да го натера све-
тот да верува дека 'Thessaloniki "отсекогаш" бил грчки град. И понатаму:

——Ханс Лотар Штепан -

"Грција треба повторно да го добие подрачјето изгубено во последната војна [Тесалија,
1897] и освен тоа, не сметајќи го Крит, [се разбира, оти тој еден ден треба да стане англис-
ки] "уште еден дел од крајбрежјето до висината на Крф". [Значи, албанска територија.]
"На Турција и останува сопственоста на Адрианопол и Константинопол и таа добива една

извесна сума како отштета. Албанија треба да стане една одвоена државна творба под
италијанска или меѓународна контрола. Ишкип (Скопје) ќе биде единствениот камен на
сопнување. тој ќе мора да потпадне на Србија или на Македонија." Сигурно било "дека
Англија може да постигне согласност со Балканските држави, и со тоа, и решение за Ма-
кедонското прашање."746

Извонредно интересно. Никој не ќе може да оспори дека ова беше еден трезвен и об-
јективен поглед на тогашната реална состојба на Балканот. Во принцип, Англија со сво-
јата остроумна анализа го следеше истиот урнек, според кој и на сите останати балканс-
ки држави. од втората половина на XIX век, им беше дозволена независноста. Соседите
на Македонија таа реалност ја имаа претставено целосно извртено, само заради тоа што
таа не одговараше на нивните сопствени амбиции со оглед на туѓата македонска терито-
рија. Затоа се покажа дека англискиот стратег ја имаше направено сметката без дански-
от крал на Грција.

На денешните Македонци еднаш треба да им е повеќе од јасно колку блиску нивниот
народ, во тоа време, беше стигнал до посакуваниот статус на автономија и, со тоа, до
пред скалилото до независноста. Значењето на оваа проблематика се состои во тоа, што
овде се работи за размислувања на една од водечките големи сили на Европа. Следстве-
но, и покрај пропуштената шанса на Берлинскиот конгрес и покрај неуспешното Илин-
денско востание, историјата, секогаш одново, ја држеше вратата кон слободата малку
подотворена - се додека таа во 1944 год. не беше отворена на половина и во 1991 год. це-
лосно.

Не треба воопшто да се потсетува на тоа дека Лондон, имено, не се раководеше од
симпатии за Македонците или од некој (непостоечки) стремеж за праведност и еднак-
вост.

Во истовреме, не треба да се потцени далекусежното значење на тој прилог во "Forth-

nightly Review". Во него беа изложени основните начела на англиската политика кои, во
идните години, станаа меродавни како водечки линии за практичното постапување во
однос на Германскиот Рајх. Како главна цел на нејзините политички намери, Англија го
следеше - уште тогаш! - затворањето на еден херметички обрач од сојузници околу Авс-
трија и Германија. Тоа не е, во никој случај, некаква шпекулација: во тоа време (1906)
беа изминати две години од основањето на Entente Cordinale - и подготовките на Tripel-En-
tente мора да оделе под полна пареа. Средбата од Ревал, потоа, ќе ја постави само уште
заклучната точка. Овде беше веќе долгорочно конципирано да се додели лекција!

Незамисливо!

4.3.2 Англиската политика кон Македонија од српски агол на посматрање

Интересно е што четири и пол месеци порано, во мај истата год. (1906), тогаш веќе
познатиот српски весник "Политика", се произнесе во една серија од прилози за англис-
ките напори за изолирање на Германија и Австрија и укажа на тоа, "дека стремежот на
Англија е насочен кон создавањето на автономна Македонија раководена од христијан-
ски гувернер."747

Амбасадата известува:

"Авторот дава ... еден преглед за развитокот на политичката констелација во Европа по
јапонско-руската војна. Заедничкото стравување од Германија ги обединило Англија и
Франција. Потоа, на овие две сили, им се придружила Италија, со надеж дека таа така ќе
може подобро да ги оствари своите цели на Балканот и, конечно, Франција посредувала
во приближувањето на Русија кон Англија." [Оваа констатација, значи, била направена
уште пред конкретизирањето на новиот сојуз на Тројната Антанта во 1907 год.!] "Тенден-
цијата на ова групирање на силите, на чие чело стоела Англија, била изолацијата на Гер-

манија и, понатаму, тоа било насочено и кон Австро-Унгарија, сојузничката на Германија, чии планови на Балканот требало да бидат разобличени. Ова последново, можело да се постигне со вовлекувањето на Италија во балканските работи и со создавањето на еден Балкански сојуз; отаде интересот на Англија за Македонското прашање. Со ова ново групирање на силите, Романија и Бугарија се обиделе да воспостават благовремено контакт и затоа двете стојат при решавањето на Македонското прашање во поповолна ситуација од Србија, која е зафатена со нејзините внатрешни проблеми".747

Дали е потребна уште поголема јасност? Овде е прецизно скицирана стратегијата на Антантата за идните години.

Единствено, човек, секогаш одново, се прашува, зошто Германците и Австријците, против кои биле насочени овие цели и кои тие, конечно, не можеа да ги избегнат, не реагираа соодветно!
Постојано само: понизност, заслепеност и илузии...

Малку години потоа, во 1909 год., еден извештај од Белград разоткрива (сега веќе после Ревал) дека Македонија на англиската шаховска табла, додуша, се уште претставувала една фигура, но насоката на движењето одела се подалеку преку малечката Македонија и тоа движење, еден ден, ќе ја згмечи. Покрај Русија, исто така и Англија ги продолжила своите напори да ја потпомогне идејата за Балканскиот сојуз помеѓу Србија и Бугарија

"се разбира, со намерата и целта да и се предизвикаат тешкотии не само на Австро-Унгарија, туку, пред се, да се работи против внатрешното консолидирање и зајакнување на Турција, оти, наспроти сите туркофилски фрази, силна Турција не си посакува ниту Русија, ниту Англија. Русија мора да се стреми кон тоа (се додека таа е премногу слаба да го оствари таканаречениот тестамент на Петар Велики), Турција, навистина, да остане заштитена од пропаста, но исто и од вистинското оздравување, а на Англија и треба една

Турција, која е непрекинато зафатена во Европа, задржана постојано во криза и спречена
во тоа нејзините интереси и сили да ги концентрира во Африка, но, пред се, во Мала Ази-
ја. Отаде, меѓународната политика на Англија, секако, е да се заложи за статус кво на
Балканот, но, притоа, во Македонија постојано да интригира против Турција."748

Со оглед на овој несомнен опис секој коментар, буквално, е непотребен.

За овој очигледен пресврт во англиската политика на интересите во однос на Турци-
ја амбасадорот маршал Фон Биберштајн има - повторно - разработено едно логично об-
јаснување. Тој известува нецела година подоцна (1910):

> Наскоро по "историските настани" на Младотурската револуција "англиската политика
> стана непријателска кон Турците. Младотурците ова го објаснуваа со омразата кон дес-
> потизмот на Абдул Хамид. Тоа е бесмислица. Англичаните никогаш не водеа сентимен-
> тална политика. Моментот на пресврт лежи во еден историски настан: во окупацијата на
> Египет. Со поседувањето на оваа земја, за Англија стана неприфатлива политиката на
> Кримската војна и на Берлинскиот конгерс. Иднината би можела, во територијалната
> сопственост, на Англија да и донесе ваква или онаква промена. Велика Британија ќе ос-
> тане светско царство додека таа владее со Индија, Јужна Африка и Египет". ... "Како

сопственик на Египет, Англија, во спротивност на нејзината поранешна политика, имаше
интерес за тоа Турција да биде една политички и воено ослабена државна форма. Со тоа
беше уништена руско-англиската спротивставеност. Врз нејзините урнатини, во истиот
миг, се издигна руско-англиското заедништво на интересите".749

Блескаво!

Но, сепак, на авторот му недостига кај обожаваниот предок (како веќе и малку по-

напред) едно јасно укажување на европската компонента на ова заедништво на интере-
сите како причина за "пресвртницата" во англиско-руската политика во однос на Герма-
нија. Зашто тоа што ја натера Англија на промена не беше Турција - и воопшто не Еги-
пет. Тоа беше Германија - вилхелмовиот Германски Рајх.

Англиско-руското заедништво на интереси било, меѓу другото, поттикнато со герман-
ско-турскиот проект на багдадската железница, со кој во своите планови против Осман-
лиското царство на Балканот се чувствуваа попречени од Германија како Санкт Петер-
бург, така и Лондон. Многу е возможно дека овој проект, можеби, одиграл една според-
на улога во британските размислувања. Но предност имаше следново: (Доволно е да се
потсетиме на старите англиски урнеци за плетење кои британската аристократија никако не ги
имаше фрлено во сметот на историјата. Историски свесните Англичани никогаш немаше да си
дозволат една таква модерна лекомисленост.) Значи:

По обединувањето на Рајхот на Европскиот континент, повторно, беше созреала ед-
на сила до една величина која ја предизвика англиската политика на рамнотежа, неа да
ја поткастри до еден за Англија безопасен и погоден обем (како би било со едно уште
"помало" германско или со едно малечко пруско решение?). Но за тоа беше неопходна
долгорочна и цврста стратегија на создавање обрач. Лондон се зафати со оваа задача
со една толку висока маржа на безбедност, така што, како сојузници, не му беа доволни
огромното царство на Царот, како ни Empire Francais, вклучително и France-Qutre Mer За
да може, конечно, да го затвори обрачот од една коалиција на држави околу Австро-Ун-
гариЈа и околу Германкиот Рајх (како што пред неколку години беше претставено во
"Fortinghly Review", види погоре) ниту една земја на "англиската-глобална" шаховска таб-
ла, барем калкулаторски, не и беше како камен во мозаикот на овој sид премногу без-
начајна, исто така ниту Македонија, - иако само како мамец, односно како пресметана
жртва, за Англија да може балканските народи да ги приклешти нераскинливо за систе-

мот на создавање обрач.

Во кои долгорочни категории размислуваше англиската дипломатија - и, воопшто,
постапуваше - може да се дознае, повторно, од 1917 год. запленетите акти на српското Ми-
нистерство за надворешни работи. Во наредбата од 7.4.1909 год. (Р 2072-1, лист 62), српс-
киот премиер и министер за надворешни работи, д-р Миловановиќ, го информира српски-
от вршител на должноста во Лондон, Грујиќ, за тоа дека англиската влада веќе во април
1909 год. во Софија направила официјално чекори насочени против Австро-Унгарија, а со
тоа и против Германија, кои треба да го подготват подоцнежниот Балкански сојуз."

Значи, Англија била активна во оваа насока (најдоцна)

- две години по основањето на Тројната-Антанта
- една година по Ревал

- повеќе од две години пред тајниот договор на РусиЈа со Србија и Бугарија во 1911
година. (Спореди исто погоре, 2.2.4)

4.4 Германскиот Рајх, Франција, Италија

4.4.1 Германскиот Рајх

4.4.1.1 Ненамерната улога на Германија на Балканот

Кога човек ќе си замисли дека во Германија "од доцниот среден век во најголема ме-
ра" владееше "вакуум во однос на власта"750 и дека германските земји беа станале топка
за игра на другите сили (најнапред се вмеша Шпанија под водство на Карл V, подоцна
Франција: од Ришелје до Наполеон III) станува јасно од колкава животна важност беше
обединувањето во Рајхот, - но, тоа со себе доведе еден несекојдневен длабок пресврт и

за цела Европа. Европските големи сили, во прва линија Англија, со германското осно-
вање на Рајхот ја гледаа разнишана нивната "balance of power". За зачувување на оваа
рамнотежа, Англија немаше да мирува додека неа повторно не ја воспостави со непоко-
леблива, безмилосна консеквентност - исклучиво за својот сопствен интерес.

Во еден говор во Долниот дом, во февруари 1871 год., (како што е познато, прокла-
мацијата на германскиот кајзер се одржа на 18 јануари. - Патем, г-дин Фон Бизмарк, зошто :

таа мораше да се одржи токму во Версај / Versailles?! Дали психолошката хипотека не беше, уште
од самиот почеток, еден премногу голем товар за Германскиот Рајх?), значи: уште во февруари
истата година, конзервативниот водач на опозицијата, Бенџамин Дизраели, го означи
германското обединување во Рајхот како "еден настан што бил поголем од Француската
револуција во минатиот век".751

Силата на оваа аргументација, и долгорочните консеквенции за британската хегемо-
нијална политика, во претстоечките 43 години, во нивното историско значење, не можат
да бидат доволно високо проценети.

Притоа, политичкото хорор-сценарио на Дизраели беше само врвот на планината од
реакции - оти нејзиниот темел беше поставен уште многу порано - многу, многу пред
1914 година.

Михаел Штирмер со цитатот што го избрал го погодува уште попрецизно јадрото на
англиската максима (стр. 187):

"Дизраели говореше во Долниот дом во 1871 год. за «германската револуција» која за
британскиот интерес била поштетна отколку Француската пред еден човечки век. "На
друго место, (стр. 14), Штирмер пренесува еден друг централен став на англиската поли-
тика од 1871 година:

"Рамнотежата на силата е разрушена." (Не, да речеме: на-рушена!)

Освежувачки, небаре англиски бескрупулозен, тој во теоријата е, речиси, исто толку
свиреп како што е in praxi Дизраели и безброј други англиски политичари, пишува
Штирмер (стр. 198) за Бизмарк (за волја на вистината, не во врска со ситуацијата од
1871, туку дури од 1878 год.):

"Дали тој не ќе стореше подобро ако студената војна помеѓу Русија, од едната страна,
и Англија и Австрија, од друга страна,ја ескалираше во горешта војна?"

Но Бизмарк, имено, не ја поседуваше безскрупулозноста и желбата за власт како не-
говите англиски колеги. Тој, исто толку малку, беше изделкан од истото дрво како
Фридрих Велики којшто, по... коалицијата, која беше остварена под девизата "destruction
totale de la Prusse", овие воени планови ги попречи "со пруското отворање на војната".
(стр.190)

Хилгрубер потсетува на тоа (исто, стр. 15) дека веќе при првиот обид за основање на
германска национална држава, во 1848 год., сите Големи сили беа настроени против гер-

манските стремежи. Со тоа тој ја негира општоприфатената теза дека тоа непријателст-
во потекнало од "посебниот вид на Бизмарковото основање на Рајхот". Имено, германс-
ките амбиции, посредно, не ја попречуваа само старата рамнотежа во централна Евро-
па, туку, исто така, и непосредно "интересите на многу... држави". Пред се, на оние, кои
со векови беа искусни во тоа да приграбат за себе туѓи, што значи, во овој случај, гер-
мански подрачја. Значи, сосема е разбирливо дека тие преземаа мерки против природ-
ните, безобзирни желби на овие во височините возникнати Германци, кои, исто како и
останатите големи народи на Европа, сакаа да живеат во една заедничка национална др-
жава. Така Франција, на пример, уште во 1848 год. го зема за повод прашањето за Шлез-
виг-Холштајн (Schweswik-Holstein) за да го изрази својот отпор против германските стре-

межи за обединување. Во еден друг еклатантен случај, Австрија, со Русија како сојуз-
ник, се заложи со шовинистичкиот Олмицки нацрт-договор (Olmutzer Punktation) против
пруско-германското обединување. Англија, од своја страна, не се колебаше, по полско-
то востание во јануари 1863 год., веднаш да се вмеша во, потоа, започнатата руско-прус-
ка стратешка дебата за иднината на Полска по Алвенслебенската конвенција (Alvensle-
bensche Konvention) и да истакне сериозни приговори, според кои "Европа... (немала) да
толерира ... никаква ... освојувачка политика". Оваа девиза се врати во англиската поли-
тика повторно во XIX век. За да се изговорат идеите за агресија и поделба насочени кон
Германците, не беше неопходно основањето на Рајхот. Уште во пруското време, 1863
год., Дизраели рече: "Russia without nationality,the principal of the day,is clearly the subjek for
partition". (Штирмер, стр. 13) Уште пред основањето на Рајхот, но, сепак, по данската и
германската војна, англискиот министер за надворешни работи Кларендон (Clarendon)
сосема отворено предупреди во либералниот кабинет Гледстоун (Gladstone) во 1868 год.
дека "не била прифатлива... пруската забрзана политика за надминување на линијата на
Мајна." (Хилгрубер, исто, стр.100) (Притоа, се работеше за една јасна внатрешно-гер-
манска работа!!) Иако Дизраели истакна дека би можело да се прифати едно еволутив-
но обединување, северно и јужно, на германските држави, неговата изјава остана неод-
минливо, долгорочно дејствувачко заканување.

Камо, сепак, во оваа ситуација Бизмарк да ја беше прифатил понудата на царот Алек-
сандар II за еден руско-пруски сојуз! "Камо да..."

Овде пред нас, повторно, се наоѓа еден случај на ирониј за историјата: Бизмарк се
колебаше, затоа што сакаше да го избегне ризикот Германскиот Рајх да дозволи да биде
вовлечен во било какви трговии на Русија и Австрија на Балканот. Токму на Балканот!!
(Колку ли често, можеби, кутриот, таканаречен "железниот", заради сево ова подоцна се
превртувал во гробот?)

Дали нему му била позната изјавата на царот од 1849 год. (значи, исто се уште многу
пред основањето на Рајхот) дадена на францускиот амбасадор, која Штирмер (стр. 13) ја
дитира според Г.Ф. Нојман: "Доколку биде постигнато единството на Германија ... тогаш
таа маса од народ би станала проблематична, но тоа, тогаш, не би било наша, туку ваша
работа" (!)

Наместо тоа, по руското откажување од Понтиската клаузула на 31.10.1870 год. (зна-
чи, во текот на германско-француската војна), на Лондонската конференција за Црното
Море од јануари до март 1871 год., Бизмарк имаше многу одлучувачки придонес за пос-
редувањето помеѓу Англија и Русија. Тоа беше благородно од него, со цел да се спречи
војната којашто заканувачки висеше во воздухот - но, кусогледо! Додека Англија со ве-
кови секогаш одново ги поттикнуваше континенталните сили една против друга, прем-
ногу чесниот Прус Бизмарк се трудеше, како "искрен посредник", да ја спречи руско-ан-

глиската војна! Последица на тоа беше, како што пишува Хилгрубер, тоа што со бри-
танско-руското аранжирање беше "редуцирана спротивноста меѓу двете крилни сили
небаре на <нормална> мерка." "Англија и Русија не можеа повеќе, како досега, по
Кримската војна во сите калкулации на пруско-германската страна да бидат цврсто
предвидени како противници." (исто, стр. 128) Ова беше промена во европската струк-
тура на моќта со тешки последици, во која многу Германци (да се потсетиме, меѓу дру-
гите, на Фон Холштајн) не сакаа да веруваат се до последните денови на месец јули 1914
год. - а некои дури ни до 4 август!

Со оглед на оваа констелација, Германскиот Рајх, отаде, имаше оправдана причина
да практикува една, во целост, воздржана политика: врз темелот на

"реалистичното самоограничување за подобро консолидирање на претходините добивки

на политичката моќ кои толку трајно ја променија токму европската рамнотежа."752

До првиот пробен камен за новиот Рајх дојде веќе во 1875 год.: "кризата-на-војна-на-видикот" со Франција, која за поддршка ги имаше замолено големите сили Русија и Англија, и којашто нејзе и беше пружена во форма на една интервенција во Берлин, што го натера Бизмарк да се повлече. Овој случај јасно покажа колку внимателно било посматарно секое германско усилие за обезбедување на нејзината ситуација - пред се, тогаш, кога тоа се однесуваше на германската политика на проширување на нејзините граници.

Така, во секој случај, стои најчесто во традиционалната историска литература! Главите на германските ученици, студенти и државјани беа (и биваат!) веќе со децении преполнети со оваа од политичките интереси определена индоктринација.

Според познанијата на авторот, Џорџ Ф. Кенан (George F. Kennan) беше првиот кој- . што таканаречената криза ја разобличи со нејзиниот партиски пропаганден потенцијал и со опширни докази ја негираше онаа, досега со многу педантна упорност застапувана верзија на "кризата-војна-на-видикот". За волја на вистината, царот Александар II, заед- , но со својот канцелар, кнезот Горчаков, бил во 1874 год. во Берлин - но, сепак, не можело никако да стане збор за некое, божемно, предупредување на царот до неговиот вујко (кајзерот Вилхелм I) коешто би било во полза на Франција. Кенан, исто така, не оспорува дека "во јавното мнение во Европа, а потоа и во историографијата"753 ревносно бил поттикнуван овој впечаток, но, всушност, се работело за "тешки и темелни заблуди" - уште полошо: за измами. За жал, на општо прифатената верзија на штета на Германија, се приклучува и инаку почитуваниот Штирмер (стр. 189 и понат., како и стр. 183 и 193.)

Во таа смисла, Фриц Фишер, очигледно, има право со својата проценка кога напиша дека Англија уште тогаш "се чинело дека пристапува на страната на двата континентал-

ни соседа на Германија." ("Војна на илузии" / "Krieg der Illusionen", стр. 85). Овој изразито
антигермански став исто толку логично би објаснил зошто Англија ги одби Бизмарко-
вите понуди за сојуз уште во 1877 год. (!), како и во 1887 и 1889 година. (исто. стр. 86-90)

(Од друга страна, овој јасен и искрен став на Англија ќе мора да се означи како искрен затоа
што таа, при сета антипатија за Германскиот Рајх, не одеше до таму на Германците однапред да им ,
постави смртоносна стапица и ним да им изигрува подготвеност за сојуз.)

Кенан детаљно и најпрецизно докажува дека Франција поседувала голем интерес Ру- "
сија да му ја прикаже на светот во функцијата на заштитник на Франција за, на тој на-
чин, и во тој ран историски момент - значи, уште долго пред самите билатерални дого-
вори помеѓу Париз и Санкт Петербург од 1891,1892 и 1894 год. - од привидот да направи
еден вид факт.

Во таа смисла, статијата во "Пост" ("Post") од 8.4.1875 год. со наслов "Дали е војна на
видикот?" инсинуира едно посакувано расположение - но, всушност, таа статија се пот-
пирала на грешки и интриги. Кенан пишува:

"Овде француската дипломатија, понесена од страст, решителност, динамика, фантазија
и вештина со леснотија постигна победа над поспаната самовљубеност на Германците и,
со тоа, не само што таа создаде една зачудувачка политичка легенда, туку неа, исто така,
цврстоја закотви во историските документи во текот на долги векови."754

Еден од Кенановите практични аргументи гласи: ако Бизмарк, навистина, сакаше
да води нова војна против Франција, што често му се припишуваше, тогаш тој непрече-
но ќе ја исползуваше можноста на (осмата) руско-турска војна од 1877/1878 год., оти то-
гаш Франција ќе останеше целосно без поддршка. "Но Бизмарк не ја поведе таа војна,
значи, тој неа, исто така, не ја ни сакаше."755

Еден понатамошен пример за француската наклоност да плети сплетки Кенан го об-
јаснува, на долго и на широко, под прашањето:

"Како ли францускиот министер за надворешни работи во 1887 год. дојде до тоа, под пе-
чатот на најголемата доверливост, на царот да му достави лажни документи в раце, кои
требаше да го уверат во Бизмарковата неверност?"756

Лаги и предавства како инструменти на антигерманската коалициона политика на
Франција!

Во орнеталната криза од 1875-1878 год.,(од европска перспектива, значи,повторно
"балканска" криза) Бизмарк се однесуваше изразито претпазливо за да не

"биде повлечен преку балканските прашања во една општа војна на Големите сили, која-
што можеше да ја загрози егзистенцијата на штотуку новооснованиот Германски Рајх".757
Отаде, не може да стане збор за една активна балканска политика на Германскиот Рајх,
оти тој имаше само "малку директно економски или дури политички сопствени интереси
на Балканот".758

Од друга страна, Германија беше и самата заинтересирана за новата рамнотежа во

Европа. Исто како и Австрија (и Англија), нејзе не и беше по волја, доколку вакуумот
на власта на Балканот, којшто настана како последица на распаѓањето на Османлиско-
то царство, ќе беше исполнет од Русија.

"Младата германска индустрија (освен тоа, беше) се уште ориентирана на сопствениот
внатрешен пазар..." Понатаму, и покрај поразот кај Кенигрец, Австрија, се чинеше, се
уште толку силна, "така што Бизмарк, навистина, немаше никаков интерес, така да се ка-
же, преку главата на Австро-Унгарија, да се стреми за политичка авантура во просторите
во кои Германија (се уште) немаше што да бара".759

Германија, значи, на Балканот не играше никаква улога, затоа што таа не сакаше да
ја игра.

Очигледно, во Берлин беше превидено дека онаа улога којашто Германија ја доби,
без посебно исполнување на активности, се уште, беше доволно голема за таа - и нена-
мерно - да изврши влијание врз одлуките на другите европски или балкански држави:

значи, како поддршка за австриската политика на Балканот.

Кон крајот на XIX век Македонците мора да ги погодувало тврдењето дека Герман-
скиот Рајх како монархија се држеше резервирано кон сите движења, уште повеќе, кон
сите револуционерни ослободителни движења и стремежи за независност. Берлин не са-
каше да чуе за парламентаризам и демократија, зашто тие значеа попречување на тра-
диционалниот систем - иако толеранцијата и човековите права во Прусија беа развиени
уште многу порано и попрогресивно отколку во најголемиот број европски држави.

(Треба да се потсети на следново: Кога Луј IV ја презема одговорноста за историското злодело
во 1685 год. укинувајќи го едиктот за толеранција од Нант, кусо потоа Фридрих Вилхелм го прог-
ласи "едиктот од Потсдам" за толеранција. "Војничкиот крал". - како и да е, Прусија беше првата
земја во светот во која во 1740 год. беше укинато физичкото мачење на затворениците. Десет го-
дини подоцна, во Прусија беше зацртана слободата на вероисповед / слободата на религијата. Во
1717/1750 год. беше воведено општото задолжително образование на машките и женските деца
(во Франција 1880 год., во Англија 1884 год.). (Проф. В.Штрибрнај (W.Stribrny) во "Франкфуртер
алгемајне цајтунг" од 24.2.2004).

Значи: улогата на Германија највидливо дојде до израз во една форма којашто, таа
самата, можеби, не ја има согледано на тој начин: тоа беше улогата како огромна сенка
и заштитник на Австрија - и тоа наспроти традиционалното ривалство помеѓу Хоенцо-
лерите и Хабзбург. Тоа би можело да се припише на дејството на заедничкото вековно

живеење во рамките на Светиот римски рајх на германската нација.

Кога ќе се земе предвид дека Германија (иако, останувајќи во заднина и на Балканот
притоа, навистина, не свирејќи ја првата виолина) сепак, во очите на балканските држа-
ви и на останатите европски сили, ја издигна тежината на Австрија како на единствен
директен сосед на Балканот во неизмерни височини во однос на сите останати велесили,
- со што Австрија, згора на тоа, се чувствуваше дури и поттикната да го продолжи екс-
панзивното зголемување на дунавската монархија во мегаломански димензии, коишто
нарасnаа далеку над нејзината рамка - тогаш вовлекувањето на Германскиот Рајх во ова
империјалистичко однесување може да биде сфатено само како историска трагичност.

Од овој агол на посматрање, нужно е застарена сликата што важи на Балканот за не-
заинтересираниот и аскетски-строг Германски Рајх. Имено, не се работи само за тоа ка-
ко една држава се гледа самата себе си, туку како неа ја гледаат другите.

Германија, очигледно, го превиде она што го анализираше амбасадорот Фон Мар-
шал, во неговиот погоре споменат остроумен извештај до неговиот колега, дека стопан-
ските активности, бездруго, можат да резултираат со политички консеквенци. Подоцна
(1910) тој напиша:

"Ние порано бевме прилично слободни во давањето изјави за политичка апстиненција.
Ние бевме уверени, дека со тоа ги заштитуваме нашите стопански интереси без да се из-
ложиме на опасноста да западнеме во политички игри ... На овој став, којшто се потпира
на еден лошо разбран Бизмарков збор јас ... се спротивставувам. Овој став стана оружје
во рацете на нашите противници, кои не клеветат кај Турците дека ние сме сакале да им
ги земеме нивните пари, но ние, за возврат, не ќе сме мрднеле со прст за да ги заштитиме
во неволја и опасност." ... Овој став... за нас не само што е штетен, туку тој е и неточен.
Човек треба само да си ги замисли последиците кои ќе мора да настапат ако на Англија и

Русија и успее Турското Царство, онака како што тоа беше направено во Персија, да го
ограбат со еден вид бавна вивисекција на неговата самостојна способност за живот." ...
"Ние, во денешни услови, можеме стопански да се развиваме на Ориентот само тогаш,
кога Турција ќе биде уверена дека имаме политички интерес за постоењето и самостој-
носта на нејзината земја".760

Навистина веќе прилично долго постоеја многу пријателски односи со Турција. Веќе
во 1761 год. (значи, уште за време на седумгодишната војна) беше склучен првиот дого-
вор за пријателство и трговска соработка помеѓу Прусија и Портата.761 Сто години по-
доцна, во последната година од владеењето на Фридрих Вилхелм IV, значи во 1860 год.,
австрискиот инженер и стопанственик, баронот Хирш (Baron Hirsh) започна со изград-
бата на 364 км. долгата турска железничка линија од Салоники преку Ишкип (Скопје)
за Митровица (завршена 1870 год.). И покрај тоа, Прусите, (!) кои заедно со Русија, Авс-
трија, Англија, Франција, Сардинија-Пиемонт (и, се разбира, со Турција) беа учесници на

Парискиот мировен договор од 30.3.1856 год. по Кримската војна, во никој случај не ги
затворија очите пред маката на "14 милиони христијански поданици" кои во Турција беа
понижувани на стравотен начин. Следствено на тоа, грофот Рут-Фолмерштајн (Graf
Ruth-Volmerstein) укажува во еден запис на пруското Министерство за надворешни рабо-
ти дека досега "немало толку погоден момент" за "да се урне османлискиот престол и да
се истисне полумесечината од Европа".762 Но Англија, во меѓувреме, се имаше насочено
против Русија, што резултираше со англиското учество во Кримската војна и, подоцна,
со политиката на статус кво.

| Исто така и следната железничка линија (1892 до 1894 год.) беше изградена од една
германска фирма и тоа, повторно, во Македонија, од Салоники до Манастир (Битола)

во должина од 220 км. (Други поединечности за германските градежнички работи на
железницата во тогаш турска Македонија се наоѓаат кај Фриц Фишер (Fritz Fischer):
"Првата светска војна", "Der Erste Weltkerieg", исто, стр. 268, фуснота 25). Вилехелм I во
1867год. - се уште како пруски крал - се сретна со турскиот султан: во "Coblenz" - (како
што името на градот Кобленц е запишано во томот од актите P 12136). Во врска со ова,
не би требало да бидат заборавени и двете визити на Кајзерот Вилхелм II во Константи-
нопол: 1889 и 1998 година.

A propos Вилхелм II: За грешките и за недостатоците на Вилхелм II се расправаше во
последните 85 години во светот и во Германија до презаситеност (за последен пат, пред
неколку месеци во германскиот неделник "Шпигел" (Der Spiegel) во врска со една несреќ-
на афера, за која некој денес може да се гордее дека тој така стапил во заедништво со
еден монарх и го повлекол надолу, кон себе.) Критичарите на кајзерот Вилхелм немаат
никакви обзири некритички да го фрлат првиот камен по него, очигледно, без, притоа,
да се обидат него - и пред се: него и неговото време - да го разберат. '

Вилехлм II со задовлство се фалеше себе си и беше вообразен во својата големина.
Тој беше познат како нестрплив и, за жал, исто и како нестабилен во својот карактер,
како и колеблив во својот суд. А тој сигурно беше и премногу искрен. (За последиците
на оваа особина во Германија, од пред неколку години, има една многу позната книга.)
Тој беше премногу добродушно доверлив и, напати, дури и наивен. Но, тој беше мудар
(Кенан пишува: "понекогаш дури и брилијантен"), информиран и многустрано заинтере-
сиран аналитичар за внатрешно-политичките односи и за односите на Германија во над-
ворешната политика. Тој, многу заинтересирано и со целосен восхит, ги следеше напре-
доците во индустријата и техниката и енергично ја поддржуваше културата и науката.
Штирмер, којшто, поинаку, воопшто не пропушта ниту една прилика монархот да го пор-
третира со најтемните бои, формулира со признание: "Кајзерот, кој со ентузијазамја под-

држувал модерната наука"... "беше и пасиониран вљубеник во напредокот на културата и
образованието." (исто, стр. 132 и стр. 139) На Бизмарк, од друга страна, му недостигаше
оваа отвореност за "новото време" заради што Џорџ Ф. Кенан него го карактеризирал на
следниов начин: "како и кајзерот Вилхелм I, кому тој толку долго верно му служеше,
тој, во многукратна смисла, беше човек на XVIII век."763) Тоа не беше Вилхелм II.

Тој, различно од она што сакаше да го прифати раширеното мислење за него, интен-
зивно се грижеше за социјалните прашања на општеството и за нивните реформи, што
беше невообичаено за неговото време и, уште повеќе, за неговото аристократско по-
текло.

Како дете на своето време, кајзерот Вилхелм беше уверен во принципот на благос-
ловеноста од Бога. Но, како можеше и да биде поинаку - тој тоа не го имаше измислено
самиот, туку, многу повеќе, се работеше за прастари конструкции на сила. Неговиот

татко, колку што може да се претпостави, ќе имаше доволно далекувидост, на народно-
то претставништво благовремено да му додели повеќе демократски права, доколку не-
говата лична судбина му го дозволеше неопходното време. Историјата на Германија, на
Европа ќе се одвиваше поинаку, доколку провидението не го повлечеше до историската
сцена предвремено смртно болниот кајзер Фридрих. Три години владеење на Фридрих
III - наместо трите страдалнички три месеци - или, подобро, уште десет години на енер-
гичниот наследник на престолот, принцот Вилхелм, ќе му овозможеа доволно време за
зрелоста што му беше неопходна за да го преземе еден од најтешките товари. "Ќе му
овозможеа"..

Вака, меѓутоа,непбткупливиот аналитичар Винстон Черчил, подоцна, во еден есеј,

речито ја изрази својата скепса за потенцирањето во една личност на владината сила и
на репрезентацијата:

"Но, обединувањето на помпата и моќта во еден единствен државник го изложува секој
смртник на товар и обврски кои ги надминуваат природните дарби и задачи, но дури и
способностите на најдобрите и најголемите луѓе."764

Како и да е, тогаш постоеше "принципот на Божјата благословеност" и, се чини, дека
тој, во некои монархии, во "old Europe" се уште цути!

[Отаде, како потсетување, накусо за потеклото на овој поим, онака како што го опишува Ед-
гар Хеш (Edgard Hosch)]

"Во општеството на раното средновековие се забележува една каузална меѓусебна врска
помеѓу работата на христијанските мисионари во ширењето на христијанството ... и вте-
мелувањето на владеењето. Црковниот благослов на власта на кнезот му доделуваше ав-
торитет даден од Бога и тоа, во надворешните односи, дозволуваше една релативна заш-
тита од нападите на христијанските соседи."765

Тоа мора да го мислел и поранешниот, и единствен во историјата, крал на Литванија, Миндау-
гас, кога во 1251 год. пристапил во христијанството на рицарскиот ред да му го одземе изговорот
за (насилното) мисионирање. (ФАЦ, 07.07.2003) Дури и ако неговите деца-поданици се до крајот
на XIV век, се уште, беа пагани, Миндаугас можеше, на овој начин, на 6.7.1253 год. во сиот мир да
биде крунисан за (единствениот) крал во Балтикот.)

Кајзерот Вилхелм привлекуваше многу благородни карактери, меѓутоа, за жал, и
лицемерни дворски подлизурковци и фалбаџиски дошепнувачи, на кои припаѓале и не-
кои од таканаречените "Јункери", а (наводно) и Тирпиц (Tirpitz).

Вилхелм II со задоволство беше војник и тој ги сакаше униформите, но, тој, ниту од-
далеку, не можеше да се мери со страста за блесок за ордени и униформи на неговиот
вујко, кралот Едвард во Лондон (а да не говориме за неговите љубовни афери). Тој, исто

така, не беше онаков закоравен милитарист, како што го претставуваат карикирачките
описи. Напротив: иако тоа не им се допаѓа на неговите противници, тој беше подготвен
да го зачува мирот и беше изразито мирољубив. Оние, коишто сето нивно незадоволс-
тво од стариот систем го истураат врз Вилхелм, небаре тој да го имаше изградено тој
систем, та нему му ја припишуваат комплетната вина за прускиот милитаризам, како и
за сите други непријатности, и тоа не само во неговото време, туку, воедно, и за цело-
купните зла на минатото и на иднината, бараат во удобното поедноставување жртвено
јагне, онака, како што тоа соодветствува на клишеата на пропагандата на подоцнежни-
те земји победнички како и на целокупната левица.

Грофот Фон Кроков (Graf von Krockow) ги означи како "длабокоумни", "објектите",
коишто Вилхелм ги љубеше со небаре младешка, речиси детска, страст (како што се
восхитуваше и на секој технички напредок), на бродовите како "огромни играчки".768
Тие за него, навистина, беа тоа. Трагично е тоа што кон оваа техничка категорија при-

паѓаа не само бродовите за крстосување (меѓу другото, во Норвешка и Крф), и товарни-
те бродови (на Рајна), туку, исто така, и воените бродови. А овие, за да се доживеат, тре-
баше да се гледаат од другата страна, особено од некој остров, уште повеќе: тој остров
нив требаше, без никакво сомнение, да ги разбере како знак. Во секој случај, така беше
претставено од англиската влада; она што поретко се споменува: од англискиот агол
кон ова се придружи фактот, и тоа како главно зло, дека Вилхелминска Германија поч-
на на континентот да станува премногу успешна и премногу силна.

Вилхелм, навистина, сонуваше за тоа и Германскиот Рајх да се развие до една држава
слична на велесила и тој, воопшто, не се сомневаше во тоа дека, во истовреме, може да
се сочува и мирот (во прв план со Англија).

Каква трагична и погрешна проценка на ексклузивниот англиски стремеж за (свет-
ска) - хегемонија!

Притоа, ривалството со Англија вистински го предизвикуваше да стапи во натпревар
со British Empire, така да се каже, заради спортскиот дух - при што, ова ривалство, во не-
го беше во вистинската смисла поттикнувано од неговата англиска, не многу чувстви-
телна мајка, во текот на целиот негов живот. Очигледно, се чини, дури и кај него, како и
кај многу луѓе што не се Англичани, тие поседуваат една целосно погрешна проценка за
таканаречената англиска спортска Faierness како најистакната особина на англискиот
џентлмен - една и денес, се уште, многу распространета заблуда. Напротив, англиската
животна филозофија се истакнува со еден, речиси, екстремен реализам (можеби, тој е
причината за задоволството во егзотично-чудните нешта, со што се постигнува рамно-
тежа меѓу двете особини), како што примерно станува јасно во изборниот слоган на анг-
лискиот маршал на военото воздухопловство, Брајан Бариџ (Brian Burridge):

"Ако се согласуваш со фер-борба, тогаш лошо си го планирал потфатот."767

Познавањето на овој англиски лајт-мотив par exelance, за кој во петто поглавје ќе би-
дат наведени многу примери, ќе го заштитеше Англичанецот по мајка, Вилхелм, (при-
тоа, овојпат да го оставиме настрана тоа што голем дел од англиското кралско семејс-
тво потекнуваше од Германци) како и многу континентални Европејци од многу илузии
за роднините, односно, за соседите од онаа страна на Каналот. Така дојде до грешките
на Вилхелм во кои, како кај сите грешки во историјата - за жал - не може да биде смене-
то ништо.

На пример, германската програма на флотата од 1898 год. (и понатаму) која, божем-
но, го отежнала дотогаш, се уште, возможното приближување на Англија (затоа што
Лондон даде сериозен изговор) - но, не го уништила целосно, оти Најел Фергусон (Niall
Ferguson) пишува: "Програмата на Тирпиц за флотата не водеше нужно до војна." (исто,

стр.125) Дали не е, небаре, шизофрено тоа што Вилхелм не се спротивстави, кога адми-
ралот Тирпиц направи да не успее прочуената Мисија-Халдане (Haldane-Misssion) но, пак,
за време на војната се трудеше да не доживее загуби и штети неговата борбена флота?
Значи, сепак, некој вид вилхелминска гигантска играчка? Фон Кроков:

"Барем оваа творба од соништата... не смееше да биде уништена."768

Од друга страна, исто така, и за неуспехот на Мисијата-Халдане не смее да се обвини
единствено кајзерот Вилхелм, оти познато е дека Поанкаре (Poincare) во 1912 год. во
Лондон изрази енергичен протест против оваа мировна иницијатива. Успешен - очиг-
ледно. (Меѓу другото, упатуваме на објаснувањата во поглавјето бр. 5, во кое се изнесени приме-
рите за значителните сомнежи во значењето на прашањето за флотата (освен еден пропагандис-
тички) за антигерманскиот став на англиското водство.)

_____стр.257

—— МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗОЛ ——

Исто така, неопростив е и говорот што предизвика загриженост (иако, можеби, тој
беше драматизиран) по повод неговото второ патување на Ориентот, во Дамаск, како и
неговата "нибелуншка верност" кон Хабзбурзите, имено, дека тој, во случај на конф-
ликт со Русија, ќе и изрази поддршка на Австрија (Како ли само можеше!); потоа, во
1908 год., проблематичното интервју за Дејли Телеграф (Daily Telegraph). Но и во овој
случај на германската јавност и беа премолчени многу решавачки детали.

Така, на пример, рајх-канцеларот, како што самиот пишува, не може да биде осло-
боден од главната одговорност за оваа катастрофа во печатот, затоа што тој, претход-
но, од кајзерот го добил премногу долгиот текст за да го парафира, но тој, сосем спро-
тивно на неговиот обичај, лично не го прочитал, туку, заради едно малечко невнимание,
(бил на одмор) и со оглед на пермаманентната претовареност со работа, читањето и
проверката им ја пренел на одговорните повисоки чиновници во Министерството за

надворешни работи, кои, меѓутоа, се покажаа дека тие, како исклучок, не ја поседувале
во доволна мера докажаната пруска прецизност и совесност. Оваа низа од грешки ан-
глискиот печат безмилосно ја исползува во свој интерес.

Вилхелм самиот беше најмногу погоден од ова за него ненамерно и неочекувано дej-
ство но, веднаш потоа, распламтената новинска кампања, што, меѓу другото, се мани-
фестираше со тоа што тој се разболе - додека Фон Билов се обидуваше да се оправда.

Многу малуброjни се историчарите кои се откажуваат од тоа да се придружат на вла-
деачкиот тренд, кој Вилхелм II го претставува како најголемиот фалбаџија на неговото
време. Штирмер, на пример, ја опишува неговата "вообразено голема владетелска свест"
но неа, додуша, ја спротивставува со "романтичната благост." (стр. 239) Поинаку поста-
пува историчарот Хенри Ц. Мајер (Henry C. Mayer). Според неговите излагања во "Про-
пилеи - Светска историја" ("Propulaen-Weltgeschishte") (исто.), изјавите на Вилхелм, споре-
дени со агитацијата на адмиралот Филип Хауар Коломб (Philip Howard Colomb) - да спо-
менам само еден од наведените примери на Мајер - биле целосно помирливи.

"Кај народот" кајзерот беше сосем омилен, исто и по аферата со Дејли телеграф и
дури и се до првите години на војната. На пример, учеството на населението на просла-
вите за неговите родендени не може ниту оддалеку да се спореди со заповеданите мар-
шеви на нововековните владетели. Народот, тогаш, се уште гледаше подлабока смисла
вотоана својот монарх на тој дендамујаизразисвојатапочит.769

Се разбира, омилеността престанува кога човек ќе стане губитник. Совмесно на прас-
тарите ритуали за кои раскажува уште Стариот завет, се бараше виновник за тој да биде
жртвеното јагне.770 Во Англија и во светот (а потоа и во Германија) тој виновник беше
најден во кајзерот и тој, со голема радост, беше жртвуван.

Познато е дека за време на неговото владеење кајзерот во средбите со неговите "по-

даници" беше дружељубив. Патем, тој појавуваше еден владетелски гест, којшто од
внимателните толкувачи (исто и од англиските!) се толкува како знак на психичка неси-
гурност. Приватно тој беше услужлив, љубезен, та дури и сентиментален член на семејс-
твото, широкоград и човек што простува. Навистина, тој бил гордвлив и суетен -
(Штирмер: "во јавното восхитување за него танцувајќи како некој рококо кавалер." стр.
241), но ако авторот се потсети на некои од самовљубените и вообразени надуенковци
само во дребниот исечок на својот сопствен професионален живот (национално и ин-
тернационално) и си замисли, како би било кога тие би се нашле на местото на Вилхелм
- тогаш сите тие него без проблем ќе го ставеле во сенка! Напротив, суетата и гордели-
воста на Вилхелм потекнува од тажни, подлабоки причини и таа особина делуваше не-
баре беше, многу повеќе, одглумена - и бездруго затоа, напати, толку смешна. Фон Кро-

ков се обидува, сочувствувајќи, уверливо да се задлабочи во животната приказна на
Вилхелм:

Уште рано нарушениот однос кон неговата англиска мајка која не можеше да го преболи фактот на неговата мана на левата рака, што беше последица од компликации-
те при породувањето, па таа заради тоа го одби својот син. (Но не тој неа! Тој многу по-
веќе се борел за нејзината близина и љубов.). Не можеа да останат без последици долго-
годишните медицински тортури на детето со операциите, апаратите за издолжување на
коските и другите болни терапии на раката, како и со безмислосното, безчувствително,
речиси шиканирачко воспитување од страна на (не)-педагогот д-р Хинцпетер (Hinzpeter)
(дури и рајх-канцеларот Фон Билов се ограничил само на катастрофално негативниот
суд за Хинцпетер.771). Исто така, и неговиот татко требаше малку подобро да размисли
пред да го изговори судбинскиот суд за својот син и да му префрли заради "наклоноста

за преувеличување и воздигнување", без да размисли, што самите родители придонеле
за тоа. Фон Кроков заклучува:

"Во детството на кајзерот беше згрешено се што воопшто можеше да биде згрешено."772

А Паул Зете пишува:

"Дали е чудо што самочувството на принцот, коешто со погрешното воспитување беше де
грубо потиснувано, де силно поттикнувано", остана "засекогаш несигурно и надразнето?"773

Затоа, останува уште понеразбирливо што дури и нашето постфашистичко време,
коешто се сфаќа себе си како демократско и социјално, не дозволува никаков поблаг
суд за судбината на поранешниот германски кајзер. На секој натрапник, на секој злос-
торник, на секој убиец од идеолошко уверување му се дозволуваат олеснителни окол-
ности врз основа на траумите од детството. Само не на некој кајзер! Едноставно, не мо-
же да се напушти идеолошко-социјалистичката предрасуда дека тој бил роден со златна
лажица во устата и, следствено, не заслужил никакво разбирање.

Се разбира:Quod licet bovi,non licet Jovi!

Може да се означи само како историска иронија тоа што еден од многуте безобѕирни, та дури и
брутални ривали на Вилхелм II во Англија, Винстон Черчил, исто така, страдал заради недостигот
од родителска љубов и студениот, одбивен однос на родителите; и тоа толку многу, што тој не са-
,мо што имаше говорна мана во изговорот на некои гласови, туку, на училишна возраст, тој дури и
пелтечел." (Мејси, исто. стр. 625-29)

Токму таа - небаре фаустовска-двојнослојност е она што не може да ги заобиколи во
карактерот на Вилхелм II. Уште еднаш Штирмер, многу погодено:

"Кај него чувството и умот стапуваат во непомирлива меѓусебна спротивставеност." (стр.
240) "Стравот и агоранцијата подеднакво го одредуваа." (стр. 239)

На кајзерот, но пред се на Германците, човек би им посакал да дојдеше до израз она

во човекот Вилхелм, коешто Штирмер толку ненадминато и, со оглед на германската
судбина, го опишува на навистина возбудлив начин:

"Ја разбра ли тој онаа на голема претпазливост предупредувачка положба на Германија
во средиштето на Европа, којашто секој од гласните зборови, коишто тој ги милуваше, ја
правеше полна со опасности?" (стр.240) "Она што во текот на целиот негов живот му ос-
тана непристапно, беше Бизмарковото насетување на германската трагедија, на којашто
кајзерот толку долго претседаваше." (стр. 241) И - особено трагично - (но нешто што чес-
то се среќава кај големите личности во историјата) - во мерата во која човек тоа може да
го сознае:"... без свест за сопствената ограниченост." (стр. 243)

Овде ќе треба да го прекинеме "набројувањето", уште повеќе, затоа што, во основа, е
невозможно, само со неколку реченици, правилно да се претстави една толку комплекс-
на личност, којашто, како дополнување на нејзината егзотична многустраност, била де-
монизирана со несаканите или ненамерните искривоколчувања.

Но, сепак, мора да се фрли еден заклучен осврт врз невралгичната точка на целокуп-
ната германска историја на XX-от век која, истовремено, повторно води на Балканот:

избивањето на Првата светска војна.

За тоа ќе додадеме еден пример за активната подршка на мирот од страна на Вилхелм,
којшто, воопшто, не се вклопува во вообичаеното клише за пруско-тевтонскиот милита-
рист, едно обвинение, кое сака да ги гледа само германските војници кои маршираат на
фронтот громогласно викајќи, но не и радосните Англичани и воодушевените Французи
или Русите, кои од нетрпелива радост заради војната буквално паѓаа на колена.

"Да се потсетиме само на хистеричното масовно воодушевување коешто владееше уште
кај меѓусебните француско-руски посети на флотите на почетокот на деведесетите годи-

ни."774 (Тоа беше во X1X-от век!) ,

Значи: во српско-австриската афера заради Сараево, кајзерот, најнапред - онака ка-
ко што тој имаше обичај - исто така реагираше брзоплето и бучно. Кога станајасно де-
ка таа работа нема да остане само на театралните гестови на заканување, тој беше един-
ствениот од сите учесницим во воениот покер, којшто не повикуваше само привидно на
разум и смиреност. Вилхелм II ја прими со олеснување брзата српска протестна нота ка-
ко одговор на австрискиот ултиматум и напиша:"... со тоа отпаѓа секоја причина за вој-
на."

(Дури и Фриц Фишер остава можност за тоа дека кајзерот Вилхелм II, наспроти "убијците на кнезот" во Србија, се заложи да се избегне војната. Во "Светска сила или..."
("Weltmacht oder...") стр. 51. Напротив, Херман Канторовиц ужива во тоа злобно да ја дис-
кредитира оваа изјава на кајзерот, и со неа сите оние критичари кои, можеби, би биле
подготвени, заради неа, да најдат барем нешто добро кај Вилхелм II.)

Исто и овојпат, како порано веќе почесто, кога се чинеше дека "ситуацијата станува
сериозна", кајзерот предложи (токму тој!) да се смират духовите. Тој му нареди на др-
жавниот секретар во Министерството за надворешни работи, Готлиб фон Јагов (Gottlieb
von Jagow) да испрати телеграма во Виена:

"Малкуте услови, коишто Србија се уште ги поставува, би можеле да бидат разјаснети со пре-
говори и тој самиот бил подготвен да ја преземе улогата на мировното посредништво."(!!)

Денес е се уште трогателно кога ќе се прочита она што грофот Фон Кроков поната
му го цитира од соодветните документи:

"Премногу доцна: владите во Виена и Берлин веќе се имаа одлучено за војна. Затоа Бет-
ман Холвег (Bethmann Hollweg) намерно одлагаше со пренесувањето на пораката од кајзе-
рот, се додека не дозна дека претстоеше австриското објавување на војна на Србија, за да
го "ублажи" текстот според неговото мислење и, истовремено, да испрати наредба и до

германскиот заменик амбасадор во Виена: "Вие ќе морате... грижливо да спречите да се
добие впечаток дека небаре ние сме сакале да ја одвратиме Австрија."775
Д

Во оценката на овој настан авторот целосно се сложува со мислењето на Фриц Фишерт

"Решенијата на Бетман Холвег ... не беа никаква неумолива судбина и никаква судбинска
- трагичност, туку една свесна политичка одлука."776

Овде, значи, исто така не се работеше за некој случај во кој беше вмешан Клио (Clio). Тоа беше злодело на еден политичар. И, сепак, не е "егзекутиран" (и илјадапати
осуден) Бетман Холвег, туку кајзерот - наспроти на неговата желба за натписот на гро-

бот. Можеби за Вилхелм повеќе ќе соодветствуваше скромната реченица, којашто
Карл Цукмајер (Carl Zuckmayer), за време на американската емиграција, ја беше прочи-
тал на надгробната плоча на некој индијански поглавица:

"Тој ги имаше грешките на еден човек и доблестите на еден народ"

4.4.1.2 Осврт на Берлинскиот конгрес

По востанијата на потчинетите народи против Турција во 1875/76 год.,
по неуспешната конференција во Константинопол,
по осмата руско-турска војна;
по прелиминарниот мир од Сан Стефано

и по, наскоро потоа, уследените реакции на Англија (и Австрија), се се движеше во
насока на една мировна конференција во Берлин.

"Затоа што Австро-Унгарија самата припаѓаше на потенцијалните воени противници на
Русија, Виена отпадна како место за одржување на конгресот, а за Лондон и да не говори-
ме. Константинопол и Санкт Петербург не доаѓаа предвид од соодветноте причини. Како
погодно место се чинеше Берлин, главниот град на велесилата којашто немаше никакви

непосредни интереси777 на Балканот, но, сепак, поседуваше доволно моќ, а се наоѓаше и
доволно блиску до Балканот, за со тоа таа за сите учесници да важи како доволно објек-
тивна и влијателна за да може да издејствува едно мировно решение."778

Додуша, Андреас Хилгрубер истакнува дека Берлинскиош конгрес може да важи ка-
ко наследник на Парискатa конференција по Кримската војна, но тој, сепак, прави една
забелешка која заслужува да биде земена предвид:

"Сепак, не може да стане збор за едно вистинско... продолжување на големите конгреси
на европските сили, затоа што не се расправаше за целокупната европска констелација,
туку само за ситуацијата во Југоисточна Европа во една многу тесно разбрана смисла."779

Конгресот ја добиваше својата напнатост од спротивноста

"помеѓу напредните национални движења на Балканот и меѓусебно вкрстените интереси
на Големите сили."780 ;

Гајс го разгледува целокупниот комплекс под, своевремено, вообичаениот поим "ори-
енталчо прашање"; со тоа, пак, не се мислеше на проблемите на Блискиот Исток, Персија,
Ерменија и Египет итн., туку, во прв план, на оние на Балканот: 57 од 64 члена на Берлин-
скиот договор се однесуваат на балканските прашања. Од друга страна, стана збор дури и
за потрагата по едно трајна татковина на еврејската дијаспора во Палестина.781

На конгресот, навистина, не му успеа да го оствари, како најзначајна цел, зачувува-
њето на мирот, на еден мир којшто, дури, траеше и подолго отколку што тоа можеа да
го очекуваат учесниците на конгресот.

"Но проблемите не беа решени долгорочно, туку само одложени на сметка на Турција,
којашто се наоѓаше во распаѓање, и на сметка на се позајакнатите јужнословенски нацио-
нални движења."782

На овие движења припаѓаше и македонското:

"Со враќањето на Македонија на Турција, Берлинскиот конгрес повторно го одложи го-
лемиот балкански конфликт за ова подрачје... Македонија, имено, подоцна се покажа ка-
ко основа на еден голем конфликт."783

Гајс продолжува - со целосно разбирање за тогашниот совет на највисоките европс-

ки државници:

"Проблемите коишто беа настанале во вековите на османлиското владеење, сигурно, не
можеа да бидат решение со еден замав, затоа што тие беа премногу комплицирани,"782
"... во основа, нив (ги владеат) само специјалистите".784

Во секој случај, на Бизмарк му успеа да ги увери сите останати учесници во германс-
ката мирољубивост.

"Од еден фактор на нарушување на мирот, на Берлинскиот конгрес Германија стана еле-
мент за обезбедување на мирот во рамките на европската политика."785

Но по која цена! Париз, бездруго, имаше создадено една сосем поинаква слика за
Германскиот Рајх и, речиси, воопшто не беше расположен да ја напушти таа слика. А
Русијаја товареше Германија со одговорноста за нејзината наводна оштетеност во Бер-
лин,иако

"главниот конфликтен фронт... се (одвиваше) помеѓу Англија и Русија" и "иако Бизмарк
на Берлинскиот конгрес, кај значајните прашања, навистина се заложи за интересите на
Русија."786

Кенен цитира од документите, според кои, дури и рускиот ацбасадор, грофот Фон

Шувалоф го одбранил Бизмарк пред приговорите на рускиот цар:'
"Бизмарк ... ги подржувал за време на целиот конгрес руските интереси на еден дискре-
тен, но влијателен начин."787

Некои од руските барања - на пример, во однос на Англија - Бизмарк морал да ги
спроведе, дури и со заканувања дека ќе даде оставка од (претседавачката) функција. Но
ништо од сето тоа не помогна - ниту Бизмарковите стремежи за зачувување на мирот,
ниту истакнувањеато на вистината од страна на Шувалов. Така; "со жестоките реакции
поради ограничувањето на руската експанзија на Балканот", за Германија беше "созда-
дена" присилата за опција, како што тоа го нарекува Т.Шидер,

"за која што рускиот цар и неговите советници ја обвинија Германија. Во таканаречената
писмо-шлаканица од Александар II до Вилхелм I од 15 август 1879 год. рускиот гнев беше
изразен на спектакуларен начин."788

За ова Андреас Хилгрубер:

"Никогаш повеќе не можеше да се отстрани нарушеноста на руско-германските односи
којашто произлезе од Берлинскиот конгрес."789

На сета несреќа писмото од царот Александар, Бизмарк го разбра како знак за едно
неизлечиво нарушување на германско-руските односи (и ја загуби довербата во царот
Александар II,790) така што тој, веќе една година подоцна, се одлучи да го основа Двојни-
ош сојуз со Австрија. Во актите е документирано колку тешко му паднала оваа одлука
на Бизмарк. Не помислуваше ли великанот, којшто дотогаш неговата среќа - среќата на
Германија - ја бараше во (воената) неврзаност во сојузи (но не во неврзаност за догово-
ри), дека тој со тоа на Русија и ги приближи другите можности за сојузништво и под-
дршка, а на Франција и го отвори патот за напуштање на изолацијата? Како ли можеше
да го спроведе тоа, против волјата на неговиот почитуван кајзер, којшто, и покрај неп-
ријатното писмо од неговиот внук, рускиот цар Александар II, ќе го претпочиташе зачу-
вувањето на пруско-рускиот сојуз?791 Колку далекугледо од Вилхелм I...

Тежината на конфликтот помеѓу двата политичари се отсликува во фактот што кај-
зерот се заканувал со напуштање на престолот, а канцеларот со оставка.792 Но зошто

Вилхелм I не ја спроведе својата закана? Тој, сепак, имаше добри аргументи, затоа што
тој реагираше буквално како некој што веќе се беше изгорел. Штирмер го опишува не-
говиот став многу сликовито со следниве зборови (стр.236): "Крвавиот пораз на Фридри-
Ховата војска 1806 год. ... за него стана една доживотна траума. За него братството по

оружје со Русите беше политички животен закон на Прусија: без Русија Прусија беше
оставена сама на себе, против Русија Прусија беше изгубена..." Колку точно.

Фриц Фишер на општо важечки начин ја опишува критичната положба на Германија:

Уште во периодот на Бизмарк, и покрај неговиот совршено обликуван сојузнички сис-
тем, веќе се појави надворешно-политичката самоизолација на Германија: опцијата за
проблематичната форма на двојната монархија Австро-Унгарија во 1879 год. значеше
еден чекор во оваа насока..."793

И кого го доби Германскиот Рајх како замена за тоа? Сенилниот реакционер со мега-
ломанскиот кабинет и со болниот за признанија ("престижно-сензибилниот") министер за
надворешни работи. И од 1882 год. уште и неодговорната Италија. Никакво друштво за
коешто би морало да и се позавидува на Германија. Кога подоцна Антантата, исто така, се
потруди да ја добие Италија како сојузник, "британските дипломати веќе правеа вицеви за
тоа дека. всушност, би било подобро кога Италија би останала во Тројниот сојуз, за таа
таму да претставувала извор на слабост." (Н.Фергусон, исто, стр.137)

Потоа, германско-руските односи се приближија до решавачкиот крстопат кој не
може да се означи поинаку, освен како трагичен:

На 18.6.1890 год., по тригодишното важење, претстоеше обновувањето на догово-
рот за мегусебни гаранции од 1887 год., коешто, и покрај непрекинатите руски усилија,

рајх-канцеларот Фон Каприви го одби. (Авторот е подготвен да се повтори: Како ли са-
мо можеше да го стори тоа!, - особено заради тоа што неговата аргументација со навод-
ните предности на јавните стопански и трогвско-политички договори пред "тајносојуз-
ништвото" беше под нивото како на психолошката така и на воено-политичката димен-
зија на овој договор.) Оваа одлука делува особено депримирачки затоа што се вели дека
таа се должела на советот од една дубиозна личност во Министерството за надворешни
работи, на извршниот советник Фон Холштајн (von Holstein) којшто, многу погрешно,
руско-англиската дивергенција ја сметаше за ненадминлива.

"Шансата за согласност помеѓу Велика Британија и Русија се чинеше мала. Антагониз-
мот беше длабоко вкоренет; германските државници го сметаа за ненадминлив.'795 Фон
Холштајн поаѓаше дури и од "неодминливоста на една англиско-руска војна."796

Не би требало да се смета за возможно, кои изненадувања ги чува историјата, или
поинаку кажано: колку ли само малечка, се чини, треба да биде капката за да доведе до
тоа да пребликне едно големо буре.

Кога на 1 јули владите во Лондон и Берлин ја остварија познатата размена на остро-
вот Хелголанд за островот Занзибар (вклучително со она прочуено "парче" на Југот на
Африка - како што веќе споменавме, во тоа време рајх-канцелар во Германија беше
Каприви), веќе ова незначително германско-англиско приближување ја натера руската
влада - за да не остане сама - на тоа, конечно, да попушти пред долгогодишното додво-
рување на Франција и да стапи во преговори за сојуз.797 .Тие во 1892 год. (по првиот успех:

консултативниот договор од 1891 год.) доведоа до француско-руската воена конвенција.

Со тоа започна пропаста на Бизмарковиот систем за обезбедување низ политиката
на сојузи на Германскиот Рајх - еден настан, којшто Ф.Кенан го избра дури и за наслов
на неговото обемно дело: "Бизмарковиот европски систем во распаѓање".

Како и да е, постоеше уште и старата спогодба-на-три-кајзери од 1873 год., којашто
во 1881 год. повторно заживеа како договор-на-три-кајзери (за волја на вистината, овој-
пат во тајност, и тоа во строга тајност) што беше потпишан од новиот цар Александар
III (според Кенан: заради трајната симпатија и почит кон неговиот дедо Вилхелм I).

Во 1884 год. сојузот-на-три-кајзери беше дури и продолжен.798 И што откриваме та-
му? Можно ли е Бизмарк да го превидел токму овој детал? Или, можеби, тој свесно го
пренебрегнал дополнителниот записник?

Во тој документ Австрија го задржува за себе правото, во еден погоден момент, даја
анектира Босна и Херцеговина.

Тоа беше договорно разубавен империјализам. Каде беше приговорот од стара на :

Бизмарк!?

Наспроти тоа, втората дополнителна согласност беше, како што погоре беше веќе
разгледано, релативно реалистична:

"Трите сили нема да се спротивстават на секакво обединување на Бугарија со Источна Ру-
мелија, доколку тоа прашање би се наметнало по сила на работите (par la force der shoces)."791'

До таа сила дојде веќе еден агодина подоцна,во 1885година.
Во врска со ова две забелешки: '

Прво, навистина е сосем разбирливо зошто не реагираше'ниту една европска држава
за да ја спречи Бугарија, иако таа го прекрши статус квото и само Србија изрази готов-
ност да започне војна со Бугарија. Токму Австрија, една од трите потписнички на спо-
годбата, мораше да го спаси Белград по поразот од бугарските барања за територијални
"компензации" - се разбира, затоа што Австрија ја имаше поттикнато Србија да ја пове-

де таа војна! (Србите можеа да бидат многу задоволни со овој мудар став, оти, доколку
Белград дозволеше да биде впрегнат во британската, наместо во австриската кола, Анг-
лија, најверојатно, ќе ги препуштеше Србите на нивната судбина.) Според Имануел Гајс
српско-австриската "коалиција" влијаеше врз одлуката на Бугарија да се приклучи во
Првата светска војна (1915 год.) на централнр-европските сили (што значи, на Германи-
ја)

"и притоа да ја прифати и сојузната заедница со, во основа, за неа омразеното Османли-
ско царство."800

Од друга страна, станува проблематичен аргументот, што го разгледувавме веќе во

поглавјто за Бугарија, според кој, Русија била предизвикана како последица на бугарс-
ката самоволност, затоа што обединувањето со Источна Румелија уследи не само со
знаење на Русија, туку, што е сосем докажано, дури и со претходна руска дозвола. Со
тоа станува се поверојатна претпоставката за тоа дека догогодишното незадоволство на
царскиот двор - во очите на Русија - навистина потекнуваше од неумесната желба на
кнезот на Бугарија, на Германецот Александар фон Батенберг, да склучи брак со прин- ,
цезата Викторија од Хоенцолерите, со сестрата на подоцнежниот германски кајзер Вил-
хелм II (како и, евентуално, како последица на ненадминливите лични нетрпеливости на
царот).

4.4.2 Франција

"Франција имаше традиционален интерес на Ориентот како католичка сила покровител
на Светите места и како вековен сојузник на Османлиското царство уште од времето на
Франц I (1536 год,),"801

Тоа не го попречи Париз - откако Русија, до 1827 год., регистрираше се повеќе тери-
торијални добивки - исто и од своја страна благовремено да си обезбеди еден дел од тур-

ското наследство. Во 1827 год. Франција, се уште заедно со Англија и Русија, што туку ја
имаше победено турско-египетската флота кај Наварино, а исто така, и 5. руско-турска

војна беше окончана со мировниот договор од Адрианопол и со независноста на Грција,
кога таа во 1830 год. во макотрпни борби го освои турскиот Алжир, во војната којашто,
сепак, се оддолжи цели 40 години. Иако оваа војна против Турција траеше уште до нека-
де до 1870 год., Париз ги притискаше Турците во 1854 год. на објавување на војна против
Русија, а самата беше - покрај Англија и Сардинија-Пиемонт - воен учесник на страната
на Османлиското царство во Кримската војна. Главната причина на францускиот инте-
рес за оваа војна против Русија беше надежта дека, по рускиот пораз, би можеле да се
прогласат за неважечки Виенските договори од 1815 год. кои беа последица на Наполе-
оновите војни. Така и се случи.

Неколку години подоцна Наполеон III ја исползува во 1859 год. италијанската борба
за обединување (која на Италија и ја донесе Ломбардија и Венеција, кои, дотогаш, беа
австриски) за да си ја присвои на западниот крај на Италија италијанската покраина Са-
вои(и Ница).

Поразот на Франција во германско-француската војна од 1870/1871 год. во Париз ос-
тави длабока рана по враќањето на Елзас-Лотрингија во Германскиот Рајх - така, како да
не се беше вратило некогашното германско подрачје, туку како, небаре, Германија да
беше ограбила исконски француска почва.

"Во Франција во никој случај (не се) згаснати соништата за освета, желбата да се поврати
хегемонијата, која што Франција во Европа ја имаше во свои раце во текот на два века, та
дури ниту желбата за поместувањето на границата на Рајна."802
"Според погледите на Бизмарк тоа би било веројатно и тоа не ќе се случеше, ниту во нај-

мала мера, поинаку, доколку Германците не инсистираа на тоа да ги присоединат Елзас и
Лотрингија; но сега таа територијална загуба се претвори во добредојден симбол и жа-
риште на сето незадоволство."803

На француската дипломатија и требаа повеќе од 40 години за таа да и ја обезбеди
шансата на Франција, конечно, да може да ја смири нејзината жед за одмазда и реванш.
Неминовната претпоставка за тоа беше добивката на сојузник. Отаде, главниот фран-
цуски акцент се насочи кон Русија, особено затоа што состојбата на тогашните нејзини
односи со Англија не ќе дозволеше никакво заедништво.

Подготовките беа долгорочни, макотрпни и скапи; а тие беа и деликатни, затоа што
целта не можеше да се оствари без примена на најподли методи. Џорџ Ф. Кенан де-
тално опишува како Франција не се колебаше ниту пред никакво лукавство, никаква ла-
га, за да може да го дискредитира Германскиот Рајх: тој, меѓу другото, ги наведува фал-
сификатите од 1875 год. и (фалсификуваните) документи на Фердинанд од 1887 година.

На Берлинскиот конгрес Франција. се уште, се држеше главно во заднината. За волја
на вистината, Париз и немаше директни територијалани интереси во турскиот дел на
Балканот. Но кога излезе во јавноста веста за англиската окупација на Кипар, Париз
побара, уште на маргината на Берлинскиот конгрес, компензација за оваа "светска и ко-
лонијално-политичка провокација".804 Таа компензација си ја обезбеди во 1881 год. со
окупацијата на Тунис. Низата реакција е позната: како утеха за уследената англиска
окупација на зоната на Суецкиот Канал и Египет, Франција повторно лесно го присвои
Мароко во 1882 година.

По долгогодишните напори, на кои припаѓаа и прилично многу интриги, на Франција
патот кон Санкт Петербург и беше отворен во оној миг кога Бизмарк во 1879 год. се од-
лучи за Двојниот сојуз со Австрија и кога уследи наводното германско-англиско приб-

лижување, при размената на Хрелголанд/Занзибар, но, особено, по кардиналната грешка на необновениот германско-руски договор за меѓусебни гаранции во 1890 година. Допирната точка на француското Rapprochment на Русија беше инсгрументот на извозот

на капитал на еден пазар што нудеше, практично, неограничени можности за пласман и беше целосно жеден за стока. Француската стратегија беше јасна: Русија требаше да биде хранета и препарирана, отпрвин, со малечки залаци, за, на тој начин, огромното руско царство да се приближи на, тогаш се уште, целосно изолираната Франција - и тоа приближување, во дадено време (незабележително) да се користува за француските интереси (тоа значи: за реваншистичките планови). Тоа и успеа:

уште во "1880 год. француските дипломати и банкари (ја разгледаа) можноста за една француско-руска антанта, потпрена врз францускиот капитал." ... "Првиот значаен заем на Русија беше ставен во протек на француската берза во Париз есента 1888 година. Идната година, париските Ротшилдовци изразија готовност да го преземат менторството за две значајни емисии на руски заеми во целокупен износ од 77 милиони фунти, а третата емисија, од дванаесет милиони, следеше една година подоцна. Во 1894 год. беше издадена и друга позајмица во вредност од 16 милиони фунти; а следната, со истата сума, следеше една година подоцна."805

Така Кенан можеше да напише:

"Руската презадолженост кај Франција тогаш (беше) најголемата меѓународна презадолженост во сите времиња."806

Дури и во сегашноста, оти, имено, на 15 ноември 2002 год., "Франкфуртер алгемајне цајтунг" извести од Лондон во врска со руските планови за отплаќањето на долговите на Советскиот сојуз, дека неговото реализирање било во застој затоа што, се уште, не се

покриени односно, не се отплатени заемите на рубљата од времето на царот и весникот
напиша, осврнувајќи се на тоа:

"На почетокот од 1900 год. Франција беше најголемиот пазар за кредити за Русија. Фран-
ција тогаш сакаше да ја придобие Русија како сојузник против Германскиот Рајх."

Оваа цел беше остварена ригорозно, но затоа пак извонредно вешто со помош на
фалсификати, лаги и пари - пари, коишто сега Русите мораат да ги платат, откако тие
тогаш мораа за Англија и Франција да ги фаќаат горешните костени од огнот. Бољшој
капиталист!

Уште во 1891 год. беше постигната една француско-руска консултативна спогодба,
која, на почетокот, се чинеше безначајна - но таа за Франција беше еднаква на вистин-
ски пробив. Оваа лежерна форма во 1892 год. се зацврсти во француско-руско двојно
здружение и во 1894 год. следеше

"француско-рускиот сојуз ... еден од главните компоненти ... од кои се разви судбински
најтешката ситуација од 1914година."807

Патем, француско-рускиот сојуз од 1894 год. во Англија предизвика голема загриже-
ност! (Хенри Ц. Мајер, исто., стр.31)

Сојузите на Франција со Русија претставуваа појдовна точка за - формално единстве-
но колонијално-политички условената - ЕшеШе Сок11а1е со Англија од 8 април 1904 годи-
на. Според нејзиното историско значење, Антантата им припаѓа

"на најзначајните историски претпоставки за Првата светска војна којашто целосно го
уништи поредокот на Берлинскиот конгрес."808

Една од, на почетокот, незначајните, но најтешки последици од оваа врска беше тоа
што таа

"за Велика Британија (ја намали) важноста на добрите односи со Германија."

Врз основа на, во меѓувреме, значително подобрениот француско-руски однос, таа
згора на тоа,водеше и до подобри врски на Англија со Русија.809

Така, во 1907 год., дојде, речиси, неминовно до крунисувањето на оваа тројна врска:

Санкт Петербург пристапи на таканаречената Entente Cordinale, која од тој миг ја сочину-
ваше Тројната Антанта.

Кошмарот на Бизмарк и на сите класични стратези во однос на оградувањето Германија во обрач стана стварност.

Настаните во рамките на европскиот "концерт", балканските кралства ги посматраа
со најголемо внимание, со оглед на нивниот "каратер на модел" за основањето на Бал-
канскиот сојуз, како во некоја педагошка драма, па тие беа исползувани за подобрување
на изградбата на нивните сопствени појдовни точки за освојување на турската - што зна-
чи, македонската - територија.

4.4.3 Италија

По основањето на италијанската национална држава во 1859/1861 год., Берлинскиот
конгрес беше првата меѓународна конференција на која што беше застапена Италија.На
Парискатa конференција, по Кримската војна (1856 год.), Сардинија-Пиемонт се уште
припаѓаше на членките на победничките сили.

Разгневена од Германија и нејзиното поддржување и востановување на француски
протекторат во Тунис, којшто, на тој начин, отпадна како колонија за италијанските до-
селеници, "Италија" во 1882 год. "со опортунизмот на нејзината надворешна политика...
(станува) ... проблематична членка на Тројниот совет."810 (Како што прецизира Хилгру-
бер, овој сојуз не беше никакво проширување на Двојниот сојуз од 1879 год., туку една
нова творба."811

Уште во првата година по Берлинскиот конгрес, германската амбасада од Рим извес-
ти за италијанската "неизлечива недоверба во однос на Австро-Унгарија"812 предизвика-
на од шокот на австриската окупација на Босна, со што стана уште подолг делот на бре-
гот на источната страна на Јадранското Море, што се наоѓаше под австриско влијание, и
со тоа остана уште помалку простор за посакуваната италијанска Албанија. Германска-
та амбасада цитираше од една статија на официјалниот "Дирито" ("Diritto") од 20.10.1879
год. во којшто се препорачуваше еден сојуз на сите балкански држави, доколку е воз-
можно со учество на Грција, за "заедничка одбрана" од "небаре заканувачкиот став" на
Австро-Унгарија.812

Премиерот Криспи (Crispi) ја водеше од 1887 год. "големата политика" на Италија со
тоа што ги окупираше пристаништата на Еритреја и го основаше протекторатот Ита-
лијанска-Сомалија. Освојувањето на Етиопија во 1896 год., завршии, додуша, со неуспех.
(Идниот обид го направи Мусолини (Mussolini) и тоа во 1935 год.: кралот на Италија бе-
ше прогласен за кајзер на Абисинија. Новата Imperio Romano доживеа напредок.)

Италијанските анимозитети во однос на Австрија не останаа незабележани во Вие-
на; уште помалку, кога тие не беа ублажени дури ни во идните години со погоре споме-
натиот Троен сојуз на Италија со Германија и Австрија во 1882 година. Бидејќи со ита-
лијанско-францускиот договор за неутралност од 1902 год., Италија се претвори во "мр-
тов тег" во Тројниот сојуз,813 Виена, исто така, нервозно реагираше на склучувањето на
воената конвенција помеѓу Италија и Црна Гора во 1905 год., и тоа за случај на војна ме-
ѓу Австрија и Италија! Во врска со една офанзивна и дефанзивна спогодба на Црна Го-
ра со Србија, како и со склучувањето на царинска унија помеѓу Србија и Бугарија, спо-
ред "Фосише Цајтунг" ("Vossische Zeitung"), беше искован еден синџир

"за целосно да се уништи влијанието на Австро-Унгарија на Балканот."814

Се чинеше, дека никој не сакаше да забележи дека оваа мрежа беше плетена со рус-
ко посредство, за да се комплетира обрачот околу двете германски држави. (Од српски-
те тајни документи запленети во Првата светска војна станува јасно дека италијанскиот
премиер Титони (Tittoni) уште во март 1908 год. (!) - како член во Тројниот сојуз - ја
усогласи неговата балканска политика со руската.) Но и јасните сигнали за тревога не
можеа да ја спречат Австрија во тоа да ја анектира во 1908 год. Босна и Херцеговина!

По кризната во 1908 год. се докажа дека изгледите за иднината на турските колонии
на европската територија, значи исто и Македонија, стануваа се по мрачни. По еден раз-
говор на италијанскиот амбасадор Пансо (Panso) во Министерството за надворешни ра-
боти во Берлин, државниот секретар Фон Шен, во една забелешка, споменува некоја
италијанско-руска размена на мислења, според која

"во случај на Балканот да не може да се зачува статус кво,de favoriser le develeppement des
Etats Balcaniques d'apres le principe des nationalitees"815

На тие "nationalitees" ќе можеа да припаднат и Македонците, ако Атина не се изборе-
ше успешно, со помош на нејзините династички врски на европските кралски дворови,
кај Големите сили за нивната поддршка на грчката експанзија.

Со монархистичката заднина може да се објасни и зачудувачкиот факт што Англија
и Русија го модифицираа оној дотогаш толку енергично бранет принцип на статус кво
на Балканот, совмесно на желбите на Грција (и - како соучесници - исто и на другите
балкански држави) - само под услов да остане сочувана коалицијата против Германски-
от Рајх и Австрија!

Мегутоа, споменатата размена на мислења помеѓу рускиот министер за надворешни
работи, Исволски, и неговиот италијански колега, Титони. ја доби неговата суштествена
тежина од други причини:

Средбата, за која стануваше збор, се одржа во 1909 год. во Раконици (Racconigi). Ова име се шета низ многу документи и историски дела, но само ретко се изговара гласно значењето на средбата онака, како што тоа стои во горе споменатата белешка на германското Министерство за надворешни работи. И никаде на друго место не може да се најде нешто за тоа дека средбата во Раконици беше проширување на англиско-руските планови од јуни 1908 год. во Ревал . Оти како го интерпретираше италијанскиот амбасадор, за време на неговиот демарш во германското Министерство за надворешни работи, погоре споменатиот « принцип на националитетите"?

Се чини, дека е од доволно голема полза малкуте главни ставови да се цитираат поединечно:

1. "Доколку на Балканот би пропаднал статусот кво..." тоа значи, преведено на јасен говор: штом на Балканот ќе дојде до војна со Турција за Македонија,

2. "... тогаш природниот развиток би бил оној, да им се остави на балканските држави... да се изборат за своето место." Преведено: онаа балканска држава која што ја ужива најголемата династичка протекција и којашто ќе може воено да го освои најголемото парче од Македонија, таа ќе има предност, исто така, и да го задржи тоа парче. Кој, потоа, ќе ја има власта, тој ќе има и право. Или: насилството има предност пред правото.

3. "Двете сили, Италија и Русија, немале да се вмешаат и немало да бараат предности за себе." Се разбира не, оти предностите треба во најголема мера да и припаднат на Грција и - така да се рече, како смоквин лист, доколку тоа се покаже како

неизбежно - исто така, малку и на Србија и на Бугарија. Секое откажување на договорните партнери (Италија и Русија) би било прифатливо се додека; обрачот околу Германците би станувал се покомплетен и поцврст.

4. "Во ова се наоѓал, значи, уште еден момент за обезбедување на мирот."815

Овој вид на расипаност уште тогаш не смееше да недостига во ниту една дипломатска акција. Реченицава требаше да каже: мирот би бил само тогаш

загрозен кога, на пример, некоја трета сила (во прашање доаѓаат само Австрија и Германија) би била толку неразумна да не се согласи со ова идеално решение.

Дека Русија и Италија, и покрај мировните песни со кавали, имаа задни мисли и нив
се обидуваа да ги прикријат, станува премногу јасно од образложението со дополнител-
ната забелешка на италијанскиот амбасадор:

"Освен тоа, од факатот дека г-дин Титони оваа програма на националнпот развој ја сооп-'
штил во Виена, произлегувало само по себе... дека тој и г-дин Исволски немале никакви
задни мисли."

Човек навистина би требал да биде глупак за да може да падне во стапицата на вакви
лаги. Г-дин Шен, сепак, не го прифати тоа толку едноставно како што се надеваше г-дин
Пансо. Тој, многу повеќе, го извлече заклучокот:

"Ако таа програма која, сепак, помалку или повеќе, се состои во патронатство на еден
Балкански сојуз од страна на Русија и Италија, во Виена нема да доживее аплауз", тогаш
тој тоа го сметал за разбирливо. И тој заклучи со своето чудење: "Нам ќе ни беше подра-
го да не дознаевме по заобиколни патишта за постоењето на (програмата)."815

Тоа, генерално, сепак, беше еден генијален план на Антантата:

Со спречувањето на една интервенција на другите Големи сили (како, на пример, на
Австрија) не би им биле дадени одврзани раце, во однос на Македонија, само на Грците,
благодарение на династичката протекција, туку со тоа би биле поврзани и другите држа-
ви со Антантата, та дури тие би биле и задолжени. Покрај сево ова, Турција, како евен-
туален сојузник на Германците и Австријците, би била чувствително ослабена - и тоа
без да се повлече целосно од (особено за Англија значајниот, иако, во мегувреме, реду-
цираниот) принцип на стусот кво на Балканот.

Да рекапитулираме:

- Ревал како резултат го донесе англиско-рускиот прелиминарен план за една каши-

рана превентивна војна против Двојниот сојуз, како и освојувањето на балканските држави како партнери во сојузот, што беше неопходна претпоставка за таа војна; во врска со ова беше постигната согласност во полза на балканските држави, во прв план, во полза на Грција, а врз грбот на Македонија - Раконици во оваа завера ја врза и Италија.
Значи, долго време беше планирано истапувањето на Италија од Тројниот сојуз и италијанското објавување војна на дотогашните германски сојузници во текот на Првата светска војна како и склучувањето на "Договорот на здружението на четирите" помеѓу Антантата и Италија на 26.4.1915 година. Соодветната потврда за тоа се среќава во 1917 год. запленетиот извештај на српскиот кралски пратеник во Франција и Белгија, д-р Везниќ, бр. 557, од Париз на 10.11.1912 год. (Р 20728-1, лист 35).

Франција како творец на антигерманската коалиција немаше потреба да биде натерана да учествува во потфатот, којшто таа го планираше со децении, за да искова заеднички фронт против Германија.

Така, обрачот околу двете германски држави веќе одамна беше затворен, пред да постои опасност од акција од страна на Германија или Австрија. Покрај тоа, помегу Двојниот сојуз и Турција беше забиен токму оној клин, којшто, во тој вид, беше препорачан во "Fortnightly Review" од 1906 година, (Спореди, погоре 4.3.1.)

Сега, значи, членките на коалицијата можеа да чекаат на нештата што требаше да дојдат. И тие дојдоа:

За Грција, Србија и Бугарија, на 13.3.1912 год., следеше основањето на Балканскиот сојуз како предигра на Балканските војни.

За Србија, Русија, Франција и Англија, на 28 јуни 1914 год., одекнаа истрелите во Сараево како предигра на големата војна против двете германски држави.

Освен тоа, другото темелно значење на Италија за склучувањето на Балканскиот

сојуз и за избивањето на Балканските војни - а со тоа и за судбината на Македонија - ле-
жеше во една друга, целосно странична и, според тоа, потполно неочекувана област:

Со оглед на успесите на останатите колонијални сили, како и со оглед на наследство-
то од Османлиското царство, кое стануваше се помалечко, по неколкуте дотогаш неус-
пешни обиди, Италија, во еден вид паника пред крајот на играта, се втурна врз остатоци-
те од турската Северна Африка и во 1911 год. таа започна војна за Триполи и Сиринајка
(1912 год. уште и за Родос).

Овој настан го исполлзуваа Балканските држави за во неговата сенка во 1912 год. (и
покрај дечениските подготвки: со најголема брзија) да го основаат Балканскиот сојуз.
За волја на вистината, овој сојуз не би бил замислив без руската помош и заштита по
нарачка од Антантата.

Така, навистина, се оствари она што рајх-канцеларот Фон Билов веќе неколку години
порано го скицираше во една наредба до германската амбасада во Виена:

"Италијанските аспирации (можат) да бидат насочени врз Триполис, каде што тие вед-
наш ќе и станат непријатни на Англија (заради Египет) и на Франција (заради Тунис)."816

Додуша, со разликата во тоа што италијанските аспирации, по заобиколниот пат преку Балканскиот сојуз против Македонија, конечно, им станаа уште понепријатни на
Австријците и Германците!

Во истиот указ Фон Билов имаше исто споменато: "Грција најдобро ќе биде упатена
на Албанија..." Овде Германскиот Рајх-канцелар премногу тесно ја беше проценил тери-
торијалната незаситливост на Атина. Како да грчката грабливост за земја можеше да
бвде задоволена со едно понатамошно парче од Епир!

Конечно, балканските држави можеа благодарение на долгорочната политика на си-
лите на Антантата за превентивна војна против Германија како и благодарение на нив-

ните напори да се осуетат понатамошните австриски експанзии, за тоа пак за да се пос-
лужат грчките територијални желби, на Турција заеднички да и објават (последна) вој-
на и безобѕирно да ги потчинат христијанските народи на Македонија и Тракија (и, за
малку, дури и претежно муслиманска Албанија, која дури во 1935 год. ја нападна Мусо-
лини, притоа, анектирајќи ја.)

_____стр.270

5. Балканскиот сојуз и Балканските војни

5.1 Основањето на Балканскиот сојуз

5.1.1 Русија ги поставува решавачките претпоставки за основањето на Балканскиот сојуз

Веќе беа утврдени повеќе услови што влијаеја врз основањето на Балканскиот сојуз,

како на пример:

- неуспешните реформи од договорот од Мирцштег во Македонија,

- постојаните грчки планови за анектирање на Крит,

- жестоките и непрекинати немири во Албанија и

- како непосреден повод: италијанската војна против турската Либија.

- Исто така, веќе беше објаснето какво забрзувачко дејство имаше ненадејната рев-
ност за реформи на султанот Хамид (Hamid) врз Младотурците, а со тоа и врз датумот
на основачкиот акт. Грчкиот весник "Ефимерис" (Efimeris), осврнувајќи се на констела-
цијата како што таа и се покажуваше на атинската влада, пишува:

Дури младотурската политика доведе до "целосна промена на погледите на меродавните кру-
гови... во Грција" и "нивниот удел во Балканскиот сојуз се покажа како мошне значаен".817

Меѓутоа, сите овие влијанија не ќе беа доволни за остварувањето на Балканскиот
сојуз. Иако тој веќе со децении секогаш одново беше планиран и најавуван, исто толку
пати беше тивко и безгласно отфрлан.

Балканските држави што сакаа да ја присвојат Македонија, при што тие беа прину-
дени да можат да го изведат тоа само заедно, никогаш не беа способни да постигнат ус-
пешен и поднослив консензус. Дури и да го пронајдеа сепак сметката ќе беше направена
без крчмарот: ниту еден од потенцијалните агресори не можеше да биде сигурен во тоа
дали овој "крчмар", Австро-Унгарија, при некој конфликт нема веднаш да се вмеша и
истовремено да ги проголта можните држави агресори. Оти Австрија беше заинтереси-
рана за дополнителна територија на Балканот (во прва линија за Санџак и за македон-
ските области, па дури и за Солун), во најмала мера исто како и непосредните соседни
држави во регионот. Хенри К. Мејер (Henry C. Meyer) укажува на тоа дека австриската же-
лезничка пруга низ Санџак, како врска помегу Босна и Солун доволно јасно сведочи за
можните идни експанзионистички планови на двојната монархија.818 Овој сомнеж беше
постојано присутен особено кај Русите. Сир Чарлс Хардинг (Sir Chsrles Hardinge) извес-
тува дека рускиот министер за надворешни работи Изсволски, во Ревал му рекол вака:

"заокружувањето на австриските намери (железничката пруга Санџак) ќе значи германи-
зација на Македонија."810 (the completion of the Austian shemes[of Sanjak railway]would
mean the Germanization of Macedonia.

За надмине се егзистенцијалната грижа на оние воинствените балкански држави,
кои, сепак, и самите беа многу загрозени, беше потребен поостар меч отколку она што
нивните сопствени сабји можеа да го постигнат во борбата против австриското оружје.

Тоа се случи (не без договарање на Русија со Англија и Франција во Антантата) во
Санкт Петербург. Дури со заштитничката - меѓутоа и диригентска - рака на царот се
овозможи заедничко и едновремено фокусирање на интересите на соседните земји врз

Македонија како објект на нивната алчност.

Архивот сочува еден исечок од весник што содржи едно прифатливо објаснување за
ова.

"Фосише цајтунг" (Vossizsche Zeitung) кој поради стриктната тајност успеа да прибере
информации и да објави една статија дури во јануари 1913 год., значи десет месеци по ос-
новањето на Балканскиот сојуз, односно три месеци по започнувањето на Првата бал-
канска војна, дава длабок увид од неприкосновени претпоставки за тоа како воопшто
можеше да се оствари Балканскиот сојуз:

Всушност, "зеленото светло" за склучување на Балканскиот сојуз и за напад на Тур-
ција, поточно на турска Македонија, балканските држави го добија најнапред со тајната
спогодба на Русија со Србија и Бугарија во 1911 година. Со оваа спогодба Санкт Петер-
бург се обврзува:

"на тоа да води сметка воените операции на Балканскиот сојуз против Турција да не би-
дат попречени или да не потпаднат под влијание на другите сили."820

Како "други сили" без сомнение доаѓаат во прашање само Австрија и Германија. Со
тоа можеше да се одговори секаде поставуваното прашање за балканските држави:

"кој се крие зад тоа? Кој можеше ... и покрај спротивставените ... непријателски и про-
тивречни интереси... одеднаш да се реши за заедничко дејствување?"821

Навистина, неколку денови подоцна амбасадата во Санкт Петербург објави демант
од рускиот министер за надворешни работи Сасонов за постоењето на тајна писмена
спогодба; но министерот, според амбасадорот Фон Луциус (von Lucius), не демантира ус-
но ветување, напротив, лично потврди: "се разбира дека Русија ќе ја брани Србија од -
уништување - (ecrament)". Тој дури, избирајќи зборови од австрискиот печат, го упот-
реби германскиот збор "згмечи".822

Наспроти ова уште во 1967 год. (и 1977 год.) Фриц Фишер (Fritz Fischer) во својата книга
"Војна на илузиите" (Krieg der Illusionen), е многу поназад во однос на овие информации
пишувајќи: за бугарско-руските преговори за сојузништво во 1911/1912 година. Русија
дознава дури кога тие се наоѓаат веќе во "напреден стадиум" (стр. 218). Заблуда со далеку-
сежни последици, особено ако се помисли дека Фишер поаѓа оттаму дека Балканскиот
сојуз ќе се основаше и без руска помош, со што улогата на Русија целосно ја потценува,
специјално во нејзината функција како врв на копјето на Антантата. Исто така, погреш-
на е и неговата забелешка дека Русија ја придобива бугарската согласност за приклучува-
ње кон Балканскиот сојуз преку "навестување ... дека ќе се задоволат бугарските терито-
ријални претензии" (стр. 216). Конечно, веќе многу години порано Бугарија беше најго-
лем агитатор за создавање на Сојузот. Дали Фишер се запрашал зошто Русија се обидува
со намамување на Бугарија да го форсира основањето на Балканскиот сојуз? Сигурно не
за да и направи услуга на Софија...

Опишаниот развој доведува до заклучокот дека Србија, Бугарија, Грција и Црна Го-
ра, од почит кон Австрија (и нејзиниот протектор Германија) и покрај сета алчност кон
македонските територии, можеби го основаа Балканскиот сојуз, но кој без охрабрување
од руската изјава за заштита ќе беше ризичен, за да ја вовлечат Русија во војна против
Турција.

Од ова следува дека судбината на Македонија, Тракија и Епир без руската спогодба,
според човечкото расудување, ќе беше сосема поинаква.

Чудното за Македонија: "Според еден план Албанија и Македонија ќе добиеја самос-
тојна управа" и исто така ќе се приклучеа кон овој сојуз. (Известување бр. 71 на српски-
отпратеник од Лондон, од 20.10.1911 год. до министерот за надворешни работи во Бел-
град,К 20727-2. лист 99).

Овој Балкански сојуз ќе беше за Македонија една историска шанса, но конкретно тоа
беше во дијаметрална спротивност со грчките, бугарските и интересите на сојузниците.

Натамошни заклучоци од руската тајна спогодба:

Русија со Англија и Франција како нејзина заднина мораа да имаат големи интереси
за создавањето на Балканскиот сојуз, исто како и за Балканските војни. Овој интерес
мора да беше толку голем што Русија, по спогодбата со Антантата, во резимето за бал-
канските кралства отворено ги дава на знаење, заговара и ги поставува своите агресив-
нидели (односно, нужната појдовна точка за Балканските војни).

Меѓутоа, интересот на Антантата беше толку голем што ниту Балканскиот сојуз (се-
пак релативно безначаен) не можеше да го задоволи, ниту пак Балканската војна, а уш-
те помалку остатокот од Турција.

Се подразбира дека балканските држави ова го искористија за сопствените цели. Ан-
тантата можеше нив да ги придобие за своите цели само по оваа цена.

Постоеше само една причина што ќе ја изготви вкупната сметка на Антантата, а тоа
беше создавањето затворен фронт против Австрија и Германија. Балканскиот сојуз и
служеше на Антантата само како алат.

Јасно е дека таканаречениот "затворен фронт" го сочинуваше само малиот јужен дел
од големиот круг на Антантата околу Двојниот сојуз, кој во историјата влезе под пои-
мот "опкружување". Од своја страна тој одигра голема улога помеѓу двете групирања,
поради што одблизу ќе го разгледаме во определено време.

На Антантата и беше дозволено во секое време според потребите успешно да ги вов-
лече балканските држави во "затворениот фронт" и да ги вовлече во војна двете герман-
ски држави без, притоа, да мора да стравува дека балканските држави, се додека довол-
но цврсто висат на ченгелот на Антантата, ќе се приклучат кон средните сили.
Мамката за оваа јадица беше Македонија.

Еден од најважните параметри на овој концепт беше стратегијата (тројниот) - Двоен
сојуз толку долго да се провоцира се додека тој самиот не објави војна.

Во заднината на овој концепт се поставуваат правила на игра коишто можат речиси да се
наречат ритуали, за чиишто последици нема потреба од стравување, при што на против-
никот може да му се натовари вината за почетокот на војната со што по посакуваната по-
беда, благодарение на тогаш постигнатото самоволие, поразот на противникот може да
се продолжи до негово долгорочно ако не и целосно уништување. Познато е дека дури и
двата најголеми злосторници на XX-от век, кои ниту најмалку не беа загрижени заради
хекатомбите од мртви, коишто беа предизвикани од нивното лудило, најголемото значе-
ње му го придаваа на тоа да прикажат дека војната за која обајцата се стремеа никако не
ја "започнале" тие самите,за да да ја отфрлат од себе моралната вина и тоа да го употре-
бат како легитимација за нивните постапки. Ова се прикриваше со пазарења од секаков
вид, со неверојатни или само бедни фалсификувања (на пример, Глајвиц [Gleiwitz). Овој
ритуал насекаде ќе се промовира како унапредување на човековите права, особено кај
поранешните војсководачи, како на пример, Александар Велики, водачите на римјаните,
сарацените и османлиите, Џингис Кан и Кортез/Пизаро итн., итн., на кои овие скрупули
им беа потполно туѓи. Бидејќи овој начин (за) наведуваше на екстремна подмолност, во
определени правила на играта тој мораше да делува како предизвик.

Да бидеме конкретни: на Австрија - со нејзините приклучоци, полузависна, полудомини-
рачка - како и на Германското царство, ќе им беше лесно да бидат соиграчи и подлизур-

ковци во овој театар за да ја препознаат и одбегнат стапицата од 1914 год. (како и онаа од
1912 год.), (А додека не излезат на виделина скриените иницијатори, или дури и тогаш ко-
га би се одржувал лабилен мир.

Доказ за тоа дека принципот на овие "правила на игра" им беше познат и на тогашните
водечки личности на Двојниот сојуз (кои очигледно не го совладаа) е еден од многуте
примери - забелешката на австрискиот министер за надворешни работи што ја цитираше
амбасадорот Чиршки во еден извештај: грофот Берхтолд (Berchtold) не се воздржа "на
Русија да и ја покаже својата добра волја и на светот да не му се претстави како "пречка
за мирот".823.

" На одредницата "пречка за мирот" уште ќе се навратиме.

Патот на Антантата во решавањето на конфликтот ветуваше успех само преку инте-
ресот на Австрија за зголемување на моќта. (Затоа балканската пруга!). Антантата точно
знаеше дека кајзерот Вилхелм, и покрај неговиот стил на гласноговорништво и мафтање
со сабјата, на крајот на краиштата, кога ситуацијата ќе започнеше да станува сериозна,
сепак ќе се преплашеше пред секоја војна. Подготвеноста за мир на кајзерот, убедливо ја
докажа рајх-канцеларот Фон Билов низ безбројни примери во своите "Знаменитости".824
Фон Билов коментира едно писмо од кајзерот упатено до него во 1906 година:

"од секоја реченица ... се читаше стравот на кајзерот од војна ... тој беше безмалку под-
готвен за мир, дотолку повеќе што неговото стравување од секаков сериозен конфликт
беше јасно за секој поблизок набљудувач".

(Ова релативно позитивно вреднување не го наведе рајх- канцеларот да му се прик-
лони на кајзерот како сведок кога се работи за неговите понепријатни особини).

Но, исто и британскиот историчар Нил Фергусон (Nial Ferguson) и неговиот амери-
кански колега Роберт Мејси, (а дури и Фишер), од своја страна ја потврдија оваа оцена.
(исто) Природно, потврдувањето на подготвеноста на кајзерот за мир се вреднува
повисоко од поранешните "противнички" коментари.

Во секој случај, Антантата исто така знаеше дека Вилхелм II требаше да биде сфа-
тен во неговата "Нибелуншка верност" која лесно го создаваше неговиот страв, особено

непотребното откажување на помошта за Хабзбурзите - кардинална грешка што не би
му се поткраднала на неговиот дедо, кому веќе и самото давање согласност за Двојниот
сојуз доволно тешко му падна.

Во својот стратешки концепт Антантата консеквентно вгради еден вид верижна ре-
акција: за успешно да ја провоцира Австрија требаше да се искористат слабите точки на
Хабзбурзите: незаситната алчност за турската земја на европскиот континент - значи
истото неумоливо барање со чие задоволување Антантата можеше, за своите цели, да
ги врзе за себе и балканските држави (а кои самите веќе со векови страдаа од моќта на
силите на Антантата и од нејзината колонијална политика).

Скоро и да не е потребно потврдување дека агресивната политика на Антантата беше
подведена под сите правила на најстрога тајност - и по можност вечно таква да остане.
Затоа не е чудно што придружните мерки на подготовките за војна останаа наполно не-
забележени.

Испратената режија од Русија беше одговорна за тоа што на почетокот на Балканс-
киот сојуз драматичните случувања за Македонија сосема безопасно се развиваа: руски-
от министер за надворешни работи Сасонов (најголем непријател на Австрија, потпол-
но сроден на неговиот претходник Исволски) од тактички причини постојано зборува за
безбедноста на балканските држави и за нивните заеднички стипански и трговски инте-
реси како мотив за нивниот сојуз.

Исто така отворено и се поставија и надворешните рамки:

На денот на полнолетство на бугарскиот престолонаследник Борис, на 2 февруари
1912 год., престолонаследниците од сите соседни држави - како што е редот, во прид-
ружба на високи политички личности - се упатија во Софија. Таму беа извршени послед-
ните спогодби.

Иако се се случи во апсолутна тајност, од испитаните оригинални документи како и од
објаснувањата во збирката документи "Големата политика на европските кабинети" про-
излегува дека "текстот не останал непознат во Берлин".

Резултатот од оваа "нормална" средба се запиша во два одделни договора.

1. Бугарско-српската спогодба за основање на Балканскиот сојуз беше потпишана
на 13 март 1912 година. (Во август кон оваа спогодба се приклучи и Црна Гора).

Во однос на Македонија се наведени конкретни цели во спогодбата: областа северно
од Шарпланинскиот Венец, значи Стара Србија и Санџак со Нови Пазар се присоедину-
ваат кон Србија, областа јужно и источно од Родопските Планини и реката Струма се
присоединуваат кон Бугарија; а областа меѓу нив, значи приближно денешна Македони-
ја,треба да стане автономија

Тука беше принципиелно содржана и заложбата за можност за самостојност на Ма-
кедонија. За секој случај (за да се спречи ваквиот исход), двата договарачи истовремено
создадоа отстапница: ако не беше спроведлива автономијаТа за Македонија, тогаш - да,
тогаш ќе мораа двете потписнички страни сепак да се жртвуваат и да си припојат пого-
леми области и тоа:

Областа од една точка северо-западно од Ќустендил со повлечена линија до Струга
заедно со Кратово, Велес, Битола и Охрид да се присоединат на Бугарија - додека облас-
тите северно од оваа линија и јужно од Шар Планина (имено, Куманово, Скопје, Круше-
во, Дебар и Струга) да му останат за решавање на царот кој ја прифати оваа функција.825

Ова регулирање (по тајната спогодба со Русија) предизвика натамошна сензација:

царот, не само што ја прифати оваа функција, туку тој и на двете страни на крајот на ап-
рил 1912 год. ова прифаќање го нострифицира.

Една навидум безначајна случка, но која постави камен темелник во историјата на
Македонија: царот ја "нострифицира" својата подготвеност во случај на двоумење да дej-
ствува како судија во поделбата на Македонија!

Значењето на оваа случка се потцртува и со тоа што точно една година подоцна, во
април 1913 год. министерот за надворешни работи Сасонов ја премолчува оваа нота
пред германскиот амбасадор; бидејќи грофот Фон Пуртале во еден извештај го наведу-.
ва искажувањето на министерот дека досега Русија се уште не е замолена да ја преземе
судиската улога во рамките на договорот за Балканскиот сојуз.826

Тоа беше лага.

Царот го подготвуваше своето соучество во поделбата на Македонија површно во
однос на неговата роднинска династија во Грција (како и - сакал-нејќел [nolens,volens] -
на другите балкански кралства); подлабоката смисла на овој "широкоград" гест сепак -
како и што ќе биде покажано - лежи во долгорочните планови на Антантата наспроти
двете германски држави.

Станува се појасно зошто проектот за Балканскиот сојуз се одвива упорно - и во
строга тајност.

Повеќе од 45 години подоцна Ханс Херцфелд во неговото стандардно дело ги рези-
мира исходиштата за Балканскиот сојуз:

"Покрај самозаконието на националното движење на Балканот, стои непобитниот факт
дека овој сојуз ... никогаш немаше да се оствари ... без целесообразното посредување и
охрабрување на руските дипломати на Балканот... Без ваквото однесуварве на Русија ни-
когаш не можеше да се замисли Српско-бугарската спогодба за сојузништво од 13 март
1912 год.. која во својот јавен дел содржеше дефанзивен договор за заштита на нејзиниот
територијален интегритет и за одржување на балканското статус кво (против евентуал-

ното проширување на Австро-Унгарија). а во својот таен анекс на договорот (од 2 јули и
28 септември) еден офанзивен сојуз за времето кога Турција нема повеќе да може да ги
издржи внатрешните и надворешните тешкотии. Ако за ништо друго, планираната по-
делба на Македонија никогаш немаше да се оствари без правото за руска арбитража пред
се поради неутралната област, проблематичната Вардарска зона. Истото важи и за бу-
гарско-грчкиот договор од 29 мај 1912 година."827

Многу прегледно, многу очигледно, но никаков доказ дека Балканскиот сојуз, Бал-
канската војна се составен дел од стратегискиот план на Антантата: никаква трага ... ни-
какви заклучоци за идејата Двојниот сојуз да се манипулира така што ќе предизвика војна.

2. Бугарско-грчката спогодба

Основањето на Балканскиот сојуз следуваше два месеци подоцна, на 29 мај 1912 го-
дина. Поинаку отколку што може да се прочита во признаените стандардни дела, Атина
не пристапи кон билатералната Бугарско-српска спогодба. туку заклучи одвоена спо-
годба со Бугарија. (Фриц Фишер, исто така пишува дека Грција "се приклучи".828)

Во споредба со дециниски долгите безполезни спорења. овие преговори, под прити-
сокот на случувањата, беа релативно успешни, поправо брзи, а се одвиваа дури и кога во
фазите на несогласување доаѓаше до прекин на контактите.

Атина од почетокот јасно стави до знаење дека ќе се впушти во дискусија со Бугари-
ја само под услов, "протерувањето на Турција од Европа да остане цел на балканските
држави". Но Грција сепак:

"во случај на поделба на европскиот дел од Турција бараше да се постави гранична линија
северно од Валора, Монастир, Воден и Серес" како и источна граница "на реката Нестос
од онаа страна на Кавала ..."; ова беше постојано наведувано "како претпоставка за ната-
мошните преговори", при што Бугарија ги прекина преговорите."829

Колку и да беа високо поставени грчките барања што се однесуваа за посакуваното
протегање на границата, подоцна, во Балканските војни Грција навистина ги присоеди-
ни Воден и Серес. Во секој случај првонаведените два града: Валора, денешна Флора во
Албанија и Монастир. денешна Битола во Македонија, Грција досега не успеа да ги
анектира.

Досега...

Како што дури по една година германскиот амбасадор во Виена Фон Штрајт (von
Streit) слушна од својот грчки колега, значи временски кога Првата балканска војна ве-
ќе се приближуваше кон својот крај, за време на преговорите со Бугарија за Балкански-
от сојуз. Грција го обусловуваше со дефанзивен сојуз и програма за спроведување ре-
форми во Македонија. Ова јасно формулирање го постави Фон Штрајт за водач на пре-
говорите на Грците, бидејќи Бугарите, за време на владеењето на премиерот Трипкус
(Tripkus), веќе еднаш содржината на нивните преговори со Грција и ја предадоа на Тур-
ција. Затоа тој:

"така грижливо го состави што дури ни Турците во него не можеа да најдат нешто непра-

вилно."830

(Тоа дека грчката влада порано еднаш токму истото им го направи на Бугарите, ам-
басадорот Фон Штрајт промислено го премолчи.)

"Со Србија, Грција немаше некаков особен договор. Постојано се одвиваа преговори што
се засновуваа врз размена на ноти."830

Дури во мај 1912 год. Бугарија презема нов напад. Грчкиот весник "Ефимерис" извес-
туваше: Иако Софија. поради интернационални импликации за ова прашање ја одби
грчката желба и Крит да влезе во планираната спогодба, започна со дискусијата за кон-

кретните услови.

Исто и бугарско-грчката спогодба започнува со изненадувачки концепт:

"Ако се спроведеше автономија за Македонија и Албанија, ..."830

Интересно! Толку интересно што само овој текст можеше да биде причина за "Тајмс"
подоцна со највисоки тонови да се воодушеви од целите на "фундаменталните принципи
на правата на народите" кон кои се стреми во име на христијанското население на ев-
ропскиот дел од Турција, а истовремено и од одбранбениот карактер на спогодбата.831

Бугарската влада за ова изготви безбројни предлози: нејзината цел е:

"да се постигнат поднесливи услови за живот на бедните христијани во Турција."832

На друго место, балканскиот дописник на англискиот весник пишува: ослободување-

то од тиранијата и јаремот...

"беше постигнато со непотпомогнатата сила на младите балкански кралства обединети
со цел за ослободување на нивниот угнетен род - затоа што тоа беше вистинскиот објект
на војната."833

Во поглед на ослободувањето на христијаните дури и "Тајмс" наседна на убавите
формулации што служеа само за украсување на грчко-бугарската алчност за територии.

Или само така се преправа?

Многу можно, дури и многу веројатно, дека англиската влада и Балканските држави
неа ја покрија и со нејзината прикривачка тактика услужно ја поддржаа.

Значи не е самоизмама, туку заблуда.

Очигледно ова не беше единствен случај, бидејќи "Тајмс" насекаде се појавуваше ка-
ко услужен соучесник во вината и се чини дека доста често ја преземаше улогата на
агент провокатор и пропагатор, по што лондонската влада можеше да го негува својот

ореол како фер и доверлив партнер за преговарање со Германците. Затоа што бројот на
извештаите на амбасадата во Лондон за провокативните статии на "Тајмс" против Гер-
манија - покрај многу други весници - зборува на сосема друг јазик.

Во оваа кобна дејност најмногу се истакнаа редакторите Моберли-Бел (Moberly-Bell)
и Хармсворт (Harmsworth) од Лондон и во прва линија берлинскиот дописник на "Тајмс"
Сандерс (Saunders). Ова произлегува од познатото новогодишно писмо на царот до рајх-
канцеларот Фон Билов во 1905 год., по кое тој со часови разговараше со банкарот Бејт
(Bell), кој живееше во Лондон. Овој вториот мораше не само да ја потврди поткопувач-
ката дејност на "Тајмс", тој можеше да ја потврди и англиската финансиска помош за
руските, француските и белгиските весници за печатење провокативни антигермански
статии, дури можеше на царот да му ги потврди и висината на сумите за потплатување.
Поради очигледната штета врз германскиот углед во Европа (и во Америка!), во однос
на "труење на бунарот", како и поради сериозното оптоварување на германско-англис-
ките односи, Бејт му ветил на царот дека во Лондон, на погодни места ќе се заземе за ре-
дуцирање на поттикнувањето на воената психоза.834 Меѓутоа и самиот државен секретар
пишуваше дека "Тајмс" и се заканува на Германија и ја омаловажува. "Во овој правец

беснееја и други весници: "Дејли хроникл" (Daily Cronicle), "Стандард" (Standard), а пред
се "Дејли мејл" (Daily Mail)... "835
, Станува збор за 1905 и 1906 година!
Капка по капка и во каменот дупка...

Што се однесува до критиката на државниот канцелар до англискиот печат, се под-
разбира дека Фон Билов го осудуваше и сопствениот, германски печат, кој обземен со
размислувањата за моќна сила, ја тераше водата кон воденицата на странскиот печат:

"Добар дел од нерасположеноста што странството ја негува против нас и се стреми да се
претвори во политичка акција, (треба да) им се припише на нашиот печат и на јавното
мислење, во кои начинот на размислување и расположението на другите нации воопшто
не се земаат во предвид".836

Во едно писмо до својот брат, рајх-канцеларот можеше многу повеќе да искаже и да
биде по јасен:

"Големите германски весници ... (си ја чепаТат устата) за наводниот германски "милита-
ризам", додека Французите ... се многу помилитантни од нас! Што треба да значи тој по-
вик за германски "империјализам", кој во споредба со англискиот империјали-
зам и маринизам е многу безопасен! Преку нашата претерана, нескротлива самокритика,
тој постојано испорачува во странство оружје ... против нас."837

Точно 10 години подоцна (толку долго веќе траеше "канонадата" на англискиот пе-
чат против Германскиот Рајх) Нил Фергусон наведува еден пример од критичните дено-
ви:

"На 31 јули (1914 год.) Ротшилд (Rothshild) го преколнува "Тајмс" (се разбира само лон-
донскиот, но не и виенскиот или парискиот огранок), да го одмерува тонот во неговите
насловни статии кои <ја поттикнуваат земјата на војна>; но странскиот редактор Хенри
Викам Стид (Henry Wicham Steed) исто како и неговиот издавач лорд Нортклиф (Lord
Northcliffe) ова го сметаа за <валкана германско-еврејска интернационална финансиска
завера>... "838

Чудно - кој, во повоена Германија ќе го помислеше ова за Англичаните, а камо ли
тоа да го каже! Договорите, забраните и пропагандата беа на најдобар начин меѓусебно
усогласени.

За да се поткрепи тврдењето за постојаната "канонада", треба да наведеме и еден
пример од времето помеѓу двата горенаведени периода (1905 и 1914 год.): рускиот печат,

како што е напоменато, не само што добиваше парични средства од Лондон за антигер-
мански провокативни статии; туку руски извори од своја страна плаќаа високи суми за
соодветни статии во францускиот печат. Во поглед на овие сплетки, жалењето на царот
Николај, при прочуената средба во Ревал во јуни 1908 год., дека поради слободата на пе-
чатот во Русија не можеше да се спречи кампањата на печатот против Германија, делу-
ва како цинизам. При ова нему му беше очигледно јасно колку многу рускиот печат го
презатегнал лакот во сопствената земја. За финиот хумор (кој царот тогаш се уште мо-
Жеше да си го дозволи), известуваше англискиот државен секретар сер Чарлс Хардинг:

"Царот призна дека ... (тој) и неговата влада (беа) засрамени. бидејќи секој настан што ќе
се појавеше во која и да е далечна провинција од царството, како на пример земјотрес
' или бура, беше веднаш припишуван на германска сметка и неодамна сериозни жалби му
беа упатени нему и на владата со непријателски тон од рускиот печат."839
("The Emperor admited that ...(he) and his Government (had)considerable embrassment,since every
incident occured in any distant province of the Empire,such as earthquake or thunderstorm,
was at once put down to Germany's account and serios complaints had recently been made to him and
the Government of unfriendly tome of the Russian press"839).

Како и државниот секретар Чарлс Хардинг слично се изрази и рускиот министер за
надворешни работи Исволски, при што тој не допушти никакво двоумење, дека "непри-
јателството на рускиот печат спрема Германија ... ги одразува нивните вистински чувст-
ва." (на наведеното место, стр. 2) (that "the hospitality of the Russian press towards Germany ...ref-
lected their true feelengs.")

Исто и францускиот весник "Матин" (Matin) скоро половина година подоцна се осме-
ли да пишува за Балканскиот сојуз, дека "договорот на алијансата има исклучиво дефан-

зивен карактер" (que "le traite d'alliance avait un caractere purement defensiv.")840 (Дури со грЧ-
ко-бугарската воена конвенција се додава офанзивниот карактер).

Песок во очите на Австрија и Германија.

Да се вратиме кон Балканскиот сојуз:

Од бугарско-грчката спогодба исто така може да се дознае дека Грција уште во мај
1912 год. поаѓаше од автономија за Македонија (и за Албанија)! Текстот на договорот
не буди впечаток дека уште тогаш Грција ја третира македонската земја како грчка соп-
ственост. Оваа позиција се осознава по Балканската војна кога важеше дека "неправед-
но" стекнатите "добра" сепак треба да бидат прашање за "преговори" во кои, подоцна, се
декларираше дека отсекогаш и припаѓале на Грција, а овој став се застапуваше со сите
расположливи сили.

Според ова, во летото 1912 год. - иако макотрпен - патот на Македонија кон независ-
ност, започнат со автономија, во основа се уште не беше сосема затворен.

Ова не и пречи на денешна Грција, сите "пријатели" и сојузници во ЕУ, САД и ОН и
понатаму да ги држи во заблуда со фалсификувани документи.

Како и да е, во мај 1912 год. Грција и Бугарија конечно потпишаа договор соодветен
на бугарско-српската спогодба. Нивната воена конвенција следеше дури на 5 октомври
1912 година. (т.е. четири дена по нивното официјално мобилизирање).

Една година подоцна по прелиминарниот мир во Лондон на 30 мај 1913 год., грчкиот
амбасадор во Берлин, Рангабе (Rhangabe), требаше да се жали во Министерството за
надворешни работи, кај државниот секретар Јагов, дека при склучувањето на овој дого-
вор Бугарија пред тоа веќе склучила спогодба со Србија која содржи определени обврс-
ки "за поделба на освоените области". Значи беа доведени во заблуда од Софија.841

Звучи ли ова веродостојно или амбасадорот се жали дека една мрша ја препознала

другата? Каде можеше да лежи вистината? Ако се земе предвид дека по Првата балкан-
ска војна психолошки се подготвуваше Втората, одговорот на ова прашање не е тежок.

Грчката подготвеност да се спроведе автономија за Македонија и Албанија, според
еден извештај на весникот "Ефимерис" беше поврзана со очекувањето дека

"Бугарија (требаше) да ја преземе "еленизацијата" и да ги обезбеди грчките барања за

Епир "842

Веројатно денешната Еленска Република без задоволство би се сеќавала на тоа дека
таа во мај 1912 год. токму својот крвен непријател го молеше за "елинизација и обезбе-
дување на грчките барања за Епир". Какви ли барања беа тоа, кога Грција во своето до
кажување на правото се стави во рацете на еден, во голема мера недоверлив противник!

Од статијата понатаму произлегува дека грчката влада во 1912 год. се обидела на Бу-
гарите, со доказ од прочуениот Берлински договор од 1878 год. и од него изведениот из-
глед на интернационалната правна основа, да влијае така што Бугарите да не се осмелат

да се посомневаат во бугарско-грчкото одбележудадѓе на-границата во Македонија. До-
казот гласеше:
"Грција требаше да ја сочува линијата ветена со Берлинскиот договор".842

И гледај: прастариот трик на играта со џебови импонирачки успеа: Бугарите се изб-
лефираа од финтата.

Дали тие повеќе не знаеја дека во Берлинскиот договор воопшто не станува збор за
"Македонија"? Инаку, грчкиот куршум можеше да биде повратен: ако Бугарите барем
во мала мера го познаваа Берлинскиот договор или ако се потрудеа уште еднаш да го

прочитаат, ќе можеа да се забавуваат (барем за грчкото треснување во сопствената дупка). Бидејќи во 1878 год. според протоколот бр. 13 од седницата одржана на 5.7.1878 год. во врска со членот 24 од Берлинскиот договор, прекројувањето на границите можеше да се одвива во полза на Грција:

"од долината на Саламира (Salamuraias) (стариот Пенеј [Penesus]) до Егејското Море како и д од Каламас (Kalamas) до Јонското Море."843

Меѓутоа, Бугарите повеќе не се сеќаваа дека тогашните желби на Грците се однесуваа само на корекција на границата во Тесалија и на јужен Епир кон Турција. (Очито едно и самите Грци заборавија: за нив историската реминисценција бездруго имаше значење само на еден зафат во трик- кутијата за преговарачката тактика).

Од своја страна Грците сметаа дека се среќни што на Берлинскиот конгрес ја добија поддршката на силите за проширување на своите територии за сметка на Турција. Грчкиот министер за надворешни работи Делијанис (Delyannis) во една од двете седници во кои тој повремено беше присутен, дури претерано тврдеше дека добивањето на Крит и горенаведените провинции: •*

"И овозможува "на кралската влада мир и долготрајна егзистенција".... "Присоединувањето на провинциите беше исто така и во интерес на Турција!" (!) "За неа, во иднина беа отстранети сите причини за немири".844

Кој, во меѓувреме, ги фати Грците за збор кога тие постојано при нивните наредни барања ги изнесуваа истите аргументи? - и остроумно ги кршеа нивните изјави. ••'"Вештите грчки политичари од ковот на еден Венизелос (Venizelos) секогаш од ново ја заобиколуваа вистината.

На коректен начин мора на тогашниот грчки министер за надворешни работи Делијанис да му се признае неговото видување кога тој уште во 1878 год. дозволи овие желби да бидат се "што Грција во моментот може да постигне".844

Уште со италијанскиот напад на Триполи и Сиринајка во октомври 1911 год., беше,
како што повеќепати е забележано, внесена голема нервоза кај балканските држави; да,
италијанско-турската војна предизвика вистинска воена психоза. Сега, по осигурување-
то на Грција преку договорот со Бугарија, грчката влада можеше да си дозволи да пов-
лекува консеквенци: Атина се мобилизираше,845 - се разбира потполно незабележител-
но, во тајност. Во секој случај грчката влада сама себе си одреди свесно ограничување:
со оглед на големите проблеми коишто "Армијата Лига" пред кусо време им ги приреди
на владата и на кралот, премиерот Венизелос не се осмелуваше на грчката армија да и
даде оружје в раце за општа мобилизација дури ни во септември 1912 година.846

Во мај 1912 год. престолонаследникот Константин му раскажува на Вангенхајм (\Уап-
^егАет), кралски пратеник во Атина, дека италијанскиот воен аташе го информирал,
дека во случај Атина сега да објави анексија на Крит: .

"од војната со Италија ослабената Турција воопшто нема да биде во состојба да и се спро-
тивстави на Грција, бидејќи Бугарија ќе ја нападне од страна".

Баронот Фон Вангенхајм го коментираше ова неприкриено италијанско барање Гр-
ција да поведе војна против Османлиското царство, со забелешката дека тој има довер-
ба во "разборитоста на Венизелос".847

Да се полага надеж за мировни преговори токму врз Венизелос, од еден ваков, богат
со искуство и промислен дипломат се чини многу неискусно, - но овој специјален случај,
сепак можеше да има и свое оправдување. Секако не, како што наскоро ќе покажеме,
во тоа што Венизелос на секој начин се трудеше да ја спречи војната, туку затоа што че-
каше на поволна прилика - на силниот бугарски партнер.

5.1.2 Стриктното држење во тајност на плановите на Антантата ги сокрива далекусежните намери на Балканскиот сојуз

Со ова беа поставени договорните основи на Балканскиот сојуз за акциите на бал-
канските кралства, врз кои потенцијалните агресори со децении работеа, заеднички да
извршат империјалистички злочин, за кој одделно, секоја соседна држава на Македони-
ја, самата не беше доволно силна. Дури и сите заедно не ќе можеа да ризикуваат војна
без подршка од Големише сили.

За овие договори, царските пратеници на Австро-Унгарија и Германија, не дознаа
ниту зборче, ниту од нивните "пријатели" во балканските држави, а уште помалку од
главните градови Големите сили.

Зошто требаше "меѓу пријатели" да се употребува ваква конспиративност?
А дека тоа беше "конспиративност" прозлегуваше веќе од самото тоа што владата на
рајхот мораше по други патишта да дојде до текстот на српско-бугарската спогодба и на
воената конвенција која припаѓаше кон него. Исто така, во Берлин се знаеше дека дого-
ворите беа склучени не само со "предзнаење", туку дури и со "раководење од Русија".

Се чини, како што уште тогаш се заклучи во Министерството за надворешни работи, де-
ка плановите не се однесуваат само на Балкан(скиот Сојуз).

• .
Држењето во тајност на договорот за сојузот функционираше толку добро што беа

потребни три месеци, по неговото основање, за да се појават првите информации во пе-
чатот. И самиот "Тајмс", во еден опширен фељтон од 4 јуни 1913 год., значи дури четири
дена по мирот во Лондон, официјалниот крај на Првата балканска војна, со голем рес-
пект за Балканскиот сојуз и неговите подготовки, забележува дека размислувањата и
преговорите за него во толкава мера биле држени во тајност што навестувањето за овој
настан - бидејќи и самиот министер и останатите членови на владата беа држени во нез-
наење - во нивните сопствени колумни се покажа "за прв пат во летото претходната
година", значи 1912 год., а уште тогаш неговото значење беше потценето.848

Ова признание е дотолку позначајно бидејќи доаѓа од еден традиционален весник ка-
ков што е "Тајмс", кој многу рано и релативно отворено пишуваше и зборуваше за овој
проект на Сојузот. Во секој случај, дури и оние упатените во Сојузот долго време не мо-
жеа да ги постигнат нивните предвидени интереси, бидејќи толку често излегуваа на ви-
делина неточни навестувања за божемното склучување на Балканскиот сојуз, што на
крајот едвај некој веруваше дека тој навистина ќе се оствари. (Можеби "Тајмс" поаѓаше
од тоа дека неколку дена по завршувањето на војната без ризик смееше да објави некои
доверливи информации).

За да ги демонстрира правилата за мерките на претпазливост, кои беа применети и
од самата Грција (на пример, во пролетта 1911 год.), за да го задржи во тајност своето
приближување кон Бугарија, "Тајмс" опишува по каков пат стигна предлогот на грчкиот
премиер Венизелос до Софија:

• "Документот запечатен беше испратен во рацете на доверлива личност преку Крф до
еден добро познат Англичанец во Виена, кој му го предаде на бугарското пратеништво,
од каде што беше пренесен, се уште запечатен, до господинот Гесхоф. Од Софија, како и од
Атина, беше задржана целосна тајност ... Двајцата премиери самите си ги шифрираа и де-
шифрираа нивните пораки и на никого од подредените не му беше дозволено да ги види.
("The document was sent uder seal in the hands of a trustworthy person via Corfu to a well known En-
glishmen in Vienna,who delivered it to the Bulgarian Legation,whence it was transmitted,still under seal,
to Mr. Gueshoff.At Sofia,as at Athenes,complete secrecy was maintained...The two Prime Ministers
ciphered and deciphered their messages themselves,and no subordinate was allowed to see them")849

Требаше ли сето ова да се примени само за да не се предупреди Турција?
Тоа ќе беше сосема неприкладно.

Планирањето мора да имало предвид многу подалекусежни цели.

Побрз од "Тајмс" на својот пат кон јавноста беше само амбасадорот Фон Чиршки со
неговиот горе наведен извештај до министерот за надворешни работи врз основа на едно
искажување на неговиот грчки колега (види 5.1.1). Тој можеше уште шест недели пред
мирот во Лондон да разјасни некои задни цели:

Поправо, италијанско-либиската војна навистина делуваше како основно оправдува-
ње за членките на Балканскиот сојуз; за одлуката за скорешните преговори, во Белград,
Софија и Атина, најнапред се расправаше како: ..

"Албанците да барале од Портата, четирите вилаети (области), каде што живеат Албан-
ци, административно да бидат припоени кон Албанија, желба за којашто од Константино-
пол веќе беше поднесена сметка со назначување на албански валии во Митровица и Јани-
на". Токму поради ова Атина "склучи воена конвенција со Бугарија". (како фуснотата830).

Невообичаената доверливост на Фон Штрајт можеше од една страна да биде заслуж-
на за посетата на германските колеги на неговата болничка постела, а од друга, веројат-
но, неговата претпоставка дека кусо време пред крајот на Балканските војни, во оваа
пригода, веќе не беше потребно да се одржува, како до тогаш, највисокиот степен на
тајност - знак дека на грчкиот пратеник не му беше позната вистинската причина за нај-
високиот степен на доверливост, имено, планот на Антантата да ги искористи балканс-
ките држави како сојузници многу повеќе отколку само во војната против Турција.

Колку навистина беше опасна оваа далекусежна стратегија на Балканскиот сојуз,
многу повеќе онаа од на Антантата, произлегува од тоа дека не само што систематски
се криеја сите информации за развојните фази на Балканскиот сојуз, туку учесниците се
трудеа, под раководство на рускиот министер за надворешни работи Сасонов, да упот-

ребуваат консеквентна политика на дезинформирање со лажни маневри и доведување
возаблуда.

Вака германската амбасада на министерот за надворешни работи во Виена, на 25 јуни 1912 год. ги преиспорача извадоците од текстот на една циркуларна нота од страна на
српската влада до нејзините застапници во странство во која се вели:

"Во круговите на европската дипломатија е раширено мислењето дека помеѓу словенски-
те држави на Балканскиот Полуостров се одвиваат преговори за создавање Балкански
сојуз врз словенска основа, и дека во овој однос, помеѓу Србија, Бугарија и Црна Гора ве-
ќе е постигната потполна спогодба ... и дека новото словенско групирање се наоѓа под
протекторат на Русија."850

Со ова српското Министерство за надворешни работи правилно ја потврди тогашна-
та состојба. Но, што се направи со тоа?

Се повторуваше дека српско-бугарскиот Балкански сојуз е потпишан на 13.3.1912 го-
дина. Обидот за смирување, кој попрво беше потврдувачки отколку спротивставувачки
демант - и тоа кон сопствените членови на власта (!?) - значи и по три месеци се смета-
ше за неопходен и згоден; наводно за да се спречат Грција, Романија како и "Турција и
другите сили да стекнат недоверба и непријателско расположение кон нас, ..." поради
што би можело "на нашите специјални интереси да им се нанесат сериозни штети". (!)

Токму од Грција?

Значи, очигледно признавање на вината. Тоа што оваа недоверба и непријателското
расположение допрва требаше да се појават, кога еден ден целата лага ќе се открие, ис-
праќачот од српското Министерство за надворешни работи малку го загрижуваше. Ду-
ри смееше и своите сопствени соработници да ги држи во темнина! А одзади, како по-

бедник, бездруго сам да го воспостави "правото". Тогаш требаше некој да се осмели, да
се посомнева во корумп..., пардон, коректноста на владата!

Во останатиот дел од нотата повеќето информации беа наполно формално точни:

- навистина не постоеше спогодба помеѓу Србија, Бугарија и Црна Гора, - во секој
случај не во времето на потпишувањето на договорот во март или на испраќањето на
нотата во јуни 1912 год., бидејќи Црна Гора пристапи дури во август. (Од еден извештај
на амбасадата во Константинопол, добиен преку телеграф, произлегува дека Црна Гора
не била вовлечена во преговорите на балканските претставници "кои се водеа во разни
главни градови, но главно во Париз", поради вообичаената иидискреција на кралот Ни-
кита ...851).

- Понатаму, не постоеше Балкански сојуз врз словенска основа, бидејќи Грција, нај-
зиниот дел од договорот со Бугарија го потпиша веќе во мај, а себе не се гледаше како
словенска држава,852 така што српската нота одговараше на "вистината".

- Се разбира не постоеше "наполно" спогодување помеѓу договорните странки. Каде
ли го има тоа!

- Разликите помеѓу учесниците беа со децении познати, - особено кога се однесуваа
на поделбата на македонската територија.

Всушност: демантот дека не постоел никаков руски патронат остана една дебела ла-
га. Од досегашниот текст за оваа работа на многу места беше препознатливо со каква
истрајност Русија настојуваше да ја исполни целта за еден, по можност, комплетен Бал-
кански сојуз. Оваа настојчивост дури не беше ниту особено нападна, бидејќи целосно
беше заснована врз линијата на традиционалната руска надворешна политика во однос
на исламска Турција.

Но зошто тогаш се одрекуваше?

Без оглед на овие очигледни претерувања, еднододруго се сретнуваа повеќе особе-
ности отколку што смееше да се претпостави, а се работеше само за ликвидирање на
Османлиското царство од европската почва.

Необична беше, на пример, телеграмата од амбасадорот Фон Вангенхајм, во која тој
многу сериозно јавуваше за неговата убеденост дека "Русија беше упатена во планови-
те", односно "има [своја]" рака во играта"853, што мораше да наведе на заклучок дека ин-
формацијата за него беше наполно нова, а тој сосема очигледно не беше на чисто околу
фактот дека Русија со години, не само што знаеше, туку и самата го презеде создавање-
то на Балканскиот сојуз против Австрија - а со тоа и против Германија.

Вилхелм II, како што е спомнато, во летото 1912 год. се сретна со царот Нико, како
што пријателски му се обраќаше на неговиот роднина, без од него да биде известен за
Балканскиот сојуз склучен уште во пролетта (чие основање на Вилхелм му беше позна-
то од други извори; спореди погоре во овој оддел).

Така мораше царот ова таење да го почувствува како горчливо одбивање, а неговата
будна недоверба, за која постојано му беше префрлано [бидејќи таа пречи ако биде
прозрена од "противникот"], оправдано беше само предрасуда.

Се разбира, сосема е поинакво руското однесување кон Франција. Кога премиерот
Поанкаре (Poincare) во август истата година, го посети Санкт Петербург поради поморс-
ката конвенција, нему, се разбира, му беше поднесен проектот, чиј досег, за 40 години
старите планови за реванш на Французите, тој веднаш го препозна - и го искористи.

Исто така необично, мораше да биде регистрирано и тоа дека бугарскиот парламент
уште во август 1911 год. му го одзеде правото на кралот (Фердинанд) да склучува тајни
договори. Зарем тогаш не мораше барем да се праша: зошто всушност? Меѓутоа, ниту

еден странски набљудувач не изрази никакво сомневање.

Болниот заклучок на лажната српска циркуларна нота не смее да се премолчи:

"Така ние цениме дека е згодно, да Ве известиме, за Ваша лична информација, дека од нас
ниту ќе биде планиран словенски Балкански сојуз, ниту пак навистина постојат предусло-
ви и основа за ваква тесна соработка помеѓу Србија, Бугарија и Црна Гора."854

"Лична информација", звучи добро; притоа лажните известувања беа прилагодени за
австриските и германските уши (на прво место за турските), за што веќе знаеја и врап-
чињата. Валкана работа.

Значи, најнапред известуваа англиските, а потоа и француските весници. "Келнише
цајтунг" (Kolnische Zeitung) известуваше за "пристапувањето" на Грција. Се се одвиваше
околу случајот "воени компликации" на Балканскиот Полуостров.855

"Винер алгемајне цајтунг" (Wiener Allgemeine Zeitung), на ова стравотно сценарио не
му обрна никакво внимание. Конечно, балканскиот печат постојано уверуваше дека ед-
на таква алијанса има исклучително дефанзиван карактер, - а еден турски напад едвај
можеше да се претпостави. Света наивност!

Не мораше ли и покрај тоа Виена да реагира кога знаците предупредуваа на воена
интрига, и тоа на една војна која значеше многу повеќе од "безопасна" Балканска војна.
Беше ли Куќата на балот навистина толку глупава?

Познато е дека Австрија постојано демнеше во заседа кон Босна, според можноста,
да анектира и други турски области од европскиот континент - по можност близу до нај-
зината граница. (Конечно, "Австро-Унгарија беше ... единствената голема сила која бе-
ше прв сосед на Балканот."856). Зарем таму не лежеше Санџак кого Австрија уште 1878
год. еднаш го зазеде па потоа го напушти? Допрва ќе се согледа дека во воените плано-
ви на Русија, во име на Антантата, на Санџак му беше доделена несреќната улога на ста-
пица. Како прекинувач за оваа стапица беше на нишан Албанија. (види долу).

Никакво чудо што при ваквите va banque-игри се беше држано во апсолутна тајност.

* Колку и да беше комплексна оваа заседа, државниот секретар Фон Кидерлен-Вехтер (von Kiderlen-Wechter), сепак мора да ја 'намирисал'. Или тој доби знак? Ќе се види. Во секој случај Берлин реагираше. Ќе се навратиме и на тоа.

Колку сеопфатно дејствуваше информацискатa блокада се гледа од еден извештај на амбасадата во Константинопол од 6 октомври, со кој амбасадорот понатаму ја прос-

ледува веста од неговиот австриски колега Маркграф Палавичини (Markgraf Pallavicini), дека според турските информации "Балканската Антанта пред околу три недели е ост-варена во Париз."857 "Пред околу три недели" би значело средината на септември 1912 година. Меѓутоа, потпишувањето се изврши во средината на март! Ваквата состојба на работите повторно беше последица на една лажна информација!

Треба да се помисли:

Амбасадите на Австрија и Германија не беа известени ниту од колегите од другите амбасади, ниту пак од инаку многубројните поткажувачи, туку од Портата, која исто та-ка немаше поим - и тоа со шестмесечно задоцнување. Ударната вест можеше да се сфа-ти дури два дена пред првото објавување на војна и упатуваше на сосема погрешна тра-га, бидејќи погрешно беше поставена!

И сето ова требаше да биде аранжирано само поради интересите на балканските др-

жави? Невозможно!

Носителот на должност Фон Бил (von Biel) тие денови известуваше од Атина:

"секојдневно се очекува да започне грчко-турското непријателство."858
За тоа требаше да му се оддаде признание.

Поинаку отколку што се очекуваше, Бугарија сепак не го Презеде првиот чекор про-
тив Османлиското царство.
Дотолку повеќе што на 8.10.1912 год. Црна Гора и објави војна на Турција.

5.1.3 Елементи на тајните игри на Антантата

Во предвечерието на Балканските војни се создаде впечаток дека Големите сили преземаат разни напори да не дозволат, сепак, да дојде до избивање на кризата.

Големите сили? Тоа значеше: Сите големи сили? Да, како што се чини - или можеби
само привидно?

Општата вознемиреност околу започнатиот конфликт на "Балканскиот ориент", ка-
ко и заедничката, од сите сили водена, надворешна филантропска политика за сочувува-
ње на мирот полека исчезнуваше, бидејќи уште со создавањето на Двојниот сојуз во
1879 год. (а подоцна и Тројниот Сојуз), како и со Антантата од 1904 год., а најмногу со
Тројната Антанта од 1907 год., се случи целосен пресврт во односите помеѓу Големите
сили. Со британско-руската тајна спогодба во Ревал во 1908 год., Тројната Антанта ги
фиксираше натамошните стари англиски конкретни цели. кои Антантата решително ги
следеше се до спроведувањето на планот во дело на 31 јули и 4 август 1914 год. - и тоа со
сите расположиви средства!

Задачата и умешноста на Антатата се состоеше во тоа, и покрај неотповикливиот
стремеж за остварување на деструктивната цел, Австрија да се испровоцира да започне
војна, а истовремено да се побуди хармоничен изглед кој ќе го покрие јазот помеѓу два-
та "блока", да се израмнат разликите и да се изградат нови пријателски односи, - и тоа
долж и попреку јазовите за да се створи впечаток за клима на сорабатка и доверба по-
меѓу сите големи сили.

Под заветрината на оваа нова клима Антантата ќе го изврши својот хегемонистички
план, односно нејзината казнена експедиција.

Македонија, Тракија итн., беа целосно потребни во оваа игра, - но само како жртви
за изградбата на моќта на Антантата. Монарсите на Антантата со децении вршеа при-

тисок врз Грција, поточно врз грчкиот крал Георг (Georg), остварувањето на нивните
натамошни планови против Австрија и Германија да го извршат со жртвување на слобо-
дата на три народи, со прилагодување на балканските држави и со нивно учество во
Балканскиот сојуз. Поради ова тие бескрупулозно ги продадоа можните автономии и
независноста на Тракијците, Македонците и Епирците, а како цена за нивната "повисо-
ка" цел, на балканските држави им го префрлија започнувањето на една голема војна.

5.1.3.1 Подготвување штимунг "а ла Русија"
1.

Експонент и егзекутор на плановите на Антантата беше рускиот министер за надво-
решни работи Сергеј Д. Сасонов. Во однос на исполнувањето на планот, во почетокот
на октомври 1912 год., тој изврши посети на Англија и Франција.
Во ова време (на 1 октомври) четирите балкански држави најавија мобилизација.
Тука веќе започнува: кој ќе дојдеше на идеја да го поврзе Сасонов со ова лесноумие
на руските балкански вазали? Па тој воопшто не беше дома. Значи тој можеше да нема

ништо со ова.

Се забошотува дека тој истиот Сасонов, на 8 октомври денот кога во Министерство-
то за надворешни работи доага известувањето за објавување војна на Црна Гора против
Турција, се задржува во Берлин. (Самото мобилизирање на руските балкански вазали
веќе претставуваше преголема смелост - особено што однадвор тоа требаше да изгледа
како да е изведено без знаење, против волјата на Русија, - така што објавувањето војна
на малата Црна Гора против Османлиското царство претставуваше луд чин. Во секој

случај тоа беше изведено без заштитната шепа на руската мечка!). Не е потребна голема фантазија за да се претпостави дека Сасонов беше плански и апсолутно намерно во Берлин, за да ја одигра, во овој "критичен" момент со неговата отсутност од Санкт Петербург, руската невмешаност и индиферентност, но истовремено и да биде на неврал-гичното место, што би се рекло во лавјата челуст, за да може, во случај на потреба, да реагира. Тој на една вечера, кога неговиот домаќин му навести [Ви се молам! "навести", а не како што направи Сасонов во обратниот случај: му тресна в лице], "дека отсекогаш била опасна играта на Русија да биде '<'de patronicer l'alliance des Etates balcaniques' (патрон на алијансата на балканските држави)", и пред лицето на државниот секретар (Фон Кидерлен) изнесе:

"дека Русија стриктно им наложила на балканските држави дека нивниот сојуз не смее да
има никакви агресивни тенденции."859

И навистина државниот секретар забележа - едвај за верување - за што уште славно ќе извести (откако за него можеше само неславно да се зборува поради неговата свесно лоша намера при ненадејно избувнатата втора мароканска криза), во неговата забелешка до царот (во Роминтен) [Rominten] потпишана од рајх-канцеларот:

"објавувањето војна од страна на Црна Гора врз министерот остави видливо депримирачки впечаток", а тој попладнето уште изјави дека "не само што неодложно посакува мир на Балканот, туку дури и се надева на него."859

Добриот тој.

Треба да се земе предвид дека државниот секретар, во склад со ова, беше известен од германскиот амбасадор Фон Луциус (v. Lucius), за што тој кусо време пред тоа известуваше од Санкт Петербург дека "грижите на г-дин Сасонов околу избувнување на турско-бугарска војна (ги смета)... за искрени."860

И ден-денес боли од еден, во службата стар, искусен амбасадор да се прочита полна
со доверба и филантропска оцена за еден таков злотвор.

Оваа погрешна проценка беше резултат на дипломатската рафинираност и големата
способност за глума на рускиот министер за надворешни работи, кој конечно, го скрои
целото сценарио (со сигурност вклучувајќи го и датумот и текстот на објавувањето вој-
на од страна на Црна Гора). Уште на почетокот на октомври "Дојче тагесцајтунг" (Deu-
tsche Tageszeitung) извести:

"Кралот на Црна Гора потврди ... пред кратко време, дека не презема ниту еден чекор без
директива од Русија."861 Скоро цел месец пред тоа веќе беше дадена слична забелешка во
исто така цитираниот извештај од Санкт Петербург: "пред кратко време кралот Никола
од Црна Гора отворено изјави дека тој не прави ништо против волјата на Русија."860

Во меѓувреме, во главниот град на Црна Гора, Цетиње се случуваше речиси оперета.
Во една телеграма на пратеникот Фон Екард (von Eckard) можеше да се прочита дека
неговиот руски колега, во "строга тајност" нему му рекол:

"тој му ветил на (црногорскиот) премиер ... материјална помош ... ако остане мирен, и си-
гурно му објаснил дека, ако започне војна, Русија ќе го препушти на неговата судбина."862

Една толку злобна Црна Гора!

За поврзаноста со "пари" звучи веќе многу поприфатливо она што еден турски претс-
тавник во Цетиње, полковникот Али Риза Бег, му го раскажа на германскиот пратеник.

Тој ќе и предложи на Портата:

"на Црна Гора да и понуди парична отштета, со што можеше да се откаже од отстапува-
њето" на определени турски територии, "против што албанското племе Ругова оружено
би се спротивставило."863

(Беше ли ова политика на личен интерес? Беше ли и самиот полковник можеби еден Ру-
гова? Во секој случај името Риза наведуваше на припадност на албанската народност).

Турците вообичаено не беа толку човекољубиви и обѕирни во односот со нивните
потчинети. (Затоа сега беше предоцна). Меѓу другото, интересно е што од случката мо-
же да се издвои дека дури и во тој стадиум, крајот на септември 1912 год., не беше навес-
тена ниту мобилизација, ниту пак беше искажана една (од четирите) објави на војна, ту-
ку на прецизен начин, преку ("отстапување", "парична отштета") се зборуваше за неиз-
бежната војна.

Горе споменатиот извештај за царот, кој како страстен ловец на елени наесен прес-
тојуваше во Ромитен, беше испратен таму. (Како што се гледа овој ловечки резерват не
постоеше се до времето на Геринг [Goring] или Гомулка [Gomulka], на овие двајца и други
небројени моќници, можеби требаше Михаел Штурмер уште повеќе да им префрли от-
колку на Вилхелм II за "невротичното отстрелување на секаков дивеч", на наведеното
место, стр. 240). Според мислењето на неговите советници, Вилхелм II требаше да остане
таму за да се одбегне погрешното интерпретирање кое би предизвикало вознемиреност.

Бездруго, веќе имало панични реакции на берзите. Сеизмографски, како што берзи-
т,е реагираат, уште во деновите по официјалното објавување за мобилизација на четири-
те балкански држави, на 1 октомври најнапред во Санкт Петербург864, и Париз865 дојде
до пад на курсот. Само берлинската берза и покрај "енормната навала за продажба"
(особено голема од страна на Австрија), беше сочувана од големиот пад на курсот. Нап-
ротив, според писмото од директорот на германските банки до пратеникот во Минис-
терството за надворешни работи, баронот Фон Штум (von Stum), имаше "добри купува-
чи на пазарот, меѓу кои и ... такви од Санкт Петербург".866

Инаку, доверливоста во германското јазично подрачје беше општо распространета.
И весникот "Берлинер локал анцајгер" (Berliner Lokal-Anzeiger) се деградира од мегафонот на рускиот министер за надворешни работи, така што неговиот дописник (кој го владееше рускиот јазик) Фон Бер (von Behr) беше наполно импресиониран од "љубезноста" на "неговата екселенција Сасонов", "претставник на Царството" - при што се докажуваше како легитимен репрезент на мнозинството австриски и германски политичари и претставник на печатот - додека самиот известуваше:

"Со едно ... кревање на рамениците. државникот мислеше на пребрзата постапка на Црногорците, кои против волјата на Европа и пријателската Русија, на своја рака водат политика на воено изненадување, а напорите за мир на европската дипломатија ги прават илузорни."867

За да ја држи Русија надвор од досегот, Сасонов намерно зборуваше претежно за Европа.

Колку неподмитлив наспроти ова лицемерие на Сасонов остана царот Вилхелм! На крајот од реченицата во која обединувањето на балканските држави не смееше "да има никакви агресивни тенденции", тој напиша:

"на Русија и беше јасно дека тие ова нешто нема да го земат за сериозно."867

Зошто државниот секретар не можеше да ја препознае оваа поврзаност? И зошто не се поведе поголема сметка за размислувањето на Вилхелм II? (Беа ли ова последици од аферата на "Дејли телеграф" [Daily Telegraph]?). Во главата за Германскиот Рајх беше опишано дека во 1914 год., царот, при една многу драматична ситуација, беше изигран, во прва линија од државниот секретар Фон Бетман Х^лвег (von Bethmann Hollweg).

2.

Очигледно, координирањето во руското Министерство за надворешни работи се од-

виваше беспрекорно; беше вовлечена секоја балканска држава и си ја играше својата
улога. Ден пред тоа, амбасадорот од Санкт Петербург известуваше за веста разгласена
од министерот за надворешни работи Сасонов:

дека тој "на бугарскиот пратеник му рекол дека Бугарија не може да смета на руска по-
мош и (веќе) упатил остри предупредувања на Белград, Цетиње и Атина."868

Значи, навистина не можеше да се направи ништо повеќе за зачувување на мирот!

Вистина, Грција остана зачудувачки повлечена во заднината, но - како што многу
скоро ќе се дознае - беше следна на списокот од царот и во очекување на пленот веќе
удираше со копитата. Исто и Србија, од страна на Русија, беше третирана како вазал и
соодвстно на тоа се однесуваше како руски вазал. Дури и крајно претпазливото австрис-
ко Министерство за надворешни работи конечно насети:

"Недовербата во исправноста на руската политика... се зголемува, ако се помисли дека еден
руски службен претставник, каков што е г-дин Хартвиг. можеше со години да претстојува
во соседна Србија, целосно независен од неговата влада. Г-дин Хартвиг не беше ништо дру-
го освен панславистички агитатор, и кога би се знаело колку овој човек, кој се однесуваше
како вице-крал, ја држи српската држава в раце, во којашто не се пишуваа никакви ноти
пред нему да му се поднесат, мора да се запрашаме, дали овој официјален руски претстав-
ник не ги вмешал своите раце и во најновата фаза на српската политика."869

. Г-дин Сасонов игра двојна улога, во што тој (грофот Берхтолд) не сакаше да верува
... и на друго место од истиот извештај:

"Тој не сака да им придаде никаква веродостојност на сомневањата дека зад однесување-
то на балканските држави се крие Русија; тој многу повеќе верува во чесната мирољуби-
вост на руските државници. "869

Токму така - навистина, тој мораше да верува во тоа, но не сакаше. Кој толку кон-
секвентно постапува, всушност, може да чекори само кон пропаст.

Три недели подоцна, скепсата кај Берхтолд дури и се зголеми. Тој се уште се колеба-
ше дали министерот за надворешни работи Сасонов не сака врз него, исто како врз
неговиот наследник баронот Ерентал (Aehrenthals), интимниот непријател на поранеш-
ниот руски министер за надворешни работи Исволски (претходник на Сасонов до 1910
год.), да изврши задоцнета одмазда. Тој, исто така, се прашуваше дали не се работи за
стапица која ја постави"целата тројна Антанта на Австро-Унгарија".870

Момент на светлина. Бидејќи токму така и беше.

Беа изнесени сите препоставки за откривање на целата голема измама.

За жал ова светло подоцна згасна. Најдоцна во 1914 година.

Во поглед на високиот степен на српската зависност од Русија мораше на набљудува-
чите уште повеќе да им падне в очи дека Србија, изгледа, наеднаш потполно суверено се
постави над сите цели на Русија. Затоа, на денот на официјалното прогласување моби-
лизација на четирите балкански кралства весникот "Ное фрае пресе" (Neue Freie Presse)
во Виена со голема недоверба пишуваше:

"Како може ... да се објасни невообичаената случка, Србија, чии водечки личности од дво-
рот и владата паѓаат на колена пред Русија, да се осмели, наводно против волјата на ца-
рот, да ги мобилизира своите трупи за напад врз Турција?"871

Конечно некој што размислуваше и своето стравување и сомневање отворено го ис-
кажа.

Осамен викач во пустината ...

"Ное фрае пресе" во Виена со растечка скепса пишуваше дека од Балморал (Balmo-
ral), во времето на почетокот на кружното патување на министерот за надворешни ра-
боти Сасонов на крајот од септември.доаѓаа вести:

"дека таму се извршило збратимување на Англија и Русија за мир. Но што се случи не-
колку часови" подоцна? "Србија, која ... својата гордост ја гледаше во тоа да биде слуга на
рускиот кабинет, ... се мобилизира и започна освојувачка војна. По ваквите искуства ...
светот (имаше) малку доверба во Големите сили." Понатаму, весникот се сомневаше дека
средбата "во Балморал ја преиначи Антантата во сојуз".871

"Збратимување на Англија со Русија за мир" - пример за парада на англиско-руската
пропаганда во подготвувањето на големата војна; и пример за безбројни пароли на ид-
ните генерации лицемери и лажговци.

Најтешкото требаше допрва да дојде: дури многу подоцна, по Првата светска војна, Англија,
на пример, се извини за злогласната антигерманска кампања (германските војници ги јаделе бел-
гиските бебиња, а фрлените деца ги дочекувале на бајонети) - но истовремено се обиде да ја оп-
равда воено условената тактика.

5.13.1.1 Историски осврт (8)

Поврзување на случките околу Балканскиот сојуз со започнувањето на Првата светска војна и со прашањето за воената вина

1.

Поинаку отколку во виенскиот весник, Германците и Австријците истрајаа во нивна-
та добронамерност и притоа останаа наполно несвесни. И самите научници, подоцна, не

ги согледаа постоечките сомневања, како на пример, познатиот историчар Фриц Фи-
шер. Поради тоа што тој во своите дела не ги зеде предвид ниту тајната спогодба на
Русија со Србија и Бугарија од 1911 год., пред основањето на Балканскиот сојуз, ниту
пак ги вреднуваше англиско-руските средби во Ревал од 1908 год., во неговото историс-
ко видување мораше да дојде до погрешно толкување со тешки последици, и безуслов-

но, слепо да верува872 во објавените информации за средбата Сасонов/Грej во Балморал
во септември 1912 год., наместо да бара "приказна зад приказната" (story behind the story).

Смее ли да се пишува историја во која објавените текстови од печатот без критика се
преземаат како вистинита состојба на работите?

Впрочем, Фишер се наога во добро друштво: исто и правникот Херман Канторовиц
(Herman Kantorowicz) ниту еднаш не го обработува Ревал во неговата книга со важен нас-
лов "Духот на англиската политика и сеништето на опкружување на Германија" (Der Ge-
ist derengischen Politik und das Gespenst der Einkreisung Deutschlands) (Берлин 1929 год.), и не
успеа според еден детаљ кој практично вреска, каков што е англиско-руската средба во
1908 год., да го потврди или само да го изнесе стравот на Германците од англиско-руско-
то опкружување, кое подоцна се покажа како наполно точно и според тоа го оправдува-
ше претходното стравување. Всушност, тој ја спомнува средбата (стр. 389 и 228), но на
својот непобедлив начин тој ги цитира двата службеника, репрезентите Хардинг и Ис-
волски, за да "докаже", со самото спомнување на овие чесни луѓе, дека "<овие гласини>"
за опкружување се бесмислени.

Па, ако е така ...

За жал, исто и Ханс Херцфелд, 30 години подоцна (по Канторовиц), во неговото стандардно дело "Модерниот свет" (Die moderne Welt), не се осврна на заднината на сред-
бата во Ревал. Вистина, тој подвлекува дека со англиско-руската Антанта во 1907 год.
"настана предусловот за позитивно заедништво", но ги сведе "можностите за ова разви-
вање ... помеѓу Англија и Русија" на тесно ограничени, како во англиско-францускиот
случај (во 1904 год.)873 - и ја процени состојбата исто како и дел од современите полити-
чари. (Спореди ги и изложувањата за Херцфелд, горе под бр. 5.1.1 и 5.1.3.4). Познато е
дека и Фон Холштајн (von Holstein) и се посвети на лажната надеж за несовладливите
разлики помеѓу Англија и Русија.

Херцфелд во никој случај не беше сам; дури и англиската страна имаше слично мис-
лење. Нил Фергусон го цитира либералниот политичар сер Чарлс Дилк (Sir Charles Dil-
ke), кој во 1888 год. како предизвик за Англија, ги виде "само Русија и Франција" како
можни непријатели:

• "Помеѓу нас и Франција секогаш одново има разлики, а помеѓу нас и Русија, сосема извес-
но еден ден ќе има војна."874

Токму на оваа заблуда (веројатно предизвикана од Англија), и подлегнаа многу наб-
људувачи во Германија. Фергусон (Ferguson) ја потврдува оваа погрешна процена и пи-
шува за карактерот на тогашната констелација:

"Ако воопшто може да започне војна што би ја предизвикал империјализмот, тогаш тоа е
војната помеѓу Велика Британија и Русија, што во 1870-те и во 1880-те години не започна.
Или, тоа беше војната помеѓу Велика Британија и Франција, што во 1880-те и во 1890-те
години изостана. Конечно, овие три сили беа вистинските империјалистички ривали ...
Малку современци во 1895 год. би се осмелиле да предвидат дека нема да минат ниту 20
години, а тие ќе се борат во војна на иста страна."875

Само Роберт К. Мејси (Robert K. Massie) го спомнува Ревал во својата книга, која из-
лезе точно 30 години подоцна, за воените бродови Dreadnought и почетоците на Првата

светска војна, но не и постоечката зависност помеѓу Ревал (или Балморал) и Првата
светска војна.

Како и да е, во списокот на учесниците на средбата во Ревал, Мејси ја вбројува и го-
лемовојвотката Олга - но во секој случај не ја доведува во врска со Грција. Не еднаш,
Мејси ја напоменува нејзината "функција" како сопруга на Георг I, значи како кралица
на Грција."876

Кога една фаланга високи претставници на историските науки не ја забележуваат
средбата во Ревал, треба да се размисли. Ова наведува на сомневање дека Ревал, како
место на една билатерална средба од највисоко ниво за планирање на Првата светска
војна, можеби сепак го немаше истото судбинско значење што се докажува за Македо-
нија (поради грчката експанзионистичка политика).

Следствено, мора да заклучиме дека средбата во Ревал можеби не мораше да биде,
пресудна случка за натамошните планови на Антантата наспрема Германија и Австрија.
Договорот за заеднички воен настап против Германија (заобиколно, преку Австрија),
можеше да се постигне, исто толку добро и на друго место и во друго време, а да не на-
веде на истите траги за извршување на чинот. Фактички, некои зборуваат за тоа дека
основата за англиско-руската спогодба не се заклучи во јуни "1908 год. во Ревал, туку мо-
жеби уште во 1907 год., (на маргините на договорот за т.н. "тројна Антанта", кога најве-
ројатно се работеше само за разјаснување на колонијалните прашања), или уште пора-
но, во соодветните подготвителни преговори, значи во 1906 или дури во 1905 год., однос-
но, во разговорите за последиците од Кордијалната Антанта во 1904 година.

Ке беше исто така прифатливо, ако Едвард II (Edward II) и министерот за надвореш-
ниработи Грej (Grey) не го насочеа кон мелницата на антигерманската коалиција, најна-
пред, негодувањето на царот за ненадејната анексија на Босна од страна на Австрија на
почетокот на октомври 1908 год., а потоа и бесот на понизниот руски министер за над-
ворешни работи Исволски (веројатно!) поради подлата неверност на Ерентал (спореди
горе бр. 4.2.6 и во овој оддел бр. 4.).

Меѓутоа, независно од времето (и местото) на спогодбата за заедничко дејствување
пресудните траги за причините за почетокот на Првата светска војна водат кон Англија:

Конечно, не беше многу одамна, кога англискиот весник "Сатардеј ривју" (Saturday

Review) во септември 1897 год. во вознемирувачката статија Германија треба да се
уништи" (Germania esse delendam), (за жал така стои во текстот), пишуваше:

"дека секој Англичанец ќе биде побогат ако згасне (исчезне) Германскиот Рајх."877

(Само неколку години подоцна амбасадорот Фон Метерних (von Metternich), во својот извештај
за посетата на кралот Едвард VII во јули 1904 год., направи општоважечки приказ за влијанието на
печатот врз јавното мислење во тогашна Англија:

"Англичанецот, и оној образованиот, е склон да прифати дека неговото месечно списа-
ние не врши никакво политичко влијание, затоа што само малкумина го читаат. Јас не-
мам такво мислење. Од малкумина излегува импулс кој се пренесува на мнозинството."878

Парафразирањето на специјалниот цитат од тогашната "Сатардеј ривју" од страна на
англиските научници, овозможува битно олеснување за денешните автори бидејќи Гер-
манецот за време на последните децении не смееше да си дозволи да прими ваква штет-
на забелешка од пријател и сојузник. Таа веднаш ќе се означеше како злоупотребена
поради недозволената употреба на аргументот "зарем и ти" (tu qouque). Секаква дискуси-
ја за интрига или недело, а не пак за злочин од негерманска страна, од зад удобниот заш-
титен ѕид од злосторниците на нацистичкиот режим, веднаш ќе беше прекината (исто

како и во Првата светска војна), како обид за симнување од врат или барем за редуцира-
ње на исклучиво германската вина. Откако британскиот историчар Фергусон (Ferguson)
пред неколку години, сепак, покрај ова, за германското јазично подрачје, невообичаено
"откритие", објави и други релевантни резултати од истражувањата на причините за из-
бивање на Првата светска војна, се покажа дека преземањето на одредени цитати може-
би е непроблематично.

Тие се покажуваат уште поитни откако канцеларот на Сојузна Република Германија
во 2002 год. патем (en passant) ја презеде вината за двете Светски војни исклучиво врз
Германија.

Не треба да остане неспоменато дека Штурмер уште во 1983 год., во неговото високо
оценето основно дело ја спомена излитената изрека како англиска девиза: "Germaniam
delendam esse" (на неведеното место, стр. 333).

Зачудува тоа што кај Фергусон за англискиот министер за надворешни работи, сер
Чарлс Грej, се чита дека уште во 1902 год. го застапуваше гледиштето "дека Велика Бри-
танија треба да се ориентира против Германија."879 Една година подоцна тој дури вели:

"Јас дојдов до убедување дека Германија е нашиот најлош непријател и дека таа прет-
ставува најголема опасност." Консеквентно, во 1905 год., значи уште пред неговото вле-
гување во владата, наспроти еден член на либералите во парламентот, тој додава дека
во случај ако "нас, која и да било влада" не одвлече "во германската мрежа", "јас ќе сто-
рам се што е во моја моќ да се борам против тоа."879

По неизгласувањето на владата на Балфур (Balfour) во октомври 1905 год. владата ја
составија либералите. Фергусон ги означува премиерот Асквит (Asquit), министерот за
надворешни работи Грej и министерот за одбрана Халдejни (Haldane) како "de facto импе-
ријалистичка Влада."880

За ова тој веднаш настапува со доказот дека "плановите за морската блокада против
Германија, подразбирливо беа" формулирани уште во 1905 год., наспроти тоа што "гене-
ралштабот дури до септември 1905 год. за прв пат сериозно (помисли) во случај на војна
помеѓу Франција и Германија да испрати <моќна воена експедиција> на Континентот со
што ќе се поставеше проблемот за неутралноста на Белгија".881 На друго место, особено
во однос на последно наведената комплексност, Фергусон резимира:

"Ако Германија во 1914 год. не ја повредеше белгиската неутралност, тогаш тоа ќе го
стореше Велика Британија. Ова доведе до тоа, високо ценетата надмоќ на британската
влада во борбата <за белгиската неутралност> да се појави во друга светлина.'882 (!)

Веднаш по стапувањето на власт на владата на либералите, се изврши англиско-француска воена средба за истоварување воени сили и веќе "во февруари 1906 год. ан-
гло-француските преговори беа далеку одминати, бројот на војниците што генералшта-
бот вети дека ќе ги испрати на военото поле се покачи на 105. 000, а раководните офице-
ри ... веќе започнаа <вооружените судири> со Германија да ги сметаат за неизбежни."883
(Исто и Штурмер, стр. 333).

Исто така и пречката што Грej, во својот говор во ноември 1905 год. на прашањето
за Мароко, ја постави за Германија (Германија мора, како што известуваше Метерних,
"без проблеми да ја проголта француската политика за Мароко"884), според горното гле-
диште се покажува поскоро како мерка за спречување отколку за унапредување на по-
литичкото решение со Германија.

Ова објаснува зошто тогашниот француски премиер Делкасе (Delcasse), кој падна
токму поради првата Мароканска криза, од гнев поради пропаѓањето на неговите воени

планови против Германија (бидејќи кабинетот сепак го изгласа германскиот предлог за
конференција), преку весникот "Матен" (Matin) изнесе индискреции за англиската сог-
ласност:

Англија "во случај на германски напад ќе ја мобилизираше својата флота, за да го освои
Каналот-Кајзер-Вилхелм и ќе истовареше 100.000 луѓе во Шлезвиг-Холштајн (Schleswig-
Holstein)." За да настане оваа ситуација тој беше за "одбивање" на германскиот предлог за
одржување конференција за (првата) Мароканска криза."885

Како што пишуваше во своето, веќе споменато, новогодишно писмо во 1905 год. до
рајх-канцеларот, кајзерот Вилхелм II му оспори на лондонскиот банкар Бејт дека ова не
беше "само една смешна закана"... туку дека "со оглед на колосалната бројна надмоќ на
англиската флота" ќе беше "мошне добро изводливо" (Фон Билов, стр. 394). Уште прет-
ходната година Вилхелм се согласи со проценката на неговиот шеф на адмиралштабот,
дека "во ноември 1904 год. започнатите (англиски) морски преместувања ја гледа како
подготовки за војна, а не како обични дислокации" (исто стр. 195).

Се чини, вреди да се повтори укажувањето дека оваа случка се одигра помеѓу 1904 и
1906 год. и уште тогаш фрли јасна светлина врз долгорочното англиско планирање на
војна против Германскиот Рајх!!

Фергусон оди понатаму:

Грej беше едвај половина година во служба, а веќе ја играше главната улога при преус-
тројството на Антантата со Франција", што всушност како "обид за регулирање на вон-
европските конфликти, доведе до основање на еден вистински дефанзивен сојуз.'1886 Зна-
чи, точно како што тој неколку страници пред тоа формулира: Грej бараше ... развивање
на воено <дополнување> на англо-француската Антанта" (на наведеното место, стр.99).

Според тоа, исто и уверувањето од страна на Грej на амбасадорот Фон Килман (von
Kuhlmann) на крајот од 1912 год. дека "најважниот интерес на Англија е одржување на
мирот помеѓу Големите сили од што, во никој случај, не следат специјални права ..."887 не
е знак за фер-плејот кој Англичаните со задоволство за себе го бараа, туку уште еден
лажен маневар, така што вака означените гестови за "смирување" во извештајот не вре-
деа ни пет пари. (Консеквентно, државниот секретар Кидерлен остана резервиран и го
упати амбасадорот на попретпазлива скепса).

На ова место, од германско гледиште, треба да му се противречи на Хенри К. Мejер

(Henry C. Meyer) кој ја одобруваше стабилноста и остриот слух на англиското Министер-
ство за надворешни работи:

"искрено да се настојува да се води сметка и за германското гледиште."888

Искрено? Беше ли искрено, улогата на Бухман (Buhmann) заради поедноставување
на работите да му се прикачи на заменикот Ајри Кроу (Eure Crowe), кој ги објави "надво-
решно-политичките намери на царска Германија" извлекувајќи ги не од владата туку од
"избезумениот од бес севкупен германски печат", а тогаш и самиот англофил (за да се од-
бегне поимот "англоман") Канторовиц не можеше, а да не ги означи како непријателски
кон Германија? (Се чини дека институцијата брак не може да послужи за разбирање по-
меѓу народите. Кроу беше оженет за Германка. Исто и неговата мајка беше Германка!).

И што вели Канторовиц за Грej?

Му беше омилено на сиот глас да ја истакнува "целосната подготвеност за мир",а на
друго место "нескршливата чесност" на овој политичар.889 '

Од друга страна, министерот за надворешни работи Грej во тие години беше многу
популарен и покрај сите прикривачки и заведувачки забелешки според коишто [Фергу-

сон го означува како "енигматичен". На друго место тој ја споменува "тактиката на Грej
како добро промислена двозначност." (на наведеното место, стр. 202)], за разлика одне-
говиот руски колега Сасонов кој, според околностите, се изразуваше прилично јасно и
недвосмислено. Уште во јануари 1906 год. тој му рече на германскиот амбасадор во Лон-
дон грофот Метерних:

Во случај ако, на пример, Франција, поради Мароко западне во тешкотии, "во Англија
расположението и симпатиите за Франција би биле (...) толку силни што за секоја влада ќе

биде невозможно да остане неутрална" (во продолжение на наведеното место, стр.101).

Едно слично чесно предупредување повтори Грej, кога тој, во почетокот на декември
1912 год., значи, за време на примирјето на Првата балканска војна во Македонија, на
германскиот амбасадор му даде до знаење дека Германија:

"при една континентална војна не може да смета на неутралноста на Велика Британија.'1890

Исто и Фриц Фишер дава повеќе вакви цитати и тоа од времето на службата на Вој-
водата Лихновски (Lichnowski) како амбасадор во Лондон (значи на крајот од 1912 год.),
кога Министерството за надворешни работи постојано предупредуваше:

"дека англиската политика, >за да ја задржи донекаде рамнотежата на групациите, под
никакви услови нема да допушти пораз на Французите (како оној во 1871 год.)<." "Англи-
ја не сака себеси да се види ... во една континентална групација под раководство на една
единствена сила." ("Зафаќање по светската моќ"... стр. 33).

Ова можеше да биде националистички, токму шовинистички; а сигурно беше и им-
перијалистички и се друго освен праведно; а можеби дури не беше ниту паметно [во се-
кој случај Фергусон доаѓа до резултатот дека англиското раководство во неговата пат-
риотска надуеност, на крајот се обложи на погрешниот коњ. Затоа насловот на негова-
та книга е "Погрешната војна".], - но тоа беше јасно, дури безобразно јасно! Значи, бе-
ше апсолутно недозволиво и непростливо тоа што кајзерот Вилхелм и германското ра-
ководство нереално, скоро детски, до крајот се потпираа врз спротивните надежи ...

(Ф.Фишер неуморно со право постојано потсетува на илузиите на Фон Бетман во
поглед на никогаш остварената наклонетост на Англија кон Германија. ("Светска сила
или ...", стр. 54 фф.)

Прашањето кое според авторот тука се поставува (а кое авторот во својата сепак "споредна улога" не ќе може да го обработува), е тоа дали Англија, дури и во случај на

можно разумно повлекување на Германците, не беше веќе до таа мера длабоко заплет-
кана во своите уништувачки планови ("... delendam esse"), што во секој случај ќе истрае-
ше во својата империјалистичка традиција против Вилхелмовиот Германски Рајх, - се
разбира под изговорот дека е принудена на војна (како пред 1914 год. со нејзината крн-
тија "Франција"). - Тој мисли - да.

Според впечатокот на авторот, "Ревал" првенствено се покажува, покрај се, како раз-
јаснување за планската спогодба помегу Англија и Русија, но не и конечно само како тоа,
затоа што Антантата премногу грчевито, постојано - и без причина - се обидуваше да го
оспори постоењето на спогодбаша за опкружување на Германија. Оттаму, за одредницата
"опкружување" неопходно е укажувањето на некои извори. Токму при проверувањето на
расположливите англиски извори насекаде беше потребен овој напорен труд.

Сер Артур Николсон (Sir Arthur Nicolson), англиски амбасадор во Санкт Петербург
(познат по своето непријателство кон Русија - тоа беше тој што ја оствари англиско-рус-
ката спогодба во 1907 год.), се разбира, зеде учество во средбата помеѓу кралот Едвард
VII и царот Николај II во Ревал на 9 и 10.6.1908 година. Во неговиот предлог-извештај

тој спомнува (како што подоцна неговиот син сер Харолд Николсон [Sir Harold Nicolson]
воедна книга го цитираше), дека германскиот печат, како основа и резултат на средба-
та, сакаше даја види тајната спогодба "за опкружување и изолација на Германија" (for the
encirling and isolation of Germany).891

Артур Николсон тоа го одрече. Двата суверена во никој случај не дискутираа за по-
литички теми, се работеше за една чиста семејна средба. Државниот секретар Хардинг
си разговараше:

"со рускиот министер за надворешни работи Исволски за реформските прашања во Ма-

кедонија и некои други работи, но не беше ништо дефинитивно заклучено."

Сосема очигледно Македонија се постави како централна тема на интернационал-
ната политика во тогашната епоха што без сомневање ја направи итно потребна средбата на монарсите на Балтичкото Море (Ostsee)!!

Синот Харолд во својот сопствен писмен коментар ова го виде малку поинаку:

Навистина беше наполно точно дека во Ревал не се заклучи никаква спогодба [де-
мек?], но исто така е вистина и дека присуството на рускиот премиер Столпин (Stolpun)
и министерот за надворешни работи Исволски како и, од англиска страна, покрај Артур
Николсон и Хардинг, на двете највисоки воени лица на армијата и морнарицата, Френч
(French) и Фишер (Fisher), неодминливо предизвика сомневање дека, сепак, оваа средба
мораше да биде нешто повеќе отколку само едно семејно дружење.891 А една страница
подолу, Харолд Николсон продолжува:

"Затоа и не е чудно што Германците, кои релативно мирно ја примија англо-руската кон-
венција, беа алармирани од средбата во Ревал. Дури и еден толку претпазлив и ослобо-
ден од предрасуди историчар како Ерих Бранденбург (Erich Brandenburg) го фиксира Ре-
вал како пресврт во европската дипломатија <fixes upon Reval as a turrning-point in European
diplomacy" (на наведеното место, стр. 275).

Со сосема слични зборови Алфред Штегер (Alfred Steger) ја опишува реакцијата на
историчарот и публицистот Ханс Делбрик (Hans Delbruck):

Иако овој "склучувањето на англиско-рускиот договор во 1907 год. го коментираше дури
со извесен истраен оптимизам и по заедничкото пристигање на Едвард VII и Николај II во
Ревал во јуни 1908 год. тој пишуваше вака: што треба да претставува тоа очигледно оп-
кружување на Германија?> ..."892

За одговорот на Делбрик на прашањето што самиот го постави ќе стане збор подоцна.

Антигерманската политика не остана незабележана кај Аршур Николсон. Рајх-кан-

целарот Фон Билов пишува дека нему не можеше да му се провлече тоа што Николсон:

"ги поттикна Русите не само против Австрија, туку многу повеќе против Германија, а
притоа за сомневањето во нашите намери не штедеше на интриги и клевети." "А кралот
Едвард со притаена насмевка ја гледаше оваа игра дури и ја одобруваше и ја поттикнува-
ше.... Нему не ќе му беше ништо помило отколку да види раздор и недоверба помеѓу две-
те големи северни царства."893

Слично произлегува и од еден запис на државниот секретар Чарлс Хардинг за сред-
бата во Ревал, каде што тој, иако на почетокот вети дека сака само накусо да извести, се
вдаде надолго и нашироко за "реформите во Македонија" (!!) и постојано, скоро и без
никаква поврзаност, се навраќаше на оваа одредница, и иако во меѓувреме третираше
сосема други теми за кои зборуваше со министерот за надворешни работи Исволски, ка-
ко на пример, Персија, Авганистан, Багдадската железница, Крит итн., итн., тој како да
придаваше значење на тоа името Македонија постојано да се повторува за да се создаде

впечаток дека Македонија е црвената нишка која се провлекува низ целиот текст, низ
преговорите и, следствено, низ самата средба во Ревал.

Намерата лесно се прозира: конечно, општата незаинтересираност на Германија за
Балканот беше одлично позната, така што можеше да опстои надежта, со постојаното
подвлекување на темата "Македонија" да се успие германската недоверба и да се одвра-
ти од главната тема на средбата.

Па сепак, на неговата хартија се спомна и германската чувствителност, која е регис-
трирана во врска со посетата на англискиот крал на Ревал. Токму поради неа минисите-
рот за надворешни работи Грај во својот последен "кус говор во Долниот дом" веќе заг-

рижено (!) строго заклучи "дека во Ревал не беа предложени преговори за каков и да е
нов договор или конвенција" (that it was not proposed to nagotiate in any new Treaty or Convention
at Reval) - забелешка што тој специјалноја внесе во својот говор за да и ги заштеди проб-
лемите на Русија што поради средбата во Ревал можеше да ги има со Германија.894

Колку љубезно од г-дин Грej!

Истото осврнување во сопствено, англиско име за Грej ќе се покажеше наполно про-
машено, затоа што немаше да и доликува на светската сила Велика Британија, која Ал-
берт Ритер (Albert Ritter) во почетокот на дваесеттите години ја означи како "Светска
Британија."895

Оваа тема е премногу важна за да не дозволиме и еден политичар од спротивната
страна да дојде до збор. XXI глава од вториот том на мемоарите на (во меѓувреме екс-)
рајх-канцеларот Фон Билов започнува со значајната реченица:

"Треба да се разгледа и да се даде осврт на средбата што стои во средиштето на политич-
ките збиднувања во 1908 год., а која на 9 и 10 јуни (кај месецот "јули" во оригиналот се ра-
боти за печатна грешка) се одржа во Ревал помеѓу кралот Едвард и рускиот царски пар.
Не е потребно да кажам декај ас не се двоумев „. за импликациите ... и за можните тешки
последици."846

Според ова, рајх-канцеларот го виде - барем отпосле - "Ревал" како толку решавачки
за судбината на Германија, што во неговите очи најверојатно уште повеќе тежеше од,
на пример, Младотурската револуција и австриското анектирање на Босна (!) во октом-
ври 1908 година. .

Во секој случај, Фон Билов не го постави тежиштето како кајзерот Вилхелм, врз очигледното опкружување на Германија. Ова е лесно да се објасни бидејќи тој го заста-
пуваше гледиштето - кое од него го наследи ценетиот Бизмарк - дека Германија со
договорот во Верден (Verdun) [се мисли на договорот во 1880 год., а не во 1843 год.], веќе

беше опкружена.897 .

Тој многу повеќе го насочи вниманието кон "заострената спротивставеност" на Руси-
ја кон Австрија - а со тоа и кон Германија -, откако не успеа руската експанзија на Да-
лечниот Исток врз Јапонија. Поинаку е кај неговиот современик Ханс Делбрик, кој пос-
ледиците од "цушима" (Tsushima) врз германската позиција ги истражуваше во севкупна-
та европска поврзаност. Делбрик, како што го цитира А.Штегер, јасно ги разработи
последиците на рускиот пораз - и доследно жалеше што:

"<се додека Русија уште стои исправена, се чини дека рамнотежата помегу Големите сили
во секој случај ќе биде одржана>; но како <најважна последица од Руско-јапонската војна>
треба да се стравува "дека Германија ќе се прикаже како најголема општа опасност."898

Точната анализа во поглед на "враќањето" на поразената Русија кон Европа во врска
со долгорочното делотворно укинување на руско-англискиот антагонизам во однос на
прашањето за морскиот теснец, на конференцијата за Црното Море во 1871 год., овоз-

можи, уште многу пред тоа, да се препознае кои параметри ќе се утврдат во идните гер-
манско-англиски односи.

Севкупните надворешно-политички мерки на Англија, се до избувнувањето на поса-
куваната, од британската влада како итно неопходна, (светска) војна, заради повторно
воспоставување на поместената рамнотежа, почиваат врз овие сознанија, значи не нав-
раќаат на случувањата во далечната Источна Азија.

Рано видување на "глобалната" меѓузависност преку Ханс Делбрик!

Овде останува неспоменат фактот дека Англија веќе една генерација, значи од обе-
динувањето на кралството, ја гледа Германија како пречка за мирот, бидејќи им нанесу-
ваше штета на англиските претстави за "рамнотежа" во Европа (види долу).

Од аспект на австриско-руските врски, Фон Билов предвиде (како и мнозинството европски политичари), дека интересот на Русија нужно, повторно ќе се насочи кон Балканот, меѓу другото тоа значи кон Македонија. Затоа рајх-канцеларот можеше да ги извлече македонските реформи, во Ревал само предложени. преку вреднување на реалноста, особено што тој припаѓаше на оние политичари кои се потпираа врз (несомнено наметнатите) аргументи (уште подобро: паднаа на финтата) дека "Турската ревулоција" "делумно е предизвикана од реформистичките планови за Македонија кои во Ревал ги најавија Русија и Англија."899

Според сета веројатност, стварноста беше ваква: ако во јуни 1908 год., во Ревал навистина - барем на маргините (како храна за печатот и маневар за изигрување на Германците) - не се преговараше само за плановите за поделба [што може да се докаже], туку и за реформите во Македонија, тоа во секој случај се случи четири месеци подоцна, по Младотурската револуција, кога се изготвија сите потребни планови во поглед на реформските разубавувања. Затоа што рускиот министер за надворешни работи Исволски и во наредниот период не престана неуморно и постојано да ги преместува ваму-таму шаховските фигури, а тој самиот ги даде доказите дека притоа се работи само за материјал за игра.

Покрај тоа рајх-канцеларот стравуваше од конкретни австриско-руски несогласувања како последица на, поврзано со Младотурската револуција, "поткаструваѓето на моќта на султанот" (на наведеното место, стр. 325). Рајх-канцеларот беше свесен за ризикот дека Виена "заради нејзиниот голем интерес на Балканскиот Полуостров ...", беше "... изложена на опасноста од конфликтот со силите на Антантата" (на наведеното место,стр.327).

Од гледиштето на спротивставените страни, значи, мораше да следи дека Антантата

дејствуваше наполно решително кога промислено го одбра Санџак како нагазна мина за
да ја вовлече Австрија на Балканот најнапред во мала, а заедно со Германија автоматс-
ки, во голема војна (види долу).

Оттука не може да се одбегне одредена критика кон рајх-канцеларот: со оглед на
постојаната внимателност на војводата Билов не може а да не рагистрираме со жалење
дека тој - токму поради неговата почит кон Бизмарк, (исто како и поради неговото
скептично вреднување и на најмалата забелешка за хабзбуршката двојна монархија во
Двојниот сојуз) - посвети уште поголемо внимание на едно прашање, ако не и на те-
жиштето на Бизмарковата надворешна политика, имено, на задолжителното одбегнува-
ње на изолацијаша на Германија. Конечно, тој самиот доволно често пишуваше за тоа
дека "опкружувањето" (the encircling) и (and) "изолацијата" (the isolation) на Германскиот
Рајх со децении беше и остана централна грижа на политиката на Англија.

Рајх-канцеларот упати циркуларно писмо до кралските пруски мисии во Германија
за да ги смири духовите и покрај "сериозната ситуација". Исто така и ова барање нема да
биде толку убедливо. Неговите примери влијаат врз набљудувачите повеќе небаре Гер-
манците работеа на сите рамништа за да не се реализира значењето на "Ревал" во него-
виот вистински обем, рускиот министер за надворешни работи му објасни на германски-
от амбасадор во Санкт Петербург, пишува Фон Билов:

"дека во Ревал, во никој случај не се преговараше за други прашања освен за оние кои се
однесуваа на минатогодишната англиско-руска спогодба ... а најмалку за нешто ... што би
можело некако да се насочи против Германија ... подоцна Исволски преку неговиот шеф
на одделот ... во Берлин, уверуваше дека средбата во Ревал не промени апсолутно
во германско-руските односи."900

Не можеше да биде повпечатливо!

Исто така и на министерот за надворешни работи сер Едвард Грej во Лондон испушти: "дека во Ревал не беше ништо договорено или испланирано против Германија"
(на наведеното место).

При ваква банална невиност требаше Германија да нема основа да стане недоверли-
ва!?

Едно оправдување за оваа недоверба може да се изведе од еден несомнен доказ од да-
дениот извештај на српскиот министер Пашиќ дека кралскиот пратеник Д.Поповиќ на
12.3.1911 год. од Санкт Петербург, за руските стари врски испрати, со назнака дека дури
и царот на 11 јуни, значи веднаш по средбата во Ревал, на царот во Потсдам (Postdam) му
испрати телеграма со содржина "дека средбата <апсолутно ништо> не промени во поли-
тичката ситуација."(исто)

Колку далекусежни мораше, всушност, да бидат плановите против Германија во Ре-
вал штом царот Николај точно една година подоцна во јуни 1909 год., кога повторно се
сретна со германскиот цар на финските Карпести Острови, му даде "чесен и свет збор"
дека тој нема да излезе во пресрет ниту на Франција, ниту пак на Англија за барање чија
острица е насочена против Германија... или за пројавена намера против Германија".901

Дали Николај пет, односно осум години подоцна се уште можеше да се сети на оваа
света заклетва? (Или мора да се појде оттаму дека всушност мирољубивиот цар од својата
влада и од својата војска - се мисли, на пример, на општата мобилизација на крајот од јуни
1914 год. (види долу бр. 5.1.3.4) - беше исто така изигран како и кајзерот Вилхелм?).

И неговиот неуморен министер за надворешни работи Исволски, преку државниот
секретар на Министерството за надворешни работи баронот Шон (Baron Schon) порача:
"да се посредува во уверувањето дека руско-англиската спогодба се однесува исклучиво
на познатите централно-азиски прашања ... Тој сакаше ... неговата спогодба со Англија

(да не) создаде острица против Германија. Тројната Антанта е пронајдок на печатот."901

Не требаше да се верува во ниту еден збор од овој бессовесен интригант!

А кралот Едвард? Остана со скрстени раце? Во никој случај.

Во август тој замина во Ишл (Ischl), каде што кралот Франц Јозеф (Franz Josef) пре-
стојуваше на бања. Фон Билов пишува:

»"Моето циркуларно писмо од 25 јули 1908 год. ..." [кое исто така беше пратено и во Вие-
на], "во себе содржеше дека неговото кралско и апостолско Височество, кога како завод-
ник, на 13 август во Ишл му се приближи кралот Едвард. пружи поголем отпор отколку
нашата прва жена Ева на змијата во рајот."902

Овој англиски обид за вадење беше залуден, но подоцна, во Првата светска војна тој
сосема поприми австриски карактер и, со задоволство му беше припишан на Германски-
от Рајх (одмазда за Садова [Sadowa!]).

На ова место Канторовиц е исклучително подготвен да помогне, набројувајќи цела
низа натамошни термини на кои беше подложен Едвард VII при слични "подметнати"
барања од Франц Јозеф, како во 1903 год. во Виена, во 1904 год. во Мариенбад (Marien-
bad), така и во 1905 и 1907 год. во Ишл - но, се разбира, Канторовиц ги отфрла овие оби-
ди за вадење како "дворски гласини"! ("Духот на англиската политика ...", на наведеното
место, стр. 393).

Обраќањето кон библиската метафора на Фон Билов се вклопуваше во сликата која
тој за англискиот крал ја наслика на едно друго место:

"Едвард VII... беше вешт подготвувач на отрови." Во април 1905 год. тој стори "се што бе-
ше во негова моќ, за да го влоши германско-францускиот спор (во прашањето за Маро-

ко), како и три години подоцна кога ревносно настојуваше за време на босанската криза
да ја поттикне Русија против Германија" (на наведеното место, стр. 114).

Во врска со последната поврзаност Фон Билов пишуваше:

"Едвард VII... за време на целата босанска криза напорно се трудеше да долее масло на
огнот. Неговата желба за политички интриги и неговиот талент за мешање политички
отрови се покажаа во најсилното светло" (на наведеното место, стр. 399).

Своевремено Фон Билов запиша едно очигледно образложение за ваквото нападно
држење на кралот:

Едвард имаше"... внатрешна одбивност кон Бизмарковата силна и моќна Германија и от-
ворено ја покажуваше за време на германско-данската, пруско-австриската и германско-
француската војна" (на наведеното место, стр. 30).

Особено антигерманскиот став на Едвард за време на германско-данската војна едвај
може да се преболи, бидејќи беше помината само една година откако Едвард како прес-
толонаследник се ожени со убавата данска принцеза Александра (Alexandra), која нико-
гаш не престана да агитира против победникот од рововите во Дипел (Duppel). Се насе-
туваше дека нејзиното женско влијание, исто така и при следните прилики - Кенигрец
(Koniggraz) и Седан (Sedan), беше земено како пресудно против Германија... Од друга
страна, сплетките на Александра кај Едвард во никој случај на паѓаа на неплодно зем-
јиште, бидејќи тој како престолонаследник уште во 1874 год., значи уште и пред надуе-
ната криза за "војна на хоризонтот", се истакнуваше со избрзаните антигермански пре-
дупредувачки писма на француска адреса (случката што Џорџ Ф. Кенан [Оеог§ Р. Кеп-
пап] подробно ја опиша)! Од своја страна Едвард се уште не можеше да има одбивност
кон неговиот внук Вилхелм (II), бидејќи овој имаше само 14 години. (Веројатно Едвард
него, заради неговите тешки детски и младешки денови, поскоро би го жалел). Значи,
својата омраза мора да беше против, пред неколку години обединетиот, Германски Рајх,

во што Едвард (кој и самиот неговата сестра Викторија, мајката на Вилхелм ја нарече
"Кобургер", речиси Германка), уште од почетокот виде растечки конкурент на Англија..

Во својот горенаведен циркулар рајх-канцеларот за секој случај внесе:

• "Не бевме ли ние (исто) ... поттикнати, на средбата во Ревал ... да и придадеме карактер
на непосредна закана за нас и за Австро-Унгарија, така што тоа постана кобна грешка,
не требаше ли да согледаме во божем доверливото кон нас дадено уверување дека,... до-
тогаш се уште неоформената и нејасна Антанта и спогодбите се доближуваа до конкрет-
но сојузништво ..." (Последната половина од реченицата во оригиналот е отпечатена со
прекин).903

"можеби... таа немаше да се двоуми против нас да стане и агресивна, а по можност и да не
скрши ако имаше доверба во својата сила" (исто таму).

За да ја стекне оваа доверба Англија долго однапред работеше:

Постоеја познатите договори со Франција и Русија. Покрај тоа Лондон навремено
постигна договор со Јапонија (и тоа уште пред рускиот пораз од Јапонија, имено во 1902
год., од каде што се гледа дека англиските воени планови против Германскиот Рајх.досе-
гаат далеку во XIX век). Понатаму, Англија, мора да се признае, мудро предвидено, пре-
цизно, со реалистички процени, постојано ги подобруваше своите врски со Канада и Со-
единетите Држави, иако нивната тогашна агресивна "колонијална политика" (се мисли,
на пример, на Филипините, Порторико, Хаваи и Куба) во никој случај не и се допаѓаше.
Како што произлегува од еден извештај на грофот Фон Метерних, министерот за надво-
решни работи Грej, пред германскиот амбасадор уште во 1904 год., ги бранеше, со малку
изнасилен аргумент:, "основите на надворешната политика кон кои цела Англија сака да
се придржува" како нешто што се разбира само по себе"904

Конечно, Англија ја разви стратегијата на Балканот и беше неуморно зафатена со
страничната заштита на руските мерки, за да го затвори, по можност целосно, и во Југо-
источна Европа, со помош на македонската мамка заедно со Балканските држави, кру-
гот околу двете германски држави и херметички да ги изолира. Конечно, но не и поне-
важно (Last but not least), и покрај сите обвинувања против Германија нерамноправна со
бродови, Англија како и пред тоа располагаше со двојно посилна флота од омразениот
Германски Рајх.905

Роберт Мејси пишува концизно:

"Велика Британија реши да не поднесува германско господарење на континентот. Од
овој неодреден, но силен инстинкт настана Антантата со Франција, модернизирањето на
кралската морнарица како и усогласувањето на интересите со Русија."

И во истиот контекст:

"Можеби германскиот канцелар и улицата "Вилхелм" недоволно јасно го препознаа под-
лабокото значење на британско-руското усогласување на интересите."906

Но тој и самиот додава дека германскиот амбасадор постојано предупредуваше, а
тоа царот со забелешката на маргината на неговата депеша му го потврди со зборовите
дека ова усогласување е "насочено против нас."

Мејси навистина пишува дека (на наведеното место) Николсон подоцна самиот приз-
нал,

"дека ние со тоа обезбедуваме одбранбени гаранции против прекумерната доминација на
една сила."

Што се однесува до "Антанта со Франција", спомената од Мејси, која по аналогија
можеше да се означи како "англиско-француско усогласување на интересите", англиски-
от неделник "Спектатор" (Specator), уште на 9 мај 1904 год., по говорите на царот Вил-

хелм II од 1 и 8 мај кои (повторно) изгледаа воинствено, поскоро беспомошно, по осно-
вањето на Entente Cordinale, пишуваше дека овие говори се "последица на изолацијата" ко-
ја Вилхелм II ја препозна за Германија (Фр. Фишер: "Војна на илузиите"... на наведеното
место, стр.96).

Врз база на намалувањето на многубројните ризици, Англија се осмели, во сојуз со
расположената за одмазда Франција и со огромното Руско царство, заобиколно, преку
Србија и Австрија, да ја започне планираната војна против Германија.

_____стр.300
——Ханс Лотар Штепан --—

Врската на американскиот претседател Вудроу Вилсон (Woodrow Wilson) во Берлин,
полковникот Хаус (House), за ова известуваше во Вашингтон: "Кога и да се согласи Анг-
лија, Франција и Русија ќе ги нападнат Германија и Австрија." Оваа реченица ја цитира
Н.Фергусон и надополнува натаму, дека Хаус. вистина, критички го вреднува глорифи-
цирањето на военото расположение во Германија, но исто така изнесува и "дека безбед-
носните интереси на Германија се навистина загрозени"."907

Во оваа светлина упорно пропагираните обиди за посредување на Хелден, на минис-
терот за надворешни работи Грej (и во последна минута, на 31 јули 1914 год., на Лихнов-
ски кај амбасадорот), не беа ништо друго освен заслепување и лажен маневар за да не и
се открие на Германија, се до последниот момент, сериозноста на ситуацијата - односно,
вистинскиот англиски став. И самиот крал Едвард VII лицемерно се обиде да го успие
германскиот престолонаследник со уверувањето:

"Јас и мојата влада ќе сториме се, за да се избегне европска војна ..." (Фергусон, на на-
веденото место,стр.201)

... војна која тој самиот, со итрина и подмолност, помогна да се предизвика.

Сише беа одамна решени да се уништи Вилхелмска Германија и Хабзбуршки-
от Рајх: Germanium dilendam esse

Откако владата на Рајхот на 29 јули 1914 год. навистина дури и го прифати англиски-
от предлог за амбасадорска конференција, Австрија во секој случај, (по нејзиното, од
претходниот ден, објавување војна на Србија) не можеше повеќе да се сопре. Кога Анг-
лија на 4 август конечно ја дочека својата долго посакувана цел да и објави војна на Гер-
манија, премиерот "Асквит и неговата жена не можеа ниту да зборуваат од премногу
солзи" (во продолжение, стр. 220). Во текстот се инсинуира дека се работеше за солзи на
потресеност и жалост - значи за уште една подготвена слика за историските книги. Ме-
ѓутоа. бидејќи сентименталноста токму и не им припаѓаше на истакнатите својства на
британскиот "империјалист" Асквит, авторот е склон, нив да ги претпочита како солзи
радосници при минувањето на линијата на целта, на која премиерот, конечно, доволно
долго работеше. Черчил беше помалку склон кон преголема чувствителност и глумење.
Напротив, половина година подоцна неговата забелешка упатена кон леди Асквит од
22.2.1915 год. остана забележена за поколенијата:

"Јас ја сакам оваа војна. Знам дека таа секој момент уништува илјадници животи, па се-
пак - јас не можам поинаку - јас уживам во секоја секунда од неа." (исто таму).

Не се разбира само Јорг Фриррих (Jorg Friedrich) се подобро.

Бидејќи во одвивањето на историјата секогаш се доаѓа до личности кои дејствуваат,
тука повторно ќе дадеме една забелешка од Фон Билов полна со лоши претчувства:

"тоа што ... Николсон во 1910 год. стана постојан потсекретар во Министерството за над-
ворешни работи на местото од Хардинг, беше исто така вообичаен симптом како што И
две години подоцна, во 1913 год., следеше испраќањето на Делкасе за амбасадор во Санкг
Петербург.'908

Последниов, се сеќава Фон Билов на друго место, во 1905 год., откако францускиот
министерски совет се изјасни против предлогот на Делкасе да се земе учество во конфе-
ренцијата за Мароко, се повлече од премиерското место.

"Ако тој во 1905 год. попусто се трудеше да предизвика или реваншистичка војна или дла-
боко понижување на Германија, сепак тој беше албатросот што се извлече од бурата крја
една година подоцна се спушти." Во Санкт Петербург тој ги стави "во движење сите пого-

ни ... за да ја придобие Русија за војната против Германија и да ја вовлече вр.та^војна" (на
наведеното место, стр. 119).

Заклучно, Билов цитира од една статија на "Берлинскиот дневен весник" (Berliner
Tagblatts), по смртта на Делкасе во 1923 година:

"Патеката на овој подметнувач на пожари започна со заклучување на Кордијалната Ан-
танта, но тогаш беше нагло прекината откако Делкасе. полн со омраза и честољубие, го-
нејќи со сите сили кон војна со Германија, во 1905 год. падна. Девет години подоцна, отка-
ко Делкасе, како пратеник на неговиот пријател Поанкаре во Санкт Петербург ја под-
готви Светската војна, го виде остварен својот сон - потпалување светски пожар."

Да не се заборави дека во истото време како руски амбасадор во Париз седеше ток-
му Исволски! - ,

И во овој поглед, околу Германија како железен круг се создаде заколната фаланга.

3. •

Што се однесува до темата "опкружување", на ова место не може, а да не му се про-
тивречи на Хенри Мејер кој во 1960 год. пишуваше:

"Германците претерано се вознемируваат за наводното опкружување од Антантата."909

Тука кај Мејер лежи или неискрена пристрастност (и покрај извесноста дека тој мо-

раше да знае дека ниту опкружувањето беше "наводно", ниту пак германската вознеми-
реност беше претерана) - или незнаење.

Неостварената предрасуда дејствува повторно во работата на Херман Канторовиц,
кој својата партијност ја покажува уште во насловот на неговата гореспомената книга
за "Сеништето на опкружувањето на Германија". Главата за "целосна подготвеност за
мир" на Англија, во неговите т.н. "стручни мислења" носи наслов "Бајка за опкружувач-
ката политика."910
Нечуено.

Се разбира, Фриц Фишер го смета стравувањето од "опкружување" за публицистич-
ко надувување. ("Светската сила ...", стр. 53).

Тоа што англо-саксонските историчари денес мислат - и публикуваат - поинаку от-
колку нивните тогашни колеги, односно од оние што и самите беа за тоа одговорни, им
служи на чест.

Фергусон според сопствените истражувања, судејќи за заднината токму за овој пери-
од, заклучува:

"Судејќи по се, се чини дека германската загриженост од опкружувањето помалку сведо-
чи за манија на гонење отколку за реалност. Откако рајх-канцеларот Фон Билов на 14
, ноември 1906 год. во Рајхстагот ги жигоса напорите <да се изгради круг на силите околу
Германија за да се изолира и оневозможи> тој не се покажа - како што подоцна британ-
ските државници во нивните мемоари стриктно подвлекуваа - како болен фантаст."911

За извлекување на научната содржина потребна е анализа која може со олеснување
да се прифати. (Токму она што со децении не беше посакувано од странство!).

Требаше да се искористи оваа прилика и да се остави тогашниот рајх-канцелар пов-
торно самиот да дојде до збор, при што од една мала дополнителна забелешка што Фер-
гусон не ја наведува ќе се препознае главната грижа на Фон Билов:

"На 14 ноември 1906 год.... за нашата надворешно-политичка положба јас одржав еден од
најдолгите говори во мојата служба. Јас зборував сосема слободно ... најнапред ги расвет-
лив нашите врски со Франција, за чија непомирливост, токму во моментот на традицио-
нални и блескави достигања на нашите темпераментни соседи, од нивниот разигран пат-

риотизам, од нивното пренапрегнато и силно честољубие, не смееме да градиме никакви
илузии... За Антанта Кордиале јас сериозно укажував на тоа дека една политика, која бе-
ше насочена да ја опкружи Германија, да изгради круг на сили околу нас за да не изоли-
раат и оневозможат, претставува, за мирот во Европа загрижувачка политика"909 (ис-
такнато од авторот).

Назабележана од оваа загриженост Англија ја продолжи својата воена политика против Германија се до горчливиот крај. Се разбира - затоа што таква беше нејзината
долгорочна стратегија.
Поради целосност ќе ги прикажеме и забелешките на самиот Фон Билов за Англија,
особено што тие ги допираат наводно најневралгичнише точки на билатералните одно-
си:

"Наспроти Англија, со голема важност укажував дека ние. притоа, не мислевме да созда-
деме флота што ќе биде силна колку англиската. Меѓутоа, ние го имаме правото и долж-
носта, поради еден од нашите најголеми трговски интереси, да задржиме соодветна фло-
та, што ја имаше задачата само да ги брани нашите прекуморски интереси и да го одбра-
ни нашиот брег" (на наведеното место, стр. 263). .

Дека Англија го оспори "правото и должноста" на Германија, а и двете ги задржа са-
мо за себе, многу брзо ќе стане очигледно.

Во неговите безбројни разговори со царот на оваа тема, Фон Билов по една повтор-
на поткрепа на оваа линија наспроти Вилхелм П, додаде:

"Јас не би можел да согледам, зошто не би барале, врз база на едно побавно темпо во градењето на флотата да се постигне разбирање со Англија" (на наведеното место, стр.320).

Со ова се уште може да се сложиме.

Интересен е, исто така, и еден момент од тогаш поднесениот руски извештај. Вака Бено фон Зиберт, (Benno von Siebert), долгогодишен амбасадорски советник на руската амбасада во Лондон во неговата сеопфатна збирка документи, цитира еден амбасадор на руското Министерство за надворешни работи од 10.2.1909 год. (значи неколку месеци по средбата во Ревал): •.

"Грej ... се надева дека чувството на изолираност во Германија се намалува", "една војна би била ... неизбежна, доколку Германија навистина беше изолирана или ако оствареше европска хегемонија; последна опасност, сега надмината."913

Единствениот можен заклучок е: опасноста од германската хегемонија, Грej уште во 1909 год.(!) ја декларира како надмината; постоеше само уште (плански извршеното) изолирање на Германија - значи беше, како што рече Грej, "неизбежно" да дојде до војна против осаменатa Германија. И само осамена Германија ќа ја активирише Англија на војна.

Како што и се случи.

И покрај тоа има уште едно дополнително прашање:

Не мораше ли цитираните историчари во информациите за заднината под бр. 1, со оглед на очигледната намера на Антантата за опкружување на Германија, овие фундаментални случувања да ги поврзат барем со некоја друга постојана точка, - кога тие, за разлика од царот Вилхелм (спореди кај Фон Билов, меѓу другото стр. 317) - нужно, но не и на нужен начин, писмените спогодби не ги доведоа во врска со "Ревал"?!

Ваквиот развој се одвиваше, како што е познато, до далечната 1909 год. - и, следстве-

но, без оглед на заострувањата на кризата во тие години, понуди неброени можности да се
искова еднонасочна и долготрајна англиско-француско-руска алијанса, без да мора, ќе
повториме, на нужен начин, ваквата случка веќе (или најнапред) да се случи во Ревал!

Најважното требаше, сепак, да бидат несомнените предзнаци - и резултатс

Кој член на Антантата денес, по измамата преку која според членот 231 од Версајс-
киот договор доведе до тоа вината да и биде припишана единствено на Германија, ќе бе-
ше подготвен да објави дополнително признание за неговата припомош во избувнува-
њето на војната (а не пак за неговото со-"учество"!)? Тоа нема никогаш да се случи -
значи нема потреба од трагање по вакви илузии.

Дури и при приложување на текстот од договорот нема да се добие вакво признание.
Вака, одбивањето на барањешо за увид во документите на кралскаша архива во за-
мокот Виндзор (Windsor) за разјаснување на средбата во Ревал, авторот го гледа, се
разбира, како фарса.

4.

Англискиот амбасадор Николсон во Петербург ја рашири лагата дека Русија, во аферата за анексијата, мораше да се свитка пред германскиот притисок, - верзија која
влезе во историографијата без јасен германски демант, иако рускиот неуспех против
Австрија беше предизвикан од самиот министер за надворешни работи Исволски (види
горе бр. 4.2.6).

Владата на Рајхот и кајзерот, кој анексијата на Босна ја нарече "бандитско дело'"914,
не беа однапред информирани за овој нечуен и нечуено неразумен чекор на Австрија. И
покрај тоа тие мораа да се стават на страната на Виена. Денес, се уште е впечатливо че-
тивото од многуте страници огорчени забелешки на кајзерот Вилхелм од 6 октомври :

1908 год. во Роминтен, поради неговата затекнатост во опасната ситуација создадена само од Австрија:

"јас лично сум најдлабоко погоден во моите чувства како партнер во сојузот, бидејќи мене Не ниту најмалку пред тоа... не ми се укажа доверба."915

Притоа, на кајзерот и владата на Рајхот не им преостана ништо друго туку да останат пријателски расположени кон Виена. Тоа му се случува на еден довереник кога од својот должник сака да добие барем нешто назад од неговиот (доверен) капитал.
Ахилова петица на Бизмарковиош Двоен сојуз!
(Во овој случај кајзерот Вилхелм I би се превртел во својот гроб, бидејќи тој, и покрај сиот отпор допушти да биде наговорен за Двоен сојуз со Австрија без Русија.)

Во поврзаност со (веројатно) извршениот германски притисок врз Русија, Роберт К. Меси дава цитат од едно писмо на царот Николај II во 1908 год. до неговата (данска) мајка:

"Германскиот однос кон нас беше брутален и ние тоа нема да го заборавиме."916

Оваа, во заднина, закана го дозволува заклучокот дека отровот на омразата против Германија, што данската принцеза Дагмар (Dagmar) како царица Марија Фјодоровна (Maria Feodorowna) за време на целиот свој живот, капка по капка, го налеваше во нејзиниот син и покрај неговиот среќен брак со една Германка, сепак се чини, не остана без дејство"917.Не можеше поинаку да се согледа,зошто надареният ,со добра душа цар, би дозволил да биде наведен на инсценирање на една, до таа мера, авантуристичка војна - па дури и кога не би го сакал германскиот кајзер, односно, како што Хардинг во својата забелешка за Ревал запиша, имаше страв од него: "Тој цело време чувствуваше загриженост во однос на она што би можело неочекувано да се нафрли на него." (He felt an anxiety all the time as to what might be unexpectedly sprung upon him)918

Ако смееме уште еднаш да се присетиме дека сестрата на Дагмар беше брачна другарка на Едвард VII, во меѓувреме (од 1901 год.) крал на Англија. тогаш, до потресен размер. се

наголемува веројатноста на претпоставката за антигерманско групирање што заеднички,

во рамките на европските династии (заедно со Франција), го изградија наследниците на
данскиот кралски двор.

Германците (односно, авторот) повторно гледа(ат) сеништа?
Тие можат да се докажат на два примера:

1) Рајх-канцеларот Фон Билов во неговите "Знаменитости" известуваше за упадот во
пристаништето Догер (Dogger), на 6.11.1904 год., кога руската флота на патот (во про-
паст) кон Јапонија, во Северното Море, поради погрешна информација, потопи повеќе
"безопасни рибарски бродови ... на дно". Англискиот печат крена голема врева, го нав-
редуваа рускиот адмирал, бараа задоволување и објавија "дека тешко ќе може да се од-
бегне војна." Истовремено, англиската влада "молчејќи се стремеше да не дозволи да
дојде до војна со Русија". А сега за главната работа во изложениот случај:

"Уште поревносно, во овој правец, се трудеа данските сестри, Царицата-Мајка Марија
Фјодоровна и принцезата Александра од Англија. коишто ... уште во 1885 год. за време на
авганистанската криза, многу придонесоа за спогодбата помеѓу китот и мечката."919 (1885
година! Постојано капење...)

Сеништа?

Се разбира, исто така и Париз беше загрижен дека помеѓу Англија и Русија може да
дојде до војна - значи точно така како што многу Англичани и Германци отсекогаш
очекуваа. Меѓутоа, овие две држави со кои Франција конечно можеше да изгради прија-
телски врски, беа единствените кои доаѓаа предвид за коалиција против омразената
Германија. Следствено, Делкасе направи се за да посредува помеѓу Русија и Англија."920

2) За време на посетата на германскиот кајзер на Копенхаген во 1905 год. Вилхелм

го нападна стариот цар Кристијан IX (Cristian) со нејасни идеи до таа мера што, кога оваа
вест беше испратена во Лондон, ќерката на Кристијан, кралицата Александра од Анг-
лија, "сосема вчудовидена" го запраша својот татко "дали сака да ја <предаде> Англија."
Меѓу другото, ова писмо ја натера да му јави дури и на министерот за надворешни рабо-
тиво Лондон, грофот Габен (Gaben):

"таму да даде уверување дека Данска под сите услови ќе настојува на стриктната неутрал-
ност."421

Ова требаше да бидат сеништа?

Не, тоа беа постојани напори да се израмни, дотогаш (од 1864 год.) 40 години отворе-
ната сметка, - што конечно, точно 50 години по германско-данската војна, дојдоа до цел-
та на нивната одмаздољубивост. Во секој случај, заради нивното задоволување - барем
од страна на (данската) Царица Мајка, како и од целото царско семејство - мораше да се
плати висока цена: целосно тонење. (Ова речиси потсетува на трагичната поврзаност во
сагата за Нибелунзите).
Сестрата Александра во Лондон имаше повеќе среќа, благодарејќи на англиската
сојузничка политика со двојно дно.

Впрочем, појавувањето во текот на историјата [ова не се однесува на сагите и леген-
дите] на стереотипни навраќања на егоистичното застапување за исклучиво национал-
ните интереси не беше запрено ни од Данска. Исто така, никој ни од далеку самокри-
тично не се присети за тоа дека и Данска со векови беше империјалистичка големодан-
ска граблива држава (што на оваа пријатна земја денес веќе никој не е склон да и го при-
пише), којашто со најголема очигледност ги држеше освоени, не само деловите од Гер-
манија, туку и сета Шведска, Норвешка, Исланд и Грендланд (Грендланд и до денеска! -
сега припоен) и можеше да се замисли нејзината огорченост кога сите овие народи пов-
торно сакаа да ја добијат својата слобода и сопственост. Сето тоа е, всушност, прашање

на начинот на гледање. Погледнете ги Елзас, Македонија, Гибралтар, Корзика, Северна
Ирска итн. Колку дејствуваше тоа веќе чисто субјективно, кога (данската) царица Даг-
мар/Марија Фјодоровна, како што Џорџ Ф. Кенан ја цитираше, при разделбата со фран-
цускиот амбасадор од Петербург на неговата (данска) сопруга и рече:

- "Таа нема никогаш да заборави што и сторија Германците на нејзината родна земја Дан-
ска."922

Сосема разбирливо Дагмар, веднаш по неговото устоличување во 1863 год., го втур-
на нејзиниот татко Кристијан IX, "во прекршување на една јасна спогодба" (Мејси, на на-
веденото место, стр. 40), имено, лондонскиот протокол од 1852 год. со кој се анектираше
војводството Шлезвиг (Schleswig). Исто така, разбирливо е дека данското кралско семеј-
ство, а со него и целиот дански народ, беа гневни кога Германскиот сојуз стапи на сила
во 1864 год. во Шлезвиг-Холштајн, а две години подоцна - ах, тие милитантни Пруси - од
своја страна го повратија војводството.

Меѓутоа од останатите големи сили, пруско-данската војна беше логично оценета
како освојувачка војна (Штурмер, на наведеното место, стр. 18), поинаку отколку при
стремежот за германско обединување во 1848/49 год., немаше британски упад на флота-
та (!) и руска закана за интервенција (!!). Дури и од сопругата на царот Николај, по по-
текло од Есен (значи Германка!), извираше длабока одвратност против Германскиот
Рајх. Токму во врска со средбата на монарсите во Ревал во јуни 1908 год. - и затоа сосема
соодветно во овој контекст - рајх-канцеларот Фон Билов пишува:

"Кралот Едвард ... при неговата голема умешност во однесувањето со луѓето ... (беше
поддржан) од својата внука, кралицата Александра Фјодоровна од Русија, која се чувству-
ваше многу англиски и антигермански, иако е ќерка од една прастара германска војвод-
ска куќа, во придобивањето на рускиот цар кон себе."923

Паул Зете јасно пишуваше дека поранешната принцеза Алиса (Alice) од Есен-Дарм-
штат (Hessen-Dramstadt) очигледно уште како царица не можеше да ја преболи загубата
на делумниот суверенитет и особените привилегии за Есен во однос на обединувањето
на Рајхот во 1871 година.

Кога Вилхелм II еднаш во напомена на една маргина даде неповолна забелешка за
склоноста на германската принцеза во странство да се става против својата татковина и
самиов автор беше склон да го исмее Вилхелмовиот патриотизам.

Очигледно многу неправедно.

А Исволски? Мејси пишува:

"Иако тој остана министер за надворешни работи уште три години, неговата позиција бе-
ше многу разнишана. Во 1911 год. тој даде оставка и постана руски амбасадор во Фран-
ција. Во Париз тој денонoќно работеше врз зајакнувањето на француско-рускиот сојуз.
Кога дојде војната, Александар Исволски се јуначеше: "Ова е моја војна! Моја војна!"924

(Впрочем, Исволски тесно соработуваше со Рејмон Поанкаре - човекот од Лотрин-
гија!! [Lothringen]).

Исволски и лично не беше усреќен од своите интриги. Тука историјата барем еднаш
се стркала врз виновникот:

Фон Билов во своите "Сеќавања" пишува дека тој, при својот последен разговор со
Исволски во 1909 год., го цитираше Бизмарк, кој зборуваше за последиците во случај да
треба да дојде до "војна помеѓу трите царства." "Тоа ќе бидат ... трите династии што ќе
платат за скршените грнинја." (Ce seront...lestrois dynasties qui payeront les pots casses). (На ова уште ќе си припомнеме). Фон Билов оди натаму:

"Исволски живееше доволно долго, за да ја почувствува исправноста... на (ова) пророш-
во врз сопствената кожа. Тој мораше ... да го доживее поразот ... Тој умре како истрошен
амбасадор, болен и огорчен во беден стан во еден мал јужно француски град, каде што од
француската влада добиваше скромна потпора, бедна награда за неговата сплеткарска
дејност ... во споредба со милионите што со децении од Русија течеа во џебовите на алч-
ните за пари француски новинари и политичари."925

5.

Останува уште одредницата "изградба на флотата".

Во дискусијата околу прашањето за причините на Првата светска војна не може да
се одбегне германската програма за изградба на флотата. Со расправи околу оваа тема
се исполнети цели библиотеки. Значи нема потреба од надградба. Затоа накусо само не-
колку реминисценции: .

Може да се докаже дека рајх-канцеларот Фон Билов имал безброј расправии со кај-
зерот за да го наговори да ја редуцира изградбата на флотата. Без успех.

Постојат најмалку исто толку многу тврдења на англиските политичари коишто нив-
ните наводни стравувања од Германија ги засноваа врз надмоќноста на постоечката гер-
манска флота.

По повод германско-англиската средба на монарсите во 1909 год., како што пишува
Фон Билов, лордот претседател на тајниот совет, војводата од Кроу (Erl of Crowe), пора-
нешен министер за надворешни работи и премиер, нему му рекол:

"тој мене наполно ми одобрува дека англиските стравувања од, сепак, се уште многу пос-
лабата германска флота беа претерани. Меѓутоа, јас не смеам да заборавам дека, не само
англиското царство ширум светот туку и англиската татковина, постојат и пропаѓаат по-
ради нивната апсолутна безбедност на море, нивното господарење преку моријата и нив-
ната непобедливост ... но, бидејќи Германците поседуваат изразен талент за организација,

затоа што младата германска флота е одлична флота, Англичаните не сакаат со Германија
на море да им се случи тоа што во 1866 год. на Австријците и во 1870 год. на Французите им
се случи со Германија на копно" (Фон Билов: на наведеното место, стр. 426).

Значи, Кроу го формулира постојано повторуваниот мотив на Англија кој премие-
рот Асквит пет години подоцна, во слична форма, го поткрепи:

"Ние не можеме на Германија да и допуштиме да го користи Ла Манш како база за неп-
ријателски акции."926

Исто така, и кога Франција би исчезнала како голема сила, тоа ќе беше престап про-
тив британските интереси. Во однос на Франција, неговиот министер за надворешни ра-
боти, Грej, го застапуваше токму истото мислење:

"Велика Британија не може да рескира германска победа, бидејќи една ваква победа на
Германија ќе доведе до <хегемонија на целиот европски континент и во Мала Азија>" (на
наведеното место, стр.211).

Што се однесува до недвосмисленоста на овие ставови, исто така и амбасадорот Фон
Метерних никогаш не ја остави својата влада во Берлин во нејасност. Во август и ноем-
ври 1908 год. тој известуваше:

• "Никој нема да биде во состојба да им докаже на Англичаните дека германската флота...
за нив е безначајна работа."927

• "Англичанецот е прозаичен човек (Matter-of-fact-Mensch). Според негово сфаќање нашата
. програма за флотата претставува ... опасност за него,..." "во Англија (поради ова) се под-
готвуваат воено и политички ... За нас би било најдобро, ако ова го сметаме за цврст, неп-
роменлив факт" (на наведеното место, стр. 417).

Умерениот совет на тогашниот амбасадор Фон Метерних тука ја погодува квинте-

сенцијата на современите истражувања на историчарот, а подоцна и колега на грофот,

Ханс Алфред Штегер:

"Единственото што на Германија и преостана,... беше чувањето на полухегемонистичката положба на континентот, како што тоа го задржа владата на Бизмарк ..." Штегер истовремено критички заклучува дека " (со ова) не само официјалната дипломатија туку и самосвеста на нацијата немаше да сака да се задоволи."928

Па сепак...!

Сепак, Нил Фергусон (секогаш повторно Фергусон), на многу од горе наведените извори им ја симна нивната надворешна маска. Во својата работа тој изложи дека ниту германскиот стремеж за колонии, ниту постојано растечката флота која конечно, при избувнувањето на војна, ќе ја достигнеше само половината од англиската, не доаѓаат предвид како решавачки причини!!929

Фергусон не дозволува никакво сомневање за тоа кои заднини навистина играат улога. Во почетокот на неговата служба, значи крајот на 1905 год., Грej доби "поддршка од полковникот Вилијам Робертсон (William Robertson) од одделот за шпионажа во Министерството за одбрана", кој се произнесе за опасноста од континентот "дека ... Германија стана многу сериозна воена закана" (како, на пример, Персија или Авганистан):

"Со векови ние ... и ги покажувавме границите на секоја сила којашто се стремеше кон хегемонија на континентот;... како последица на ова ние ја зацврстивме сопствената сфера на империјалистичкиот хегемонизам.... Меѓутоа, сега расте една нова доминација чие средиште е во Берлин. Се... што можеше нам да ни помогне за да се пружи отпор против оваа нова и многу застрашувачка опасност требаше да го цениме."930 Повторување: 1905 година!

На истата линија беа и искажувањата на првиот лорд на англискиот адмиралштаб во една забелешка од крајот на 1904 год., чија цел, според цитатот на Фон Билов, беше:

"целата англиска морнарица да се држи во воена готовност во таа смисла што постојано
ќе биде вооружена за да може веднаш да изврши напад." Ова беше едно "признание за се
поголемата и поголемата вознемиреност на англиското јавно мислење предизвикано од
нашето (германско) градење бродови."931

Малку пред тоа во "Арми енд нејви гезет" (Army-and-Navy-Gazzete) излезе една статија
во која без недоразбирање се вели:

"Порано Англија требаше едноставно да уништи една флота поради тоа што имавме при-
чина да мислиме дека таа може да биде употребена на наша штета. ... Другите сили една
ваква акција веројатно би ја посматрале со тешко скриено задоволство ако не и со отво-
рено одобрување" (исто таму).

Следната година, европскиот историски календар објави речиси идентична забелеш-
ка од лордот на адмиралштабот Ли (Lee), во јануари 1905 год., за предностите на превен-
тивен напад врз Германија:

"Англиската флота можеше да изврши стравотен напад врз Германците уште пред да
прочитаат германските граѓани во нивните весници дека е објавена војна."932

Ваквите искажувања ни дозволуваат да препознаеме од каде Черчил ја извлече иде-
јата за неговата книга "Сеопфатна бура" (he Gathering Storm) која тој, сепак, ја напиша
дури по Втората светска војна.

До воен напад можеше лесно да дојде, бидејќи од стратегиските размислувања оста-
нуваше само мал (воден) пат до повторното преземање на тактиката од адмиралот Нел-
сон (Nelson), кој во почетокот на XIX век ја нападна и ја потопи данската флота без

претходно објавување на војна (за да спречи да му биде од корист на Наполеон [Napole-

on]). Овој par force напад во англиската историја толку се зацврсти во подразбирлив
цврст политички поим што рајх-канцеларот за (злогласниот) лорд Фишер (Fischer) мо-
жеше да напише: оној што постојано му ги полнеше ушите на англискиот крал Едвард
VII, нека му дозволи, пред да биде доцна, "германската флота да ја <копенхагенизира> ...
и да ја уништи." (на наведеното место, стр. 84).

(Овој поим потсетува на страшниот збор "магдебургизирање" од воениот поход на
Тили (Tilly) во 30-годишната војна од 1632 година.)

Така, не е чудно што адмиралот Тирпиц (Tiritz) една година подоцна можеше да му
рече на рајх-канцеларот:

"Царот е загрижен дека, ако неговите омилени големи воени бродови ги пратиме надвор
од домашните води, Англичаните, да употребам една фраза на лордот Фишер, ќе ги <ко-
пенхагенизираат>"(стр. 320).

Во поглед на ова несомнено охрабрување на лордот Фишер стои како потврда пра-
ведниот заклучок на историчарот Хенри Мејер дека во 1906 год. Велика Британија даде

"сигнал за натамошно забрзување на вооружувањето на флотата", "и ... дека првиот мор-
ски лорд сер Џон Фишер во изјавите [се однесува] не помалку воинствено од највоинстве-
ниот германски пропагатор на флотата."933

Ханс Делбрик имаше одредени "стравувања од англиски превентивен напад" особеио
по повод босанската криза во 1908/9 год."934

Исто така, во 1908 год. (во декември) англискиот адмиралштаб го застапуваше гле-
диштето:

"дека <во една долготрајна војна, тркалата на нашата морска моќ (германското населе-
ние, иако бавно)> ќе ги <мелеше се помали; порано или подоцна на улиците на Хамбург
ќе растеше трева, а последиците ќе бидат насекаде присутни бедотија и уништување >
(Фергусон, на наведеното место, стр.125).

"Пожарот" од Втората светска војна на почетокот на 40-тите години теоретски бе-

ше предвреме предизвикан веќе во 1908 година!

Зенке Најцел (Sonke Neitzel) ја поставува политиката на Англија за флотата во исто-
риска поврзаност:

"Наводната опасност од една моќна германска воена флота пред куќниот праг на Англија
мора да се согледа во поврзаноста со традиционалниот англиски страв од втората по ја-
чина морска сила. Во 1830-тите години се одржа ваква дебата за руската флота на Исток-
ното Море, а на крајот од 1850-тите години дискусијата за француските поморски стреме-
жи кон нивната највисока точка за време на Наполеон III. Од 1906 год. германските воени
бродови беа оние коишто ја возбудуваа фантазијата на англиските публицисти"... "дека
Германскиот Рајх во однос на изградбата на флотата навистина ќе се појави како опасна
голема сила, но, сепак, само ретко и како една светска сила."935

Убаво и добро но "стравот" беше сигурно последното нешто за англиските мотиви.
Наспроти горенаведените безбројни слични ставови на британските политичари, Н.
Фергусон доаѓа до еден, од германско гледиште, сензационален заклучок:

"Како што беше вообичаено, антигерманската политика на Грej беше оправдувана од ис-
торичарите со тоа што германската светска политцка ... се посматраше како растечка за-
кана за Африка, Азија и за Блискиот Исток."

Потоа, Фергусон ги опфаќа неговите сознанија во следната, за еден таков историско-
револуционерен заклучок, навистина лапидарна реченица:

"Сепак, при поточно набљудување, пред 1914 год., ниту колонијалните работи, ниту рабо-
тите околу флотата не се заоструваа до степен на една неизбежна решавачка англо-гер-
манска војна."936

Еве некои извадоци од неговата доказна постапка:

Дури и Черчил и Грej ќе немаа ништо против проширувањето на германското колонијално поседништво. Исто така и "претпоставката дека конкуренцијата во изградбата на флотите се гледа како <причина> за Првата светска војна (води во заблуда)" (на наведеното место, стр. 108). Што се однесува до напорите околу преговорите за флотите, Фергусон, спротивно на тековната пропаганда против политиката на Германскиот Рајх, набројува дека помеѓу 1907 и 1914 год. се изготвени осум предлози за германско-британското ограничување на флотите, од тоа пет од Германците, две од Англичаните и една заедничка и за двете страни (на наведеното место, стр. 109). Исто и при неуспехот на мисијата на Хелден, во февруари 1913 год., Фергусон се сомнева дека вистинската причина за неуспехот не лежи во недостатокот на подготвеноста на Германците за ограничување на флотата, туку многу повеќе во непопустливото однесување на Британците кон регулирањето на неутралноста... (стр. 110). (Авторот е склон, како крај на оваа реченица, да надополни: ..., бидејќи ним, вакво нешто би им ги врзало рацете за посакуваната војна против Германија).

Од своја страна, Фергусон нуди едно релативно просто, но фрапантно убедливо образложение за англиското однесување:

"Воопшто не беше изненадувачки што тоа се потпираше врз неоспорната позиција на сила. Во 1913 год., сер Едвард Грej го опфати британското гледиште со следниве зборови:

<кога се располага со апсолутно силна флота, која ги надминува сите други тогашни европски флоти заедно, (...) тогаш, во споредба со другите, е лесно да се води надворешна политика.> Соодветно мала беше и неговата подготвеност за преговори."... Личниот секретар на Грej, Тајрел (Tyrrell) констатира: "зошто требаше Велика Британија да преговара за нешто што веќе го поседуваше" (на наведеното место, стр. 110).

Уште во 1912 год., Форин офисот (Foreign Office) се изјасни "против идејата за спогод-
ба со Германија" на министерот за надворешни работи Грej и на државниот секретар
Николсон (стр. 111), затоа што тоа, како последица ќе имаше штетно влијание врз врс-
ките со Франција и Русија.

Фергусон не допушти да важи ниту овој аргумент, бидејќи на "проценката на Грej"...
и недостасува ... "какво и да е рационално разбирливо образложение" (на наведеното
место).

"Најсилното оправдување" ... на англиската политика се потпираше "врз веројатниот
факт дека Германија ги следи империјалистичките цели." ... (на наведеното место, стр.
113) [дури - страшно е и да се каже - (horrible dictu), исто како и самата Англија.] Се нак-
левети "Германија дека ќе постигне таква превласт",... "која ќе и наштети на интересите
на нашата земја" (стр. 114).

Дека споменатиот факт беше, исто така, само "наводно факт", Фергусон го употре-
бува докажувањето со спротивност (argumentum e contrario):

"Токму затоа што тие (Грej и Форин офисот) сакаа Велика Британија да остане во сојуз
со Франција и Русија, беше нужно на Германија да и се подметнат монструозните плано-
ви за завладување со Европа." (стр. 115).

Оттаму, во 1911 год. Грej предупредува на заканата за Европа од "наполеонски раз-
мер". Така беше консенкветно само тоа што тој беше подготвен:

"да влезе во воени обврски со Франција, кои војната со Германија ... ќе ја направеа веро-
јатна."(!) (стр. 112).

Од истата причина Англија сакаше да ја зајакне руската позиција против Германија

(стр. 98), а исто така, од истата причина сомневањето за "работење на војна" беше на-
сочено кон Германија.

Во друг случај, ќе излезеше на виделина дека средбата на високо ниво со царот Вил-
хелм II на 18.12.1912 год. не беше пресудна за избувнувањето на Првата светска војна -
како што, подоцна, токму ова беше ревносно пропагирано од членките на Антантата
како конечен заклучок на "воениот совет", за да бидат Германците непрекинато прико-
вувани без шанса ова да го побијат со докази.

Вистинската решавачка средба за започнување голема војна се одржа 16 месеци по-
рано во Англија: таму конференцијата на КИО, комитет за империјалистичка одбрана
(CID,Committe of Imperial Defence), уште на 23.8.1911 год., го постави курсот за воена кон-
фронтација со Германија!931

Август 1911 год.!

Бидејќи Фриц Фишер ревносно го обработи "воениот совет" на царот Вилхелм во смисла на него-
вата позната хипотеза ("Војна на илузиите", на наведеното место. стр. 232), а вистинскиот воен совет
во Англија не ги спомна со ниту еден збор, неговите заклучоци можеа, се разбира, да бидат изведени
само против Германија, со други зборови, за Германија како единствен виновник за војната.

Меѓутоа, кајзерот ја свика својата конференција дури откако германскиот амбаса-
дор го телеграфираше соопштението во Берлин на британскиот министер за одбрана

лордот Халдејни:

"Англија не може да поднесе Германија да стане надмоќна на континентот и него [кон-
тинентот] да го обедини под своја управа" (исто таму).

Декември 1912 година.

Од оваа непроменлива англиска основна линија Фергусон го извлекува заклучокот
дека "приговорот на кајзерот", <Англија, поради завист и омраза против нас, задолжи-

телно ќе биде потпомогната од Франција и Русија> ... не (беше) совршен" (стр. 106).

Во овој поглед очигледно се разбира согласноста на кајзерот и неговиот поранешен
Рајх-канцелар, бидејќи М.Штурмер цитира (стр. 145) од едно писмо на Бизмарк до него-
вата жена: "бидејќи ние не живееме сами во Европа туку со уште други три сили кои не
мразат и ни завидуваат".

Џорџ Ф. Кенан, слично непристрасно, ја опишуваше зависта во Русија кон воено ус-
пешната Германија.938

Фергусон се постави и во положбата на сите не-Англичани. Тој ги демонстрира то-
гашните констелации врз основа на една литературна фигура. (Како што во главата 1.,
врз примерот на Албанија, можеше да се види дека едно литературно прикажување мо-
же да го придружува сувопарното историско гледање на фактичката состојба, ако не и
да го надмине во својот израз). Така Фергусон цитира една личност од романот на Ерс-
кин Чилдерс (Erskine Childers):

"Ние не можеме да зборуваме за освојувањата и грабежите (на другите). ... Ние за себе
обезбедивме прекрасен дел во светот, а другите сега го имаат сето право да бидат завид-
ливи." (стр. 72)

Меѓутоа, толку голема внимателност постои само во роман. Во реалноста, Англича-
ните, со многу малку исклучоци, го застапуваа правилото дека не се подготвени да под-
несат една слична - ако не и со иста сила - силна држава на континентот! Исклучок од
ова беше Лордот Сандерсон кој не само што логично, заклучоците ги изведе политички,
туку исто така човечки ја покажа внатрешната големина за да рече: "зошто... во текот

на XX век како што пред тоа се кренаа Британците, Германците да не ја преземат во-

дечката улога на континентот?" (Штурмер, на наведеното место, стр. 328). Но ова, за
империјалистичкото раководство, се разбира, не беше дискутабилно). Ваквото однесу-
вање ги донесе со себе како неприкосновени факти англиската саморазбирливост како
"доминирачки" народ (како што и денеска се означуваат), и империјалистичката позици-
ја на сила. Останатите народи требаше понизно да се помират со англиската моќ и бо-
гатство - а ако не, тогаш тие ќе бидат уништени.

Со ова е задоволено неизбежношо контрапрашање:

("Значи, ако ниту германската флота, ниту пак колониите не беа тоа што ја раздраз-
нија англиската нерасположеност, што беше тогаш тоа?").

Но и покрај тоа, и на ова, а со тоа и на многу други прашања, Фергусон одговара:

"... во стварноста постапките на овие луге се сведуваа на нивното усилено непријателство кон Германија." (на наведеното место, стр. 107) (курзивниот печат од
авторот).

Исто и денес положбата на Германија се чини угнетена, ако се има предвид дека 50
години по крајот на Втората светска војна во Лондон се постави споменик во чест на оз-
логласениот "бомбаш Харис" (Bomber-Harris) и дека на откривањето учествуваше никој
друг туку, како англиска институција, да, речиси како икона, и покрај нејзината библис-
ка старост и, како и секогаш, со блескава насмевка Кралицата Мајка.

На ова место, исто така, доаѓа и одговорот на прашањето што го постави самиот Делбрик ("Што требаше да значи ... опкружувањето на Германија? ... Од каде потекнува
сеништето на оваа светска војна ...?)":

"Крајната причина не е Мароко и не е Турција - крајната причина не е повеќе ни желбата
на Французите за одмазда" [ете?] "ни алчноста на Русите за Константинопол - крајната
причина е ништо друго освен љубомората на Англија кон Германија."939

Мора да му се оддаде благодарност и на Хенри Мејер, зашто тој толку радикално
чесно протолкува поради кои констелации Германија стаса во оваа положба:

"Германците ја направија нивната земја индустриски и трговски центар на Европа." "Голе-
мата умешност со која тие ги подложија природните науки и техниката на индустриското
производство им донесе светски глас." "Меѓутоа, оваа Германија, имено, беше почетник
во европското големо семејство, попречувач на мирот кој ги доведе во прашање зацрта-
ните интереси и цврсто втемелените државни суверени права "940

"Зацртани ... и цврсто втемелени ... суверени права". - Сарказам!

Надуеност на моќните.

Значи Германија беше попречувач на мирот во очите на оние кои светот го посмат-
раа како нивна исклучива, и само на нив ограничена сопственост. Односно, подобро
Германците да останеа безвредни лиферанти на земја и луѓе за државите со поголема
моќ - и поголемо право!

Бидејќи, тој што поседува моќ,...

По оваа јасна анализа навистина е едноставно да се повлече паралела за Македонија:

Како задоцнета држава, во случај на нејзина самостојност, Македонија секако ќе им
пречеше на "зацртаните интереси и на цврсто втемелените ... државни суверени права"
на Грците, Бугарите и Србите на македонска почва! Значи, Македонците требаше да им
го скастрат на своите соседни народи нивното свето право за наголемување на моќта
преку експанзија според принципот - мене ништо, тебе ништо. Такво нешто не се прави!

Јасно дека соседите немаше да можат да поднесат едно вакво попречување. Беше по-
добро еднаш засекогаш да се направи божјото дело, христијанската македонска земја да
се нападне, народот да се ослободи од исламскиот јарем - а овие две нешта да се разде-
лат на три, поточно на четири дела! На овој, вистина неелегантен но вообичаен начин

едноставно го збришаа попречувачот од патот.

Притоа. додека тоа им одговараше на нивните интереси, силите на Антантата пома-
гаа според својата моќ.

Во никој случај не е вистина дека Германците мораа да дозволат нивната ситауција
најнапред да биде опишана во странство, па тие да препознаат колку таа беше незгодна.

Рајх-канцеларот Фон Билов постојано потсетуваше како, на пример, во еден говор
во Рајхстагот во ноември 1908 год., дека:

"новопечените... општоземено никогаш не беа (се) омилени. Германскиот Рајх, најмлади-
от член на европската заедница на држави, од неговото основање требаше да ужива пого-
лем респект во странство, дури и страв, отколку наклонетост. Германија, порано удобно-
то поприште за туѓи вмешувања, прерасна токму во неудобен конкурент" (на наведеното
место,стр. 382).

Уште со години пред тоа, по повод спуштањето во вода на еден линиски брод со име

"Прусија" во 1904 год. тој рече:

на Прусија "од почетокот и се заканувааа, таа беше застрашувана и омразена ..." ... "Наши-
те пакосници и непријатели и понатаму нема да не сакаат, ако останеме верни на самите
себе, на духот на пруската историја. Со цврста смелост, со ладнокрвност и еластични ра-
це ќе се избориме за честа."(стр. 69)

Можеби Фон Билов според овие принципи, ако останеше рајх-канцелар, можеше да
го одржи мирот...

Но дали волјата на Англија за војна против Германскиот Рајх не беше веќе премногу
изразена? Авторот се повторува: Тој мисли - да!

Притоа, Англија не стори ништо друго освен што ја продолжи нејзината позната по-
литика на сила исклучиво според нејзините сопствени интереси. (Ако тоа секој го пра-

веше?).

Се додека англиското раководство беше сигурно во мислењето на светската јавност,
како што, по долгогодишните пропагандни подготовки беше сигурно во нејзиното сопс-
твено население, тогаш тоа, според тогашните параметри, без стеснување водеше отво-
рена превентивна војна против Германија, - за што всушност. како што веќе забележав-
ме, често беше застрашувано од царот Вилхелм и од други водечки личности, како на
пример, од адмиралот Тирпиц. Бидејќи не беше исклучена можноста светот да стекне
впечаток дека Англија води еден вид колонијална војна во Европа (против Германија),
со што нејзините жители требаше, како што препорачуваше "Сатардеј ривју" во 1906
год., да станат уште малку побогати, раководството не сакаше да обрне внимание на
овие гласови, особено затоа што впечатокот беше премногу точен. Војната мораше да
се доведе на друг начин, а при оваа прилика да се уништат не само германските царства,
туку ним да им се прикачи и исклучивата вина - а сепак да се остане (барем)... богат.

Оттаму долгогодишната акрибиска градба на еден ширум свешош систем од сојузи
околу Германија и Австрија. Оттаму исто и конструкцијата на стапицата за избувнува-
ње војна преку балканската врска (види долу). На овој начин Англија можеше да искон-
струира дека таа мора да води една, за неа "наметната војна", - а истовремено, да смее

неказнето да ги реализира своите, гореспоменати, вистински интереси, да се уништи
Германија. Речиси една идеална конструкција.

Следствено, Черчил требаше неговата книга "Сеопфатна бура", на што потсети Џеф-
ри Херф (Jefry Herf) во февруари 2003 год. во "Франкфуртер алгемајне цајтунг", да ја
напише уште по Првата светска војна, а не дури по Втората светска војна. По Втората

светска војна на победничките сили не им требаше повеќе никакво германско призна-
ние за вината, затоа тие денес можат дури и предлогот за повреда на Хашката воена
конвенција на државите, според документацијата на Јорг Фридрих (Jorg Friedrich), да го
збришат од маса. По Првата светска војна тоа беше се уште поинаку. Тогаш се уште
имаа значење вистинските мотиви на Англија пред да се сокријат од светскатајавност.

Што се однесува до подметнувањето на "исклучивата вина", уште во еден извештај од
1904 год., амбасадорот Фон Метерних сосемајасно однапредја формулирал очекуваната
констелација и конструкција. Во еден разговор со Хелден, кој тогаш се уште не беше член
на подоцнежната либерална влада на Асквит, Метерних му ја изрази загриженоста:

"дека Французите, кога ќе се почувствуваат поттикнати од Англија, ќе одат и подалеку
отколку што според правото и правичноста смеат." Германскиот народ [од индискреции-
те на Делкасе] мораше со огорчување да прифати дека Англија, "земја со која никогаш не
сме биле во војна", беше подготвена "со Французите да се бори против нас, и тоа добро-
волно, без претходно договорени обврски." ... "За заплеткувањата во поглед на нападот
никој што го познава овдешното [во Англија] расположение не си градеше илузии. Ако
Французите утре ја преминат германската граница. задутре во цела Англија тоа ќе значи
дека тие биле принудени на тоа заради предизвикувачкото однесување на Германија".941

Со тоа Фон Метерних трезвено и со објективен, токму англиски поглед го разобличи
старото прашање за вината "кој започна?" како инструмент за измама,

Што се однесува до "расположението" во Англија, споменато од Фон Метерних, тој
знаеше за што зборува. Исто така и други знаеја. Така, Валтер Ратенау (Walther Rathe-
nau), тогашниот раководител на АЕГ (AEG) во Берлин, во еден документ што на рајх-
канцеларот во 1909 год. му беше предаден од шефот на фирмата ХАПАГ Лојд (HAPAG

Loyd!) во Хамбург, Алберт Балин (Albert Ballin), се произнесе за англиско-германските
односи:

Англиската загриженост постојано го насочуваше погледот кон Германија. "Тука седи
конкурентот и ривалот. Од разговорите со образовани Англичани звучеше час како ком-
плимент, час како префрлање, час како ирониј: вие нас ќе не надминете, вие нас не над-
минавте."... "Така секое англиско незадоволство се супстантизираше и локализираше во
поимот Германија. А она што кај образованите истапуваше како мотивирано убедување,
тоа кај народот, кај младината, во провинцијата, се изразуваше како предрасуда, како ом-
раза и фантазерство во размери кои одеа многу подалеку над мерката на нашата нови-
нарска аперцепција" (Ф.Б., стр. 428).

Бидејќи задниците и мотивите, кои доведоа до Првата светска војна, беа складирани
токму така како што Фон Метерних ги предвидуваше, а Ратенау ги интерпретираше,
поранешниот рајх-канцелар, по катастрофата, можеше да прикаже една соодветна забе-
лешка на Рузвелт (Роосевелт) "кој тогаш се уште можеше да важи за пријател на Герман-
ците", според која германскиот народ:

"далеку над секое овластување го направи одговорен за Светската војна и за нејзините
последици", "и со, се уште невидена во светската историја, бруталност искористена до крв
да се добие отштета од оние кои со изнуден потпис мораа на тоа да се задолжат" (Фон Би-
лов,стр,238).

_____стр.314
——Ханс Лотар Штепан ——

Џорџ Клеменс можеше да биде горд.
А сега да се вратиме "на Балканскиот Сојуз(и Балканските Војни)

5.1.3.2 Триког со локалазирањето на Балканската војна

Откако министерот за надворешни работи Сасонов, организаторот на целата криза,

во Германија и Австрија придоби доволно разбирање за неговата грижа за непокорливоста на големата сила Црна Гора, што (наводно самоволно) и објави војна на Турција (на 8.10.1912 год.) и, заканувајќи се со Балканска војна. своите сили дрско ги истури врз малото руско земјиче, тој очигледно мислеше дека е стасано времето да ги извести Германците и Австријците за некои, можеме да претпоставиме повеќе наивни, последици од црногорското објавување на војна. Бидејќи, во меѓувреме, него малку подобро го запознавме, може приближно да се екстраполира како тој аргументираше. Можеби во формата: што претставуваше објавувањето војна на Црна Гора за големиот поредок во вселената.

И навистина:
Во рамките на горе споменатото интервју, господинот Фон Бер (von Behr) побрза понатаму да го цитира С.Е. Сасонов (чие име, благодарејќи на неговите јазични познавања го наведува во писмена форма онака како што се изговара):

"Малите балкански држави" се наоѓаат во стадиум, "во кој, наспроти советот на царството и со него солидаризираната Европа, решавањето на балканскиот проблем го презедоа во свои раце; ако не се лажеме, денес се наоѓаме во предвечерието на збиднувањата за чие одбегнување Петербуршкиот кабинет до овој час упорно се размислуваше."942

"Се е лага!

Без Русија, уште повеќе, без Антантата, балканските држави немаше ништо да преземат во свои раце, можеби со исклучок на некои безначајни гранични конфликти.

Се разбира, Сасонов не го става во уста омразениот збор "војна", туку најнапред зборуваше одмерено за "збиднувања" и "евентуалности".

Бидејќи за Сасонов очигледно се се одвиваше добро, без да биде насетен, тој можеше да искористува се што му доаѓаше при рака во неговото натамошно планирање на стратегијата. Ова кај Фон Бер се гледа од следново:

"Меѓутоа, исто и оваа евентуалност, се чинеше дека министерот ја прифати без песими-
зам и, со тон на цврста внатрешна решеност, укажа на фактот кој не можеше повеќе да
се игнорира, дека Големите сили треба да одлучат војната" [па сепак одвратниот поим не
можеше целосно да се одбегне] "со сите средства со политичка, а ако мора и со воена
уметност" [рускиот министер за надворешни работи беше очигледно пријател на умет-
носта, поправо хуманист] "да се локализира" (на наведеното место).

Со ова беше се кажано!

Со ваквото генијално простодушно прикажување на Балканскиот сојуз организиран
лично од него со иманентна последица - Балканските војни како предигра за една голе-
ма европска конфронтација, тој, сите неупатени, до таа мера уверливо ги успа што и са-
миот Вилхелм II во еден запис на Кидерлес, на ова место на маргината запишува "точ-
но". Впрочем, царот Вилхелм не требаше допрва да го убедува во предноста за локали-
зирање на Балканската војна потребата на Сасонов, бидејќи ваквиот став и покрај не-
кои непромислени искажувања одамна беше негова политичка максима, како што и ќе
се покаже. Сите компетентни политичари ова го сметаа за идеално решение,

"кога одзади, далеку, во Турција
народите се тепаат меѓу себе."

Силите на Антантата се преправаа како да беа потиштени од големата грижа дека
европските големи сили, ох ужас!, можат да бидат вовлечени во балканскиот конфликт,
иако нивното планирање се стремеше токму кон тоа.

Сепак, ако Австријците и Германците имаа само малку повеќе осет и недоверба за
развојот што Французите и Русите заедно со Англија навистина го планираат зад оваа
Потемкинова фасада на доверба, тогаш тие ќе можеа политички да се прилагодат. То-
гаш се уште ќе имаше време да се осуди инфамијата на Сасонов и/или восхитеноста од

неговата неизмерна ладнокрвност и бесчувствителност.

Ако..., би..., било....

"Но, темелот за оваа решителност на Европа е во тие денови јасно настанатата солидар-
ност на Големите сили, пред се донесената руско-австриска спогодба,"*942 рече Сасонов по
натаму...

Тоа беше врвот! Ако се размисли дека поради импликациите на Балканот, токму Австрија (уште повеќе од Германија) беше вистинскиот непријател на Русија, што тре-
баше да се уништи, тогаш на Сасонов очигледно не му преостана ништо друго, туку да
ја спроведе оваа мерка на бесрамно претерување за да делува навистина убедливо. Тој
навистина не се двоумеше, на друго место во интервјуто, да се обрати кон своите стари
"пријателски врски" со австрискиот министер за надворешни работи грофот Берхтолд.
Тоа беше всушност премногу! Бидејќи, во никој случај пријателството на Русија и Авс-
трија не беше постаро наспроти руско-австриското непријателство, па дури и личните
врски на министерот за надворешни работи беа тешко оптоварени.

Значи, на Сасонов му успеа да направи така, како Русија сериозно да се труди Бал-
канската војна сепак да ја спречи. Според тоа, со овој ореол на Бидерман, што беше од-
говорен за руската користољубива политика, тој од сите страни доби голема пофалба,
да, наклонетост, во најмала рака симпатија, дури му појде од рака со Австрија, која во
оваа мала "пред"-војна требаше да биде фатена во смртоносната стапица на една навис-
тина голема европска војна, да оствари заеднички демарш кај балканските држави, за да
го побуди мислењето дека тој е еден од оние кои пред тоа го поттикнуваа (и повеќе)
Балканскиот сојуз, а сега, за да се сочува мирот, задолжително сакаат да го спречат. До-
колку мора да се признае дека горецитираната забелешка за "австриско-руската спогод-
ба" на Сасонов, од формално гледна точка, дури беше и точна, дотолку беше поголема
веројатноста на овој начин да се успие австриската будност.

Балканските држави учеснички имаа толку голем сопствен интерес за воениот план
и очекуваниот резултат од него, што во се безгласно учествуваа.

Сепак. кралот на Црна Гора, во својата (без сомнение исто така однапред договоре-
на) одречна нота, си дозволи едно мало самоволие: во неговата реакција на лажниот де-
марш на руските (и австриските) пратеници, покрај. тајно договорената игра, ставија и
повеќе зрнца вистина отколку во руско инсцинираната театарска претстава; кралот Ни-
кола, мегу другото пишува:

"Јас жалам што интервенцијата на силите дојде толку доцна. ... Европа остана глува и јас
верував дека сум заборавен. Во последните 34 години Турција ни стори толку неправда....
Најпосле и конечно, не престанаа масакрите врз нашите христијански браќа на црногор-
ската граница, а тоа ми го скрши срцето."943

Впрочем, во својот соодветен извештај од Цетиње, господинот Фон Екарт (von Ec-
kart) напоменува дека фактот за црногорското објавување војна "на овдешните претс-
тавници на останатите балкански држави не им беше познат." Бидејќи по се изгледа на-

вистина не биле известени, можеа наполно уверливо да кажат дека не постоеја никакви
воени намери на нивните влади и дека "Црна Гора со Србија, Бугарија и Грција [божем]
не стапиле во преговори."944 Ова е точно за Цетиње, дури и десет дена пред црногорско-
то објавување војна, бидејќи тајните преговори се одржуВаа во други главни градови,
пред се во Париз.

Освен тоа и самиот крал на Црна Гора можеше, наспроти гласот што го биеше, да
молчи. Пратеникот известуваше (исто така во септември). дека "кралот и премиерот ...
што се однесува до нивните планови и цели (се завија) во длабоко молчење".945

Тој отиде дури и понатаму: во интерес на задачата кралот го лажеше германскиот

пратеник дека престолонаследникот Данило:

"првобитно, сакаше (се задржа) да се задржи само во Далмација и Венеција,... но потоа
(требаше да) отпатува за Париз за да го посети рускиот великовојвода Николај."

Се разбира, кралот не кажа дека Николај е дојден во Париз за решавачките прегово-
ри на балканските држави (кои траеја една недела).

Впрочем, кралот Никола во своето известување за неговиот син воопшто не беше
далеку од вистината, затоа што со него ороденият великовојвода Николај беше оженет
со една од двете црногорски принцези, кои живееја на царскиот двор. Во основа, тие та-
му ќе го минеа својот живот воопшто незабележани од историјата, ако не беа оние што
на очајната (последна) царица Александра, поранешна принцеза Алиса од Есен-Дарм-
штад (Hessen-Darmstadt), и го донесоа исцелувачот Распутин (Rasputin) за хемофиличниот
принц."946

Во секој случај, германскиот пратеник мораше да допушти дека:

"вистинската цел на извршеното седумдневно патување [на Данило]... до сега не се утвр-

ди."945

Тоа што својот руски колега исто така искрено го залажуваше во незнаење, или пос-
тавува еден повисок степен на мамење - или покажува колку "херметички", министерот
за надворешни работи Сасонов се подготвил.

Што се однесува до посетата на великовојводата на германската граница која, како
од Русите, така и од Французите, не се земаше сериозно. туку како рутински излет, ца-
рот Вилхелм и овој пат не дозволи да му се продаде рог за свеќа. Згора на тоа и на мар-
гината на соодветниот извештај (од Константинопол!) забележа:

"... целата афера на нашата граница ... не беше ... повеќе комедија, туку подготовка за
горчлива стварност."947

Со ова тој повторно, уште еднаш, беше во право (за ова повеќе под бр. 5,1,4 и 5.4).

При ова лажниот маневар се уште не беше завршен:

"Една Балканска војна, под претпоставка дека таа во последниот час сепак нема да се од-
бегне, не е Европска војна".

Ова беше, до избивањето на војната, смирувачката фраза на сите политичари во Санкт Петербург, Париз и Лондон како и на нивните претставници во странство. Добро
се слушаше: омамувачката музика во виенските уши и во берлинскиот воздух. Никој, се
чинеше, не ја препозна предавничката содржина на всушност безначајната забелешка:

како можеше рускиот министер за надворешни работи воопшто да дојде до идејата дека
од една, до таа мера подредена, мала препирка "таму некаде на Ориентот" би можело да
Дојде до "Европска војна", - ако тој немаше предзнаења кои го водеа кон тоа воопшто И
да употреби еден, во толкава мера, разоткривачки поим!?

Сасонов тоа го знаеше; "Германците" не. Оттаму неговиот - за жал успешен - обид за"
претпазливо смирување.

Вака неподносливо оди постојано понатаму:

"дека солидарната Европа можеше ... со скрстени раце да ги посматра борбите."948

Човек би морал како Европеец, всушност, да се срами да им го предочи овој цитат на
денешните Македонци.

Кога во ваква спрега се зборува за "солидарност", од тоа се покажува длабоката изо-
паченост на империјалистичкиот начин на мислење и постапување.

А на што прилега солидарноста со Македонија денес?

5.1.3.3 Наводното одбивање на територијалните промени

1.

Бидејќи слушателите кои говорат германски, на рускиот министер за надворешни
работи му го читаа токму од усните шепотењето за мир, Сасонов не гледаше никаква
причина да престане со тоновите од флејтата. Згора на тоа. тој на сите звона ја најавува-
ше следната етапа од неговата мировна воена стратегија, односно од неговата воена ми-
ровна стратегија.

За да се измери вистинската големина на овој злотвор, требаше, при секоја негова
акција, практично при секој збор, да се предочува дека овој човек патува ширум Европа
за да ја исполни својата задача, да инсценира светска војна - и тоа толку незабележливо
што на крај целиот свет требаше да мисли дека тоа беа лошите Германци. (Всушност,
Германците беа доволно глупави, за ваквите постапки нему да му дадат уште и матери-
јал в раце). Така, тој безгрижно продолжи со својот лажен маневар:

"Неколку недели и се ќе биде повторно по старо, а картата на Источна Европа ќе го задр-
жи поранешниот изглед. Дали победник или поразен, на Балканот во никој случај нема
да настанат територијални промени."948

Ова ќе беше една можност дипломатот глумец да се открие како кловн. Меѓутоа, ни-
кој не дојде на идеја да го праша за царевата нова облека и да дознае зошто балканските
држави, за кој ѓавол воопшто, да се вовлечат во војна, кога потоа се требаше да остане
по старо! Значи, горе-долу за забава!?

При ова се чинеше дека руското кредо за наводното недозволување "територијални
промени" требаше да биде осведочен трик за успивање на внимателноста на политичари-
те кои зборуваат германски, затоа што тие очигледно ништо друго и не сакаа да чујат.

Уште во средината на септември 1912 год., австрискиот министер за надворешни ра-
боти, според телеграмскиот извештај на амбасадата во Виена, имено, се загрижи за:

"опасноста од сериозни компликации во случај балканските држави, при евентуална вој-
на со Турција, да се стремат кон проширување на територииte,"949 бидејќи Австрија не
можеше да дозволи "проширување на Србија кон запад", т.е. кон Босна.

Австрија "под никакви услови не можеше да дозволи"950 ни експанзија на Србија кон
Санџак. Исто така, се разбира, беше одлучено царско-кралскиот Генералштаб како и
австриското "биро за евиденција", да преземат воени мерки за напад, веднаш:

"откако Црна Гора или Србија, или двете заедно навлезат во Санџак."951

" Од стратешко гледиште тоа беше разбирливо, бидејќи Виена не сакаше да дозволи
од една дрска Србија (или Црна Гора), преку можната загуба на Санџак, да биде блоки-
рана нејзината единствена копнена врска кон Турција.

_____стр.318

——Ханс Лотар Штепан——

Меѓутоа, оваа претпазливост повторно, уште еднаш, покажа дека стратешките раз-
мислувања на Антантата, при поставувањето на руската стапица со помош на Санџак
како мамка, беа поставени на наполно точно место! (види долу).

За ова оправдано австриско однесување царот додаде само малку подбивна забелеш-
ка: "Од него [Санџак] Ерентал со радост се откажа."951

Значи, царот Вилхелм II не ја намириса оваа мамка...

За мотивите на балканските кралства беа раширени толку многу варијации, претеж-
но лажни, од кои најважната - и најподлата - беше ослободувањето на христијанскиот
народ во Македонија и Тракија од турскиот јарем, така што еден одговорен политичар
мораше со полно право да размисли за ова. "Подло", особено поради тоа што под изго-
ворот за благородните хуманистички идеали не се криеше ништо друго освен голо наси-
лие и експанзионизам. Тоа значи, погодените народи не беа искористени само како жрт-

вена кланица, туку пред тоа мораа, како лист од смоква, да послужат за возвишените
убедувања на нивните крвници, на Балканските држави и на Големите сили.

Виенскиот "Фраје пресе" (Freie Presse) ја согледа заднината бидејќи пишуваше:

"Обединетите (Балкански држави) сакаа, за Македонија. за Албанија и за Стара Србија
да се дозволи еден вид независност и самоуправување, што Портата го сметаше како
фактичко отцепување. Турција веруваше дека една присилна, од сојузниците, автономија
на нејзините провинции немаше да биде ништо друго освен отсекување оброк кој оддел-
ни балкански држави сакаа да го проголтаат. Тие ќе одговорат со најрешително не. Ова е
многу близу до почетокот на војната, а можеби веќе е и самата војна."952

Ова е можеби прилика уште еднаш јасно да се подвлече дека при планираната Бал-
канска војна еднозначно се работеше за освојувачка, а не за верска војна - по можност
дури и во интерес на другите христијани. Апсолутно не.

Бугарскиот крал бесрамно "прокламираше религиозна војна", како што државниот
секретар Фон Кидерлен во едно известување до амбасадата во Виена со жалење кон-
статира."953 Можеби овој апел придонесе за мотивирање на нејзините христијански војни-
ди, чии татковци и пра-татковци со векови страдаа како робови под турската полумесе-
чина, но со сигурност не беше цел на војната; многу повеќе цел на војната беше алчнос-
та кон повеќе земја, кон голема и империјалистичка моќ.

Меѓутоа, пресретливиот руски министер за надворешни работи му ја реши загриже-
носта за есенцијалниот превратна Балканот, при што, тој категорички исклучи терито-
ријални промени. Наместо тоа тој, понатаму, како скршнувачки маневар, го помести во
прв план, како што е горе опишано, повторно и одново "спроведувањето на реформите
во Македонија".

Тоа што министерот за надворешни работи на хабзбуршката двојна монархија му по-
дари доверба на тврдењето на неговиот руски колега, конечно не беше вина на Сасонов!

Притоа, веќе во секој весник стоеше дека:

"недовербата на македонското население наспроти прокламираните реформи" беше една
од причините "за вознемирувачката состојба на Балканот".954

Ова беше впрочем повторно една стапица, при што македонскиот народ е спомнат
дури како агитаторски. Инаку, Македонците, Тракијците и Епирците се појавуваат пре-
тежно како објект.

Едно соодветно потврдување за целосното дејство на измамничкиот маневар се нао-
ѓа во еден извештај од Софија, во кој пратеништвото и покрај ознаката "нервоза од ви-

сок степен" во Бугарија уште точно три недели пред објавувањето војна, категорички ја
исклучуваше опасноста од војна. Единствената околност, што се чинеше дека го поко-
леба ова убедување, беа "извесните елементи" кои "сега повторно уште еднаш" сакаа да
зборуваат"за бурето барут и искрите":

"Овие елементи се македонски, најнемирните и најтешките во целата земја, што со нив-
ното дејствување веќе натераа неколку влади да имаат непријатни тешкотии, а сега пов-
торно овој момент го сметаат за пригоден... да се поттикне војна."455

Толку погрешен став на странските набљудувачи што природно требаше да претпос-
тават мирен развој.

Но посматрајќи ја историјата на Македонија од овој агол ова е еден (натамошен) истакнат пример за неуморните активности на Македонците (во егзил) за да им го ос-
тварат конечно копнежот за автономија и на својот народ и земја ...

Во една забелешка до кралот во Ромингтен државниот секретар Фон Кидерлен точно
пишуваше:

"дека силите, без оглед на исходот од конфликтот, нема да дозволат никакви територијални промени." Тогаш следи неверојатната реченица (потпишана од рајхканцеларот):
"Противниците на Турција" [значи воинствените балкански држави] "напротив, дотолку помалку ќе приговараат бидејќи тие и самите објавија дека ним им е само до реформи."956

Се разбира - ако тие тоа го рекле, тогаш тоа и ќе биде - како може човек што толку го познава Балканот и интернационалната дипломатија ова да го потврди. (Оваа аргументација можеше да потекнува од Фон Херман Канторовиц).

Мерката "тумбер" - тевтонска простодушност -, малку по малку станува неподнослива.

На друго место глупоста дури и се повторува, се наведуваат симптоми:

"дека балканските држави со нивното вооружување не мислат ништо сериозно."956

Од една инструкција до амбасадата во Виена произлегува дека државниот секретар и по официјалната мобилизација се уште веруваше во противењето на сите големи сили против дозволување на територијални промени ."957

Тоа беше преголемо незнаење!

Од оваа неодговорна лековерност, царот Вилхелм мораше речиси да падне во очај.
На неговиот пратеник војводата Фон Јениш (von Jenisch), со повратна пошта од Ромин-тен му одговори:

- "Неговото Височество не верува дека балканските држави ќе се задоволат со турското убедување за реформи."958

Реалистично, кристално јасно и точно. Зарем во државниот кабинет постоеја сериозни причини ова да се види поинаку?

Зарем Европејците не насетуваа (она што балканските жители одамна го знаеја), на што ќе прилега турскиот "гест на добра волја" во поглед на реформите, дури и во овој

опасен час? Тие се исполнија на следниов начин: под притисок на една демонстрација на
муслиманите, Портата одново го повлече назад веќе со децении дебатираниот закон и
во едно коминике објави дека "реформите ќе бидат најнапред простудирани во комори-
те и ќе зависат од Султанот".959 Забелешките на маргините од царот и во овој случај беа
повторно суштествени и точни:

"Кога војната стои пред врата!!!" и: "Тотално непознавање на ситуацијата."

Неколку дена подоцна Портата со нејзиниот официјален одговор на предлог-
нотата
на балканските држави, одби каков било автономен статус што се бараше за Стара Ср-

бија, Македонија, Албанија и Крит, и навистина "секакво туѓо мешање во изведувањето
на реформскиот план."960 (Дури не треба ни да се праша: при кое изведување?).

Уште во почетокот на октомври 1912 год. "Вестминстер гезет" (Westminster Gazet-
te) ја означи како маневар колективната нота на четирите балкански држави:

... "да се затвори вратата на мировните преговори" и додаде дека ова е "најбесрамниот
'блеф' што се одиграл во историјата".961 (..."to close the door upon peaceful negotiations", "the
boldest'bluf'ever played in history").

Тука не е толку многу интересно (типичното?) англо-саксонско претерување, туку
раниот датум на утврдувањето и фактот дека "Гезет" очигледно не го застапуваше вла-
деачкиот начин на мислење.

При сета критика на владеачкиот систем во Турција, во оваа прилика постоеше и од-
редено разбирање за положбата на Портата. Така "Теглихе рундшау" (Tagliche Runds-
chau), пишуваше:

"Османлиското царство (ќе биде) е поставено пред една исклучително тешка одлука ...,
бидејќи повредената самосвест на Турција ќе се спротивстави на прифаќањето на бара-

њата од овие противници што сразмерно, до пред кусо, време беа во зависен однос кон
Османлиското царство."962

Од "Тајмс" може, како дополнување, да се извлече дека понижувачките концесии во
Турција можат да доведат дури до избувнување на револуција. (Така навистина и се слу-
чи - како веќе во 1908 год. - а одново во 1913 година). Меѓутоа, тие исто така укажаа на
значењето од едно задоволително решение за Македонија, бидејќи во друг случај, на-
место тоа, требаше да се стравува од револуција во Србија, Бугарија и Грција. Констела-
цијата беше толку напната и отежната што навистина само војна можеше да го натера
тогашното население да се помири со неизбежното и да ги прифати дури и горчливите
резултати."963 (!)

2.

Во Виена амбасадорот Фон Штолберг (von Stolberg) го изнесува, во една телеграма,
искажувањето на австрискиот министер за надворешни работи, при што од Сасонов бил
уверуван дека "врз балканските држави ќе се изврши притисок во мировна смисла ..."964 ;

За да се демонстрира колку досега морало да му биде забавно на рускиот шеф на
дипломатијата да ги исполнува неговите деликатни (и злобни) задачи според должноста,
а истовремено наивните австриски и германски противници да ги влече за нос, треба да
са прикаже и вториот дел од реченицата од телеграмата, според којшто Русија, балканс-
ките држави дури:

"... ги застрашува со забелешката за евентаулен воен поход на Австро-Унгарија против
нив."

Лаги, за да се зашемети Виена во сигурноста и да се стрмоглави во пропаст - а истов-
ремено да се прават уште и цинични вицеви.
Резултатот му дава за право на Сасонов.

Меѓутоа, се чини дека во некој поглед Берхтолд сепак е инспириран од извесен сте-

пен на смисла за реалност, бидејќи тој беше убеден дека на балканските држави повеќе
не им беше до турските реформи во Македонија, "туку очигледно само до проширување
на територииите."964 (По ѓаволите ...!).

Откако на грофот како последно средство му падна на ум дека Големите сили треба-
ше на балканските држави да им објават:

"дека тие нема да дозволат никакви промени на географските карти", тој и самиот смета-
ше дека е "дискутабилно дали Русија ќе се сложи со тоа" (на наведеното место).

Очигледно, грофот Берхтолд поаѓа оттаму, дека "останатите големи сили" (остана-
тите покрај Русија), значи Франција и Англија ќе ја одобрат неговата идеја. Трогателно
- како веќе да не постоеше Антанта што со години им испраќаше злокобни сигнали на
средните сили! Берхтолд можеше да се потпре врз австрискиот шеф на генералштабот
Шемуа (Schemua) кој уште во семптември пројавуваше сериозни стравувања поразди:

"силните панславистички струења во царството коишто сакаат да се долеат на еден бал-
кански пожар и се наоѓаат во тивко исчекување дека огнот нема да остане ограничен на
нивната печка." Неговиот конечен заклучок: "Од веројатното избувнување Балканска
војна (може) лесно да настане голема европска војна..."'965

Значи,така!

Зошто никој не слушаше вакви предупредувања?

Германскиот амбасадор во Санкт Петербург, во средината на октомври, во една ана-
лиза, се обиде да го реши теснецот помеѓу големата присила на наметнатиот увид во
растечката опасност од војна и должноста, оттаму произлезените предупредувачки сиг-
нали, задолжително да се земат сериозно, како и тоа дали смее да се има доверба во на-

дежта на руските уверувања кои го залажуваа мирот. Како помошно средство Фон Пур-
тале ја употреби конструкцијата на разлика помеѓу смирувачкиот став на руската влада
и гласните закани на панславистите - како и лутината на Руската православна црква. Со
тоа нему му успеа, површно, едно навистина добро приближување кон тогашната реал-
на ситуација.

За жал, погрешно беше што и владините институции не ја заслужија неговата довер-
ба, бидејќи тие перманентно ја прикриваа вистината. Барем тој не дозволи да биде сосе-
ма успан, туку предупредуваше од можни (само)измами.966

Тоа уште потешко ги погоди неговите колеги во Париз. За време на престојот на Са-
сонов во Париз, амбасадорот Фон Јагов (von Jagow) се наоѓаше дури под двоен удар. Од
една страна, премиерот (и министер за надворешни работи) Поанкаре го запали својот
интелигентен огномет за заведување на берлинците и виенското раководство. Мал при-
мер од еден од многуте извештаи: на 1 октомври, денот на официјалното објавување и
мобилизација, претставниците на балканските држави се наоѓаат во Ке д'0рсе (Quai
d'Orsay);

• "со разбирлив јазик беше речено дека француската влада можеше само да жали и да го
осуди ваквиот чекор. Ке беше судбоносна грешка ако на балканските држави им се даде
надеж дека на овој начин може да ги исполнат своите цели и желби. Франција ќе го упот-
реби сето нејзино влијание за да спречи територијална придобивка за сметка на Турција."

• "Еден ден потоа, господинот Поанкаре на дипломатската средба им ги предупреди бал-
канските пратеници и им препорача да не го следат патот по којшто беа тргнале. Тој, ка-
ко што еден од нив веднаш потоа ми раскажуваше, со невообичаено груб јазик им префр-
лил дека зад грбот на силите склучиле сојуз со очигледно агресивен карактер, дека водат
злосторничка игра со оган" и да не настапуваат со злонамерни барања.967

Од друга страна, оваа добро инсценирана театарска претстава, во која сите личности
беа обединети против Австрија и Германија, а секоја од нив перфектно си го одигра сво-
јот дел, влезе и режисерот лично. Одејќи од Лондон (Балморал), а стасан во Париз, ми-
нистерот за надворешни работи Сасонов му рече на германскиот амбасадор, покрај
многуте други лицемерства:

"Му се чини дека оваа еднодушност на Европа, благодарејќи на германските и францус-
ките напори скоро сигурно ќе постигне голема цел."... "За време на неговиот петдневен
престој господин Сасонов тука прими многу дипломати, а меѓу нив и неколкупати прет-
ставниците на балканските држави. Како што јас беспрекорно можев да заклучам, тој
ним им ... упати многу сериозни приговори" (на наведеното место).

Беспрекорно!?

Поанкаре и Сасонов "отпосле, во доверливи разговори се изјасниј дека балканските
дипломати ги напуштија со едно сосема лошо расположение."967
Аплауз! Претставата целосно успеа!

Депримирачки е што при освртот мора да се препознае колку, наполно успешно гер-
манските, и соговорниците кои зборуваа германски јазик, наседнаа на маскираната љу-
безност на нивните странски колеги.

Од друга страна, склоноста на германските и австриските политичари и службеници
кон пријателските уверувања од странство, не мора да ја соочуваме со постојаниот не-
достаток на недоверба, туку во одредена мера и да ја разбереме. За тоа зборува не само
нивната задача за подобрување на билатералните односи, туку тие се надеваа, по дее-
ниската пропаганда исполнета со омраза, за вистинско постепено приближување на гле-
диштата. Секој знак за "смирување" на хоризонтот беше поздравен со олеснување. Зош-
то инаку тие требаше да потпаднат до таа прекумерност на подмолноста и интригите?

Тие мораа само да бидат внимателни!

Се доаѓа до тоа дека силите на Антантата постојано жонглираа со хипотетички пла-
нови во јавноста, на кој начин би можеле да се вразумат непристојните балкански држа-
ви (кои од друга страна, во внатрешните односи требаше да ги насочат нивните задачи
кон помош при исполнувањето, за што тие конечно ќе добијат награда со поделбата на
Македонија, значи според само привидно одбиениот принцип за проширување на тери-
ториите). Така тие со голема вештина жонглираа со топчињата околу лековерните Гер-
манци и Австријци.

Така на пример, кога рускиот амбасадор во Париз, Исволски - покрај баронот Херт-
виг во Белград, еден од најголемите поддржувачи на министерот за внатрешни работи
Сасонов во неговата воена стратегија - (сигурно наменета за германските уши), предло-
жи:
"силите треба преку гаранции за остварување на реформите во Македонија да ги смират
балканските држави", тогаш францускиот премиер Поанкаре овој предлог - иако многу
актуелен и дискутабилен - го оцени како "премногу опширен."968

Перфектна режија: двете германски држави беа повторно во еден дел убедени во на-
водно добрата волја на останатите големи сили; Русија и Франција изведоа убава фигура
(bella figura), па и покрај тоа добрата идеја беше тргната од маса, т.е. нивните штитеници
на Балканот нема да бидат спречени во нивното експанзивно однесување.

Како дополнителен пример стои уште еден доказ: амбасадорот Фон Јагов штотуку
трогнато известуваше за истурените пофалби, од премиерот Поанкаре па дури и од
"германско-непријателскиот 'Матен'" (по четириесетгодишните тиради на омраза), на
полните со разбирање Германци.969 Дали е потоа чудо што беше толку едноставно да се
здобие - и да се искористи - неговата доверба ?

(Долгите, бессони ноќи, во кои Фон Јагов подоцна, откако мораше да му стане јасно

колку бедно беше изигран, можеше да си префрла поради овие трауматични доживува-
ња кои не можеа ни да се набројат, во историскиот развој им припаѓаат на трагичните
придружни појави за секој од учесниците).

Приговор!

И сите овие мирољубиви и лесноумни луѓе во Германија и Австрија требаше да би-
дат навистина идентични со овој куп милитанти со шилести шлемови и воинствени мон-
струми, кога тие по Првата светска војна беа проколнати од страна на победничките си-
ли, т.е. поранешните лажговци и измамници - и такви да останат и до ден денешен?!

Не!

Само со помош на неприродното самоволно владеење по војната беше можно про-
должувањето и проширувањето на измамата и нагрдувањето на севкупното германско
население кое, од своја страна, зеде активно учество.
Уште еднаш: Тешко на победените (Vae victis).

Кога кај Хенри Корд Мејер се чита за националистите и шовинистите во Англија,
тогаш во случај на англиски пораз, како заговорник на војната немаше да бидат прокол-
нати царот и останатите германски страшни сеништа, туку на пример, еден Карл Пир-
сонс (Karl Pearsons). Требаше да се има разбирање за тоа дека идеите на адмиралот Тир-
пиц од своја страна едвај ќе можеа да се замислат без изјавата на англискиот "капетан
Алфред Т. Махан ... за моќта на флотите на колонијалните водачи во Европа".970 Исто
така, во Русија и Франција имаше доволно империјалисти и агитатори за војна што мо-
жеа лесно да стојат рамо до рамо со германските "јункери", старогерманскиот сојуз и
офицерскиот корпус.

Тогаш ќе се откриеше и злокобната улога на еден англиски бестселер во 1907 год.

"Судир на имиериите" (!!) (The Clash of Empires), во кој Роланд Тирмерс (Rowland 'Thir-
meres) "ги боеше Германците од црно поцрно" и ги жигоса наводните заканувачки амби-
ции на Берлин.971

" 'За да се перфекционизира заблудата силите на Антантата се потрудија да рашират
противречни гласови низ светот:

• " Што се однесува до објавувањето војна од Црна Гора на Турција", пишува амбасадорот
од Париз, "поголемиот дел од печатот го искажува сомневањето дека Црна Гора за своја-
та постапка е наговорена од Бугарија. Меѓутоа, некои весници го гледаат поттикнувачот
во Италија, [а еден]... весник дури се обидува како придвижувачка сила даја означи Авс-
тро-Унгарија.'"972 '

Прекрасно, така можеше да се биде сигурен дека ќе кружат разни шпекулативни ва-
ријанти - само не и вистината.

Тука повторно јасно се открива перфектно координираната функција на Сасонов,
бидејќи непосредно пред тоа амбасадорот Фон Луциус од Санкт Петербург извести дека
премиерот Коковцов (Kokowzow) му раскажал дека руската влада го предупредила цр-
ногорскиот крал Никола "да (не) дозволи,од Бугарија да биде истуркан напред."973

Какво минуциозно планирање!

3.

Во однос на Бугарија, на ова хронолошки пригодно место можат да се вметнат дока-
зи за два документа за потврдување на македонскиот идентитет:

1. Српскиот пратеник во Виена според своите сознанија дава извештај за состојбата
во Бугарија:

"Меродавните личности во Софија сериозно се стремат да го сочуваат мирот, но сомни-
телно е дали можат да го сочуваат расположението во земјата, што се поткопува од мно-
губројната застапеност на Македонците во војската и чиновништвото.'974 (!)

Сосема е разбирливо дека македонските бегалци во Бугарија не сакаа да чујат за смирување на кризата. Тие пред очи имаа доволно материјал за набљудување дека со
Турците може само со сила во нешто да се успее. Од претстојната "ослободителна" вој-
на тие се надеваа на своја конечна автономија - а тоа дека балканските држави имаа са-
мо намера нив да ги предадат, да ги турнат на грб и да се збогатат за сметка на македон-
ската територија, се разбира не им беше обелоденето. (Сепак, интересно е што маке-
донските бегалци во Бугарија со текот на годините во егзил можеа да дојдат до позиции
во војската и чиновништвото).

2. Слично известуваше и пратеникот Фон Билов (von Below) директно од София. Во
еден разговор со шефот на кабинетот на кралот, Добрович (Dobrowitsch), дури и во де-
новите по мобилизацијата не беше исклучена можноста дека во случај на реформи на
Турција во Македонија, што мораа да бидат гарантирани од силите, Бугарија може евен-
туално да се демобилизира. Меѓутоа, се чини дека пратеникот покажа големо сомнева-
ње во изведувањето на неговиот соговорник коешто тој во неговиот извештај го изрази
со интересно образложение:

"Колку. меѓутоа, кралот поседува моќ,... да се справи со барањата на армијата и зад неа
постојниот македонски елемент во заднината, останува да се види."975

Денешните Бугзри мора да се задоволат со овие факти за самостојниот македонски
народ ("елемент").

Една друга омилена метода за внесување конфузија се состоеше во тоа што силите
на Антантата, пред германските и австриските политичари, неповолно се изразуваа за
останатите членки на Антантата при што ги критикуваа и ја доведуваа во сомневање
нивната доверливост за да се избрише впечатокот за монолитно единство и испланира-

на усогласеност. Така амбасадорот Фон Јагов во еден извештај посвети многу пасуси за
мирољубието на француските државници како и за нивните поплаки од Англија и Авс-
трија, а особено тешки од Италија и од нејзината "фриволна авантура во Триполи". Доб-
ра прилика Рим да се обвини како заговорник на "балканските држави, а особено на Цр-
на Гора... за нивното агресивно однесување".

Кајзерот - (а кој друг!) - не дозволи ова да помине забележувајќи: "Барер [Barrere] ја
внесе во сплетки [Италија]". [Барер бевде француски амбасадор во Рим].

Фон Јагов продолжи:

"Исто и сојузничка Русија во францускиот печат нема да се третира со вообичаената, речи-
си понизна, љубезност. Многукратно се јавува сомневање дека Русија игра двојна игра."976

Вистина, оваа аргументација не можеше да се покаже со рака како што покажа Рус-
ката мировна спогодба со Германија во 1917 година. (која принципелно беше исклучена
со договор внатре од Антантата). Така Фергусон во својата веќе спомената книга убед-
ливо истакна дека особено Англичаните, кои и самите постојано ги мамеа другите, не
беа сигурни дали се измамени од нивните сојузници во Антантата. Клетвата на злобни-
от чин...
4.

Што се однесува до повеќепати споменуваните "реформи во Македонија", подготве-
носта на Сасонов за мамење оди толку далеку што тој дури (заедно со размислувањата
за турските провинции), ја применува и во размената на ноти што се одвиваше помеѓу
Русија и Австрија, од една страна, и балканските држави, од друга страна, при што тој ја
претвори во фарса.977 Во овој поглед Германија и Англија немаа удел. Кајзерот Вил-

хелм, кој со својата надареност сепак не ги prospe измамничките намери од англиската

воздржаност, при една случка напиша:

"Многу студеното одбивање на гледиштето на Англија и Германија единствено е исправно."978

Напротив, Австрија се двоумеше да поверува, како што е горе споменато, во "нотата
на Русија која одеше во прилог на христијанската народна група во Македонија" [како
порано во договорот од Мирцштег].979

Колку одвратно предавништво од Русија и каква наивност на Австријците!

Дури и по црногорското објавување војна (на 8.10.) Русија ги држеше во илузија Тур-
ција и Германија/Австрија дека со турското одобрување на автономен статус за нејзини-
те европски провинции, придружено со вистински и незапирливи реформи, можеше да
се спречи војната.

Трезвено, како што Англија тука се изјасни, му рече сер Едвард Грej на германскиот
амбасадор:

"Единствената вистинска можност да се задржи мирот требаше да лежи во една вооруже-
на присилна интервенција. Но за вакво нешто никој немаше да биде подготвен."980

Во овој однос еве уште еден пример за будниот политички осет на царот Вилхелм:

откако државниот канцелар Фон Бетман Холвег во една белешка конечно барем забе-
лежа дека "еден воен судар ... не (беше) само можен туку и веројатен", сепак, додаде:

"Ние можеме работата спокојно да ја очекуваме. Од сите страни се работи на тоа војната
да се локализира,"

тука кајзерот имаше остар слух и напиша на маргината:

"Значи на друго место уште порано отколку кај нас се сметало на тоа."981
Дали господинот Фон Бетман барем се почувствува затечен на дело?

5.1.3.4 Мобилизаци(јата)ите

Конечно, имаше уште една, трета омилена идеја на господинот Сасонов. Железниот
канцелар порано со апсолутна сигурност немаше да премине преку руските изговори,
доколку Сасонов воопшто имаше смелост него толку невешто да го залажува. Но со
ваквата политичка гарнитура тој можеше без размислување да си ја дозволи играта на
мачка и глушец:

"Кога јас помислив ... на веројатната мобилизација на руските трупи"...

Зарем оваа полуреченица си дозволи министерот за надворешни работи Сасонов да
му ја понуди на баронот Фон Бер - не, непријатната задача ја презеде новинарот од него-
виот висок гостин и брзоплето продолжи:

... тука "министерот ја презеде темата со елан, се забележуваше дека тој е подготвен со
задоволство да преземе мерки со соодветни, во вообичаените рамки на рускиот воен за-
кон, казнени мерки против многукратните погрешни толкувања."982

Уште една успешна театарска сцена од господинот Сасонов. Покрај толкаво додво-
рување тој немаше потреба ниту еднаш да биде активен.

Останува само прашањето, што можеше господинот Фон Бер во ноември 1913 год.,
по повод некои новинарски откритија, но најдоцна во јуни/јули 1914 год. да мисли (и да
пишува), кога мораше да дознае дека при руската пробна мобилизација се работеше за
вистинска мобилизација на австриската граница за да може Австрија веднаш да се на-
падне штом ќе штракне стапицата, којашто државниот секретар Фон Кидерлен овој пат
секако се уште можеше да ја отвори.

Дали по доказот за прекумерната лековерност и одвратното понижувачко додвору-
вање е чудо што шефот на кабинетот на рускиот министер за надворешни работи, баро
нот Шилинг(Baron Schiling),го јавна ѓаволот?
Кога при поаѓањето на руската делегација следниот ден од "железничката станица

на улицата Фридрих во 11 часот и 41 минута" еден што доцнеше при разделбата - како
што тоа веќе меѓу пријатели се прави - на патниците им ја довикна "молбата", "скоро да
чујам нешто од вас", господинот Фон Шилинг му довикна назад:

"0 не, за пишување нема да имам време, само за трговија.'"981

За овој дрзок цинизам, ако воопшто можеше, баронот Шилинг ќе зажалеше дури во
1917 год. во Брест-Литовск (Brest-Litowsk).

Што тој, меѓу другото, мислеше под "трговија" ќе стане збор во следните разгледува-
ња. Претчувство за оваа "трговија" имаше единствениот човек од формат што при сето
простачко подлизување ја зачува трезвеноста: царот Вилхелм II.

Најнапред е потребен диференциран поглед кон прашањето за мобилизацијата: при
оваа одредница треба да се разликуваат две, наполно различни една од друга, случки.

Откако Русија во 1911 год., на државите на Балканскиот сојуз со својата гаранциЈа им
го постави темелот за, веќе толку долго, посакуваната Балканска војна против Турција
за добивање на Македонија, четирите балкански кралства нужно мораа за тоа воено да
се подготват. Во врска со ова, со недели се бранувааа гласови, претпоставки, тврдења и
деманти ваму-таму во дипломатскиот сообраќај со Портата, при што секоја страна сака-
ше. во префрлувањата да ја надмине другата. Во заветот од овој наплив и двете страни
го правеа токму она за што го обвинуваа противникот: прикриено се вооружуваа и тајно
ги собираа нивните трупи.983

Пратеникот во Софија, Фон Билов, на почетокот, врз основа на бугарските уверува-
ња, веруваше дека тоа е само чин на демонстрација."984 Исто така, и неговиот колега
грофот Тарновски (Graf Tarnowski) имаше:

"целосна доверба во бугарската влада"... и никогаш "за време на целата криза не верува-
ше во воен развој ..."985

Единствениот член од кругот колеги што "ситуацијата песимистички" ја гледаше бе-
ше, интересно, токму рускиот пратеник Фон Некљудов (von Nekljudov). [Значи не е само
личност од делото на Толстој]. Како резултат на перманентните заблуди не можеше да
изостане известувањето од господинот Фон Билов за овој колега кому вистината му бе-
ше поблиска дека тој е "познат по тоа што неколку пати непотребно ја тревожи својата
влада" (на наведеното место). При ова треба да се појде од тоа дека господинот Н., со
примена на здрав човечки разум, според сопственото уверување и совест, приближно
точно процени, иако тој беше исто толку малку информиран од својата влада како и по-
големиот број негови колеги и домашните (во случајов бугарски)политичари - слично
жо со положбата на англискиот амбасадор Картрајт (Kartwright) при прошталните по-
сети во Баден-Вуртенберг и Виена.

При извршувањето на мобилизацијата Турците беа во најлоша положба, бидејќи нивниот контингент требаше најнапред да се донесе со бродови од Северна Африка и
Блискиот Исток. Меѓу другото ситуацијата водеше кон тоа дека "четирите христијански
балкански држави" ќе ја убедат "Турција да размисли".986
Значи балканските држави (без сомневање само со дозвола, односно по налог од Санкт Петербург) на 1.10.1912 год. официјално ја откажаа мобилизаци/ата.987

Колку перфектно, дотогаш, тајноста насекаде функционираше, потенцира еден из-
вештај од Лондон од тие денови, во кој амбасадорот Фон Килман не известуваше, туку
пишуваше дека тој во Бакингемската палата (Buckingham Palace) или Даунинг Стрит
(Downing Street), или барем во Вајт Хол (White Hall) дознал дека ...,

"Дописништвото на Ројтер откри дека истовремената мобилизација во Бугарија, Србија и
Грција беше резултат на претходна спогодба помеѓу споменатите држави."988

Величествено! Како да можеше во едно толку значајно историско збиднување, как-
во што беше претстојното избувнување на коалициската војна, да има случајно совпаѓа-

ње на одделни наредби за мобилизација! Му беше ли нужно на амбасадорот во оваа
важна прилика да мора да се осврне на напис во весник, барем не кон воздржаноста на
Англичаните во споредба со нивната генерална великодушност при размената на ин-
формациите?

Во еден вид панично затворање на портата Турците се обидоа и во последната мину-
та, преку предлозите до големите сили, особено до Германија и Австрија, да го активи-
раат нивното влијание на Балканот со што, сепак, ќе го спречат започнатото мобилизи-
рање. Меѓу другото, Турција беше исто така подготвена да ги демобилизира своите си-
ли, иако таа (исто како и противниците) постојано тврдеше дека се уште не извршила
мобилизација.989 Пореалистични беа нејзините предлози до грчката влада и надежта да
се оттргне од воената коалиција еден важен партнер. Амбасадорот Фон Вангенхајм на 1
октомври телеграфираше дека Портата ја согледа сериозноста на ситуацијата и поаѓа
од тоа дека Турција има намера да се обедини со Крит".990 Всушност, Атина планираше
на почетокот на октомври да ја предизвика Портата со скорешното пристапување на
критските пратеници во грчките комори. Во неговата телеграма пратеникот доследно
го цитираше неговиот труски колега со зборовите:

- "Ваквата состојба беше од Турција ... третирана како повод за војна (cassus belli)."991

Но во официјалната реакција од Константинопол излезе поинаку: по црногорското
објавување војна од 8.10.1912 год., но пред грчкото (17.10.), Портата бараше спогодува-
ње со Грција "врз основа на коешто Крит ќе биде грчки, а за што Грција" требаше да се
откаже од "нејзините епирски" барања.992 (Се кријат ли зад оваа великодушна блеф-по-
нуда повторно партикуларни интереси на повисоките албански великодостојници?).

Амбасадата од Петербург известуваше дека рускиот министер за надворешни рабо-
ти Сасонов насетува:

"дека Турција ... со предавањето на Крит на Грција сака да ја купи неутралноста на оваа
земја.

Оваа идеја се чини се почувствува како пробен балон, за што уште во средината на
септември му беше кажано на грчкиот премиер Венизелос. Тогаш тој беше обземен од
"мислата", "на Турција да и понуди размена на еден дел од Тесалија за Крит."993 Веројат-
но една измама.

Може да се појде оттаму дека Сасонов им ја испорача на Грците идејата Турците да
се направат несигурни.

Меѓутоа, исто и турскиот предлог не беше ослободен од железната стапица. Бидејќи
Фон Вангенхајм умееше неговата горенаведена телеграма да ја надополни со тоа дека
министерот за надворешни работи Камил-паша (Kiamil Pasha) го остварил обидот за
спогодба (наводно) без знаење на Великиот везир, така што и обајцата, според одамна
испробаниот метод, си ја оставија отворена задната врата, во сериозен случај да можат
да ја пласираат сопствената иницијатива, а соговорникот да се дезавуира.

Впрочем, Турците мораа своите Грци подобро да си ги познаваат, имено, дека во слу-
чај на сомневање во ризикот ќе влезат според: подобро врапче во рака отколку гулаб на
гранка. Како и што се случи...

На 1 октомври, денот на официјалното мобилизирање, амбасадорот Фон Вангенхајм
од Константинопол известуваше дека Великиот везир:

ја согледа "ситацијата за прв пат како исклучиво сериозна"; "без сомневање балканските
држави поднесоа договорен удар (Un coup concerte)." "Намерата е да се постигнат автоном-
ни српски, бугарски и грчки области, а освен тоа и Крит да се соедини со Грција"."995

Точно, целосно погодено - но повторно многу задоцнето увидување.

Исто така уште пред почетокот на војнатаамбасадорот умееше да дополни дека Ве-
ликиот везир во министерскиот совет, во однос на непријатната воена ситуација на Тур-
ција, покажа емотивни реакции:

"На состанокот за ситуацијата Норадунгиан (Noradungian) плачеше."996

За вакво сочуство на еден Велики везир не беше известено во текот на 500-годишно-
то насилно владеење за време на турските освојувачки походи или казнени експедиции
во Европа со убиства, палења и силување жени и деца. (А документите за турските злостор-
ства се опширни).

2.

Од мобилизирањето на балканските држави треба строго да се разграничи руската
мобилизација со движењешо на трупите кон руско-австриската граница во Галиција.
Навистина, Русија веднаш на денот (на црногорското) објавување војна на Турција (на
8.10.) "го мобилизира својот армиски корпус на границата со Австро-Унгарија" (и Рома-
нија).

Никој отпосле не праша зошто Петербург всушност можеше толку брзо да реагира,
иако "сите други" влади - читај: во Австрија и во Германија - беа наполно изненадени и
им беа потребни недели, ако не и месеци за ваква акција?

Оваа акција, подоцна во април 1913 год. во едно коминике од Русија означено како
'пробно мобилизирање", се прикажуваше како безопасна за да се прикрие измамата за
сериозноста на намерата за испланираната руско-австриска конфронтација.997 (за ова
спореди подолу, бр. 5.1.4 и 5.4).

(Британскиот историчар г-дин Страхан (Strachan) ја објавува оваа измама во "Шпигел
специјал" 1/04 дури во 21-то столетие.)

За скорешното (т.е. по точно десет дена) избувнување на Балканската војна руско-
то мобилизирање не само што ќе беше непотребно туку ќе беше и наполно несоодвет-

но, бидејќи Русија на Балканот не сакаше, а веќе не и беше ни потребно, да биде воено
ангажирана - уште помалку на австриската граница, се додека австриската или германс-
ката страна сакаа да го одбегнат ризикот од сериозни недоразбирања. Движењето на
трупите имаше смисла само ако во очекување на австриската опсада на Санџак беше за-
мислено како подготовка за влегување на војската во Австрија.

Токму заради тоа, руската влада толку грчевито - а затоа и толку нападно - не го зе-
маше за сериозно, на што германските овци повторно наседнаа.

Непотребно е да се повтори дека специјално оваа т.н. "пробна" мобилизација беше
првобитниот уводен такт кој требаше да предизвика потрес во цела Европа. Во поглед
»а оваа нечуена ировокација циничната радост на рускиот министер за надворешни ра-
Зоти во Берлин дополнително доби еден особено злобен и измамнички лик кога на Фон

Бер му беше упатено прашање од новинарите по руското доаѓање на војската кон авс-
триската граница.

Ако веќе ниту еден политичар и ниту еден државник, освен царот Вилхелм, не нап-
рави обид за интерпретација, тогаш тоа го стори барем еден новинар од весникот "Дер
таг" (Der Tag):

"Природно, сомнителните погледи се насочуваат кон исток.... Таа до сега малку забеле-
жана пробна мобилизација на делови од армискиот корпус наеднаш (има) доби огромно
значење, а ситуацијата ... не можеше... доволно црно да се согледа."998

На дело: не можеше да биде поцрно!

Една друга кулминациона точка на своите безбројни дрскости достигна Сасонов во
Санкт Петербург, по неговото враќање од Берлин, во еден разговор со амбасадорот
Пуртале. Тој го толкуваше својот поглед за "евентуалностите" на Балканот така просто-

душно што ниту еден соговорник немаше да дојде до идејата дека станува збор за егзис-
тенцијална стапица што тој самиот ја исконструира специјално за Австрија; а најважно-
то прашање од кое што се зависеше, дали "војната на Балканскиот Полуостров ќе дове-
де до натамошни компликации или не", се препушти на ставот на Австрија."999 (Во меѓув-
реме Црна Гора одамна ја беше објавила војната, па според тоа зборот "војна" без мака
му излегуваше преку усните).

Едно австриско "концентрирање на трупите на српската граница" во случај на избув-
нување на војна беше, така рече Сасонов, "сфатливо":

Но, "тој му придава" на еден "порано објавен оглас ... (преку едно официјално коминике)
... голема важност." (исто)

Па -браво!

Ова се нарекува целосен предизвик на еден весник при дипломатски покер. Тој што
пред малку беше речиси затечен во претпазливото премолчување на рускиот поход кон
австриската граница со надеж дека може да ја забошоти вистинската цел на руското мо-
билизирање, со најголема подразбирливост го искажува очекувањето од Австрија при
нејзиниот евентуален поход кон српската граница да се оствари токму она за што тој са-
миот не беше подготвен. Притоа, основаноста на неговото барање (во случај на вистин-
ски судир), беше навистина исто така оправдана, како што ќе беше и обратната, австри-
ско-германската: едно претходно објавување

"ќе го смирише" руското "јавно мислење ... но ќе ја поттикнеше, а немаше да ја одврати, се
уште големата недоверба кон Австрија дека оваа сила сака да ја искористи приликата од-
ново да ги заземе Санџак и Нови Пазар и да ги припои кон себе." (исто)

Како што веќе погоре е цитирано, Русија се заколна дека никогаш повеќе нема да
биде надмудрена од Австрија.

Со својот следен аргумент Сасонов го потврдува правилото дека и на големите, ус-

пешни дипломати може да им се поткраднат тешки грешки. (Меѓутоа, благодарејќи на
нивната репутација, никој не доаѓа на идеја да се посомнева во нивните искази и да ја
провери точноста; освен тоа тие вешто преоѓаат преку поставените прашања, - и без-
друго никогаш не дозволуваат неусогласеност!). Значи:

"Со воено влегување во Санџак, Австро-Унгарија навистина ќе земеше учество во војна-
та и тоа од страната на Турција." (исто)

Каде требаше да лежи логиката на овој конечен заклучок од Сасонов дека Австрија,
ако повторно анектира еден дел од европска Турција, ќе застане на страната на ограбе-
ната држава, останува загатка. Нејзиното решение се изнаоѓа само тогаш ако Сасонов

бараше каква било. исто така тривијална пропагандна причина за приговарање против
Австрија, за да се чини дека - од него самиот наместената - австриска "наклонетост" кон
Турција е поводот поради којшто тој мораше, од своја страна, да се постави на страната
од балканските држави (на овој начин подобро да прикрие дека тој долго време чекал
во заседата што самиот ја поставил).

Впрочем неговите постојани напоменувања за австриското воено навлегување во
Санџак истовремено изгледаат како Австријците да мораа најнапред да го тресна но-
сот во објектот на својата лакомост за да забележат конечно што треба да направат за
да и го понудат на Русија со нетрпение очекуваниот повод да ја затвори стапицата и да
може да влезе со војската во Австрија.

Преглед на 1914 година:

Прашањето за проценката кој прв спроведе мобилизација, исто така играше фунда-
ментална пресудна улога две години подоцна при избувнувањето на Првата светска вој-
на. За предизвикувањето на почетокот на војната, а со тоа и за доделувањето на вината,

како и секогаш во овој случај, тоа беше од централно значење, но подоцна од победничките сили беше "пренаменето", бидејќи реалноста не се вклопуваше во концептот на Антантата.

Тука, Нил Фергусон и самиот се колеба помеѓу Антантата и Тројниот сојуз. Но тој јасно го регистрира "првиот разузнавачки успех" на "германската воена шпионажа", која го донесе "доказот за руската мобилизација", а првиот знак го доби Берлин од Русија, "дека вечерта на 25 јули 1914 год. беше прокламиран период на воена подготовка." "Известувањата за наредбата од кајзерот за општа мобилизација Берлин ги доби на ЗО јули", во што Молтке (Moltke) се убеди дури следното утро."1000

Вистина, оваа јасна констелација во корист на германското воздржано однесување Фергусон ја разводенува неколку страници подолу преку некои ограничувања во однос на одвнвањето на руската мобилизација, но сепак, врз основа на изворноста на неговите студии, не можеше да одбегне да потврди "дека Сасонов и неговите колеги се обидуваа да го наговорат колебливиот цар да се согласи на сеопфатна општа мобилизација. Тој тоа конечно го стори на 30 јули во 14.00 часот ..." (на наведеното место, стр. 203). Така, постои потврда дека доказот за руската мобилизација лежеше пред германското раководство уште вечерта на 30 јули, но Молтке и покрај тоа, за да биде сигурен, неговото потврдување го одолговлечуваше до следното утро, пред да ја донесат Германците својата одлука која зависеше од руското однесување.

Покрај тоа Фергусон споменува дека руското раководство, врз основа на апелите од европските монарси, се противеше:

• "да ги одложи своите воени операции" (на наведеното место). Бидејќи "Русија продолжи со мобилизацијата ... Германците останаа на тоа дека за нив не постои друга можност освен да го сторат истото ... <Војната според возен ред> помеѓу четирите континентални сили започна во оној миг кога Русија се одлучи за општа мобилизација." (на наведеното место, стр. 204).

Ништо не вредеше. Затоа што подоцна, по завршувањето на војната, повеќе ништо
отпосле не се прашуваше и повеќе не беше дозволено дискутирање - се се одвиваше са-
мо според принципот: кај што има сила нема правдина. Со ваква сила беше извршена
присилата, независно од фактот што Германија "не започна", нејзе да и се натовари иск-
лучивата вина за почетокот на војната, а со тоа и за самата војна.

Наспроти последново чисто и јасно опишување на тогашиите случки, на Канторовиц
-кому сосема очигледно не му одговараше позитивниот резултат за Германија при об-

јективното одвивање на настаните - му текна, неговата интерпретација на драматичните
настани околу централното прашање за започнувањето на војната (бидејќи Антантата
толку многу години планираше него, поради поврзаноста со товарењето на вината за
војната, од почетокот да им го подметнат на Германците), да ја започне со "убедливата"
забелешка:

"Една заблуда во историското, а со тоа и во чисто фактографското, конечно го поставу-
ва безмерно преценетото прашање за руската мобилизација ..."1001

Секако - во друг случај на Канторовиц немаше да му преостане ништо друго освен да
мора да признае дека Русија, а не Германија ја започна војната.

Исто и Фриц Фишер е истраен во претставата дека Русија не ја изрече општата мо-
билизација пред Германија. ("Светска сила ..." стр. 58).

На ова место, за да се потенцира шаренилото на историските збиднувања, можеби е
потребно да се цитира, од извештајот на членот на штабот на военото аташе во амбаса-
дата во Виена, потполковникот Фон Билов, од што има можност да се добијат приватни
информации за прашањето на мобилизацијата од еден неочекуван агол на посматрање
во кругот околу царот.

Своевремено, поради поранешната положба во пратеништвото во Атина, тој може-
ше да негува тесни врски со грчкото кралско семејство. Оваа лична врска доведе до та-
му што тој во 1917 год. беше префрлен од Виена во Цирих за да ги обнови одново кон-
тактите со кралското семејство, по долготрајните мерки за држење во тајност (кои беа
потребни да не се даде никаков повод за пропагандата на Антантата против Германија и
против грчкиот крал Константин кој со своето семејство живееше во егзил во Швајца-
рија). Тој, меѓу другото, во декември 1917 год. повеќе пати имаше прилика да зборува со
сопругата на принцот Никола, великовојвотката Елена. Таа и три и пол години по из-
бувнувањето на војната (и веднаш по Октомвриската револуција и по Брест-Литовск
[во секој случај потпишувањето на договорот уследи дури на 3.3.1918J), се уште беше
под влијание на драматичните денови во јули и август 1914 година.

Од нејзините раскажувања потполковникот Фон Билов дозна дека воениот минис-
тер Сухомлинов (Suchomlinow) наредил мобилизација "зад грб" [сигурно се мисли "во тај-
ност", значи без знаење на царот]. Фон Билов меѓу другото пишува:

"Принцезата ... особено се жалеше колку многу можеше во Русија да се биде прелажан од
скрупулозни луѓе за почетокот на војната. Така таа раскажуваше за денот на објавување-
то на војната кој го доживеа кај царската двојка во Царско Село. Атмосферата таму, пос-
ледните денови, поради заострената ситуација во Европа, беше особено вознемирувачка,
но сепак, преку радосни и смирувачки размени на депеши'1002 со нашите најдостоинствени
господа, во очите на царското семејство, повторно доведуваше до потполно враќање во
рамнотежа. Како и во претходните денови, вечерата во оваа особена августовска вечер
мина во исклучително напнато расположение кое се задржа и на масата се додека вели-
ковојводата Борис од Министерството за надворешни работи [од Санкт Петербург] не
беше повикан на телефон и дури не се врати малку побледен со веста: "Германијаја обја-

ви војната!" Без знаење за тајно наредената мобилизација од Сухомлинов и во уверување
дека се изиграни од Германија, во воздухот се створи вознемиреност пред се против него-
вото Височество бидејќи не ги знаеја вистинските случки и се чувствуваа изиграни".1003

Од "вистинските случки" се дознава дека царот беше изигран и, пред се, и самиот во-
општо не знаеше дека не Германците, туку Русите ја започнаа Првата светска војна -
или сепак не се работи за обид да му се олесни на царот и во Германија да се моли за
убаво време? Бидејќи наскоро, по Октомвриската револуција, Троцки дозволи во руски-
от печат да се публикуваат тајните акти на царот и во весникот "Нов живот", Максим

Горки го отпечати текстот од записникот од една тајна седница. Таа се одржа на 21.2.
1914 год. (значи пет месеци пред избувнувањето на војната). Под претседателство на ми-
нистерот за надворешни работи Сасонов се прифати акционата програма на руската вла-
да. За него руската цел во војната беше јасна (се утврди освојувањето на Константинопол
и морскиот теснец, но пред се, што е уште поважно, дека оваа цел не можеше да се пос-
тигне без европска војна против Германија. Под оригиналот од записникот царот Никола
П своерачно напиша: "Заклучоците од разговорот ги сметам за добри во целост".
Па, големовојвотке Елена, што се случува со лошиот Сухомлинов?

Да се вратиме кон хронологијата на Балканскиот сојуз:

Сите лажни сплетки и палетата од измамнички интриги на Антантата беа до таа ме-
ра перфектно средени и толку истрајно делотворно од Сасонов поставени на сцена, што
со децении подоцна дури и корифеите, како Ханс Херцфелд му одобруваа на министе-
рот за надворешни работи дека тој: се колебал

"несигурен, помеѓу потребата за престиж и желбата за зачувување на мирот поради гри-
жата од одговорност."1004

Жалам - чист еуфеминизам, или тотална лекомисленост.
Херцфелд се сомневаше дека се уште не е конечно одговорено прашањето дали Са-
сонов:

"не беше јасно решен да ја разбукне војната на Балканот поради враќање на тешко оште-
тениот руски углед во 1909 година."

Принципелно, секое сомневање е оправдано. Сепак, со оглед на претстојните (и на
оние што по нив следуваат) изведувања него треба да го отстраниме. Трагањето на Херц-
фелд по постојна неизвесност е знак за претпазлив историчар, но не не чуди што после-
диците од руско-англиската спогодба во Ревал во Јуни 1908 год. (или каде и кога, секо-
гаш) му беа непознати.

Тој постојано подвлекува дека Балканскиот сојуз, значи бугарско-српскиот сојуз од
13.3. и бугарско-грчкиот од 29.5.1912 година:

"без целесообразно посредување и охрабрување од руската дипломатија на Балканот
(Хартиг во Белград, Некљудов во Софија) никогаш немаше да се оствари." (исто)

Со ова опишување Херцфелд овозможува есенцијален прилог за расветлување на
заднината за носечката улога на руската влада при овозможувањето и настанувањето на
Балканскиот сојуз и доведувањето до Балканска војна во однос на Првата светска војна.

Мегутоа, тој не ги извлекува нужните зклучоци во поглед на далекусежностите.

Од друга страна, откриениот факт за постоење руска согласност за преземање на су-
диска улога за "планираната поделба на Македонија" и за Херцфелд е позната работа!
(на наведеното место). Дотолку повеќе мора да е точно размислувањето дека тој не го
извлекува наметнатиот, да, токму изнуденият заклучок за постојниот акутен ризик за
голема војна во однос на Австо-Унгарија и Германија, иако тој и самиот ја зема предвид
прочуената средба (исто така веќе спомената) при посетата на францускиот премиер

Поанкаре на Санкт Петербург во август 1912 год., со нејзиниот севкупен опасен потен-
цијал: имено, Сасонов, го "смири"(!!) "загрижениот" премиер со аргументот дека Балкан-
скиот сојуз:

"во својот зачеток содржи не само војна против Турција, туку и против Австро-Унгарија."

(исто)

Зарем ова се уште не му беше доволно на Херцфелд?

Конечно, треба уште да се наведе дека Херцфелд не е осамен во неговото полно со
обsири преценување на карактерните квалитети на рускиот министер за надворешни
работи. На пример и грофот Петер Килманзег (Peter Graf Kielmansegg) ја одобрува сосе-
ма очигледната добра волја на Сасонов кога тој за кризата во јули 1914 год. пишува:
"...се чини дека сега и Сасонов беше убеден во неизбежноста од европска војна."1005

... една војна, која Сасонов со години пред се самиот помагаше да се инсценира за
Антантата!

Во секој случај од срамниот дебакл при погрешната интерпретација на руската мобилизиција во 1912 год. ниту германската државничка.уметност ниту пак научниците
за историја ништо не научија.

Неверојатно:

Русија немаше потреба ниту еднаш да ја промени својата тактика - а камоли нејзина-
та стратегија. За лековерните Германци, односно овци кои зборуваа германски јазик,
беше сосема доволно, две години подоцна во јули 1914 год., да се употреби повторно ис-
тата стапица со веќе еднаш успешната пробна мобилизација.

Исто така, ниту 30 и 60 години подоцна не беше скршена подготвеноста да се наседне на "лагите на Антантата".

На пример:

Откако веќе беа прикажани некои тешко сварливи дегустации од историското знае-
ње на Херман Канторовиц, не може да се одбегне уште една:

Уште во 60-тите години од XX век Канторовиц бесмислено се обидуваше со банални
аргументи да не го земе сериозно предвид повтореното, исто како и т.н. пробна мобили-
зација на Русија, наметнато воено движење кон австриската граница во јули 1914 година.
За релативизирање на префрлувањата за едно руско случајно "агресивно однесување",
тој во своите "стручни мислења" доага до сериозноста на ставот на засегнатите:"... спо-
ред цврстото убедување на руската војска..."1006

Се разбира, кога не се наоѓаат никакви пригодни сведоци за своето согласно пледоа-
је, тогаш се земаат изјавите на обвинетите како вистина. Ова е исто така логично бидеј-
ќи ако цитираната руска војска навистина беше "виновна" се подразбираше дека тоа ќе
биде познато како вистина во целата светска јавност.

Меѓутоа, кога во растегањето на неговото предолго претресување сепак еднаш ста-
нува неизбежно прашањето дека мора да се допушти една случајна руска агресивна на-
мера, тогаш Канторовиц лета назад зад изговорот дека "ова прашање,... хипотетичкии
психолошки не може да се одговори со полна извесност".1006

Тоа е толку едноставно. А уште поедноставно си го прави со германската аргумента-
ција. Таа уште од самиот почеток јасно е означена како "пропаганда" (на наведеното
место).

Сега веќе не е чудно што тој за рускиот министер за надворешни работи зборува ка-
ко за "мирољубив и повлечен Сасонов" (стр. 121). Небаре се работеше за преработување
на конечно сепак неодминливиот приговор кон Русија, и небаре веднаш Константино-
пол ќе станеше цел на војната, Канторовиц услужно ги ослободува Русите од експанзи-
онистичкиот товар:"... кога ... и покрај разочарувачките напори за мир на Сасонов ...дој-

де до војната во Европа, ... освојувањето на Константинопол, се разбира, стана цел и
мирот" (стр. 127). "Се разбира"

(Точно на истиот начин тој дијалектички жонглира ваму-таму помеѓу неговите мисле-
ња дека во никој случај "Елзас-Лотринген" (Elsass-Lothringen) не е вистинската француска
воена цел, туку за него "Елзас-Лотринген" е подразбирливата француска мировна цел).

Смее ли доказот за исклучивата германска вина за војната така непромислено да се
изведува?

Тешко.

5.1.4 Вилхелм II ја проширa стапицата на Алтантата

Како што е напоменато, во 1912 год. Сасонов му зборуваше на германскиот амбаса-
дор во Петербург толку дистанцирано од параметрите (кои во основа беа елементи за
неговата стапица за Австрија), како тие и да не постоеја. Притоа, тој веднаш ја искорис-
ти приликата да изгради повратна позиција која, за Австрија и Германија во секој случај
не беше помалку опасна од неговата поранешна основна идеја; имено, тој претпочиташе
поинакво однесување од Австрија:

• "Дури и кога српските или црногорските трупи во текот на војната би стапнале во облас-
та на Санџак" [колку отмено се изразуваше: "стапнале"] "за Австро-Унгарија не постои
никаква причина за загриженост дека една од овие две држави би можела таму трајно да
се утврди", [ама, се разбира не] "бидејќи цела Европа ја презеде гаранцијата за придржу-
вањето кон статус кво."1007

Зарем ниту еден единствен германски или австриски политичар, односно повисок
службеник не беше иритиран од овој агресивен цинизам? Никој ли не насети опасност?

Ќе беше сосема доволно само внимателно да се слуша, но на тоа ниту еднаш не се ни по-
мисли, а не пак со намера, однапред да се промисли. Остана само еден од "кој е таму" (qui
vive).

Во односната зебелешка за царот, замислата на Сасонов беше збогатена уште со следново дополнување од еден друг извештај што беше на истата линија...

"ако Србите се утврдат во Санџак (Австрија би можела) нив дури и со сила да ги истера,
како егзекутор на намерата, ветена од силите, дека нема да се поднесуваат територијални
промени",

.... Вилхелм, покрај неговиот повик "Мефисто" (со што тој точно го окарактеризира
рускиот министер за надворешни работи и неговиот план), го напиша и коментарот на
маргината:

"при што тогаш сите Словени ќе направеа таков скандал во Русија, што Русија ќе мораше
сепак да реагира."1008

Со тоа Вилхелм II ја опиша до влакно реалната констелација. Очигледно царот по
добро ја познаваше атмосферата во Русија и начинот на размислување на руските во-
дечки личности од неговиот тамошен претставник. Тој сосема јасно ја препозна непри-
телската агресивност на панславизмот, на Руската православна црква како и на постој-
ниот печат кон Германија.

Ако се земе предвид колку рапидно Австрија и Германија ќе мораше по победата на
балканските држави да се прилагодат кон моќта на реалноста, треба безусловно да се
признае усетот на Вилхелм за политичките поврзаности - особено што целиот план на
Антантата беше конципиран токму врз ова гледиште, иако Русија, Франција и Англија
сакаа да го поттикнат привидот дека тие само против своја волја се натерани на ваквото
акцептирање - бидејќи ако царот се сложеше со овој навистина мефистовски план, ис-
конструираниот автоматизам на Антантата ќе се одвиваше токму според неговото

предвидување, ("Русија ќе мораше сепак да реагира"), ќе се остваreше уште во 1912 год.
и ќе се слееше во една голема европска војна.

_____стр. 335

—— МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗОЛ ——

Кој друг политичар што зборува германски јазик успеа, откако Бизмарк повеќе не бе-
ше меѓу живите, да се приближи до способноста на Вилхелм за систематско и аналитичко
проценување на тогашните политички констелации? Сигурно рајх-канцеларот Фон Би-
лов, да, но тој во 1909 год. се повлече. Дали, од друга страна, неговиот висок углед во
странство и неговата промислена дипломатија ќе беа доволни да се спротивстават на же-
лезната волја на една империјалистичка клика во Англија која имаше намера преку војна
да го уништи Вилхелмовиот Германски Рајх, останува историска шпекулација.

Впрочем, присилно нужното и оправданото споменување на исто така позитивните, де-
лумно брилијантни својства на кајзерот Вилхелм II не го негираат ниту неговото често
неконтролирано перчење, ниту пак опасното дејство на овие амплитуди врз политича-
рите од другите земји - особено во случај кога некои од нив сакаа на Вилхелм и на Гер-
манскиот Рајх да им стават јамка поради неговото често нетактично вревење.

Роберт К. Мејси пишува дека, на пример, и првиот лорд на адмиралштабот, Џон Фи-
шер, беше познат по немањето такт; затоа тој него го опишува како "безобѕирен карак-
тер" и како бескрупулозен. (на наведеното место, стр. 384). Кајзерош Вилхелм 11 во ни-
кој случај не беше таков. На природата на овој човек не требаше да и се префрли ниш-
то повеќе од прекумерна пристојност и човечко достоинство.

Но победниците се почитуваат - и ги проколнуваат победените.

Втората забелешка на маргината од кајзерот Вилхелм (во горе наведената белешка)
води во средиштето најадрото од балканскиот конфликт што од Русија, Франција и Ан-
глија беше планиран како подготовка и предизвикувач на европска војна, при што забе-

лешките на царот имаат историска тежина:

1 Кога Фон Кидерлен Вехтер со неразбирлива одмереност пишуваше дека не е "ништо
изненадувачко" што балканските држави, и покрај руските наредби, "едноставно нема да
се обврнат" на тоа, иако ним сепак "стриктно им беше наложено" "да не преземаат ниту
еден чекор без одобрување од Петербург", бидејќи, особено четирите земји "штом тие и
само провизорно се сојузија", "беа многу потешки за управување отколку секоја оддел-
но", царот на маргината забележа:

"а таа (дозволата) ќе уследеше дури откако Русија ќе беше "подготвена" против нас и ќе
проценеше дека е дојден вистинскиот момент за удар!1009

Кајзерот ја прospe стратегијата на Антантата. Државниот секретар - не.

Меѓутоа, бидејќи балканските држави сепак го презедоа "решавачкиот чекор", мора
да била дадена руската дозвола "за удар". Затоа што без дозволата, којашто всушност
беше налог, малите балкански кралства никогаш немаше да ја ризикуваат својата егзис-
тенција со една ваква авантура.

Ова не е ништо. Најдоброто дури допрва доаѓа.

Непоматената јаснотија на политичкото гледање на царот Вилхелм особено се по-
тенцира веќе и со тоа што тој неговиот став го поврзува токму со навидум безначајната
вест: под бр. 5.1.3.2 беше наведена посетата на рускиот великовојвода Николај на Париз
што црногорскиот крал, во врска со патувањето на неговиот син во Франција, се труде-
ше да ја претстави како сосема безопасна. Германскиот амбасадор во Константинопол
известуваше дека неговиот австриски колега, Маркграф Палавичини и префрли на Ру-
сија дека "знаела за Парискатa конференција на балканските претставници".1010

Во телеграмското упатство (телеграма) бр. 74 од 4.10.1912 год., специјално наменета
за известување на амбасадорите во Виена и Петербургу рајх-канцеларот ги состави ци-

гите од извештајот - поради нивниот дострел - и забелешките запишани од царот на
маргините.

Потоа кајзерот Вилхелм во заклучокот на маргината за случката со рускиот велико-
војвода пишуваше дека Николај не само што "информира за намерите на балканските
држави" туку (како што тој додаде од ненаведен извор од Рим) великовојводата во Па-
риз дури претседаваше (!) за време на советувањата. Тогаш Вилхелм го скицира руски-
план со следниве зборови:

- "Австрија ќе удри против Србија,

- ова ке доведе до тоа Русија да нападне,

- со тоа врз нас ќе се примени Сојузот (casus foederis),

- во тој случај Галија веднаш треба да не нападне од зад грб"1011

Овие поврзаности нам, што сме подоцна родени, толку ни се познати што ни се здо-
девни до смрт. Меѓутоа, кајзерот ја препозна заднината - за разлика од сите останати во-
дечки личности во Берлин и Виена - уште пред 90 години! Непроменливите ставови на
железниот канцелар сепак, значи, не минаа крај него без трага.

Само тоа што и неговиот вујко Едвард, кралот на Англија, ќе биде активен зад него-
от грб страната од неговиот противник што планираше (и изведе) војна - сепак бе-
многу погнасно за Вилхелм отколку што чесниот Прус можеше да замисли, една до
таа мера, лажливост и омраза.

Но токму тоа беше реалната состојба, како што, впрочем, пишуваше и амстердам-
скиот "Стандард" од 1.12.1917 год. врз основа на некои тајни акти на царот кои беа обја-
вени во револуционерниот Петербург. Весникот "Норддојче алгемајне цајтунг" го пре-
зема текстот на холандскиот весник и го отпечати во изданието бр. 270 од 6.12.1917 год.
(R 20733-2, лист 111):

За волја на вистината, веќе се претпоставуваше дека Антантата "многу порано пред 1914 год.
била единствена во тоа што ќе стори во случај на војна. Меѓутоа, независно од тоа колку секој,
без никакви илузии, беше свесен за алчноста (на Антантата), исто толку никој, дури ни од далеку,
не се осмели ниту да да помисли дека во времето кога германскиот кајзер најпријателски беше
пречекуван како во Лондон така и во Петербург, Англија, Франција, Италија и Русија зад негови-
от грб буквално би ковале заговор да ја нападнат Германија во дадено време."

Во овој однос Бизмарк, ако имаше можност, ќе укажеше и на кобното влијание на
поранешната данска принцеза Александра, сопругата на англискиот крал. Дали можеби
Вилхелм помисли на тоа?

Авторот е склон да се посомнева во тоа, бидејќи, без оглед на неговото постојано неподноснли-
во денунцирање и останатите нетактичности, за царот поимите брак и верност не претставуваа
флоскули - особини што тој (за жал) му ги признаваше и на секој друг. Следствено, како би можел
тој на својот вујко некогаш да му подметне таква подмолност?!

За да може исклучителниот карактер на анализата на кајзерот да биде вистински вреднуван, треба да имаме предвид дека тој неа ја состави веќе на 4 октомври 1912 год.;

т.е.тоа значи: вистина, неколку дена по координираното мобилизирање на балканските
држави на 1 октомври, но се уште пред црногорското објавување војна на 8 октомври и
пред вистинскиот почеток на војната со огласувањето на другите три објавувања на вој-
на 17.10.1912 година.

Наспроти тоа на (светската) јавност овие односи и станаа познати дури со задоцнува-
ње од една година и тоа како последица на една (бугарска) индискреција со отпечатува-
њето на текстот на бугарско-грчкиот договор за создавање Балкански сојуз, како и за
воената конвенција за освојување на Македонија, на што ќе се навратиме во натамош-
ниот хронолошки тек во оваа глава. (види бр. 5.4, а особено 5.4.2).

(Меѓу другото, гореспоменатото сценарио на Антантата, Австрија да се предизвикува се додека не нападне и на тој начин да се започне голема европска војна, се уште не е,
како што подоцна ќе се разјасни, комплетно).

На ова место повторно се укажува приликата - и покрај неговиот повремен мартијален јазик - да се документира безусловната подготвеност за мир на Вилхелм II, на што
многупати укажуваше државниот секретар Фон Билов во своите "Знаменитости" (како
и на други места, на пример, на стр.198). Исто и грофот Кристијан фон Кроков (Cristian
Graf von Krockow) во неговата биографија за Вилхелм II укажува токму на истото карактеристично својство на кајзерот, при што не заборава да потсети на тоа дека одредени
германски кругови токму поради тоа него го чувствуваа како пречка. Како на пример:

Во поднесениот извештај од гореспоменатата телеграма од амбасадорот во Константинопол, покрај цитатот кога рускиот воен аташе во доверба му рече "кога Австрија ќе
ја нападне Србија,..." царот кусо и јасно забележа:

"за тоа нема никаква причина." (исто),

Дури ни кралот Франц Јозеф, а ниту пак министерот за надворешни работи грофот
Берхтолд, не се осмелија да ја разгледаат оваа пресуда и не се осврнаа на неа.

Само господинот Фон Бетман Х., околу една и пол година подоцна, се почувствува
овластен да се спротивстави на решението на царот за одржување на мирот.

Така, реагираше само еден човек, за кого војводата Билов подоцна пишува дека тој
"ништо не разбира од надворешната политика".1012 (Инаку, Фон Биловата оцена за неговиот наследник не е токму додворувачка,1013 додека пак Р.К. Мејси, исто така како и Михаел Штурмер, го гледаат Фон Бетман Холвег помалку критички).

Дали некогаш Фон Бетман е повикан на одговорност поради својата политика? Или

барем доби една од безбројните кофи полни злоба кои беа истурени врз Вилхелм II? Тоа
и го заслужи.

Повеќе од жално е што Фон Кидерлен не ја доведе скепсата на царот во врска со личноста и политиката на рускиот министер за надворешни работи, туку, исто како и
многумина други, му подлегна на шармот на Сасонов. Напротив, Вилхелм II во ната-
мошното карактеризирање на Сасонов пишува на маргината дека тој е "лажго" и "ит-
рец".1011 Овој лажен, но итар министер, во почетокот на октомври 1912 год., можеше да
се врати од Берлин во Петербург убеден дека со право ги влечеше за нос Германците и
Австријците. Сознанијата на царот не се преточија во книга, па од политичкото рако-
водство во Берлин не можеше да бидат препознаени, а потоа и применети.

Или сепак ? Но, за тоа подоцна.

Така, по неговото враќање, Сасонов можеше на мира, на сите звона да ја најави сво-
јата следна фаза, т.е. на останатите три балкански држави, Србија, Бугарија и Грција,да
им даде сигнал за нивното објавување војна на Турција.

Дури во овој момент на набљудувачите им светна зошто, всушност, токму на Црна
Гора, - наместо, како што сите очекуваа, на Бугарија - и беше доделена задачата првада
објави војна: бидејќи, кога брбливиот црногорски крал (кој, како што е опишано, може-
Ше и да молчи) го презеде овој чекор, тој дејствуваше скоро смирувачки врз сојузот на
трите држави и беше многу помалку сензационално отколку ако едно од другите три
кралства објавеше војна. Уште еден доказ за совесната работа на Сасонов во Генерал-
штабот.

Кому ова не му се чини преукрасено, тој се сеќава на заедничката, односно договоре-
ната мобилизација на 1 октомври. За ова, еден австриски весник на 5 октомври пишува:

——Ханс Лотар Штепан —

"Гледаме еден, до најмал детаљ, договорен план. Обединетите балкански држави истовремено мобилизираат, истовремено маршираат и дејствуваат, под едно раководство однадвор непрепознатливо, толку единствено како да имаат една волја и едно тело."1014

Едно тело сигурно немаа, - но волја, да: имено, руската, односно онаа на Антантата.

Бесконечните коинциденции од овој тип сепак го поттикнаа вниманието на некои современици. Така еден новинар од "Теглихе рундшау" скептично праша:

"Зарем можеби сепак царството не е големиот управувач со нишките по кои балканските групи танцуваат според неговата волја ...?"1015 И продолжува: "...бидејќи со ... тоа ... се исполнува завештанието на Петар Велики за обезбедување слободен приод кон Средоземното Море..."?

Ова дополнување во никој сличај не е погрешно: конечно, "Ное фрае пресе" се сеќава на деновите од средбата кога царот Николај (I) пофално:

• "го замоли англискиот амбасадор Сејмор (Seymore) Англија да го подели наследството на болниот човек со него."1016

• "Сето ова укажува на тоа дека Русија е поврзана со словенските балкански држави со тајни нишки." "Во тој случај изгледите на Турција се многу мрачни, ако не и безнадежни"... "Така таа стана ... барем во европскиот дел, плен на словенските држави"."1017

И покрај сите останати незнаења ова беше прецизно искажување.

Вистинското јадро на планот на Антантата, односно последичниот план, во секој случај беше толку гнасен што, очигледно, никој не се осмелуваше на него ниту да помисли, а не пак да го објави.

Планирано или не, весникот изрече предупредувачка опомена која лошо се вклопуваше во просторот уште и во 1871 год.: се подразбираше

"дека германската влада во сојуз со Австро-Унгарија не бира средства навремено да го
згасне вивнатиот балкански оган кој лесно може да доведе до 'светски пожар', или барем
да го локализира" (на наведеното место).

Како што е горе споменато, на 8 октомври Црна Гора и објави војна на Турција. Са-
мо како куриозитет ќе надополниме дека министерската резиденција од Цетиње извес-
ти како црногорскиот крал ги финансираше воените трошоци: најмалку 300.000 круни
потекнуваат од "руските квартални субвенции". Веќе две недели пред тоа во Виена беше
позната една информација објавена од Цетиње, која дури и на лековерниот гроф Берх-
толд руската политика му ја прикажа во својственото дволично светло:

"три дена пред [црногорското] објавување војна пристигнаа половина милион рубли од
Русија ..."1018

Понатаму, околу 1 до 1,5 милион круни се добиени од австриски заем, а и бугарскиот
пратеник сметаше дека "е можна" исплата и од неговата влада.

Од ова господинот Фон Екарт (во секој случај дури десет дена по избувнувањето на
војната) можеше да го утврди точниот датум на бугарско-српскиот договор за сојуз во
март 1912 година."1019 Наспроти тоа, датумот на грчко-бугарската спогодба (во мај) и на-
таму остана непознат: се нагаѓаше за јули.
Останатите тројца обединети:

"на 13 октомври на Константинопол и на Големите сили им предадоа исти ноти во кои
тие од Турција бараа опсежна реформска програма во нејзините европски области. Отка-
ко Турција ги остави овие ноти неодговорени, а од своја сграна на 15 октомври го отпови-
ка нејзиниот претставник во балканските држави, на 17 октомври Бугарија, Србија и Гр-
ција и објавија војна на Турција."1020

Првата балканска војна избувна. (продолжение од бр. 5.2)

На ова место е неминовно зафаќањето во Фишеровата "Војна на илузиите" (стр. 215):

Својата хипотеза дека Германија е единствениот виновник за избувнувањето на Првата свет-
ска војна Фишер ја развива врз многубројни факти. Авторот треба да го интересираат само оние
кои спаѓаат во доменот на темата. Покрај многу други несоодветности, Фишер поаѓа од претпос-
тавката дека објавувањата на војната од страна на трите, исто така, споменати сојузнички партне-
ри на Турција на 17 октомври 1912 год. останаа без поддршка од Русија, - а згора на тоа, тој толку
малку ги познаваше интензивните врски на Русија со нив, што претпостави дека Русија дури се
обиде да ги спречи четирите обединети сојузници во војната против Турција. Понатаму тој пишува
(точно) дека Русија, сепак, сакаше да ги спречи интервенциите (на другите сили) против четирите
балкански држави. Оваа противречна политика поставува една загатка, така што останува напол-
но необјаснето како можеше Фишер да пишува дека Русија се трудела да ги спречи во интервенци-
јата "Големите сили", односно и Англија и Франција (!!).

Особените врски на Русија и - во заднина - Антантата со балканските држави со нивната (спо-
редно) поставена цел против турска Македонија, но со насока на главниот удар против Австрија, а
со тоа и против Германија, останууваат кај Фишер наполно запоставени што, следствено, доведува
до еклатантно погрешна проценка во однос на поделбата на виност и невиност, односно делумна
вина за избувнувањето на Првата светска војна.

Генерално мора со чудење да се констатира со каков ангажман Фишер се труди на
Германија да и ја припише сета вина; се чини дека тој е фиксиран токму врз оваа идеја.
Според впечатокот на авторот таа ги донесува прикажувањата на Фишер до целосниот
осврт за воените планови и до целите на останатите големи сили, особено на Англија.
Се чини дека тој најмалку се интересира за изедначувањето на неговите тези во однос
на Германија со политиката на останатите учесници во Светската војна. Дури во негови-
те собрани дела во 1977 год. ("Првата светска војна и германската историска слика ...")

тој пишува, како да се чувствуваше затечен, дека е дојдено време "во една севкупна слика на империјализмот"... "преку вовлекувањето на сите држави од предвоеното и воено-
то време" ... "да се комплетираат размислувањата кои се однесуваат на Германија",... и
"да се покажат империјалистичките цели и методи на останатите големи држави ..." (на.
наведеното место, стр. 12 и 13).

Не,пардон,не е дојдено времето.Тоа веќе одамна беше дојдено...

5.1.5 Германскиот кајзер, грчкиот престолонаследнак и Македонија

Бројот на забелешките од кајзерот Вилхелм на маргините (само на актите од Минис-
терството за надворешни работи) е огромен. За нивната содржина и интерпретација беа
составени цели расправии.

Наспроти тоа, според авторот, сопствените текстови на кајзерот (освен писмата) ретко паѓаат в очи. Требаше ли да се смета за можно дека токму Македонија што, како
и целиот Балкан, во Бизмарковото време беше толку далеку од Германскиот Рајх [за да
се разјасни оваа политика, тука на крајот, е исто толку малку потребно, како и на поче-
токот на оваа работа во првиот дел, да се цитира неговата позната изрека] - значи, дека
токму Македонија, многу повеќе од сите останати европски провинции на Турција, беше
предмет на една особена директива на германскиот кајзер?

Меѓутоа, не е точно дека името на Македонија или на некоја друга балканска држава
се појавува само еднаш во текстот кој има многу страници - а сепак овој регион без сом-
нение ја создава заднината, па дури и непосредната причина за да ги стави своите мисли

на хартија. Тоа што Вилхелм во својот концепт не го употребува ова или кое било друго
име, се разбира, не произлегува од незнаење или политичка воздржаност, туку поскоро
од една психолошка калкулација: тој не сметаше дека е опортунистички да не го специ-

фицира својот генерален став во политичките идеи за изгледот на Балканот преку наведување имиња. Затоа тој поскоро не го наведува името на секоја земја поради можноста за погрешно толкување на неговото мислење, а со тоа и за прикажување на неговата основна мисла.

Кајзерот не ја споменуваше Македонија затоа што во неговата - за жал мора толку екстремно да се означи - застарена, т.е. како и пред тоа, монархистичката слика за светот (а во која друга!) како и да не постоеше, така што неспомнувањето кај него, во никој случај, не беше еднакво на потценување или омаловажување, бидејќи ниту еднаш Македонците на живееја во признаена држава и затоа од Германскиот Рајх, како и од другите големи сили во тоа време, беа третирани само како расположлива маса. Навистина важните имиња за него, поради коишто тој воопшто и се трудеше да изврши сопствена разработка, Вилхелм не ги наведуваше поради педагошката стратегија; можеше дури точно да се каже дека тој ним им го подреди, да, поправо им го прикри вистинскиот извор на неговите интереси - неговите лични интереси - кои не мораше да и ги прикаже на јавноста, а уште помалку на администрацијата. Тоа, како што се чини, му успеа. Од неговиот текст, со што тој мислеше да состави само една општа политичка порака, никој не требаше однапред да дознае каква длабока смисла лежи во него. Или поинаку кажано: тој едноставно не сакаше да објави кои приватни мотиви се внесени во ненадејното ангажирање околу Балканот. Конечно, во неговото експозе се појавува една за него навистина "револуционерна" идеја: одвраќање од исламска Турција и завртување кон христијанско-православниот Балкан. При ова, во секој случај, мора да имаме предвид, на што и Фриц Фишер укажува, дека Вилхелм II кон:

"младотурците бездруго (имаше) одбивност, бидејќи тие за него претставуваа симбол за омразената 'револуција'."1021

Од друга страна султанот, како и пред тоа, беше "негов пријател" при службата и по-

честите.

Нема потреба околу ова многу да се зборува:
Кај личниот мотив на кајзерот Вилхелм се работеше, се разбира, за Грција. Од ова
споменато име не е тешко да се заклучи дека зад неговото одбегнување се крие принцот
Константин. А кој стоеше зад, односно до - или сосема пред - престолонаследникот? Се
разбира...! Можеше само така да биде.

Значи, за што се работеше?

Нема потреба од повторување дека Германија играше важна улога во заднината на
Австро-Унгарија во историскиот развој пред избувнувањето на Првата светска војна-
Меѓутоа, исто така, и во самиот балкански конфликт, иако на прв поглед не се препоз-
наваше, Германија беше сразмерно инволвирана - дури и ако се изостави несреќното по-
врзување на германската со австриската судбина во однос на Босна. Оваа улога, се воо-
чува во односите на Германија кон Турција, а особено на царскиот двор кон Турција, од-
носно кон Султанот. Многу децении врските со Османлиското царство играа забележи-
телна улога во надворешната политика на Германскиот Рајх и неговите цареви; не дес-
труктивно или на штета на трет (значи поинаку од Франција која, уште од XVI век,
склучуваше сојузи со Султанот за да анектира германски територии со ненадејни напа-
ди или трикови за т.н. "реобединување"), туку како убеденост во важната функција на
Турција во Југоисточна Европа и на Блискиот Исток.

(Постојаните арогантни говори на царот, на пример, за германските врски со ислам-
скиот свет, во однос на подразбирливото располагање на Велика Британија со огромно
светско царство, можат поскоро да се согледаат како детски обид да се однесува така
како тој да беше во најмала рака пријател - кога веќе не "сопственик" - на една голема
заедница на народи. Неговите парадни говори беа од таков вид, од онаа сорта што, спо-

ред Хенри Корд Мејер, англиските политичари многу повеќе и многу погрубо ги рас-
трубуваа. На ова место треба да се спомене"1022 адмиралот Филип Хауард Коломб (Phillip
Howard Columb) што само Мејер го наведува, наспроти чии агитации царот и Тирпиц беа
токму безопасни. Исто така, и познатиот заканувачки говор на Џорџ Лојд против Гер-
манија за време на втората мароканска криза, одржан на 2.17.1911 год. во Меншнхаус
(Mansionhouse) што, покрај многу други автори, го наведува и Н.Фергусон1023, не прида-
несе многу за мирот).

(Од друга страна, во овој случај ќе мора да се согласиме со оценатa на Фишер ("Зафаќање по
светската моќ", стр. 27), дека Англија со овој говор за надворешно-политичката ситуација јасно ис-
тапи од нејзината, инаку, воздржана резервираност. Лондон сакаше на Франција да и заштеди по-
нижување, а истовремено, во англискиот концепт за урамнотежување, да ја демонстрира значајна-
та улога на францускиот партнер во Антантата, за да нема двоумење во намерата да се дозволи
воспоставување англиска наместо германска хегемонија. Резултатот и даде право на Англија:

всушност, кајзерот Вилхелм и рајх-канцеларот Бетман Х. се повлекоа кога мораа да увидат дека ја
потценија сериозноста на профранцуската политика на Англија. ("Војна на илузиите", стр. 126).

Па сепак, мораше да дојде до прекин на добрите односи на кајзерот Вилхелм II со
Турција, дури и до раскинување. Пратеникот Фон Јениш во својот извештај до рајх-кан-
целарот на 2 октомври од Роминтен, (кој носеше повеќе карактер на приватно писмо),
го внесе усното жалење:

"Постојано се обидувам да му разјаснам на Неговото Височество" [ти реков-ми рече] "дека
задржувањето и утврдувањето на турската држава во Европа е сосема во наш интерес. Но
Неговото Височество... веќе некое време не сака воопшто нешто да знае за Турција."1024

Оваа состојба баронот Фон Јениш без соменение точно ја прикажал и во тоа не тре-

ба да се зафаќа. Но тој очигледно не ги знаеше причините кои кајзерот го поттикнаа
"веќе некое време" да го промени односот, па дури и да го укине човекот за врска со
рајх-кабинетот.

Впрочем, пратеникот - секако повеќе несвесно - во истиот допис го потврди висо-
киот стандард на политичкиот увид на кајзерот со тоа што пишуваше:

"С. М. ...е многу недоверлив во Русија и Англија ... и се сомнева во чесноста на намерата
на Големите сили да го запрат балканскиот пожар.""1024 (!)

Прекрасно! Колку кајзерот беше во право. Господинот Фон Јениш и покрај општата
мобилизација на балканските кралства тоа очигледно го гледаше поинаку. Денес се пра-
шуваме: како можеше тој да не се двоуми за "чесната намера" на Антантата?

Дали баронот или останатите соработници на кајзерот, односно владата, подоцна, кога се
стана очигледно, повторно нему му се обратија за, мирно може да кажеме, извинување
или барем
молеа за милост?

Интересите на Вилхелм за Балканската војна посредно беа поврзани со Македонија,
но непосредно исклучиво со Грција. Неговите променливи симпатии ќе можат да се об-
јаснат само преку заднината на неговите лични врски со грчкиот престолонаследник, со
шурата Константин (кој во семејниот круг исто така и од него беше именуван само со
Тино). Во текот на годините во кои развојот на Балканскиот сојуз се влечкаше повеќе
лошо отколку добро, на сопругот од сестрата на Вилхелм мора да му успеало герман-

скиот кајзер - веројатно во сојуз со Софија - да го наговори да се откаже од принципот
за неповредливоста на статус кво во интерес на една реевропеизација и поделба на оста-
токот од турските провинции, а неговите симпатии да ги префрли од Турција кон бал-
канските држави: читај Грција.

Исклучено е дека експанзијата поставена за цел помеѓу двајцата мажи можеше да се
разгледува како решение без војна, бидејќи тоа, според 500-годишното, а особено со ис-
куството од последните 230 години со Турците, мораше да се оцени како невозможно.
Дека при убедувањето е искористен и аргументот за потреба од водење на оваа војна за-
ради ослободување на христијанското население од турското ропство е крајно неверо-
јатно, се додека се верува во коректноста на двата истакнати карактера што се препоз-
нават во материјалите. Згора на тоа, грчкиот апел до царскиот шура за согласност за
насилно решение на проблемот, кој во обратниот случај бесконечно ќе тлееше во ев-
ропските провинции под турската полумесечина, едноставно можеше да биде насочен
од војникот Константин кон војникот Вилхелм. Бидејќи во кајзеровата директива од
4 октомври се наоѓаат докази - кои само така можат да се интерпретираат - за оваа (ако
ми е дозволено) проста, но сепак вековна, ако не и илјадагодишна воена доктрина.

Имено, кајзерот пишуваше:

"Како што стојат работите, мора да доведат до судир помеѓу балќанските држави со исту-
рениот дел на Турција во Европа. (бр. 2, стр. 3).

Бидејќи ова не оди со добро, ќе мора да има борба. (бр. 3,стр. 4) и:

Слободно може да дојде до војна. Притоа, балканските држави ќе покажат за што се спо-
собни и дали имаат право на егзистенција. Ако решително ја победат Турција, тогаш се
во право и им следува соодветна награда. Ако бидат поразени, тогаш ќе останат мали и
долго време ќе бидат мирни и ќе одржуваат мир, а територијалното прашање ќе се ис-
клучи." (бр. 4, стр. 5).1025

Токму последниот синџир на аргументирање мора да бил тој со којшто симпатични-
от Константин, со државно образование, пруски воспитан во германско господство од
еден домашен германски учител, ја стави во тасот на терезијата неговата чест како вој-

ник во име на сета грчка армија и со тоа присилно ја изнуди војничката чест на кајзерот,
да се дозволи бој на бојното поле за решение "по пат на посилниот". Имено, не може да
се превиди текстот на Вилхелм во кој тој пишува за неговите симпатии кон развиениот
антитурски план искован од Константин:

Премалку се обѕрнуваме на волјата на народот [ej, гледај таму, господинот монарх!]
кој ја сака борбата за територијално зголемување; во друг случај тој ако може ќе се по-
буниина:

"владетелите ќе им приготви револуција ... затоа што е потребно многу малку тие... од...
народот да бидат отфрлени или дури убиени", вклучително и "евентуален пад на балкан-
ските династии". (стр. 1-3).1026

Стравувањето на Вилхелм во никој случај не беше напразно. Изворот за тоа може
многу точно да се проследи, останува, што би се рекло, во семејството: неколку дена
пред тоа вршителот на работите во Атина, Фон Бил (von Biel), телеграфираше дека "од
госпоѓата престолонаследничка" му било "наредено":

"Високата жена е во крајно напнато расположение", затоа што грчката армија "не е до-
волно подготвена за војна". И тогаш решавачката реченица: "Во случај на пораз на Грци-
ја револуцијата е извесна." "Високата жена конечно ја искажа нејзината итна желба, за
секој случај, заради нејзина безбедност, да и пратиме еден воен брод."1027

Никакво чудо што братот дома беше толку загрижен и се спротивстави на револу-
ционерното решение (на младотурците). Тој не му го посакуваше тоа ниту на својот шу-

ра, идниот наследник на грчкиот крал Георг, ниту пак на својата омилена сестра, која
што тогаш најверојатно никогаш повеќе немаше да има достоинство на една ... Неза-

мисливо! Затоа тој сепак претпочиташе (сосема тајно), да ги стави во мирување негови-
те добри односи со Султанот. И тоа консеквентно. Бидејќи еден австриски весник на 5
октомври пишуваше за опасностите од претстојната војна и заклучи:
"Доследна е судбината дека Турција е принудена на оваа борба бидејќи таа не можеше да
го пронајде приклучокот кон европската очовеченост и пропушти поданиците да ги нап-
рави граѓани и да им пружи доброчинство со уредна правна безбедност." Лапидарна за-
белешка на маргината од кајзерот -Видхелм: "Доследно е исто и припојувањето на Крит
кон Грција"."1028

Така може да се менуваат времињата, погледите и интересите. Крвта вода не станува
—а особено, во кралските дворци.

Овој курс на Вилхелм П во никој случај не беше екстремно однесување. Тоа многу
повеќе одговараше токму на политиката на Англичаните, што ја скицираше амбасадо-
рот Килман, по еден разговор со министерот за надворешни работи сер Едвард ГреЦ
според што решението на прашањето за Крит:

можеше да биде "или приклучување кон Грција... или автономија на Крит".1029

Разликата лежи во оддалечувањето на Вилхелм од Султанот, односно од Турција, а
за тоа Англија имаше постојан функционален интерес.

На ова место задолжително мора повторно да се потсетиме на генијалноста на Биз
марк во надворешната политика (и покрај сите непростиви грешки кои му се поткрад-
наа во внатрешната и културната политика, а кои предизвикаа големи потреси во Гер-
манскиот Рајх, но и во стопанската политика - се мисли на неуспешната политика за
заштитна царина и на Ломбардија - кои како последица доведоа до катастрофално вло-
шување на германските односи токму со онаа држава која за Бизмарк претставуваше
особена грижа - Русија). Зарем во 1889 год. железниот канцелар, со еден, во однос на ма-
лата Грција (како што во хронологијата на уводната глава беше склон да ја исмејува),

речиси опширен нацрт за братот на Софија, не го предупреди новопечениот цар за не-
предвидливите последици од германското инволвирање во грчките работи преку брач-
ната поврзаност на принцезата Софија со престолонаследникот во Атина? Бизмарк ви-
де дека ќе дојде до тоа.

Кај секој друг противиграч на идниот грчки крал Константин, можеби, негативните
последици ќе се ограничеа - но кај премиер како Венизелос...?

Но, веќе беше доцна. Германија стоеше среде балканските интриги.

Во секој случај мора да се изврши ограничување во полза на царот. Тоа доаѓа од кон-
цептот на Вилхелм II дека неговата подготвеност на балканските држави, во прва лини-
ја на Грција а со тоа и на престолонаследникот, да им остави одврзани раце за борба
против турска Македонија, имаше една апсолутна граница: сите четири балкански крал-
ства можеа да бидат подготвени, за нивните империјалистички цели, да водат војна про-
тив Турција; но ризикот од пораз мораа сами да го сносат, бидејќи интервенцијата на Го-
лемите сили, значи исто така и особено од Германија (и Австрија), кајзерот категорич-
ки ја исклучи! (Споредбено со текстот од неговата директива).

Треба да се појде оттаму што Вилхелм не беше најточно информиран за стандардна-
та политика којашто не дозволуваше, еднаш ослободената христијанска област од тур-
скиот јарем, повторно да падне под исламска сувереност. Конечно, тој во безбројните
извештаи од своите претставници на Балканот и во печатот можеше да прочита дека

балканските држави секогаш се потпираат токму врз тоа што тие "со победа само доби-
ваат, а со пораз едвај нешто можат да загубат"."1030 Државниот секретар Фон Кидерлен
вака формулира едно упатство до амбасадата во Лондон: :

"... Невозможноста, христијанските провинции, кои еднаш се отцепија од Турција,... повторно да се вратат под турско владеење, е ... заедничко мислење (communis opinio) во целиот свет."1031

(Од друга страна, на Берлинскиот конгрес - под притисок на Англија и Австрија - некои провинции сепак му се вратија на Османлиското царство!). И покрај тоа, за кајзерот - за разлика, на пример, од царот - не доаѓаше предвид војна против Турција. Овој заклучок не е неважен, бидејќи на почетокот, во никој случај, не беше загарантирана победата на балканските држави против Турција, значи "ослободувањето" и припојувањето на Македонија.

Наспроти тоа Русија (овој пат можеби сериозно, а не само лажно) ја изрази загриженоста дека:

"во случај на пораз на Бугарија, во полза на врските, ќе биде присиленана евентуална вооружена интервенција."

Од своја страна Бугарија и покрај руската загриженост, односно токму поради очекуваната воена помош:
"не се воздржа од војна", затоа што ќе се рече "дека Русија не може сосема да ги препушти на нивната судбина без загуба на сиот нејзин престиж на Балкаиот, со кој ги создаде.и до сега ги штитеше словенските држави".'1032

Не ли оваа аргументација повторно потсетува на српскиот крал со селски ум, Милан?

Безбројни се актите во кои царот ја одобруваше, самиот ја предлагаше, или барем со согласност ја коментираше линијата на задолжително локализирање на војнаша на Балканош. Овде треба да се спомене само еден од тие денови. Во еден документ од Министерството за надворешни работи до кајзерот на 9 октомври 1912 год. се вели:

"Останува главната цел, да се следат семилостивите директиви на неговото Височество,

кои упатуваат кон тоа ... ние ... да можеме да се приклучиме на секој демарш кој нуди га-
ранција дека избувнатата војна ќе остане локализирана и дека Големите сили нема да би-
дат вовлечени во конфликтот."1033

Ако рускиот министер за надворешни работи Сасонов знаеше дека со овој предлог
ќе налета на отворена врата кај еден негов потенцијален противник/жртва, ќе можеше
да си заштеди куп трикови и лаги.

Не може да се одбегне: директивата на кајзерот содржи и забуни - и следствено, пог-
решни проценки.
1. -

За да го заснова својот став во полза на воениот поход на балканските држави про-
тив (се уште турската) Македонија, Вилхелм дури извлекува примери од сопствената
пруска историја на патот кон обединување на царството:

"Колку што ние во '64, '66 и '79 год. дозволивме да ни приговараат во нашиот "праведен
развој", толку малку можам и сакам другите да ги спречам или да ги одвратам".1034

Оваа аргументација на кајзерот беше недозволива, бидејќи тој го замени - иако за-
доцнетото - обединување на етничката, јазичната, културната и политичката заедничка
припадност на германските племиња, со освојувачкиот и пљачкосувачкиот поход на
балканските држави за анектирање на Македонија, за што немаа ниту најмалку право.

Објаснувањето е просто: толку е едноставно да се prospe битието на Вилхелм II што, со мала
способност за соживување, ќе се препознае дека царот со неговите историски реминисценции нап-
рави избувлив (и затоа осуден на неуспех) обид да го оправда планираниот воен поход на Констан-
тин против Македонија.

На неговиот текст може да му се забележи тоа што тогаш Вилхелм поаѓаше од тоа

дека силите на Антантата сериозно размислувале, како што постојано тврдеа, да ја
спречат Балканската војна, дури и наводно (за реализирање на овој концепт), мислеле
да употребат сила против балканските држави. Ова, меѓу другото произлегува од една
подолга забелешка на царот на маргината од еден исечок од весник од 1.10.1912 год-
ина.1035 Но овие тврдења на Антантата во никој случај не одговараа на вистината, како
што погоре е опширно покажано. Многу повеќе се работеше за лажен маневар на кој,
во овој случај, кајзерот наседна.

Згора на тоа се чинеше дека Вилхелм е толку многу исполнет со надеж дека сопру-
гот на неговата сестра како успешен војсководец ќе ја однесе победата за Грција (тој
без сомнение така ќе се однесуваше и ако неговата сестра Софија беше омажена за
престолонаследникот на Романија или Италија итн. - под претпоставка тој нему да му
беше исто толку симпатичен), што сосема стриктно се заложи на неговиот шура - а со
тоа присилно и на останатите балкански држави - да му го ускрати располагањето со
анектираните области како што привидно се чинеше и во руските (како и во францус-
ките и во англиските) тврдења. (Како што веќе на друго место беше забележано, Вил-
хелм беше премногу чесен; нему - за разлика од вујко Берти - едноставно не му лежеше
од своето срце да направи разбојничко дувло). Така, на пример, постои една архивска за-
белешка од којашто точно ќе се утврди дека кајзерот на една телеграма од пратеништ-
вото во Белград за состојбата на крајот на првата недела од војната (бр. 36 од 25.10.1912
год.), во која

"се јавува дека Србија го има в раце целиот реон на Санџак околу Нови Пазар" забележу-
ва, "дека тој апсолутно ќе гласа против тоа, во случај на обид на Балканскиот сојуз да му
се одречат освоените турски области".1036

Така можеа и другите балкански држави да извлечат своја корист од симпатијата на
кајзерот Вилхелм кон Грција, односно кон Софија & Со.

На штета на Македонија.

Освен тоа, преку оваа јасна одредба на германскиот кајзер, стана разбирливо дека е
исклучен напад на Австрија врз Србија. (Една и пол година подоцна, во летото 1914 год.,
подготвеноста на кајзерот за мир, поради Австрија и самоволието на Фон Бетман, не
можеше повеќе да дејствува регулативно!). Иронија на историјата: со сигурност која се
граничи со веројатност може да се претпостави следново: ниту кајзерот Вилхелм насе-
туваше дека силите на Антантата токму истото го презедоа во полза на Грција (и на ос-
танатите три балкански држави) - особено што тие постојано го тврдеа спротивното -
ниту пак некој, обратно, знаеше дека кајзерот во овој однос е нивен најголем сојузник.
(Поточно:... стана).

Трагедијата за Македонија е видлива особено во оваа констелација:

Тоа беа решенија на германскиот кајзер врз чисто семејна, приватна основа, што ја
запечатија судбината на Македонија.

Се разбира, невозможно е да се докаже - дури е крајно неверојатно - дека, во случај
да не се чувствуваше поврзан со грчката династија, Вилхелм II ќе се заземеше за автоно-
мија на Македонија, Тракија итн. Меѓутоа, никако не смее да се исклучи дека можеше
да настане една ситуација во која владата на Рајхот или некоја друга голема сила ќе бе-

ше предизвикана да се заземе за Македонија - приближно така како што Австрија веќе ос-
претстојната Балканска војна ќе успее да ги натера Црногорците да го напушат веќе ос-
воениот Скадар.
Напротив, многу нешта укажуваат на тоа дека кајзерот - бидејќи без неговата сестра
Софија и без шурата Константин за него немаше да има основа да го остави Султанот
нацедило и да приговара на една освојувачка војна - требаше да го изговори решавачки-

от збор против планираната Балканска војна. Во овој случај, со гаранција војната (независно од руската тајна спогодба со Србија и Бугарија и независно од делот на англиско-рускиот договор во Ревал кој се однесуваше на ова) немаше да биде започната во октомври 1912 год., како што, исто така, не можеше да избувне и во текот на 34-те години по Берлинскиот конгрес.

Вистина, тогаш остатокот од христијанското население најнапред ќе останеше под турско ропство, но нивната конечна судбина немаше да биде неотповикливо решена уште тогаш преку освојувањето и анексијата од Бугарите, Грците и Србите, - во секој случај што се однесува до Тракијците, Епирците и Македонците во грчката Егејска Македонија и бугарската Пиринска Македонија.

Историјата на Македонија и Југоисточна Европа, односно централниот Балкан ќе се одвиваше сосема поинаку. Што се однесува до ова, воопшто не е преценето значењето на ангажманот на кајзерот за Грција, во корист на престолонаследникот и сестрата на Вилхелм, со неговите негативни последици за Македонците.

Настанувањето на јазолот ќе биде комплетно ако се има предвид дека Антантата, во незнаењето за новиот став на германскиот кајзер кон турските области во Европа, во врска со ова прашање правеше неверојатни исчанчувања за да го измами од него и од кајзерот Франц Јозеф токму планираното признавање за анектирање на освоените области од балканските држави, вклучувајќи ја и Грција (наспроти нејзините сопствени перманентни тврдења), коишто Вилхелм веќе од горенаведените интереси не ќе можеше да ги одбие.
До вакви остварувања можат да доведат само дипломатските зафати.
Македонците, како што се вели, останаа со празни раце.

Се наметнува едно натамошно размислување:

Грчкиот крал Георг I во текот на долги децении со несмалена енергија од некои големи сили издејствува разбирање и поддршка за грчките експанзионистички планови.

Во секој случај постојано се работеше за силите на Антантата - Русија, Англија и Фран-
ција.

Меѓутоа, без согласност од Германскиот Рајх, напорите„на Георг да смее да ја анек-
тира Македонија кон Грција ќе останеа неплодни.

Ниту една Антанта на светот немаше да започне војна против Германскиот Рајх са-
мо за да го убеди царот да дозволи балканските држави да смеат да тргнат против Тур-
ција.

Дури на синот на Георг, Константин, му успеа да ја затвори оваа дупка.

Во секој случај, при сите позитивни лични обележја што одлично можеше да ги по-
седува престолонаследникот - без поврзаноста на династијата на грчкиот кралски
двор со германскиот кралски двор, значи без бракот на Константин со принцезата Со-
фија од Прусија, со сигурност немаше да дојде до согласноста на Вилхелм со грчкиот
план, а со тоа ниту до Балканската војна со освојување на Солун, а воопшто не до при-
соединување на Македонија кон грчките, српските и бугарските државни територии.

Депримирачко сознание за Македонците.

Ако тековите на историјата беа праволиниски или едноставно видливи, како што ни-
ту еднаш не беа, тогаш Македонците, како еден (од многуте) црни денови за македон-
ската историја треба да го одбележат оној ден во април 1888 год.„на кој принцезата Со-
фија фон Хохенцолер и грчкиот престолонаследник се запознаа.

Поради ова за денешна Германија се зголемува должноста за преземање особена по-
литичка одговорност и грижа за Македонија!

Овие односи остануваат надвор од планот на Антантата, Балканскиот сојуз и Бал-
канската војна да ги искористи за да инсценира европска војна против Германија и Авс-
трија.

5.2 Првата балканска војна

5.2.1. Крај на територијалното статус кво - и на Берлинскиот договор

Една недела по почетокот на војната и победоносното одвивање на воените дејства
во полза на балканските сили, Париз површно се уште пледираше за "почитување на те-
риторијалното статус кво" и расправаше за можна употреба на "моќни средетва наместо
моќни зборови" од страна на европските големи сили. Само Лондон го најави своето
повлекување. Имено, британскиот министер за надворешни работи Грej му рече на гер-
манскиот амбасадор:

"Како највисока премиса мора да важи, ако воопшто е можно, да се задржи територијал-
ното статус кво на Турција."1037

На германската (или на австриската) страна покрај сите уверувања постоеше еден
реалист - и тоа секогаш истиот! Вилхелм II забележа на работ на оваа идеја: "повеќе не е
можно!"1038

Точно, не можеше појасно и поодмерено да се коментира тогашната ситуација.

Лажните вести и триковите на членките на Антантата беа толку долго повторно и
повторно нудени и мелнички прецвакувани, се додека г-динот Сасонов, откако успесите
на балканските држави на сите бојни полиња не можеа да се пренебрегнат, не сметаше
дека е дојдено времето да им се презентира следната фаза на (не еднаш изблефирани-
те), германски држави: имено, спротивното од досегашните тврдења - се разбира врз ба-
за на "цврсто внатрешно убедување", како што се изрази новинарот Фон Бер во негово
време. Притоа тој одеше трпеливо и без брзање: чекор по чекор. Така тој не го оптова-
руше противникот со незгодна предност. Згора на тоа тој правеше едно оградување кое
токму поканuваше и будеше доверба:

"Ако (руското) јавно мислење по поразот на Турција бара проширување на територииите
за балканските држави, тогаш едноставно ќе им се одговори дека Русија не е во состојба
да им помогне за остварување на ваквите цели, туку само Европа со која Русија за ова
прашање солидарно се изјасни."1039

Се разбира - конечно тоа требаше така да прилега како да се работи за една заеднич-
ка европска иницијатива...

Вака, на пример, десет дена по избувнувањето на војната амбасадорот Фон Килман
известуваше од еден разговор со министерот за надворешни работи Грej, дека во меѓув-
реме исто така и Лондон брзо се префрли на новата линија:

——Ханс Лотар Штепан ——

"Ниту едно, како и секогаш од таква природа, поместување на територијалните односи на
Балканот не можеше толку длабоко да ги допре англиските интереси за да се чини испра-
вен еден напад од англиската сила, се разбира, освен прашањето за Константинопол. Ан-
глиската јавност нема да дозволи употреба на воени средства за балканските држави да
се одвратат од нивното освојување. Константинопол е европско прашање од прв ред. Тој
сега не ја зема предвид можноста за нивно развивање бидејќи сигурно верува дека сите
сили таму сакаат да го видат исполнувањето на статус кво.""1040

Грej го знаеше ова уште пред избувнувањето на балканската војна, но кој ќе беше
тогаш толку нељубезен да ги потсети фер Англичаните на краткото спротивно уверува-
ње'

При крајот на октомври исто и од Париз дојде уиграната согласност:

"дека, сакале или не, принудени сме,.. да го напуштиме планот за придржување кон ста-
тус кво."1041

Иако се работеше само за крокодилски солзи, царот Вилхелм II стави едно "точно"

покрај ова. Конечно, француското однесување се вклопуваше во неговиот концепт.

На царот се уште не можеше да му биде поднесен извештајот истиот ден, од грофот
Кагенек (Graf Kageneck), мајор и крилен аѓутант во штабот на воениот аташе во амбаса-
дата во Виена, кој пишуваше:

"ако турските армии ... исто така и на главното боиште во Тракија ... им... подлегнат на бал-
канските држави,... одржувањето на 'статус кво' на Балканот е невозможна работа.."1042

Исто и Фон Кагенек мора веќе некое време дај разгледувал оваа евентуалност, ко-
га неговите англиски и руски колеги се уште упорно зборуваа сешто за одржувањето на
територијалното статус кво.

Дури и австрискиот министер за надворешни работи им подлегна на овие тонови од
флејтата, "тоновите на пријателската настроеност насочени кон Австрија" кои доаѓаа
дури од Србија, "што долго време не можеше ниту да се претпостави." Така, се чини дека
тој предлага еден стар австриски основен принцип на собирање:

"Во секој случај мора да се смета на проширување на Србија."1043

Толку брзо може тоа да оди!
Исто и австрискиот печат започна "балканското статус кво да го погребува", а на
друго место:

"Разговорите за статус кво ... станаа ... непотребни. Европа мора да се соочи со размислу-
вањето за длабоки промени на Ориентот ..."1044

Уште на почетокот на октомври, на денот на мобилизацијата, виенскиот "Ное фрае
пресе" изнесе препорака за режирано однесување кон балканските држави:

"Да исчезнуваат животите на нашите војници и парите на нашите даночни обврзници за
да добијат племињата во Македонија и Албанија насилно надеж за подобра иднина ќе бе-
ше лошо навраќање кон грешката на војводата Клеменс Метерних што толку многу му
натовари на името на Австрија."1045

Што се однесува до илузијата за "подобрата иднина" на Македонија и Албанија - во
однос на Метерних всушност е многу точно, но многу задоцнето гледање.

На прв поглед едвај се забележува дека овие релативно банални ставови означуваат
историска пресвртница во егзистенцијата на повеќе заборавени христијански народи.
Тие се симптоматични за целата европска политика во тоа време и, исто така, ја иска-
жуваат пресудата за судбината на еден голем дел од македонското население за наред-

ните 30 години, а за еден уште поголем дел (во грчката и во бугарската Македонија), за-
секогаш.

Со тоа, преку европските династии беше извршено и уривањето на резултатите од
Берлинскиот конгрес - и тоа не преку оние од силите на Антантата, туку од кралските
дворци на двете германски држави.

5.2.2 Солун/Салоники - грчки град?

Иако германското пратеништво во Атина јавуваше речиси само лоши вести за сос-
тојбата на грчката армија, за недоволното вооружување, за недостатокот на транспорт-
ни средства па дури и за недостаток на ентузијазам кај војниците, вршителот на работи-
те уште на крајот на октомври, на општо изненадување јави дека:

' "резултатите ... (се) многу брз напредок и Грција ... реди успеси еден по друг."1046

Исто така и Бугарија која го понесе најтешкиот товар во војната, на почетокот беше
успешна и ги запоседна Тракија и Едрене. Меѓутоа, пред линијата Чаталџа (Tschatal-
dscha), турски одбранбен бедем (изграден врз база на византиски план) околу поширока-
та област на Константинопол, бугарското напредување запре. Србија ги освои Скопје,
Битола, Дирез и Санџак со Нови Пазар. Грција, предизвикувајќи и голем бес на Бугари-

ја, на своја рака и надвор од спогодбата, дополнително го освои уште Епир и го запосед-
на Салоники.

Салоники, стариот македонски Солун, не играше голема улога во политичките и во-
ените кругови само во последната третина од XIX и почетокот на XX век. Иако, со ос-
војувањето во 1912 год. падна во грчки раце, овој град и на крајот од XX век, по 1991
год., стана невралгична точка во новите македонско-грчки односи.

Откако неколку македонски гласноговорници во еуфоријата од новоздобиената независност
на Република Македонија повикаа на враќање кон стариот словенски град Солун, можеби, во од-
редена мера можеше да се разбере грчката вознемиреност - но сигурно не и хистеријата што од
тоа избувна во цела Грција, особено не такво застранување како и заштита од ЕУ и НАТО на Гр-
ција, што наспрема демократскиот устав на Република Македонија станаа смешни. Сепак, на грч-
ката влада и одеа во прилог нескладностите од овој вид бидејќи со нивна помош можеше - заедно
со православната црква ~ да конструира пример за несаканата нова држава во нејзиното соседство,
(со која, во никој случај, не можеше толку комотно да се однесува како своевремено со комунис-
тичка Југославија, иако денешнаша Република Македонија, уште од формирањето на Федератив-
на Југославија во 1944 год., го носи истото име и ги има истите граници). Грција ја дискредитира
Македонија во очите на светот секаде каде што тоа беше можно, а притоа, истовремено, создаде
атмосфера за "грчкиот" Салоники.

Споредбата со нејзиниот повик, стар околу 150 години, за враќање на Константино-
пол во царството на Елините, Грците ја сметаат за промашена: тој повик беше насочен,
конечно, во правец на Турција, со што тие ќе го декларираат како нешто сосема друго.
Кон ова може да се посочи еден пример од тоа време: откако на престолонаследникот
Константин му успеа да го освои албанскиот јужен Епир од Турците, настана неопис-
ливо славење во Атина. Грчкиот народ сакаше, во отсуство на "генералисимусот"1047, да
и приреди овации барем на сопругата на "победникот". При митингот пред палатата на

принцезата Софија, градоначалникот го заклучи совојот говор со повикот - и зборови-
те: "а сега кон Константинопол".1048

Меѓу другото, во оваа прилика и претседателот на здружението на Епирците во Ати-
на на "нивниот ослободител и иден крал" му ја искажа "благодарноста на епирскиот на-
род" - во очите на Атина несоборлив и непобитен доказ за целиот свет дека "уште од се-
когаш" Епир мораше да биде грчки!

Ама, леле мајко, кога во медиумите во Република Македонија беше прикажана сли-
ка на прочуената "Бела кула" од поранешниот македонски Солун, или една географска
карта со историските граници на Македонија од 1912 година! Тогаш во Грција, секојпат
избувнуваше (организирана) бура на национално негодување: како им паднала на ум на
Македонците една ваква нечуена провокација, во нивната "Република Скопје" да ја злоу-
потребат сликата од еден градежен објект од еден град во возвишената Елада што ниту
најмалку има нешто заедничко со бившата држава од Југославија!

Ова страшно поедноставување (simplification terrible) се извршува токму според не-
кои цитати од пригодни документи. Според грчката влада требаше - тогаш, како и де-
нес - да се мисли дека Грција со Салоники освои еден грчки град, односно, дури дека
повторно го зазеде.

Меѓутоа, каква е реалноста?

Високата порта испрати во Атина една делегација во тајна мисија, составена од дото-
гашниот "турски" пратеник од Салоники Хонеос (Honeos), (по освојувањето на градот
неговиот мандат беше завршен), и новинарот Фокрафтирос (Vokrafturos), за да:

"ги сондира подоцнежните конфедерации на балканските држави под хегемонија на Сул-
танот."1049

Непедагошки! Само преку тотално губење на реалноста може да се објави дека Сул-
танот и неговиот голем везир потоа, како и пред тоа, да изразуваа гротескна надеж дека
е можно приклучување кон Балканскиот сојуз ако "Турција се покори ... на тешките ми-
ровни услови"."1050 Големиот везир и натаму сонуваше за "креирање на Балкански сојуз
со Турција", иако во меѓувреме Бугарите дури започнаа преговори со Портата за напуш-
тање на Едрене.'1051 Грчкиот премиер, итриот Венизелос од Крит, во секој случај реши да
ги задржи турските пратеници. Зошто требаше да одбие еден турски план кој без сомне-
вање никогаш нема да се оствари. Хонеос се врати назад со впечатокот дека:

"претераните барања на Бугарија и Србија ќе го отежнат склучувањето мир што засите-

ната Грција го посакуваше."1052

Како молам? Зарем Грција беше "заситена" со освојувањето на јужен Епир и Сало-
ники? Тоа можеше само да значи дека проширувањето на територииte со (јужен) Епир
и Салоники со неговото пристаниште како воена цел беше сосема доволно.
, За остатокот од Македонија ниту збор!

Повторно еден изненадувачки случај од иронијата на историјата. Тогаш, неколку де-
ва пред примирјето (на 3.12.1912 год.) и пред почетокот на двете Балкански конферен-
ции на 18.12.1912 год., Грција не насетуваше дека ќе има уште една, Втора балканска вој-
1а и дека од неа, како плен може да произлезе многу повеќе туѓа земја за Грција - име-
но, половината од македонската територија, а кон тоа уште и западна Тракија!

Од друга страна, од тоа произлегува дека и во тој стадиум на развојот се уште пос-
тоеја шанси за автономија за Македонците и дека во тој случај, во 1944 год. или во 1991
од. ќе имаа уште поголемо парче од нивната земја - па и без Салоники.

Сосема се вклопува во линијата на досегашната грчка стратегија кога турскиот екс-
ратеник Хонеос тогаш се врати во Константинопол со информацијата дека во интерес

на Грција е Турција, со продолжување на отпорот на бугарскиот и српскиот фронт,даги
ослаби овие противници!'"1052

Впечатокот на господинот Хонеос не може ниту најмалку да зачуди,

"дека помеѓу балканските држави во никој случај не постоеше разбирање за идните тери-
торијални проширувања;" (на наведеното место)

бидејќи овој развој, сите, без исклучок, сите државници од регионот, како и сите странски набљудувачи на Големите сили уште со децении однапред го предвидоа. А и не
можеше поинаку да биде, затоа што на ниту една соседна земја не и припаѓаше ниту
еден мал дел од Македонија - значи тие се расправаа за тоа од која туѓа територија да се
дофати, по можност, голем дел.

Неслогата околу поделбата беше таа што во следните години доведе до продолжува-
ње на вооруженият конфликт (Втората балканска војна).
Но се уште не беше стасано до таму.

На Грците не требаше да им се објаснува дека грабежот на Салоники беше интерна-
ционална неправда. Само што за тоа не се зборува. Дури нивните напори беа толку по-
големи, со употреба на сите можни трикови и покрај тоа да го убедат светот дека оваа
неправда е еднаква со правото на Грците.

Сто - поточно деведесет години - се како одвеани од ветерот. Можеше да се мисли
дека оттогаш времето застанало. Толку слични, па дури и идентични се тогашните и де-
нешните обиди за измама во однос на докажувањето на правото за неправедните импе-
ријалистички барања кон Македонија за нејзиното име и нејзината историја. Оттаму, во
1990 год. во Грција, со премиерот Мицотакис, без застој тргна антимакедонската пропа-
гандна машина. Имаа долг тренинг!

5.2.2.1 Солун како предмет на германско-грчка расправија

Во рамките на овие напори Атина не се плашеше ниту од бесрамна злоупотреба. Бизмарк беше еден од малкуминатa кој, веќе 25 години пред тоа, изговори дека ги смета
Грците способни за секакво злодело. Грците започнаа да ја потврдуваат оваа анализа на
Бизмарк најдоцна во аферата со Германија.

1.

По грчкото заземање на Салоники пратеникот во Атина известуваше за една лажна
вест лансирана од грчкиот печат, според којашто германскиот цар на својата сестра,
грчката принцеза Софија, по тој повод, наводно и испратил телеграма со "трикратно
ура". Една ваква "честитка" на приватна основа од војникот Вилхелм до војникот Кон-
стантин можеби дури и ќе му прилегаше на кајзерот, но за постојната вжештена ситуа-
ција авторот всушност треба само да го цитира монархот што еднаш самиот за себе, на
маргината од еден извештај, при едно слично подметнување во однос на неговата лич-
ност, го запиша следниов коментар: Не, тој не е толкаво магаре!

Па сепак, грчкиот министер за надворешни работи Коромилас (Coromilas) консек-
вентно го продолжи познатиот систем на лавина од снежна топка при што лажната
вест, веројатно донесена на свет од него самиот, ја третираше како факт и, при една
згодна прилика, токму на германскиот пратеник - само за него и беше наместено - како
готовинска монета му го предаде фалсификатот при што му рече:

"Радува тоа што може од оваа телеграма да се дознае дека Германија ја признава Грција
како господар на Салоники."1053

Навистина добар погодок!

Бидејќи Грците и самите најдобро знаеја дека во текот на минатите 2000-3000 години
никогаш не беа "господари на Салоники", ним им требаше еден доволно респектиран
сведок, а воедно и видна голема сила од која ќе можеа да побараат, со помош на овој

трик, пред јавноста да ја прикажат грчката легитимност што ја немаа. Тие можеа да се
потпрат на тоа дека за кајзерот Вилхелм II ќе биде преголема штета да се одмаздува со
истата монета, преку јавна исправка, со што ќе придонесе за опаѓање на кредитот во не-
говиот роднински кралски дворец во Атина. (Бизмарк предвиде и вакви безизлезни
тешкотии).

Пратеникот Фон Квад (von Quadt) сепак ја prospe грчката подмолност на "ова под-
метнување, за кое се разбира и живот" се даваше и уште тогаш резигнирано додаде:

"Сите овие мали нијанси покажуваат со какви средства се служи Грција за да ги постигае
своите цели."1053

До денес точен, иако можеби премногу љубезен опис.

Досега е добро. Но "магарштината" имаше уште еден епилог.

Затоа што неколку недели подоцна од еден извештај од Константинопол се покажа
дека грчката влада овој пат беше наполно невина. Вилхелм навистина и испрати една
соодветна телеграма на својата сестра. Особено болни беа околностите под кои оваа ин-
формација излезе во јавноста. Вистина, амбасадорот при појавувањето на гласините
веднаш објави демант во "Османише лојд" (Osmanische Lloyd), но малку подоцна, од сво-
јот австриски колега Маркграф Палавичини мораше да дознае дека:

"жената на овдешниот шпански пратеник што живее во Атина во едно писмо оттаму со-
општува дека принцезата од Грција и ја покажала телеграмата со честитки од неговото
Височество."1054

Во текстот на овој извештај кајзерот беше (како и обично: многу кусо), сериозно лут. Тој не сакаше да удри на својата Софија иако таа го заслужуваше тој прекор. Зна-
чи, сиромавиот пратеник во Атина го извлече подебелиот крај при што Вилхелм истов-
ремено се обиде да ја симне одговорноста од себе:

"Ако мојот пратеник е такво магаре што мојата шифрирана честитка, т.е. што требаше

да остане.тајна - инаку немаше ниту да ја пратам преку и така и така индискретното Министерство за надворешни работи - толку глупаво ја проследи така што таа стана јавна,
треба да рика во Дубаи и може да исчезне во Гватемала." (на наведеното место).

Меѓутоа, вистинската вина денес ја носи самиот кајзер, бидејќи Турците, се уште во
пријателски односи со Германија (и речиси сојузнички!), можеа да ги извлечат своите
заклучоци за симпатиите на Вилхелм од победата на неговиот шура којашто, всушност,,
нему му донесе пораз. Од друга страна, ним одамна им беа познати роднинските врски -
и во тој поглед воопшто не беа глупави.

А Грците? Ја искористија ли предноста од нивната невиност за стекнување надмоќ?
Најнапред тие беа трпеливи, но не можеа да одолеат да ги искористат овие тиквари и да
го искористат времето во кое повеќе никој немаше да верува во еден демант од Германците. Така, неколку месеци подоцна, за време на првата година од војната во 1914 год.,
во интернационалниот печат се објавија две телеграми и тоа еднаш со пофалниот извештај на кајзерот во однос на германската победа над Русите и втор пат со желбите за
оздравување на тешко болниот шура "Дино" [зарем не е вредно за признание?], - што подоцна се докажа дека ниту се напишани од кајзерот, ниту пак (во меѓувреме) пристигнале до грчката принцеза Софија.1055

Да се вратиме на Балканската војна.

——МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗОЛ——

2.

Пропагандната машинерија на Грција и натаму продолжи со полна пареа: династичките врски на Грција со германскиот кралски дворец требаше да бидат до крај, како ли-

мон, исцедени. (И повторно Бизмарк ...) Две недели подоцна баронот Фон Вангенхајм
известуваше (од Константинопол) дека "принцезата на Грција (треба) да ја мине зимата
во Салоники". Јасен е заклучокот на Фон Вангенхајм дека:

"со ова е очигледна намерата од страна на Грција да се исконструира германскиот инте-
рес Салоники да остане во рацете на Грција."1056

Сосема е разбирливо дека на Грција можеше да и помогне само една "конструкција",
бидејќи не можеше да приложи едно природно, историско, правно, етничко или друго
политичко барање врз Салоники.

Промисленuот амбасадор претпазливо и предложи на принцезата "навремена проме-
на на местото на живеење". Залудно, грчката влада остана цврста. Фон Вангенхајм исто
така не остана мирен. Две недели подоцна (веќе во новата 1913 год.), неговата сопруга
испрати (отворена) телеграма до принцезата во Салоники да ја замоли да ја придружува
во Берлин каде што неа:

"ја очекуваа на роденденот на Неговото Височество и на неговиот јубилеј [25 години од
владеењето]."

Меѓутоа, госпоѓата Фон Вангенхајм постојано го добиваше одговорот: "За жал пату-
вањето не е можно", од што амбасадорот мораше да го извлече заклучокот:

"дека врз нејзиното кралско Височество се извршени силни влијанија да остане во Сало-
ники."1057

Тогаш воопшто не беше сигурно "останувањето на Салоники при Грција". При едно
доволно истрајно барање на Големите сили (или на една од нив), како што е горе споме-
нато, можеше да се случи на Грција да и биде одземен пленот - како што тоа во измина-
тите децении многупати беше сторено.

Историјата на Македонија ќе се одвиваше сосема поинаку - можеби и онаа на Ср-
бија, на Авсшрија, на Балканот а, кој знае, и на Европа.

Сепак, во 1913 год. нишките за разрешување на европската катастрофа во 1914 год.
одамна беа испреплетени како јаже во еден цврст јазол што прашањето: "Салоники -
грчко или не?" во рамките на себалканската и, допрва, во сеевропската ситуација остана
само маргинално. За голема жалост на Македонците ...

5.2.2.2 Кралот Георг I и Салоники

Едвај е потребно да се спомене дека лажните известувања не беа единични случаи (и
не беа ограничени само на Грција). Како дополнителен пример може да се додаде след-
нава интрига.

Откако грчкиот престолонаследник Константин започна - по тешките против напа-
ди - да се одликува со блескави победи во Првата балканска војна, во политичките, а
особено во воените кругови во Атина порасна желбата, кралот Георг да абдицира во
полза на неговиот син. (Само за премиерот Венизелос тоа значеше дека работењето на
владата со "комотниот" крал претпочита кооперација со способниот престолонаслед-
ник, бидејќи тој поседуваше речиси подеднаква власт). Иако Георг I во своето деценис-
ко владеење често жонглираше со оставката како инструмент, во времето на грчките
воени успеси, што тој конечно лично ги подготви со перманентна жилава борба со вла-
дите на европските големи сили врз база на неговата монархистичко-семејна банда, не

беше, токму во часот на победата, политички подготвен за оставка (во секој случај Са-
лоники веќе беше освоен).

Без оглед на тоа, во грчкиот печат незабележано се појави веста дека "кралот ... по
случајот со Јанина" во Салоники [каде што, сетете се, неговиот син, принцот Никола,
претседаваше како гувернер1058]:

"приреди вечера и, притоа, одржа здравица во која Тој рече дека престолонаследникот

може да биде награден за Неговото добро однесување ... само ако Тој седне на грчкиот
престол, а Тој, кралот се повлече од државните работи."1059

Навистина, министерот за надворешни работи Коромилас мораше, на прашањето од
германскиот пратеник, оваа вест да ја демантира, но и покрај тоа, интересните кругови
на сега веќе повеќе од 68-годишниот крал, му дадоа сигнал - а во однос на резултатите
што допрва требаше да следат - му поставија вистински лимит.

Што се однесува до Јанина: во секој случај, воената среќа на престолонаследникот не
му беше постојано наклонета. Точно еден месец пред тоа пратеникот мораше да извес-
ти дека:

"во овој однос се појавува... еден тежок момент", "дека престолонаследникот... ведојатно
ќе се врати [а не - може да се врати] од Јанина со незавршена работа."1060

Во оваа прилика пратеникот Фон Квад повторно и ја наметна на Атина неизвесноста
дали Лондонската конференција ќе го "оспори" Салоники.

Во овој случај славењето на Грците за освојувањето на Солун ќе се покажеше избр-
зано. Пратеникот бездруго веќе истакна изводлива и, како што може да се препознае,
исцрпна анализа за "можностите ... за иднината на Салоники" со заклучокот:

"Салоники ќе биде или грчки, или бугарски, или српски. или Салоники ќе се интернацио-
нализира, или ќе остане автономија."1061

И покрај воените успеси Грците беа доведени во неизвесност. Во случај на "доплата"
на Атина [како на сточен пазар], пратеникот појде од две сигурни консеквенци:

"Не треба да се очекува дека околината на Салоники ... исто така ќе биде грчка." Но дури
и без оваа околина "Бугарија ќе биде првата која ќе ја искористи понудената можност ...
да им го одземе Салоники на Грците." А тоа "бездруго ќе претставува војна ... помеѓу Гр-
ција и Бугарија".1061

Грчкиот пратеник во Виена ова го гледаше сосема поинаку. Во еден, во основа политички разговор тој, на германскиот амбасадор Фон Чиршки, му ги образложи грчките барања во однос на Салоники и "островот". При тоа тој - како од еден стандарден каталог - ги употребуваше истите аргументи, одвреме-навреме дури и истите форми на зборовите. што веќе неговиот претходник, војводата Ипсиланти (Ypsisanti), пред точно 30 години (во 1883 год.) ги употреби во разговорот со австриските политичари (спореди горе бр. 2.3.3).

Решението на прашањето за островот "е од иманентна важност за земјата и за долготрајната гаранција за мирна состојба на Блискиот Исток"."1062 Ова тројно тврдење потсетува на изговорите кои веќе ги истакна и министерот за надворешни работи Делијанис на Берлинскиот конгрес.

"Ако овој остров сега остане во Турција со тоа ќе се создаде жариште за постојани немири. Жителите на овој остров ќе го следат примерот на Крит, секогаш и секогаш одново со сите средства да доведат до припојување кон големата Грција." (Се чини дека овој текст можеше да му се суфлира на господинот Фон Штрајт).

Потоа следи едно одамна познато, но погрешно ветување:

"Ако Грција го задржи овој остров тогаш ќе отпадне секоја причина за непријателство помеѓу Грција и Турција,"... "но, во спротивен случај, ќе остане еден трн, што прави овој остров во секое време да биде предмет кој постојано ќе им стои на располагање на Грците за евентуални операции против Турција".

Се чини дека во грчкото Министерство за надворешни работи шаблонски се практикуваше исто така и ова клацкање помеѓу ласкање и заканување:

"Турција нема да биде во состојба тоа да го промени."... "Но исто и силите на Антантата

нема да се вмешаат против тоа така што ќе стане нужна евентуалната вооружена интер-
венција на тројниот сојуз, што во поглед на спротивставениот став на Антантата можеше
да доведе до многу опасни ситуации". (!!)

Конечно, како кај музичките кутии, одново следи истата мелодија што Ипсиланти во
однос на Османлиското Царство од своја страна ја отсвири:

"но нему му се чини дека на Германија и е важно да стои добро со грчкиот елемент, бидеј-
ќи (тоа), поради нејзините интереси во Мала Азија, може да и биде многу потребно".
(Господинот Фон Штрајт очигледно никако не боледуваше од каков и да е недостаток на
самодоверба).

(Тој сигурно сакаше да каже дека обратно, на Грција, Германија немаше да и биде
толку потребна. Колку чудно и да звучеше, тоа сосема одговараше на вистината.

Имено, силите на Антантата, како што веќе почесто е потенцирано, долгорочно, т.е.
најголемо значење придаваа на тоа, со една ограничена балканска војна, да остварат, по
можност, целосно опкружување на двете германски држави. Затоа за Антантата мора-
ше задолжително да се добие Грција со нејзиниот брег, богат со пристаништа, нужни
особено во случај Антатата да не може повеќе да биде сигурна во Османлиското царс-
тво - што беше точно погодено. На Лондонската конференција Антантата имаше пове-
ќе адути отколку што можеше да употреби за да ја задолжи Грција со благодарност кон
себе. Од тоа можеше да следува дека шансите за исполнување на грчките територијал-
ни аспирации стоеја особено добро.

Кого во Лондон, Петербург или Париз го интересираше дека ова ценкање оди на то-
вар на Тракија, Епир и Македонија?

За темата Салоники пратеникот му рече на господинот Фон Чиршки дека тој воопш-
што не верува:

"дека Бугарија го гледа поседувањето на Салоники како животен интерес за неа." "Буга-

рите се селски народ ... Како господари на Салоники тие би вовеле, вистина силен, но не-
поднослив режим, а тогаш на останатите националности и странски трговци ќе им го нап-
раваат животот колку што е можно понеподнослив. А Грците се трговци; тие многу по-
добро ќе ги разберат условите за интернационална трговија."

[Нели тоа е добра причина да се оправда кршењето на човековите права?]

Потоа Фон Штрајт продолжува речиси буквално исто како и неговиот претходник:

"Ако Грција придава пресудно значење врз поседувањето на овој град, во прва линија се
наметнува размислувањето дека Грција сите свои соништа за "Голема Грција" со Кон-
стантинопол како средиште засекогаш мора да ги закопа. Со разбивањето на Турција и
напредувањето на словенскиот елемент" [спореди Ипсиланти!] "кон Егејското Море оваа
надеж засекогаш ќе исчезне. Грција треба да биде наполно свесна дека тоа што сега нема
да го добие, никогаш нема да го добие."

Меѓутоа, најинтересно беше отвореното опишување кое го даде пратеникот од тој
град кого што Грција подоцна, по посакуваната но неочекувана доплата, се навикна да
го претставува како "од секогаш грчки":

"Салоники не е ниту бугарски ниту српски град, иако таму живеат многу Евреи, така што
сепак, сите обичаи во градот и неговиот дух се грчки,"1062

Пратеникот ниту еднаш патем не спомна дека таму можеби можеа да живеат и не-
колку Грци, тој претпочиташе да се потрпре врз сениште.

Повторно една многу рационална и убедлива грчка аргументација за анексијата на
македонскиот град.

Но дури и овој редуциран опис на Салоники не ја издржа реалноста. Бидејќи, што из-
вестуваше германскиот конзулат од Салоники во мај 1914 год. кога кралот Константин

(со семејството), по крајот на Балканските војни, како почеток на првата фаза од кон-
солидацијата изврши информативна посета на новиот грчки град Салоники?

"Салоники веројатно скоро ќе го промени својот еврејско-турски изглед. Многу повеќе
од порано се слуша грчкиот јазик и се чини дека секој се труди да го научи овој државен
јазик. Кралот Константин раскажа дека долго време ги проверувал предложените плано-
ви за разубавување и изјави дека тие треба наскоро да се изведат за да го загуби градот
турскиот изглед."1063

Понекогаш се наметнува впечатокот за самостојно одвивање на историјата.
Или како поинаку треба да се означи тоа што кралот Георг, по неговата истрајност
долга со децении, по повремено (како што е веќе споменато на други места) навистина
пробивните напори на ниво на династија во полза на Грција. во мигот на триумфот, ба-
рем делумен триумф (бидејќи тој не можеше да знае за Втората балканска војна и огра-
бувањето на половината од Македонија), шест месеци пред неговиот јубилеј за 50-годи-
шно владеење, во еден град кој го симболизираше остварувањето на една важна цел,
Салоники, го снајде ненадеен крај?

На 18 март во 1913 год. кралот Георг I во Салоники паѓа како жртва на атентат.1063

Дали на грчките милитанти толку им се брзаше да го постават престолонаследникот
на тронот? Вистина, властите можеа да го презентираат атентаторот, но тоа што тој
имаше грчко име не беше повеќе можно да се коригира. Нема проблем: можеше, неказ-
нето, да се идентификува како бугарски поданик и со тоа сомневањето, а истовремено и
омразата да се насочат кон следниот потенцијален воен противник - Бугарија. Некој ду-
ри и се сети дека тој (македонскиот) револуционер, Јане Сандански, уште две недели
пред убиството на кралот во Салоники најави случка "со која сите комбинации брзо ќе
пропаднат".1065

Револуционерниот жаргон можеше да биде точен. И Македонците, кои во Балкан-

ската војна исто така се бореа на онаа завојувана страна од каде што беа излажани со
најголеми ветувања, имаа доволна причина да го мразат грчкиот крал - но дали тие во-
општо ги знаеја неговите активности. особено што ниту членовите на грчкиот парла-
мент не беа постојано информирани за "патувачката дипломатија" на Георг? И кои
"комбинации" требаше да ги промени фрлената коцка на Македонецот, а со неговата
смрт "брзо да пропаднат"?

Не, машата многу повеќе прилегаше на лажен маневар на оние што навистина имаа
уверлив мотив за овој чин .

Меѓу другото Сандански беше прикажан како Бугарин, иако беше Македонец (за да
се насочи бесот на Грците против Софија).

Овој случај може да се земе како повторно потврдување на (повторно) изнајдените
објаснувања од Фон Торстен Сцобрис, (спореди, заклучоци во бр. 1.2.2), дека, од време-
то на стогодишниот спор помеѓу бугарската и грчката црква, стана вообичаено сите
христијани/рајата кои не беа Грци да се означуваат како Бугари.

5.2.3 Интермецото помеѓу примирјето и мировниот договор во Лондон

Во тие недели јавноста започна да ја разбира длабоката воздишка што ја испуштија
"Винер зон-унд монтагсцајтунг", кога напишаа: порано се дискутираше

• "дека балканските држави се држеа заедно поради одбрана од надворешни планови за на-
пад," "денеска се чини ... дека во балканските држави треба поскоро да се бара жариште-
тоза немирите што зрачат врз цела Европа."1066

На 3 декември се успеа во тоа да се склучи примирје. Една од двете конференции
свикани во Лондон во тоа име:

"се состоеше од делегати од Турција, Србија, Бугарија, Грција и Црна Гора заедно, а оста-
натите беа собрани под претседателство на англискиот министер за надворешни работи

сер Едвард Грej - амбасадор на европските големи сили."1067

Напорните преговори се влечеа со месеци. Каменот на препнување, "Македонското
прашање", во секој случај остана недопрен. Се подразбира дека Македонците како не-
посредно засегнати не беа ниту присутни. Тоа династичките преговарачи немаше воop-
што ниту да го дозволат. И зошто требаше силите, кои беа согласни крзното од маке-
донската мечка да го поделат помеѓу балканските држави. уште да пуштат и Македон-
ци? За да ја благословат својата смртна пресуда? Така Стојчевски со право се жали дека
"Македонците при важните преговори ... беа изоставени од Големите сили".1068

Преговорите во Лондон конечно пропаднаа по државниот удар на младотурците кои
одбиваа "да го предадат Едрене што се уште се бранеше." По обновувањето на борбите
на 3.2.1913 година:

"паднаа и последните турски упоришта Јанина, Едрене и Скадар (што, под притисок на
Австрија, Црногорците мораа по 14 дена да го напуштат)"."1069

Како што се гледа, значи, можеше еден протест против Грција за Салоники целосно
да успее!

Што се однесува до Јанина, тука има една особеност. Погоре беше напоменато дека
на почетокот од грчката опсада градот успешно се одбрани. Меѓутоа, на големо одуше-
вување на Грците, Јанина изненадувачки падна! Германското пратеништво можеше да
понуди објаснување за овој пресврт што, за секој случај, постојано го декларираа како
лажен глас. (Но каде што има чад ...).

"За неочекуваното предавање на Јанина тука се шират гласови дека тамошниот коман-
дант за тоа добил наредба од Константинопол. Велат. Турците се уште се трудат да ја
придобијат Грција [грчките симпатии], евентуално да го заостарат грчко-бугарскиот кон-
фликт."1070

(Ова на султанот Хамид до пред неколку години беспрекорно му успеваше).

Оваа вест го зајакнуваше постојниот впечаток за новите коалиции и за наполно пои-
накво одвивање на фронтот во новиот претстоен конфликт.

Уште пред гореспоменатото примирје Бугарија и понуди на Турција еден "офанзивен
и дефанзивен сојуз" и, со овој чекор, да изнуди за себе особена предност. Како противус-
луга Софија се обврза:

"да се дистанцира од неизвесните прашања помеѓу Турција и преостанатите сојузници."1071

Останатите членки на Балканскиот сојуз уште од секогаш стравуваа од една ваква
подмолност - иако ниту во една од нив не можеше да се има доверба и затоа не постое-
ше основа една на друга да си префрлуваат вакво нешто. Така, се чини доследно, извес-
тувањето на амбасадата во Атина, дека "огорчувањето против Бугарија... постојано рас-

те"1072 Ова, меѓу другото, дојде до израз во статиите од печатот. За една од нив извести-
ше пратеништвото од Атина. "Ефимерис" пишуваше:

"Ако случајно и се верува на грчката страна, дека Бугарите се обединети со Грците, се на-
оѓаме во тешка заблуда. Овие се во највисок степен непријатели на Бугарија, како и на
Турците и на секој друг народ." Исто така и приватно Фон Квад регистрираше слични
гласови: "Всушност, невозможно е дека Грците се бореа на страната од Бугарите против
Турците. Ќе беше многу поприродно ... ако Грците се бореа на страната од Турците про-
тив Бугарија."1072 До ова, во блиска иднина, навистина и ќе дојде.

Уште два прилога за влошените грчко-бугарски односи:

"Едвај може да се опише омразата против Бугарија во Грција" му рече во април 1913 год.
дописникот на "Новое времја" (Nowoje Wremja) на германскиот амбасадор во Константи-
нопол, така што "една војна на Грција против Бугарија е несразмерно попопуларна" от-
колку што беше онаа против Турција.1073

И принцот Хајнрих (Heinrich) од Прусија, во едно писмо до неговиот брат Вилхелм II
од Атина, каде што беше делегиран како претставник на германскиот цар на погребна-
та церемонија за кралот Георг, ја споменува можноста за една ваква комбинација. Тој
додаде дека престолонаследникот Константин ја разгледуваше оваа можност и надопол-
ни дека тој "нема потреба да се плаши од оваа војна, бидејќи неговите трупи сега се доб-
рп обучени и навикнати на војна." (Константин не ја исклучи дури и можноста за сојуз
на Грција со Турција).1074

До оваа војна дојде три месеци подоцна.

На 30 мај 1913 год., Големите сили успеаја да посредуваат за мир ,во Лондон кој по-
доцна, откако дојде до Втората балканска војна - а потоа до конечен мировен договор
(во Букурешт) - мораше да се означи како прелиминарен мир. Турција ги загуби сите
области западно и северно од линијата Енос-Мидија (т.е. почнувајќи од устието на Ма-
рица на Егејскиот брег па се до Мидија во Црното Море, - исто така, Албанија, чија не-
зависнот, наспроти Русија, ја спроведоа Австрија, Германија и Италија) и егејските ос-
трови. Со тоа, во секој случај, беа пречкртани српските и црногорските надежи за излез
на Јадран. Турски останаа само источна Тракија и Константинопол.1075

Што се однесува до Албанија, Фергусон се сеќава на тоа дека австрискиот министер
надворешни работи грофот Берхтолд, во есента 1912 год., бараше независност за Ал-
нија што, "на најголемо изненадување на Албанците", навистина се случи.1076

Жалењето во Европа за турските загуби се чинеше дека беше целосно во границите
на очекувањата.
Уште пред избувнувањето на војната "Вестминстер газет" пишуваше:

"Турците се обидоа да се преустројат и, очигледно, не успеаја ... па македонскиот хаос се
уште продолжува.... ако Турција владее пристојно и одржува ред во своите европски про-
винции, турската моќ е осудена на пропаст во овие области."

(The Turks have tried to reform themselvs,and evidently failed...and Macedonian chaos still continues...If Turckey govern decently andkeep order in her European provinces,Turkish power is doomed in those regions)"1077

Во секој случај весникот изнесе:

"дека притоа потфрлија и европските сили кои во Берлинскиот договор гарантираа дека ќе се спроведат реформи и со тоа ќе се реши настанатиот проблем да и се дозволи на Македонија соодветна влада," и иронично додаде: "секој искусен индиски граничен администратор за неколку месеци ќе излезеше на крај со еден ваков проблем."

Впрочем, како отежнувачка околност на овој цитиран Индиец мораше да се каже дека тој и самиот немаше да успее ако мораше да се соочи со постојаниот отпор и постојаното попречување од грчкиот крал кој непрекинато се обидуваше своите роднини да ги убеди дека Грција, односно Балканот, на сопствена одговорност - т.е. поточно: во сопствен интерес - сам ќе го реши ова прашање кога ќе дојде времето за тоа. "Вестминстер газет" продолжува со нејзината критика на состојбите што не можеа да се превидат:

"Некои (балкански држави)... горчливо разочараа ... Бугарите и Грците со нивната алчност и безмилосното војување на нивните банди во Македонија." (на наведеното место).

На ова гледиште му асистираше една статија од австрискиот "Рајхспост" (Reichspost):

"Европската дипломатија наклонета кон Турците и направи лоша услуга на Турција кога ... свесно го одбегнуваше секое подлабоко зафаќање по прашањето за реформите, секој енергичен притисок врз Турција."1078

На крајот на месецот октомври, откако решавачките воени успеси веќе беа остварени, но мировните преговори се уште не беа ни започнати, австрискиот "Ноје фраје

пресе" се огласи со необична прозна, да, речиси лирска форма за воената ситуација во
Турција и притоа изведе впечатливо опишување;

• "Бледата квечерина на зајдисонце се шириле врз Константинопол."

• "Во палатите на владата пашите тивко шепотеа за загубената битка и за немоќта на зем-
јата која со исцрпени сили од никаде немаше надеж за поткрепа."

• "Војската (е) урнатина, а царството разбиено."

• "Загубениот воен поход не е, како некогаш, минлива несреќа."

• "Ова царство умира бидејќи не знаеше како треба да се вклопи во своето време и е приси-
лено да смета на повторно будење, а со тоа и на унапредување на националната свест.
Турција пропаѓа и венее бидејќи таа не сакаше да ги задоволи ниту духовните, ниту пак
стопанските потреби на потчинетите народности, туку ги фрли во беда, не им ја понуди
ниту вообичаената правна сигурност, а сите овие племиња кои имаа роднини од другата
страна на границата се почувствуваа како најголема пречка за натамошниот развој."
• "Неопходно е враќањето од купот урнатини врз кои почиваше државната целост која не-
когаш сиот свет го држеше во страв..."1079

Резигнацијата во остатокот од големото царство, внатрешно опаднато, а сега и во
надворешно распаѓање, беше толку длабока што Турците, во јасна смисла на нивната
општа заостанатост - колку што можеше да се знае - ниту еднаш, како што е вообичае-
но, не бараа виновници и не симнуваа глави.

Толку повеќе Франција се насладуваше со турскиот пораз:

"На восхитувањето од победничката офанзива на армиите на балканските држави ...
очигледно му се приклучи и извесно задоволство од тоа што турските војсководци изле-
зени од германските школи не и беа дораснати на својата задача. Со особена самобенди-
саност беше укажано и на тоа дека артилеријата на балканските Словени, што нивното
размислување ја оцени како беспрекорна, е од француско потекло, додека турските топо-

ви потекнуваат од Круп (Krupp).'"1080

Се чини дека триумфот на производителот на топови Крузо (Creusot) над Круп не бе-
ше сосема неправеден, бидејќи и самиот рајх-канцелар Фон Билов постојано се изјасну-
ваше за тоа дека, и покрај сите "блескави предности" на пруската војска, старомодниот
кодекс на честа доведе до "предрасуди и саморазочарување". "1081

И покрај поразот на Турција, на нејзините соседни држави, т.е. поранешни страдал-
ници под искривената сабја на Османлиското царство, во минатото толку им беше вте-
ран страв во коски што, уште со месеци до Балканските војни, во кабинетите се диску-

тираше дали "Турција ќе стапи во војна со Грција".1082 Опасноста од повторни турски ос-
војувања беше уште поголема откако Бугарија со своите ревизионистички планови ва-
жеше како потенцијален коалиционен партнер на Турција.

Така, не е чудо што и двете држави на крајот се најдоа на страната на двете герман-
ски средни сили (околу Италија) во големиот круг по 1914 год. како сојузници.

Дури се сметаше:

"за можно дека македонскиот комитет може да постигне спогодба со комитетот на мла-

дотурците." (на наведеното место).
Тука се покажуваше уште една шанса за автономија на Македонија. Впрочем, потре-
бен е само мал пророчки дар да се претпостави дека во решавачкиот момент, како и при
нивната прва револуција во 1908 год., младотурците сепак повторно ги оставија на цедило.

Колку длабоко беше веќе потоната "ѕвездата на месечината", меѓу другото се гледа
од еден извештај на амбасадорот Фон Вангенхајм: министерскиот совет на 27.10.1912
год. во Константинопол "се реши за евентуално преместување на калифатот во еден

град во Мала Азија"."1083 Оваа одлука беше последица од несфатените цели на европски-
те сили во однос на Златниот рог и морскиот теснец. (Од друга страна, недовербата на
Високата порта - како и обратно онаа на Европејците - не беше, според искуството, не-
соодветна).

Марк Мацовер пишува за времето по (пред)мирот во Лондон на 30 мај 1913 год., при
што го цитира Американецот Фредерик Мур (Frederick Moore):

Сега "[Турчинот] ќе се повлече кон Азија од каде што пред векови и дојде, едвај променет
од општењето со народите во Европа - што тој ги остави како и што ги затекна, во среден
век". И ја презема реченицата од полскиот историчар Оскар Халецки (Oscar Halecki): "Ос-
манлиското царство - своите европски поданици, сосема туѓи според потеклото, традиција-
та и религијата - во никој случај не ги внесе во нов тип култура ..., туку (не донесе) ништо
друго ... освен понижувачка туѓинска власт која речиси четиристотини години имаше удел
во европската историја." (на наведеното место, стр. 41 и понатаму, и стр. 44 и понатаму)

Халецки во прва линија мислеше на реформацијата и просветувањето.

Дури и "Тајмс" со елан се зафати со остроумни размислувања за историската димен-
зија на случувањата на Балканот. Можеби не можеше подобро да се изрази она што то-
гаш ја движеше оваа епоха:

"1912 год. беше сведок на гаснење на азиското владеење во Европа и засекогаш ќе остане
така во сеќавањето." "И беше ставен крај на еден ... режим на насилство и угнетување."
(And an end has been put to a..... regime of tyrany and oppression)"1084

Со оглед на годините 2001-2004 сепоставува прашањето дали веројатно не се работе-
ше за една пребрза оценка.

5.3 Повторно сензација: Русија создава нов Балкански сојуз

По прекинувањето на Првата балканска војна избувната два месеци пред тоа, поради
горе споменатото примирје на 3 декември, Русите веднаш повторно презедоа напори да
пронајдат натамошни сојузници - или барем овој или оној кандидат да го неутрализи-

раат пред да се започне на големо со тешките дебати.

Рускиот цар го испрати својот брат, великовојводата Николај Михајлович во Рома
нија, да му врачи маршалска палка во знак на сеќавање на заедничката победа во Плев-
на пред 35 години на 11.12.1877 година. [Овој пат царот го испрати само својот брат - не
колку месеци подоцна, во јуни 1914 год., откако Антантата ги презема сите напори Ро-
манија задолжително да ја одврати од Тројниот Сојуз, царот лично допатува во Кон-
станца (Фриц Фишер: Првата светска војна ... стр. 272-275) со значајни подароци како
компензација во својот багаж кои требаше да го корумпираат високиот цариник. Со ус-
пех]. Палката беше голема чест за романскиот крал - но Карл имаше искуство со пода-
роци од Данајците. Исто така и царот Вилхелм, врз основа на своите искуства, на марги-
ната од телеграмата во која беше известено за рускиот "доказ за доверба на Романија,
забележа: "Блеф. Едноставно ... надеж да се оневозможи Романија."1085 А откако прате-
никот од Валдхаузен (Waldhausen) му цитираше на романскиот министер за надвореши
работи Мајореско (Majoresco) дека тој ја смета:

"спогодбата помеѓу Германија, Австрија и Русија за нешто најдобро", бидејќи конечно
"таа се поставува како мост помеѓу тројната Антанта и тројниот Сојуз",

кај Вилхелм во неговата забелешка на маргината дојде до израз сета огорченост од
разочарувањето во царот Николај:

"Утопија". И: "Попрво ќе пливам отколку да стапнам на еден руски мост" (на наведеното
место).

Всушност, романскиот крал требаше набргу да открие дека предавањето на подаро-
кот имаше особен повод. Вистинската причина на посетата беа неколкуте прашања. Ка-
ко на пример, дали Романија не би сакала да пристапи кон Балканскиот сојуз!

Ова прашање во Виена и Берлин ќе одекнеше како бомба и ќе мораше да ги огласи
сите звона!

Со која цел требаше Русија да искова уште еден нов Балкански сојуз, помеѓу примирј-
ето и веќе видливиот термин за мир на Балканот? Смислата на досегашниот сојуз беше
апсолутно исполнета! Значи, на балканските држави не им беше потребен нов сојуз.

Дали и беше потребен на Антантата ? И против кого ... ?

Одговорот на последново прашање - ако воопшто се смета за потребно да се постави
- се извлекува само по себе.

Руските барања за пристапување на Романија кон Балканскиот сојуз кралот Карл
можеше лесно да ги одбие со забелешката за веќе познатите грчко-бугарски разлики и
поради околноста што досегашните членки се уште и самите не знаеја дали воопшто ќе
го продолжат.1086 Впрочем, кралот "зборуваше бесмислено" откако великовојводата са
каше задолжително да знае што бараше во Букурешт австрискиот шеф на генералшта-
бот грофот Конрад фон Хетцендорф (Conrad Graf von Hotzendorf). Бидејќи, да се види Ро-
манија на страната на Австрија и на Германскиот Рајх, ќе претставуваше една коалиција
која, од познатите причини, воопшто немаше да се вклопи во концептот на Антантата.

Значи сепак не се работеше за едноставно продолжување на Балканскиот сојуз про-
тив Турците! При една ваква второстепена балканска војна на Русите ќе им беше рела-
тивно сеедно кого Романија симпатизира.

Од своја страна кралот Карл се изјасни како многу загрижен поради српското под
метнување на немири во австриската провинција Босна и Херцеговина.

Според романскиот крал, агитациите мораше задолжително да престанат:

"а Србија конечно да се откаже од планот, како што беше сега случајот, нејзините грани-
ци уште повеќе да ги прошири. Ако тоа не се случи, Австрија може следниот мај да не

покаже, како сега, толкаво трпение, а тоа, без сомнение, за неколку години ќе доведе до
избувнување на општа европска војна."

Романскиот крал едвај ќе можеше и да насети од какво централно значење беше не-
говата изјава за очекуваното однесување на Австрија за неговиот соговорник, прет-
ставникот на Антантата - бидејќи целиот успех на нејзиното планирање војна сепак за-
висеше од однесувањето на Австрија.

Пратеништвото во Букурешт многу детаљно известуваше што слушнало од кралот
Карол за овој разговор, а меѓу другото и следново:

"Великовојводата ги запиша изјавите на кралот за да му ги пренесе на Неговото Висо-
чество царот на Русија",1087

- при што тој во себе сигурно си мислеше: 'прекрасно тече! Токму тоа што моето
братче се надева да го чуе. Сега треба царот само малку да им ги попушти уздите на Ср-
бите - и Австрија веќе ќе падне во стапица без Русија да мора самата да ја започне голе-
мата војна...!'

На ова место е особено јасно долгорочното планирање на Антантата кое со помош
на српските интриганти, консенквентно води до Сараево.

Подоцна - кога се уште не беше толку доцна, имено при крајот на годината (1913) -
се утврди дека Русија не само што ја попушти уздата на Србите туку и вети дека ќе ги
награди токму беговски.

З а ш т о ?

За што се исплатеше на Србите (откако Балканската војна веќе беше - успешно - завршена) да им се вети Албанија? .

Сигурно не како против услуга за нов заеднички напад врз бедните остатоци на Османлиското царство, бидејќи, бездруго, веќе беа освоени (јужен) Епир, Тракија и Македонија! А Константионопол (поради сигурното противење на Англија и Австрија) за Русија остана табу.

Впрочем, зарем Албанија не се прогласи за независна?
И како дојде до тоа Албанија на крајот, и покрај руската одлука, за влакно да се спаси од пропаѓање?

Македонците немаа толкава среќа.

Зошто толкава предност за Србија?

Или тоа беше можеби само вид израмнување? Дали можеби уште пошироко
мислеше и на Грција?

Прашања по прашања - на кои ќе се навратиме во главата под бр. 5.4.

Заради својот голем план Русија мораше да настојува односите кон Бугарите, кои
долго време беа запоставени поради Србите, повторно да станат пријателски. Вистина оваа линија противречи на тежнеењето на останатите балкански држави, но амбасадорот Фон Пуртале пронајде објаснување за овој нов руски пресврт:

"Речиси се добива впечаток дека намерата беше да се спречи [бугарскиот] крал Фердинанд да ги следи заклучоците на Виенскиот кабинет и да бара поддршка од Австро-Унгарија."1088

Стравувањето во никој случај не беше погрешно, бидејќи Бугарите ќе - [ќе?] - пристапеа во пакт со секоја држава ако тоа и помогнеше на Софија во наголемувањето на
нејзината моќ, а со тоа и во повторното оживување на сонот за Голема Бугарија до Средоземното Море.

Навистина наскоро ќе започне бугарското оддалечување од Австрија и Германија.

Токму затоа се вредни за споменување, изнудените руски симпатии кон Бугарите, бидејќи на Русија, сосема очигледно и беше потребна Бугарија како важна шаховска фигура, иако мораше да им се свитка врвот на безмерните желби на Бугарите - како што порано (со целосно роднинско разбирање за грчката експанзионистичка алчност), исто така лесно беа одбиени сличните предлози од Грците.

По посетата на еден висок бугарски гостин во Санкт Петербург, германскиот амбасадор состави извештај за тоа:

"Повеќепати се спомена дека генералот Димитриев направи безуспешен обид да ја бара руската согласност за бугарски воен поход на Константинопол."1088

Како ќе можеа кралот Ферди и генералот Дими да успеат во она што ниту царевите на првото (842-972 год.), ниту пак оние на второто Бугарско царство (1185-1393 год.) не успеаја.

А сега да ги молат токму Русите, коишто од своја страна во 1878 год. беа спречени од Англија (и Австро-Унгарија) при овој примамлив чекор и сега се подготвуваа да се втурнат во нова војна против Германскиот Рајх поради Константинопол и морскиот теснец. Никогаш не се укажа прилика да се дознае дали Англија навистина беше подготвена на Русија да и го препушти Златниот рог, попрво дали никогаш репката пред магаре-то во решавачкиот момент - со двоумење за убедливите аргументи - сепак немаше брзо да ја тргнеа? Во секој случај ова беше одобрено од Бугарија, а за Русија, благо речено, неодмерено. Демаршот, значи, мораше да пропадне.

Очигледно беше: активностите на Антантата, презентирани преку Русија (со Англија и Франција во заднината), беа насочени кон создавање нов Балкански сојуз што, навистина, во втора линија, требаше да га задоволи натамошните желби на балканските

држави, но долгорочно, сепак следеше една, за европско ниво, повисока цел. Особено
требаше да се обмисли за уделот на Србија, новиот фаворит на Русија, во сега веќе не-
турската Македонија, а истовремено таа да послужи како врв од копјето во правец кон
австриските државни територии за провоцирање и слабеење на хабзбуршката двојна
монархија.

Овој план беше провокативен предизвик за Австро-унгарското царство и можеше да
се постигне само по цена на заострување на кризата во интернационални рамки. Ќе се
осмели ли Русија, ќе се осмели ли Антантата? Се чини дека врз основа на омразата во
Лондон и во Париз се постигна зрелост за извесноста да се развие план којшто ќе може
да се изведе.

Меѓутоа, мора да се запрашаме зошто калкулираната цена на Санкт Петербург не
му се чинеше превисока и зошто во сметката не беше ставен и неуспех на војната. Дали
поттикнувачите на војна во Русија, особено во Москва (печатот, офицерскиот корпус и
православната црква), навистина имаа доволна причина да бидат убедени во руската по-
беда?

Или таа - можеби поттикната од широкоградите ветувања од нејзините партнери во
Антантата - беше наведена на лекомисленост, т.е. пропаст?

Сиромашкиот цар Николај - кој како наивен селски јунак дозволи да биде искорис-
тен од Англија и Франција и од руските панслависти како и од Руската православна црк-
ва како врв на копјето против Германија. Тој ќе има доволно време уште често да раз-
мислува за неговата средба со вујко Вили во летото 1905 год. во Бјорко (Bjorko). Несом-
нено Вилхелм беше жесток - но зарем тој немаше право?

Сиромашката Алиса-Александра, сиромашките деца ...

Покрај спектакуларниот карактер (во оваа работа), мора да се дозволи да се постави
едно дополнително сериозно прашање:

Требаше ли Франција во својот болен копнеж по одмазда и требаше ли Англија во
своето мегаломанско опфаќање на светот во стремежот кон хегемонија, распоредува-
њето на силите, како што во Европа на крајот од Првата светска војна навистина посто-
еше, уште тогаш, во 1913 год. (овие податоци, според тоа опфаќаат еден сосема прег-
леден временски период), да го насетат и соодветно да го вградат во своите планирања,
така што, не само две, туку одеднаш со еден удар ќе можеа ра ги срушат сите три ев-
ропски царства! Со тоа конечно во историјата ќе ја потопеа институцијата на несака-
ниот царизам во Европа и на тој начин ќе можеа малку да ја ублажат болката од нивно-
то длабоко повредено самољубие и честољубие од пред 400 години, откако во тоа далеч-
но столетие ниту францускиот крал Франц I (Franz I), ниту пак англискиот крал Хенрик
VIII (Heinrich VIII) не стана "цар на светото Римско Царство" (со дополнување коешто во
никој случај не е неосновано: "на германската нација"), туку и двајцата кандидати му беа
потчинети токму на еден Германец, Карл V (Karl V). (А ниту корзиканско-наполеон-
ското, ниту егзотичното индиско царство ни приближно не се покажаа како достојна за-
мена).

Упатувањето на светото Римско Царство сепак не одведе предалеку?

Модерната англиска историска наука мисли поинаку:

Во 1912 год. Балфур објави статија за "англо-германските односи во која експлицитно ја
обвинува германската влада дека подготвува освојувачка војна, при што нејзина цел е
повторно воспоставување на светото Римско Царство на континентот и ширење на нејзиниот империјализам преку морето."1089

Кога се работеше за тоа англиската јавност да се поттикне против Германците и сис-
тематски да се подготвува за војна, на англиските агитатори за војна не им беше туѓа

ниту една форма.

Иако конзервативецот требаше исто толку добро да знае, како и либералите кои-
што беа пред тоа на власт, дека оваа идеја не е точна. Во својата пропагандна борба анг-
лиските империјалисти не се воздржуваа против се што е германско, да го искористат
секое дури и измислено сениште во своето идеолошко засновање на потенцијална пре-
вентивна војна против Германија. Така тие конечно не само што ќе го уништеа гер-
манското царство туку воедно со тоа ќе ја преболеа и причината за зависта кон ус-
пешното и прогрсивното и Вилхелмово доба.

Како и оваа цел, остана непроменлив, како што гласи горе, неопходниот услов (con-
ditio sine gua non): англиската превентивна војна мораше да личи на германска освоју-
вачка војна!

Во случај на нужда таа ќе се поставеше така - како и што се'случи.

5.3.1 Формирање на нова воена коалиција на Балканот

Аналогно со поматувањето, па дури и нарушувањето на грчко-бугарските односи се
влошија и односите на Србија со Бугарија. Мајорот Фон Масов, воен аташе во амбаса-
дата во Софија, во еден извештај повторува дека српскиот пратеник Спалајковиќ му го
раскажал следново:

"Пред почетокот на војната ним [на Бугарите] им беше полна устата со ветувања за злат-
ни брда и долини. Опсадата на Едрене беше можна само со помош на српските екипажи и

топови. Светот постојано зборува за бугарскиот успех, а заборава дека Србите кај Кума-
ново и Битола ја уништија [турската] Вардарска армија додека во Тракија се уште ништо
не беше решено. Бугарите не можеа да напредуваат бидејќи нивните подготовки за војна

беа нецелосни."1090

Српскиот пратеник темпераментно зборуваше понатаму:

• "дека со текот на војната врските на српските трупи со бугарските доживеаја натамошно
влошување. И самиот непријател, Турците, на неговите сонародници им беа посимпатич-
ни отколку непријатните и непријателски расположените Бугари што тој ги нарече
'Татари'",

• бидејќи Србите себе "(се сметаа) за најчисти Словени. а Бугарите за мелези со силно мон-
голско влијание. Затоа.тие-бездруго нема да им ја дрзволат позицијата на словенска
надмоќ на Балканот"

• бидејќи во Белград со години беше "неподнослива воената надмоќ на Бугарија" и потсе-
туваше напоразот во 1885 год. кај Сливница и Пирот.

Слични обвинувања за Бугарите од Белград стигнаа дури во Берлин: Србите се, како
што известуваше пратеникот Фон Гризингер (Griensinger), огорчени поради тоа што:

"во целата окупирана област, често се соочени со безмилосната пропаганда на Бугарите.
Кон ова спаѓаат основањето банкарски филијали во местата освоени од Србите како што
се Битола и Прилеп, испраќањето комити за политичко влијание врз населението според
мотото: 'ако не милум, тогаш силум', и отворање школи и цркви насекаде каде што мо-
жеше да се докаже постоење на Бугари."1091

Ако ова и навистина соодветствуваше на една одредба од српско-бугарскиот договор
за Балкански сојуз, сега Србите, бидејќи реалната состојба на фронтот се постави сосе-
ма поинаку, не сакаа повеќе ниту да чујат за нивното тогашно ветување. Во поглед на
воените успеси на Србија, српската влада поднесе барање за ревизија на спогодбата за
поделба.

"Имено, според текстот од договорот Битола, Прилеп и Охрид нема да и припаднат на
Србија", бидејќи "граничната линија ... дефинитивно веќе беше повлечена".1092

Бугарија, пак, поаѓаше од тоа дека наведените градови според договорот ќе и бидат
доделени нејзе кога тие ќе бидат освоени од Србите и според тоа таа се концентрираше
на своите делови на фронтот и притоа не мислеше да и поднесува сметка на Србија, ду-
ри и кога договорената линија повеќе не одговараше на реалното одвивање на фронтот.
Софија дури го одби српското барање за ревизија со една нота од 45 страници.'"93 Офи-
цијалниот српски весник "Самоуправа" доследно најави:

• "дека, ако Бугарија не попушти, неизбежен е воен судир со неа."1094

Една од последиците на овој раскол беше тоа и двете воинствени петлиња да се тру-
дат околу Романија како можен иден сојузник. Србија дополнително зборуваше и за
еден "одделен сојуз" со Атина.

Со тоа јасно се оцрта создавањето нов круг агресори чијашто цел повторно беше ма-
кедонската територија, но којашто сега се наоѓаше во рацете на Бугарија.

Интензитетот на српско-грчките односи навистина порасна до неочекувано ниво,
Најверојатно, за време на еден престој во Лондон по повод конференцијата:

"српскиот полномошник Новаковиќ и премиерот Венизелос склучија особено срдечни
односи" и ги поставија основите за "српско-грчкиот сојуз"."1095

Иако датумот на мировниот договор за Првата балканска војна, се уште не беше фиксиран, помегу Србија и Грција веќе постоеше согласност дека:

"двете држави заеднички ќе можат да ги спречат бесмислените барања на вжештените
шовинисти во Софија." (исто)
И покрај претераното грчко-српско уверение за пријателство(што Енциклопедика
Британика го споменува дури и како антибугарска алијанса од 1.06 1913 год.),и оваа нова
врска ќе ја содржи старата позната неизвесност

"Се уште не е решено најтешкото прашање на поделбата на територииte помеѓу сојузни-

ците"(исто)
Српсиот пратеник во Софијаму раскажуваше на германскиот колега Фон Билов, откако тој гласно ја искажа неговата "нетрпеливост кон алчноста и ароганцијата на Бугарија" за "веќе постигнатата спогодба со Грција".Притоа тој дури спомна и план за :
одбрана и троен сојуз со Турција што ќе биде дотолку полесен за остварување бидејќи помеѓу неа и Србија никогаш не постоел длабок антагонизам "(на наведеното место)
Меѓутоа на преговорите тоа се слушна поинаку.Но,како што тоа толку убаво се вели во германскиот народен (изнасилен) хумор:минати болки ,радо имам.

Коментарот на Фон Билов: .

"Сето ова прилега на намерно опкружување на Бугарија, така што отсекогаш се подразбираше дека денес, од сите други учесници, со право ќе бидат осудени како идни попречувачи на мирот на Балканот."1096

Ова звучи многу паушално и со предрасуда;но во секој случај се вклопува во еден цитат од 1941 год:

Бугарската окупација [на Македонија]ќе се покаже како многустран конечен прекин на македонските симпатии кон Бугарија,бидејќи Бугарите не се однесуваа како ослободители туку како радикално асимилирачки окупатори."
(Во тоа време, сепаратистичките Евреи од Вардарска Македонија, за разлика од оние од Бугарија, Бугарија ги депортираше во Германија").1097

Вусшност, во овој круг нови сојузници недостасуваше -што русите уште одамна го сметаа за попречувачки недостаток - само уште еден друг сосед на Бугарија: Романија.
Вушност, во една од заклучните реченици од извештајот на мајорот Фон Масов се велеше: "во тек се преговори со Букурешт" (како фуснотата1090). Позната беше постојаната грижа на романската влада за доброто и злото на нејзините, по потекло влашко-ароомански, браќа во Македонија. Германскиот амбасадор во Лондон, грофот Фон Лихновски (Graf von Lichnowski), во март 1913 год., по еден разговор со романскиот пратеник

Мису (Misu) известуваше дека во интерес на куцо-власите поскоро ќе се изјасни за пот-
чинување на ова племе, што беше распространето во Епир и Јужна Албанија, под Алба-
нија, со што на племето би му се овозможила посигурна заштита:

"отколку онаа со еленизацијата која им е туѓа на сите составни делови на тој народ, а со
која истапуваат Грците." "Имено, во тие области не треба да се потцени огорченоста про-
тив Грците поради продолжувањето на еленизацијата на клерот и таму никој не им веру-
ва на грчките ветувања". "1098

Исто така и Грците, од своја страна, имаа соодветни грижи. Оттаму, се чини дека во
Грција се искристализира нова линија на фронтот. Пратеникот Фон Квад му забележу-

ва на премиерот Венизелос:

• "... во сегашната војна во која Турција беше противник на Грција, за жал, може да се конста-
тира дека барем 700.000 Грци останаа под бугарска власт. Додека тие под турска власт би
останале Грци, сега за кусо време се бугаризираат и, со тоа, се загубени за Грција."1099

(Колку бргу погрчувањето го prospe побугарувањето!)

• "Сојузот (балкански) е склучен само заради војна и се гасне со нејзиното завршување."
"Освен заради војната" Грција не е "на ниту еден друг начин поврзана со сојузниците." "Но
Грција им остана верна на своите сојузници се до склучувањето на мирот."

Таква е официјалната потврда на демократските и моралните претстави на грчкиот
премиер Венизелос - во теоријата. Што се однесува до праксата, германскиот пратеник
за тие денови го јави следново:

"Во Македонија најверојатно се случи вооружен судир помеѓу Грците и Бугарите."1100

Со тоа се затвори кругот на спогодбените партнери од досегашниот Балкански сојуз
и Првата балканска војна како нови воени противници во Втората балканска војна - за
Бугарија.

(продолжение: бр. 5.5.)

5.4 На "работ од провалијата"

5.4.1 Руското коминике од април 1913 година

Завршувањето на амбасадорската конференција во Лондон, кон крајот на војната на
балканските држави против Македонија, во април 1913 год.. со себе донесе еден позна-
чаен резултат одошто воспоставениот на крајот на мај самиот лондонски (прелимина-
рен) мир, којшто, како што е познато, траеше само неколку недели.

По апсолутната блокада на информациите од Антантата во однос на подготовките и,
конечно, на остварувaѓвето на Балканскиот сојуз, како и на Првата балканска војна која
следеше потоа, светската јавност беше изненадена со едно долго коминике од руската
влада кое известуваше за содржината и одвивањето на лондонската амбасадорска кон-
ференција, како и за руските политички цели. Најнапред се мислеше дека со него ко-
нечно завршија навестувањата, нагаѓањата и шпекулациите за бесмислената улога на
Русија - како и на Франција и на Англија - во однос на Балканскиот сојуз и Првата бал-
канска војна.

Од текстот на коминикето произлегуваше,

- дека Русија сакаше да ги осигура воените успеси на сојузничките победници,

- дека тие можеа да го постигнат "својот успех само врз основа на неинтервенирање
на Големите сили", и

- дека само преку тоа ќе беше можно локализирање на војната."1101

Со оглед на досегашната тајност, доведување во заблуди и лаги, ова сензационално
објавување претставуваше вистинско откривање. Се чинеше дека со еден удар се от-
странети сите неизвесности коишто се уште висеа во воздухот. Во секој случај, Санкт
Петербург сакаше да го убеди светот во тоа.

Меѓутоа, во текстот, се разбира, не стоеше ништо за инволвираноста на силите на
Антантата и за нивните вистински цели.

Во секој случај, со оваа нота Русија ги потврди сопствените и балканските цели за ко-
ишто во предиграта на Првата балканска војна изведе уште еден неопишан танц по јајца:

1.

Сега се покажа дека Санкт Петербург навистина сакаше, односно (по налог на Ан-
тантата) требаше на четирите балкански држави да им помогне во нивните територи-

јални придобивки и да го гарантира нивното осигурување. Ова беше, со помош на мно-
гу измамнички трикови, бездруго одречувано се до објавувањето војна од Црна Гора и
од другите три држави. (Не без причина, во ова дело мораше да се посвети една одделна
глава за "Недозволеноста на територијалните помени", спореди бр. 5.1.1.3).

2.

Што се однесува до "неинтервенцијата на силите", можеше да се работи само за др-
жење на Германија и Австрија настрана од интервенција - бидејќи силите на Антантата
и така ги сместија под ист покрив. Затоа, значи, постоеше енормно користење на без-
бројни интриги, заблуди и лаги - кои и од денешен аспект (по 90 години) ја надминуваат
секоја замислива мера! Тука лежи и потврдата дека Германија и Австрија навистина ќе
можеа да ја спречат империјалистичко-освојувачката војна на балканските држави про-

тив (се уште турската) Македонија - а сепак, поради незнаење или сопствени интереси,
се откажаа од интервенција. (Кон ова уште ќе се навратиме).

3.

Овие две признанија го истакнаа коминикето така пофално како да ќе можеше со
негова, и само со негова помош да се овозможи локализирање на Балканската војна. Се
чини дека во Берлин и во Виена беше прифатен аргументот на Русите дека силите на
Антантата сериозно посакуваат локализација - еден знак за тоа дека "Германците" се
уште не го prospреа скандалот на Антантата.

Според коминикето, беа постигнати неброени регулативи во "заплетканите и напор-
ни" преговори на конференцијата свикана за таа цел (на 18.12.1912 год.).

Тогаш коминикето, во продолжение, ја објави основаноста за решавање на "тешката
задача" за означување на границата на Црна Гора (како молам?) и за независност на
Албанија чии интереси беа "заштитени" особено од Австро-Унгарија. (Каква ненадејна
пофалба на омразениот противник). Така беше утврдена и "северната и североисточна-
та граница на Албанија",

"која стоеше на патот на интересите на Црна Гора и Србија во нивниот многу природен
стремеж кон проширување." Ова сфаќање конференцијата го примени и на албанскиот
"стремеж... по можност да ги прошират ... границите", поради што "Русија (веруваше)", "во
текот на долгите и тешки преговори со взаемни отстапки"... "дека на Албанија мора да и
се дозволи анексија на Скадар", но, притоа, од друга страна, "Призрен, Пеќ, Гаковица и
Дебар да станат словенски градови".1101

Да - така беше тогаш со сфаќањешо за "природните стремежи за проширување".
Само, од своја страна, поради грчкиот приговор, попустливоста на европските династии
и сопствените интереси на Антантата, не постоеше разбирање за природните стремежи
за слобода, независност и сувереност на задоцнетата Македонија, Тракија и Епир.

Текстот во коминикето беше толку грижливо а сталожено составен што можеше да
се помисли дека се работи за трезвено прикажување на состојбата. Но требаше да се за-
праша: што беше тоа толку важно за регулирање на границата на Црна Гора, што од
130 реда во коминикето на оваа тема и беа посветени 74 реда, околу 30 реда на албан-
ското прашање и речиси исто толку на општото опишување, меѓутоа ниту еден ред за
српските, бугарските и грчките граници. Тогаш можеби ќе се дојдеше до одговорот дека
начинот и опсегот на текстот остават впечаток за лажен маневар или го покажуваат
обидот дека не се сакаше да се покаже никаква друга верзија за содржината и одвивање-
то на конференцијата освен сопствената - руската. Меѓутоа, освен фактот дека регули-
рањето на конечните граници се уште не е разјаснето, можните одговори едвај ќе дока-
жеа нешто конкретно.

_____стр.369

-МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗОЛ-

Значи, опширното коминике сепак повеќе сокри отколку што на прв поглед отворе-
но објави.

Како воопшто дојде до изненадувачкото објавување на подробностите од Лондон-
ската балканска конференција? Еве еден обид за реконструкција:

Остана во сеќавање (спореди бр. 5.1.4) како Вилхелм II ја prospe стапицата на Ан-
тантата. Поинаку отколку што се стравуваше од првиот впечаток, предупредувањето на
царот сепак не остана неслушнато. Така, Министерството за надворешни работи мо-
жеше да одбегне Австрија да падне во стапицата што уште тогаш ќе предизвикаше
голем конфликт. Впрочем, се чини дека државниот секретар Фон Кидерлен Вехтер со
Виена имаше слатка грижа ...

Според обичаите на дипломатските интриги, може да се претпостави дека владата од

Петербург се довлечка до Лондон и дозволи да биде принудена на мирољубиво однесу-
вање, само под услов, по завршувањето на конференцијата, таа да го има правото да мо-
же да ја објави својата сопствена верзија за одвивањето на конференцијата. Бидејќи са-
мо така можеше да се разбере зошто Сасонов смееше, без приговор, во таква форма, да
го состави и објави неговото коминике од април коешто, и покрај некои откритија, се-
пак повеќе прикри отколку што откри.

Така непречено продолжи руското заведување на Германија и Авсшрија со иомош
на истрајноста на мрежата од лаги на Антанташа во однос на целите кои што про-
излегуваа ор Балканскиот сојуз против Двојниот сојуз!!

Ова беше основната претпоставка за да може Антантата да продолжи со своите вое-
ни планирања - а да нема потреба ниту еднаш да ја промени својата стратегија.

Најнапред мораше да избие и да заврши Втората балканска војна и мораше да минат
уште три месеци, за да излезе на виделина (речиси) сета - тажна - вистина за двојната иг-
ра на Русите, Французите и Англичаните против Германија.

5.4.2 Еден бугарски одмазднички чин ја изнесува вистината на виделина

Дури половина година подоцна [на ова место, заради некои целесообразни размислу-
вања, мора, Втората балканска војна којашто хронолошки следи да се одложи за подод-
на], се увиде дека и при руското коминике повторно се работеше за прибирање оправду-
вања и искривоколчувања како и за затајувања и измами.

Бомбата пукна кога францускиот весник "Матен" околу крајот на ноември 1913 год.
ги отпечати текстовите на грчко-бугарскиот сојуз-спогодба од 16.5.1912 год. и воената
конвенција од 22.9.1912 година.1102 При барањето на дупката многу брзо се дојде до Буга-
рија. Затоа што, покрај вистинската жртва на Балканските војни, Македонија, којашто
целосно невооружена беше нападната и поделена на четири, а нејзиното население се
соочи со горчливата судбина на посрбување, погрчување и побугарување ("видливото"

насилно албанизирање на западниот дел од Република Македонија се појави - по прикривањето во изминатите децении - дури во почетокот на новото столетие), - покрај Македонија, значи, Бугарија излезе најлошо од двете Балкански војни и односните конференции во Лондон и Букурешт. Сразмерно големо беше и бугарското разочарување од Русија и оттаму желбата да се гризне барем за дебелото месо големата сила којашто ги сруши бугарските визии.

Резултатот од оваа фрустрација беше ова екстремно срамно и понижувачко објавување за Русија.

Кон текстовите на договорите од Париз "Франкфуртер цајтунг" (Franfurkten Zeitung) веднаш додаде толкување кое, меѓу другото, можеше да биде толку исправно бидејќи "суштината на овие откритија ... веќе со месеци не беше непозната"1103, така што таа само чекаше на потврда и еден соодветен повод. Тој сега настапи.

Новата и дополнителна сензација на откритијата се состоеше од три фундаментални разјаснувања:

1. Руската влада беше на срамен начин разоткриена пред светската јавност дека ги' влечела конците на Балканскиот сојуз и Балканската војна - иако таа со години се поставуваше како навистина да е заинтересирана, но не и инволвирана. Трикот со локализирање на Балканската војна, значи, беше само еден од многуте лажни маневри. Исто така и наводните напори за придржување кон статус кво се покажаа само како чиста лага.

2. Антантата создаде мрежа за вовлекување на Австрија во војна.

3. Руската мобилизација на галициската граница не беше пробна мобилизација, како што министерот за надворешни работи Сасонов, со голем успех, го увери светот. Таа не беше "само една мирољубива демонстрација, туку беше сериозно пресметана за на-

пад против Австрија".1103

Какви ли се исчанчувања не изведе Русија поради оваа мобилизација, за да одигра
пред Австрија и Германскиот Рајх дека притоа се работеше само за една безопасна, а
згора на тоа и легална рутинска мерка! А каква само недостоинствена улога презеде
рускиот министер за надворешни работи Сасонов во оваа злобна игра! Ништо не е тол-
ку префинето испредено...

Дури подоцна се се покажа како лага.

Хабзбурзите требаше да бидат фатени во нивната алчност кон територии, по што
Виена (не без основа и сопствено учество) беше позната и прочуена. (Сега конечно мо-
жеше да се конкретизираат досега навестуваните докази): Санџак беше избран како мам-
ка. Како стапица Антантата прецизираше конструкција која, според однапред пресме-
тан автоматизам, придвижи верижна реакција и, конечно, преку Австрија, како и преку
Германија, требаше да доведе до една голема војна.

Поради ова, под руско "кумство" беа "склучени договори за продажба на Албанија на
Србија" (!!). Штом Австрија ќе земеше здив од овој нечуен удар, такви беа англиско-
француско-руските калкулации (без да ја почека реакцијата на Италија, веројатно пол-
на со гнев), со една рефлексивна реакција, веднаш ќе се обидеше да ги сочува своите
сопствени интереси и ќе влезеше во Санџак. Ова за Србија ќе беше причина за војна
(cassus belli).

Во овој случај, како наредно скалило доаѓа дефинирањето на бугарско-грчкиот со-
јуз-договор за примена,

• "преку кој Бугарија се обврзува, во случај на освојување на турски територии (се разбира
се мислеше на Санџак со Нови Пазар) од страна на трета сила (се разбира Австро-Унга-
рија), тоа да го смета како повреда на Сојузот." (исто) [Заградите се составен дел на
оригиналниот текст].

Оваа се уште релативно ограничена војна на Србија и Бугарија против Австрија, следствено на постојните европски сојузни системи, автоматски ќе се прошире во голема европска војна, бидејќи обврските на Германија кон Австрија и, од друга страна, на Русија кон Србија беа познати ширум светот, а исто така и оние на Франција кон Русија.

Франција беше зафатена со водење тајни преговори, иако надворешно, "за време на кризата покажа мошне мирољубиво лице". "Се беше ... подготвено за еден европски конфликт". (исто)

"Балканскиот сојуз дури беше љубимец на француската дипломатија којашто за него поднесе големи жртви, а преку него сакаше да ја погоди не само Австро-Унгарија туку и Германскиот Рајх" (на наведеното место).

Од овие околности следи, бидејќи одредбите од договорите важеа соодветно и за Грција, дека и Атина, исто така, беше вовлечена во плановите и нивното извршување, да, дури претставуваше пример за антиавстриска и антигермански договорна странка. Грчкото изневерување на довербата на Германија - и покрај постојната поврзаност на династиите - укажуваше на тоа дека мора да беа во игра руски ветувања за огромни територијални придобивки, без кои можеби и самиот Венизелос немаше да се намами и конечно да застане против престолонаследникот Константин кој беше оженет со Германка.

Оваа подмолност, планирана долго време пред тоа, сега го објаснува, исто така, и екстремно тајното одчесување за коешто толку нападно, премиерот Венизелос, пред се, се залагаше при основањето на Балканскиот сојуз, за што, погоре (бр. 5.1.2) "Тајмс" , изнесе, како пример, соодветен материјал.

Се беше подготвено токму така како што опиша царот Вилхелм. Тој, во своите политички анализи не ја воочи само перфидната албанска стапица со Санџак како мам-

ка. Да се падне толку ниско ќе беше под достоинството на овој честопати избувлив, но
всушност честит човек.

"Само претпазливото однесување на Германија и Австрија" [и покрај австрискиот отпор,
позитивното истакнување на двојната монархија очнгледно се должеше на дипломатски-
от еуфемизам] "на чија страна, вредно за пофалба, застана и Англија", имено "го спречи
воениот судир". "Бидејќи Кидерлен Вехтер, не ја доведе само Австро-Унгарија на Лон-
донската конференција против нејзина волја туку, исто така, и Русија" и таму изврши
"надгласување на Русија за коешто Англија понуди рака на конференцијата", при што се
овозможи Русија да се наведе на откажување од доделувањето на Албанија на Србија."1103

Дури во светлината на овој приказ се открива, како уште една од многуте руски лаги,
цинизмот на руското коминике од април 1913 год., во кое Русија се појави полна со за-
гриженост за Албанија.

(Затоа, значи, не е ни чудо што доказот за вина, Русија, исто така и овој пат, како уште во 1878
год. по Берлинскиот конгрес, по Лондонската амбасадорска конференција, повторно неправедно
го насочи против Германскиот Рајх, иако откритието потекнуваше од Бугарија.)

На германската делегација и успеа, на конференцијата, да ја деактивира запалката за
планираната верижна реакција од Англија (заедно со Русија и Франција), односно, за
провоцирање на Австрија, а со тоа и избивање, најнапред на австриско-српска војна, а
потоа и на една европска војна на Антантата против тројниот сојуз.

Со тоа беше надмината кризата од 1912/13 година. Овој пат се уште не дојде до "светска војна кон која се стремеше Антантата.

Покрај се:

Откритијата, опсежни колку што можеа да бидат, за несреќа на Германија и Австри-
ја, имаа недостаток што не одеа доволно далеку за да покажат во јавноста што се беше
планирано и сторено против тројниот сојуз.

И покрај посрамотувањето на Русија, Антантата успеа и понатаму да го држи во тајност заговорот што се криеше зад руските активности и да ја спаси Лондонска-
та конференција.

Обидот за објаснување докажува дека ваквиот резултат треба да се припише на лад-
нокрвната двојна игра на Англија на којашто и успеа, кај средните сили, да ја побуди

илузијаша за нејзинаша вистинска подготвеност за разбирање, и впечатокот дека (ба-
рем привремено), застана на страната на Германија и Австрија против Русија.

Англија знаеше да го разбуди впечатокот дека, во никој случај, не беше присилно
поврзана со Франција, иако британската влада, како што е погоре споменато (бр.
5.1.3.1.1), уште од почетокот, (значи од преминот во новото столетие), беше решена да
застане на страната на Франција против Германија. За зачувување на својата светска
хегемонија, Лондон ги постави на најниско ниво своите најголеми интереси за новата
континентална рамнотежа. Притоа мораа да бидат уништени и двете германски цар-
ства; не нужно од самата Англија, туку, како и обичко, пред се, од другите континентал-
ни сили, од злогласниот копнен јунак.

Како што војводата Билов пишуваше во своите мемоари:

"Англија бара ... сојузници (или) пријателства раководена од својата вообичаена полити-
ка секогаш, наместо себе, да испраќа други во оган."'1104

[Кутриот цар Николај.]

Со сигурност може да се согледа дека Англија, веројатно (во Ревал), уште од поче-
токот иницираше меродавно влијание врз планирањето.
Меѓутоа, откако Австрија не се фати во стапицата на Антантата, бидејќи царот го
предупреди Министерството за надворешни работи и ја задржа царската влада на Хабз-
бурзите, а освен тоа, беше подготвен да попушти и не беше заинтересиран за воен су-

дир, дури, веројатно и ја насетуваше војната - наспроти неговите повремени избувнува-
ња - Англија - во обидот да го спаси целиот план на Антантата против Германија, а ис-
товремено брзо да ја извлече својата глава од јамката - на Лондонската конференција,
заедно со Германија и Австрија (без сомнение во договор со Русија - а со тоа повторно
од тактички, а не од фер причини), истапи, нужно во тој момент, со мировно решение:
против Русија.

Поради оваа непријатна ситуација Русија беше принудена да одигра улога на "жртве-
но јагне" (scapegoat), за да можат и понатаму Германија и Австрија да се држат во неиз-
весност. Само во однос на поматеното албанско прашање на Петербург не му преостана
ништо друго освен да ја преземе одговорноста. Поради тоа веќе беше доволно срамно
губењето на образот - сепак барем воените планови против Австрија и Германија и по-
натаму останаа сокриени во тајност!

Ладнокрвната, со јаки нерви, калкулација на англиски раководената Антанта се ост-
вари. Во однос на срамните откритија - мајсторско рело.

Зарем не постои некој кој крши копје за ова "неферство" на повторно измачениот и
кутар Англичанец? Сигурно постои - и тоа со несоборливи докази.

Безбројните лаги на Англичаните, Русите и Французите поврзани со поставената
стапица за Австрија и Германија за избувнување европска војна, Херман Канторовиц
(заради сигурност?) веќе во 1912 год. воопшто не ги зеде предвид. Мегутоа, може многу
добро да се претпостави како ќе изгледаше неговото оправдување за Англичаните как-
во што тој во 1914 год. го исконструира.

Така, тој високо ја цени англиската "сина книга" (Blau buch) од 1925 год. како и "Бри-
танските документи за настанување на војната од 1898-1914 год." (British Documents on the
Origins of the War 1898-1914), чиј издавач веќе само со нејзиното име гарантираше "за
формална и суштински беспрекорна работа". Ако авторот воопшто се "двоуми" недос-

татоците во овие документи да ги смета неопходни за претресување, тие веднаш, во ис-
тата реченица, не, во истиот ред, се сретнуваат како "очигледно безопасни".1105 Меѓутоа,

и покрај тоа авторот не можеше да одбегне да испита некои евентуално изведени "зло-
намерни фалсификати".

Некои прекрасни примери на германското ситничарење, во рамките на неговото не-
доволно докажување, не можеа да се победат:

Еден од фалсификатите "неопходно мораше, во натамошната смисла, да се означи како
фалсификат, но во смисла на прашањето за вината на војната тој не е тоа: бидејќи тој бе-
ше прикриен не како причина за војна, туку обратно, за мир."

Исто така, и во еден друг случај не се работеше за вистински фалсификат (особено
што на Германија, поради изоставањето на еден дел од документот, не и беше направе-
на никаква неправда),

"бидејќи не се бараше потиснување на еден постоен факт, туку загушување на едно пог-
-решно мислење во зародишот." (исто)

Сеедно, текстот за кој станува збор беше изоставен поради "гледиштето за превен-
тивна противпропаганда". Значи - молам...!

Стотици страници подолу, кога тој, можеби сепак малку непријатниот впечаток на
оваа аргументација го претпостави како одамна избледен, за оваа точка, конечно во
стручноста, сосема безгрижно вели:

"Англиската вина за војната денес повеќе од никого нема да биде потврдена во таа смис-
ла дека англиската влада ја започна војната со позитивни чинови."1106

Ако и наспроти сиот разум сепак нешто вакво се случи, Канторовиц е подготвен за
непогрешлива припомош:

"Кој сакаше да биде верен на ова погрешно мислење, сега треба само да ги прочита "Британ-
ските документи" (исто) - коишто, и тој самиот, погоре;'беше принуден да ги декларира
како не сосема вистинити.

Толку едноставно може да биде со ненаучната историја.

Една споредба на спремноста на Фон Кидерлен за верба и на лековерноста на рајх-
канцеларот Фон Бетман Х. со скептичните и политичките мудрости низ 25-годишното
искуство на созреаниот начин на гледање на царот ги дозволува следниве заклучоци:

Во една историска состојба, заканувачка за егзистенцијата на Австрија и Германија,
кајзерот Вилхелм II ја предупреди елитата на владата на Рајхот и австриската влада за
опасноста од планираната војна, така што на државниот секретар од Министерството за
надворешни работи му беше овозможено, преку вештите подготовки (се разбира само
со помош на измамата од зад фасадата на карактерното "фер" однесување на Англича-
ните), да ги тргне од патот акутните проблеми, а заканувачкиот конфликт на Лондон-
ската конференција уште еднаш да го отстрани.
За последен пат...

Поранешните предупредувања на кајзерот Вилхелм сепак не останаа без дејство врз
настаните. Дури ниту во своите најстрашни ужасни визии Вилхелм не можеше да сонува
дека Англија, со него поврзана час во омраза час во љубов, а пред се кралот Едвард, нас-
проти постојаните уверувања кон него, до таа мера коваше со Французите и Русите не-
пријателски скроени предавнички планови зад неговиот грб, за да ја уништи Германија
во една прикриена превентивна војна.

Неговото будење мора да беше страшно. Во "Зафаќање по светската моќ" Фриц Фи-
шер цитира (стр. 78) една маргиналија на царот од еден извештај на војводата Лихнов-
ски од 30 јули 1914год. (!):

"Едвард VII и по неговата смрт се уште е посилен отколку јас којшто уште живеам!" (Ед-

вард почина во 1910 год.).

Неколку месеци по случувањата од 1912 и 1913 год., откако Англија, Франција и Русија го лансираа својот следен удар, со речиси истата "плетка", против обете германски царства, Вилхелм II не можеше повеќе да се спротивстави на желбата на Австрија за војна и на германската администрација, иако тој (како што е опишано во одделот за Германија, бр. 4.4.1), повторно одреди политика за зачувување на мирот.

Кај Фриц Фишер ова се чита во различни негови дела:

По реакцијата на Вилхелм на српскиот одговор на австрискиот ултиматум ("Со тоа отпаѓа секаква причина за војна"), тој точно пишува:

• "Во очите на Министерството за надворешни работи и военото Министерство ова беше загрижувачкиот момент во кој монархот, слаб со нервите - исто како во 1906 и 1911 год. - во последен миг се исплаши од војната и токму заради тоа сега беше изигран" ("Зафаќање...", стр. 69).

• Меѓутоа, решавачко е тоа што... исто така и формално одговорниот државник, рајх-канцеларот Фон Бетман Холвег,... се одлучи за тврд курс и дури, откако се појави закана царот повторно да покаже слабост, него го исклучи" ("Првата светска војна...", стр. 311).

• Тој токму поради тоа се исплаши при опасноста од воени судири како во 1905 и 1911 година.
Токму поради тоа, во јулската криза од 1914 год., тој беше од страната на рајх-канцеларот ... лишен од моќта" ("Јули 1914. Ние не сме ..., стр. 46 итн.).

Во овој временски период повеќе не стоеја на располагање турската Македонија (и Албанија) како стапица и Санџак како мамка, бидејќи овие прашања, во однос на балканските ограбувачи (освен во врска на Албанија) веќе беа "решени".

Затоа Антантата, заедно со балканските држави - задолжени на благодарност пора-

ди жртвувањето на Македонија од страна на Големите сили -особено со Србија, уште
еднаш ја заврте навртката на насилството за да ја извлече сепак Австрија од нејзината
резервираност и - заедно со нејзиниот протектор - да ја турне во пропаст.

Откако шесте атентати врз гувернерите во Хрватска и Босна во изминатите четири
години останаа без реакција од германско-австриската страна,1107 конечната провокаци-
ја успеа преку атентатот во Сараево на 28 јуни 1914 година.

Каков регистар на правна уметност за аргументирање довлекува Херман Канторо-
виц во случајот на Србија?

"Многубројните искажувања за српско-рускиот >заговор< насочен против Австро-Унга-
рија (1908-1914)... се распаднаа во ништо".... При префрлувањата ... постоеше "опасност",
Србија, "неправедно да се обвини или претешко да се процени нејзината вина"... "бидејќи
недостасуваше еден сигурен извештај за процесот". (исто)

Каква несреќа што при утврдувањето на вистината господинот Канторовиц воопшто
не прифаќа нецелосни извештаи за процесот! Нема врска - судбината му доаѓа на по-
мош: Србите дозволија правовремено да исчезнат токму "доверливите" извештаи...

Меѓутоа, некои документи, чие постоење Канторовиц не го обработи иако за сите
Германци претставуваат сензација, сепак се предолго чувани.

Така текстот од телеграмата бр.-12 од 8.1.1916 год. од Софија (К 20727-1, лист 41) гла-
си: "и по известувањето од г-дин Добрович во Србија меѓу запленетите акти е најдено
писмо на поранешниот руски конзул во Ниш" (г-дин Чухотин) до починатиот пратеник
Фон Хартвиг, од кое произлегува дека руската влада не само што знаела за антетатот во
Сараево, туку дури и го поддржала.

(Само, за жал, по Втората светска војна, Британската влада имаше долги години вре-
ме сличните германски акти како плен да ги отстрани РААА)

"Значи Европа во 1912 год. мина покрај работ на провалијата и ќе паднеше во неа
ако се се одвиваше според намерите и договорите" на Франција, Англија и Русија (како
фуснотата 11(в)."1103

Речиси идентичното функционирање на поставените стапици од 1912 и 1914 год. тре-
баше да биде во состојба да ги потсети Австро-Унгарија и владата на Рајхот да и се ста-
ват од патот на заканувачката катастрофа од 1912 год., на сопствена одговорност, како
што предложи кајзерот Вилхелм. Наместо тоа, Австрија. во својата дрскост - со асис-
тенција на Германскиот Рајх-канцелар Фон Бетман Х. - со отворени очи се стрмоглави
во пропаст.

И повторно тоа не беше просто "судбина", не беше неизбежен "развој", туку човечко
дело - дело на егоцентрични, суетни и неодговорни луѓе.

Дополнување:

Значи, зачувувањето на нејзиниот млад национален суверенитет и независност, Ал-
банија и го должеше на германската влада на Рајхот - олицетворена во царот Вилхелм II
и (од страна на владата) во државниот секретар Фон Кидерлен Вехтер.

Меѓутоа, познато е, наградата за тоа е - неблагодарност. Затоа што Албанците, по
пресвртот од 1989/90 год., како и сите Европејци, преку ненаситената способност за се-
лење, ги експортираа сите криминалци и во Германија. За да даде една соодветна забе-
лешка кон протоколот, шефот на УНМИК (UNMIK) Михаел Штајнер (Michael Steiner)
во јуни 2002 год. имаше, што во нашето премногу лобирано општество едвај уште и да
постои, имено, храброст да и погледне на вистината в очи и да ја изговори: ["Вистината"
повеќе не се дискутира "бидејќи таа се" поставува "како политички некоректна"1108].

"Жителите на Косово не можеа да очекуваат дека Европејците ќе покажат голем инте-

рес за инвестирање во нивниот регион пред Косово да престане да биде извозник на криминалци во Европа."1109

Добро обмислено. Но не смееме да се залажуваме: доколку се остави Албанците и понатаму непречено да дејствуваат во Швајцарија, во Германија и во другите земји, тие едвај и ќе имаат интерес за развивање на европски инвестиции во нивниот регион бидејќи тие само ќе им попречат на нивните кругови.

Оваа проценка го потврдува искуството дека добронамерните - како И кај секој друг народ - при нивното вреднување треба да ги сносат последиците од делата на злонамерните.

5.5 Втората балканска војна

"Рускиот министер за надворешни работи Сасонов во мај 1913 год. му напиша на Белград; ветената земја на Србија се наоѓа на територијата на денешна Австро-Унгарија; ...°1110

Но, за тоа се уште беше рано. Прво избувна Втората Балканска војна.

Само три недели по склучувањето на Лондонскиот (прелиминарен) мир (од 30.05. 1913год.), на една конференција на четирите премиери на членките на Балканскиот сојуз во Санкт Петербург беше кажано дека "насекаде уште се зборува само за војна"."1111
"Шансите за мировното решение на спорот се паднати речиси на нулата",

му ја објасни ситуацијата бугарскиот пратеник во Белград Тошев на неговиот германски колега Фон Грисингер (von Griesinger). При оваа прилика г-дин. Тошев се изразил дури и оптимистички:

"Доколку дојде до војна, која веројатно ќе биде брза и крвава, тогаш на Србија не само што ништо нема да и се даде, туку ќе се бара и одредена корекција на границата кај Пирот и Врање." (исто)

Преговорите помеѓу четирите балкански сили од Виена не се следеа "без загриженост".

"Особено планот за основање на нов постојан Балкански сојуз се смета за заземање позиција директно против Австро-Унгарија."1112

Тоа несомнено беше точно.

Беше очигледно: иако целта што се следеше со децении за прогонување на Турците од Македонија беше постигната, Русија не попушти во своите напори да создаде нов сојуз!!

Виена, значи, со полно право беше загрижена. За да се внесе барем минимум австриска конструктивна политика, амбасадорот Фон Чиршки му препорача на австрискиот министер за надворешни работи Грофот Берхтолд (Graf Berchtold) дека е паметно барем "прашањето за јужноалбанската граница што е можно побрзо во мирен договор да го реши, за со сила да не ја втурне Грција во прегратките на силите на Антантата, а со тоа и на Балканскиот сојуз." (исто)

Добро искомбинирано, но предоцна - премногу доцна. И тоа беше само капка вода на жешкиот камен.

Неверојатно што Бугарија воопшто беше поканета на конференцијата во Санкт Петербург и што и беше дозволено да учествува! Да не требаше можеби на другите учесници да им соопшти дека наскоро ќе ја започне Втората Балканска војна? А, токму тоа и го стори, бидејќи од Србија и Грција и беше негирано самостојното поседување на Македонија. (Ова е во секој случај вообичаената историска слика. Од своевремено повторно пронајдените тајни документи на српскиот министер за надворешни работи произлегува меѓутоа дека Бугарија во ниту еден случај не беше подготвена да го носи белегот на започнувач на војна. Софија тврдеше дека сето било повеќе одмазда и дека може да докаже дека Грција и Србија ја започнале војната, за да и го одземат нејзиниот дотогаш

најголем дел од Македонија. (Дали поразениот и во овој случај е третиран според принципот "силата оди пред правото"?).

Еден месец по Лондонскиот мир (30. мај), Бугарија на 29.06.1913год. ги нападна нејзините дотогашни сојузници Србија и Грција.

На овој начин започна Втората Балканска војна.

За Грција и Србија беше важно да ја постигнат нивната новопоставена цел - да ја протераат Бугарија од Македонија. Тие и речиси успеаја во тоа. Се до денес резултатот од војната ја запечати состојбата во Централен Балкан.

На 10 јули и Романија, полагајќи право на јужна Добруџа со Силистрија, се вмеша во војната и тргна кон Софија. Така се случи она, од кое Бугарите со генерации се плашеа.
Уште претходниот ден пратеникот Фон Валдхаузен (von Waldthausen) извести од Букурешт дека од романскиот премиер слушнал оти со грчката мисија, која токму престојувала во Букурешт (за да извести за крунисувањето на новиот грчки крал Константин I) започнал преговори околу воената спогодба."1113

Конечно и "Турција не ја пропушти шансата за одмазда..."1114 (Постојано се предупредуваше од нив.) И навистина успеаја да го вратат Едрене (Адрианопол) под своја контрола и да постигнат и други корекции на границата во сопствена корист.

Бугарија беше поразена од оваа над сила.

"Таа на 10.08.1913 год. мораше во Букурешт да потпише мир и да се помири со загубата на територии освоени во Првата балканска војна."1114

Покрај јужна Добруџа и Адрианопол, Бугарија ги загуби и Вардарска и Егејска Македонија со Кавала (што значи нејзиниот директен пристап до Средоземното Море.) И остана само т.н. Пиринска Македонија (околу 10% од македонската триторија).

Од многу решавачко значење за поразот на големобугрaската идеја беше тоа што
Бугарија дополнително ја изгуби "егзархијата во Македонија".1115

Со еден удел од 38%, Србија ја доби цела Вардарска Македонија (подрачјето на де-
нешната Република Македонија) и важеше за најмоќна сила на Балканот, иако Грција
со 51% го анектираше најголемиот дел од Македонија, а со добивањето на Крит и Егеј-
ските острови успеа речиси да ја удвои својата дотогашна државна територија.

Иако овој конфликт остана ограничен на земјите-учеснички, заканувачки знаци се-
пак и понатаму недвосмислено се упатуваа кон Сараево. Остануваше само уште не цела
година до долго време подготвуваните истрели врз австрискиот престолонаследник.

Можеби најдобрата и многу цитираната независна познавачка на Балканот од поче-
токот на XX век, Едит Дурхам, во нејзиниот подоцнежен извештај од сопствените искус-
тва пренесува една забелешка на српскиот премиер Пашиќ, искажана по потпишување-
то на Букурешкиот мир во август 1913год.:

• "Првата партија е добиена, сега треба да ја подготвуваме втората против Австрија."1116

Ова беше недвосмислено.
И ова треба да биде измислица од Германците?!

(Херман Канторовиц, имено, набројува повеќе вакви цитати, но многу се труди со сомнителни
аргументи и во дијалектички толковни превртувања да им ја одземе тежината на значењето.)

Двојната монархија тогаш (како и пред Балканските војни 1117) сакаше воено да и се
спротивстави на Србија, но беше спречувана од Германија и Италија.

Од интригите што ги регистрираше помеѓу Франција и Русија од една, како и Србија
од друга страна, Виена беше многу загрижена. Дури и

• "Односите помеѓу Романија и Србија се поблиски и поинтимни .... отколку што Букурешт
сакаше да си признае. Романија се чини дека не сака повеќе да има обзир кон пријателите

од тројниот сојуз, па барем да ги информира за своите политички одлуки. Под овие
околности станува се поверојанта реализацијата на амбициозно следениот план за соз-
давање на еден голем Балкански сојуз, кој формално иако не е насочен против Австро-
Унгарија, сепак би бил моќно оружје во рацете на Франција и Русија."1118

(Може да се смета како знак за исклучително вешто тактизирање на Англичаните фактот што
Берхтолд во својата куса, но во принцип точна анализа зборува само за "Франција и Русија", без да
ја спомене Англија).

Овојпат инстинктот не го напушти австрискиот министер за надворешни работи. Но,
барем исто така да му стоеше на располагање и по една година!

Инстинктот ќе му беше потребен на грофот Берхтолд, бидејќи трите сили на Антан-
тата повторно ја почнаа старата песна за обезвреднување и заведување од вистинската

цел: пратеникот во Атина, грофот Фон Басевиц (Graf von Bassewitz) извести дека тројца-
та премиери на Грција, Србија и Романија ја продолжиле меѓусебната соработка започ-
ната во Букурешт, дека формирале поштенско здружение и дека сакале да склучат не-
колку трговски спогодби. Дали неговиот соговорник, грчкиот министер за надворешни
работи ја издал целата работа? Извештајот завршува со пренесување на неговата кон-
статација дека

"договорите за евентуалните окончување на евентуалните трговски и економски спогод-
би треба да почекаат пред други поитни работи".'1119

Погледнувајќи наназад може лесно да се реконструира во што се состоеле тие "поит-

ни работи".

Нели уште во септември 1912 год. Весникот "Теглихе рундшау" известуваше од Руси-

ја дека најголемиот и најпровокативниот весник "Nowoja Wremja", кој важеше за близок
до Руската православна црква, пишува

"речиси секојдневно може да се прочита дека Германија - понекогаш за промена се спо-
менува и Австрија - е всушност вистинскиот потикнувач на војната во Европа"? 1120

Весникот "Келнише зајтунг" можеше неколку дена подоцна да прецизира, при што
цитираше еден руски вечерен весник дека генерал Батјанов. некогашниот "водач на
Третата маџурска армија" напишал:

"После Балканската војна ќе следува војна помеѓу Австро-Унгарија и Русија, која ќе за-
врши со распадот на Австрија, а потоа на ред ќе дојде Германија."1121

Овој генерал беше оцрнет и јавно исмеан од владиниот печат во Русија, за да се жи-
госа како неверодостоен, но бидејќи конечно се покажа дека бил во право, ќе мора се-
кој за себе да си одлучи како ќе го карактеризира обезвреднувањето од страна на Руси-
ја, кога смирувајќија топката, се велеше:

"Реваншистичкото размислување на Франција, Русите ги остава рамнодушни." (А.а.О.)

Дали од читателот може да се бара да "проголта" уште една последна аргументација
на тема "реванш" од Херман Канторовиц? Реваншот не значеше одмазда туку враќање
со иста мера. Елзас-Лотрингија за француската политика (можеби за Франција, но не и
за француската политика) не бил воена цел, туку, ако воопшто, само мировна цел, значи
како "победничка награда" во една војна "во случај" таа сепак "да избувнала"."1122

Блазе и на Франција кога поседува толку убедителен застапувач на своите интереси.

Како што е познато трите балкански држави Грција, Србија и Романија подоцна на-
вистина и се приклучија на Антантата. На почетокот грчкиот пратеник во Виена, Фон
Штрајт. сеуште не попушташе пред моќта на убедување од страна на францускиот ам-

басадор Димен (Dumaine), - но, г-динот Венизелос ја завршил работата. Дури и Србите на
почетокот би се колебале да попуштат пред француското врбување - секако само за да
ја покачат својата цена. Дали тука помогнал некрј посредник?

"Србија би требало на Бугарија да и ги вети областите на Иштип и Кочана добивајќи го
за возврат ветувањето дека Бугарија ќе ја поддржи Србија при добивањето на српските
територии од Австро-Унгарија."1123

И овој предлог повеќе од јасно го покажува правецот на движењето кон целта. Само
да се напомене дека тој потекнува од декември 1913 година!!

Бугарија во меѓувреме бараше спас (за ревизија) во Централните сили - како впро-
чем и Турција. Софија дури го голтна и големиот залак и со омразените Турци склучи

тајна воена конвенција, за да спречи евентуални напади од Грција или Србија. При ус-
пешниот исход за Бугарија би произлегла "компензација на територии во западна Траки-
ја до реката Места"."1124 They never give up!

А по огромните загуби на Османлиската империја во изминатите 230 години, на Тур-
ците веројатно немаше да им претставува загуба ова парче земја.

Сега малку вредеше тоа што виенскиот весник "Винер зон-унд монтагсзајтунг"- ин-
спириран од Балхаусплац - ги бодреше Австријците:

"Истиснувањето на турското владеење се разбира дека ја принудува Австрија на зголе-
мена будност. Успешно било спречено на местото на турскотото владеење, да настапи
руската превласт"...1125

Ах - навистина? Камо среќа Виена да се држеше до реалноста.

А Македонија?

Во тие несреќни денови, кои до денес ја одредуваат судбината на Македонците, из-

вестуваше војводата Лихновски (Furst Lichnowski) од Лондон за една случка, која кај ма-
кедонските читатели ќе предизвика тага како приказна од минатите времиња.

На прашањето на еден пратеник од Долниот дом на Британскиот парламент, само
три недели пред Букурешкиот мир, со кој се заврши Втората Балканска војна,

"земајќи предвид дека Грција и Србија окупирале голем дел од Македонија, врз кое право
полагала Бугарија, дали на Големите сили би можел да им предложи создавање на неза-
висна македонска држава,"

министерот за надворешни работи Сир Едвард Грej одговорил дека

"смета оти тој предлог му се чини неможен за реализирање, и не смета дека истиот би до-
бил каква било поддршка."1126

Толку смирено, конкретно и фер во Лондон се расправало за еден друг неанглиски (а
сепак христијански) народ.

Од друга страна пак, со оглед на претежно депримирачкиот развој на ситуацијата за
Македонија, речиси и никој не би се надевал дека во јули 1913 год. некој меѓународен по-
литичар воопшто би се занимавал со политичката иднина на Македонија и дека за вре-
ме на една расправа, во седиштето на сите парламенти. би го поставил прашањето за не-
зависноста на македонската држава и секако би го користел коректното име!"

Дека македонскиот народ имал причина да се поплакува од новите окупатори, малку
подоцна произлегува од другите два извештаи, овој пат од Софија, во кои пратеникот
Фон Белов (von Below) пишува:

"Маркантно е тоа што (македонските) молителите го нагласуваа фактот што дури и за
време на најсуровото турско владеење во подрачјата сега под грчка и српска окупација
никогаш не владееле такви состојби како во моментот и дека никогаш порано толку зна-
чителен број бегалци не дошле во Бугарија. за да бараат заштита."1127

Неколку дена подоцна, набргу по Мирот од Букурешт на 10.08.1913 год. тој известува:

"Македонските бегалци што се наоѓаат во Бугарија во меѓувреме создадоа посебен комитет. Тој, пак, од своја страна, со барање од 13. овој месец. со сиот респект се обрати до овдешните претставници на Големите сили, со цел да протестира против резултатот од Мировниот договор од Букурешт и да ја повтори молбата од Македонија да се создаде автономна провинција (покраина), ставена под заштитата на Големите сили."1128

Измамени, изманипулирани, угнетени и експлоатирани овие луге не се откажаа од нарежта за малиот дел праведност што им припаѓа.

_____стр.380
——Ханс Лотар Штепан —

Ниту една од Големите сили, дури ни Германија, не можеше да тврди дека не знаела ништо за неправдата што се случувала во Македонија.

"По склучувањето на Мировниот договор од Букурешт... Австро-Унгарија беше единствената европска сила која во дипломатските односи постојано го нафрлуваше прашањето за ревизија на овој договор."1129

Виена бездруго ги застапуваше сопствените интереси: "Балканските војни и Букурешкиот мировен договор ги ослабнаа австриските позиции на Балканот ... Посебен удар беше загубата на приодот кон двете македонски средоземноморски половини Кавала и Солники. Од овие причини австриската дипломатија презеде различни обиди повторно да го заживее 'Македонското прашање' и да ја воведе во дискусија ревизијата на Букурешкиот мировен договор". (А.а.О.)

Но, силите на Антантата по дециниски долгите притисоци од страна на Грција не отстапија од жртвувањето на Македонија профитирајќи од сето тоа, инаку сега повторно се одново ќе требаше да започне.

"Во ова време веќе стана јасно дека европскиот консензус е нарушен и дека во тие рамки не можеше повеќе да се очкува решавање на 'Македонското прашање'." (исто)

За тоа беше потребен дури историскиот пресврт кон крајот на XX век.

5.5.1 Грчката стрвост за територии е ненаситна

Пред малку, како и на почетокот на поглавјето 5.5, беше наведен македонскиот град
Кавала на егејскиот брег како еден од спорните прашања. За овој град имаше жесток
спор, во кој беше вовлечен и Германскиот Рајх преку неговите династички односи со
Грција.

И покрај големите придобивки за Грција во смисла на територии и луѓе од Македо-
нија и Тракија, Атина ги впрегна сите можни сили да го добие и пристанишниот град
Кавала пред островот Тасос. Веројатно не постоеше интерес на противникот Бугарија
еден ден, по завршувањето на војната, повторно да му се погледне во очи. На Грчката
влада и кралот многу позначајно им беше Софија и понатаму да се понижува и да и се од-
земе и последниот пристап до Егејското Море. Кога на Грците на букурешката Мировна
конференција им беше потребна помош за нивното неправедно однесување, новиот крал
Константин (уште од фронтот) побара контакт со германскиот кајзер: се разбира преку
неговата сопруга, кралицата Софи. И кога Софи му телеграфираше на својот брат,
"Tino just wired me to telegrap you that the most importen would be ein gutes Wort einzulegen King
Roumania to support claims Greece on Cavala"1130 ("Тино само што ми јави да ти телеграфирам
дека најважно би било да се заложиш кај кралот од Романија, за да ги поддржи целите на
Грција во однос на Кавала"),

така што Вилхелм, како што можеше да се очекува, не одолеа и му телеграфираше
на својот братучед, кралот Карл (конечно, исто така, Хоенцолер венчан за друга брату-
четка на Вилхелм II.):

"Софи туку што му телеграфираше... <текст>... Можеш да сториш нешто во врска со Ка-
вала? Мојот став кон тоа прашање би бил со симпатии. Срдечни... "1131

Но, се чини дека на Софи не и било многу право поставувајќи го ова прашање; таа на
крајот уште ја додала реченицата: "Pleace excuse forwarding this importen message." (Те мо-
лам извини за испраќањето на оваа важна порака.)

Интервенцијата на кајзерот Вилхелм не наиде на одобрување кај високите службе-
ници на Германскиот Рајх, што говори за нивната политичка будност. Една реченица од :

писмото на "царскиот пратеник од највисок ранг (на јахтата на Неговото Височество
"Хоенцолерн")", Фон Тројтлер (von Treutler) до задолжениот службеник во германското
Министерство за надворешни работи јасно ја наговестува непријатната ситуација:

"Драг Јагов,... јас се потрудив текстот така да го напишам. да не може да се утврди никакво за-
земање страни што ги надминува природните и оправданите чувства на еден брат и зет."1132

Овој германски ангажман за грчката безмерност (старите Грци во своите списи ве-
ројатно би ја означиле како "hybris") не станува поподнослива само затоа што царот пов-
торно е впрегнат за остварување на грчките интереси. и тоа Атина настапи на широк
фронт: најнапред се разбира дека со телеграма се обрати кралицата-мајка, војвотката
Олга, кај нејзиниот внук (подалечен роднина) цар Николај. изјаснувајќи се против Буга-
рите (не водејќи сметка за пансловенизамот или православната вера).

"И г-дин Цаимис, поранешниот премиер, кој во Петербург го објавува крунисувањето на
кралот Константин, има посебни инструкции во однос на прашањето за Кавала."1133

Меѓутоа отпор имаше: поранешниот руски министер за надворешни работи Ислов-
ски, тогашен амбасадор во Париз, веднаш ја препозна предноста за Русија, кога Бугари-
ја би располагала со пристаништа како на Црното Море, така и на Средоземното Море.

И покрај силните закани, Исловски при овие натегања, потпадна под роднинската ис-
преплетеност на династиите:

Кавала стана грчка.

Преглед:

Овој пат мајката на грчкиот крал, војвотката Олга, постигна уште еден триумф. На-
редниот - и последен - пат кога нејзиното име се појави во оваа серија, таа настапи во пос-
ледната година од Првата светска војна под значително трагични услови како молител.

Сигурно не и паднало лесно чекорењето кон Каноса на оваа горда, повремено може-
би и нетрпелива жена. Но, таа ги познаваше скапоцените карактерни особини на гер-
манскиот цар и знаеше дека може да се потпре врз него. Иако Руското царство и особе-
но нејзиното сопствено семејство во Германија, а и на царот лично му нанесоа голема
неправда, Вилхелм II не би можел никако поинаку да реагира, освен со човечко сожалу-
вањеда одговорина нејзиниот повик за помош:

Летото 1918 год. Весникот "БЦ ам митаг" по пристигнувањето на грчката кралица-
вдовица во Швајцарија со голем респект потсети дека таа

"за време на војната... (престојувала) во Петербург за да спречи преземање мерки против
Грција и нејзиниот син. Таа точно ја познаваше јачината на нејзиното влијание врз царот
и царското семејство и знаеше точно да го примени. Но, тоа секако се промени кога ца-
рот Николај беше симнат од престолот (заминување во март 1917 год.) и кога беше соз-
дадена Република Русија. Кралицата сепак остана во Петербург и во времето на владата
на Керенски, а во времето на Болшевиците дури и мораше да остане."1134

Но, во месец август во актите постои телеграма од војвотката Олга до германската
царица во која и покрај концизноста говори очајот на човечката трагедија, а воедно про-
вејува здивот на чумата на светската историја во една епоха на неверојатни пресврти:

"Мојот брат Дмитри, мојот зет Георг и повеќе други роднини се наоѓаат во затворот во
Петроград во голема опасност по животот. Убедена во тоа дека царот би можел да пос-
тигне сите да бидат преместени во Ревал, Псков или на други сигурни места, те преколну-
вам за твоја поддршка за што ќе ти бидам доживотно благодарна."1135

—-Ханс Лотар Штепан ——

По три недели се чини дека нуждата во очи на катастрофата станува се поголема:

"На мојот последен брат, на двајцата зетовци, на татковците на семејствата и на другите
роднини им се заканува смрт со стрелање. Те преколнувам сесрдно да кажеш некој збор
за нив зада ги спасиш. Олга."1136

Тоа Вилхелм II се разбира и го стори, како што произлегува од една телеграма на
кајзерот до рајх-канцеларот за достава до кралицата Олга ("преземени се чекори во ба-
раниот правец..., чијшто исход треба да се причека"1137).

Но, тогаш никој не знаеше дека веќе при пристигнувањето на првото писмо со бара-
њето за помош од Олга, царот Николај и неговото семејство повеќе од пет недели веќе
не беа живи исто како што беа убиени и непознат број други членови на династијата.

Овој кус осврт на историјата е чекор напред во хронологијата на настаните за цели пет драма-
тични години.

Да се вратиме на Втората балканска војна, на која летото 1913 год. и се ближеше

крајот.

За Грција таа беше исклучително успешна.
Радост и благодарност извираат од последните две телеграми на оваа тема од Софи
до нејзиниот брат:

"Intensely relieved.Thankful overjoyed.peace at last.Know what we owe you.Thanks again.Kisses

Cannons firing rejoucing in Athens.Sophy"1138 (Жестината се ублажува. Благодарни и презадоволни. Конечно мир. Знаеме што сме ти должни. Благодорам уште еднаш. Бакнежи. Од радост во Атина се пука од топови. Софи.")

Дали од грчката кралица Софи можеше да се очекува да потроши барем една мисла за тогашните и се до денешен ден во Грција угнетувани Тракијци, Македонци и Епирци...?

(Воочливо е дека Софи, која во изминатата една четвртина од годината со нејзините свекор и свекрва и другите роднини на нејзиниот сопруг веројатно во најголема мера комуницирала на англиски јазик, така што си дозволува и со нејзиниот брат да коренспондира на англиски јазик, иако тој, секако (за разлика од денешните претседатели и шефови на влади - дури и во ЕУ), перфектно владеел повеќе јазици, секогаш одговарал на германски јазик. Забележително е дека Константин, на неговиот висок по ранг шура Вилхелм секогаш му пишувал на германски јазик.)

Неколку дена подоцна, по враќањето на кралот од фронтот, се чувствува се уште - како во некоја добра книга, а не како во историски документ - возбудата на сопругата, мајката, кралицата и сестрата, која и покрај прославата на триумфот, мисли на братот и протектор во Берлин:

"Our thoughts with youfull of gratitude. Grateful jou during Tinos splendid,thouching,enthousiastic reception with soldiers....Tino and boyswell,but look wery tired and thin.Joy in the kingdom indiscribable.Such a relief have them home again.Best love Sophie.."1139 (Нашите мисли за тебе се полни со благодарност. Благодарност и радост за време на прекрасниот, емотивен прием со војниците, полн со ентузијазам..... Тино и момчињата се добри, но изгледаат многу уморни и слаби. Радоста во кралството не може да се опише. Какво олеснување што се повторно дома. Со љубов. Софи.")

Толку блиску едно до друго лежат радоста и тагата:

Среќната Софи,
сиротите Македонци.

Тешко на победените - а уште потешко на измамените победени.

5.5.2 Константин I ја продолжува грчката експанзионистичка политика

Грчката стрвост за туѓа територија не престана. Во тој поглед кралот Константин се
покажа како достоен наследник на неговиот татко Георг.

По превирањата околу македонскиот пристанишен град Кавала, Константин пона-
таму ги продолжи неизменето своите стремежи. Неполн месец по склучувањето на Бу-
курешкиот мир (10.08.1913), кој на Грција и обезбеди огромна моќ, Константин "имаше
лице" и при една посета на Берлин кај канцеларот на Германскиот Рајх енергично да му
се пожали,

"дека постои желба албанската држава да се основа на штета на Грција и дека со тоа пос-
тои закана многу грчки општини да потпаднат под Албанија."1140

Нему особено му беше значаен градот Корча.

Овој пат германската влада остана цврста: Кралот би требало "по прашањето за јуж-
ноалбанското гранично прашање да не биде крут" туку

"во интерес на Грција ... да и се покори на одлуката на Големите сили. Со отпор... тој само
би ја компромитирал неговата идна политика", особено што притоа бара потпора кај
тројниот сојуз. Дури и "Неговото Величество, Кајзерот многу упорно го советувал да по-
пушти."(!) (исто)

Идентичен став кон новите грчки проблеми, потпирајќи се притоа врз лондонските
одлуки.зазеде и Виена."1141

Германско-австриските опоменувања се однесуваа на често среќаваниот лош начин
на однесување, кој што и Турците често го практикуваа (само за потсетување на повеќе-

годишното одложување на заминувањето од Тесалија и Јужен Епир), односно неиспол-
нувањето т.е. многу бавното исполнување на меѓународните обврски. Овој пат беа Гр-
ците оние кои не се повлекуваа од Северен Епир.

Германскиот делегат во "Јужноалбанската гранична комисија" - формирана врз ос-
нова на одлуката од Лондонската конференција по завршувањето на Втората балканска
војна - во својот извештај бр. 13 од 28.09.1923 од Монастир (A 19811, P 14236) некорект-
ното однесување на Грците кое само му задава штета на нивниот углед: "Целата комиси-
ја - дури и Русинот - е згрозена од оваа тактика на лаги."

Константин, исто како и татко му, не се откажа: упатувајќи на наводно "спонтаното"
прогрчко расположение кај епирското население на Албанија, тој не се колебаше пред
германскиот претставник да ги изигра еден против друг. Тој, наводно, особено од Авс-
трија и Италија се чувствува како да е со сила притиснат во другиот табор.

"И Германија не презема ништо само посматра, доколку Албанија е во прашање." Исто
така и со Малоазиските острови" тој се надева дека прашањето ќе се реши на начинот на
кој предлага Грција."1142

Мегутоа, дотогаш изминаа уште речиси пет години.

Што се однесува до Корица, како што произлегува од едно интервју кое премирот
Венизелос го дал на романскиот весник "Универсул", Грција "регионот морала да го на-
пушти по 14-месечна окупација".1143

Успесите на Константин, сепак, беа наградени со значителен подарок од грчката др-
жава: тој ја доби "во средиштето на Македонија локализираното" ... "државно шумско
подрачје ... Голема Река... во целосна сопственост и користење."1144

(Како потомците на Константин поминале со тој великодушен гест, може да се дознае под
цифра 5.6.4.1).

-Ханс Лотар Штепан-

5.6 ЕПИЛОГ

5.6.1 Еден изненадувачки турски документ открива многу

Германскиот амбасадор во Виена, Фон Чиршки, во својот извештај од ноември 1914
год. пренесува еден интересен предлог од поранешниот турски гувернер од Македонија:

"Во врска со сеуште двоумечкото држење на Бугарија, која во секој случај сметаше дека
и без активното учество по завршувањето на војната" (во меѓувреме избувна и Првата"
Светска војна) "ќе го собере профитот во Македонија", Хилми-паша во разговорот со ме-
не забележа дека постои многу добар начин на Бугарите да им се упропасти зделката.
При склучувањето на мирот, на Бугарија би требало да и се даде само најмалиот дел од
Македонија во кој живеат исклучиво Бугари, а од вистинскиот дел на Македонија би тре-
бало да се направи самостојна држава. Тој со приближно од два милиона жители ќе биде
речиси противтежата со Албанија. Грција на ова решение, доколку биде прифатено од
победниците при склучувањето на мирот, нема да се спротистави, особено ако и се дозво-
ли сопственоста врз околината на градот Салоники. Грците со тоа би имале и друга пред-
ност. имено веќе не би граничеле повеќе директно со Бугарија. туку би имале тампон-др-
жава помеѓу себе".....1145

Зачудувачки! Кој ќе можеше подобро да ја процени состојбата на Балканот и соста-
вот на етничките групи од еден висок турски службеник? Поради тоа тој самиот, иако
предоцна, можеше да даде конструктивен предлог за Македонија.

Премногу доцна и премногу тивко искажан, тој остана неслушнат...

Кога предлогот неколку години подоцна повторно беше актуализиран, беше очиг-
ледно прерано и тоа во 25 или дури во 72 години: францускиот весник "Лаксион фран-
сез" ("L`Action Francaise ") во неговото издание бр. 209 од 29.07.1919 (A 21122, P 22027) ги
објави следните зборови кои упатуваат на иднината:

Бидејќи Македонија беше најголемото јаболко на раздорот помеѓу Грција, Бугарија
и Србија, "зошто и да не се созраде независна Македонија ?, со оглед на тоа што самите
Македонци не признаваат друга националност освен македонската. "Солун, што не е
погрчки за разлика од други нешта, би станал главен град". Една македонска тампон-
држава би била превентивна мерка за која еден ден ќе си честитаме."

Колку бил во право весникот!

5.6.2 Една познавачка на Балканот го демонстрира својот објективен поглед за историските поврзаности

1) Повеќе пати цитираната авторка и советничка Едит Дурхам постави една историска
споредба, за да докаже на кој начин една конфликтна страна ја користеше тактиката на
мерење со два различни аршина, кога безусловно бараше изговор за предизвикување
конфронтација:

Кога во 1904 год. рускиот конзул Ростовски "поради самопредизвиканата судбина",
како што пишува Дурхам, бил убиен од заседа од еден албански војник (бидејќи овој
дента претходно го тепал војникот со камшик), Русија побара:

"задоволување и обесштетување од страна на турската влада." Меѓутоа во 1914 год. "Русија
..... мобилизираше, кога Австрија настојуваше на расветлување на убиството на еден надвој-
вода.1146 (Последната реченица во ориганал е напишана со растојание помеѓу буквите).

2) Од поглавјето 21 (од истата книга) со наслов "Воените години" (тука се мисли на Пр-
вата светска војна, а не на Балканските војни), исто така се цитира значајна реченица од
оваа чесна жена, повторно од 1914год.:

"првото што го сторив во Лондон беше на кралот Петар од Србија да му го вратам орде-
нот на Св. Сава, кој ми го додели, и да му напишам дека во претходната година го чув

гласното дискутирање за нападот врз Австрија и дека тој и неговиот народ, според мене,
се одговорни за големиот злостор во историјата."1146

Овој можеби малку англосаксонски заострен прекор на српскиот крал веројатно не
му оставил впечаток, но, за нас потомците е уште еден знак за неправилноста на чле-
нот 231 од Договорот од Версај.

Кога Србија би ја посматрале како активна земја во преден план тогаш изјавата точ-
но ја погаѓа суштината - но без Антантата, без Русија српскиот начин на постапување би
бил незамислив.

Ставот на Е.Дурхам треба во секој случај високо да се вреднува, особено со оглед на
тоа што таа своевремено не можела да ја знае вистинската заднина на атентатот од Са-
раево - руското знаење и финансирање (спореди цифра 5.4.1).

5.63 Антантата и понатаму кова планови за голем Балкански сојуз

Надежта на Големите сили и на балканските држави, дека со завршувањето на Бал-
канските војни Македонското прашање ќе биде решено, беше - се разбира - илузија. Ед-
на таква преголема мера на неправедност како трајно решение под никакви услови не-
маше да може да опстане.

• Во Белград со загриженост се регистрираше "отпорот на Турција .... дефинитивно да го
оконча мировниот договор (од Букурешт) со Србија". Уште позагрижувачки беа "средби-
те и состаноците на членовите на Комитетот на Младотурците со делегати на македо-бу-
гарските револуционерни организации како и вклучувањето на постојани одбори во Со-
фија и Константинопол, со цел создавање заеднички бандитски акции за постигнување
автономија на Македонија."1147

Македонската ослободителна организација ВМРО - лудо, како секогаш, поддржана
од Бугарија - настојчиво се обидуваше повторно да го заживее стариот план за автоно-
мија на Македонија. Како што се сеќаваме, Бугарија со оваа идеја уште пред Балкански-

те војни ги иритираше и другите двајца заинтересирани за македонската територија, Ср-
бија и Грција.

Како што пратеникот von Scharfenberg (Фон Шарфенберг) во јануари 1914 год. пона-
таму известуваше од Белград, на Русија по Балканските војни од големо значење и било
да создаде добар однос помеѓу Бугарија и Србија, бидејќи многу и значеше "Повторно-
то воспоставување на стариот Балкански сојуз"!

Конечно заврши и Втората Балканска војна - а Русија сеуште агитираше за конс-
трукцијата на големиот Балкански сојуз, за што дури повторно ги покани на конферен-
цијата во Санкт Петербург.

Тоа бездруго беше недвосмислен знак за "опколувањето" на Германија!
Тука, конечно, и Фриц Фишер ќе преземе едно предупредување од извештајот на

пратеникот Фон Валдхаузен (von Waldthausen) од Букурешт, кое ја преминува "балкан-

ската" димензија на Балканскиот сојуз. Онака, како да една споредна реченица е токму

вистинското место за една фундаментално значајна, а особено за Германија судбинска
нформација, Фишер (без коментар) цитира:

"Премиерите на Србија (Пашиќ), Грција (Венизелос) и Романија (Таки Јонеску) ..... (се
обединуваат) во еден нов, како антиавстриски, така и антигермански Балкански сојуз".
("Griff.....", стр.41 и натаму.)

Сепак, на Фишер се чини дека оваа сензација не му кажувала многу. Затоа тој ќе го
остави сосема незабележан опасниот дострел за Двојниот сојуз, кој произлегува од
"очигледните знаци на долгорочното планирање на Антантата во правец на војна против
германските држави. Тој во таа контроверзност многу повеќе се обидува мегу другите
со Егмонт Цехлин (Egmont Zechlin) оваа опасносг да ја релативизира со аргументот дека

германската политика се обидела "од своја страна ... да создаде Балкански сојуз". ("Juli 1914. Wir sind..." исто, стр. 14 сл. како во "Der Erste Weltkriegod..", исто, стр. 279)

Тргнувајќи од кусата содржина на оваа предрасуда многу лесно може да се донесе пресуда.

Како што може да се прочита во еден извештај од Атина, бугарскиот крал Ферди-нанд, според грчкиот весник "Хестиа" не искажал ниту еден сомнеж во тоа дека учество-то на Бугарија во (новиот) Балкански сојуз ќе претпостави "ревизија на Букурешките договори... по дипломатски пат". 1148

Покрај тоа пратеникот од Белград информираше дека најважните сознанија од него-вите посматрања и информации се тоа дека Русија смета дека со проектот на новиот Балкански сојуз "во секое време ќе има подготвен јарец за борба против Австро-унгарс-ката монархија. Дури и во германскиот печат можеше да се прочита дека вистинската причина што се криела зад Конференцијата во Санкт Петербург била

"христијанските балкански држави да се спојат во еден Балкански сојуз под протекторатот ,
на Русија и со воен врв насочен против Австроунгарија и нивните сојузнички пријатели."1149

Нескриената закана очигледно никого не потресла во Берлин или во Виена. Застра-шувачки е кога треба да си замислиме дека трезвените искуства со лагите и измамите на силите на Антантата на Германија и на Австрија очигледно не им биле доволни за да се опаметат.

Така амбасадорот Фон Порталес уште во тие денови (февруари 1914 год.) пишува извештај од Петербург со речиси неподносливата реченица:

"Стремежите на г-дин Сасонов, кој, како јас што сметам, искрено се залагал во наредните години да спречи нов конфликт на Балканскиот Полуостров, главно биле насочени кон поддршката на заедничките спогодби помеѓу Романија, Србија и Грција, со цел да ја др-жат Бугарија во неизвесност."1150

Неверојатно: како вистинската причина да не беше веќе објавена во весниците!

За да се согледа целосната сериозност на стратегијата (на Антантата), уште еднаш
се укажува на политичката анализа на "Fortnightly Review", според која на Антантата не и
беше само важно да создаде непробоен прстен околу двете германски држави, туку со
помош на затворањето на тој процес да се отвори јаз помеѓу балканските соседи Авс-
трија и Турција.

Така после Сараево и после кобниот австриски улитиматум кон Србија од 23. јули
беше неминовно да дојде до австриско-српската војна, која со полно право ќе можеше
да се нарече Трета балканска војна, доколку не стануваше забор за почетокот на Прва-
та светска војна.

За ова прашање многу информативен е коментарот на поранешниот рајх-канцелар
Фон Билов:
"Бессмисленият ултиматум кон Србија за секогаш ќе остане поврзан со името Теобалд
фон Бетман Холвег (Theobald von Bethmann Hollweg)."

На друго месго тој го пренесува цитатот на еден голем германски стопанственик:

"Однесувањето на Фон Бетман не доведе до тоа, како што би рекол Албert Балин <нес-
масно да западнеме во најглупавата и најнепотребната војна на сите времиња и на крајот
да ја загубиме>..."1151

5.6.4 Грција и понатаму работи на зајакнувањето на својата моќ

Упорноста на Константин (спореди горе цифра 5.5.2) можеше да се надмине можеби
само уште од премиерот Венизелос.

По изборите во Грција во 1915 год. Венизелос иако падна и ја напушти Атина, уште
истиот месец тој се појави во Солун со своите бунтовници.

За време на Првата светска војна различни бранови на воени дејства минаа преку
Балканот. Во 1916 год. големи делови од Егејска Македонија (освен Солун, кој го држеа
Французите) станаа бугарски со влегувањето на австриско-бугарската армија, во која
учествуваа и германските единици.

Забелешката дека учествувале и германски војници го потсетува авторот на негова-
та служба во Република Македонија. Тој тогаш од населението повеќепати ја почувс-
твувал подготвеноста (што порано, за време на режимот на Тито беше строго забране-
то) да учествува во згрижувањето на воените гробишта. Македонците потенцираа дека
без исклучок имаат добри сеќавања на германските војници, како да се затвора еден
круг: пред одредено време авторот во црквата во местото Барт (Barth) (на германскиот
брег на Балтичкото Море, помеѓу Росток и Штралзунд) помеѓу надгробните спомници
поставени во спомен на паднатите борци од оваа општина забележал една мала мермер-
на табла во спомен на еден војник кој од 1916 год. почивал на македонската почва. Нат-
писот гласеше:

Албрехт Дау
10.11.1916 год.
во Македонија

Авторот се надева дека Народниот сојуз за згрижување на германските воени гро-
бишта ќе се грижи и за гробовите во Македонија со цел "на личната жалост повторно да|
и се даде име."

Новата линија на фронтот го доведе кралот Константин во тешка положба, бидејќи
Венизелос во Македонија (и на Крит) организираше не само еден панхеленистички
бунт, туку истовремеко и бунт насочен против Кралот, кој беше пријателски настроен
кон Германците. Со помош на француско-англиската интервенција Константин во 1917
год. беше принуден да замине во егзил. (Тој со своето семејство и со штаб советници за-

мина во Швајцарија, бидејќи Германија му остана затворена поради пропагандата што
можеше да се очекува од силите на Антантата. Доколку Германија го примеше грчкото
кралско семејство, ризикот би се зголемил неодговорно многу со тоа што Антантата,
поради лутината на Бугарите која оттука принудно ќе се јавеше, значително ќе и се
приближеше на својата цел односно Бугарија исто така да ја повлече во Антантата.

Оваа шанса ја искористи Венизелос прогласувајќи го за крал Александар, вториот
син на Константин. Впрочем со ова тој отворено застана на страната на Антантата.

Мацовер смета дека на Атина и беше потребно многу повеќе време пред "да седне на
она што би се нарекло вистинскиот коњ".1152 Грција летото 1917 год. им објави војна на
Германија и на Австрија. На тој начин Венизелос политички ја реализираше својата ом-
раза кон Германија, која од него беше позната уште од 1915 година:

«"Подобро да се пропадне заедно со Франција, отколку да се победи во заедница со Герма-
нија."1153 .

Обезвластениот крал Константин во меѓувреме работеше на своето враќање на грч-
киот престол со надеж дека царот Вилхелм ќе му помогне да си ги врати позицијата и
достоинството. Но, тој во меѓувреме, и покрај љубовта кон својата сестра Софија, има-
ше сосема други грижи. Бугарија, покрај Турција, беше единствениот сојузник што
централно-европските сили го имаа на Балканот; соодветно обsирно требаше и да
постапува со него германскиот Генералштаб и царот. Затоа повеќе немаше место за
семејни интереси. Согласно тоа во еден запис од Берлин кон крајот на 1917 год. се вели:

"..... ('Бугарија) смета за себе дека се наоѓа во војна со Грција. При заминувањето на Сарај-
експедицијата (одн. при евентуалното повлекување на француската војска од Салоники)

"Бугарите несомнено би го покренале правото на поседување на Салоники, дамнешната
цел на нивните соништа, а во никој случај не би биле согласни со поддршка на акцијата, ко-
ја на кралот Константин со владеењето над целата земја би му го вратиле и овој град."1154

Во врска со погоре наведените имиња се споменува и еден соодветен детаљ:

"Бугарија не е спремна .... да ги отстапи Драма, Серес и Кавала, а ние, исто како и Авс-
тро-Унгарија, и објаснивме на бугарската влада дека согласно нашите договори, нема да
изнесеме приговори против земањето во сопственост на оваа територија." (исто)

Од еден разговор држан во тајност, кој воениот аташе од дипломатското претстав-
ништво во Берн, мајорот Фон Бизмарк, после шест месеци неверојатни мерки на прет-
пазливост смееше да го води со грчката кралица Софи, произлегува следното интересно
сознание:

"Нејзиното Височество ..... спомена ..... дека во целост ја разбира нашата положба нас-
проти Бугарите и смета дека..... Грција би требала да се откаже од Кавала."1155

Иако, како што е познато, настаните повторно се свртеа во корист на Грција и по
Првата светска војна повторно се воспостави s(a(is дио ап(е (претходната состојба), тука
беше важно да се покаже дека под тогашните околности и грчкото кралско семејство
дошло до тоа согледување дека ГрциЈа не може да задржи се од туѓата територија која
некогашјаосвоила. -

Самиот Константин уште една година претходно резигнираше. Кога главниот и од-
говорен уредник на весникот "Фосише цајтунг" ("Vossische Zeitung"), д-р Емил Лудвиг (Dr.
Emil Ludwig) летото 1917 год. го потсети дека уште во февруари 1915 год. бил подготвен
да води војна против Бугарија за Монастир (и северен Епир), тој призна повлекувајќи
се: "Монастир е pium desiderium (света желба)".1156

По војната Венизелос престојуваше две години во Париз, за да не пропушти ништо
од долгате и жилави разговори. И тоа со успех, кој како резултат на неговите груби ме-
тоди на однесување со Американците, во прва линија со претседателот Вилсон: закани,
врескање и сомнежи упатени кон делотворноста на омилениот проект на Вилсон,
Лигата на народите:

"На Балканот ќе избувне нова војна..... доколку Сојузните држави не ги поддржат (грч-
 ките желби за Тракија). (Од:Frunkspuch од Лион од 24.07.1919, A 20907, P 22027).

Дополнителната забелешка на Венизелос: Доколку Грција ја добие Тракија, тогаш
војна на Балканот ќе може да се исклучи за најмалку 15 години .....", значително ги
обесхрабри "американските приврзаници на Лигата на народите"!

Венизелос својот успех значи го постигна на истиот начин, на кој и бруталниот тигар
Клеменсо ја спроведуваше својата програма на омраза против Германците.

Тој триумфираше со грчкото учество во договорите со Бугарија во Неји (Neully) во
1919 год. како и со Турција во Севр (Sevres) во 1920 год.

"Мировниот договор од Севр... (ја подели) територијата на владеењето на Султанот речи-
 си целосно помеѓу победничките големи сили (на Антантата) и на нејзините соседни зем-
ји. Покрај Велика Британија и Франција големи делови на Османлискиот централен реги-
он на Анадолија добија и Италија, а Грција во 1918 год. основаната Република Ерменија."

На тој начин Грција, Романија и Србија нивните територијални придобивки можеа
меѓународно правно да ги осигураат.1157

Покрај тоа Венизелос од Италија уште ги доби и Додеканските острови.

Само едно од овие постигнувања за него и за Грција се покажа како данајски пода-

рок: правото на проширување на грчката окупација врз анатолското копно. Но, тоа е
друга приказна.

5.6.4.1 Подетални историски информации (9)

1. Крајот на династијата во Грција

По раната смрт на кралот Александар, неговиот татко Константин со спроведување
референдум повторно беше вратен на престолот и за две години реинтронизиран, пред
неговите два сина Георг II (1922 год. и 1935 год.) и Паул I (1947 год.) да стекнат кралско
достоинство.

Како последен грчки крал во 1964 год. беше крунисан внукот на Константин II и правнукот на Георг I, Константин II, на 24-годишна возраст, се до Воениот пуч во 1967
год. кога мораше да замине во егзил.

Црнечкиот роб ја изврши својата должност ...

Точно 20 години подоцна на "Црнецот" дури со помош на вонреден грчки закон му
беше одземен имотот. (Во 1973/74 год. Грција беше прогласена за Република и потоа со
референдум потврдена).

Дури во ноември 2002 год. Европскиот суд за заштита на човековите права реши де-
ка Грција треба да му плати на својот поранешен крал Константин II обесштетување во
висина од 12 милиони евра.1158

2. Од Софи до Софија

Кога кралицата Софи по Втората балканска војна ги испрати горе наведените теле-
грами до нејзиниот брат Вилхелм (види цифра 5.5.1), нејзиниот трет син (четвртото од
петте деца) Паул имаше 12 години. Паул - за тоа време прилично доцна, дури на 37-го-
дишна возраст се ожени со Фредерике, принцезата од Хановер и Велика Британија и
војвотка од Брауншвајг. (Во 1692 год. Велфите кои под кајзерот Леополд I добија (по-
точно: купија) благородничко достоинство, кое меѓу другото и им припаѓаше поради

нивниот близок однос кон англиската династија). Нивната најстара ќерка Софија во
1962 год. се венчаше со шпанскиот престолонаследник. Кога тој по смртта на Франко во
1975 год. стана крал на Шпанија како Хуан Карлос I, грчката кралица Софи, сестрата на
кајзерот Вилхелм II, воедно стана баба на денешната шпанска кралица "Софија". (Софи
не го ни доживеа раѓањето на Софија во 1938 год., бидејќи таа шест години претходно
почина на 62-годишна возраст).

_____стр.390
——Ханс Лотар Штепан —
5.6.5 Друга потврда за сопствениот македонски идентитет

Во рамките на повоениот поредок (по Првата светска војна) "политичари, научници,
аналитичари и новинари се занимаваа... со проблемот Македонија како и со... национал-
ната припадност на македонскиот народ."

"За утврдување на етнички-националниот состав на македонското население, сојузниците
испратија група француски експерти, кои изработија студија за случувањата во Егејска
Македонија. Тие дојдоа до заклучок дека таму не станува збор ниту за српско, бугарско,
ниту за грчко население, туку за посебен словенски народ со самостоен јазик и сопствена
култура. До слични резултати дојдоа и британските и италјанските истражувања."1159

_____стр.391
Заклучоци

Со оглед на историјата, на почетокот се поставуваше прашањето зошто рамковните
услови на сите земји од Југоисточна Европа токму за Македонија беа најкомпликувани,
така што погледнувајќи наназад

- примената на метафората за неверојатниот Гордиев јазол на национално ниво се
чини оправдана, и

- Македонското прашање до денес претставува загатка на меѓународната политика.

Објаснување за причините би можело да се пронајде само со разработување на мина-
тото. Заборавањето на минатото, па дури и недостатокот на минато би придонело до
трајни, неизлечиви недоразбирања, кои како што посакуваат одредени групации, причи-
ните би ги закопале под живиот песок на историјата. При необични констелации на вре-
мето. плимата и осеката би можеле и повторно да ги откопаат.

Една ваква порта низ која минатото повторно стана видливо и загрозувачко ја отво-
ри револуционерниот и историскиот пресврт во светски рамки од 1989/90 год.

Сите турбуленции од драматичните настани во Централна Европа во текот на XX-
тиот век, кои дотогаш беа потиснувани на работ на општото спознавање, можеше отто-
гаш, во мирот после бурата да се подложат на едно систематско испитување. Како из-
вор на материјал за минатото послужија оригиналните акти на Министерството за над-
ворешни работи на Германија од времето на Германскиот Рајх, кои беа сигурен, дури
идеален материјал. Тој се разбира понуди повеќе отколку што "бајатата историја" во
стандардните дела на историографијата можеа да понудат.

Кога од историјата на Балканот се ископуваше слој по слој и се нудеше се појасна
слика за сплетот на настаните, се покажа дека "македонскиош јазол" во ниту еден случај
не беше феномен создаден од божиците на судбината или од некоја вонземска судбина,
туку дека речиси баналното дело на човекот е одговорно за неговото настанување и од-
ржување во живот.

Значи постоеше можност јазолот да биде отплеткан.

Ова "човечко дело" влече корени од ерата на империјализмот, чии сили очигледно
делуваат дури во сегашноста. Тие и денес спречуваат непречен, успешен и мирољубив.
развој на Република Македонија.

Повеќегодишното "прочешлување" на старите (непечатени) извештаи на германски-
те дипломатски претставништва во претставувањата на настаните од изминатите деце-
нии, открија со кои средства односно алатки се служеле соседните земји на Македонија

за спроведување на нивните империјалистички цели:

Тие го оспоруваа идентитетот на Македонците!

Покрај тоа, тие сметаа дека со упатувањето на историјата на средниот век, а во случајот на Грција дури и на античката историја, ќе си создадат барем делумна основа за
право на сопственост.

Тие во вистинска смисла на зборот со сета сила се вмешуваа во Балканските војни и
оттогаш светската јавност ја мамеа со впечатокот дека Македонците не се она што се,
туку она што тие сакаа да направат од нив, и тоа бугарски, грчки и српски потчинети,
или поточно: грчка, бугарска и српска "државна сопственост". (Паметно што Албанците
не згазнаа во оваа стапица - иако не можат да кажат дека нивната специфична стратеги-
ја била помалку подмолна и насилна).

Згора на тоа, за време на последната деценија Грција повторно употреби еден стар,
познат процес од минатото:

Во еден пасус од ова дело (бр. 2.3.0, стр. 109, вклучително и фуснотата 300) се навра-
тив на еден извештај од Пруското кралско претставништво во Цариград (Константино-
пол) бр. 161 од 28.10.1868 год., во кој е пренесена тужбата на Бугарите дека грчките кле-
рици се стремеле да го погрчат бугарското население преку училиштата, богослужбите
итн. за да остане во заборав дека бугарската црква некогаш, уште пред турското време
била независна. Грчките советници на Високата порта, т.н. фанариоти, како што вели
натаму авторот на извештајот:

"го користеле своето влијание и незнаењето на турските господари да го потиснат нацио-
налниот бугарски елемент од црквата".

Станува збор за слична форма на недоволно знаење, кое грчката влада го искористи
на 26 јуни 1992 год. во Советот на министрите на ЕУ во Лисабон и на 8 април 1993 год.
пред целокупната заедница на народите на ООН, на своите европски и меѓународни
"пријатели", со претставување на лажни факти да им го подметне сосема неоправданото
(наводно провизорното, значи привременото?) име БЈРМ за Република Македонија - и
тоа во повторниот обид да им се оспори идентитетот на Македонците и на тој начин на
новата држава полека да и се одземе егзистенцијалната основа. Оваа политика трае се
до денешен ден.

Со оглед на ваквите методи и поради недостатокот на точни информации од ниту
еден современ и политички актер не можеше да се очекува да има доволна рационална
основа за оценка на актуелните процеси на одлучување во однос на Република Македо-
нија. Меѓународната заедница, значи, во нејзиното верување следствено можеше да пој-
де од тоа дека може да се потпре на податоците од Грците, Албанците и Бугарите (по-
рано и Србите). Злоупотребувајќи ја таа доверба, соседните земји на Македонија ја ос-
тавија меѓународната заедница се до XXI век да верува дека поседуваат одредени права
во однос на јазикот, името и територијата на Македонија.

• Затоа централниот проблем на ова дело би можело да лежи само во откривањето на
лажните маневри на соседните држави од Берлинскиот конгрес наваму и да стане очиг-
леден самостојниот идентитет на Македонците пред очите на досега дезинформираната
јавност.

Притоа многу брзо станува јасно дека кардиналната грешка била направена после
последната руско-турска војна во 1877/78 год., кога на Берлинскиот конгрес некои веќе
ослободени области од османлиското ропство повторно и беа вратени на Турција, на-

место и Македонија и Тракија да ги остават да уживаат во благословот на толку долго
очекуваната автономија односно независност. Овој "првобитен грев" на веќе независни-
те (барем автономните) држави во регионот им овозможи нивната алчност (по приме-
рот на искуствата од империјализмот односно следејќи ја праксата на Големите сили) да
ја насочат кон македонско-тракискиот простор, кој со враќањето на статусот на коло-
нија на Османлиското царство, бил прогласен за "слободен" како птица.

При спроведувањето на желбите за експанзија, уште однапред беше утврдена аксио-
мата како цврст закон дека секоја од соседните држави на Македонија со најразлични из-
литени објаснувања покренува право на сопственост на повторно турска Македонија,
при што ниту преголемата желба за моќ не можела да прикрие дека ниту една од тие др-
жави некогаш ќе се осмелела сама да ја нападне Турција со цел да ја освои и присвои
Македонија. Дури ни заедно не ќе смееја да го преземат егзистенцијалниот ризик и да
започнат војна против Османлиското царство. Затоа обидот за создавање на сојуз на то-
гашните Кралства на Балканот против Турција со децении остана безуспешен. Кога
преговорите навистина започнаа, ниту еден од учесниците не беше ослободен од има-
нентната дилема, која проф. Требст вака ја резимираше:

"Секоја сопствена придобивка (значеше) пропуст за спротивната страна, секое ослабну-
вање на сопствената позиција... јакнење на еден од двајцата ривали."1160
(Во овој цитат е изменет редоследот на набројувањето.)

Во текот на оваа работа станаа јасни следните изненадувачки меѓузависности:

Трите балкански држави Бугарија, Грција и Србија никогаш немаше да ги исполнат
своите сонови за анексија без ветената помош од Русија, задржана во договорот од 1911
год., доколку нивната територијална алчност не се совпаднеше со долгорочните плано-
ви на Англија, Франција и Русија за опколување и истовремена изолација на Германија

и Австрија. Тоа беше оној чекор на Антантата од кој не можеше да отстапи при подготвувањето на една голема европска ревентивна војна за гаснење на двете германски царства.

Балканските држави од своја страна мораа како помошници-извршители на Антантата и како возвратна услуга за обезбедувањето од можен воен удар на германските Централни сили да ја преземат задачата и да го затворат железниот прстен околу германското и Хабзбуршкото кралство во Југоисточна Европа. Како Јудина награда тие во двете Балкански војни, а со одобрување и под заштитата на Антантата, смееја да си ги задоволуваат освојувачките страсти во Македонија.

Сепак, сите и највнимателно (акрибски) изработените планови ќе беа залудни, доколку германскиот кајзер - во една многу сомнителна историска коинциденција неговата политика на отфрлување за напад врз Турција од исклучително приватни причини не ја ревидираше во интерес на Грција.

Тешко може да се опише како ирониja - во најдобар случај како сарказам - на историјата дека кајзерот Вилхелм II со своето одобрување на Балканската војна против Турција особено на Англија, Русија и на Франција им помогна да ги осигураат нивните воени подготовки против него самиот - против вилхелмска Германија со тоа што преку жртвувањето на Македонија Балканските држави ги врзаа за себе, си создадоа дополнителни истомисленици за нивниот иден агресивен напад против Централните сили и истовремено им го чуваа грбот во Југоисточна Европа.

Слепата доверба, добродушноста, а секако и наивноста на Германците наспроти измамничките сплетки на Антантата како и преголемата кусогледост при препознавањето на заседата на Тројната антанта против Двојниот сојуз, на Антантата енормно и го олесни спроведувањето на нејзините планови во реалноста.

Вилхелм II во 1914 год. се обиде да ја спречи војната на Австрија против Србија исто

како и во минатото, на пр. во 1912 год. успеа да го ублажи конфликтот кој беше на ра-
бот од амбисот. Тој уште во 1905 год. и во 1909 год. (1911 год.) се заплаши од превентив-

на војна, за разлика од Англичаните и Антантата, кои решија дека моментот е дојден.
Но, во 1914 год. Кајзерот, а можеби и цар Николај II бил изигран од други сили, попод-

готвени За војна.

Како последица од светски познатите системи на сојузи Австрија - Германија, Фран-
ција - Русија, Франција - Англија и Англија - Франција - Русија како и Србија - Русија, на
секој Европеец би требало да му биде јасна предвидливата верижна реакција:

Кога Антантата на Србија и упати да го отфрли австрискиот ултиматум, таа го спро-
веде нејзиниот долгорочен, веќе неколкупати неуспешен план, кој беше направен токму
во случај на избувнување на војна: Кајзерот Вилхелм недвосмислено го препозна, но ко-
га Австрија и објави војна на Србија на 27.7.1914 год. силите на Антантата ја постигнаа
нивната цел - големата европска војна. Сето останато сега би им се препуштило на вое-
ните дејствија и на пропагандата.

Во споредба со фактот дека Англија, Франција и Русија долгорочно и со целосна на-
мера ја инсценираа војната против Германскиот Рајх, речиси занемарливи се деталите
дека Првата светска војна започна на 27 јули со објавувањето војна на Австрија против
Србија, а не дури на 1 август кога Германскиот Рајх и објави војна на Русија, како реак-
ција на нејзиното мобилизирање. Овој фатички тек на настаните помеѓу Санкт Петер-
бург и Берлин во ниту една точка не соодветствуваше со планот на Антантата, имено за
виновник на војната и тоа за единствен виновник да се прогласи Германскиот Рајх.

Затоа овие факти требаше да се потиснат и модифицираат, за да може историогра-

фијата да се храни со погрешни податоци против Германија, кои би довеле до тоа напо-
рите на германските влади кои во наредните децении се разбира би настојувале на ко-
рекција, да одат во празно. Само на тој начин беше можно Германскиот Рајх со тешки,
дотогаш непознати договорни услови да се понижи и опљачка, за по можност да се пос-
тигне неговото уништување, или барем трајна штета.

Во меѓувреме Македонците беа ослободени од турскиот јарем, поделени на три дела
и принудени на уште потешкиот - христијанско-ортодоксен јарем на соседните држави
Грција, Бугарија и Србија. (И Албанија - можеби во момент на грижа на совест (?) - до-
би уште едно парче македонска земја како подарок од Антантата.) Околу 30 години Се-
верна Македонија, анектирана во 1912/13год. од страна на Србија беше дел од Кралство-
то на Србите, Хрватите и Словенците, а од 1929 год. дел од Кралството Југославија.

По Втората светска војна ослободувањето на Југославија од бугарската и германска-
та окупација во 1944 год. доведе до осамостојување на Македонија, која по долготрајни
интерни советувања побара приклучување кон Титова Југославија. На мнозинството
Македонци им беше јасно дека можното приклучување кон Бугарија порано или подоц-
на ќе доведеше до целосна загуба на националниот идентитет. Тито, меѓутоа, на Маке-
донците (како и на останатите пет словенски народа) им го дозволи статусот нација, а
истовремено и членството како 6 република во Сојузната Република Југославија. (Не-
потребно е да се повторува дека овој "статус на република" можеше да се мери само по
комунистички аршин. Во тој поглед сите шест републики беа еднакви).

Дури кога дојде до распадот на југословенската федерација во 1990 год. поради нејзи-
ните внатрешни противречности, историјата им го отвори патот кон независност дури и
на оние Македонци кои 45 години преживеаја како нација под покривот на Југославија.

Восхитувачки е колку систематски и внимателно државникот Киро Глигоров, први-

от претседател на Република Македонија, "со мудрост, умешност и лична храброст", ка-

ко што германскиот сојузен претседател Роман Херцог рече за својот македонски коле-
га при посетата на Скопје на 9.9.1999 год., започна да ги разврзува политичките проб-
леми на македонскиот јазол (поинаку од гордиевиот на Александар Велики) во напната-
та атмосфера на и понатаму завидливите соседи, алчни за моќност.

Со оглед на тешкото наследство предизвикано од соседните држави, кое и денешни-
те Македонци мораат да го носат со себе, и горе веќе споменатото присилно и неизбеж-
но непознавање на вистинската состојба во и околу Македонија од страна на владите во
Европа и Америка, оваа сизифовска работа не можеше да ја изврши само еден човек.
Еден дел од работата принудно ќе остане за наредните генерации. Таа ќе се состои во
тоа земјата и неговото население да ги ослободи од апсолутно неоснованите албански,
бугарски и грчки аспирации.

Тука започнува одговорноста - дури и повеќе: обврската - на оние европски држави
без чие содејство Македонците немаше да се најдат во една ваква незавидна положба:

Англија, Франција, Русија, Австрија, Германија и Италија.

Европската унија, НАТО, Советот на Европа, ОБСЕ и ООН не смеат да дозволат нова неправда врз старата гнила основа од XIX век!

Затоа Европската унија мора на Република Македонија да и ја понуди истата - ако
веќе не привилегираната - шанса за членство како и на сите други балкански држави.
Македонија би требала да биде примена заедно со Бугарија (како и со Хрватска и Рома-
нија). Европа - ЕВРОПА согласно својата скала на вредности не смее на Грција и на
другите соседни држави да им дозволи, со нивната блокада, да ја продолжат политиката
од ерата на империјализмот во XXI век.

Што се однесува до балканските држави, нивните задачи се соодветно различни, но

во ниту еден случај несовладливи:

Доколку реформскиот процес би можел да продолжи без поголеми пречки, Србија
би можела од агресор да прерасне во унапредувач на мировната политика на Балканот.

Може да се претпостави дека и Бугарија не би сакала да ја оптоварува својата шанса
за членство во ЕУ и НАТО со неповолната прогноза во поглед на агресивниот став нас-
проти нејзиниот сосед Македонија. Меѓутоа, ЕУ и НАТО пред членството на Бугарија
ќе треба да настојуваат на менување на новиот национален празник (3. март), кој беше
воведен во 1988 год., во сеќавање на анулираниот договор од Сан Стефано на Берлинс-
киот конгрес и затоа со себе носи ревизионистички обележја. Новите односи на Европа
кон некогашната комунистичка држава Бугарија тешко ќе можат да се изградат врз
овој анахронизам.

Хеленистичката Република Грција нема право на Република Македонија да и го заб-
ранува користењето на коректното име на државата. Како последица на тоа повеќе
членки на семејството народи, на чело со земјите-членки на ЕУ, НАТО, на Советот на
Европа и на ОБСЕ, треба конечно да се откажат од употребата на името "FYROM"
("БЈРМ"), кое е настанато противно од меѓународното право. Грција секако дека не мо-
же да биде принудена да го употребува коректното име на државата Македонија, но со
оглед на актуелната солидна политика на умерените влади во Атина се чини дека со тоа
нема да се соочат со пречки. Грција во тој случај би била слободна повторно да ја презе-
ме улогата во Европа која од неа, со оглед на нејзиниот углед како колевка на европска-
та култура, и се очекува да ја игра; Атина - претставникот на античка Грција - достоин-
ствено ќе си ја презеде оваа задача: праведноста го издигнува народот.....

Вистински потешкотии би можело да се очекува само од Албанија (поточно: од Ал-
банците во Македонија и во Косово) - но, и тогаш, ако модерните, демократски насоче-
ните интелектуалци нема да успеат да се изборат против традиционалните сили, кои се
уште се затворени во некогашните категории на насилства.

Откако Бугарите се откажаа од Голема Бугарија, Србите од Голема Србија и Грците
од Голема Грција, ќе мора и определените групи Албанци да се анимираат, во даден слу-
чај и да се принудат да се откажат од Голема Албанија.

"Само некои албански националисти ќе мора веројатно да се откажат од соништата, од
кои нивните соседи веќе се откажаа." "Политиката денес веќе не се занимава со експан-
зионизам и национално достоинство ..."1161

ОНА (AKSh) треба да биде доведена во нејзините граници. За да се спречи појавата
на нови нешта вредни за осуда со европска помош, треба барањата на етничките Албан-
ци во Република Македонија да се држат на општо прифатеното ниво, наместо да се од-
говара на сите нивни своеволни експанзионистички идеи. Од Владата во Албанија, во
секој случај, мора да се побара самостојно да ја намали стапката на криминалот на свое-
то население во и надвор од државата, за да европските држави не бидат оставени сами
со задачата за сопствена одбрана. Во спротивно пристапот кон Европската унија, чува-
рот на вредностите на западниот свет, сам по себе ќе се оневозможи. Доколку, меѓутоа,
албанските Македонци продолжат со етничкото чистење во Западна Македонија и Ал-
банците во српско Косово и понатаму работат на проектот на независно Косово, спро-
тивно на меѓународното право, тогаш ќе треба да се вклучат Советот за безбедност
и/или Генералното собрание на Обединетите нации.

Но, доколку во меѓународните комисии навистина, сосема неосновано, се размислува
за доделување автономија на Албанците во Западна Македонија, што порано или по-

доцна безусловно ќе придонесе до отцепување на овој регион, тогаш, за да се избегне
уништувањето на Македонија, ова решение во корист на Албанците треба да се одобри
само под услов доколку Бугарија и Грција се согласат тие две соседни држави - во случај
на нивно одобрување на албанската автономија во Западна Македонија - да се обврзат
на рамноправно територијално усогласување односно отстапување територии од оние
територии што потекнуваат од нивните поранешни илегални припојувања на македон-
ското земјиште во 1912/13 година.

Една надеж постои за сите досегашни и идни членки на Европската унија:

Од желбата на сите балкански држави да станат членки на Европската унија произ-
легува дека во европски рамки границите ќе постојат и понатаму, но дека нивната улога
долгорочно се повеќе ќе губи на значење.

_____

_____стр.398

ЗАБЕЛЕШКИ

1. Актуелни и суштински прашања

1. Во начинот на пишувањето на името "Македонија" (Македонци, македонски), авторот се
води според начинот употребен од Министерството за надворешни работи. Во сите цитати -
за сите имиња - преземено е оргиналното име; затоа се јавуваат одредени разлики.

2. Овој извештај, како и насловот на статијата, го цитира и Fikret Adanir: Die Makedonische Frage.
Ihre Entstehung und Entwicklung bis 1908. Wiesbaden 1979, СТр. 153,фуснота 357.

3. Klaus Schrameyer: Das Verbot der Partei der Makedonier in Bulgarien durch das bulgarische
Verfassungsgericht. Вц: Sudosteuropa, 6рој 5-6, стр.283.

4. K.Schrameyer: Das Verbot...,исто, стр.289.

5. Gerhard Seewann: Minderheiten und Nationalitдtenpolitik. Вц: M.Hatschikjan und St.Troebst (издавачи);
Sьdosteuropa. Gesellschaft, Politik, Wirtschaft, Kultur. Ein Handbuch. Мьnchen 1999, стр.188.

6. Klaus Schrameyer: Das Verbot..., исто, стр.288 и 283.

7. Viktor Meier: Wie Jugoslawien verspielt wurde. Мьnchen 1995, стр.334.

8. Magarditsch A.Hatschikjan: Tradition und Neuorientierung in der bulgarischen AuЯenpolitik
1944-1948. Die "nationale AuЯenpolitik" der Bulgarischen Arbeiter-Partei (Kommunisten). Мьnchen 1988,
стр.246.

9. V.Meier: Wie Jugoslawien ..., исто,стр.335.

10.Michael W.Weithmann: Makedonien - "Land zwischen vier Feuern",AuЯenpolitik ni/93, стр.265.

11.Поопширно во V.Meier: Wie Jugoslawien ..., исто, стр.381 f.

12.Christian Voss: Der albanisch-makedonische Konflikt in der Republik Makedonien in zeitgeschichtlicher
Perspektive. Вц: Sьdosteuropa Mitteilungen, 2001, броj 3, стр.276.

13.M.Weithmann: Makedonien ..., исто, стр.265.

14.Claudia Hopf: Sprachnationalismus in Serbien und Griechenland. Theoretische Grundlagen sowie ein
Vergleich von Vuk Stefanovic Karadzic und Ademantios Korais. Balkanologische Verцffentlichung, Bd. 30,
Wiesbadenl997.стр.306.

15.Ch.Voss: Das slavophone Griechenland - Bemerkungen zum Ende eines Tabus. Вц: Sьdosteuropa
Mitteilungen, 2000, броj 4, стр.351.

16.Ch.Voss: Minderheiten in Griechenland. Во: Pogrom. Gesellschaft fur bedrohte Vцlker, 2000,броj 153;
Maj/јуни 1990,стр.22 и 23.

17.V.Meier: Wie Jugoslawien .... исто, стр.337.

18.M.Weithmann: Makedonien ..., исто, стр.268.

19.V.Meier: Wie Jugoslawien ..., исто, стр. 320 f.

20.Види и Wolfgang Нцрken: Staatensystem. Вц: M.Hatschikjan und St.Troebst (издавачи); Sьdosteuropa.

Gesellschaft, Politik, Wirtschaft, Kultur. Ein Handbuch. Mьnchen 1999, стр.270.

21.Rainer Hermann: Die Geschдfte der Embargobrecher. Vorwьrfe des Haager Kriegsverbrechertribunals
gegen Griechenland. Во: FAZ од 26.6.2002.

22.Nada Boskovska: Sein oder nicht. Ein Staat ringt um Anerkennung. Во: NZZ-folio, септември 1992,
стр.44.

23.Ch.Voss: Die albanisch-makedonische Konflikt..., исто, стр.276.

24.W.Нцpken: Staatensystem ..., исто, стр.271.

25.Marie-Jeanne Calic: AuЯen- und Sicherheitskeit Politik. Вц: M.Hatschikjan und St. Troebst (издавачи):
Sьdosleuropa.... Handbuch....исто, стр.294.

26.W.Нцpken: Staatensystem ...,исто, стр.271.

27.Ch.Voss: Der albanisch-makedonische Konflikt..., исто, стр.281.

28.G.Seewann: Minderheiten .... исто, стр.190.

29.G.Seewann: Minderheiten ..., исто, стр.196 и 177.

30 Цитирано на ZDF во емисијата Frontal 21 (Theo Koll) На 7.8.2001.

31 M.Weithmann: Makedonien ..., исто,стр.269.

32 Stefan Troebst: IMRO + 100 = FYROM? Kontinuitдten und Brьche in den makedonischen

Nationalbewegungen in historiographischer Perspektive. Вц: Walter Lukan und Peter Jordan (mnwmvi):

Makedonien. Geographie, Ethnische Struktur, Geschichte, Sprache un Kultur, Politik, Wirtschaft, Recht.
Вц: Цsterreichische Osthefte, Jg. 40, Wien 1998, стр.220.

33 St.Troebst: Politische Entwicklung in der Neuzeit. Вц: Hatschikjan/Troebst (HsnaBaqH): Sьdosteuropa....
Handbuch. ... MCTO, CTp.80.

34 Jutta de Jong: Der nationale Kern des makedonischen Problems. Ansдtze und Grundlagen einer

makedonischen Nationalbewegung (1890-1903). Ein Beitrag zur komparativen. Nationalismusforschung.
Frankfun/M, Bern 1982, CTp.52 f.

35 Ch.Voss: Der albanisch-makedonische Konflikt...,исто,стр.274.

36 G.Seewann: Minderheiten ..., исто,стр.178.

37 Ch.Voss: Der albanisch-makedonische Konflikt..., исто, l) стр. 278,2) стр.273.

38 G.Seewann: Minderheiten ...,исто,стр.178.

39 Wolf Oschlies: Republik Mazedonien. Bericht des BIOst, 6poj 14/1994, стр.23./

40 G. Seewann: Minderheiten .... исто,стр.186.

41 Ch.Voss: Der albanisch-makedonische Konflikt..., исто, стр.273.

42 Luan Slarova: Zeit der Ziegen. Zьrich 1999, стр.46 и 51.

43 Ch.Voss: Der albanisch-makedonische Konflikt..., исто,стр.278, и фуснота 32

44 Stefan Troebst: Kommunizierende Rцhren: Makedonien, die Albanische Frage und der Kosovo-Konflikt.
Вц: Sьdosteuropa Mitteilungen, 1999, 6poj 3, стр.216 и 224.

45 L.Starova: Zeit....исто,стр.42 f.

46 Ch.Voss: Der albanisch-makedonische Konflikt..., исто,стр.277.

47 Matthias Rьb: SchieЯerei unter Albanern. Вц: "Frankfurter Allgemeine Zeitung", 6poj 73 од, 27.3.2002,

стр.8. . '

48 Matthias Rьb: Haager Tribunal ermittelt in Mazedonien. Вц: "Frankfurter Allgemeine Zeitung" од

10.4.2002, стр.2.

49 W.Нцpken: Staatensystem ..., исто,стр.272.

50 M.Martens: Den Haag ist voreingenommen. Ein Gesprдch mit Kostunica. Вц: "Frankfurter Allgemeine
Zeitung" од l.8.2002.

51 Hans-Dietrich Genscher: Erinnerungen. Berlin 1995, стр.668.

52 Stefan Troebst: Prдventive Friedenssicherung durch internationale Beobachtermissionen? Das Beispiel der

KSZE-Spillover-Monitormission in Makedonien 1992/1993 von 25.10.1993. Stiftung Wissenschaft und
Politik, Ebenhausen, Ноември 1993, стр.14.

53 C.Hopf: Sprachnationalismus in Serbien und Griechenland .... исто,стр.305.

54 Imanuel Geiss: Der Berliner Kongress 1878. Protokolle und Materialien. Boppard 1978, стр.11.

55 Уште тогаш мораше, доколку еден извештај се однесуваше и на други теми или доколку
мораше да биде доставен и до другите претставништва. да се направи копија во ситерлински
ракописи. Поради ракописот (и разликите во пишувањето), дешифрирањето на овие
текстови претставува долга и макотрпна работа, но ваквото отежнување во работата се
исплатеше, со оглед на нивната непосредност и точност.

56 Hermann Kantorowicz: Der Geist der englischen Politik und das Gespenst der Einkreisung Deutschlands. „
Яеru'n (929, стр.; 9 f.

57 Brockhaus, Die Enzyklopдdie, 20. HsuaHHe 1997, Bd. 9, на Тема 'Грција", стр.117.

58 Michael Wood На WDR-III На 7.7.2000.

59 Писмо од др. Иван Минев до шефот на странската редакција на Баварската телевизија,
Bergsmann, од 2.4.1992 год., стр.З.

60 Види фуснота 57.

61 Georg Stadtmьllcr: Geschichte Sьdosteuropas. Mьnchen 1950, стр.95 и 111.

62 Klaus Steinke'. Sprachen. Вц: Hatschikjan/Troebst (H3ffaBa'-iH): Sьdostcuropa...., стр.402.

63 Brockhaus, 20. издание 1998, ВД. 14, на тема "Македонци", стр.83.

64 M.Weithmann: Die slavische Bevцlkerung auf der griecTndsl'iSiFHaIbinsel. Ein Beitrag zur historischen
Ethnographie S lidost-Europas. Mьnchen 1978, стр.132.

65 Ристо Кузмановски: Охрид - и неговата уметничка комора. Охрид 1994, стр.13.

66 Gьnther Prinzing: Die umstrittene Selbstдndigkeit der MOK in historischer Sicht. Вц: Walter Althammer
(издавач): Makedonien. Probleme und Perspektiven eines junges Staates. Sudosteuropa Gesellschaft,
Мьnchen. Aus der Sьdosteuropa-Forschung, Bd. 10, стр.39/40, и фуснота 15.

67 Brockhaus, 20.издание 1998, Bd. 14, на тема "Македонија", стр.79.

68 Gьnther Prinzing: Die umstrittene Selbstдndigkeit..., исто, стр.42.

69 Prinzing:исто, стр..39.

70 Prinzing: исто, стр.40.

71 Prinzing: исто, стр.41.

72 Wolf Oschlies: Republik Mazedonien..., исто, стр.30/31.

73 Hans-Dieter Dцrpmann: Die religiцse Entwicklung Mazedoniens; Kurzfassung eines Vortrдgs anlдЯlich der
II. Deutsch-Mazedonischen Konferenz in Jena von 29.11.- 1.12-2001.

74 Vera Bojic/WolfOschlies: Lehrbuch der mazedonishen Sprache. Мьnchen 1984, стр.ll (и поглавје 8).

75 Andreas Raab: Dьrfen Makedonen Makedonen sein? Der Streit um die makedonische Identitдt. Вц: Elke
Lorenz/A.Raab (H3flaBaHH): Makedonien. Reiches armes Land. Ulm 1997,стр.132 и 133.

76 Ch.Voss: Der albanisch-makedonische Konflikt..., исто, стр.274.

77 Ch. Voss: Der albanisch-makedonische Konflikt....исто, стр.276.

78 Theodor Shieder: Staatensystem und Gleichgewicht. od: Staatensystem als Vormacht der Welt 1848-1918.
Propylден Geschichte Europas, Bd. 5. Отпечатено во: K.O. Frhr. V.Aretin (издавач): Bismarcks
AuЯenpolitik und der Berliner Kongress. Wiesbaden 1978, стр.28.
79 Im.Geiss: Der Berliner Kongress 1878. Sicherheit und Zusammenarbeit in Europa vor 100 Jahren. Aus
Politik und Zeit-Geschichte. IIpHJior 3a HeueJiHHKOT "Das Parlament", B 41/78,14.10.1978, стр.7.

80 Jutta de Jong: Die makedonische Nationswerdung - eigenstдndige Integration oder kьnstliche Synthese?
Bo: Klaus-Detlev Grothusen («wasarf): Jugoslawien. Integrationsprobleme in Geschichte und Gegenwart.
Gцttingen 1984, стр.164,фуснота 2).

81 V.Meier: Wie Jugoslawien ..., исто, стр.323.

82 Giorgi Stojcevski: Makedonien in den internationalen Beziehungen (1878-1919). Bo: Walter Lukan
(издавач): Osterreichische Osthefte. Ost- und Sьdosteuropa Institut, Jg. 40, 6poj 1/2, стр.170.

83 Правен весник на Рајхот бр. 31. Пренесено во: Im. Geiss: Der Berliner .... Pro. u. Mat., исто, стр.387.

84 Im.Geiss: Der Berliner .... Pro. u. Mat., исто, стр.18.

85 Richard von Mach: Die macedonische Frage, Wien 1895, стр.12.

86 R.v. Mach: Die macedonische Frage, исто, стр.19.

87 R.v. Mach: исто, стр.13.

88 Jutta de Jong: Der nationale Kern ..., исто, стр. 8.

89 G.Stojcevski: Makedonien ..., исто, стр.173.

90 Torsten Szobries: Sprachliche Aspekte des nation-building in Mazedonien. Die kommunistische Presse in
Vardar-Mazedonien (1940-1943). Stuttgart 1999, стр.55.

91 Brockhaus, 20. издание 1997, Bd. 4, на тема "Бугарија", стр.118.

92 Vera Bojic/WolfOschlies: Lehrbuch der mazedonishen Sprache. Mьnchen 1984,стр.9.

93 M.Weithmann: Die slavische Bevцlkerung auf der griechischen Halbinsel...., исто,стр.93.

94 J. de Jong: Der nationale Kern ..., исто.стр.6.

95 Manolis Andronicos: Museum Thessaloniki. Ektodite Athenon 1990, стр.27.

96 Hans-Willem Haussig: Kulturgeschichte von Byzanz. Stuttgart 1959, стр.354 и 548.

97 Karl Kдser: Raum und Besiedlung. Вц: Hatschikjan/Troebst (H3ffaBaqH): Sьdosteuropa. ..., стр.61.

98 Edgar Hцsch: Kulturen und Staatsbildungen. Вц: Hatschikjan/Troebst (HSHaBa'm): Sьdosteuropa...., стр.41 f.

99 M.Weithmann: Die slavische Bevцlkerung auf der griechischen Halbinsel. ..., исто,стр.165 (Имињата

на другите словенски племиња кои Вајтман ги наведува се: Белагецити, Бајунити, Берцити,
Стримонити, Милинги и Ецерити.)

100 Klaus Steinke: Sprachen. Вц: Hatschikjan/Troebst (издавачи): Sьdosteuropa...., исто,стр.402.
101 K.Steinke: Sprachen. Вц: Hatschikjan ..., исто,стр.398.
102.Szobries: Sprachliche Aspekte ..., исто,стр.49.

103 T.Szobries: Sprachliche Aspekte ..., исто,стр.50.

104 T.Szobries: Sprachliche Aspekte ..., исто,стр.50

105 T.Szobries: Sprachliche Aspekte ..., исто,стр.57 и 59.

106 T.Szobries: Sprachliche Aspekte .... исто,стр.54.

107 T.Szobries: Sprachliche Aspekte ..., исто,стр.61.

108 T.Szobries: Sprachliche Aspekte ..., исто,стр.51.

109 J. de Jong: Der nationale Kern des makedonischen Problems...,исто,стр.287.

110 T.Szobries: Sprachliche Aspekte ..., исто,стр.50.

111 T.Szobries: Sprachliche Aspekte ...,исто,стр.51.

112 K.Steinke: Sprachen. Bo: Hatschikjan .... исто,стр.406.

113 Brockhaus, 20.издание 1997, Bd 4, на тема "Бугарскиот јазик", стр.124.

114 K.Steinke: Sprachen. Bo: Hatschikjan ..., исто,стр.405.

115 K.Steinke: Sprachen. Bo: Hatschikjan ..., исто,стр.401.

116 C.Hopf: Sprachnationalismus in Serbien und Griechenland ..., исто,стр. 19.

117 Francisco R. Abrados: Geschichte der griechichen Sprache von den Anfдngen bis heute. Tьbingen, Basel
2001.стр.284.

118 Eric J Hobsbowm: Nations and Nationalism since 1780. Programme, Myth, Reality. Cambridge 1995.
Цитарано од C.Hopf: Sprachnationalismus ..., исто, стр.149, фуснота 362.

119 F. R. Abrados: Geschichte der griechichen ....исто,стр.285.

120 C.Hopf: Sprachnationalismus ...,исто,стр.149 f. и 148.

121 Поопширно C.Hopf: Sprachnationalismus ..., исто.

122 C.Hopf: Sprachnationalismus..., исто,стр.136, фуснота 328.

123 Извештај 29 Атина 20.4.1877 год., 7328.

124 F. R. Abrados: Geschichte der griechichen ..., исто,стр.289.

125 K.Steinke: Sprachen. Вц: Hatschikjan .... исто,стр.401.

126 K.Steinke: ..., исто,стр.409.

127 K.Steinke:..., исто,стр.412.

128 T.Szobries: Sprachliche ..., исто,стр.61.

129 На пример: Hans Herzfeld: Die moderne Welt 1789-1945. Втор дел: Weltmдchte und Weltkriege.
(Поглавје: Geschichte der Neuzeit. Издавач. Gerhard Ritter), Braunschweig 1960, стр.85.

130 H.Herzfeld: Die moderne Welt...., исто,стр.78.

131 Wiener Sonn- und Montagszeitung 23.9.1912,прилог на извештајот бр. 275, Виена, 14216.

132 Brockhaus, 20 nanaHHe, Leipzig-Mannheim 1996, Bd. 2, на тема "Балкански Сојуз", стр.535.

133 Brockhaus, исто, Bd. 2, на тема "Балкански војни", стр.536.

134 Th.Schieder: Europдisches Staatensystem und Gleichgewicht....исто,стр.31.

2. Балканските држави

Србија

135 Што се однесува на состојбата во јужниот дел од Грција, линијата на повлекување на
Османлиите може да се замисли, речиси, како правилен концентричен круг и со постојан
намалувачки радиус а со центар во Константинопол, кој бил исто толку оддалечен од
западниот брег на Грција колку од северната граница на Србија.

136 K.Kaser: Raum und Besiedlung. Вц: Hatschikjan/Troebst (ronaBa™): Sьdosteuropa-Handbiieh. исто,
стр P-56 f.

137 K.Kaser: ..., исто, стр.60.

138 E.Hцsch: Kulturen und Staatsbildungen. Вц: Hatschikjan/Troebst (издавач): Sьdosteuropa-Handbuch.
исто,стр.43.

139 E.Hцsch: ..., исто,стр.44 f.

140 Brockhaus, исто, Bd. 14, на тема "Македонија", стр.79.

141 V.Meier: Wie Jugoslawien ..., исто,стр.50, . .

142 E.Hцsch: Kulturen und Staatsbildungen. Вц: Hatschikjan/Troebst (H3flaBa«ni): Sьdosteuropa-Handbuch.
исто,стр.40.

143 E.Hцsch: ...,исто,стр.52.

144 Klaus Steinke: Sprachen. Во: Hatschikjan/Troebst (издавач): Sьdosteuropa..... исто,стр.405.

145 Поради вековната изолација на југоисточна Европа духовните епохи како реформација1'а и
просветителството целосно ги одминаа народите под турско ропство.

146 Авторот се води според нумерирањето во Im.Geiss: Der Berliner .... Pro. u. Mal;, исто,стр.3.

147 Georg Stadtmьller: Geschichte Sьdosteuropas, Mьnchen 1950,стр.342.

148 Mark Mazower: Der Balkan. Kleine Weltgeschichte. Berlin 2002 Aug. Heinrich Kober: Europдische
Fьrstenhцfe - damals. (Bd. 3) Zwischen Donau und Bosporus. Frankfurt/M. нема год. (Веројатно 1937
год.; од оваа година потекнуваат и двата тома од истава серија на На Paul Sethe).

149 G.Stadtmьller: Geschichte ..., исто,стр.359.

150 Im.Geiss: Der Berliner .... Pro. u. Mat., исто,стр.5.

151 Im.Geiss: Der Berliner .... Pro. u. Mat., исто,стр.6.

152 Im.Geiss: Der Berliner .... Pro. u. Mat., исто,стр.7.

153 Im.Geiss: Der Berliner .... Pro. u. Mat., исто,стр.XV.

154 Извештај 55 Белград 18.10.1880 год., 14400.

155 Alfred Cattani: Die Geschichte eines Hasses. NZZ-folio, септември 1992 година.

156 Извештај 55 Белград 18.10.1880 год., 14400.

157 A.Hillgruber: Bismarcks AuЯenpolitik. Freiburg 1972, стр.177.

158 Извештај 100 Букурешт 14.10.1886, год. 14401.

159 Извештај 84 Белград 16.10.1886 год., 14401.

160 Извештај 98 Белград 29.11.1886 год., 14401.

161 Извештај 84 Белград 16.10.1886 год., 14401.

162 Извештај 40 Софија 25.3.1891 год., 14401. (Желбата на Србите за "реванш на Сливница" со
години ги отежнуваше билатералните односи помеѓу Србија и Бугарија, иако српските
аспирации кон Источна Румелија не беа ниту историски, ниту правно, ниту пак етнички
издржани. Ваквите лозинки изгледа беа популарни во тоа време, на пример, 20 години
претходно легендарниот австриски повик за "одмазда на Садова" ((Kцniggratz) или 15 години
претходно, "реванш" за кражбата на "францускиот" Елзас.)

163 Извештај 40 Софија 25.3.1991 год., 14401.

164 T.Szobries: Sprachliche Aspekte des nation-building in Mazedonien.,.., исто, стр.52 f.
165 T.Szobries: Sprachliche ..., исто, стр.52.
166 Aug. Heinrich Kober: Europdische Fьrstenhцfe ..., исто,стр.19 f.
167 Извештај 170 Белград 17.10.1897 год., 14402.
168 Johannes Lepsius, Albrecht Mendelson Bartholdy, Friedrich Thimme (издавачи): Die GroЯe Politik der:
Europdischen Kabinette 1871-1914. Berlin 1924, Bd. 12/1, СТр.549 (Извештај 73 Софија 26.7.1899
год.).

169 Ова беше вообичаениот назив (не само за трговците, туку и за дипломатите), и во тоа време
се уште не беше со негативна конотација и не се сметаше за навредлив.

170 Извештај 197 Белград 28.10.1903 год., 14402.

171 M.Edilh Durham: Die Slawische Gefahr. 20 Jahre Balkan-Erinnerungen. Stuttgart 1922, стр.122.

172 M.Edith Durham: Die Slawische Gefahr...., исто,стр.117.

173 Brockhaus, 14 издание 1908, на тема "Прашањето на Ориентот".

174 A.H. Kober: Europdische Pьrstenhцfe .... исто, стр.48 ff. (Maria Fagyas: Der Tanz der Mцrder.
Reinbek/HH 1976, rororo 4011, ја опишува Драга Машин како поранешна дадилка на
Александер, која подоцна стана негова љубовница, и од која тој никогаш повеќе не се
одделил.)

175 Gotthold Rhode: Der Berliner KongreЯ und Sьdosteuropa. Вц: Karl 0. Frhr. v. Areьn (издавач):
Bismarcks AuЯenpolitik ..., исто, стр.122.
176 Извештај 416 Ден Хаг 13.6.1917 год., 7492.
177 Извештај 124 Белград 27.9.1904 год., 14402.

178 Со "се што згрешиле" пратеникот сигурно мислел на убиството на царот Александар
Обреновиќ претходната год. (1903), со што Петар Караѓорѓе дојде на власт, но тоа беше
огромна црна дамка на угледот кој го имаше кај европските династии, - иако ова убиство
беше "само" едно од многуте помеѓу двете фамилии. Човек може ова да го смета и за
проклетство за страшниот грев, т.е. тоа што Милош Обреновиќ во 1815 год. го уби својот
пастир, Горѓе Караѓорѓевиќ.

179 F.Adanir: Die mazedonische Frage ..., исто, стр.57, фуснота 289.

180 Brockhaus,20. издание 1998, Bd 14, на тема "Македонци", стр.83.

181 M.Weithmann: Makedonien ... Вц: AuЯenpolitik ...,исто, стр.265.

182 G.Stadtmьller: Geschichte Sьdosteuropas. Mьnchen 1950, стр.376.

183 Извештај 92 Белград 25.7.1904 год., 14402.

184 J. de Jong: Der nationale Kern ..., НСТО, СТр.10 (Karl Hron: Das Volktum der Slawen Makedoniens 1890.
Skopje 1966 (преведено на македонски), стр.58.

185 Извештај 34 Букурешт (!) 7.2.1906 год., 14403.

186 Употребата на формата за еднина за означување множина во Третиот Рајх, генерацијата на
авторот ја смета за јазична неправилност со цел омаловажување. Претходно тоа очигледно
било пракса и во другите јазици, на пр. thc Turc (за Турците), l'Allemand (за Германците).

187 Извештај 3 Белград 4.1.1907 год., 14403.

188 Bernhard von Bьlow: Denkwьrdigkeiten. Berlin 1930, 2. Bd, стр.ЗЗО.

189 Извештај 193 Белград 30.12.1908 год., 14403.

190 Извештај 191 Виена 30.5.1909 год., 14403.

191 Додаток на извештајот 226 Белград 9.11.1909 год,, 14403.

192 Извештај 226 Белград 9.11.1909 год., 14403.

193 Извештај 354 Константинопол 27.11.1909 год., 14403.

194 Извештај 379 Виена 30.11.1909 год., 14403.

195 Извештај 237 Белград 6.12.1909 год,, 14403.

196 Извештај 5 Белград 17.1.1910 год., 14404.

197 "The Times" (A 11234) од 4.6.1913год., 14405.

198 Извештај 72 Константинопол 6.3.1910 год., 14404.

199 Извештај 38 Белград 27.3.1910 год., 14404.

200 Извештај 105 Санкт Петербург 24.3.1910 год., 14404.

201 Извештај 106 Санкт Петербург 25.3.1910 год., 14404.
Бугарија

202 G.Stadtmьller: Geschichte ..., исто, стр.76.

203 E.Hцsch: Kulturen und Staatsbildungen. Bo: Hatschikjan/Troebst..., исто, стр.38.

204 K.Kaser: Raum und Besiedlung. Bo: Hatschikjan/Troebst.,.,исто, стр.56,

205 E.Hцsch: Kulturen ..., исто, стр.36.

206 G.Stadtmьller: Geschichte ..., исто, стр.121,

207 G.Stadtmьller: Geschichte..., исто, стр.123.

208 E.Hцsch: Kulturen ... Вц: Hatschikjan ..., исто, стр.38.

209 M.Weithmann: Die slavische Bevцlkerung auf der griechischen Halbinsel .... исто, стр.166.

210 За потсетување: Во 925 год. Хрватот Томислав, откако се ослободи од Франките, го создаде
првото словенско католичко кралство на Балканот.

211 При опишувањето на една претходна опсада на Константинопол во 626 год., Бугарите се
уште немаа своја држава и следствено на тоа не можеа да бидат асимилирани, тие се наведени
посебно, покрај другите опсаднувачи - Аварите, Словените и Гепидите.

212 E.Hцsch: Kulturen ..., исто, стр.36.

213 Brockhaus, 20. издание, Leipzig-Mannheim 1998, Bd 18, на тема "Русија", стр 677 f.

214 G.Stadtmьller: Geschichte ..., исто, стр.126.

215 E.Hцsch: Kulturen ... Вц: Hatschikjan ..., исто, стр.44.

216 Brockhaus, 20. издание 1997, ВД. 4,на тема"Бугарија",стр,118,

217 G.Stadtmьller: Geschichte ...,исто, стр.373. ^

218 G.Stadtmьller: Geschichte ..., исто, стр.360.

219 G.Stadtmьller: Geschichte ..., исто, стр.361.

220 Bqjic/Oschlies: Lehrbuch ..., исто, стр.11, точка 7.

221 Bojic/Oschlies: Lehrbuch .... исто, стр.11, точка 8.

222 J. de Jong: Der nationale Kern ..., исто, стр.9.

223 Stefan Troebst: Die makedonische Antwort... Вц: Sьdosteuropa 41,1992, стр.431.

224 G.Stadtmьller: Geschichte ..., исто, стр.362.

225 G.Stadtmьller: Geschichte ..., исто, стр.374.

226 K.Steinke: Sprachen. Вц: Hatschikjan ..., исто, стр.406.

227 M.Edith Durham: Die Slawische Gefahr...., исто, стр.116.

228 Bojic/Oschlies: Lehrbuch ..., исто, стр.11, точка 9. Со тоа, на патријархот во Константинопол и
митрополитите на сестринските цркви во Антиохија, Александрија, Ерусалим и Кипар, се
додаде и егзархот на Бугарија.

229 Lepsius...: GroЯe Politik .... исто, Bd. 12Л, стр.148 (извештај бр. 249 Константинопол 28.4.1897
год.).

230 Извештај од Атина одјануари 1877 год., Р 7328 (бројот и датумот на овој извештај за жал не
се познати).

231 George F. Kennan: Bismarcks europdishes System in der Auflцsung. Die ftanzцsich-russiche Anndherung
1875-1890, FFM 1981, стр.79.

232 K.O. Frhr. v. Aretin: Bismarcks AuЯenpolitik ..., исто, стр.87.
233 Im.Geiss: Der Berliner .... Pro. u. Mat., исто, стр.XVI.
234 Im.Geiss: Der Berliner .... Pro. u. Mat., исто, стр.XXIV.
235 Im.Geiss: Der Berliner .... Pro. u. Mat, исто, стр.373.
236 Th.Shieder: Europdisches Staatensystem und Gleichgewicht.... исто, стр.23.
237 Извештај 578 Виена 11,12,1880 год., 14400.
238 G.F. Kenna: Bismarcks europdishes System ..., исто, стр. 151 и 157 (и 159 и 161).
239 T.Szobries: Sprachliche Aspekte .... НСТО, стр.52, (русНОТа 146а.
240 "The Times" од 4.6.1913, А 11234,14405.

241 Paul Sethe: Europdische Fьrstenhцfe - damals: Berlin/Wien. Frankfurt/M. 1937, стр.20.

242 F.Adanir: Die makedonische Frage ..., исто, стр.105, фуснота 42.

243 Извештај 57 Букурешт 19.6.1886 год., 14400.

244 Извештај 73 Софија 11.7.1886 год., 14400.

245 Препорака бр. 472 на амбасадата во Санкт Петербург од 21.7.1886 год;, 14400

246 Указ на амбасадата во Виена бр. 373 од 5.7.1886 год., 14400.

247 P.Sethe: Europdische ..., исто, стр.21 H 22.

248 P.Sethe: Europdische .... исто, стр.42.

249 P.Sethe: Europdische .... исто, стр.22.

250 Додаток на извештајот 170 од Белград од 14.110.1897 год., 14402.

251 "Мьnchener Neusten Nachrichten" од 6.4.1897 гоа., А 4567,14402.

252 Извештај 148 Белград 26.8.1898 год., 14403.

253 Со жалење се констатира дека инаку високо ценетиот Херцфелд во неговото веќе
неколкупати цитирано историско дело "Die moderne Welt 1789-1945" Teil II, Braunschweig 1960,
стр. 28, "I" од IMRO го преведува со "интернационална", тоа "М" (за македонска) воопшто и не
го преведува и на крајот оваа македонска ослободителна организација уште и ја дефинира
како бугарска.

254 Heinr. Мьller: Die Slavomazedonier in Griechenland. Gesellschaft fьr bedrohte Vцlker, 1992, стр.2.

255 V.Meier: Wie Jugoslaweien ..., исто, стр.325.

256 J. de Jong: Der nationale Kem .... исто, стр. l.

257 E.Durham: Die slawische Gefahr ...,исто, стр.114

258 Brockhaus, 20. Aufl. 1997, Bd. 10 Stichw. IMRO, стр.442.

259 J. de Jong: Der nationale Kem .... исто, стр.7.

260 J. de Jong: Der nationale Kem ..., исто, стр.290.

261 J. de Jong, исто, стр.284.

262 Jutta de Jong: Die makedonische Nationswerdung ... In: K. - D. Grothusen (Hg.): Jugoslawien.
Integrationsprobleme in Geschichte und Gegenwart. Gцttingen 1984, стр.167.

263 J. de Jong: Der nationale Kern ..., исто, стр.285.

264 Исто (Millet е "национална" група организирана според религиозната припадност и е основа
на турскиот правен систем).

265 The Times од 5.6.1913 год., А 11234,14405.

266 Извештај 138 Софија 26.11.1908 год., 14403.

267 Извештај 1449 Софија 14.12.1908 год., 14403.

268 Извештај 45 Софија 3.2.1909 год., 14403.

269 Извештај 96 Белград 27.4.1909 год., 14403.

270 Извештај 178 Софија 2.12.1909 год., 14403.

271 Извештај 29 Belgrad 9.3.1910 год.. In: J. Lepsius et. al.: GroЯe Politik der europdischen Mдchte. Bd. 27:
Zwischen den Balkankrisen 1909 -1911, Berlin 1925, стр..128 f.

272 Исто: фуснота.

273 Извештај 237 Белград 6.12.1909 год., 14403.

274 Chr.Voss: Der albanisch-makedonische Konflikt..., исто, стр.273, фуснота. 175 а.

275
Ова е верзијата, која важеше за училишните денови на авторот; тој е свесен дека

оригиналниот текст кај Шилер започнува поинаку: "Es kann der Frцmrnste nicht in Frieden bleiben,
wenn ..." ("Најпобожниот не може да остане мирен кога ...").

Грција

276 K.Kaser: Raum und Besiedlung. In: Hatschikjan/rroebst (Hg.): Sьdosteuropa-Handbuch,... исто, стр.60.

277 Stefan Weidner: Bruder, wo bist du? In: FAZ vom 14.06.2002 год..

278 K.Steinke: Sprachen. In. Hatschikjan ... исто, стр.401.

279 Georg Stadtmьller: Geschichte Sьdosteuropas ..., исто, стр.70,74 и. 90.

280 Stadtmьller: Geschichte ... исто, стр.88.

281 Hans-Wilhelm Haussig: Kulturgeschichte von Byzanz. Stuttgart 1959, стр. 182.

282 M.Weithmann: Die slavische Bevцlkerung der griechischen Halbinsel ... исто, стр.133 и стр. 132.

283 M.Weithmann: Die slavische Bevцlkerung ..., исто, стр.167.

284 Haussig: Kulturgeschichte .... исто, стр. 184.

285 M.Weithmann: Makedonien - Land zwischen ..., исто, стр. 274 f.

286 M.Weithmann: Makedonien - Land zwischen .... исто, стр.268.

287 H3BemTaj 11 ATHHa 16.1.1904 rofl., 7483.

288 E.Hцsch: Kulturen u. Staatsbildungen. In: Hatschikjan ... исто, стр.37.

289 K.Steinke: Sprachen. In: Hatschikjan ... исто, стр. 400 f.

290 Lorenz Jдger: Wie Japhet nach Europa kam. Epochenschwelle zwischen 1500 und 1800. FAZ vom
12.12,2001 год.,стр. N 5.

291 F.R. Adrados: Geschichte der griechischen Sprache ..., исто, стр.286. CnopeuH H C. Hopf:
Sprachnationalismus in Serbien und Griechenland,... исто, стр.137.

292 Stadtmьller: Geschichte... исто, стр.275.

293 Reiner Hermann: Im Zeichen des Doppeladlers. In: FAZ vom 9.8.2000 год..

294 C.Hopf: Sprachnationalismus ..., исто, стр. 155.

295 C.Hopf: исто, стр. 142.

296 C.Hopf: исто, според Th.Schieder,стр.142, фуснота 344.

297 Stadtmьller: Geschichte ... исто, стр.360.

298 Th.Schieder: Nationalismus und Nationalstaat. Gцttingen 1991, стр.93, цитирано од C. Hopf:
Sprachnationalismus .... стр.159, фуснота389.

299 E.Hцsch: Kulturen ... In: Hatschikjan .... исто, стр.51.

300 Извештај 161 Константинопол 28.10.1868 год., 12377.

301 Извештај 39 Атина 8.5.1877 год., 7328.

302 Извештај 17 Константинопол 25.2.1870 год., 12136.

303 Извештај 35 Атина 22.7.1876 год., 7326.

304 Извештај 1 Атина 12.1.1877 год., 7328.

305 Додаток од 5.11.1876 год. од Солун кон извештајот 247 Константинопол 20.11.1876 год., 7327.

306 Извештај (А 5904) Крф 16.10.1876 год, 7327.

307 Извештај 5 Атина 22.1.1877 год., 7328.

308 Извештај 16 Атина 2.3.1877 год., 7328.

309 Извештај 30 Атина 22.4.1877 год., 7328.

310 Извештај 16 Атина 2.3.1877 год., 7328.

311 Белешка (бр. 672 ?) Берлин 13.8.1876 год., 7326. .

312 Белешка (бр. 672 ?) Берлин 13.8.1876 год., 7326.

313 Само како потсетување: Вилхелм II во вториот брак беше оженет со вдовицата принцезата
Хермина (Hermine), родена Pojc. (Патем: принцот Pojc. доколку воопшто го ставеше името,
своите извештаи ги потпишуваше со римска седумка без точка.)

314 Извештај 186 Константинопол 28.6.1877 год., 7329.

315 Извештај 66 Атина 20.7.1877 год., 7329.

316 Оваа стратегија требаше да прерасне во пријатна навика: да се потсетиме на летото 1917 год.,
кога Грција им објави војна на некои земји, кои таа очигледно имала намера да ги покори, и
тоа на Османлиското Царство, Хабзбуршкото Царство, Германското Царство и на Бугарија.
И повторно се исплатеше: како победничка сила во Првата светска војна во Париските
Версајски договори Грција си ја осигура анексијата на Македонија од 1913 год. и си ги
загарнтира за себе неколкуте острови!

317 Im.Geiss: Berliner Kgs., Prot. U. Mat.,исто, стр.304.

318 Im.Geiss: Berliner Kgs., Prot. U. Mat., исто, стр.306.

319 Извештај 106 Лондон 26.7.1876 год., 7326.

320 Im.Geiss: Berliner Kgs., Prot. U. Mat.,исто, стр.12 и стр.304 (H Brockhaus, 14. Aufl. 1908, под поимот:
"Orientfrage").

321 Im.Geiss: Berliner Kgs., Prot. U. Mat., исто, стр.261.

322 P.Sethe: Europdische Fьrstenhцfe - damals. 2.Bd.: Der russische Zarenhof, исто, стр.ll.

323 Извештај 187 Санкт Петербург 9.8.1876 год., 7326.

324 Извештај 257 Виена 23.10.1876 год., 7327.

325 Извештај 25 Атина 13.4.1877 год., 7328.

326 Извештај 19 Атина 22.4.1880 год., 7337.

327 Извештај 314 Константинопол 10.9.1880 год., 7337.

328 Извештај 142 Атина 26.9.1886 год., 7422.

329 Извештај 55 Атина 4.6.1887 год., 7472.

330 Извештај 407 Виена 5.10.1887 год., 7473.

331 Извештај 61 Атина 19.7.1888 год., 7473 како и извештај 355 и извештај 357 Виена 30.7.1888 год.,
7473.

332 Белешка бр. 26 од 28.8.1888 год., 7473.

333 Извештај 24 Атина 5.4.1888 год., 7473.

334 Белешка (ф. Кидерлен), А 11087 од 9.9.1888 год., 7473.

335 Извадок од весник А 11075 од 7.9.1888 год., 7473.

336 Извештај 106 Лондон 26.7.1876 год., 7326.

337 Писмена забелешка на царскиот канцелар за една наредба до Германското министерство за
надворешни работи бр. А 11241 од 10.9.1888 год., 7473.

338 Политичка кореспонденција бр. 3938 од 15.9.1888 год., (А ... 482?),7473.

339 Извештај 84 Атина 5.9.1888 год., 7473.

340 Извештај 92 Атина 10.10.1888 год., 7473.

341 Извештај 71 Копенхаген 23.10.1888 год., 7473.

342 P.Sethe: Europdische Fьrstenhцfe - damals. 2.Bd.: Der russische ..., исто, стр. 11/12 и стр. 15ff.

343 Извештај 71 Копенхаген 23.10.1888 год., 7473.

344 Извештај 95 Атина 12.10.1888 год., 7473.

345 Извештај 95 Атина 12.10.1888 год., 7473.

346 K.Kaser: Raum u. Besiedlung. In: Hatschikjan/Troebst: SO-Europa..... исто, стр.50.

347 Извештај (А 13378) Дрезден 2.11.1887 год., 7473.

348 Извештај 95 Атина 12.10.1888 год., 7473.

349 Извештај 113 Атина 18.11.1888 год., 7474.

350 Извештај 77 Атина 30.7.1889 год., 7474.

351 Извештај 92 Атина 13.9.1889 год., 7474.

352 Извештај 120 Атина 27.11.1889 год., 7475.

353 Извештај 111 Атина 20.10.1889 гдоина, 7475.

354 Извештај 54 Атина 16.6.1889 год., 7474.

355 Извештај(А 12923) Атина 16.7.1889 год., 7474. .

356 Додаток кон извештајот од Атина од 6.7.1889 год., 7474.

357 Извештај 121 Атина 30.11.1889 год., 7475.

358 Извештај 15 Пирej 3.2.1890 год., 7475.

359 Извештај 121 Атина 30.11.1889 год., 7475.

360 Извештај 119 Атина 22.11.1889 год., 7475.

361 Извештај 220 Санкт Петербург 21.9.1888 год., 7473 д-телеграм 16 Атина 10.11.1888 год., 7474.

362 "Kцlnische Zeitung"од 13.4.1891 год., 7496.

363 Телеграма 6 Атина 16.4.1891 год., 7496.

364 Joh. Lepsius u.a. (Hg.): Die GroЯe Politik ...,Bd. 12/1. (Извештај % Софија 25.10.1899 год.),
стр.552/3, фуснота.

365 Извештај 16 Атина 9.1.1891 год., 7496.

366 Извештај 84 Атина 1.6.1898 год., 7480. .

367 Извештај 75 Атина 17.10.1899 год., 7481.

368 Извештај 39 Атина 28.5.1909 год., 7485.

369 Извештај 26 Атина 2.4.1909 год., 7485. .

370 Извештај 55 Атина 6.5.1883 год., 14400.

371 Извештај 92 Константинопол 31.5.1883 год., 14400. .

372 "Joh. Lepsius u.a. (Hg.): Die GroЯe Politik ...,Bd. 12/1. од 23.5.1883 год., 14400.

373 Извештај или бр. (А 3003) Атина (Крф) 27.6.1883 год., 14400.

374 Споредиа "Ие PosГод 22.1.1901 год.одВиена(А 1181), 14402.

375 Извештај или бр (АЗООЗ) Атина (Крф) 27.6.1883 год., 14400.

376 Извештај 159 Виена 30.6.1883 год., 14400. :

377 "Kцlnische Zeitung", бр. 143 on 23.5.1883 ron., 14400.

378 H.Hcrzfeld: Die moderne Welt. Исто, стр.73.

379 St.Trocbsl: Die makedonische Antwort auf die Makedonische frage...исто,стр.15.

380 Решение бр. 245 од 7.7.1883 год., 14400.

381 Извештај 71 Атина 14.7.1883 год,, 14400.

382 Извештај 112 Константинопол 27.7.1883 год., 14400.

383 V.Meier: Wie Jugoslawien ...,исто,стр.124.

384 Решение бр. 79 од 30.1.1886 год., 14400.

385 Извештај 147 Атина 3.10.1886 год., 14401.

386 Извештај 301 Виена 10.10.1890 год., 7475.

387 Извештај 288 Виена 5.11.1891 год., 7476.

388 Извештај 178 Атина 18.12.1886 год., 7472.

389 Извештај 92 Атина 10.10.1888 год., 7473.

390 Извештај 105 Букурешт 8.11.1887 год., 14401.

391 M. Weithmann: Makedonien - "Land zwischen vier Feuern", исто, стр.263.

392 Christian Voss: Die slawische Minderheit. Liberalisierung in Дgдis-Makedonien und Politik der kleinen Sehr
In: Pogrom. Gesellschaft fьr bedrohte Vцlker. Minderheiten in Griechenland- Heft 209,2/2001, стр.18 f.

393 Извештај 107 Софија 27.6.1891 год., 14401.

394 Извештај 96 Константинопол 14.7.1891 год., 14402.

395 Извештај 387 Лондон 29.6.1891 год., 14401.

396 Извештај 38 Белград 21.6.1891 год., 14402.

397 Потврда за неговото патување во Франција (Aix-les-Bains) во извештајот 46 Атина 5.6.1890
год., 7475.

398 Извештај 84 Атина 24.П..1891 год., 7476.

399 Извештај 70 Атина 29.10.1893 год., 7477.

400 Извештај 87 Атина 1.12.1891 год., 7476.

401 Извештај 215 Париз 26.10.1895 год., 7478.

402 Извештај 40 Белград 8.3.1897 год., 7479.

403 Извештај 58 Виена 29.3.1897 год., 7479.

404 Извештај 103 Атина 14.11.1895 год., 7478.

405 Извештај 84 Атина 24.11.1891 год., 7476.

406 Извештај 45 Санкт Петербург 30.1.1896 год., 7478.

407 Извештај 282 Санкт Петербург 10.5.1900 год., 7481.

408 Извештај 325 Атина 24.11.1897 год., 7480.

409 Извештај 421 Санкт Петербург 21.11.1897 год., 7480 и извештај 10 Копенхаген 28.1.1898 год., 7480.

410 Извештај 282 Санкт Петербург 10.5.1900 год., 7481 и.извештај 16 Атина 22.5.1900 год., 7481.

411 Извештај 102 Копенхаген 16.9.1896 год., 7479.

412 Извештај 17 Атина 24.3.1896 год., 7478.

413 Извештај 66 Атина 24.10.1911 год., 7487.

414 Извештај 31 Копенхаген 14.3.1897 год., 7479.

415 Извештај 911 Лондон 7.9.1909 год., 7485.

416 Извештај 120 Атина 20.11.1909 год., 7486.

417 Извештај 40 Копенхаген 20.3.1897 год., 7479.

418 Извештај 20 Атина 16.2.1910 год., 7486.

419 Извештај 126 Атина 15.4.1897 год., 7479.

420 Извештај 65 Атина 19.8.1890 год., 7475.

421 Извештај 20 Атина 22.2.1887 тод., 7472.

422 Извештај 25 Атина 10.3.1887 год., 7472.

423 Извештај 54 Атина 16.6.1889 год., 7474.

424 Извештај (А 12923) Атина 16.7.1889 год., 7474.

425 Извештај 57 Атина 8.6.1891 год., 7475.

426 Извештај 38 Атина 10.4.10 год., 7487.

427 Извештај 79 Атина 19.8.1896 год., 7479.

428 Извештај 362 Виена 18.11.1903 год., 7483.

429 Извештај 94 Копенхаген 2.9.1896 год., 7479.

430 Извештај 21 Копенхаген 18.2.1897 год., 7479.

431 Извештај 15 Токио 19.2.1891 год., 7475.

432 Извештај 66 Атина 12.7.1891 год., 7475.

433 Извештај 51 Атина 17.5.1891 год., 7475.

434 Извештај 74 Атина 16.8.1891 год., 7475.

435 Извештај 44 Токио 10.6.1891 год., 7475.

436 Извештај 82 Атина 16.11.1891 год., 7476.

437 Од основањето на царството како остаток на одредена самостојност се уште имаше утврдени
со договор, "државни" односи на некои земји (и еден независен град) кон царската влада, така
што во списите повремено се појавуваат и извештаи од следниве застапништва: Дармштат,
Дрезден, трговскиот град Хамбург, Карлсруе, Минхен, Штутгарт, Вајмар и Олденбург.

438 Извештај 16 Минхен 20.2.1897 год., 7479.

439 Извештај Атина 27.1.1898 год., 7480.

440 Телеграма 114 Атина 29.4.1897 год., 7479.

441 Телеграма 80 Атина 30.5.1897 год., 7479.

442 Извештај 38 Атина 27.9.1898 год., 7480.

443 Извештај 190 Атина 24.5.1897 год., 7479.

444 Телеграма 26 Атина 26.2.1898 год., 7480.

445 Извештај 39 Атина 27.2.1898 год., 7480.

446 F.Adanir: Die makedonische Frage.... исто, СТр. 123, фуснота 168 (од: W. L. Langer: The Diplomacy of
Imperialism. New York 1951, S.377).

447 Brockhaus,, 14. АиЛ. 1908, под поимот Kreta.

448 Извештај 33 Копенхаген 3.5.1898 год., 7480.

449 Извештај 86 Атина 9.8.1895 год., 7478.

450 Извештај 117 Санкт Петербург 17.5.1898 год., 7480.

451 Извештај 36 (63 ?)(А 5849) Копенхаген 11.5.1898 год,, 7480.

452 Извештај 280 Санкт Петербург 3.7.1898 год., 7480.

453 Извештај 279 Рим 5.12.1900 год., 7480.

454 Писмо на пратеникот ф. Вангенхајм од 8.9.1910 год. (А 15342) од Високиот двор до Царскиот
канцелар,7487.

455 Извештај 67 Атина 17.9.1899 год., 7481.

456 Извештај 68 Атина 23.9.1899 год., 7481.

457 Приватно писмо (А 14569) Баден-Баден од 12.10.1900 год., 7481.

458 Joh. Lepsius u.a. (Hg.): Die GroЯe Politik der Europdischen Kabinette 1871-1914. Berlin 1924,12. Bd., l.
Hдlfte, стр. 141 (решение бр. 76 од 4.3.1897 год. до амбасадорот кнез ф. Радолин, Санкт
Петербург). '

459 Извештај 246 Атина 2.8.1897 год., 14402.

460 M.Edith Durham: Die slawische ..., исто, стр. 115 (Со тоа Дурхам го искажа она што речиси во
исто време го напиша и органот на српските радикали, ОДЈЕК: "Колку што историјата знае
за нив (словенската група народи), овие никогаш не одржувале пријателски однос ниту пак
склучиле меѓусебен сојуз, но, затоа често војувале и се покорувале едни со други. Кога имало
владетели, кои помислувале да ги обединат сите балкански држави, тогаш тоа било
единствено во смисла на освојување и потчинување." Од: извештај 49 Белград 9.6.1911 год.,
14404.

461 Додаток кон извештајот 170 Белград 14.10.1897 год., 14402.

462 Извештај 148 Копенхаген 23.8.1903 год., 7482.

463 Извештај 55 Копенхаген 21.8.1903 год., 7482.

464 Извештај 8 Атина 26.1.1903 год., 7482 и извештај 18 Атина 6.3.1903 год., 7482 (Принцезата
Алис беше ќерка на великиот херцог Лудвиг фон Батенберг (Ludwig von Battenberg) и на
принцезата Викторија од Хесен и на Рајна).

465 Извештај 54 Атина 30.10.1901 год., 7482.

466 Извештај 55 Копенхаген 21.8.1903 год., 7482.

467 Извештај 201 Атина 25.9.1903 год., 7483.

468 Извештај 362 Виена 18.11.1903 год,, 7483.
469 Извештај 4 Атина 8.1.1904год.,7483.

470 Извештај 70 Атина 28.9.1906 год., 7484.

471 Приватната службена преписка на пратеникот од Атина до Унгарскиот државен секретар во
министерството за надворешни работи (А 16215) од 27.9.1909 год., 7485.

472 Извештај 18 Атина 6.3.1903 год., 7482.

473 Извештај (А 18188) Атина 10.10.1905 год., 7484.

474 Извештај 36 Атина 14.11.1900 год., 7481.

475 Извештај 97 Атина 28.6.1903 год., 7482.

476 Телеграма 43 Крф 11.4.1905 год, 7483.

477 Извештај 22 Атина 23.2.1891 год., 7475.

478 Извештај 887 Лондон 25.7.1905 год., 7483.

479 Извештај 155 Константинопол 31.8.1905 год., 7484 и извештај 175 Константинопол 1.9.1905
год.,7484.

480 Извештај 175 Константинопол 1.9.1905 год., 7484.

481 Извештај 162 Атина 29.9.1905 год., 7484.

482 Додаток кон извештајот 172 Атина 5.11.1905 год., 7484.

483 Извештај 401 Виена 9.12.1905 год., 7484.

484 Извештај 100 Виена 9.12.1906 год., 7484.

485 Извештај 841 Париз 8.11.1906 год., 7484.

486 Извештај 255 Рим 10.11.1906 год., 7484.'

487 Извештај 266 Рим 25.11.1906 год, 7484.

488 Извештај 268 Рим 28.11.1906 год., 7484.

489 "Тдgliche Rundschau" (А 19949) од 30.11.1906 год., 7484.

490 Телеграма 22 Атина 23.4.1907 год., 7484.

491 Извештај 35 Атина 8.6.1906 год., 7484.

492 "Neue Freie Presse" (А 9260) од 11.6.1907 год., 7484.

493 Извештај 35 Атана 15.6.1907 год., 7484.

494 Извештај 35 Атина 15.6.1907 год., 7484.

495 Извештај 27 Атина 11.5.1907 год., 7484.

496 Извештај 35 Атина 15.6.1907 год., 7484.

497 Извештај 83 Атина 10.9.1907 год., 7484.

498 Извештај 104 Атина 18.11.1907 год., 7485.

499 Извештај 90 Атина 9.12.1908 год., 7486.

500 Извештај 124 Атина 30.3.1915 год., 7487.

501 Телеграма 375 Атина 18.6.1916 год., 7491 и телеграма 1581 Копенхаген 13.11.1916 год., 7491.

502 Телграма 552 Мадрид 13.12.1916 год., 7492.

503 Извештај 2963 Берн 29.12.1916 год., 7492. .

504 Извештај 259 Букурешт 21.8.1913 год., 7489. •

505 Извештај 3943 28.12.1917 год., 7491. ,

506 Извештај 185 Копенхаген 31.7.1918 год., 7495.

507 Robert K. Massie: Die Schalen des Zorns. GroЯbritanien, Deutschland und das Heraufziehen des Ersten
Weltkriegs. 2. Auflg. Frankfurt/M. 1993, стр.498.

508 P.Sethe: Europдische ... (Zarenhof), исто, стр.47.

509 Извештај 36 Атина 20.6.1908 год., 7485.

510 "Berliner Lokalanzeiger" од 17 и 18.11.1908 год., 7485.

511 Извештај 462 Санкт Петербург 12.10.1908 год., 7485.

512 Извештај 54 Атина 14.8.1908 год., 7485.

513 Извештај 119 Атина 20.11.1909 год., 7486.

514 Писмо од Високиот двор до Царскиот канцелар рд8,9-191С(год., (А 15342), 7487.

515 Извештај 23 Атина 22.2.1910 год., 7486.

516 Извештај 37 Атина 25.5.1911 год., 7487.

517 Извештај (А 14304) Атина 22.8.2909 год,, 7485.

518 Извештај 1067 Лондон 30.10.1909 год., 7486.

519 "Berliner Lokalanzeiger" (А 17815) од 30.10.1909 год., 7485.

520 Извештај 5 Атина 21.1.1909 год., 14403.

521 Извештај 129 Атина 11.12.1909 год., 14403.

522 "The Times" од 5.6.1913 год., А 11285,14405.

523 J. Lepsius u.a.: Die GroЯe Politik..., исто, 12. Bd. стр.138 (Белешка или бр. од 21.1.1897 год.).

524 Извештај 32 Атина 8.5.1911 год., 14404.

525 Извештај 180 Копенхаген 5.10.1911 год., 7487.

Романија

526 Stadtniьller...,исто,стр.393.

527 Im.Geiss: Der Berliner Kgs. ..., Beilage/Parlament, исто, стр.366 ff.

528 Im.Geiss: Der Berliner Kgs. ...,Prot. U. Mat.,исто,стр. Збб ff.

529 Im.Geiss: Der Berliner Kgs. ..., Beilage/Parlament,исто, стр.14.

530 Извештај 101 Букурешт 18.12.1879 год., 14400.

531 Грците, па дури и самите Романци Ароманите ги нарекуваат Куцо-Власи, Србите Цинцари,
Турците Чобани и Албанците Румери или Латинци. Од: Edgar Hqsch: Kulturen u. Staatsbildungen.
In: Hatschikjan/Troebst (Hg.): SO-Europa...., исто, стр.37.

532 Извештај 309 Санкт Петербург 5.9.1886 год., 14400.

533 Извештај 147 Атина 3.10.1886 год., 12201.

534 Извештај од 22.8.1887 год. од Букурешт, кој се содржи во решението (А 10408) од 27.8.1887
год., 14401.

535 Извештај 107 Букурешт 17.6.1888 год., 14401.

536 Извештај 182 Букурешт (Синаија) 6.10.1888 год., 14401.

537 Извештај 80 Виена 19.3.1891 год., 14401.

538 Извештај 63 Букурешт 13.5.1896 год., 14402.

539 Извештај 86 Букурешт 8.7.1896 год., 14402.

540 Brockhaus, 14. Aufl. Leipzig 1908, од поимот "Rumdnien", стр. 20.

541 "The Times" од 4.6.1913 год., А 11234,14405 (Times прекинот подоцна го објаснува на следниов
начин: од времето на востанието во Македонија 1903 год. грчките банди се обидуваат
тамошните Власи (Аромани) да ги преориентираат кон грчките. Од нивна страна пак Грците
во Македонија - и во Бугарија - беа прогонувани од Бугарите. Оваа констелација се покажа
исклучително штетна за грчките цели, а кога во 1905 год. на Крит избувнало едно друго
востание, на Грција итно и беше потребна помош од сојузниците.)

542 Извештај 55 Букурешт 5.4.1897 год., 14402.

543 "The Times" 4.6.1913 год., А 11234,14405.

544 Извештај 48 Букурешт 25.4.1904 год., 14402.

545 Gotth. Rhode: Der Berliner KongreЯ und Sьdosteuropa. In: K.O.Frhr. von Aretin: ... исто, стр. 123.

546 Извештај 34 Букурешт 7.2.1906 год., 14403.

547 Извештај 370 Виена 5.12.1908 год., 14403.

548 Извештај 78 Букурешт 22.12.1909 год., 14403.

549 Извештај 49 Букурешт 12.4.1911 год., 14404.

550 "The Times" 4.6.1913 год,, А 11234,14405.

551 Извештај 32 Атина 8.5.1911 год., 14404.

Албанија

552 E.Hцsch: Kulturen u. Staatsbildungen. In: Hatscriikjan/Troebst (Hg.): Sьdosteuropa-Handbuch;... исто
стр.51.

553 K.Kaser: Raum und Besiedlung. In: Hatschikjan/Troebst... исго, стр.55.

554 Stadtmьller: Geschichte ... исго, стр.203.

555 Stadtmьller: исто, стр.97.

556 Stadtmьller: исто, стр.202.

557 E.Hцsch: Kulturen ... In: Hatschikjan ... исто, стр.40.

558 F.Adanir: Die makedonische Frage... .исго, стр.22, фуснота 52.

559 K.Kaser: Raum und ..., исто, стр.69.

560 K.Kaser: ebenda, стр.64 (Во овој контекст би можело да се цитира една друга консеквенца на
општествените и правни прописи на Османлиското Велико Царство: "И повеќето Римјани
стигнале дојужна Европа под османлиска власт. Нивните предција напуштиле Индија
најверојатно меѓу IX и XI век и емигрирале кон Персија, Мала Азија и Сирија. Од Сирија ...
преку Египет и Северна Африка стигнале до Шпанија. од Мала Азија ... дошле во јужна
Европа." (Kaser, стр.67) Значи не во придружба на војската на Александар Велики, која се

врќала дома, под чиј сјај и тие со задоволство се сончаат; туку отприлика во формата: 'За
разлика од Словените, ние бевме на Балканот уште од порано!')

561 Турски специјални трупи (и службеници) составени од украдени христијански деца, кои со
сила преминале во исламот ("жетва на деца") и поранешни христијански воени заробеници.

562 F.Adanir: Die makedonische Frage. Ihre Entstehung und Entwicklung bis 1908. Wiesbaden 1979, стр.84,
фуснота469.

563 V.Meier: Wie Jugoslawien...,исто,стр.50.

564 Од: "Politische Correspondenz,, бр. 918, Виена, 10.8.1878 год., 12425.

565 Stefan Troebst: Politische Entwicklung in der Neuzeit. In: Hatschikjan/Troebst (Hg.): Sьdosteuropa-
Handbuch ..., исто, стр.95.

566 S1ac111пи11ег: OescMcH1e ..., исто, стр.276 ѓ.

567 "Шиптари" (не само за читателите на Карл Мај) е многу убаво. речиси мистично-егзотично
име од стара Европа, но, Албанците цврсто стојат на тоа дека само тие смеат себе си да си се
наречат Шиптари; додека, пак, кога Македонците го употребуваат ова име, тие тоа го
сметаат за навреда.

568 Извештај (или бр.) Рагуза 6.8.1865 год., (предаден од амбасадата во Виена на 13.8.1865 год.),
12136.

569 Извештај (или бр.) Рагуза 17.5.1865 год., 12136.

570 Извештај (или бр.) Виена 5.8.1868 год., 12136.

571 Извештај 57 Рагуза 5.8.1868 год., 12136.

572 Brockhaus. 14. Aufl. 1908, Bd. 11, BA 11,стр.92.

573 ZDF: 37° од 2.5.2000 година.

3. Османлиско Царство

574 Излагањата што следат во продолжение се базираат, доколку тоа не е поинаку означено,
главно, врз: 1ттапие1 Oejss, во: Immanuel Geiss, ВЦ: Der Berliner Kongress, Prot. u. Mat., исто и во: Der Berliner Kgs.,
Parlamentsbeilage, исто, како и во: v.Aretin: Bismarcks AuЯenpolitik, исто; попонатаму врз:
Brockhaus, 14.Aufl. 1908, Bd. 17, назнака, "Orientalische Frage" ("Ориенталното прашање") И
Brockhaus, 20. Aufl. 1999, Bd. 22, назнака, "Tьrkei" ("Турција").

575 Die Seeschlacht von Lepanto. Dokumenlation.ZDF на 30.06.2002 год., 19.30.

576 Австрија ја имаше наследено Унгарија уште во 1526 год. кога во битката кај Мохач (Mohдcs)
загина Лудвиг II од Унгарија, но дури по протерувањето на Турците можеше даја спроведе
нејзината власт. Познато е дека создавањето на двојната монархија уследи дури во 1867
година.

577 Geiss: Der Berliner Kongress 13. Juni - 13. Juli 1878. Вц: K.O.Frhr. v. Aretin: Bismarcks AuЯenpolitik
undderBerlinerKongress.Wiesbaden 1978, стр.86.

578 Извештај 57 Дубровник 5.8.1868 год., 12136

579 Rainer Hermann: Kreuzberg in der Tьrkei. FAZ, 06.06.2002 год., стр.12.

580 Richard von Mach: Die Macedonische Frage.Wien 1895, стр.4 и 5.

581 K. Кдser: Raum u. Besiedlung. Вц: Hatschikjan/Troebst (Hg.): SO-Europa.,., исто, стр.65.

582 Ludwig Dehio: Gleichgewicht oder Hegemonie. Betrachtungen ьber einen Grundproblem der neueren
Slaatsgeschichte. Zьrich 1997, стр.22.

583 E. Нцsch: Kulturen u. Staatsbildungen.Bo: Hatschikjan/rroebst:SO-Europa..., исто, стр.50 и понатаму.

584 Во врска со ова постои - смее да се каже: типично англиска - иронична метафора од еден
извештај за посетата на лордот Салисбери (Lord Salisbury) на Атина којашто овој ја оствари
во јануари во 1877 год. по неуспешната конференција на амбасадорите од Константинопол во
врска со спречувањето на заканувачкиот конфликт за правата на христијаните во европска

Грција, при што тој грчките политичари ги изненади со укажувањето за едногласноста на
Европа во однос на ова прашање "којашто, заклучувајќи од нејзините партиски односи за
односот на силите меѓу себе, е наклонета европскиот концерт да го смета за bellum omnium
contra omnes." (B.8 Athen, 28.1.1877 FOH., 7328)

585 Од специјалните документи на Политичкиот архив за оваа тема произлегува дека Портата
само со помош на најсилни закани- француските, австриските, руските, германските и
англиските воени бродови пред Салоники! - да ги зема на одговорност виновниците. Казните
беа провокативно блага, а и при нивното извршување се постапуваше изразито лежерно.

586 Brockhaus, 14.Aufl. 1908, Bd. 17, назнака: "Orientalische Frage".

587 Bo:Geiss: Der Berliner..., Bo : v.Aretin: Bismarcks AuЯenpolitik..., исто, стр.85.

588 St.Troebst, Politische Entwicklung..., Bo: Hatschikjan/Troebsl: исто, стр.85.

589 како бр. 586.

590 Извештај 4 Athen 20.1.1877 год., 7328.

591 R.v. Mach: Die Macedonische Frage. Wien 1895,стр. 4.

592 K.Kaser: Raum u. Besiedlung. Вц: Hatschikjan/Troebst: SO-Europa-Handbuch,... исто, стр.65.

593Rhea Galanaki: Das Leben des IsmailFerik Pascha. Frankfurt/Main 2001.

594 Aide-Memoire vom 3.5.1883 год..,(A2009),Bd.l4400.

595 Извештај 89, Константинопол 89 Konstantinopel 21.5.1883 год., 14400,

596 "Norddeutsche Allgemeine Zeitung", Br. 220 од 16.5.1883 год., 14400.

597 Holm Sundhausen: Die serbische Frage. ITpeuaBaH.e Oflp>KaHO Ha 5.2.1993 rofl. во Osteuropa-Institut Ha
FЬ-Berlin (објавено како брошура). Цитирано кај: Claudia Hopf: Sprachnationalismus ..., исто,
стр.147, фуснота 357.

598 Michael W. Weithmann: Makedonien - Land zwischen vier Feuern, во: AuЯenpolitik , 1993, стр.261 И
понатаму.

599 Извештај 84 Белград 16.10.1886год., 14401.

600 Извештај 63 Букурешт 13.5.1896 год.,14402.

601oh.Lepsius u.a. (Hg.): Die GroЯe Politik der Europdischen Kabinette 1871-1914.12.Bd.: Alte und neue
Balkanhдndel 1896-1899. Berlin 1924, стр.538 и понатаму.

602 St.Troeb.st: Politische Entwicklung..., во: Hatschikjan/Troebst..., исто. стр.85 и стр.78.

603 oh. Lepsisus u. a. (Hg.): Die GroЯe Politik..., исто, 27.Bd. Zwischen den Balkankrisen 1909-1911, Berlin
1925, стр. 153 (Извештај бр.40 од Атина од 31.5.1911 год.).

604 J. de Jong: Die Makedonische Nationswerdung..., исто, стр.174 и понатаму.

605 T.Szobries: Sprachliche Aspekte des nation-building in Mazedonien..., исто,стр.60.

606 Извештај 1094 Лондон 14.11.1908 год.,14403.

607 Извештај 298 Константинопол 21.11.1908 год.,14403.

608 Извештај 112 Константинопол 27.7.1883 год., 14400.

609 Извештај 347 Константинопол 22.11.1909,год.,14403.

610 Joh. Lepsius u.a. (Hg.): Die GroЯe Politik..., Bd. 27, Zwischen den Balkankrisen..., исто, стр.178 (B. Nr.
207 aus Athen vom 30.12.1909 ron.).

611 Geiss: Der Berliner Kongres 1878. Protokolle und Materialien. Boppard 1978, стр.XXVI

612 Извештај 360 Константинопол 4.12.1909 год.,14403.

613 Извештај 4(?) Букурешт 11.1.1910 год., (A673), 14404.

614 Извештај 8 Букурешт 6.2.1910,год., 14404.

615 Stephan Stuch: Statistisches Profil. Bo: Hatschikjan/Troebst (Hg.): SO-Europa..., исто, стр.502ф.

616 Christian Voss: Der albanisch-makedonische Konflikt..., исто, стр.276.

617 Извештај 8 Букурешт 6.2.1910 год., 14404.

618 Извештај 29 Белград 9.3.1910 год,, 14404.

619 Извештај 113 Константинопол 4.4.1910 год., 14404.

620 Извештај 114 Константинопол 5.4.1910 год.,14404.

621 исто.

622 Извештај 14 Константинопол 5.4.1910год., 14404.

623 Поразот на Австријците против Прусија кај Кенигрец на 3.7-1866 година.

624 Извештај 114 Константинопол 5.4.1910 год.,14404.

625 Извештај без број(А 6497) Виена 14.4.1910 год.,14404.

626 Извештај 43(?, нечитливо) Белград 20.4.1910год.,14404.

627 Извештај 179 Константинопол30.5.1910год.,14404.

628 Телеграма 330 Константинопол 23.10.1911 год.,14404.

629 Телеграма 397 Константинопол 1.12.1911год.,14404.

630 Brockhaus, 20. Aufl. 1997, Bd. 11, назнака "Jungtьrken", стр.308.

631 "The Times", 5.6.1913 год.,А 11285,14405

4. Европските големи сили

Русија

632 Ова беше веќе втората Света лига. Првата беше основна пред поморската битка кај Лепанто
1571година.

633 Венеција водеше шест војни само против Османлиското Царство. Русијаја надмина оваа
бројка за две војни повеќе (не сметајќи ги оние војни кои таа ги воедеше заедно со другите
држави.).

634 Во: Geiss: Der Berliner.... Во: K.O. v. Aretin: Bismarcks..., исто, стр.72.
-

635 За разлика од последниве, духовно-историските движења на Западна Европа, како
Рефомацијата или Просветителството, целосно ги одминаа изолираните народи што се
наоѓаа под доминацијата на ригидниот исламски систем на Турција.

636 Според Имануел Гајс штотуку настанатото ориентално прашање претставуваше само една
понатамошна димензија за ривалитетот на Големите сили, зашто историски тоа било многу
постаро "и неговото појавување треба да се лоцира најдоцна во XVI век со конфликтите на
Реформацијата и Контрареформацијата на почетокот на Новиот век." Како меѓници Гајс ги
набројува Вестфалискиот мировен договор и Мировниот договор од Утрехт 1712 година
(Geiss: исто, Parlamentsbeilage..., стр.5)

637 SStadtmьller: Geschichte..., исто, стр.344.

638 KRichard Nьrnberger: Das Zeitalter der Franzцsichen Revolution und Napoleon. Во: Golo Mann, Alfred
Heuss (Hg.): Propylden Weltgeschichte. Das 19. Jh. Frankfurt/Main, Berlin 1960, Bd. VIII/1, Стр.144.

639 K.O. Frhr. v.Aretin: Bismarcks AuЯenpolitik..., исто, стр.79 и понатаму.

640 Th.Schieden Europdisches Staatensystem..., Vo: K.O. Frhr. v. Aretin: Bismarcks..., исто., стр.21.

641 Reichs-Gesetzblatt br. 31. Вц: Im.Geiss: Der Berliner Kgs.Prot. u. Mal.,исто,стр.387.

642 Gotth.Rhode: Der Berliner Kgs und Sьdosteuropa. Во: v. Aretin,..., исто, стр.114. . .

643 Прилог кон извештај 325 Санкт Петербург 30.10.1879 год..: "Русише Санкт Петербургер
цајтунг"("Russische St.Petersburger Zeitung") од 27./15.10.1879 год., 14400.

644 Прилог кон извештај 325 Санкт Петербург 30.10.1879 год.,: "Hoje цајт"('Neue Zeit"), br. 290 од
28./16.10.1879год., 14400.

645 Извештај 325 Санкт Петербург 30.10.1879 год., 14400.

646 Од: "Келнише цајтунг" ("Kцlnische Zeitung"), br. 143 од 25.5.1883 год., 14400.

647 J. Lepsius u.a.: Die GroЯe Politik..., исто, том 12, стр.551 (извештај 96 Софија 25.10.1899 год.,)

648 Наредба бр. 858 до амбасадата во Санкт Петербург од 27.12.1885 год., 14400.

649 Извештај 309 Санкт Петербург 5.9.1886 год., 14400.

650 Извештај 102 Константинопол 8.6.1890 год., 14401.

651 B.v. Bьllow: Denkwьrdigkeiten..., исто, стр.44.

652 Извештај 154 Рим 21.5.1890 год., 14401.

653 Извештај 357 Лондон 29.6.1891 год., 14401.

654 Извештај 341 Санкт Петербург 6.8,1896 год., 14402.

655 Golth. Rhode: Der Berliner KongreЯ und Sьdosteuropa. Вц: K.O. Frhr. von Aretin (Hg.): Bismarcks
AuЯenpolitik..., исто, стр.114.

656 Извештај 67 Софија 15.3.1897 год., 14402.

657 Извештај 381 Санкт Петербург 14.9.1898 год., 14402.

658 Извештај 396 Виена 16.12.1908 год., 14403.

659 Извештај 336 Константинопол 25.(28?) 12.1908 год., 14403.

660 Извештај 26 Санкт Петербург 18.1.1909 год., 14403.

661 Извештај 219 Санкт Петербург 11.6.1909 год., 14403 .

662 Bernhard Hcimrich: Die Krдmer-Tugend. FAZ од 8.1.2002, стр.1.

663 Телеграма 378 Константинопол 7.12.1909 год., 14403.

664 Цитат од филмот за кајзерот Вилхелм II од Шамони (Schamoni).

665 aul Scthe: Europдische Fьrstenhдuser - damals. Der russische Zarenhof..., исто, стр.56 и понатаму.

666 Извештај 456 Санкт Р(етербург 27.12.1909 год., 14403.

667 По Роберт К. Мејси наведува за Исволски и една хумористична анегдота од времето кога трј

бил назначен за министер за надворешни работи (1906): додека бил се уште пратеник во
амбасадата во Копенхаген (која "за Русија важела за семејна амбасада и отскочна штица за
идните амбасадори". Од: v. Bьlow. Denkwьrdigkeiten..., стр.293) разбрал за претстоечкиот
Кеујгетеш во Руското министерство за надворешни работи. Затоа што тој сметал со тоа дека
ќе добие служба во Рим или Берлин, тој го замолил еден свој пријател да се информира и да

му телеграфира: во првиот случај требало да телеграфира со шифрата "Maccaroni, во
вториот со "Sauerkraut" (кисела зелка). Кога Исволски добил телеграма со зборот "Kaviar",
знаел точно за што се работи. Од: R.K.Massie:..., исто, стр.493.

668 Извештај 5 Виена 2.1.1910 год., 14404.

Австро-Унгарија

669 K.Steinke: Sprachen. Bo: Hatschikjan/Troebst: SO-Europa..., исто, стр.402 и понатаму.

670 Alfred Callani: Die Geschichte eines Hasses. NZZ-Folio, септ. 1992 година.

671 E.Hцsch. Kulturen u. Staatsbildungen. Вц: Hatschikjan/Troebst, исто, стр.45.

672 Ова и следните излагања во најголемиот дел се базираат врз погоре веќе споменатите
извори: Hans Herzfeld, исто, I.Geiss: исто, (три извора) и Brockhaus, 20 изд. 1998, том. 16, назнака
"Цsterreich" ("Австрија").

673 A.Hilgruber: Bismarcks AuЯenpolitik, Freiburg 1972, стр.43.

674 Im.Geiss: Der Berliner Kgs., Parlamentsbeilage..., исто, стр.7.

675 Im.Geiss: Der Berliner Kgs..., Prot. und Mat...., исто, стр.IV.

676 Im.Geiss: Der Berliner Kgs., Parlamentsbeilage,... исто, стр.9.

677 Im.Geiss: исто, стр.7.

678 A.Novotny: Quellen und Studien zur Geschichte des Berliner Kongresses 1878. Graz-Kцln 1957, стр.17,

цитирано во: Im. Geiss: Der Berliner... Prot. u. Mat..., исто, стр.XXII, фусноти 26 и 27.

679 Im.Geiss: Der Berliner Kgs,, Parlamentsbeilage,..., исто, стр.12.

680 Im.Geiss: Der Berliner Kgs., Parlamentsbeilage,.., исто, стр.15.

681 Im.Geiss: Der Berliner Kgs., Parlamentsbeilage,...исто, стр.12, вклучително и фуснотите 26 и 27.

682 Извештај 447 Константинопол 10.11.1879 год.. 14400.

683 Извештај 455Виена11.11.1879год.,14400.B.455 Wien 11.11.1879 год., 14400.

684 Извештај 55 Белград 18.10.1880 год., 14400. ,

685 Im.Geiss: Der Berliner..., Prot. und Mat., ...исто, стр.7.

686 Im.Geiss: Berliner..., Prot. u. Mat.,... исто, стр.XIX.

687 Im.Geiss: Der Berliner Kgs., Parlamentsbeilage,...исто, стр.13 (21).

688 Im.Geiss: Berliner..., Prot. u. Mat., ...HCTO, erp. XXVI H Th.Schieder: Staatensystem und
Gleichgewicht..., Bo: v.Aretin: Bismarcks AuЯenpolitik..., исто, стр.25.

689 Geoffrey Barraclough: Das Europdische Gleichgewicht und der neue Imperialismus. Bo: Golo Mann,
Alfred Heuss (Hg.): Propylden Weltgeschichte. Eine Universalgeschichte. Das neunzehnte Jahrhundert.
Ulm 1976, том VII / 2, стр.733.

690 G.Barraclough: Das Europdische Gleichgewicht... Bo: G. Mann, Alfred Heuss (Hg.): Propylden...,исто,
стр.734.

691 Th.Schieder (исто, стр.25) прецизира дека основниот договор со Романија бил склучен со
Австрија; Германија дури подоцна пристапи во овој сојуз, а во 1888 год. исто и Италија.

692 G.Barraclough: Das Europdische Gleichgewicht... Вц: G.Mann: Propylden..., исто, стр.735.

693 Im.Geiss: Der Berliner Kgs., Parlamentsbeilage,... исто, стр.13.

694 G.F.Kennan: Bismarcks europdisches System..., исто, стр.14.

695 Henry C. Meyer: Das Zeitalter des Imperialismus. Propylden Weltgeschichte, Bd. IX/1, Das 20. Jh., стр.37.

696 R.K. Massie: Schalen des Zorns. (Dreadnoughts.) GroЯbritanien, Deutschland u. das Heraufziehen des
Ersten Weltkrieges, 2.Aufl Frankfurt/Main 1993, стр.491.

697 Fr.Fischer: Der Erste Weltkrieg und das deutsche Geschichtsbild.Beitrдge zur Bewдltigung eines
historischen Tabus. Dьsseldorf 1977, стр.257.

698 Brockhaus, 20.Aufl. 1998, Bd. 16, nasHaKa "Цsterreich" ("Австрија,"),СТр,370.

699 Im.Geiss: Der Berliner Kgs., Parlamentsbeilage,... исто, стр.15,

700 Извештај 478 Виена 27.10.1886 год., 14401.

701 Joh. Lepsius u.a.(Hg.): Die GroЯe Politik..., исто, том. XII, прва половина, стр.130 (Препорака
бр.988 од 16.12.1895 год.,)).

702 Joh. Lepsius u.a.: GroЯe Politik..., исто,, стр.131 (T. l IWien 23.1.1896 roff.).

703 Joh. Lepsius u.a.: GroЯe Politik,... исто, стр.132ф. (Телеграма 16 Виена 28.1.1896 год.)

704 Извештај 112 Копенхаген 20.10.1887 год., 7473.

705 Joh. Lepsius u.a.: Die GroЯe Politik,... исто, стр.121 (Извештај 58 Константинопол 23.5.1895 год.)

706 Im. Geiss: Der Berliner Kgs.,...Prot. u. Mat...., исто, стр.18.

707 Joh. Lepsius u.a.:GroЯe Politik,... исто., стр.121 (Извештај 58 Константинопол 23.5.1895 ГОД.)

708 T. Szobries: Sprachliche Aspekte des nation-building in Mazedonien... исто, стр.59.

709 Joh. Lepsius u. a.: GroЯe Politik..., исто, стр.121 (Извештај 58 Константинопол 23.5.1895 год.)

710 Извештај B. 584 St.Petersburg 13.7.1904 год. 14402.

711 Weisung (Erlass) Nr. 362 vom 26.10.1904 год., 14402.

712 Извештај 56 Санкт Петербург 7.2.1906 год., 14403.)

713 Извештај 3 Белград 4.1.1907 год., 14403.)

714 Im.Geiss: Der Berliner Kgs., Parlamentsbeilage,... исто, стр.14.

715 H.Herzfeld: Die moderne Welt. Die Geschichte unserer Epoche.... исто, стр.61.

716 Henry C. Meyer: Zeitalter... Imperialismus. Bo: Propylden Weltgeschichte,... исто, стр.42.

717 B. von. Bьlow: Denkwьrdigkeiten. 2.Bd., исто, стр.337 и 400 и понатаму.

718 Извештај 366 Виена 3.12.

719 Телеграма 18 Штутгарт 5.12.1908,14403.

720 Наредба бр. 1825 на германското Министерство за надворешни работи до амбасадата во
Виена од 6.12.1908 год., 14403.

721 H.Herzfeld: Die moderne Welt... исто, стр.61.

722 Извештај 385 Виена 8.12.1908 год., 14403.

723 Наредба на Германското министерство за надворешни работи бр. 1844 до амбасадата во
Виена од 12.12.1908 год., 14403). .

724 Наредба од германското Министерство за надворешни работи бр. 1946 кајзеровиот
амбасадор во Виена, Фон Чиршки од 28.12.1908 год., 14403

725 Извештај 193 Белград 30.12.1908 год., 14403.

726 Записник (А 21773) од 27.12.1908 год., 14403.

727 Општата ознака "германски" за "австриски", но често и за "австрискл и германски"
своевремено беше широко распространета и често употребувана, а на Балканот таа и денесе
чест начин на изразување и мислење, во којашто се отсликува погледот на тамошното
население на вековниот заеднички германско-австриски идентитет во рамките на Светиот
римски рајх на германската нација.

728 Извештај 178 Рим 26.11.1909год., 14403.

729 Извештај 179 Константинопол 30.5.1910 год., 14404.

730 P.Sethe: Europdische Fьrstenhцfe... Berlin/Wien, исто, стр.128 и стр.130.

731 R.K. Massie: Die Schalen des Zorns... исто, стр.730,733 и 734.

Велика Британија

732 L.Dehio: Gleichgewicht oder Hegemonie... исто, стр.153 Н 162.

733 L.Dehio: Gleichgewicht oder Hegemonie... исто, стр.22.

734 Gotth. Rhode: Der Berliner KongreЯ und Sьdosteuropa. Во:.. исто, стр.114.

735 L.Dehio: Gleichgewicht oder Hegemonie... исто, стр.147.

736 L.Dehio: Gleichgewicht oder Hegemonie... исто, стр.177.

737 Im. Geiss: Der Berliner Kongress. Protokolle u. Materialien. Wiesbaden 1978, стр. XII (или стр.XV?).

Извештај 106 Лондон 26.7.1876год., 7326.

739 Im.Geiss: Der Berliner..., Prot. u. Mat.... исто, стр.9.

740 Im.Geiss: исто, стр.XIV.

741 G.Rhode: Der Berliner KongreЯ..., Вц: v.Aretin: Bismarkcks AuЯenpolitik..., исто, стр.l02(|).

742 Извештај 106 Лондон 26.7.1876 год.,7326.

743 Извештај 158 Константинопол 7.6.1877 год., 7329.

744 Во тесна врска со оваа тактика беше шпекулацијата на англиските политичари за идејата во
Константинопол - ако веќе Англија не може да го освои и да го поседува сама - да се
востоличи еден поданички грчки режим, така да се рече, како марионета (на пример, онака

како што Бугарија за Русија требаше да ја игра улогата на намесник). Во извештајот се вели
дека овие политичари размислувале за тоа на Грција, која што не можела "да живее... само од
историските сеќавања" да и се даде можноста "тој толку измачуван и уназаден народ ... да го

развие (за тој) да може самиот да ги произведува своите животни намирници." Се
размислувало и за византиската идеја на преместување на "грчкиот трон во Константинопол"
зашто Грците во многу аспекти им биле поблиски на Турците отколку сите останати нации"...
"и кога султанот и турскиот елемент еднаш ќе бидат истиснати, тогаш турските поданици,
кои потоа ќе останат таму, ќе можат полесно да се навикнат на грчка, отколку на словенска
или дури и на туѓа власт." Во: В. 106 ЕопДоп 26.7. 1876 год., 7326, стр.4 и 5).

745.Писмо од пратеникот ф.Винклер до рајх-канцеларот од 12.10.1900 год. од Баден-Баден, 7481.

746.Извештај 936 Лондон 5.10.1906 год., 14403.

747.Извештај 61 Белград 21.5.1906 год., 14403.

748.Извештај 237 Белград 6.12.1909 год., 14403.

749.Извештај 179 Константинопол 30.5.1910 год.,14404.

Германскиот Рајх

750.Im.Geiss: Der Berliner KongreЯ..., Во: K.O. Frhr. Von Aretin (Hg.): Bismarcks AuЯenpolitik..., исто, стр.71.

751.Andreas Hilgruber: Gmndzьge der AuЯenplitik Bismarcks von der Reichsgrьndung bis zum AbschluЯ des
Dreibundes 1882. Вц: K.O. Frhr. V. Aretin: Bismarcks AuЯenpolitik,.., исто, стр.129 ф.

752.Im.Geiss: Der Berliner Kgs. Parlamentsbeilage..., исто, стр.7.

753.G.F. Kennan: Bismarcks...System...,..., исто, стр.24 и 35.

754 G.F. Kennan: исто, стр.35.

755 G.F. Kennan: исто, стр.118.

756 G.F. Kennan: исто, стр.18.

757 Im.Geiss: Der Berliner Kgs. Parlamentsbeilage..., В 41/78, сгр.7.

758 Im.Geiss: Der Berliner..., Prot. u. Mat.... исто, стр.XIV и понатаму.

759 K.O. Frhr. v. Aretin (Hg.): Bismarcks AuЯenpolitik..., исто, стр.82.

760 Извештај 179 Константинопол 30.5.1910 год., 14404.

761 PreuЯisches Geheimes Staats-Archiv. Deutsches Zentralarchiv: Roem. 1/Rep. 89. Histor. Abtig. 11:2,2.1,
Nr.13340: Tьrkei, Vol. 1835-1910, Bd. II: Auswдrtige Sachen. Лист: 16 запис од 25.7.1840 година.

762 PreuЯisches Geheimes Staats-Archiv....исто, лист 51 и 78,

763 G.F. Kennan: Bismarcks..., исто, стр.119.

764 Christian Graf von Krockow: Kaiser Wilhelm II, und seine Zeit. Biographie einer Epoche. Berlin 2002,
стр.218.

765 E. Xцsch: Kulturen und..., Вц: Hatschikjan/Troebst..., исто, стр.41.

766 C. Graf von Krockow: Kaiser Wilhelm II..., исто, стр.127 и понатаму.

767 Цитирано од Бернард Хајмрих (Bernhard Heirnrich), во: ФАЗ од 22.3.2003 год., стр.12.

768 C. Graf von Krockow: Kaiser Wilhelm II..,,исто, стр.236. .

769 Тоа за Германците важеше и на приемите во амбасадите. Од соодветниот извештај на
амбасадорот од Атина, Фон Радовиц (von Radowitz) за една таква роденденска прослава (за
волја на вистината, за дедото на Вилхелм, Вилхелм I, во 1879 год.) се цитира еден пасус кој
многу повеќе звучи како некој извадок од роман (можеби од Александар Дима (Alexandre
Dumas)), а не како цитат од еден извештај за фактичката состојба од прастари времиња.
Откако опиша како се одвивала програмата, известувачот ги карактеризира некои од своите
гости: еден од највисоките гости бил "многупочитуваниот, поранешен лекар-генерал на
грчката армија, 83-годишниот д-р Трајбер (Treiber), кој во Грција дошол уште во 1819 год., а
подоцна бил пријател и сведок на загинувањето на лордот Бајрон (Lord Byron). Д-р Трајбер го
балсамирал во 1824 год. телото на британскиот поет, а притоа се послужил со истиот скалпел
со кој три години порано било сецирано телото на царот Наполеон на Св. Елена (St.Helena).
Еден англиски лекар го пренел телото на Бајрон од Грција во Англија. Д-р Трајбер е жива
хроника на модерната грчка историја." (Од:B. 16 Athen 23.3.1879-год.,,R 7335).

770 C.Graf von Krockow: Kaiser Wilhelm II..., исто, стр.256 и 15.

771 B. v. Bьlow: Denkwьrdigkeiten.2 Bd. Berlin, исто.

772 C.Graf von Krockow: Kaiser Wilhelm II..., исто, стр.29.

773 P.Sethe: Europдische Рьrstenhцfe..., исто, стр.31, и сто, стр.29.

774 G.F. Kennan: Bismarcks... System..., исто, стр.14 забелешка.

775 C.Graf von Krockow: Kaiser Wilhelm II..., исто,стр.220/21.

776 Fr.Pischer: Der Erste Weltkrieg und das deutsche Geschichtsbild ... исто,стр.312.

777 вде се мисли на територијални интереси.

778 Im.Geiss: Der Berliner Kgs... Parlamentsbeilage..., исто,стр.7.

779 Andreas Hilgruber: Grundzьge... Вц: K.O. Prhr. V. Aretin: Bismarcks ..., исто,стр.59.

780 Im.Geiss: Der Berliner...,Prot. u. Mat....исто,стр.XII.

781 Im.Geiss: исто,стр.XXVI.

782 Im.Geiss: Der Berliner Kgs. Parlamentsbeilage..., исто,стр.ll.

783 K.O. Frhr. v.Aretin: Bismarcks AuЯenpolitik..., исто,стр.9.

784 Im.Geiss: Der Berliner..., Prot. u. Mat.... исто,стр.XXVI.

785 Im.Geiss: Der Berliner..., Prot. u. Mat....исто,стр.3.

786 G.F. Kennan: Bismarcks... System..., исто,стр.87.

787 G.F. Kennan: Bismarcks... System..., исто,стр. 88.

788 Th.Schieder: Europдisches Staatensystem..., Вц: K.O. Frhr. v. Aretin: Bismarcks..., исто,стр.25.

789 A.Hilgruber: Grundzьge... Вц: K.O. Frhr. V. Aretin: Bismarcks .... исто,стр.54.

790 G.F. Kennan: Bismarcks... System..., исто,стр.90.

791 Im.Geiss: Der Berliner Kgs. Parlamentsbeilage..., исто,стр.13.

792 G.F. Kennan: Bismarcks... System..., исто,стр.91.

:; 793 Fritz Fischer: Griff nach der Weltmacht. Die Kriegspolitik des kaiserlichen Deutschland 1914/18.

i Dьsseldorf 1977, стр.23.

794 C.Graf von Krockow: Kaiser Wilhelm II..., исто,стр.119.

795 R.KMassie: Schalen des Zorns... исто, Frankfurt/Main, 1993, CTp.491.

796 Henry C. Meyer: Zeitalter des Imperialismus..., исто,стр.39.

797 Horst Joachim Lieske: PreuЯen auf einen Blick. Die Kцnige von PreuЯen, ihre Zeit und Bauten. Lieske
Verlag Langeisheim, 2001, пасус: "(on) 1895".

798 A.Hilgruber: Grundzьge..., исто,стр.62 и понатаму.

799 A.Hilgruber: Grundzьge..., исто,стр.64.

800 Im.Geiss: Der Berliner..,,Prot. u. Mat,... исто,стр.XIV.

Француија

801 H.Herzfeld: Die moderne Welt..., исто,стр.72.

802 B. von. Bьlow: Denkwьrdigkeiten. 2.Bd., исто, исто, (и. др.) стр.328.

803 Niall Ferguson: Der falsche Krieg. Der erste Weltkrieg und das 20. Jahrhunden. Stuttgart 1999, стр.90.

804 N.Ferguson: Der falsche Krieg..., исто,стр.76 и понатаму.

805 G.F. Kennan: Bismarcks... System..., исто,стр.427.

806 G.F. Kennan: Bismarcks... System..., исто,стр.14.

807 Im.Geiss: Der Berliner Kgs. Parlamentsbeilage..., исто,стр.15.

808 Im.Geiss: Der Berliner Kgs. Parlamentsbeilage..., исто,стр.16.

809 N.Perguson: Der falsche Krieg..., исто,стр.90.

Италија

810 H.Herzfeld: Die moderne Welt..., исто,стр.72.

811 A.Hilgruber: Grundzьge... Вц: K.O. Prhr. V. Aretin: Bismarcks ..., исто,стр.64.

812 Извештај 130 Рим 3.10.1879 год., 14400.

813 A.Hilgruber: Grundzьge... Вц: K.O. Frhr. V. Aretin: Bismarcks ..., исто.

814 Извештај 53 Виена 5.1.1906 год., 14402.

815 Записник (А 19303)Берлин 23.11.1909 год., 14403.

816 Наредба бр. 1844 до амбасадата во Рим од 12.12.1908 год., 14403.

5. Балканскиот сојуз и Балканските војни

817 Прилог (А 23227) кон извештајот 156 Atina 15.12.1912 год., 14404.

818 Henry C. Meyer: Das Zeitalter des Imperialismus. Bo: G. Mann u. a.: Propylden... том 1X/1y(тр.42.

819 Charles Hardinge: Memorandum. London 12.6.1908, Royal Archivcs Windsor Castle RA vic/x 22/44,
стр.5.

820 "Vossische Zeitung" (А 361) (А 361) од 6.1.1913 год., 14404.

821 "Der Tag" (А 16905) од1.10.1912 год., 14238.

822 Извештај 11 Санкт Петербург 10.1.1913 год., 14404.

823 Извештај 291 Viena 11.10.1912,14242.

824 Bernhard von Bьlow: Denkwьrdigkeiten. 2. TOM, l. H3flaHHe, Berlin 1930, n ffp,, crp.10 H 298 Dito: Niall
Ferguson: Der falsche Krieg. Der Erste Weltkrieg und das 20. Jahrhundert. Stuttgart 1999, H R.K. Massie:
Die Schalen des Zorns ... на наведеното место, стр.601, 685 и 687 и 735 (со ограничувања) и 743 и
понатаму како и самиот Fritz Fischer: "Krieg der Illusionen...." на наведеното место, стр.100,129,
250,290 (и 293).

825 "The Times"(А11373)од 6.6.1913 год.од (А11769) од 11.6.1913 год., 14405.

826 Извештај 136 Санкт Петербург 26.4.1913 год., 14405.

827 H.Herzfeld: Die moderne Welt..., на наведеното место, стр.85.

828 Fritz Fischer: Krieg der Illusionen. Die deutsche Politik 1911 bis 1914. Dьsseldorf 1969, стр.216.

829 Прилог кон извештајот 156 Atina 15.12.1912 год., 14404.

830 Извештај 157 Viena 19.4.1913 год., 14404.

831 "The Times"(A 11373) од 6.6.1913 год. и (A 11769) од 11.6.1913 год;, 14405.

832 Извештај 68 Sofia 20.9.1912 год., 14216.

833 "The Times" од 4.6.1913 год., (A 11234), 14405.

834 Извештај УОП Ви1о\у: Оеп^ипИj^ељеп. 2. том, ВегИп, 1. издание 1930, сд>,1,95.(^(. УК, и понатаму).

835 Исто,стр.114,одн.237.

836 Извештај од von Bьlow: Denkwьrdigkeiten. 1. TOM, Berlin, l.... на наведеното место, стр.329.

837 Исто, стр.237.

838 N. Ferguson: Der falsche Krieg..... на наведеното место, стр.233.

839 Charles Hardinge: Memorandum..... на наведеното место, стр.6.

840 "LeMatin"од 26.11.1913 год.,(A 23554), 14405. ,

841 Запис бр. (A 12455) Berlin 22.6.1913 год., 14405.

842 Извештај 156 Atina 15.12.1912 год., 14404.

843 Bo Geiss: Der Berliner KongreЯ. Protokolle u. Materialien. бр. 9 од 29.6.1878 год., стр.ЗОЗ И понатаму и
стр.388.

844 Bo Geiss: Der Berliner.... Prot. und Mat.... на наведеното место, стр.261.

845 Телеграма (A16313) Krf 12.10.1911 год., 7487.

846 Записник од проф. Jdckh 5.9.1912 год., 7493.

847 Телеграма 5 Krf 3.5.1912 год., 7487. ' .

848 "The Times" од 4.6.1913 год., (A 11234), 14405

849 "The Times" од 5.6.1913 год., (A 11285), 14405.

850 Извештај 182 Viena 25.6.1912 год., 14404 (Отпечатено и во "Ьіе GroBeT'ofifiy". том 27.1.
половина: Zwischen den Balkankriegen 1909-1911. Berlin 1925, СТр.191).

851 Телеграма 346 Konstantinopol 6.10.1912 год., 14404.

852 Rainer Hermann: Griechenland will zur Balkanstabilitдt beitragen. FAZ, 26.03.2001.

853 Телеграма 346 Konstantinopol 6.10.1912 год., 14404.

854 Извештај 182 Viena 25.6.1912 год., 14404.

855 "Wiener Allgemeine Zeitung" од 19.9.1912 год.. како прилог кон извештајот 273 Wien, 14404.

856 Извештај 282 Viena 28.9.1912 год., 14216.

857 Телеграма 350 Konstantinopol 6.10.1912 год., 14404.

858 Извештај 56 Atina 5.10.1912 год., 7488.

859 Запис од рајх канцеларот: без бр. (А 17495) и датум (најверојатно 9 или 10 октомври 1912 год.).

860 Извештај 273 Санкт Петербург 19.9.1912 год., 14216.

861 "Deutsche Tageszeitung" (А 17379) од 8.10.1912 год., 14239.

862 Телеграма 32 Цетиње 21.9.1912 год., 14216.

863 Телеграма 33 Цетиње 28.9.1912 год., 14216.

864 "Kцlnische Zeitung "(AS 16448) од 5.10.1912 год., 14238.

865 Извештај 361 Paris 13.10.1912 год., 14242.

866 Писмо од Deutsche Bank; (А 16983) од 2.10.1912 год., 14217.

867 "Berliner Lokal-Anzeiger"од 9.10.1912 год., 14242. • .

868 Телеграма 217 Sankt Peterburg 18.9.1912 год., 14216.

869 Извештај 291 Viena 11.10.1912 год., 14242.

870 Извештај 341 Виена 31.10.1912 год., 14243. .

871 "Neue Freie Presse" (A 16904) Wien од 1.10.1912 год., 14238.

872 Fritz Fischer: Krieg der Illusionen. Die deutsche Politik von 1911 bis 1914. Dьsseldorf 1969, стр.220.

873 H.Herzfeld: Die moderne Welt 1789-1945. II. ne.n, Weltmдchte und Weltkriege. Braunschweig 1960, стр.60.

874 N.Ferguson: Der falsche Krieg.... на наведеното место, стр.79.

875 N. Ferguson: исто, стр.74.

876 Robert K. Massie: Die Schalen des Zorn crp. GroЯbritannien, Deutschland und das Heraufziehen des Ersten
WeltkriegecTp. 2. издание, Frankfurt/M. 1993, стр.498.

877 Sцnke Neitzel: Weltmacht oder Untergang. Die Weltreichslehre im Zeitalter des Imperialismus.
Paderbom, Mьnchen, Wien, Zьrich 2000, стр.233. Меѓутоа, со децении порано H. Kantorowicz во
својата книга 'Der Geist der englischen Politik und das Gespenst der Einkreisung Deutschlands" (Berlin
1929, стр.346) веќе ја цитираше сепак многу наивно изреката од "Saturday Review"; исто така
како што тој во својата книга ја велича англиската доблест при што ја намалува тежината и
ја префрла врз Германија.

878 Цитирано во: извештај од Bьlow: Denkwьrdigkeiten.... на наведеното место, стр.35.

879 N.Ferguson: Der falsche Krieg ..., на наведеното место, стр.94.

880 N.Ferguson: исто, стр.92.

881 N.Ferguson: исто, стр.99.

882 N.Ferguson: исто, стр.105.
..;.:,.
883 N.Ferguson: исто, стр.101.

884 B. ou Bьlow: Denkwьrdigkeiten.... на наведеното место, стр.202.

885 B. ou Bьlow: Denkwьrdigkeiten.... на наведеното место, стр.167.

886 Ferguson: Der falsche Krieg..... на наведеното место, стр.102.

887 Извештај 1003 London 25.10.1912 год., 14243.

888 H.C. Meyer: Das Zeitalter des Imperialismus. Вц: G. Mann u.a.: Propylden .... ТОМ IX/1,стр.41.

889 Hermann Kantorowicz: Gutachten zur Kriegsschuldfrage 1914. Frankfurt/M. 1967, сгр.346 и понатаму и
стр.349.

890 Brockhaus, Wiesbaden 1999, том 24, забелешка: Erster Weltkrieg, стр.27.

891 Harold Nicolson: Sir Arthur Nicolson, Bart., First Lord Camock. A study in the Old Diplomacy. London
1930, стр. 274 (Канторович, во својата книга "Оег Ое1s1... ипс1 Das Oespepsґ...", одрекува дека
англиско-рускиот договор од 31.8.1907 год. содржи антигермански тенденции; Како пример за
неговата субјективна аргументација (стр.387 и понатаму): "англиско-руската Антанта во
многу поголема мерка отколку англиско-француската, беше исто така дело на Едвард,
доволно е да се посомневаме дека при основањето постоела намера за загрозување на
мирот.")!

892 Hans Alfred Steger: "Deutsche Weltpolitik" Kaj Hans Delbrъck 1895-1918. Marburg 1955, стр.63.

893 Извештај од Bьlow: Denkwьrdigkeiten..... на наведеното место, стр.399 и 416 и понатаму.

894 Hardinge-Memorandum од 12.6.1908 год., Royal Archives Windsor Castle, RA vic/x, 22/44 ,стр.6.

895 S. Neitzel: Weltmacht oder Untergang .... на наведеното место, стр.336 и понатаму.

896 Извештај од Bьlow:... на наведеното место, стр.316.

897 Извештај одBьlow:... на наведеното место, стр.83 и 318.

898 H.A. Steger: "Deutsche Weltpolitik" bei Hans Delbrъck 1895-1918. Mai-burg 1955, стр.63.

899 Извештај од Bьlow:... на наведеното место, стр.ЗЗО.

900 Извештај од Bьlow... на наведеното место, стр.326.

901 Извештај од Bьlow:... на наведеното место, стр.481 и понатаму.

902 Извештај од Bьlow: исто, стр.ЗЗО.

903 Извештај од Bьlow: исто, стр.326 и понатаму.

904 Извештај од Bьlow:... на наведеното место, стр.203.

905 N.Ferguson: Der falsche Krieg.... на наведеното место, стр.72.

906 R.K. Massie: Die Schalen des Zorns.... на наведеното место, стр.497 и понатаму.

907 N.Ferguson: Der falsche Krieg.... на наведеното место, стр.199.

908 B. од Bьlow:... на наведеното место, стр.399.

909 H.C. Meyer: Zeitalter des Imperialismus,... на наведеното место, стр.45.

910 H.Kantorowicz: Gutachten zur Kriegsschuldfrage 1914. Frankfurt/Main 1967, стр.112 и понатаму,

911 N.Ferguson: Der falsche Krieg..., нанаведеното место, стр.106.

912 Извештај од Bьlow: Denkwьrdigkeiten ... на наведеното место, стр.263 и понатаму.

913 Benno Ofl Siebert (Hg.): Diplomatische Aktenstьcke zur Geschichte der Ententepolitik der Vorkriegsjattfe;
Berlin und Leipzig 1921, стр.61.

914 R.K. Massie: Die Schalen des Zorns.... на наведеното место, стр.502.

915 Извештај од Bьlow:... на наведеното место, стр.ЗОЗ и понатаму.

916 R.K. Massie: Die Schalen des Zorns... на наведеното место, стр.504.

917Paul Sethe: Europдische Fьrstenhцfe. Der russische Zarenhof. Frankfurt/M. 1937, И др., стр.12.

918 Hardinge-Memo:... на наведеното место, стр.7.

919 Извештај од Bьlow: Denkwьrdigkeiten ... на наведеното место, стр.бб.

920 H.C. Meyer: Zeitalter des Imperialismus ... на наведеното место, 8. 39.

921 Извештај од Bьlow: ...на наведеното место,стр.145.

922 G.F. Kennan: Bismarcks ... System,... на наведеното место, стр.187.

923 Извештај од Bьlow:... на наведеното место, стр.325.

924 R.K. Massie: Die Schalen des Zorns,... на наведеното место, стр.505.

925 Извештај од BBьlow: Denkwьrdigkeiten ... на наведеното место, стр.404.

926 N.Ferguson: Der falsche Krieg. ... на наведеното место, стр.209.

927 Извештај од Bьlow:... на наведеното место, стр.321.

928 H.A. Steger: Deutsche Weltpolitik ... на наведеното место, стр.166.

929 N.Ferguson: Der falsche Krieg ... на наведеното место, стр.72.

930 N.Ferguson: Der falsche Krieg ,... на наведеното место, стр.97.

931 Извештај од Bьlow:... на наведеното место, стр.71.

932 H.A. Steger: Deutsche Weltpolitik;... на наведеното место, стр.63.

933 H.C. Meyer: Zeitalter des Imperialismus. ...на наведеното место, стр.41.

934 A. Steger: Deutsche Weltpolitik... на наведеното место, стр.64.

935 Neitzel: Weltmacht oder Untergang.... на наведеното место, стр.239.

936 N.Ferguson: Der falsche Krieg...., нанаведеното место, стр.106.

937 N.Ferguson: Der falsche Krieg...., на наведеното место, стр.103 и 106.

938 G.F. Kennan: Bismarcks ... System ... на наведеното место, стр.456.

939 H.A. Steger: Deutsche Weltpolitik ... на наведеното место, стр.63 и понатаму.

940 H.C. Meyer: Das Zeitalter des Imperialismus.... на наведеното место. стр.45.

941 Извештај од Bьlow:... на наведеното место, стр.203.

942 "Berliner Lokal-Anzeiger" од 9.10.1912 год., 14242.

943 Прилог кон извештајот 77 Цетиње 9.10.1912 год., 14242.

944 Извештај 43 Цетиње 27.9.1912 год., 14217.

945 Извештај 73 Цетиње 27.9.1912 год., 14217.

946 P.Sethe: Europ. Fьrstenhцfe-damais. Der russische Zarenhof понатаму на наведеното место, стр.32 и
стр.78 и понатаму (Изворот на Zete би можел да биде извештајот бр. 290 од Санкт Петербург

од 12.10.12 год., том 14242.)

947 Телеграма 74 Konstantinopol (точниот датум и бројот на томот за жал се загубени).

948 "Berliner Lokal-Anzeiger"од 9.10.1912 год., 14242.

949 Телеграма 79 Viena 20.9.1912 год., 14240.

950 Извештај 280 Viena 27.9.1912 год., 14240 и извештај (А 17877) Viena 14.10.1912 год., 14242.

951 Извештај од воениот аташе 56 Ујепа 27.9.1912 год., 14216.

952 "Neue Freie Presse" (AS 1647) од 4.10.1912 год., 14238.

953 Решение бр. 100 до амбасадата во Виена од 3.10.1912 год., 14240.

954 "Wiener Sonn- und Montagszeitung" од 23.9.1912 год., прилог кон извештајот 275 У1еПа, 14216.

955 Извештај 69 Софија 20.9.1912 год, 14216.

956 Телеграма 74 Berlin (до царот од Роминтен) од 2.10.1912 год., 14217.

957 Решение 100 Berlin 3.10.1912 год., 14240.

958 Извештај (од специјалниот пратеник) 5 (А 17086) од Роминтен 3.10.1912 год., 14217.

959 Телеграма 357 Konstantinopol 8.10.1912 год., 14242.

960 Телеграма 396 Konstantinopol 14.10.1912 год., 14242.

961 "The Westminster Gazette" (AS 1640), London од 3.10.1912 год., 14238.

962 Тдgliche Rundschau" (AS 1632) од 1.10.1912 год., 14238.

963 "The Times" (AS 1643) од 4.10,1912 год, 14238.

964 Телеграма 83 Viena 26.9.1912 год., 14240.

965 Извештај од воениот аташе 56 (А 16790) Виена 27.9.1912 год., 14216.

966 Извештај 290 Sankt Peterburg 12.10.12 год., 14242.

967 Извештај 348 Paris 7.10.1912 год., 14242.

968 Телеграма 294 Paris 2.10.1912 год., 14240.

.969 Извештај 351 Paris 9.10.1912 год., 14242.

970 H.C. Meyer: Zeitalter des Imperialismus. In. G. Mann и. a.: Propylden Weltgesch. стр.34,36 И 41.

971 S.Neitzel: Weltmacht oder Untergang. ...на наведеното место, стр-235.

972 Извештај 351 Paris 9.10.12 год., 14242.

973 Телеграма 219 Sankt Peterburg 20.9.1912 год., 14216.

974 Извештај 281 Виена 27.9.1912 год., 14216. .

975 Телеграма 46 Софија 5.10.1912 год., 14241.

976 Извештај 361 Paris 13.10.1912 год., 14242.

977 Телеграма 25 Белград 13.10.1912 год., 14242 и телеграма 60 Софија 14.10.1912 год., 14242.

978 Извештај 5 (А 17086) Роминтен 3.10.1912 год., 14217. .

979 Телеграма 357 Константинопол 8.10.1912 год., 14242. •

980 Извештај 965 London 14.10.1912 год., 14242.

981 Телеграма 71 Berlin 1.10.1912 год., 14217.

982 "Berliner Lokal-Anzeiger"од 9.10.1912 год., 14242.

983 Извештај 60 Белград 30.9.1912 год., 14217 и телеграма 57 Atina 2.10.1912 год,, 14240.

984 Извештај 71 Софија 25.9.1912 год., 14216.

985 Телеграма 34 Софија 28.9.1912 год., 14216.

986 Извештај 60 Белград 30.9.1912 год., 14217.

987 Телеграма 37 Софија 30.9.1912 год., 14216 и телеграма 34 Софија 28.9.1912 год., 14216.

988 Извештај 940 Лондон 2.10.1912 год., 14241.

989 Телеграма 57 Атина 2.10.1912 год., 14240 (и соодветниот указ од 3.10.1912 година).

990 Телеграма 315 Константинопол 1.10.1912 год., 14217.

991 Телеграма 57 Атина 2.10.1912 год., 14240 (и 14217).

992 Телеграма 372 Константинопол 10.10.12 год., 14242.

993 Телеграма 289 Константинопол 18.9.1912 год., 14216.

994 Извештај 279 Санкт Петербург 28.9.1912 год., 14240.

995 Телеграма 315 Константинопол 1.10.1912 год., 14217.

996 Телеграма 338 Константинопол 5.10.1912 год., 14242. .,

997 Wolffs Telegraphisches Bureau од 11.4.1913 год., 14404.

998 "Der Tag" (A 16905) од 1.10.1912 год, 14238.

999 Извештај 288 Санкт Петербург 12.10.12 год, 14242.

1000 N.Ferguson: Der falsche Krieg ... на наведеното место, стр.195.

1001 H.Kantorowicz: Gutachten zur Kriegsschuldfrage 1914. ... на наведеното место, стр.103.

1002 Massje говори за "Willy-Nicky-Telegrammen". на наведеното место, 745 и понатаму.

1003 Извештај 2812 (?) (нечитко) Viena 21.12.1917 год., 7493.

1004 H. Herzfeld: Die moderne Welt.... на наведеното место, стр.85.

1005 Peter Graf Kielmanseg: Deutschland und der Erste Weltkrieg. Frankfurt/Main 1980, стр.16.

1006 H.Kantorowicz: Gutachten..., на наведеното место, стр.329 и понатаму и 335 и понатаму.

1007 Извештај 288 Санкт Петербург 12.10.12 год., 14242.

1008 Забелешка на рајх-канцеларот (A 17495) од 9.10.1912 год., 14242. Сличните размислувања на
царот ги има во извештајот од неговиот пратеник Jenisch бр. 5 од 3.10.1912 год., 14214(7) како
и дописот бр. 100 за амбасадата во Виена од 3.10.1912 год., 14240.

1009 "Berliner Lokal-Anzeiger" од 9.10.1912 год., 14242 и извештај 5 Rominten 3.10.1912,14214 (7).

1010 Телеграма 325 Константинопол 3.10.1912 год., (А 17074).

1011 Наредба (телеграф) Берлин 4.101912 год., А 17074-76.

1012 Извештај од , Bьlow: Denkwьrdigkeiten.... на наведеното место, стр.416 (Слична непријатна
карактеристика стр.103 и 246).

1013 Извештај од Bьlow: Denkwьrdigkeiten. Том 3, ВегЦп 1930, стр.160.

1014 "Neue Freie Presse" (AS 1647) од 5.10.1912 год., 14238

1015 "Тдgliche Rundschau" (AS 1632) од 1.10.1912 год., 14238.

1016 "Neue Freie Presse" (А 16904) Виена од 1.10.1912 год., 1.4238.

1017 "Тдgliche Rundschau" (AS 1632) од 1.10.1912 год., 14238.

1018 Извештај 291 Виена 11.10.12 год., 14242.

1019 Извештај (А 19070) Цетиње 27.10.1912 год., 14404.

1020 Fr.Fischer: Krieg der Illusionen.... на наведеното место, Dьsseldorf 1969, стр.218 И понатаму.

1021 Fr.Fischer: Krieg der Illusionen.... на наведеното место, стр.225.

1022 H.C. Meyer: Zeitalter des Imperialismus..., на наведеното место, и. а. стр.36.

1023 N.Perguson: Der falsche Krieg... на наведеното место, стр.107.

1024 Извештај (приватен допис) (AS 1637) Rominten 2.10.1912 год., 14238.

1025 Директива на царот (AS 1650) Rominten од 4.10.1912 год., 14238. ..

1026 Запис (bez бр.)Берлин 9.10.1912 год., 14242.

1027 Телеграма 60 Атина 4.10.1912 год., (AS 1645).

1028 "Neue Freie Presse" (AS 1647) Виена 5.10.1912 год., 14238.

1029 Извештај 1003 Лондон 25.10.1912 год., 14243.

1030 "Neue Freie Presse" (AS 1647) Виена 5.10.1912. год., 14238 und.

1031 Решение бр. 1207 до амбасадата во Лондон од 20.10.1912 год., стр.4-5,14243.

1032 Извештај 279 Санкт Петербург 28.9.1912 год., 14240.

1033 Запис (без бр.)Берлин 9.10.1912 год., 14242.

1034 Директива (AS 1650) Роминтен од 4.10.1912 год., 14238.

1035 "Der Tag" (AS 16905) од 1.10.1912 год, 14238.

1036 Забелешка (А 18581) од 25.10.1912 год, 14243.

1037 Извештај 1003 Лондон 25.10.1912 год., 14243.

1038 Извештај 369 Парис 25.10.1912 год., 14243.

1039 Извештај 288 Санкт Петербург 12.10.12 год., 14242.

1040 Телеграма 169 Лондон 28.10.1912 год., 14243.

1041 Извештај 372 Парис 26.10.1912 год., 14243.

1042 Извештај од воениот аташе 69 (А 18714) Виена 26.10.1912 год., 14243.

1043 Извештај 340 Виена 31.10.1912 год., 14243.

1044 Извештај 331 Виена 26.10.1912 год., 14243 и В. 327 Виена 26.10.1912 год., 14243.

1045 "Neue Freie Presse" (А 16904) Виена од 1.10.1912 год., 14238.

1046 Приватен допис (А 19089) на пратеникот од Атина до државниот секретар во
Министерството за надворешни работи од 26.10.1912 год., 7488.

1047 1047 Извештај 897 Атина 23.4.1913 год., 7488.

1048 1048 Извештај 80 Атина 9.3.1913 год., 7488.
1049 Телеграма 560 Константинопол 27.11.1912 год., 14404.

1050 Телеграма 120 Атина 28.11.1912 год., 14404.

1051 Телеграма 526 Константинопол15.11.1912 год., 14404.

1052 Телеграма 560 Константинопол 27.11.1912 год., 14404.

1053 Телеграма 152 Атина 13.12.1912 год., 7488.

1054 Приватен допис (AS 341) Константинопол 12.3.1913 год., 7497.

1055 Телеграма 1003 Атина 30.7.1915 год., 7491 и телеграма 279 Главен штаб 8.8.1915 год., 7497.

1056 Телеграма 617 Константинопол 27.12.1912 год., 7488.

1057 Телеграма 16 Константинопол 12.1.1913 год., 7488.

1058 Извештај 125 Атина 9.4.1913 год., 7488.

1059 Извештај 93 Атина 16.3.1913 год., 7488.

1060 Извештај 50 Атина 20.2.1913 год., 7488.

1061 Извештај 20 Атина 31.3.1913 год., 7488.

1062 Извештај 73 Виена 21.2.1913 год., 7488.

1063 Извештај 105 Солун 27.5.1914 год., 7490.

1064 "Reichs-u. Staats-Anzeiger", бр. 68 од 19.3.1913,7488 и "Norddeutsche Allgemeine Zeitung" бр. 67 од
20.3.1913 год., 7488.

1065 Телеграма 164 Константинопол 19.3.1913 год., 7488.

1066 Прилог кон извештајот 275 Виена Wiener Sohn-u. Montagszeitung од 23.9.1912 год.), 14216.

l067 G.Stojcevski: Makedonien in den internationalen Beziehungen. In: W. Lukan (Hg.): Цsterreichische
Osthefte. Jg 40,1998, H.1 и. 2, стр.180.

1068 G.Stojcevski: "Makedonien ...", на наведеното место, стр.180.

1069 Brockhaus, 17. издание 1966, одредница "Balkankriege", стр.251.

1070 Телеграма Атина 10.3.1913 год., 14404.

1071 Телеграма 566 Константинопол 29.11.1912 год., 14404.

1072 Извештај 156 Атина 15.12.1912 год., 14404.

1073 Извештај 102 Константинопол 8.4.1913 год., 7488.

1074 Писмо на пруската принцеза Hajnrih (A 7316) од Атина од 29.3.1913 год., 7488.

1075 "Der groЯe Ploetz", 32. издание Frajburg 1999, преглед "30.5.1913", стр.712, и H Brockhaus, Leipzig 1929,
2. том, одредница: Balkankriege, стр.248.

1076 Ferguson: Der falsche ..., на наведеното место, стр.192.

1077 "The Westminster Gazette" (AS 1640) од 3.10.1912 год., 14235.

1078 Извештај 332 Виена 27.10.1912 год., 14243.

1079 "Neue Freie Presse" (A 192123) од 31.10.1912 год., 14243.

1080 Извештај 372 Париз 26.10.1912 год., 14243.

1081 Извештај од Bьlow: Denkwьrdigkeiten.... на наведеното место, стр.228.

1082 Извештај 42 Букурешт 3.2.1914 год., 7489.

1083 Телеграма 451 Константинопол 28.10.1912 год., 14243. .,

1084 "The Times" (A 11234)vom 4.6.1913 год., 14405.

1085 Телеграма 30 Букурешт 3.10.1912 год., 14217.

1086 Извештај 162 Букурешт 15.12.1912 год., 14404.

1087 Извештај 170 Букурешт 22.12.1912 год., 14404.

1088 Извештај 136 Санкт Петербург 26.4.1913 год., 14405.

1089 N. Perguson: Der falsche Krieg.... на наведеното место, стр.209 и понатаму.

1090 Воен извштај бр. 40 (A 3184) Софија 7.3.1913 год., 14404.

1091 Извештај 39 Белград 9.3.1913 год., 14404.

1092 Извештај 41 Белград 11.3.1913 год., 14404.

1093 Извештај 127 Софија 21.6.1913 год., 14405 и извештај 97 Белград 21.6.1913 год., 14405.

1094 Телеграма 35 Белград 17.4.1913 год., 14404 и извештај 66 Белград 17.4.1913 год., 14404.

1095 Извештај 39 Атина 13.2 1913 год., 14404.

1096 Телеграма 52 Софија 3.3.1913 год., 14404.

1097 Ch.Voss: Der albanisch-makedonische Konflikt.., на наведеното место, стр.277 (вклучувајќи ја

фуснотата 28).

1098 Извештај бр. ? Лондон 28.3.1912 год., 14243 (?).

1099 Извештај (А 5605) Атина 15.3.1913 год., 14404.

1100 Телеграма 18 Атина 10.3.1913 год., 14404.

1101 Wolffs Telegraphisches Bureau, Berlin, 11.4.1913 год., 14404.

1102 "LeMatin" (А 23554) од 26.11.1913 год, 14405.

1103 ""Frankfurter Zeitung"" (А 23614) od 27.11.1913 год., 14405.

1104 Извештај од Bьlow: Denkwьrdigkeiten... на наведеното место, стр.327.

1105 H. Kantorowicz: Gutachten zur Kriegsschuldfrage, на наведеното место, стр.71 И 78 и понатаму.

1106 Kantorowicz: Gutachten ..., на наведеното место, стр.345.

1107 Kantorowicz: Gutachten ..., на наведеното место, стр.125 и стр.354.

1108 Frank Pergade, во: FAZ од 31.01.2003 година.

1109 Michael Martens: Waffentragende Esel. во: FAZ од 22.06.2002 година.

1110 E. M. Durham: Die slawische Gefahr. 20 Jahre Balkanerinnerungen. Stuttgart 1922, стр.9.

1111 Извештај 97 Белград 21.6.1913 год., 14405.

1112 Извештај 191 Виена 3.6.1913 год., 14405.

1113 Телеграма 123 Букурешт 9.7.1913 год., 7489.

1114 Gerhart Binder: Epoche der Entscheidungen. Eine Geschichte des 20. Jahrhunderts Stuttgart 1964, стр. 44.

1115 Encyclopaedia Britannica (CD ROM) 1994-2001, поим: "Balkan Wars".

1116 E.M. Durham: Die slawische Gefahr.... исто, стр.9.

1117 Fr.Fischer во својата книга "Војна на илузиите..." ("Krieg der Illusionen....") исто, стр.225 напиша:
"И во неговите мемоари се чувствува горчината на Берхтолд дека ставот на Германија пред

избувнувањето на Балканската војнаја попречило Австро-Унгарија да поведе активна
политика наспроти балканските држави." И покрај сета симпатија наспроти готовноста за
мир на кајзерот Вилхелм, мора во дадениот случај да биде дозволено шпекулативното
барање: беше ли (со поглед на последиците) неговата воздржаност можеби сепак грешка,
откако Англија со таа иста политика доживеа успех?

1118 Телеграма 174 Виена 22.7.1913 год., 14405,

1119 Извештај 1969 (?), (А 17636) Atina 23.8.1913 год., 14405.

1120 1120"Тдgliche Rundschau" (А 16664) од 28.9.1912 год., 14239.

1121 "Kцlnische Zeitung" (AS 1648) од 5.10.1912 год., 14238.

1122 H. Kantorowicz: Gutachten.... исго, стр.114.

1123 Извештај 387 У;епа 9.12.1913 год., 14405.

1124 Извештај 233 Белград 20.11.1913 год., 14405.

1125 Извештај 326 Viena 13.10.1913 год,, 14405.

1126 Извештај 421 London 18.7.1913 год., 14405.

1127 Извештај (бр. непознат) Софија 5.8.1913 год., 14405.

1128 Извештај (бр.непознат) Софија 16.8.1913 год., 14405.

1129 Г.Стојчевски: Македонија во меѓународните односи... Во:W.Lukan (Hg.): ООН, 40. год. 1998,
стр.174.

1130 Телеграма 234 Atina 31.7.1913 год., 7489.

1131 Телеграма 56 Balestrand 8.1913 год., 7489 (А 15656).

1132 Приватен службен допис (А 15588) од 28.7.1913(7) год., 4789.

1133 Извештај 303 А(та 3.8.1913 год., 7489.

1134 "Berliner Zeitung am Mittag" од 10.6.1918 год., (А 24757), 7494.

1135 Телеграма 468 од замокот Kassel-WilheImshцhe 25.8.1918 год., 7495.

1136 Телеграма 1451 Bern 16.9.1918 год., 7495.

1137 Телеграма 561 Hofzug 19.9.1918 год., 7495.

1138 Телеграма 77 Svineminde (бидејќи пратеникот Фон Тројтир текстот од телеграмата од
Атина, очигледно директно пристигната кај царот, го препратил и до германското
Министерство за надворешни работи) 9.8.1913 год., 7489.

1139 Телеграма 19 (број нечиток) (A 16964) Tatoi (летна резиденција на грчкиот крал крај Атина)
8.1913 год., 7489.

1140 Запис (и указ) од Viena и Rim (AS 1073) од 10.9.1913 год., 7489.

1141 Извештај 296 Viena 25.9.1913 год., 7489.

1142 Извештај 382(386?) Atina5.11.1913год.,7489.

1143 Извештај 107 Букурешт 1.5.1914 год., 7490.

1144 Извештај 1489 Atina 20.11.1914 год.. 7490.

1145 Извештај 360 Viena 6.11.1914 година.

1146 E. Durham: Die slawische Gefahr.... исто, стр.121 и сто, стр.342.

1147 Извештај 10 Белград 30.1.1914 год., 14405.

1148 Извештај 41 Atina 9.2.1914 год., 14405.

1149 "Magdeburgische Zeitung" (A 2290) од 3.2.1914 год., 14405.

1150 Извештај (бр. нечиток) Sankt Peterburg 14.2.14год., 14405.

1151 B. v. Bьlow: Denkwьrdigkeiten... исто, стр.246 и 103.

1152 Mark Mazower: Der Balkan. Kleine Weltgeschichte. Berlin 2002, стр.180.

1153 Телеграма 666 Kopenhagen 21.4.1915 год., 7490.

1154 Запис бр. 1951,Berckhajm (za Berlin) (A 40785) во 712.1917,7493.

1155 Извештај 1606 Bern 28.6.1918 год., 7494.

1156 Запис на д-р Лудвиг за разговор од Сенг Мориц од 1.6.1917 год., 7493.

1157 St.Troebst: Politische Entwicklung in der Neuzeit. Вц. Hatschikjan/Troebst:..., исто, 8.86.

1158 Забелешка во FAZ од 29.11.2002 година.

1159 Г.Стојчевски: Македонија во меѓународните... исто, ООН 1998 стр.182.

Заклучоци

1160 St.Troebst: IMRO +100 = FYROM? Во-. ООН 1998, стр.219.

1161 M.Mazower: Der Balkan.... исто, стр.237.

Библиографија

Adanir, Fikret:.....Die makedonische Frage. Ihre Entstehung und Entwicklung bis 1908. Wiesbaden 1979.

Abrados, Francisco R.:.... Geschichte der griechischen Sprache von den Anfдngen bis heute.
Tьbingen, Basel 2001.

Andronicos, Manolis; Museum Thessaloniki. Ekhtodite Athenon 1990.

v. Arctin, K. 0. Frhr.: Bismarcks AuЯenpolitik und der Berliner KongreЯ. Institut Fьr
Europдische Geschichte. Wiesbaden 1978.

Sдarraclough, Geoffrey: Das Europдische Gleichgewicht und der neue Imperialismus. Вц:
Golo Mann, Alfred Heuss (w3p,.): Propylдen Weltgeschichte. Eine Universalgeschichte. Das neunzehnte Jahrhundert. Ulm 1976, Bd. VIII/1

Binder, Gerhart: :Epoche der Entscheidung. Eine Geschichte des 20. Jahrhunderts.

Bojic,Vera/Oschlies,Wolf Lehrbuch der mazedonischen Sprache. Мьnchen 1984.
Stuttgart 1964.

Boskovska, Nada: Sein oder nicht. Ein Staat ringt um Anerkennung. Вц: NZZ-Folio,
септември 1992.

v. Bьlow, Bernhard: Denkwьrdigkeiten. (4 TOMa), Berlin 1930.

Calic, Marie-Jeanne: AuЯen- und Sicherheitspolitik. Bц: M. Hatschikjan und St. Troebst (изд,.): Sьdosteuropa. Gesellschaft, Politik, Wirtschaft, Kultur. Ein Handbuch. Mьnchen 1999.

Cattani, Alfred: Die Geschichte eines Hasses. Bц: NZZ-Folio, cerrreMBpH 1992.

Dehio, Ludwig: Gleichgewicht oder Hegemonie. Betrachtungen ьber ein Grundproblem der neueren Staatengeschichte. Zьrich 1997.

Dцrpmann, Hans-Dieter: Die religiцse Entwicklung Mazedoniens. Pe3HMe Ha eflHO излагање по повод втората германско-македонска конференција во Јена од 29.11.-01.12.2001.

Durham, M. Edith: Die slawische Gefahr. 20 Jahre Balkan-Erinnerungen. Stuttgart 1922

Fagyas, Maria: Der Tanz der Mцrder. Reinbek/HH, rororo 4011.

Farmakis, Constantinos: *)
Perguson, Niall: Der falsche Krieg. Der Erste Weltkrieg und das 20. Jahrhundert. Stuttgart 1999.

Fischer, Fritz: Griff nach Weltmacht. Die Kriegszielpolitik des kaiserlichen Deutschland 1914/18. Dьsseldorf (1961) 1977.

Fischer, Fritz: Weltmacht oder Niedergang. Frankfurt/Main 1965.
Fischer, Fritz: Krieg der Illusionen. Die deutsche Politik 1911 bis 1914. Dьsseldorf 1969 und 1978.

Fischer, Fritz: Der Erste Weltkrieg und das deutsche Geschichtsbild. Beitrдge zur Bewдltigung eines historischen Tabus. Dьsseldorf 1977.
Juli 1914: Wir sind nicht hineingeschlittert. Das Staatsgeheimnis um die RiezIer-Tagebьcher. Eine Streitschrift [ьber die Fischer-Kontroverse]. Reinbekbei Hamburg, 1983.

Galanaki, Rhea: Das Leben des Ismail Ferik Pascha. Frankfurt/Main 2001.

Geiss, Imanuel: Der Berliner KongreЯ 1878. Protokolle und Materialien. Boppard
1978.

Geiss, Imanuel: Der Berliner Kongress 1878 -13. Juni bis 13. Juli 1878. Bц: Karl 0.
Frhr. v. Aretin (H3fl.): Bismarcks AuЯenpolitik und der Berliner KongreЯ. Wiesbaden 1978.

Genscher, Hans-Dietrich: Erinnerungen. Berlin 1995.

Hardinge, Charles: Memorandum. London 12.6.1908, Royal Archives Windsor Castfe,
RA vic/x 22/44.

Hatschikjan, Magarditsch: Tradition und Neuorientierung in der bulgarischen AuЯenpolitik
1944-1948. Die "nationale AuЯenpolitik" der Bulgarischen Arbeiter-
partei (Kommunisten). Mьnchen 1988.

Hatschikjan, M./Troebst, S. :Sьdosteuropa. Gesellschaft. Politik. Wirtschaft. Kultur. Ein
Handbuch. Mьnchen 1999.

Haussig, H.-Wьhelm: Kulturgeschichte von Byzanz. Stuttgart 1959.

Heimrich, Bernhard: Die Krдmer-Tugend. Bц: FAZ oft 08.01.2002.

Hermann, Rainer: Die Geschдfte der Embargobrecher. Vorwьrfe des Haager Kriegsverbrechertribunals gegen Griechenland. Bц: FAZ on 26.06.2002.

Hermann, Rainer: Griechenland will zur Balkanstabilitдt beitragen. Bц: FAZ OH
26.03.2001.

Hermann, Rainer: Im Zeichen des Doppeladlers. Bo: FAZ oa 09.08.2000.

Hermann, Rainer: Kreuzberg in der Tьrkei. Bo: FAZ OH 06.06.2002.

Herzfeld, Hans: Die moderne Welt 1789-1945. II. Teil: Weltmдchte und Weltkriege.
(Серија: Geschichte der Neuzeit. Hag. Gerhard Ritter), Braunschweig 1960.

Hillgruber, Andreas: Bismarcks AuЯenpolitik. Freiburg 1972.

Hilleruber, Andreas: Grundzьge der AuЯenpolitik Bismarcks von der Reichsgrьndung bis zum Abschluss des Dreibundes 1882. Bo: Karl 0. Frhr. v. Aretin (H3fl.): Bismarcks AuЯenpolitik und der Berliner KongreЯ. Wiesbaden 1978.

Нцpken, Wolfgang: Staatensystem. Вц: M. Hatschikjan und St. Troebst (H3fl.): Sudosteuropa. Gesellschaft, Politik, Wirtschaft, Kultur. Ein Handbuch. Мьnchen 1999.

Нцsch, Edgar: Kulturen und Staatsbildungen. Вц: M. Hatschikjan und St. Troebst (изд.): Sьdosteuropa. Gesellschaft, Politik, Wirtschaft, Kultur. Ein Handbuch. Мьnchen 1999.

Hopf, Claudia: Sprachnationalismus in Serbien und Griechenland. Theoretische Grundlagen sowie ein Vergleich von Vuk Stefanovic Karadzic und Ademantios Korais. Balkanologische VerцffenьichungBd. 30, Wiesbaden 1997. Wie Japhet nach Europa kam. Epochenschwelle zwischen 1500 und 1800. Вц: FAZofll2.12.2001.

Jдger, Lorenz: Der nationale Kern des makedonischen Problems. Ansдtze und

de Jong, Jutta: Grundlagen einer makedonischen Nationalbewegung. Frankfurt/M., Bern 1982.

- Ханс Лотар Штепан-

de Jons,Jutta: Die makedonische Nationswerdung - eigenstдndige Integration oder kьnsьiche Synthese? Вц: Klaus-Detlev Grothusen (H3fl.): Sьdosteuropa. Gesellschaft, Politik, Wirtschaft, Kultur. Ein Handbuch. Мьnchen 1999.

Kantorowicz, Hermann: Der Geist der englischen Politik und das Gespenst der Einkreisung Deutschlands. Berlin 1929.

Kantorowicz, Hermann: Gutachten zur Kriegsschuldfrage 1914. Frankfurt/M. 1967

Kдser, Karl: Raum und Besiedlung. Bц: M. Hatschikjan und St. Troebst (n3H.):
Sudosteuropa. Gesellschaft, Politik, Wirtschaft, Kultur. Ein Handbuch. Mьnchen 1999.

Kennan, George F.: Bismarcks europдisches System in der Aurlцsung. Die franzцsisch -
russische Anndherung 1875-1890. Frankfurt/M., Berlin, Wien 1981.

Kielmansegg,Peter Graf: Deutschland und der Erste Weltkrieg. Frankfurt/M. 1980.

Kober, Aug. Heinrich: Europдische Pьrstenhцfe - damals. [TOM 3] Zwischen Donau und
Bosporus. Frankfurt/M. или Jena (веројатно 1937 година, како и обете дела на Paul Sethe од истата серија).

Von Krockow, Christian Graf: Kaiser Wilhelm 11. und seine Zeit. Biographie einer Epoche. Berlin
2002.

Kuzmanovski, Risto: Ohrid - und seine Kunstschatzkammer. Ohrid 1994.

Lepsius, Johannes,
Mendellsohn Barthodly, Albr.
Thimme, Friedrich (изд.): Die GroЯepolitik der Europдischen Kabinette 1871-1914. Berlin
1924.

Lieske, Horst Joachim: PreuЯen auf einen Blick. Die Kцnige von PreuЯen, ihre Zeit und
Bauten. Lieske Verlag Langeisheim, 2001.

Lorenz, Elke/Raab, Andreas: Makedonien. Reiches armes Land. Ulm 1997.

Mazower, Mark: Der Balkan. Kleine Weltgeschichte. Berlin 2002.

Von Mach, Richard: Die macedonische Frage. Wien 1895.

Martens, Michael: Den Haag ist voreingenommen. Ein Gesprдch mit Kostunica. Bo:
FAZ од 01.08.2002.

Martens, Michael: Waffentragende Esel. Вц: FAZ on 22.06.2002.

Massie, Robert K.: Die Schalen des Zorns. GroЯbritannien, Deutschland und das Heraufziehen des Ersten Weltkriegs. 2. H3flamie, Frankfurt/M. 1993.

Meier, Viktor: Wie Jugoslawien verspielt wurde. Мьnchen 1995.

Mendelssohn Bartholdy,Albr.:Види кај Lepsius.

Henry Cord Meyer: Das Zeitalter des Imperialismus. Mann/Heuss (H3fl.): Propylден Weltgeschichte, Das 20. Jahrhundert, Bd. IX/1.

Мьller, Heinrich: Die Slavomazedonier in Griechenland. Gesellschaft fьr bedrohte Vцlker, 1992.

Neitzel, Sцnke: Weltmacht oder Untergang. Die Weltreichslehre im Zeitalter des Imperialismus. Paderbom, Мьnchen, Wien, Zьrich 2000

Nicolson, Harold: Sir Arthur Nicolson, Bart., First Lord Camock. A study in the Old Diplomacy. London 1930.

Novotny, A.: Quellen und Studien zur Geschichte des Berliner Kongresses 1878. Graz-Кцln 1957, nirrapaHO ВЦ: I. Geiss: Der Berliner Kgs. Prot. U. Mat. Boppard 1978.

Nьrnberger, Richard: Das Zeitalter der Franzцsischen Revolution und Napoleon. Вц: Golo Mann, Alfred Heuss (n3u.): Propylден Weltgeschichte. Das 19. Jahrhundert. Frankfurt/Main, Berlin 1960, Bd. VIII/1.

Oschlies, Wolf: Republik Mazedonien.извештај на BIO st 6p. 14/1994.

Oschlies, Wolf: види и кај: Bojic, Vera.

"Ploetz, Der GroЯe", 32. издание Freiburg 1999.

Prinzing, Gьnther: Die umstrittene Selbstдndigkeit der MOK in historischer Sicht: Bo: Walter Althammer (изд.): Makedonien. Probleme und Perspektiven eines jungen Staates. Sudosteuropa-Gesellschaft, Mьnchen. Aus der Sьdosteuropa-Forschung, Bd. 10.

Raab, Andreas: Dьrfen Makedonen Makedonen sein? Der Streit um die makedonische Identitдt. Вц: Elke Lorenz/A. Raab (изд.) Makedonien. Reiches armes Land. Ulm 1997.

Rhode, Gotthold: Der Berliner KongreЯ und Sudosteuropa. Вц: Karl 0. Frhr. v. Aretm (изд.): Bismarcks AuЯenpolitik und der Berliner KongreЯ. Wiesbaden 1978.

Rьb, Matthias: Haager Tribunal ermittelt in Mazedonien. FAZ 0,0,10.04.2002

Rьb, Matthias: SchieЯerei unter Albanern. FAZ. 6p. 73 OH 27.3.2002.

Schieder, Theodor: Europдisches Staatensystem und Gleichgewicht. Oa: Staatensystem als Vonnacht der Welt 1848-1918. Propylдen Geschichte Europas, Bd. 5. 06jавено во: Karl 0. Frhr. v. Aretin (изд.): Bismarcks AuЯenpolitik und der Berliner KongreЯ. Wiesbaden 1978.

Schrameyer, Klaus: Das Verbot der Partei der Makedonier in Bulgarien durch das bulgarische Verfassungsgericht. Вц: Sьdosteuropa 2000, 6poj 5-6.

Seewann, Gerhard: Minderheiten und Nationalitдtenpolitik. Bo: M. Hatschikjan und St. Troebst (изд.): Sьdosteuropa. Gesellschaft, Politik, Wirtschaft, Kultur. Ein Handbuch. Mьnchen 1999.

Sethe, Paul: Europдische Fьrstenhofe - damals: Berlin/Wien. Frankfurt/M. 1937,

Sethe, Paul: Europдische Fьrstenhofe - damals: Der russische Zarenhof. Frankfurt/M. 1937.

v. Siebert, Benno (изд.): Diplomatische Aktenstьcke zur Geschichte der Ententepolitik der Vorkriegsjahre. Berlin und Leipzig 1921.

Stadtmьller, Georg: Geschichte Sьdosteuropas. Mьnchen 1960.

Starova, Luan: Zeit der Ziegen. Zьrich 1999.

Steger, Hans Alfred: "Deutsche Weltpolitik" bei Hans Delbrьck 1895-1918. Marburg 1955.

Steinke, Klaus: Sprachen. Вц: Hatschikjan/Troebst (изд.): Sьdosteuropa. Gesellschaft, Politik, Wirtschaft, Kultur. Ein Handbuch. Mьnchen 1999.

Stojcevski, Giorgi: Makedonien in den internationalen Beziehungen (1878-1919). Во: Walter Lukan (изд.): Цsterreichische Osthefte, Ost- und Sьdost-Europa Institut. Година 40, 6рој l и 2.

Stuch, Stephan: Statistisches Profil. Вц: HatschikjanvTroebst (изд.): Sьdosteuropa. Gesellschaft, Politik, Wirtschaft, Kultur. Ein Handbuch. Mьnchen 1999.

Sundhausen, Holm: Die serbische Frage. Излагање одржано на 05.02.1993 На Институтот Источна Европа во Берлин(објавено како брошура)

-Ханс Лотар Штепан-

Szobries, Torsten: Sprachliche Aspekte des nation-building in Mazedonien. Die kommunistische Presse in Vardar Mazedonien (1940-1943). Stuttgart 1999.

Thimme, Friedrich: види под Lepsius.

Troebst, Stefan: Die makedonische Antwort auf die "Makedonische Frage": Nationalismus, Republiksgrьndling und nation-building in Vardar-Makedonien 1944-1992. Вц: Sьdosteuropa 41,1992.

Troebst, Stefan: IMRO + 100 = FYROM? Kontinuitдten und Brьche in den makedonischen Nationalbewegungen in historiographischer Perspektive. Во: Walter Lukan und Peter Jordan (изд.): Makedonien. Geographie, Ethnische Struktur, Geschichte, Sprache und Kultur, Politik, Wirtschaft, Recht. Во: Цsterreichische Osthefte, година 40,Wien 1998.

Troebsl, Stefan: Kommunizierende Rцhren: Makedonien, die Albanische Frage und der Kosovo-Konflikt. Bo: Sьdosteuropa Mitteilungen. 1999, 6p. 3

Troebst, Stefan: Politische Entwicklung in der Neuzeit. Bo: Hatschikjan/Troebst (изд.): Sьdosteuropa. Gesellschaft, Politik, Wirtschaft, Kultur. Ein Handbuch. Mьnchen 1999.

Troebst, Stefan: Prдventive Friedenssicherung durch internationale Beobachtermissionen? Das Beispiel der KSZE-Spillover-Monitormission in Makedonien 1992/1993 од 25.10.1993. Фондација Wissenschaft und Politik, Ebenhausen, ноември 19993.

Troebst, Stefan: Von der "Mazedonischen" Frage" zur "Albanischen Frage". Der Balkan am Ende des 20. Jahrhunderts. Bo: FAZ од 31.07.1996

Troebst, Stefan: види и кај: Hatschikjan, Magarditsch.

Voss, Christian: Das slavophone Griechenland - Bemerkungen zum Ende eines Tabus. Bo: Sьdosteuropa-Mitteilungen, 2000, 6p. 4.

Voss, Christian: Der albanisch-makedonische Konflikt in der Republik Makedonien in zeitgeschichtlicher Perspektive. Bo: Sьdosteuropa-Mitteilungen, 2001, 6p. 3.

Voss, Christian: Die slawische Minderheit. Liberalisierung in Дгдis-Makedonien und Politik der kleinen Schritte. Bo: Pogrom. Gesellschaft fьr bedrohte Vцlker. Minderheiten in Griechenland. Bpoj 209,2/2001.

Voss, Christian: Minderheiten in Griechenland. Bo: Pogrom. Gesellschaft fьr bedrohte Vцlker. Bpoj 153, Maj/јуни 1990.

Weidner, Stefan: Bruder, wo bist du? Bo: FAZ ofl 14.06.2002.

Weithmann, Michael W.: Die slawische Bevцlkerung auf der griechischen Halbinsel. Ein Beitrag zur historischen Ethnographie Sьdost-Europas. Mьnchen 1978.

Weithrnann, Michael W.: Makedonien - "Land zwischen vier Feuern", АuЯenpolitik III/93.

*) Авторот не можеше да не го прочита политичкото пропагандно дело на C. Farmakis:

"Die makedonische Frage in der deutschen Politik" (Frankfurt/M. 1994). Меѓутоа авторот
одбива научно да се осврне на овој лош труд и е навистина зачуден што на угледниот
универзитет во Бон не му беше под чест да прими еден ваков памфлет како дисертација-кој,впрочем, во целиот текст нема ни трага од осврт на "германската
политика"наведено во насловот и во делото

Технички упатства

• Информациите за изворот на цитатите од извештаите на странските претставништва на Министерството за надворешни работи на Сојузна Република Германија се состојат од следните елементи (меѓу нив не се ставени интерпункциски зна-
ци, освен кај кратенките и датумите, како и помеѓу бројките):

- Кратенка Б. (за Bericht-извештај) односно кратенка Т. (за Telegramm-телеграма)

- Број на извештајот. Доколку недостасува бројот на извештајот, тогаш како алтернатива, доколку постои, се наведува бројот на журналот (во загради). (Овие броеви од дневникот на журналот на германското Министерство за надворешни работи, кои се наведени на првата страна на извештајот и кои стриктно се држеа до нумеричкиот редослед со кој тие пристигнуваа во германското МНР, започнуваа со 1 во секоја календарска година, но не во секоја книга посебно).

- Име на местото на потекло. (Особеност: Амбасадата во Константинопол своевремено како места на потекло на своите извештаи прецизно ги наведуваше имињата на градските подрачја каде се наоѓаше седиштето на канцеларијата односно предградието каде се наоѓаше летната или постојаната резиденција; со цел да се избегнат забуни тука се откажавме од наведувањето на географските поими: Бујукдере, Терапиа и Пера, а за сметка на името на главниот град Константинопол (Цариград). И во случајот на Романија се отстапи од наведувањето на името на летната резиденција Синаја за сметка на името на главниот град Букурешт.)

- Дата (на изготвување на извештајот); денот и месецот кај едноцифрените броеви се пишуваат без нула, месецот исто така се пишува со бројка, а не се испишува, иако тоа своевремено беше вообичаено.

- Број на томот документи во политичкиот архив на МНР на СРГ, (меѓутоа без буквата "Р" која во архивот без исклучок се употребува).

• Начинот на пишување на имињата (и стручните поими) не е упростен, туку е соод-
ветен на формите (најчесто различни) кои се користени во текот на дециниите.

• Цитатите во текстот се напишани со помал фонт на букви и вовлечено со што до-
полнително се нагласуваат (по правило само кај цели реченици).

• Преводите од англиските и француските текстови се извршени од авторот.

• За копијата на картата со политичките граници на денешните балкански држави
постои дозвола од издавачката куќа Westernmann Sculbuch-Verlag од Брауншвајг.

Историската карта потекнува од "Institut Historique Macedonien" во Софија. Според бу-
гарската енциклопедија (Enciklopedija Bulgarija) од 1984 год., институтот постоеше од
1923 до 1947 година. Колку што можеше авторот да истражи не постои организација
наследничка која би можела да ги оспори авторските права. На картата се претставени
границите на трите делови на Македонија по Балканските војни 1912/1913 год., како

што се потврдени во Версајските договори, во конкретниот случај во Мировниот дого-
вор одНеји помеѓу Бугарија и силите на Антантата на 27.11.1919 година. Итоа:

• Вардарска Македонија (анектирана од Србија), односно подрачјето на денешната
Република Македонија,

• Пиринска Македонија (анектирана од Бугарија) и

• Егејска Македонија (анектирана од Грција).

Крај на скенирањето

Во продолжение се дадени уште две карти на Македонија
од која првата е со границите на поделена Македонија
по Балканските војни 1912/13 според париските Версајски договори 1919/20 год.,а
втората е Карта на Македонија со границите на република Македонија 1991 год.